ПОГЛЕД

„Подигнете ги своите очи
и видете ги нивите
како веќе побелеле,
готови за жетва“
(Јован 4:35).

БОЖЈА ЦЕЛ ЗА ЦРКВАТА

Божја цел е преку Својот народ да ги открие начелата на Своето царство. Тој сака Неговиот народ да се одвои од обичаите, навиките и постапките на овој свет, за да може да ги открие тие начела во својот живот. Тој настојува да го привлече Својот народ кај Себе, за да може да му ја открие Својата волја. {6C 9.1}

Тоа била Неговата цел при ослободувањето на Израел од Египет. Кај грмушката што горела, Мојсеј примил порака за царот на Египет: „Пушти го народот Мој за тие да ми служат Мене“ (Излез 7:16). Со цврста рака и подигната мишка, Бог ја избавил еврејската војска од земјата на нивното ропство. Чудесно било ослободувањето кое Бог го извршил за Својот народ, казнувајќи ги со целосно уништување неговите непријатели, кои не сакале да ја послушаат Неговата Реч. {6C 9.2}

Бог сакал да го издвои Својот народ од светот за да го подготви да ја прими Неговата Реч. Од Египет го водел до Синајската гора, каде што Му ја открил Својата слава. Тука немало ништо што би ги привлекло нивните сетила или би го одвојувало нивниот ум од Бога. И додека многубројното мноштво народ ги набљудувало возвишените планини кои се издигале над нив, ја сфатиле сопствената ништожност пред Божјите очи. Покрај тие карпи, кои можеле да се придвижат само преку силата на божествената волја, Бог општел со луѓето. За да остане Неговата Реч секогаш јасна и одредена во нивните умови, Тој среде грмењето на громовите, светкањето на молњите и со страотно величество, го објавил законот кој Тој го дал во Едем и кој бил препис на Неговиот карактер. Тие зборови биле напишани на камени плочи со Божји прст. Така, волјата на бескрајниот Бог била откриена на народот, кој бил повикан да ја запознае секоја нација, племе и јазик со начелата на Неговото владеење на небото и на земјата. {6C 9.3}

На тоа исто дело, Тој го повикал и Својот народ во ова поколение. Тој Му ја открил Својата волја и од него бара послушност. Гласот кој зборувал од Синај и во последните денови од историјата на оваа земја, сè уште им зборува на луѓето: „Немој да имаш други богови, освен Мене“ (Излез 20:3). Човекот ја поставил својата волја спроти Божја волја, меѓутоа тој не може да ја замолчи таа заповед. Човечкиот ум ни когаш не може во целост да ги сфати своите обврски кон Вишата сила, но, сепак, не може да ги избегне своите обврски. Може во изобилство да постојат длабоки теории и претпоставки; луѓето можат да се обидуваат да ја стават науката во спротивност на откровението и на тој начин да го

отфрлат Божјиот закон; но Светиот Дух со сè поголема и по голема сила ќе ја изнесува пред нив заповедта: „На Господа, Твојот Бог, да Му се поклонуваш и само Нему да Му служиш“ (Матеј 4:10). {6C 10.1}

Како се однесува светот кон Божјиот закон? Насекаде луѓето постапуваат спротивно на божествените прописи. Во желба да го избегнат носењето на крстот, кое бара послушност, дури и црквите преминуваат на страна на големиот отпадник, тврдејќи дека Божјиот закон е променет или укинат. Луѓето во своето слепило, се фалат со чудесниот на предок и просветлување. Меѓутоа, небесните стражари гледаат дека земјата е исполнета со расипаност и насилство. Заради гревот атмосферата на нашиот свет станала слична на атмосферата во некоја за разна болница. {6C 10.2}

Треба да се изврши едно големо дело за да му се изнесе на народот спасоносната вистина на евангелието. Тоа е средство со кое Бог сака да ја запре плимата на морална расипаност и повторно да го воспостави Својот морален лик во човекот. Тоа е Неговиот лек за општото пореметување. Тоа е силата која ги обединува луѓето. Излагањето на тие вистини е дело на веста на Третиот ангел. Господова намера е изнесувањето на таа вест да биде највозвишено и најголемо дело кое треба да се врши во светот во ова време. {6C 11.1}

Сатаната постојано ги поттикнува луѓето да ги прифатат неговите начела. На тој начин тој дејствува спротивно на Божјото дело. Тој постојано го прикажува избраниот Божји народ како заведен народ. Тој е обвинувач на браќата и својата моќ на обвинување тој постојано ја употребува против оние кои творат праведност. Господ сака преку Својот народ да ги побие сатанските обвинувања, покажувајќи ги резултатите на послушноста кон правилните начела. {6C 11.2}

Сета светлина, откриена во Божјата Реч од минатото, како и светлината која блеска во сегашноста и се протега кон иднината, наменета е на секоја душа која сака да ја прими. Славата на таа светлина, која е самата слава на Христовиот карактер, треба да се манифестира во секој христијанин, во семејството, во црквата, во проповедништвото и во секоја установа која ја основал Божјиот народ, и за кои Бог сака да бидат симболи на спасоносната сила на евангелската вистина и на она што може да се направи за светот. Тие се орудија во исполнувањето на Божјата цел за човечкиот род. {6C 11.3}

Божјиот народ треба да биде орудие за спроведување на најзвозвишеното влијание во вселената. Во визијата на Захарија, двете маслинови дрвја кои стојат пред Бога се претставени како го излеваат златното масло преку златни цевчиња во чинијата на светилиштето. Од нив се налеваат светилниците на светилиштето, за да можат постојано да ја шират својата сјајна и блескава светлина. Така, од помазаниците кои стојат во Божје присуство преоѓа полнината на божествената светлина, љубов и сила на Неговиот народ, за и тие на други да пренесуваат светлина, радост и освежување. Тие треба да бидат канали преку кои божествените орудија му ја пренесуваат на светот плимата на Божјата љубов. {6C 11.4}

Целта која денес Бог настојува да ја исполни преку Својот народ е иста како онаа која сакал да ја исполни преку Израел кога го извел од Египет. Набљудувајќи ја Божјата добрина, милост, правда и љубов откриена во црквата, светот треба да стекне една претстава за Божјиот карактер. Кога Божјиот закон така ќе се покаже со пример во животот, дури и светот ќе увиди дека оние кои се бојат од Него и Му служат, се повозвишени од секој друг народ на земјата. Господовото око почива на секој припадник на Неговиот народ; Тој за

секого има Свој план. Негова намера е оние кои се придржуваат до Неговите свети прописи да бидат видливо посебен народ. На денешниот Божји народ, како и на стариот Израел, се однесуваат зборовите кои ги напишал Мојсеј преку Духот на Вдахновението: „Ти си свет народ на Господа, твојот Бог; тебе те избра Господ, твојот Бог, за да бидеш негов сопствен народ меѓу сите народи, што се на земјата“ (Второзаконие 7:6). „Ете, ве поучив на наредбите и законите, како што ми ги заповеда Господ, Бог мој, за да постапувате така во земјата, во која одите, за да ја наследите. Пазете ги и вршете ги: тоа ќе биде, во очите на народите, ваша мудрост и ваша разумност. Кога тие ќе чујат за сите овие закони, ќе речат: ‘Сигурно овој голем народ е мудар и разумен.’ Зашто, кој народ е толку голем, за да му бидат боговите толку близу како што ни е Господ, нашиот Бог, нам, кога ќе го повикаме? Кој е тој народ толку голем, кој има закони и уредби толку праведни како што е сиот овој закон, што јас ви го изнесувам денес?“ (Второзаконие 4:58). {6C 12.1}

Дури и овие зборови не ја изразуваат сета големина и слава на намерата која Бог сака да ја исполни преку Својот народ. Не само на овој свет, туку на целата вселена ние треба да ги откриеме начелата на Неговото царство. Пишувајќи со Светиот Дух, апостол Павле кажува: „Мене, најмалиот од сите светии таа благодат ми се даде да им го проповедам на незнабошците неискажливото богатство Христово, и да им расветлам на сите во што се состои распределбата на тајната, криена од векови во Бога, Кој создаде сè преку Исус Христос, та многуликата мудрост Божја да им се објави сега преку црквата на началствата и на властите во небесните места“ (Ефесјаните 3:8-10). {6C 13.1}

Браќа, „станавме глетка за светот на ангелите и на луѓето”. „Какви личности вие треба да бидете во светото владеење и во побожноста ваша, очекувајќи го и забрзувајќи го скорото доаѓање на Божјиот ден?“ (1. Коринтјаните 4:9; 2. Петрово 3:11,12.) {6C 13.2}

Ние мораме лично да се запознаеме со Бога за да можеме да го манифестираме Божјиот карактер, за да не се измамуваме себеси, црквата и светот со лажно христијанство. Ако одржуваме заедница со Бога, тогаш ние сме Негови проповедници, дури и ако никогаш не проповедаме во некоја црква. Ние соработуваме со Бога во презентирање на совршенството на Неговиот карактер во човештвото. {6C 13.3}

ДЕЛО ЗА ОВА ВРЕМЕ

Се наоѓаме на прагот на големи и свечени настани. Пророштвата се исполнуваат. Необична историја, полна со настани, се запишува во небесните книги. Сè во нашиот свет се наоѓа во состојба на вознемиреност. Постојат војни и гласови за војни. Народите се гневат и дошло време да им се суди на мртвите. Настаните се менуваат, забрзувајќи го Господовиот ден кој, брзо се приближува. Така кажано преостанува само уште еден момент време. Меѓутоа, иако станува народ на народ и царство на царство, сè уште не дошло до општ судир. Сè уште се задржуваат четирите ветра додека не бидат запечатени Божјите слуги на нивните чела. Тогаш земните сили ќе ги постројат своите сили за последната голема битка. {6C 14.1}

Сатаната забрзано создава планови за последниот голем судир, кога сите ќе се одлучат на која страна ќе бидат. Иако евангелието се проповеда на светот веќе речиси две илјади години, сатаната сè уште ќе ја изнесува пред мажите и жените онаа иста слика која ја изнел

на Христа. Тој на чудесен начин пред нивните очи прикажува земни царства во сета нивна слава, ветувајќи им ги на сите кои ќе паднат и ќе му се поклонат. На тој начин тој настојува да ги потчини луѓето на својата власт. {6C 14.2}

Сатаната се труди со сите свои сили да се претстави како Бог и да ги уништи сите кои се противат на неговата власт. И денес светот се поклонува пред него. Неговата моќ се прима како Божја сила. Се исполнува пророштвото од Откровение, дека „целиот свет се зачуди и тргна по sверот“ (Откровение 13:3). {6C 14.3}

Во своето слепило, луѓето се фалат со чудесен напредок и просветеност. Но на окото на Семоќниот му се откриени сите тајни гревови и расипаност. Небесните стражари гледаат дека земјата е полна со насилство и злосторство. Богатство се стекнува со секаков вид на закинување; закинување не само на луѓето, туку и на Бога. Луѓето ги користат Неговите средства за да ја задоволат својата себичност. Сè до што можат да се дограбат, тие го претвораат во средство за задоволување на својата алчност. Насекаде преовладуваат лакомост и сладострастие. Луѓето ги негуваат особините на првиот измамник. Тие го при фатиле како Бог и станале исполнети со неговиот дух. {6C 14.4}

Но над нив се надвиснал облак на гнев на судот, кој ги содржи оние елементи кои го уништија Содом. Тоа го видел пророкот Јован кога во визија му се покажани настаните од иднината. Нему му било откриено тоа поклонување на сатаната и му се присторило дека целиот свет се наоѓа на работ на пропаста. Меѓутоа, набљудувајќи со големо внимание што се случува, тој забележал една група на луѓе кои ги држеле Божјите заповеди. Тие на своите чела го имале печатот на живиот Бог и тој рекол: „Тука е трпението на светиите; тука се оние што ги пазат Божјите заповеди и верата во Исус. И слушнав глас од небото како ми вели: ‘Напиши блажени се мртвите кои отсега умираат во Господа. Да вели Духот нека се одморат од трудот свој, зашто делата нивни ги следат! И видов: ете, светол облак, и на облакот седеше сличен на Синот Човечки; на главата Своја Тој имаше златна круна, а во раката остар срп. И друг ангел излезе од храмот и извика со силен глас на Оној што седеше на облакот: ‘Замавни со српот и жнеј, зашто дојде твојот час за жетва: бидејќи житото на земјата е зрело.’ И оној што седеше на облакот го фрли српот свој на земјата и земјата беше пожнеана. И друг ангел излезе од храмот, што се наоѓаше на небото и имаше исто така остар срп. И друг ангел, кој имаше власт над огнот, излезе од жртвеникот и со си лен глас извика кон оној што имаше остар срп, велејќи: ‘Фрли го снопот свој и обери ги гроздовите од земното лозје, зашто зрната му се веќе зрели!’ И ангелот го фрли српот свој на земјата, го обра земното лозје и го фрли во големата каца на Божјиот гнев“ (Откровение 14:12-19). {6C 15.1}

Кога бурата на Божјиот гнев ќе се сруши на светот, тоа ќе претставува ужасно откровение за оние души кои тогаш ќе увидат дека нивните куќи ги однесува поплава затоа што биле изградени на песок. Нека тие бидат предупредени пред да биде премногу доцна. Ние сега мораме да сметаме за своја должност најсесрдно да работиме, соопштувајќи им ги на другите вистините кои Бог ги дал за ова време. Во тоа никогаш не можеме да бидеме премногу сесрдни. {6C 16.1}

Божјото срце е возбудено. Душите се многу драгоцени во Неговите очи. Поради овој свет Христос плачел во агонија. Поради овој свет Тој бил распнат. Бог го дал Својот Единороден љубен Син за да ги спаси грешниците и Тој сака и ние да ги љубиме другите

како што Тој нас нè љубел. Тој сака оние кои ја знаат вистината да го предадат тоа знаење на своите ближни. {6C 16.2}

Сега е време за објавување на последната опомена. Постои посебна сила за излагањето на вистината во сегашно време. Меѓутоа, колку долго тоа ќе трае? Само кратко време. Ако некогаш постоела криза, тогаш постои денес. {6C 16.3}

Сите денес одлучуваат за својата вечна судбина. Луѓето треба да се пробудат за да сфатат колку е свечено ова време, за да увидат колку е близу денот кога ќе заврши времето на проба за човештвото. Треба да се вложат одлучни напори, за веста за денешно време да се истакне пред народот. Третиот ангел треба да напредува со голема сила. Никој нека не ја игнорира таа работа, ниту да постапува кон неа како кон нешто што има мала важност. {6C 16.4}

Светлината што ја добивме со веста на Третиот ангел претставува вистинска светлина. Жигот на ѕверот е токму она што е објавено дека е. Сè уште не е сè сфатено во поглед на тоа прашање, ниту ќе се сфати додека потполно не се одмотаат свитоците. Меѓутоа, во овој свет мора да се изврши едно свечено дело. Господ им заповеда на Своите слуги: Викај со сиот глас, не воздржувај се; крени го гласот како труба, укажи му на народот Мој на беззаконието негово и на домот Јаковов гревовите негови“ (Исаија 58:1). {6C 17.1}

Не смее да има никакви промени во општите црти на нашето дело. Тоа мора да биде исто толку јасно и одредено како што е предвидено во пророштвото. Не смееме да стапуваме во никаков сојуз со светот, претпоставувајќи дека на тој начин повеќе ќе постигнеме. Ако било кој стои на патот, попречувајќи го делото во рамките кои Бог ги одредил, тој ќе го навлече на себе Божјото негодување. Не смее да се ослаби ниту една точка на вистината врз основа на која адвентистите на седмиот ден станале она што се. Ние ги поседуваме старите меѓи на вистината, искуствата и должностите и затоа мораме цврсто да стоиме во одбрана на нашите начела, пред целосен поглед на свет. {6C 17.2}

Неопходно е да се подигнат луѓе кои ќе ја објават живата Божја Реч на сите народи. Луѓето од сите слоеви и способности, со своите различни дарови, треба складно да соработуваат во правец на остварување на една заедничка цел. Тие треба да се обединат во делото на објавување на вистината на народот, при што секој треба да ги исполнува своите посебни должности. {6C 17.3}

Трите ангели од 14-тото поглавје од Откровението се прикажани како летаат среде небото, претставувајќи го на тој начин делото на оние кои ја објавуваат веста на Првиот, Вториот и Третиот ангел. Сите се меѓусебно поврзани. Очевидните докази на неминливата, вечно жива вистина на тие големи вести кои се од толкаво значење за црквата и кои предизвикале силно противење во верскиот свет, не исчезнале. Сатаната постојано се труди да фрли сенка на тие вести, за Божјиот народ да не го увиди јасно нивното значење, време и место. Но тие вистини живеат и треба да ја манифестираат својата моќ на нашиот верски живот до крајот на времето. {6C 17.4}

Влијанието на овие вести се продлабочува и проширува, задвижувајќи во активност илјадници срца, доведувајќи до основање на училишни установи, издавачки претпријатија и здравствени установи. Сите тие се Божји орудија за соработка во големото дело, кое е означено во веста на Првиот, Вториот и Третиот ангел, во делото на предупредување на жителите на светот за второто Христово доаѓање во сила и голема слава. {6C 18.1}

Браќа и сестри, колку би сакала кога би можела да ви кажам нешто со што ќе ве пробудам за да ја сфатите важноста на ова време и значењето на сегашните настани. Ви укажувам на сегашните агресивни движења кои водат кон ограничување на верската слобода. Соборен е посветениот Божји споменик и наместо него стои пред светот лажниот ден за одмор, кој не носи во себе никаква светост. Но додека силите на темнината ги поттикнуваат елементите одоздола, небесниот Господ Бог праќа сила одозгора, која ќе ги придвижи Неговите живи орудија да го издигнат небесниот закон. Сега, токму сега е време да работиме во странските земји. Како што Америка, земјата на верската слобода, ќе се обединува со папството, вршејќи притисок на совеста и принудувајќи ги луѓето да го празнуваат лажниот ден за одмор, народите од сите земји на светот ќе бидат наведени да тргнат по нејзиниот пример. Нашиот народ не е ниту половина разбуден за да чини сè што стои до него, со можностите кои му стојат на располагање да ја шири веста на опомена. {6С 18.2}

Небесниот Господ Бог нема да ги испрати Своите казни за непослушност и престапи додека не ги испрати Своите стражари да ги предупредат луѓето. Тој нема да го затвори времето на пробата (милоста) додека веста не биде појасно објавена. Божјиот закон треба да се велича; Неговите прописи мора да се изложат во нивното, вистинско, свето обележје, за да може народот да се одлучи за или против вистината. Но сепак делото наскоро ќе се заврши во праведност. Веста за Христовата праведност ќе одекнува од едниот крај на земјата до другиот, за да го подготви патот на Господа. Тоа е Божјата слава и таа ќе го заврши делото на Третиот ангел. {6С 19.1}

Во нашиот свет нема толку големо, толку силно и толку славно дело, нема дело кое Бог толку го цени, како што е делото на евангелието. Веста која се изложува во денешно време ја претставува веста на милост за паднатиот свет. Оние кои имаат предност да ја слушнат таа вест, но при тоа упорно се спротивставуваат на покорувањето на нејзините опомени, ја отфрлаат својата последна надеж за спасение. Уште едно време на милост нема да постои. {6С 19.2}

Евангелието кое ние треба да го проповедаме е Речта на вистината „Пишано е". Пред тоа дрво на животот не е поставен никаков пламенен меч. Сите кои сакаат, можат да го користат. Нема сила која може да ѝ забрани на било која душа да бере плодови од него. Сите можат да јадат и вечно да живеат. {6С 19.3}

Остатокот на црквата, во вестите од Бога за светот, ќе носи тајни во кои и ангелите ќе сакаат да sирнат, кои пророците, царевите и праведниците би сакале да ги сфатат. Пророците пророкувале за тие работи и тие копнееле да го сфатат она што го пророкувале. Но ним не им била дадена таа предност. Тие копнееле да го видат она што ние го гледаме и да го слушнат она што ние го слушаме, но не можеле. Тие ќе го дознаат сето тоа кога Христос ќе дојде по втор пат, кога, опкружен со мноштво кое никој нема да може да го преброи, ќе им го објасни ослободувањето издејствувано со големата жртва која Тој ја поднел. {6С 19.4}

Некои ги изнесувале вистините од веста на Третиот ангел како сувопарна теорија. Меѓутоа, во веста мора да се изложи живиот Христос. Тој мора да се претстави како прв и последен, како ЈАС СУМ, Коренот и Родот Давидов, и сјајната sвезда Деница. Божјиот карактер во Христа треба, преку таа вест да му се изложи на светот. Треба да одекне повикот: „ Искачи се на високата гора Сион, ти кој јавуваш добри вести за Сион, извиши го

силно гласот свој, благоизвестителе Ерусалиме, подигни го, не плаши се. Кажи им на градовите Јудини: еве Го вашиот Бог! Ете, Господ Бог иде со сила и раката Негова е со власт. Ете, наградата Му е со Него, а отплатата Му е пред лицето Негово. Како пастир ќе го пасе Тој стадото Свое: јагнињата ќе ги земе Тој во рацете и ќе ги носи на градите Свои, и грижливо ќе ги води доилките " (Исаија 40:9-11). {6C 20.1}

Заедно со Јован Крстител треба да укажуваме на луѓето на Исуса, говорејќи: „Еве го Јагнето Божјо, кое ги зема гревовите на светот". (Јован 1:29). Денес како никогаш порано треба да се слушне повикот: „Кој е жеден, нека дојде кај Мене да пие" (Јован 7:37). „Духот и невестата велат: 'Дојди!' И кој ќе чуе, нека каже: 'Дојди!' И кој е жеден, нека дојде, и кој сака, нека земе од водата на животот дарум" (Откровение 22:17). {6C 20.2}

Мора да се изврши големо дело и мораат да се вложат сите можни напори Христос да биде прикажан како Спасител кој ги простува гревовите, како Носител на гревот и како сјајна ѕвезда Деница. Господ ќе ни даде благонаклоност пред светот, додека не го завршиме своето дело. {6C 20.3}

Додека ангелите сè уште ги држат четирите ветра, мораме да работиме со сите свои сили. Мораме без никакво одложување да ја проповедаме својата вест. Мораме да посведочиме пред небесната вселена и луѓето во овој изопачен век дека нашата религија е вера и сила на кои Христос им е Зачетникот, а Неговата Реч божествен канал преку кој Бог комуницира со нас. Душите на луѓето се наоѓаат на мерила. Тие ќе бидат поданици на Божјото царство или робови на сатанската тиранија. Сите имаат право да се фатат за надежта што им ја пружа евангелието, но како можат да слушнат за неа без проповедник? На човечкото семејство му е потребна морална обнова, подготовка на карактерот, за да може да опстане во Божја присутност. Има души кои се во опасност да пропаднат поради теориските заблуди кои преовладуваат и кои имаат цел да ја попречат веста на евангелието. Кој сака сега пот полно да се посвети за да стане Божји соработник? {6C 21.1}

Кога ги гледате опасностите и бедата кои во светот се последица на сатанското дело, не ги исцрпувајте своите од Бога дадени енергии за напразно да лелекате, туку станете да работите за себе и за другите. Пробудете се и чувствувајте товар за оние кои пропаѓаат. Ако не бидат придобиени за Христа, тие ќе го изгубат вечното блаженство. Помислете со што тие можат да се здобијат. Душата која Бог ја создал и Христос ја откупил е од голема вредност поради можностите и духовните предности кои ѝ се пружаат, како и способностите кои може да ги поседува ако биде оживеана преку Божјата Реч, и бесмртност кои може да ѝ ги даде Животодарителот ако биде послушна. Небото по веќе цени една душа отколку имотот, куќите, земјата и парите на целиот свет. Поради обратување на една душа ние треба да ги обремениме сите свои ресурси до крајни граници. Една душа придобиена за Христа ќе отсјајува насекаде околу себе со небесна светлина, пробивајќи ја моралната темнина и спасувајќи други души. {6C 21.2}

Кога Христос ги оставил деведесет и деветте овци за да може да ја најде и спаси едната изгубена, можеме ли ние да се оправдаме ако правиме помалку? Зар не ја издаваме светата доверба, зар не го навредуваме Бога ако не работиме како што работел Христос, ако не се жртвуваме како што Тој се жртвувал? {6C 22.1}

Трубете низ целата земја, предупредувајќи на опасност. Објавете му на народот дека Господовиот ден е близу и дека доаѓа многу брзо. Ни кој не смее да остане неопоменат. Сме можеле и ние да бидеме на местото на тие јадни души кои се во заблуда. Сме можеле

да се наоѓаме меѓу дивите народи. Соодветно на вистината што сме ја добиле повеќе од другите, ние сме исто толку должни да им ја пренесеме на другите. {6C 22.2}

Не смееме да губиме време. Крајот е близу. Патувањето од место во место со цел на ширење на вистината наскоро ќе биде опкружено со опасности од сите страни. Ќе се употреби сè за да се попречи патувањето на Божјите гласници, така што тие нема да бидат во состојба да го направат она што денес можат да го направат. Мораме отворено да погледнеме во лице на своето дело и да напредуваме што е можно побргу во агресивна христијанска борба. Според светлината што Бог ми ја даде знам дека силите на темнината силно дејствуваат одоздола и дека сатаната се приближува со таен чекор за да се дограби до оние кои спијат, како што волкот ја фаќа својата жртва. Ние имаме опомени кои денес сè уште можеме да ги објавуваме, дело кое денес треба да го извршиме зашто наскоро ќе биде потешко отколку што можеме да замислиме. Бог нека ни помогне да опстанеме на каналот на светлината, работејќи со очи постојано вперени во нашиот Водач Исус и залагајќи се трпеливо и истрајно да извојуваме победа. {6C 22.3}

ШИРЕЊЕ НА ДЕЛОТО ВО СТРАНИ ПОЛИЊА

Една ноќ ми беше даден налог да им кажам на црквите кои ја познаваат вистината: „Стани, заблескај, зашто дојде твојата светлина и славата Господова изгреа над тебе“ (Исаија 60:1). {6C 23.1}

Господовите зборови од педесет и четвртото поглавје на книгата на пророкот Исаија ни се наменети нам: „Рашири го местото на шаторот свој; покривите твои на живеалиштето твое прошири ги; продолжи ги јажињата свои и зацврсти ги колците свои; зашто ти ќе се раширш десно и лево и потомството твое ќе завладее народи и ќе ги насели опустошените градови. Не плаши се, зашто нема да бидеш посрамена; не возбудувај се, зашто нема да бидеш исмеана... Зашто твојот Творец е твојот сопруг; Јахве Саваот е името Негово, твој искупител е Светецот Израелев; Тој ќе се нарече Бог на целата земја“ (Исаија 54:25). {6C 23.2}

И зборовите кои Христос им ги упатил на Своите ученици исто така се наменети на Неговиот народ денес: „Не велите ли вие дека уште четири месеци, па ќе настане жетва? А Јас, пак ви кажувам: подигнете го погледот и видете ги нивите како веќе побелеле, готови за жетва. И жетварот веќе добива плата и собира род за вечен живот, та да се радуваат заедно и сејачот и жетварот“ (Јован 4:35, 36). {6C 23.3}

Пред Божјиот народ се наоѓа силно дело, дело кое постојано мора да напредува, да станува сè поистакнато. Мораат многу повеќе да се прошират нашите напори на полето на мисионството. Пред второто доаѓање на нашиот Господ Исус Христос делото мора поодлучно да се спроведува отколку што досега било случај. Божјиот народ не смее да престане со своето залагање сè додека не го опкружи целиот свет. {6C 23.4}

Лозјето го опфаќа целиот свет и секој негов дел мора да биде об работен. Има места кои денес претставуваат морална пустина и тие треба да станат како Господовата градина. Потребно е да се обработат пустите делови на земјата, за да можат да процветаат како роза. Луѓето, вдахновени со Светиот Дух, треба да обработуваат нови полиња. Мораат да се основаат нови цркви, да се организираат нови соб ранија. Во ова време, претставниците на

сегашната вистина треба да бидат во секој град и во најоддалечените краеви на светот. Целата земја треба да биде осветлена со славата на Божјата вистина. Свет лината треба да блеска во сите земји и меѓу сите народи, и таа треба да се шири преку оние кои ја примиле. Ѕвездата Деница се родила во нашите срца и со нејзината светлина ние треба да го осветлиме патот на оние кои се наоѓаат во темнина. {6C 24.1}

Кризата е пред нас. Со силата на Светиот Дух мораме сега да ги проповедаме големите вистини во овие последни денови. За кратко време секој ќе ја чуе опомената и ќе донесе своја одлука. Тогаш ќе дојде крајот. {6C 24.2}

Суштината на секоја вистинска вера се состои во тоа да се прават вистински работи во вистинско време. Бог е големиот Главен Работник кој со Своето провидение подготвува пат по кој ќе се оствари Неговото дело. Тој создава прилики и отвора патишта на влијание и ка нали на делување. Неговиот народ, ако внимава на знаците на Неговото провидение и ако е подготвен да соработува со Него, ќе види како се остварува големо дело. Правилно насочените напори на работниците ќе дадат сто пати поголеми резултати отколку што можат да се постигнат со исти средства и услови, ако се работи по некој друг правец во кој не се манифестира Божјото делување. Нашето дело е дело на реформирање и Божја волја е тоа со своето совршенство во сите насоки да биде очигледна поука за народот. Особено во новите полиња делото треба така да се организира, што ќе пружи правилен приказ на вистината. Овие начела треба да се имаат на ум во сите наши планови за мисионерска работа. {6C 24.3}

Некои земји имаат предности кои им даваат обележје како центри на образование и влијание. Во земјите каде што се зборува англиски, како и во протестантските земји на Европа може релативно лесно да се најде пристап до луѓето и тука се пружаат многу можности за основање на установи и ширење на нашето дело. Во некои други земји, како во Индија и Кина, работниците мораат да поминат низ еден долг курс на образование, ако сакаат народот да ги разбере, и тие да го разберат народот; тука тие на секој чекор во својата работа ќе се сретнуваат со големи тешкотии. Во Америка, Австралија, Англија и некои европски земји не постојат многу од овие пречки. Америка има многу установи кои можат да му дадат карактер на делото. Слични можности треба да се создадат и во Англија, Австралија, Германија и Скандинавија, како и во другите европски земји. Во овие земји Господ има способни и искусни работници, кои можат да водат во основањето на нашите установи, обучувањето на работници и унапредување на делото во разни гранки. Бог сака тие да се обезбедат со пари и средства за работа. Установите кои ќе се основаат, ќе му дадат карактер на делото во овие земји и ќе пружат можност за обучување на работници кои ќе одат меѓу помалку просветените незнабожечки народи. На тој начин стопати ќе се зголеми делотворноста на нашите искусни работници. {6C 25.1}

Во Англија треба да се изврши едно големо дело. Светлината која блеска од Лондон треба со своите јасни, блескави зраци да продре до сите краеви. Бог дејствувал во Англија, но тој народ кој говори на англиски јазик бил ужасно запоставен. На Англија ѝ е потребен многу по голем број на работници и многу повеќе средства. Во Лондон речиси ништо не е направено. Моето срце беше длабоко трогнато кога ми беше изложена состојбата во тој голем град. Тешко ми е кога ќе помислам дека не постојат поповолни можности за работа во Европа. Срцето ми се кине кога мислам на Божјото дело во Швајцарија, Германија, Норвешка и Шведска. Таму каде што еден или двајца се борат за да напреднат разни гранки

на Божјото дело, треба да работат стотици луѓе. Само во Лондон не би требало да работат помалку од сто луѓе. Господ забележува дека се запоставува Неговото дело и ќе бара за тоа да Му се положи тешка сметка. {6C 25.2}

Кога работниците во Америка би ги поделиле со другите своите го леми благодати, тогаш би се видел напредок и во Англија; тие би со чувствувале со работниците кои таму се борат со тешкотиите и би рекле од срце, не само со зборови туку и со дела: „Сите вие сте браќа“ (Матеј 23:8). Големо дело би било извршено во Лондон, во сите градови на Англија и во разните европски земји. {6C 26.1}

Бог нè повикува да ја прошириме победата на крстот и во Австралија. Се отвораат нови полиња. Меѓутоа, напредокот на делото се попречува заради недостаток на работници и пари, но тоа не смее да остане така и понатаму. Од сите земји, Австралија е најмногу слична на Америка. Таму живеат луѓе од сите класи, а веста на опомена сè уште не им е објавена и притоа отфрлена. Илјадници искрени души преколнуваат за светлина. Божјите стражари треба да стојат на ѕидовите на Сион, објавувајќи ја опомената: „Ќе дојде утро, но и ноќ“, ноќ во која никој не може да работи. Додека сè уште ангелите ги држат четирите ветра, веста треба што побргу да стигне во сите краеви на Австралија. {6C 26.2}

Ширењето на делото во тие земји каде што се зборува англиски, би им дало на нашите работници стопати големо влијание при поставувањето на знамето на вистината во многу земји. {6C 27.1}

Додека ние се трудиме да ги обработиме тие запустени полиња, ни доаѓаат гласови од оддалечените земји: „Дојдете и помогнете ни”. До тие полиња не можеме толку лесно да стигнеме, ниту тие се толку зрели за жетва, како што се полињата кои ни се поблиски; но ниту тие не смеат да се запостават. {6C 27.2}

Неодамна ми е укажано на сиромаштвото на мисијата во Африка. На мисионерите, кои од Америка се пратени кај домородците во Африка, им недостасувале, и сè уште им недостигаат животни потреби. Не се пружа доволна поддршка на Божјите мисионери кои ја носат по раката на милост на незнабожечките земји. {6C 27.3}

Нашите браќа не сфатиле дека потпомагајќи го делото во туѓи полиња, всушност го помагаат делото во својата земја. Она што се дава за да се започне делото на едно поле, ќе го зајакне делото на други места. Доколку работниците се ослободат од материјалните неприлики, дотолку нивниот делокруг ќе може повеќе да се шири, приведувајќи души кон вистината и основајќи нови цркви, со што ќе се зголемат и финансиските средства. Таквите цркви набргу ќе бидат во можност не само да го спроведуваат делото во својот делокруг, туку да учествуваат во делото и на други полиња. Така, и другите цркви ќе учествуваат во носење на товарот на домашните цркви. {6C 27.4}

Мисионерската работа во внатрешноста на секоја земја повеќе ќе напредува во сите правци ако кон мисиите во странство повеќе се манифестира дух на дарежливост, самооткажување и самопожртвување; зашто напредокот на делото во една земја во голема мерка зависи покрај потчинетоста на Господа од рефлективното влијание на евангелската работа која се врши во далечните земји. Работејќи активно да ги задоволиме потребите на Божјото дело, ние ги доведуваме своите души во близок допир со Изворот на секоја сила. {6C 27.5}

Иако работата на туѓи полиња не напредуваше онака како што требаше да напредува, сепак она што е направено ни дава причина за благодарност и охрабрување. На тие полиња

се потрошени многу по малку средства отколку на домашните полиња, а се работеше под најтешки околности и без соодветни погодности и олеснувања; сепак, со оглед на помошта која е упатена на тие полиња, успехот е навистина изненадувачки. Нашиот мисионерски успех беше потполно соодветен на нашето самооткажување и самопожртвување. Само Бог може да го процени делото кое е извршено со јасно и одлучно објавување на евангелската вест. Продревме во нови полиња и борбено се залагавме. Семето на вистината е посеано, светлината ги осветли умовите на многумина, донесувајќи појасни поими за Бога и поправилно мислење за карактерот кој треба да се изгради. Илјадници ја запознаа вистината онаква каква што е во Христа, и беа исполнети со вера која работи преку љубов и ја прочистува душата. {6C 28.1}

Вредноста на тие духовни предности го надминува нашето сфаќање. Со што може да се измери длабочината на проповеданата реч? Со какви мерила може точно да се измери влијанието на оние кои се обратиле кон вистината? Обратувајќи се, тие станаа мисионери кои работат за други. Во многу места се подигнати домови за молитва. Библијата, драгоцената Библија, се проучува. Божјиот шатор е меѓу луѓето и Тој престојува со нив. {6C 28.2}

Да се радуваме што на тие полиња е извршено дело кое Бог го одобрува. Во име на Господа, да ги подигнеме своите гласови, фалејќи и заблагодарувајќи се на резултатите од работата во странство. {6C 28.3}

Нашиот Војсководец, Кој никогаш не греши, сè уште ни наредува: „Напредувајте. Стапувајте во нови полиња. Издигнете го знамето во секоја земја. ‘Стани, заблескај, зашто дојде твојата светлина и славата Господова изгреа над тебе.’“{6C 28.4}

Нашето мото треба да биде: Напред, секогаш напред. Божјите ангели ќе одат пред нас, за да ни го подготват патот. Нашето бреме за „далечните области“ никогаш не може да биде положено сè додека целата земја не биде осветлена со Господовата слава. {6C 29.1}

Во нашите цркви мора да оживее духот на мисионерството. Секој член на црквата треба да размислува за тоа како да го потпомогне на предокот на Божјото дело, како во домашните мисии, така и во странските земји. На мисионерските полиња е направен едвај илјадити дел од она што треба да се направи. Бог ги повикува Своите работници да придобиваат за Него нови полиња. Богати, обработливи полиња чекаат на верни работници, а ангелите служители ќе соработуваат со се кој член на црквата кој сака несебично да работи за Учителот. {6C 29.2}

Христовата заедница на Земјата е основана за мисионски цели и Господ сака цела црква да пронаоѓа патишта и средства за да можат високите и ниските, богатите и сиромашните да ја слушнат веста на вистината. Не се сите повикани на лична работа во странските полиња, но со своите молитви и своите дарови сите можат нешто да направат за да ја помогнат мисионерската работа. {6C 29.3}

Еден американски бизнисмен, кој беше сесрден христијанин, рече во разговор со еден свој пријател дека секојдневно дваесет и четири часа работи за Христа. „Се трудам во сите свои деловни работи,“ рече тој, „да го прикажам својот Господар”. Секогаш кога ќе ми се пружи можност, се трудам да придобивам други за Него. Цел ден работам за Христа. А ноќе, додека спијам, имам човек кој работи за Него во Кина”. {6C 29.4}

Во објаснувањето додал: „Во младоста одлучив како мисионер да одам меѓу незнабошците. Меѓутоа, кога почина татко ми, морав да го преземам неговиот бизнис, за

да можам да го издржувам семејството. Сега, наместо да одам самиот, јас издржувам еден мисионер. Мојот работник се наоѓа во одреден град во Кина. И така, дури и кога спијам, работам за Христа преку својот застапник". {6C 30.1}

Зар нема адвентисти на седмиот ден кои исто така би постапувале? Наместо да ги задржуваат проповедниците на работа во црквите кои веќе ја познаваат вистината, членовите на црквата треба да им кажат на тие работници: „Одете и работете за душите кои пропаѓаат во темнина. Ние самите ќе ги извршуваме службите во црквата, ќе ги одржуваме состаноците, и, пребивајќи во Христа, ќе го одржуваме духовниот живот. Ќе работиме за душите кои се околу нас и ќе упатуваме свои молитви и дарови за да им помагаме на работниците кои работат во сиромашни полиња каде потребата е поголема". {6C 30.2}

Зошто членовите на една црква или повеќе мали цркви не би се согласиле да издржуваат еден мисионер во странските полиња? Тие можат да го постигнат тоа ако се откажат од себичните попуштања и ги отфрлат непотребните и штетни работи. Браќа и сестри, не ќе сакате ли да помогнете во таа работа? Ве преколнувам да направите нешто за Христа, и тоа сега да го направите. Преку учителот кој вие ќе го издржувате со свои пари во полето, можат да бидат спасени од пропаста души кои како ѕвезди ќе блескаат во Спасителовата круна. {6C 30.3}

Отсек Два

ЕВАНГЕЛСКА РАБОТА

„Колку се прекрасни врз горите нозете
на благовесникот, кој навестува мир,
благовестува радост,проповеда спасение,
кој му говори на Сион: 'Твојот Бог царува"
(Исаија 52:7).

ЦРКОВНИ СОБОРИ*

Црковниот собор е едно од најзначајните орудија на нашата работа. Тој е еден од најделотворните методи за привлекување на вниманието на народот и за упатување на евангелски повик на сите слоеви. Времето во кое живееме е време на силни возбудувања. Умовите на луѓето се обземени со амбиции и војни, задоволства и заработување на пари. Сатаната гледа дека неговото време е кратко и затоа ги става во движење сите свои сили за да заведе, измами, опседне и маѓепса, додека не заврши времето на пробата и додека

вратата на милоста не биде засекогаш затворена. Наше дело е на целиот свет секое племе, јазик, колено и народ да му ги соопштиме спасоносните вистини на веста на Третиот ангел. Меѓутоа, тешкиот проблем се состоеше во тоа како да допреме до народот кој живее во центрите со многубројни жители. Не ни е дозволен пристап во црквите. Големите сали се скапи во градовите, а во повеќето случаи и во најдобрите сали малкумина сакаат да дојдат. Оние кои не нè познаваат зборуваа против нас. Луѓето не ги сфаќаат причините за нашата вера и нè сметаат за фанатици кои не знаејќи, ја празнуваат саботата наместо неделата. Во својата работа бевме збунети како да ги пребродиме бариерите на световноста и предрасудите и да му ја изложиме на народот драгоцената вистина која за нив е толку значајна. Господ нè поучи дека црковниот собор е едно од најзначајните орудија за остварување на ова дело. {6C 31.1}

Мораме мудро да планираме за на луѓето да им се пружи можност лично да ја слушнат последната вест на милост за овој свет. Народот треба да се опомене за да се подготви за големиот Божји ден кој што туку е пред нас. Не смееме да губиме време. Мораме да ги вложиме сите свои сили за да допреме до луѓето таму каде што се наоѓаат. Светот сега се приближува до границата на непокајание и непочитување на законот на Божјото владеење. Во секој град на светот мора да се објави опомената. Сè што може да се направи, треба да се направи без одложување. {6C 32.1}

---

* Во тоа време тоа биле состаноци одржувани на отворено, обично под големи шатори

Нашите црковни собори имаат уште една, приготвителна цел. Тие треба да го потпомогнат духовниот живот кај нашиот народ. Светот во својата мудрост не го познава Бога и не ја увидува убавината, привлечноста, добрината и светоста на божествената вистина. За да можат луѓето да го сфатат сето тоа, потребно е да постои канал преку кој сето тоа ќе му биде соопштено на светот. Тој канал е црквата. Христос ни се открива нам, за да можеме ние да го откриеме Него на другите. Преку Неговиот народ треба да се манифестираат богатствата и славата на Неговиот неискажлив дар. {6C 32.2}

Бог ни доверил едно најсвето дело и ние треба да се состануваме за да добиеме упатства, за да се оспособиме за спроведување на тоа дело. Мораме да сфатиме каква должност ќе имаме како поединци во изградбата на Божјото дело на Земјата, во одбраната на Божјиот свет закон и во издигањето на Спасителот како „Божје Јагне кое на Себе ги зема гревовите на светот“ (Јован 1:29). Треба да се состануваме за да примиме божествен допир, за да можеме да ја разбереме нашата работа во домот. Родителите треба да научат на кој начин ќе ги воспитаат и образуваат своите синови и ќерки за, излегувајќи од своето домашно светилиште да можат да светат како светилки на овој свет. Мораме да ја сфатиме потребата од поделба на работата и како треба да се напредне секоја гранка на делото. Секој треба да ја разбере својата улога, за да постои хармонија во планот и заедничката работа на сите. {6C 32.3}

Допирање до масите

Во беседата на Гората, Христос им рекол на Своите ученици: „Вие сте светлината на светот. Не може да се сокрие град, што се наоѓа на врв планина. Ниту пак, светило се пали и става под поклопец, туку на свеќник и им свети на сите в куќи. Така треба да свети пред луѓето и вашата светлина, за да ги видат вашите добри дела и да го прослават вашиот Татко, Кој е на небесата“ (Матеј 5:14-16). Кога нашите црковни собори би се одржувале онака како што треба, тогаш навистина би биле светлина на светот. Тие треба да се одржуваат во големите градови и градчињата во кои пораката на вистината сè уште не е објавена. Тие треба да траат две до три седмици. Понекогаш е препорачливо соборите да се одржуваат неколку пати без прекин на исто место. Меѓу тоа, по правило, местото на состанок треба да се менува од година во година. Наместо да се држат огромни состаноци во неколку места, по веќе ќе се постигне со одржување на помали состаноци на многу места. Така, работата постојано ќе се протегнува во нови полиња. Штом знамето на вистината ќе се издигне во едно место и ако сигурно можеме да ги оставиме новообратените, веднаш мораме да планираме стапување во нови полиња. Нашите црковни собори претставуваат една сила; и ако се одржуваат на место каде што народот може да се за движи, тие ќе се покажат како многу поголема сила отколку ако се одржуваат на место кое е погодно за нашиот народ и каде што, сред поранешните состаноци и отфрлања на вистината, интересот на јавноста е замрен. {6C 33.1}

Направена е грешка со тоа што црковните собори се одржуваат во зафрлени места и што од година во година се одржуваат на исто место. Така се постапувало поради заштеда во издатоците и трудот. Меѓутоа, треба да се штеди на друг начин. Недостатокот на пари, особено во новите полиња, го отежнува исплаќањето на трошоците за одржување на црковниот собор. Штедењето треба грижливо да се спроведува и да се создаваат такви планови кои нема да бараат големи трошоци, зашто на тој начин може многу да се заштеди. Меѓутоа, делото не треба со тоа да се осакати. Овој метод на излагање на вистината на народот ни го оставил нашиот Господ. Кога треба да работиме за душите и кога вистината треба да се однесе на оние кои не ја познаваат, работата не смее да се попречува за да се заштедат издатоците. {6C 34.1}

Нашите црковни собори треба така да се спроведуваат, што ќе дадат што е можно поповолни резултати. Оние кои веруваат во вистината, треба правилно да ја излагаат и застапуваат. На светот му е потребна светлина, небесна светлина, а сè она што го прикажува Господа Исуса Христа, тоа е светлина. {6C 34.2}

Очигледна поука

Секој црковен собор треба да биде очигледна поука за уредност, ред и добар вкус. Мораме да посветиме грижливо внимание на штедењето и да избегнуваме изложување (покажување). Меѓутоа, сè што е во врска со соборот треба да биде прикладно и уредно. Вкусот и тактичноста ги привлекуваат луѓето. Во сета наша работа мора да се за бележува дисциплина, организација и ред. {6C 34.3}

Сè треба да биде така уредено, што и нашиот народ и светот ќе стекнат впечаток на светост и значење на Божјото дело. Како пример треба да ни послужат прописите кои важеле во Израел. Христос ги дал тие одредени правила на Израел и Тој, исто така, ни ги

наменил и нам, на кои надоаѓа крајот на светот. Мораме внимателно да ги проучуваме упатствата на Божјата Реч и да ги спроведуваме на дело како Божја волја. Сè што е во врска со соборот треба да биде уредно, чисто и пријатно. Посебно внимание мора да се посвети на санитарните уреди и мажи со здрав разум и запазување треба да се погрижат во таборот да не се посее семе на болест и смрт. {6C 34.4}

Шаторите треба да бидат сигурно поставени и ако постои можност да врне дожд, околу шаторот треба да се ископа ров. Тоа не смее во ни кој случај да се занемари. Сериозни, дури и смртоносни болести можат да се навлечат поради занемарување на таа мерка на претпазливост. {6C 35.1}

Мораме да сфатиме дека сме претставници на вистината која е од небесно потекло. Треба да го славиме Оној кој нè повикал од темнината во Својата величествена светлина. Секогаш треба да имаме на ум дека Божјите ангели одат низ таборот, забележувајќи го редот и уредувањето во секој шатор. На големиот број народ кој доаѓа на соборот, целото тоа уредување претставува одраз на верувањата и начелата на оние кои раководат со соборот. Според тоа, тој одраз треба да биде што е можно подобар. Сето она што е околу нас треба да биде за по ука. Особено семејните шатори, по својата чистота и уредност, треба да бидат одраз на домашниот живот и да укажуваат на навиките, обичаите и начинот на живот на адвентистите на седмиот ден. {6C 35.2}

Привлекување на слушатели

Додека се подготвувавме да одржиме еден црковен собор во близина на еден град, ми се пристори една ноќ како да присуствував на едно советување за тоа што сè треба да се направи пред соборот. Беше предложено да се преземат сериозни напори и да се издадат многу пари за растурање на известувања и огласи. Додека се вршеа подготовките за ова, Оној кој е мудар во советот, рече: „Распнете ги своите шатори, почнете со состаноците и тогаш огласете. Така повеќе ќе постигнете. {6C 35.3}

Вистината ќе има поголемо влијание кога ќе ја изговори проповедник, отколку кога ќе се објави во весник. Но најголема сила имаат двата методи кога ќе се спојат. Да се постапува на ист начин од година во го дина не е најдобро. Променете го начинот на кој нештата се напра вени. Сатаната е подготвен да ги собере своите сили кога за тоа ќе му се пружи време и можност, и тој ќе се труди да ја уништи секоја душа која може да ја уништи. Не предизвикувајте противење пред луѓето да имаат можност да ја слушнат вистината и да дознаат на што се проти ват. Чувајте ги своите средства за да извршите посилна работа по со борот и не трошете ги пред соборот. Ако може да се најде печатница која би работела за време на соборот, која би печатела летоци, известувања и списанија за растурање, тоа ќе има впечатливо влијание. {6C 36.1}

При некои наши собори беа организирани групи на ревносни работници кои заминуваа во градот и во неговите предградија, растурајќи литература и повикувајќи го народот на состаноците. На тој начин, на вториот дел од соборот се привлечени стотици луѓе кои инаку не би мислеле многу на тоа. {6C 36.2}

Мораме да го користиме секој погоден начин за да му донесеме на народот светлина. Користете се со печатот и со секој начин на објавување кој ќе привлече внимание на делото.

На тоа не треба да се гледа како на споредна работа. На секој агол можете да видите плакати и белешки кои објавуваат разни настани и приредби, од кои некои се од најнепожелен карактер. Зар оние кои ја поседуваат светлината на животот треба да се задоволат со слабите обиди да го свртат вниманието на масите кон вистината? {6C 36.3}

Оние кои ќе се заинтересираат за вистината, изложени се на лукави забелешки и клевети од проповедниците на други вероисповеди, и не знаат како да одговорат на нив. Вистината што ја изнесува проповедникот треба да се печати во што е можно поконцизна форма, за да може полесно да се шири. Колку што е можно, треба да се печатат во весниците значајните говори од нашите собори. Така, вистината изнесена пред ограничен број на луѓе ќе најде пристап до многумина, а каде што вистината била погрешно претставена, народот ќе има можност на тој начин точно да дознае што проповедникот всушност кажал. {6C 37.1}

Ставете ја својата светлина на светилник за да светли на сите кои се во домот. Кога ни е дадена вистината, мораме така јасно да ја при кажеме на другите, за искрените во срцето да ја сфатат и да се радуваат на нејзините светли зраци. {6C 37.2}

Натанаило се молел за да дознае дали Оној кој го навестил Јован Крстител е навистина Божје Јагне кое на Себе ќе ги земе гревовите на светот. И додека му ја изложувал на Бога својата збунетост и барал светлина, Филип го повикал и му рекол со сесрден, радосен глас: „Го најдовме Оној за Кого пишуваше Мојсеј во законот и пророците Исус, синот Јосифов од Назарет“ (Јован 1:45). {6C 37.3}

Меѓутоа, Натанаило имал предрасуди кон Назареќаните. Под влијание на лажните учења, во неговото срце се појавил сомнеж и тој за прашал: „Може ли нешто добро да излезе од Назарет?“ Филип не се обидувал да се бори против неговите предрасуди и неверување, туку рекол: „Дојди и види”. Тоа било мудро. Штом Натанаило го видел Исуса, се уверил дека Филип имал право. Исчезнало неговото неверување и неговата душа ја обземала вера, силна и непоколеблива; и Исус ја пофалил оваа Натанаилова вера и доверба. {6C 37.4}

Многумина се наоѓаат во иста положба како Натанаило. Тие се полни со предрасуди и неверство затоа што никогаш не дошле во до пир со посебните вистини за ова време ниту со луѓето кои веруваат во нив и ќе биде потребно да присуствуваат на еден состанок полн со Христов Дух, за да исчезне нивното неверство. Без обѕир на тоа со што сè треба да се бориме, со какви противници, и со какви напори душите да се одвратат од вистината од небесно потекло, мораме да ја изнесеме во јавност својата вера, за да можат искрените души да видат и слушнат и лично да се уверат. Наша должност е да кажеме како Филип: „Дојди и види”. {6C 38.1}

Ние не веруваме во ниту едно учење кое сакаме да го скриеме. Луѓето кои се поучени да го празнуваат првиот ден од седмицата како свет ден, сметаат дека празнувањето на саботата според четвртата заповед е од лика на нашата вера која е најнепожелна. Но зар Божјата Реч не кажува дека саботата е седми ден на нашиот Господ Бог? Вистина, не е лесно да се премине од недела на сабота. Тоа вклучува крст. Тоа е во спротивност со науката и обичаите на луѓето. Учените луѓе го поучувале на родот на традицијата, така што тој е полн со неверство и предрасуди. Мораме да му кажеме на тој народ: „Дојди и види”. Бог бара од нас да ја објавуваме вистината, која ќе ја обелодени заблудата. {6C 38.2}

Присуствување на членовите на црквата на соборите

Присуствувањето на членовите на црквата на нашите црковни со бори е многу значајно. Непријатели на нашата вера има многу, а ние сме малкумина. Затоа нашите редови треба да бидат што е можно по силни. На секој од нас му се потребни благодатите на состаноците и Бог ве повикува да бидете присутни, и ако бидете само една личност во редовите на вистината. {6C 38.3}

Некои ќе кажат: „Скапо е да се патува. Подобро е да ги заштедиме тие пари и да ги приложиме за унапредување на делото таму каде што се толку многу потребни". Не резонирајте така; Бог ве повикува да го за земете своето место во редовите на Неговиот народ. Зајакнете го соборот на тој начин што ќе присуствувате на него со своето семејство. Вложете посебен труд за да присуствувате на собирот на Божјиот народ. {6C 39.1}

Браќа и сестри, за вас ќе биде многу подобро ако вашиот бизнис (работа) претрпи некоја штета, отколку ако ја занемарите можноста да ја слушнете веста која Бог ви ја наменил. Не изнаоѓајте никаков изговор кој би можел да ве спречи да не ја искористите секоја можност за духовно напредување. Потребен ви е секој зрак на светлина. Треба да се оспособите за да можете да дадете одговор на секој кој ќе ве за праша за вашата надеж со кротост и страв. Не пропуштајте ниту една таква можност. {6C 39.2}

Во старо време Господ го поучил Својот народ три пати годишно да се собира поради богослужение. На овие свети собори Израелевите деца доаѓале донесувајќи ги во Господовиот дом своите десетоци, жртви за гревови и жртви на благодарност. Тие доаѓале за да ги известат другите за делата на Божјата милост, за да ги објават Неговите чудесни дела и да го слават и фалат Неговото име. Тие се обединувале во службата на жртвување која укажувала на Христа како на Божје Јагне кое ги земало на Себе гревовите на светот. На тој начин требало да се сочуваат од расипаното влијание на светот и од идолопоклонството. Пламенот на верата, љубовта и благодарноста морал да се одржува во нивните срца и здружувајќи се во таа света служба, тие поблизу се поврзувале со Бога и меѓусебно. {6C 39.3}

Во Христово време на овие празници присуствувале голем број на луѓе од сите земји; ако тие собири се одржувале онака како што Бог одредил, во духот на вистинска побожност, светлината на вистината би била дадена преку нив на сите народи во светот. {6C 39.4}

Оние кои живееле далеку од местото во кое се наоѓала скинијата, морале повеќе од еден месец секоја година да посветат на присуствување на тие свети собири. Господ видел дека тие собири се неопходни за духовниот живот на Неговиот народ. На луѓето им било потребно да се одвојат од своите земни грижи, да општат со Бога и да размислуваат за невидливата стварност. {6C 40.1}

Кога на Израелевите деца им биле потребни благодатите на тие со бири во нивно време, колку тогаш ни се потребни нам во овие последни денови на опасности и судири! И кога на луѓето на светот во она време им била потребна светлината која Бог ѝ ја дал на Својата црква, колку тогаш ни е потребна нам денес! {6C 40.2}

Сега е време секој да дојде во помош на Господа, во помош на Господа против силните. Непријателските сили се зголемуваат, а нас како народ нѐ прикажуваат во погрешна

светлина. Ние сакаме народот да се запознае со нашата наука и работа, да знае што сме ние и во што веруваме. Мораме да најдеме пат до човечките срца. Господовата војска на земјата треба да го претставува Господовото дело и работа. Не наоѓајте изговори. Вие сте му потребни на Господа. Тој не го врши Своето дело без соработка на човечките орудија. Посетувајте ги црковните собори, па дури и ако поради тоа морате да поднесувате жртви. Посетувајте ги со волја да работите и трудете се да ги натерате своите пријатели исто така да дојдат, не наместо вас, туку со вас, за да застанат на Господова страна и да се покоруваат на Неговите заповеди. Помогнете им на оние кои сакаат да присуствуваат на состаноците, ставајќи им на располагање, ако е потребно, храна и сместување. Вас ќе ве придружуваат ангелите на кои им е дадена должност да им служат на оние кои се наследници на спасението. Бог ќе направи големи работи за Својот народ. Тој ќе го благослови секој труд кој служи на чест на Неговата работа и за напредок на Неговото дело. {6C 40.3}

Подготовка на срцето

Секогаш мораме да имаме на ум дека на тие собири дејствуваат две сили. На нив се води битка невидлива за човечкото око. Тука се наоѓа Господовата војска, трудејќи се да спасува души. Исто така, и сатаната и неговата војска се на дело, настојувајќи на сите начини да измамат и уништат. Господ нѐ повикува: „Облечете се во сето оружје Божјо за да се одржите против ѓаволското лукавство; зашто нашата борба не е против крв и тело, туку против началствата, против властите, против световните управители на темнината од овој век, против поднебесните духови на злобата“ (Ефесјаните 6:11,12). Битката се води од ден на ден. Кога вашите очи би се отвориле и би го виделе делувањето на силите на доброто и злото, тогаш веќе не би имало лесноумност, суета, шеги и пародии. Кога сите би го зеле Божјото оружје, борејќи се храбро во Господовите битки, тогаш би биле извојувани по беди од кои би треперело царството на темнината. {6C 41.1}

Никој од нас не треба да заминува на соборот, очекувајќи од проповедниците и библиските работници да го направат соборот благослов за нас. Бог не сака Неговиот народ да го префрла својот товар на проповедникот. Тој не сака Божјиот народ да слабее поради тоа што очекува помош само од човечки суштества. Народот не треба да се потпира, како беспомошно дете, на поддршката од друг. Како повереник на Божјата благодат, секој член на црквата треба да смета за своја лична должност во себе да носи живот и корен. Секој треба да смета дека во извесна мерка успехот на соборот зависи од него самиот. Не зборувајте: „Јас не сум одговорен. Нема да треба ништо да придонесам на тој собор”. Ако така мислите, тогаш му пружате можност на сатаната да дејствува преку вас. Тој ќе го опсипе вашиот ум со свои мисли, наведувајќи ве да направите нешто за него. Наместо да собирате со Христа, вие ќе растурате. {6C 41.2}

Успехот на соборот зависи од присуството и силата на Светиот Дух. Секој оној кој го љуби делото на вистината, треба да се моли за излевање на Духот. И колку што тоа лежи во наша моќ, треба да ја отстраниме секоја пречка за Неговото делување. Духот никогаш не може да се излее сѐ додека членовите на црквата се во меѓусебна неслога, и додека меѓу нив постои огорченост. Злобата, завистa, злите претпоставки и озборувањето му припаѓаат на сатаната и го попречуваат делувањето на Светиот Дух. Ништо на овој свет не му е толку

драго на Бога како Неговата црква. Тој ништо не чува со толкава заштитничка грижливост. Ништо толку не го навредува Бога како постапката која нанесува штета на угледот на оние кои ја вршат Неговата служба. Тој ќе бара сметка од сите оние кои му помагаат на сатаната во неговото дело на критикување и обесхрабрување. {6C 42.1}

Оние кои се лишени од сочувство, нежност и љубов не можат да го вршат Христовото дело. За да може да се исполни пророштвото дека најслабите меѓу нив ќе бидат „како Давид“, а Давидовиот дом како „Господов ангел“ (Захарија 12:8), Божјите деца претходно мораат да ја отфрлат секоја сомнителна мисла во поглед на своите браќа. Срцата мораат да бидат единствени. Христијанската добродушност и братската љубов мораат многу пообилно да се манифестираат. Во моите уши звучат зборовите: „Зближете се меѓусебно, зближете се”. Светата вистина за ова време треба да го обедини Божјиот народ. Желбата за првенство мора да умре. Само во една работа сите треба со задоволство да се натпреваруваат кој најмногу ќе биде сличен на Христа по карактерот, кој најпотполно ќе го сокрие своето „јас“ во Христа. {6C 42.2}

Христос кажува: „Со тоа ќе се прослави Мојот Татко; да носите многу род“ (Јован 15:8). Ако некаде постои место на кое верниците треба да донесат многу род, тогаш тоа е на нашите црковни собори. На тие состаноци од големо значење се нашите постапки, нашите зборови и дух кој го манифестираме, а нашето влијание е далекусежно како вечноста. {6C 42.3}

Преобразувањето на карактерот треба да биде сведоштво на овој свет за Христовата љубов која престојува во нас. Господ очекува од Својот народ да покаже дека откупувачката моќ на благодатта може да влијае на лошиот карактер и да причини тој да се развие во склад и да стане изобилно плодоносен. {6C 43.1}

Меѓутоа, за да ги исполниме Божјите намери, мораме да се под готвиме за тоа. Господ нè повикува од своите срца да ја искорениме себичноста, која е корен на отуѓувањето. Тој копнее обилно да го из лее на нас Својот Свет Дух и бара од нас преку самооткажување да го израмниме патот за остварување на тоа. Кога сопственото „јас“ ќе му се потчини на Бога, тогаш нашите очи ќе се отворат и ќе го видиме каменот на сопнувањето кој, со своето нехристијанско однесување, сме го ставиле на патот на другите. Господ бара од нас сето тоа да го отстраниме. Тој кажува: „Исповедајте си ги грешките еден на друг и молете се еден за друг за да се исцелите“ (Јаков 5:16). Тогаш можеме да го чувствуваме она уверување кое го чувствувал Давид, кога по исповедањето на своите гревови, се молел: „Врати ми ја радоста на спасението од Тебе и поткрепи ме со слободен дух. Тогаш ќе ги научам престапниците да одат по Твоите патишта и грешниците кон Тебе ќе се обраќаат“ (Псалм 51:12,13). {6C 43.2}

Кога Божјата благодат владее во душата, таа ќе биде опкружена со атмосфера на вера, храброст и Христова љубов, атмосфера која дава животна сила на духовниот живот на сите оние кои ја вдишуваат. Тогаш можеме да одиме на црковниот собор, не само за да примаме, туку и за да даваме. Секој оној кој станал учесник во Христовата љубов која простува, секој кој е просветлен со Божјиот Дух и кој е вистински обратен, чувствува дека тие благослови го обврзуваат кон секоја душа со која ќе дојде во допир. Господ ги употребува оние кои се понизни во срцето за да стигне до душите на кои не можат да им се приближат ракоположените проповедници. Тие ќе бидат поттикнати да зборуваат зборови кои ја откриваат спасоносната Христова благодат. {6C 43.3}

Донесувајќи благослов на другите, тие самите ќе бидат благословени. Бог ни пружа можност да ја делиме благодатта за повторно да нè исполни со уште поголема благодат. Кога Божјиот претставник се служи со талантите и можностите кои Бог Му ги подарил, надежта и верата ќе зајакнат и со него ќе соработуваат божествените битија. {6C 43.4}

Деловни прашања

Колку што е тоа можно, нашите црковни собори треба да бидат пот полно посветени на духовни работи. Тие не треба да бидат места за деловни трансакции. {6C 44.1}

На црковните собори доаѓаат работници од сите страни кои учествуваат во разни гранки на делото, и се чини дека таквите собири пружаат поволна можност за разгледување на деловни прашања поврзани со разни гранки на делото и со обучување на работниците за разни работи. Сите тие прашања се значајни, но ако на нив се посвети внимание на црковниот собор, тогаш остануваат малку можности за практичната поврзаност на вистината со душата. Проповедниците се оддалечуваат од својата работа на изградување на Божјите деца во најсвета вера, а црковниот собор не ја исполнува целта поради која е свикан. Се одржуваат многу состаноци за кој поголемиот број на при сутни не покажува интерес и многумина заминуваат од нив заморени, наместо освежени и охрабрени. Многумина се разочарани во своите очекувања дека црковниот собор ќе им пружи помош. Оние кои дошле за да се просветат и зајакнат, се враќаат во своите домови, малку по добро подготвени за работата во своите семејства и цркви, отколку што биле пред посетување на соборот. {6C 44.2}

Со деловни прашања треба да се занимаваат оние на кои тоа им е дадено како должност. Ако е можно, таквите прашања треба да му се излагаат на народот во некоја друга прилика, а не на соборот. Поуките во поглед на колпортирањето, работата во саботната школа и во поглед на мисионерската работа на делење трактати треба да се даваат во црквите или на состаноците кои се посебно свикани за таа цел. Истите начела важат и за часовите по готвење. Сите тие прашања се добри кога се разгледуваат на вистинско место, но тие не треба да го окупираат времето на црковните собори. {6C 44.3}

Претседателите на униите и проповедниците треба да се посветат на духовните интереси на народот и според тоа треба да бидат поштедени од физичката работа вклучена во организирање на соборот. Проповедниците треба да бидат подготвени да работат како учители и водачи во работата на соборот, тогаш кога приликите тоа го бараат, но тие не треба да се заморуваат со тоа. Тие треба да се чувствуваат освежени и да оддаваат ведро расположение, зашто тоа е неопходно за добар успех на соборот. Тие мораат да бидат во состојба да зборуваат зборови на бодрење и охрабрување и да го сеат семето на духовната вистина на почвата на искрените срца, за да може тоа семе да про'рти и да роди драгоцен плод. {6C 45.1}

Проповедниците треба да го поучуваат народот како да му прийде на Господа и како да повикува и други. Мораат да се усвојуваат и спроведуваат методи и планови врз основа на кои ќе се подигне знамето на вистината и народот ќе се поучи како да се исчисти од беззаконието и издигне по пат на прифаќање на чистите и свети начела. {6C 45.2}

Мора да постои време за испитување на срцата и облагородување на душата. Ако умот е зафатен со деловни работи, тогаш неминовно мора да постои оскудица во духовната сила. Личната побожност, вистинската вера и светоста на срцето мораат да се истакнуваат сè до дека народот не го сфати нивното значење. {6C 45.3}

На нашите црковни собори ние мораме да поседуваме Божја сила, инаку нема да бидеме во состојба да преовладаме против непријателот на душите. Христос вели: „Без Мене не можете да правите ништо". {6C 45.4}

Оние кои присуствуваат на црковните собори, мораат да бидат исполнети со свест дека целта на овој состанок е стекнување на повозвишено христијанско искуство, напредување во познавањето на Бога и јакнење на духовната сила. Ако тоа не го сфатиме, тогаш состаноците за нас ќе бидат неплодни. {6C 45.5}

Проповедничка помош

На црковните собори кои се одржуваат во големите градови или покрај нив, треба да има изобилна проповедничка помош. На сите наши собори проповедничката сила треба да биде што е можно посилна. Не е мудро целиот товар да го носат еден или двајца луѓе. Под тој товар, тие се исцрпуваат телесно и умствено и не се во можност да ја исполнат должноста што им е наменета. За да располагаат со сила која со борот ја бара, проповедниците однапред треба да направат аранжмани, така што сите свои полиња на работа за тоа време можат да ги доверат на доверливите раце на оние кои, иако можеби не се во состојба да одржуваат проповеди, сепак можат да го шират делото од куќа до куќа. Со Божја помош тие можат многу да постигнат и за својот труд ќе добијат награда чие изобилство ќе ги изненади. {6C 46.1}

На нашите големи состаноци потребни се разновидни дарови. Во делото треба да внесуваат нови способности. На Светиот Дух мора да му се пружи можност да делува на умот; тогаш вистината ќе биде при кажана со сета свежина и сила. {6C 46.2}

При раководењето со важните прашања на состаноците во близина на било кој голем град, неопходно е потребна соработка на сите работници. Тие треба да бидат присутни во самата атмосфера на состаноците, да се запознаат со луѓето кои доаѓаат и заминуваат, да бидат до крајност учтиви и љубезни, манифестирајќи нежен интерес за нивните души. Тие мораат да бидат подготвени да зборуваат во секој момент, барајќи да придобијат души. О, кога Христовите работници би имале само половина од онаа будност која ја има сатаната, кој секогаш е зад петиците на човечките суштества, демнејќи многу будно за да постави некоја стапица за да ги уништи. {6C 46.3}

Секој ден кој доаѓа, треба да се смета за најважен ден за работа. Тој ден, таа вечер можеби се единствена можност за некои души да ја слушнат веста на опомена. Имајте го ова секогаш на ум. {6C 47.1}

Кога проповедниците дозволуваат да бидат отстранети од својата работа, посетувајќи ги црквите, тие не само што ги исцрпуваат своите физички сили, туку си го закинуваат себеси времето што им е потребно за проучување и молитва и за испитување на самите себеси во тишина пред Бога. Со тоа се онеспособуваат самите себеси за делото, тогаш кога и каде што е потребно. {6C 47.2}

Ништо не е попотребно во Божјото дело од практичните резултати од општењето со Бога. Преку нашиот секојдневен живот ние треба да покажеме дека поседуваме мир и почивка во Бога. Божјиот мир во срцето, ќе се гледа на лицето и ќе му дава на гласот убедлива сила. Општењето со Бога го облагородува карактерот и сите наши постапки. На тој начин, како и за првите ученици, луѓето ќе увидат дека сме биле со Исуса. Тоа ќе им даде на напорите на проповедникот многу поголема сила од онаа која произлегува од влијанието на неговата проповед. Тој не смее да дозволи да се лиши од таа сила, ниту да го запостави општењето со Бога преку молитва и проучување на Неговата Реч, зашто во тоа е изворот на неговата сила. Ниту на една друга работа во црквата, тој не смее да дава предност пред ова. {6C 47.3}

Ние премногу површно се држиме за Бога и за вечните стварности. Ако луѓето одат со Бога, Тој ќе ги сокрие нив во пукнатината на карпата. Така скриени, тие ќе можат да го видат Бога како што го видел Мојсеј. Со помош на силата и светлината кои Бог ги дава, луѓето ќе можат да сфатат и да направат повеќе отколку што порано сметале дека е можно. {6C 47.4}

При излагањето на Речта и хранењето на Божјото стадо, потребно е повеќе умешност, тактичност и мудрост отколку што многумина претпоставуваат. Сувопарното, безживотно излагање на вистината го намалува значењето на најсветата вест која Бог им ја дал на луѓето. {6C 47.5}

Оние кои ја поучуваат речта мораат самите постојано да живеат во непрекинат контакт, во совесно, живо општење со Бога. Во нив мораат да живеат начелата на вистината, праведноста и милоста. Тие мораат да црпат морална и умствено сила од Изворот на секоја мудрост. Длабокото дејство на Божјиот Дух ќе ги заживее нивните срца. {6C 48.1}

Изворот на сета сила е безграничен; ако во тајна молитва општите со Бога, барајќи во својата голема потреба Светиот Дух да делува на вашата душа, бидете сигурни дека нема да излезете пред народот сувопарни и безживотни. Ако постојано се молите и го управувате својот поглед кон Исуса, ќе престанете да се издигнувате самите себеси. Ако трпеливо ја практикувате верата, потпирајќи се со безрезервна доверба во Бога, тогаш ќе го препознаете Исусовиот глас како вели: „Издигнете се”. {6C 48.2}

Сите треба да бидат работници

„И Тој постави едни за апостоли, други за пророци, трети за евангелисти, четврти за пастири и учители; за усовршување на светиите во делото на проповедањето, за изградување на Христовото тело, додека сите не го достигнеме единството на верата и познанието на Синот Божји, до состојба на совршен човек, до мерка на возраста на Христо вата полнота“ (Ефесјаните 4:11-13). {6C 48.3}

Во овие библиски зборови е изложена широка програма на работа која треба да се спроведува на нашите собори. Сите тие дарови треба да дојдат до израз. Секој верен работник ќе се залага за усовршување на светиите. {6C 48.4}

Оние кои се во фаза на обучување за било која гранка на Божјото дело, треба да ја користат секоја можност за да дејствуваат на црковните собори. Младите луѓе кои стекнале знаење на здравственото поле, треба да сметаат за своја должност на секој таков собор да дадат свој придонес. Тие треба да се поттикнуваат не само да работат на здравственото

поле, туку исто така и да говорат за сегашната вистина, изложувајќи ги причините поради кои сме адвентисти на седмиот ден. Ако на тие млади луѓе им се пружи можност да соработуваат со постари проповедници, тие со тоа ќе бидат многу потпомогнати и ќе бидат благословени. {6C 48.5}

Тука секој може нешто да направи. Секоја душа која верува во вистината треба да го заземе своето место и да каже: „Еве ме мене, испрати ме мене“ (Исаија 6:8). Учествувајќи во работата на црковните собори, сите можат да се научат како да работат со успех во своите цркви. {6C 49.1}

Црковниот собор, ако правилно се спроведува, станува училиште во кое пасторите, старешините и ѓаконите можат да научат како да вршат посовршена работа за Учителот. Таквиот собор треба да биде училиште во кое на членовите на црквата, стари и млади, ќе им биде пружена можност поцелосно да се запознаат со Господовите патишта, место на кое верниците ќе стекнат образование кое ќе им помогне да им помагаат на другите. {6C 49.2}

Родителите кои доаѓаат на овие состаноци треба со посебно внимание да ги примаат поуките кои тука им се даваат, а потоа треба со поука и пример да ги пренесат на своите деца. Ако така се борат да ги спасат своите деца од лошите влијанија на светот, ќе видат едно подобрување во своите семејства. {6C 49.3}

Најдобрата помош која проповедниците можат да им ја дадат на нашите верници, не се состои само во проповедање, туку и во пронаоѓање на работа за нив. Дајте му на секој да направи нешто за другите. Помогнете им на сите да сфатат дека, како примателите на Христовата благодат, тие се обврзани да работат за Него и поучувајте ги сите како треба да работат. Особено оние кои неодамна ѝ пристапиле на верата, треба да се поучуваат како да станат Божји соработници. Оној кој очајува, во работата набрзо ќе заборави на својот очај, слабите ќе станат силни, неуките ќе се вразумат и сите на тој начин ќе се подготват да ја прикажат вистината онаква каква што е во Исуса. Тие ќе најдат доверлив помошник во Оној Кој ветил дека ќе ги спаси сите кои ќе дојдат кај Него. {6C 49.4}

Молитва и меѓусебно советување

Оние кои работат на црковните собори често треба заеднички да се молат и меѓусебно да се советуваат, за да можат да работат разумно. На тие состаноци треба да се посвети внимание на многу работи. Но проповедниците треба секој ден да најдат време да се соберат поради молитва и советување. Треба да бидете сигурни дека сите нешта се одвиваат во хармонија, и како што ми е кажано да „стоите рамо до рамо, одејќи право напред, не заоѓајќи во друга насока”. Ако вака се работи, ќе постои единство во срцето и слога во делувањето. Ќе се покажат чудесни резултати и тоа ќе му донесе на народот Божји благослови. {6C 50.1}

Пред да сакаат да одржат некој говор, проповедниците треба да одвојат време за да Му се обратат на Бога за мудрост и сила. Порано проповедниците често се издвојувале и се молеле заедно, не престанувајќи додека Божјиот Дух не одговорил на нивните молитви. Тогаш се враќале од молитвата со осветлени лица и кога му зборувале на насобраниот народ, нивните зборови имале сила и допирале до срцата на народот, зашто Духот кој им

дал благослов, ги подготвил срцата да ја примат нивната вест. Небесната вселена работи на подготовка на душите за обратување и тоа многу повеќе отколку што ние можеме да замислиме. Ние треба да работиме во склад со гласниците на небото. Нам ни е потребно поголема помош од Господа и не смееме да мислиме дека работата може да се врши само со говори и проповедање. Без Негова помош, никогаш не би допреле до народот. Мораме целосно да се потпреме на Бога, повикувајќи се на Неговото ветување: „Не со сила, ниту со снага, туку со Мојот Дух, вели Господ Саваот“ (Захарија 4:6). {6C 50.2}

Кога оние на кои Бог им ги доверил Своите должности како водачи, ќе треперат пред Него, чувствувајќи ги своите одговорности во делото; кога, сфаќајќи ја својата недостојност, во понизност ќе го бараат Господа, и кога ќе се очистат од сè што Нему Му е неугодно, молејќи се сè дотогаш додека не почувствуваат дека добиле простување и мир, тогаш Бог ќе се открие преку нив и делото ќе напредува во сила. {6C 50.3}

Соработници, во нашите срца мора многу повеќе да пребива Исус, драгиот Исус, ако сакаме со успех да го прикажуваме Него пред народот. Нам многу ни е потребно небесното влијание на Божјиот Свет Дух, кој ќе подари сила и успех на нашата работа. Треба своите срца да му ги отвориме на Христа и да имаме многу поцврста вера и многу по сесрдна посветеност. Ние треба да умреме за себеси и во срцето и умот да негуваме длабока љубов кон својот Спасител. Ако го бараме Господа со сето свое срце, ќе го најдеме, и нашите срца ќе бидат озарени од Неговата љубов. Нашето сопствено јас ќе стане безначајно и Исус ќе биде сè во нашата душа. {6C 51.1}

Христос ни ја дава нам кои сме жедни водата на животот, за да пиеме изобилно; и ако така правиме, ќе го имаме Христа во себе како извор на вода која тече во вечен живот. Тогаш нашите зборови ќе бидат полни со роса и ќе бидеме подготвени да залеваме и други. {6C 51.2}

Мораме да Му се приближиме на Бога. Мораме да бидеме Негови соработници, инаку во сите наши потфати ќе се покажат слабости и грешки. Ако би ни се препуштило на нас самите, по свое убедување да го водиме Божјото дело, не би имале причина да очекуваме многу, но, ако нашето „јас“ се сокрие во Христа, сета наша работа ќе биде из вршена во Бога. Да имаме вера во Бога на секој чекор. Да ја увидиме својата сопствена слабост, да не бидеме неверни, туку да веруваме. {6C 51.3}

Ако го држиме Бога за Неговиот збор, ќе го видиме Неговото спасение. Евангелието што го прикажуваме за да ги спасиме душите кои пропаѓаат мора да биде истото она евангелие кое ги спасува и нашите души. Мораме да ја примиме Божјата Реч. Мораме да се храниме со речта, да ја живееме речта, која е телото и крвта на Божјиот Син. Мораме да го јадеме Неговото тело и да ја пиеме Неговата крв да ги при маме со вера Неговите духовни особини. {6C 51.4}

Мораме да примиме светлина и благослов, за да имаме што да предадеме на другите. Привилегија е на секој работник прво да зборува со Бога на тајно место за молитва, а потоа да му зборува на народот како Божји гласноговорник. Мажите и жените кои одржуваат врска со Бога, во кои пребива Христос, ја посветуваат околината во која се наоѓаат, зашто соработуваат со светите ангели. Такви сведоци се потребни за ова време. Потребна е Божја сила која ги растопува душите, сила да ги привлечеме луѓето кон Христа. {6C 52.1}

Потреби на црквата

Многумина доаѓаат на црковните собори со срца полни со мрморење и негодување. Преку делувањето на Светиот Дух тие мораат да се наведат да увидат дека нивното мрморење е навреда за Бога. Мораат да се наведат на самоукорување што дозволиле непријателот да завладее со нивниот ум и расудување. Негодувањата мораат да се преобратат во покајание, несигурноста и очајот во сесрдно прашање: „Како да станам вистински христијанин?“ {6C 52.2}

Ако еден човек учествува во божествената природа, Христовата љубов ќе биде постојано начело во душата и нема да се манифестира неговата себичност и нејзините особености. Жално е да се види дека оние кои треба да бидат садови за чест, попуштаат на задоволување на својата ниска природа, одејќи по патот кој совеста го осудува. Луѓето кои говорат дека се Христови следбеници, паѓаат многу ниско, постојано жалејќи се на своите мани, но никогаш не победувајќи и здробувајќи го сатаната под своите нозе. Винаа и осудата постојано ја притискаат душата, така што повикот на таквите со право може да биде: „Колку несреќен човек сум јас? Кој ќе ме избави од ова тело на смртта?“ (Римјаните 7:24). Попуштањето на гревот ја уништува самопочитта, а кога таа ќе исчезне, се намалува и почитта кон другите и ние мислиме дека и другите се исто толку грешни како и ние. {6C 52.3}

Треба да ги изнесете овие работи пред народот на своите годишни собири и треба да ги охрабрите да бараат спас во Христа од силата на гревот. Тој вели: „Ако ме побарате од сѐ срце... ќе Ме најдете“ (Еремија 29:13,14). Мерилата мора да бидат возвишени и проповедите мо раат да имаат најдуховен карактер, за народот да биде наведен да ги увиди причините на својата слабост и несреќност. Многумина се не среќни затоа што се несвети. Бог може да ја благослови само чистотата на срцето и невиноста на умот. Кога гревот се негува, од тоа не може да произлезе ништо друго освен несреќа. А гревот кој доведува до најлоши последици е горделивост на срцето, недостаток на Христова љубов и сочувство. {6C 53.1}

Како да се прикажува веста

Насекаде има срца кои копнеат за живиот Бог. Во црквите се одржуваат проповеди кои не ги задоволуваат гладните души. Во тие проповеди нема божествена сила која може да го допре умот и да создаде топлина во душата. Слушателите не можат да кажат: „Зар не гореа во нас срцата наши, кога ни зборуваше по патот и кога ни го објаснуваше Писмото?“ (Лука 24:32). Многу проповеди немаат сила да го пробудат престапникот и да ги уверат душите во нивната грешност. На народот кој доаѓа да ја слушне Речта, потребен му е јасен и директен приказ на вистината. Некои кои еднаш ја искушале Божјата Реч, долго живееле во прилики каде што го нема Бога, па копнеат за Божјото присуство. {6C 53.2}

Прва и најважна работа е да се трогне и потчини душата, прикажувајќи ѝ го нашиот Господ Исус Христос како Спасител кој простува гревови. Не треба да се одржува ниту една проповед, не треба да се даде ниту една поука од Библијата, а да не им се укаже на слушателите на „Божјото Јагне кое на Себе ги зема гревовите на светот“ (Јован 1:29). Секое

вистинско учење го става Исуса во центар, секоја поука прима сила од Неговите зборови. {6C 53.3}

Издигнете го пред народот крстот на Голгота. Покажете дека престапувањето на законот ја предизвикало Христовата смрт. Не дозволувајте гревот да се прикрива и да се прикажува како неважна работа. Тој мора да се прикаже како вина кон Божјиот Син. Тогаш укажете му на народот на Христа, говорејќи дека бесмртноста се постигнува само со примање на Христа како нивен личен Спасител. {6C 54.1}

Пробудете ги луѓето за да видат колку далеку се оддалечиле од Господовите заповеди со тоа што се прилагодиле на животот на светот и ги усвоиле неговите начела. Тие и ги довеле дотаму да го престапуваат Божјиот закон. {6C 54.2}

Многу луѓе во светот се врзуваат за работи кои сами по себе не се лоши. Но тие се задоволуваат со тие работи и не ги бараат оние поголемите и повозвишени добра кои Христос сака да им ги подари. Затоа, не смееме да бидеме толку груби, барајќи да се лишат од она што им е толку драго. Откријте им ја убавината и драгоценоста на вистината. Наведете ги да го набљудуваат Христа во Неговата прекрасност, и тогаш тие самите ќе се откажат од сè што би можело да ја гуши нивната љубов кон Него. Според тоа начело постапувал и Спасителот со луѓето; тоа е начело кое треба да биде внесено во црквата. {6C 54.3}

Христос дошол во светот за да ги „превие ранетите во срцето, да им ја огласи на заробените слободата и ослободување на оние во темница“ (Исаија 61:1). Сонцето на праведноста ќе „блесне со исцелување во Неговите крилја“ (Малахија 4:2). Светот е преполн со мажи и жени кои се оптоварени со тешко бреме на жал, страдање и грев. Бог ги праќа Своите деца кај нив, за да им го откријат Оној Кој ќе го земе нивниот товар и ќе им даде мир. Мисијата на Христовите слуги е да помагаат, благословуваат и лекуваат. {6C 54.4}

Христова омилена тема била родителскиот карактер и изобилната Божја љубов. Тоа познавање за Бога бил Христовиот подарок за луѓето и тој подарок Тој го доверил на Својот народ за да го пренесат на светот. {6C 55.1}

Прикажувајќи му на народот разни поуки и опомени на посебната вистина за ова време, мораме да имаме на ум дека не се сите во иста мерка соодветни за собранијата кои се собираат на нашите црковни собори. Дури и Исус им кажал на Своите ученици кои биле со Него три години: „Имам уште многу да ви кажувам, но сега не можете да носите“ (Јован 16:12). Мораме да се трудиме да ја излагаме вистината онака како што народот е подготвен да ја прими и да ја цени нејзината вредност. Божјиот Дух делува на умот и срцата на луѓето, и ние треба да работиме во хармонија со Него. {6C 55.2}

Народот веќе познава некои вистини. Има вистини за кои луѓето се интересираат, за кои би сакале повеќе да дознаат. Укажете им на значењето на тие вистини и нивниот однос со другите вистини кои тие не ги разбираат. На тој начин ќе ја разбудите желбата за поголема светлина. Така „правилно се проповеда словото на вистината“ (2. Тимотеј 2:15). {6C 55.3}

Веста за ова време не треба да се изнесува во долги, напорни го вори, туку во кратки беседи кои ја погодуваат суштината на работите. Не мислете дека кога ќе поминете едно прашање, можете да преминете веднаш на други точки и дека во срцата ќе се задржи сè што е кажано. Постои опасност од пребрзо преминување од една точка на друга. Треба да давате кратки поуки со јасен, едноставен јазик и треба често да ги повторувате. {6C 55.4}

Еден говор не треба да следи непосредно по друг, туку треба да помине извесен период на одмор, за да може вистината да се зацврсне во умовите и на проповедниците и на народот да им се пружи можност за размислување и молитва. На тој начин ќе се зголеми верското знаење и искуство. {6C 56.1}

Умот треба да биде сосредоточен на неколку значајни прашања. Не внесувајте безначајни мисли во своите говори. Бог не сака да сметате дека сте исполнети со Неговиот Дух кога се оддалечувате од главниот предмет и во својот говор внесувате прашања кои немаат врска со вашата тема. Ако отстапувате од правите линии и во својот говор внесувате нешто што го одвојува вниманието од главниот предмет, го губите влијанието и го намалувате значењето на сето она што порано сте го кажале. Дајте им на своите слушатели чиста, потполно просеана пченица. {6C 56.2}

Трудете се никогаш да не го изгубите чувството на присуство на божествениот Стражар. Имајте на ум дека не говорите само пред собир на луѓе, туку и пред Оној кого секогаш треба да го признавате. Говорете како пред вас да се наоѓа целата небесна вселена. {6C 56.3}

Една ноќ, пред да присуствувам на еден важен состанок, сонував дека се наоѓам на состанок со моите браќа, слушајќи Еден кој говореше како Оној што има власт. Тој рече: „На овој состанок ќе присуствуваат многу души кои се искрено во незнаење за вистините кои ќе бидат изложени. Тие ќе слушаат и ќе се заинтересираат, зашто Христос ги привлекува. Совеста им говори дека е вистина она што го слушаат, зашто тоа се темели на Библијата. Кон тие души треба да се постапува со најголема грижливост. {6C 56.4}

Таквите делови на веста треба да им бидат изложени на начин на кој можат да ги разберат и прифатат. Иако ќе изгледа чудно и потресно, многумина со радост ќе увидат дека од Божјата Реч засветлила нова светлина; доколку пак новите вистини бидат изложени така опширно што луѓето нема да можат да ги разберат, некои ќе заминат и никогаш повеќе нема да се вратат. Некои, обидувајќи се да ја пренесат веста на другите, погрешно ќе го протолкуваат она што го слушнале. Некои толку погрешно ќе го претстават Светото Писмо, така што ќе ги доведат во забуна другите умови. {6C 57.1}

Оние кои го проучуваат начинот на Христовото учење и кои настојуваат да се изградат за да одат по Неговиот пат, ќе привлечат и ќе за држат многумина и денес, како што Христос ги привлекувал во Свое време. Сатаната ќе биде присутен на секој состанок, за со својата пеколна сенка да се уфрли помеѓу човекот и Бога со цел да го засолни секој зрак на светлина кој може да ја осветли душата. Меѓутоа, ако вистината со нејзиното посебно обележје ја ургирате на луѓето затоа што ги сакате, душите ќе бидат уверени, зашто Божјиот Свет Дух ќе влијае врз нивните срца. {6C 57.2}

Вооружете се со понизност. Молете се Божјите ангели да ви дојдат на помош за да влијаат на душите, зашто не делувате вие на Светиот Дух, туку Светиот Дух мора да делува на вас. Светиот Дух овозможува вистината да стане влијателна. Изнесувајте му ја на народот секогаш практичната вистина". {6C 57.3}

Не ги истакнувајте оние точки на вестите кои претставуваат осуда на народните обичаи и навики сè додека на слушателите не им се пружи можност да го запознаат нашето верување во Христа, во Неговото божество и во Неговото поранешно постоење (пред раѓањето во Витлеем). Тие нека размислуваат за сведоштвото на Откупителот на светот. Тој кажува: „Јас, Исус, го испратив Својот ангел да ви го посведочи ова по црквите" (Откровение 22:16). {6C 58.1}

На црковниот собор во Квинсленд 1898. година, дадени ми се пуки за нашите библиски работници. Во ноќно видение ги видов проповедниците и работниците кои се собраа на состанок на кој беа давани по уки од Библијата. Ние зборувавме: „Со нас е Големиот Учител“, и внимателно ги слушавме Неговите зборови. Тој говореше: „Ви претстои големо дело пред вас во ова место. Треба да ја изложите вистината во нејзината едноставност. Поведете го народот кон водата на животот. Говорете им на луѓето за работите кои се од најголемо значење за нивното сегашно и вечно добро. Вашето проучување на Библијата не смее да биде површно или немарно. Сè што зборувате мора да биде вредно на времето кое му го посветувате и вредно на времето на слушателите кои слушаат. Зборувајте за работи кои се значајни, за работи кои се поучни и кои донесуваат светлина со секој збор. {6C 58.2}

Научете се да му приоѓате на народот таму каде што тој се наоѓа. Не изложувајте предмети кои предизвикуваат спорови. Вашите пуки не треба да бидат од таков карактер да ги збунуваат умовите на слушателите. Не ги доведувајте луѓето во положба да се мачат околу работите кои вие ги разбирате, но кои тие не ги сфаќаат, ако тие работи не се од пресудно значење за спасение на душите. При излагањето на Светото Писмо не се издигнувајте себеси и не поттикнувајте вообразеност во себеси, толкувајќи ја Божјата Реч. {6C 58.3}

Делото за ова време претставува обука на ученици и работници да знаат како предметите да ги изложуваат на едноставен, сериозен и свечен начин. Во ова големо дело, времето не смее залудно да се троши. Не смееме да ја промашиме целта. Времето е премногу кратко за да можеме да објавиме сè што би требало да се објави. Потребна е цела вечност за да ја сфатиме целата должина и ширина, длабочина и височина на Светото Писмо. Има души на кои некои вистини им се позначајни од другите вистини. За излагање на Светото Писмо потребно е да се оспособите. Читајте и проучувајте Псалм 40:7,8; Јован 1:14; 1. Тимотеј 3:16; Филипјаните 2:5-11; Колосјаните 1:1417; Откровение 5:11-14. {6C 58.4}

На апостол Јован на островот Патмос му биле откриени работи кои според Божјата волја, требало да му ги соопшти на народот. Проучувајте ги тие откровенија. Тука се наоѓаат теми достојни за наше разгледување, големи и опсежни пуки кои сите ангелски војски настојуваат да ги објават. Набљудувајте ги Христовиот живот и карактер и проучувајте ја Неговата посредничка работа. Тука се наоѓа бескрајна љубов, мудрост, правда и милост. За тие длабочини, висини и ширини треба да размислуваме. Безбројни пера се употребени за на светот да му се објават Христовиот живот, карактер и посредничка работа, а се пак, секој ум преку кој работел Светиот Дух ги изложил тие прашања во нова и свежа светлина. {6C 59.1}

Ние сакаме да ги водиме луѓето да разберат што значи Христос за нив и кои се одговорностите кои тие се повикани да ги прифатат во Него. Како Негови претставници и сведоци, ние самите мораме во пот полност да ги сфатиме спасоносните вистини до кои се дошло со знаење стекнато врз основа на искуството. {6C 59.2}

Проповедајте ги големите практични вистини кои мораат да се втиснат во душата. Објавувајте ја спасоносната Христова моќ „во Кого имаме откуп преку крвта Негова и простување на гревовите“ (Колосјаните 1:14). На крстот милоста и вистината се сретнале, праведноста и вистината се бакнале. Секој ученик и секој работник ова постојано нека го проучува за, претставувајќи го распнатиот Господ меѓу нас, да можеме истото да го

изложиме на народот на нов начин. Покажете дека Христовиот живот открива безгранично совршен карактер. Поучувајте дека „на оние кои го примија на сите што веруваа во Неговото име им даде моќ да станат чеда Божји“ (Јован 1:12). Говорете за тоа постојано. Ние можеме да станеме Божји синови, членови на царското семејство, деца на небесниот Цар. Објавувајте дека сите оние кои ќе го примат Исуса Христа и кои почетната доверба ќе ја запазат цврсто до крај, ќе станат Божји наследници и Христови сонаследници „на наследство што не пропаѓа, чисто, кое не овенува, запазено на небесата за вас, кои Божјата сила преку верата ве сочувала за спасение, при готвено да се открие во последното време“ (1. Петрово 1:4,5). {6C 59.3}

Последното предупредување

Веста на Третиот ангел треба да се објавува во сила. Силата со која е објавувана првата и втората вест мора да се засили во објавувањето на третата. Јован во Откровението говори за небесниот гласник кој се обединува со третиот ангел: „А по ова видов како слегува од небото друг ангел кој имаше голема власт; и земјата светна од неговиот бол скот; и извика со силен глас“ (Откровение 18:1, 2). Ние се наоѓаме во опасност веста на Третиот ангел да ја објавуваме така неодредено, што таа нема да остави никаков впечаток кај народот. Толку многу други работи се имаат внесено што веста која треба да биде објавувана со сила, станала невпечатлива и тивка. На нашите црковни собори се има правено грешка. Изнесено е прашањето за саботата, но не е прикажано како голема проба за ова време. Додека црквите тврдат дека веруваат во Христа, тие го престапуваат законот кој Христос го објавил на Синај. Господ ни наложува: „Укажи му на Мојот народ на беззаконието негово и на домот Јаковов гревовите негови“ (Исаија 58:1). На трубата да ѝ се даде одреден звук. {6C 60.1}

Ако имате пред себе собир на верници само за две недели, не одложувајте да го изнесете прашањето за саботата на крај, мислејќи дека прво треба да се изнесе сè друго и со тоа да се подготви патот. Подигнете го знамето Божјите заповеди и верата Исусова. Изнесете го тоа како многу значаен предмет и потоа со своите силни докази подарете му уште поголема сила. Задржувајте се подолго на Откровението. Читајте, објаснувајте и упатувајте го народот на учењата кое тоа ги со држи. {6C 61.1}

Нашата христијанска борба е агресивна. Важни прашања се пред нас, да, токму пред нас. Да ги издигнеме своите молитви кон Бога, за четирите ангели сè уште да ги задржат ветровите на наштетување и уништување, додека на светот не му биде однесена последната опомена. Потоа, да работиме во склад со своите молитви. Да не го намалуваме со ништо вистинското значење на вистината за ова време. Сегашната вистина треба да биде наше бреме. Веста на Третиот ангел мора да ги изврши своето дело, одвојувајќи од црквата еден народ кој ќе заземе став на платформата на вечната вистина. {6C 61.2}

Нашата вест е вест на живот и смрт и ние мораме да ја претставиме онаква каква што е како голема Божја сила. Ние мораме да ја изложиме во сета нејзина убедлива моќ. Тогаш Господ ќе ја направи делотворна. Ние имаме предност да очекуваме големи работи, дури и манифестирање на Божјиот Дух. Тоа е силата која ќе ја убеди и обрати душата. {6C 61.3}

Опасностите на последните денови се пред нас и ние во својата работа треба да го опоменуваме народот на тоа. Свечените сцени откриени во пророштвото не смеат да останат неспомнати. Кога нашиот народ би бил напола буден, сфаќајќи ја близината на настаните изнесени во Откровението, во нашите цркви би дошло до реформација и многу би се зголемил бројот на оние кои веруваат во веста. Немаме време за губење. Бог нè повикува будно да стражиме над душите како оние кои ќе мораат да положат сметка за нив. Изложувајте нови на чела и јасна вистина која може да ја трогне душата. Таа ќе биде како остар меч од двете страни. Меѓутоа, не заземајте премногу брзо полемички став. Ќе дојде време кога ќе мораме мирно да стоиме и да го набљудуваме Божјото спасение. Пуштете да зборува Даниел, нека зборува Откровението и тие нека кажат што е вистина. Меѓутоа, кое прашање и да го изложуваме, како центар на секоја надеж издигнувајте го Исуса „коренот и род Давидов, сјајна ѕвезда Деница“ (Откровение 22:16). {6C 61.4}

Состаноци на благодарност

Во нашите служби на црковните собори треба да има песни и инструментална музика. Музичките инструменти се употребувани во верските служби уште во старо време. Верниците го фалеле Бога на харфа и кимвали и затоа музиката треба да има свое место во нашите служби. Тоа ќе го зголеми интересот. Секој ден треба да се одржуваат состаноци на пофалба со едноставна служба на благодарност на Бога. Нашите црковни собори би имале многу поголема сила кога би имале вистинско чувство за Божјата добрина, милост и долготрпеливост и кога од нашите усни би се издигала благодарност во чест и слава на Неговото име. Ние треба повеќе да негуваме духовна ревност. Господ вели: „Ме прославува оној кој принесува жртва благодарствена“ (Псалм 49:23). {6C 62.1}

Сатанско дело е да зборува за она што се однесува на него самиот и тој ужива кога човечките суштества говорат за неговата сила и неговото делување преку синовите човечки. Сред такви разговори, умот станува нерасположен, мрачен и непријатен. Ние можеме да станеме сатанско орудие преку кое се излеваат зборови кои не внесуваат сончеви зраци ниту во едно срце. Меѓутоа, ние треба да одлучиме тоа да не го дозволиме. Да одлучиме да не бидеме орудие преку кое сатаната ќе шири мрачни, непријатни мисли. Нашите зборови нека не бидат смртен мирис за смрт, туку животен мирис за живот. {6C 62.2}

Бог сака во зборовите кои му ги кажуваме на народот и во молитвите кои ги упатуваме да даваме непогрешлив доказ за тоа дека поседуваме духовен живот. Ние не уживаме полнина на благословите кои Господ ги подготвил за нас, зашто не бараме со вера. Кога во потполност би појавиле вера во зборот на живиот Бог, ние би уживале најбогати благослови. Со недостаток на вера го обесчестуваме Бога и поради тоа не можеме да им дадеме живот на другите по пат на живо сведоштво кое издигнува. Не можеме да им го даваме на другите она што ни самите не го поседуваме. {6C 63.1}

Кога понизно би оделе со Бога, кога би работеле во Христов дух, никој од нас не би се мачел, носејќи тешко бреме, туку тоа би го префрлиле на големиот Носител на Бреме. Тогаш би можеле да очекуваме победи во Божје присуство, општејќи во Неговата љубов.

Секој црковен собор од почеток до крај да биде една гозба на љубов, бидејќи би се чувствувало Божјото присуство во Неговиот народ. {6C 63.2}

Цело небо е заинтересирано за нашето спасение. На Божјите ангели, илјадници илјади и десетици илјади по десет илјади им е ставено во должност да им служат на оние кои ќе бидат наследници на спасението. Тие нѐ чуваат од злото и ги одбиваат силите на темнината кои ја сакаат нашата пропаст. Зар немаме причини да бидеме благодарни во секој момент, благодарни дури и тогаш кога на нашиот пат ќе се појават привидни тешкотии? {6C 63.3}

Господ е наш Помошник. „Пеј, о ќерко Сионска, ликувај Израеле, весели се и радувај се од сѐ срце, ќерко ерусалимска!“ „Господ, твојот Бог, е среде тебе. Тој е силен да те спаси; ќе се развесели за тебе со радост, ќе те обнови според љубовта Своја, ќе се гордее со тебе со песни, како на празничен ден“ (Софонија 3:14, 17). Тоа е сведоштвото кое Бог сака да го пренесеме на овој свет. Славењето на Бога треба постојано да биде во нашите срца и на нашите усни. {6C 63.4}

Таквото сведоштво ќе има влијание и на другите. Кога се трудиме да ги одвратиме луѓето од нивните себични напори да си обезбедат себеси среќа, мораме да им покажеме нешто подобро од она за што тие копнеат. Кога Исус разговарал со Самарјанката, Тој не ја укорил што дошла да земе вода од Јакововиот извор, туку ѝ предочил нешто од многу поголема вредност. Наместо Јакововиот извор, Тој ѝ предочил извор на жива вода, велејќи: „Кога би го знаела дарот Божји и Кој е Овој што ти вели: ‘Дај Ми да пијам’ ти самата би побарала од Него и Тој би ти дал жива вода... Кој пие од водата, што ќе Му ја дадам Јас, нема никогаш да ожедни; таа во него ќе стане извор на вода што ќе тече во живот вечен“ (Јован 4:10-14). {6C 64.1}

На црквата ѝ е потребно свежо, живо искуство на такви членови на кои им станало навика да одржуваат врска со Бога. Сувопарни и бајати сведоштва и молитви во кои не се манифестира Христос, не се никаква помош за народот. Какво чудесно сведоштво би се дало на оние кои доаѓаат да ја слушнат вистината, кога сите кои тврдат дека се Божји деца ќе бидат исполнети со вера, светлина и живот! И колку души би се придобиле за Христа! {6C 64.2}

Напори за заживување

На нашите црковни собори се прават многу малку напори за заживување на народот. Малкумина се оние кои го бараат Господа. Служби за заживување треба да се одржуваат од почетокот до крајот на соборот. Треба да се преземат најодлучни напори за народот да се пробуди. Сите нека ја увидат вашата сесрдност, бидејќи имате прекрасна вест од небото. Зборувајте му на народот дека Господ доаѓа да суди и ниту царевите, ниту владетелите, ниту богатството, ниту влијанието нема да бидат во состојба да ги спречат казните кои наскоро ќе наидат. На завршетокот на секој собор треба да се повика народот да донесе од лука. Бидете во тесен допир со оние кои се заинтересирале сѐ додека не се утврдат во верата. {6C 64.3}

Мораме да бидеме поодлучни и посесрдни. Мораме да ја проповедаме вистината и во јавноста и приватно, излагајќи го секој доказ и укажувајќи на сите прашања од бескрајно значење за да ги доведеме луѓето кај Спасителот, подигнат на суровиот крст. Бог сака секој

човек да стекне вечен живот. Обратете внимание на тоа дека секаде во Божјата Реч се манифестира дух на упорно повикување и преколнување на мажите и жените да дојдат кај Христа и да се откажат од своите желби и страсти кои ја расипуваат душата. Мораме да ги повикуваме со сите свои сили да гледаат на Исуса и да го примат Неговиот живот на самооткажување и пожртвување. Мораме да им покажеме дека од нив очекуваме да го израдуваат Христовото срце, користејќи го секој Негов дар за да го слават Неговото име. {6C 65.1}

Многумина кои доаѓаат на состаноците се уморни и оптоварени со бремето на гревот и не се чувствуваат сигурни во својата вера. На оние кои се вознемирени и кои копнеат за одмор треба да им се пружи можност да ја најдат таа помош. По проповедта треба да се повикаат оние кои сакаат да го следат Христа да ја изразат својата желба. Повикајте ги сите кои се незадоволни дека се подготвени за Христовото доаѓање и сите кои се изморени и обременети, да останат одвоени од другите за некое време. Оние кои се духовни нека разговараат со овие души. Молете се со нив и за нив. Нека многу време биде посветено во молитва и проучување на Божјата Реч. Сите нека ги примат реалните факти за верата во своите души. Тие треба да веруваат дека ќе им се подари Свет Дух затоа што вистински се жедни и гладни за праведноста. Учете ги како да Му се предадат на Бога, како да веруваат, како да се повикуваат на Неговите ветувања. Длабоката Божја љубов нека биде изразена преку зборови на охрабрување и посредување. {6C 65.2}

Треба многу повеќе да се бориме со Бога во молитва за спасение на душите. Работете несебично, одлучно, не попуштајќи. Натерајте ги душите да дојдат на свадбената вечера на Јагнето. Треба повеќе да се молиме, веруваме, примаме и повеќе да соработуваме со Бога. {6C 66.1}

Постои многу мачна рамнодушност и немарност во поглед на големото спасение. Безгрижните мораат да се пробудат, инаку ќе бидат изгубени. Бог, кој го дал Својот Син за да ги спаси грешниците, преку Своите претставници настојува да го осуети делото на сатаната и неговите помошници, кои се обединиле за да ги уништуваат душите. Господ овозможил на сите можни начини да се прикаже распнатиот Спасител на грешниците. Иако се мртви во своите престапи и гревови, нивното внимание мора да се пробуди кога им се проповеда за Христа и за Него распнатиот. Луѓето мораат да се осведочат колку гревот е зол. Очите на престапникот мораат да се просветлат. Сите кои биле привлечени кон Христа треба да ја кажуваат сторијата за Неговата љубов. Секој кој на својата душа ја почувствувал преобразувачката Христова сила, нека направи сè што може во Господово име. {6C 66.2}

Неизмерната цена на жртвата која била потребна за нашето откупение, го открива фактот дека гревот е едно ужасно зло. Бог можел да ја избрише таа одвратна дамка на гревот од делото на Своето создавање, отстранувајќи го грешникот од лицето на земјата. Но Тој „толку го возљуби светот, што го даде Својот Единороден Син, та секој што верува во Него да не загине, туку да има вечен живот“ (Јован 3:16). Зошто сите оние кои полагаат право на Божјата љубов не се трудат да ги просветлат своите соседи и пријатели, за да и понатаму не го занемаруваат ова големо спасение? {6C 66.3}

Христос се предал Себеси на срамна смрт во агонија, покажувајќи го своето душевно страдање за да ги спаси оние кои пропаѓаат. О, Христос е во состојба, Христос е волен, Тој копнее за тоа да ги спаси сите кои доаѓаат кај Него! Обратете им се на душите кои се во опасност и укажувајте им на Исуса на крстот, Кој умрел за да биде возможно за Него да

прости. Зборувајте им на грешниците со срце преполно со нежна, сочувствителна Христова љубов. Бидете длабоко сесрдни, но ниту еден груб, гласен звук нека не излезе од устата на оној кој се труди да ги придобие душите да погледаат и да живеат. Посветете ја најнапред својата душа на Бога. Гледајќи на нашиот Посредник на небото, вашите срца нека се скршат; тогаш, понизни и потчинети, ќе можете да се обратите на покајничките грешници како оние кои ја чувствуваат силата на откупителната љубов. Молете се со тие души, доведете ги со вера до подножјето на крстот, со своите мисли издигнете ги нивните мисли и насочете ги очите на нивната вера таму каде што и вие ги насочувате своите очи на Исуса, Носителот на гревови. Тие треба да го одвратат погледот од своите јадни, грешни души и да го насочат кон Спасителот и победата ќе биде стекната. Тие сами ќе го видат Божјото Јагне кое на Себе ги зема гревовите на светот. Ќе го видат Патот, Вистината и Животот, Сонцето на праведноста со своите светли зраци ќе ги осветли нивните срца. Силен бран на откупителната љубов ќе ја напои исушената и жедна душа и грешникот ќе биде спасен преку Исуса Христа. {6C 66.4}

За распнатиот Христос треба да се зборува, да се споменува во молитвите и песните. Со тоа ќе се скршат и придобијат срца. Тоа е Божјата сила и мудрост со која душите се придобиваат за Христа. Вообичаените формални фрази, како и сувопарното излагање на докази ќе бидат од слаба корист. Омекнувачката Божја љубов во срцата на работ ниците ќе ја забележат оние за кои тие се заземаат. Душите се жедни за водата на животот. Не бидете празни цистерни. Ако на гладните и жедни души им ја откриете Христовата љубов, ќе ги одведете кај Спасителот и Тој ќе им го даде лебот на животот и водата на спасението. {6C 67.1}

Лична работа

Должност на Господовите слуги не е само да ја проповедаат Речта од проповедалната, туку и да доаѓаат во личен допир со народот. Со проповедите се сее драгоцено семе; но бидејќи не се вложуваат лични напори за обработка на земјиштето, семето нема да фати корен. Ако Божјиот Дух не го омекне и не го потчини срцето, тогаш многу од проповедта ќе биде изгубено. Во собранието треба да ги забележите оние кои се заинтересирани и да им се обратите по службата. Неколку зборови изговорени во личен разговор, често ќе направат повеќе добро од цела проповед. Распрашајте се како изложените предмети им из гледаат на слушателите, дали се јасни за нивните сфаќања. Љубезно и учтиво покажете дека навистина се интересирате за нив и дека ви значат нивните души. Многумина се наведени на заклучок дека ние како народ не веруваме во обратување. Кога ќе ги повикаме да Му пријдат на Христа, срцата ќе омекнат и ќе исчезнат предрасудите. {6C 68.1}

Проучување на Библијата

Кога и да е можно, секоја значајна проповед треба да биде проследена со проучување на Библијата. Овде можат соодветно да се применат точките изложени во проповедта, можат да се постават прашања и да се подвлечат правилните мисли. Повеќе време треба

да се посвети на трпеливо проучување на народот, пружајќи им можност да се изјаснат себеси. На луѓето им е потребно да им се пружаат поуки; правило по правило и заповед по заповед. {6C 68.2}

Исто така, треба да се одржуваат посебни состаноци за оние кои се заинтересирани за изложените вистини и на кои им се потребни по уки. На тие состаноци треба да се повикува народот и на сите верници и неверници треба да им се пружи можност да поставуваат прашања за она што не го сфатиле потполно. На сите треба да им се пружи можност да постават прашања за оние работи кои целосно не ги разбрале. Од секоја проповед и од секое проучување на Библијата народот треба да увиди дека сите прашања на верата и учењето кое ние го застапуваме, се засновани на јасното: „Така вели Господ". {6C 68.3}

Таков бил методот на Христово учење. Кога Тој им зборувал на луѓето, тие Му поставувале прашања за значењето на Неговите зборови. На оние кои понизно барале светлина, Тој секогаш бил спремен да им ги објасни Своите зборови. Меѓутоа, Христос не поттикнувал критикување и ситничарење, па и ние не треба тоа да го правиме. Ако луѓето се обидуваат да предизвикаат расправа околу спорните прашања од науката, кажете им дека состанокот не е наменет за таа цел. {6C 69.1}

Кога одговарате на некое прашање, настојувајте слушателите да увидат и да признаат дека сте одговориле. Не преминувајте преку едно прашање, барајќи повторно да биде поставено. Одете напред чекор по чекор и бидете свесни за тоа колку сте напредувале. {6C 69.2}

На таквите состаноци оние кои ја разбираат веста можат да поставуваат прашања кои ќе расветлат поединечни точки на вистината. Меѓутоа, некои за тоа немаат доволно мудрост. Ако некој би поставувал прашања кои можат само да предизвикаат забуна и да посеат семе на сомнеж, тогаш тие треба да го посоветуваат да се воздржи од поставување на прашања. Мораме да се научиме кога треба да зборуваме, а кога треба да молчиме, мораме да научиме да го сееме семето на верата, да шириме светлина, а не темнина. {6C 69.3}

Збор во вистинско време

Оние кои својот ум го држат во став на молитва, ќе бидат во состојба во вистинско време да упатат збор на оние кои се наоѓаат во сферата на нивното влијание; зашто Бог ќе им даде мудрост со која ќе можат да Му служат на Господ Исус. „Кога мудрост ќе влезе во срцето твое, и знаењето ќе и биде пријатно на душата твоја, тогаш расудувањето ќе те пази, разумот ќе те чува" (Изреки 2:10,11) Ќе ја отворате својата уста со мудрост и во вашиот јазик ќе престојува законот на љубезноста. {6C 69.4}

Ако оние кои тврдат дека се христијани ја слушаат Христовата Реч, тогаш сите кои ќе дојдат во допир со нив ќе видат дека тие биле со Исуса и дека се научени од Него. Тие ќе го претставуваат Христа и вечните работи ќе бидат тема на нивниот разговор. Стварноста на вечноста ќе биде блиска до нив и тие будно ќе стражарат над душите како оние кои мора да положат сметка. Тоа има многу поголемо значење отколку што тие мислат. Тоа значи дека треба да одат и да ја бараат изгубената овца. {6C 70.1}

Собирање на прилози

Никој не треба да ги користи црковните собори, на кои присуствуваат голем број на луѓе, за да се залага за посебни работи или за да собира средства за разни добротворни цели кои станале толку многубројни. Божјото дело на проповедање на Речта, објавувањето на вистината во други области, значењето на образовното дело во нови полиња, основањето на санаториуми во поврзаност со проповедањето на евангелието тоа се прашања кои треба да му се изложат на народот на нашите црковни собори. {6C 70.2}

Резултати од работата на црковните собори

Нашите црковни собори треба да остварат едно големо дело. Господ посебно ги почестил тие собирања, нарекувајќи ги „свети собори“. На тие собири доаѓаат илјадници луѓе, многумина само од љубопитност, за да видат и слушнат нешто ново. Меѓутоа, многумина се трогнати кога ќе ја слушнат вистината и ќе дојдат во допир со оние кои веруваат во неа. Тие увидуваат дека тој народ не е таков каков што другите го прикажувале. Затоа ги отфрлаат предрасудите, противењето и рамнодушноста и со искрен интерес го слушаат изговорениот збор. {6C 70.3}

Господ има Свои претставници во сите цркви. На тие лица не им се изложени посебните вистини за овие последни денови на начин кој ги убедува срцето и умот. Според тоа, тие не ја отфрлиле светлината и ги прекинале своите врски со Бога. Многумина верно оделе во светлината која го осветлувала нивниот пат. Тие копнеат за тоа подобро да ги запознаат Божјите патишта и дела. Низ целиот свет мажи и жени со копнеж ги вперуваат своите погледи кон небото. Молитви, солзи и прашања се издигнуваат од душите кои копнеат за светлина, благодат и Свет Дух. Многумина се наоѓаат на границата на царството, чекајќи само да бидат собрани во него. {6C 70.4}

Кога Христовите поуки и библиски вистини во сета своја едноставност ќе им се изложат на душите, тие ја препознаваат светлината и се радуваат во неа. Нивната збунетост исчезнува пред светлината на вистината како роса пред утринско сонце. Нивните сфаќања за библиските вистини се прошируваат и Бог им се открива во Христа, покажувајќи им ја длабочината, широчината и висината на духовната божествена тајна која порано не ја сфатиле, тајна која не може да се објасни со зборови, туку може да се прикаже со пример во карактер сличен на Христовиот. {6C 71.1}

Многумина кои не се членови ниту на една црква и кои изгледаат потполно рамнодушни кон Божјите барања, во своето срце не се толку рамнодушни како што изгледаат. Дури и оние кои најмалку се интересираат за религијата, понекогаш стануваат осведочени и тогаш во нив се појавува копнеж за нешто што немаат. Во секое гратче и град има многу луѓе кои не посетуваат ниедно место на богослужение. Многу мина од нив се привлечени кон црковните собори. Тука доаѓаат многу робови на гревот, беспомошни жртви на лошите навики; и многумина од нив стануваат уверени и обратени. Кога со вера ќе го прифатат Божјото ветување за простување на нивните гревови се раскинуваат оковите на навиките. Откажувајќи се од своите грешни навики, тие стануваат слободни луѓе во Исуса

Христа и се радуваат на слободата на Божјите деца. Тоа е делото кое треба да се изврши на сите наши црковни собори. На тој начин илјадници ќе бидат придобиени за Христа. {6C 71.2}

ПО ЦРКОВНИТЕ СОБОРИ

На црковните собори кои се одржуваат во градовите, илјадници ќе бидат повикани да се одзвијат на големата вечера: „Дојдете, зашто веќе сè е подготвено!“ (Лука 14:17). Откако ќе го пробудиме интересот на народот, не смееме да ги прекинеме состаноците, да ги склопиме шаторите и да оставиме впечаток дека соборот е завршен. Најголемо добро може да се постигне по пат на сесрдна и верна работа во моментот кога стотици луѓе пробудиле интерес. Според тоа, со состаноците треба да се раководи така што ќе се одржи интересот на присутните. {6C 72.1}

По еден црковен собор, разгледувано е прашањето за продолжување на состаноците под шатори. Им раскажав на браќата еден сон кој го сонував. Сонував дека видов една делумно завршена зграда. Работниците ги собраа своите алати, подготвувајќи се да ја напуштат недовршената зграда. Меѓутоа, јас ги преколнував да размислат за тоа што имаат намера да го направат. „Зградата не е довршена,“ им реков, „вратете се назад и работете додека не ставите покрив”. Тогаш, тие се вратија и ја продолжија работата. Така браќата го послушаа мојот со вет да останат и да ја продолжат работата на црковниот собор. Благодарение на тоа, извесен број на луѓе ја прифатија вистината. {6C 72.2}

Не би требало да претрпуваме толку неуспеси при скапите напори на организирање на црковни собори и состаноци под шатори; не би требало толку мал број на снопови да донесеме кај Учителот. На местата на кои знамето на сегашната вистина никогаш не бил подигнато, повеќе души сега би се обратиле отколку никогаш порано како резултат на истата количина на работа. На секој чии раце се слаби, јас му советувам: „Држи го знамето поцврсто”. Верата зборува: „Напред!“ Не смеете да потклекнувате ниту да се обесхрабрувате. Во верата на оној кој постојано напредува, нема слабост. {6C 72.3}

По црковниот собор понекогаш ќе биде тешко главните говорници да се задржат неколку седмици за да се развие пробудениот интерес. Можеби ќе биде скапо да се задржи изнајменото земјиште и да се одржат извесен број на семејни шатори за да се сочува изгледот на црковен собор. Меѓутоа, можеби некои семејства ќе поднесат жртви за да останат и да им помагаат на проповедниците и библиските работници при посетите и проучувањето на Библијата со оние кои доаѓаат на предавањата и при посетувањето на домовите, за на народот да му се објаснат благодетите на состанокот, повикувајќи ги и нив да присуствуваат. Нема сомнеж дека ќе биде тешко да се обезбеди доволен број на работници кои со успех ќе ја продолжат работата. Меѓутоа, резултатите ќе ги наградат напорите. Благодарение на такви енергични и сесрдни напори, некои наши црковни собори биле орудие за основање на силни и делотворни цркви. Токму со таква сесрдна работа, веста на Третиот ангел треба да му се објави на народот во нашите градови. {6C 73.1}

Понекогаш се случува на еден собор да присуствуваат многу говорници по неколку дена, и токму тогаш кога кај народот ќе се пробуди интересот, речиси сите брзо заминуваат на некој друг собор, оставајќи само два или три говорници, кои треба да се борат против обесхрабрувачкото влијание на расклопувањето и отстранувањето на семејните шатори.

Многу би било подобро кога состаноците подолго би траеле, кога од се која црква би доаѓале луѓе, кои се подготвени да останат еден месец или и подолго, помагајќи во состаноците и учејќи се на работата која Господ може да ја прими. При враќањето во своите цркви, тие со себе би понеле драгоцени искуства. Колку би било подобро кога оној ист говорник кој при најголемите собири на состанокот го пробудил интересот на слушателите и понатаму би останал, да ја продолжи работата со целосно организирани и долготрајни напори. Таквото раководење со соборите ќе бара неколку собори да се одржуваат во исто време, и тоа нема да дозволи неколку луѓе да бидат присутни на сите состаноци. Но мораме да имаме на ум дека делото нема да се оствари „ниту со сила, ниту со снага, туку со Мојот Дух, вели Господ Саваот“ (Захарија 4:6). {6C 73.2}

Делото не треба да се заврши со завршувањето на соборот. Тука се изнесени учења кои се нови и туѓи на народот. Оние кои се осведочени и сакаат да ја примат вистината, ќе мораат да се сретнат со најодлучни и подмолни напади. Нивните проповедници, пријатели и познаници ќе се трудат да го неутрализираат семето на вистината кое е посеано во срцето. Не смееме да дозволиме ова семе да се неутрализира, ниту да се исуши поради недостаток на влага. {6C 74.1}

Промените имаат тенденција да го слабат влијанието на состанокот. Продолжете ги состаноците на местото каде што се започнати, секогаш кога за тоа постои можност. Но ако ви се чини дека е подобро да се замине, пренесете го големиот шатор на некое погодно место и продолжете ја службата. Треба да се установи една мисија. Обезбедете погодно место и извесен број на работници нека се спојат во едно мисионерско семејство. Со него треба да раководат еден човек и неговата сопруга кои се способни и посветени и чие влијание може да даде белег на делото. {6C 74.2}

За да се одржи интересот по соборот потребни се помошници кои ќе работат во разни правци; и таквите можности треба да бидат училиште за обучување на работници. Нека младите луѓе работат покрај искусните работници кои ќе се молат со нив и трпеливо ќе ги поучуваат. Посветени жени треба да учествуваат во библиската работа од куќа до куќа. Некои работници треба да се посветат на колпортажа, продавајќи наша литература и подарувајќи им ја промислено на оние кои не се во можност да ја купат. {6C 74.3}

Некои работници треба да присуствуваат на религиозните собири на други цркви и да учествуваат во нив, ако им се укаже можност. Кога Исус имал само дванаесет години, отишол во училиштето за свештеници и рабини кое се наоѓало во храмот и им поставувал прашања. Во тоа училиште се проучувало секој ден, слично на нашето проучување на Библијата. Исус поставувал прашања како ученик, но Неговите прашања донесувале нови предмети кои ги поттикнувале тие учени свештеници да размислуваат за нив. Слично дело може да се врши и денес. Треба да се охрабрат некои разумни момчиња да присуствуваат на состаноците на христијанското здружение на млади луѓе*, не за да започнат расправа, туку заеднички со нив да ја проучуваат Библијата и да им помогнат со своите прашања. {6C 74.4}

Ако по нашите црковни собори би се работело сесрдно и енергично во овие правци, многу повеќе души би се собрале како плод на посеаното семе на состаноците. {6C 75.1}

Работниците треба да се запознаат со народот, читајќи им ги на нив драгоцените Христови зборови. Издигнувајте го пред нив распнатиот Христос; и оние кои на соборот ја слушнале веста на опомена од устата на проповедникот и биле осведочени, наскоро ќе

бидат привлечени да бараат понатамошни објаснувања. Тоа е момент да се изнесат причините за нашата вера во кроткост и страв, не во ропски страв, туку во внимателен страв да не зборуваме немудро. Прикажувајте ја вистината во сета нејзина убавина, едноставно и искрено, давајќи храна во вистинско време и на секој она што му припаѓа. {6C 75.2}

Оваа работа бара од вас будно да стражарите над душите, како оние кои ќе мора да положат сметка. Христовата нежност мора да го исполни срцето на работникот. Ако имате љубов кон

душите, ќе манифестирате нежна грижа за нив. Ќе упатувате на Бога понизни, сесрдни и искрени молитви за оние кои ги посетувате. Во вашето дело ќе се открие мирисот на Христовата љубов. Тој, Кој го дал сопствениот живот за животот на светот, ќе соработува со несебичниот работник за да може да остави длабок впечаток на човечкото срце. {6C 75.3}

Работата на евангелистот

Проучувањето на Светото Писмо, молитвата во семејствата тоа е делото на евангелистот, дело кое треба да се спои со проповедање. Ако тоа се изостави, самото проповедање во голем степен нема да има успех. Приближете му се на народот со лични напори, поучувајќи го секого дека Божјата љубов мора да влезе во светилиштето на домашниот живот. {6C 76.1}

Не си припишувајте ништо на своја слава. Не бидете дволични во работата ниту се обидувајте да служите на себеси и на Бога во исто време. Не се истакнувајте себеси. Наведувајте ги со свои зборови уморните и оптоварените да го положат своето бреме на Исуса. Работете како да го гледате Оној кој секогаш ви е од десна страна, подготвен со Својата семоќна сила да ви помогне во секој ненадеен настан. Господ е ваш Советник, ваш Водач, Војсководец на вашето спасение. Тој оди пред вашето лице, победувајќи и да победи. {6C 76.2}

На патиштата и меѓу оградите

Заповедта која Христос ја дал на Својот народ гласи: „Излези по патиштата и меѓу оградите и убеди ги да дојдат за да ми се наполни куќата“ (Лука 14:23). {6C 76.3}

Повикот на евангелската гозба најнапред треба да се објави на патиштата. Тој мора да се однесе на оние кои тврдат дека се наоѓаат на патот на христијанско искуство на членовите на разни цркви. „Кој има уво, нека чуе што им зборува Духот на црквите“ (Откровение 2:7). Во тие цркви има и вистински и лажни верници. Мораме да извршиме едно дело за оние кои ја изгубиле својата прва љубов, кои ја изгубиле својата ревност и својот интерес за духовни работи. Мораме да однесеме опомена на оние кои тврдат дека се христијани, а го престапуваат Божјиот закон. Ним треба да им се однесе веста. {6C 76.4}

Господ вели: „И на ангелот на Сардската црква напиши му: еве што вели Оној кој ги има седумте ѕвезди: ги знам делата твои; носиш име дека си жив, а мртов си. Биди буден и утврдувај ги оние што се на умирање; бидејќи делата твои не ги најдов совршени пред Мојот Бог. Спомни си за тоа што си го примил и чул и послушај го, и покај се. Ако не бидеш

буден, ќе дојдам против тебе како крадец и нема да дознаеш кога ќе дојдам против тебе“ (Откровение 3:13). {6C 77.1}

Опомената за последната црква мора да се објави на сите кои тврдат дека се христијани. До сите цркви, слично на остар меч од двете страни, треба да стигне веста наменета за Лаодикеја: „Ги знам делата твои: ти не си ни студен, ни жежок; о, да беше студен или жежок! Така, бидејќи си млак, а не жежок или студен, ќе те изблујам од устата Своја! Зашто велиш: ‘Богат сум и се збогатив и ништо не ми треба,’ а не знаеш дека си беден и проколнат, сиромав, слеп и гол; те советувам да си купиш од Мене злато низ оган пречистено, за да се збогатиш; и бела облека, за да се облечеш, па да не се гледа срамот на голотијата твоја, и со очна маст намачкај ги очите твои за да гледаш. Оние што Јас ги сакам, нив ги карам и воспитувам. И така, биди искрен и покај се“ (Откровение 3:15-19). Наша должност е да ја објавуваме оваа вест. Дали го вложивме секој напор црквите да бидат опоменати? {6C 77.2}

Мораме да извршиме едно дело за проповедниците на другите цркви. Бог сака тие да се спасат. Како и ние, и тие можат да стекнат бе смртност само со вера и покорност, па ние мораме упорно да работиме за нив, за тие да можат да ја стекнат истата. Бог сака и тие да извршат своја улога во Неговото посебно дело за ова време. Тој сака и тие да се вбројат меѓу оние кои на Неговите чеда им даваат храна во вистинско време. Зошто и тие да не учествуваат во ова дело? {6C 77.3}

Нашите проповедници треба да се потрудат да дојдат во допир со проповедниците на другите цркви. Молете се за и со овие луѓе, зашто Христос се залага за нив. Тие имаат света одговорност. Како Христови гласници, треба да покажуваме длабок и сесрден интерес кон овие пастири на стадото. {6C 78.1}

Повикот кој се дава „на патиштата“ треба да им се упати на сите кои активно учествуваат во световните работи, на учителите и водачите на народот. Треба да се даде јасна, одредена вест на луѓето кои имаат од говорни должности во јавниот живот, на лекарите и учителите, на адвокатите и судиите, на службениците и деловните луѓе. „Зашто каква полза има човек, ако го придобие целиот свет, а на душата своја ѝ напакости? Или каков откуп ќе даде човек за својата душа?“ (Марко 8:36,37). {6C 78.2}

Ние многу зборуваме и пишуваме за запоставените сиромаси. Зар не би требало да посветиме малку внимание и на запоставените богати? Многумина сметаа дека за оваа класа на луѓе нема никаква надеж и само малкумина се трудат да ги отворат очите на оние кои, за слепени и заведени од силата на сатаната, ја изгубиле од видот вечноста. Илјадници богати отишле во гроб неопоменати, затоа што за нив се судело според нивната надворешност, сметајќи дека за нив нема никаква надеж за спасение. Меѓутоа, колку и да ни изгледаат рамнодушни, покажано ми е дека многумина од таа класа чувствуваат душевен товар. Постојат илјадници богати луѓе кои гладуваат за духовна храна. Многу луѓе во јавниот живот чувствуваат потреба за нешто што им недостасува. Малкумина се оние кои одат во црква, зашто гледаат дека таа не им пружа никаква корист. Проповедите кои тие ги слушаат, не допираат до душите. Зар не треба лично да се потрудиме за нив? {6C 78.3}

Зар не можеме да допреме до нив преку нашите книги? ќе прашаат некои. До многумина не може да се дојде по тој пат. Потребен е личен на пор. Зар треба да пропаднат без посебна опомена? Во старо време не било така. Божјите пратеници биле испраќани на

луѓето на високи положби кои можеле да најдат мир и спокој само во Господа Исуса Христа. {6C 78.4}

Величеството на небото дошло на овој свет за да го спаси она што е изгубено, паднатото човештво. Неговите напори не ги опфаќале само презрените, туку и луѓето на високите угледни положби. Тој досетливо се залагал да најде пристап кон душите од повисоките класи, кои не знаеле за Бога, ниту ги држеле Неговите заповеди. {6C 79.1}

Ова дело било продолжено и по Христовото вознесение. Моето срце е трогнато кога читам колкав интерес покажал Господ кон Корнелие. Корнелие бил човек на висока положба, офицер на римската војска, но живеел во стриктна согласност со светлината која дотогаш ја примил. Господ му пратил посебна вест од небото и со друга вест го упатил Петар да го посети и да му однесе светлина. Во нашата работа треба да ни пружа големо охрабрување помислата на сожалувањето и нежната Божја љубов кон оние кои копнеат за светлина и кои се молат за неа. {6C 79.2}

Постојат многумина кои ми се прикажани како Корнелие, луѓе кои по Божја волја треба да дојдат во допир со Неговата црква. Тие се наклонети кон народот кој ги држи Господовите заповеди, но се цврсти врските кои ги спојуваат со светот. Тие немаат морална храброст да застанат на страна на понизните. Мораме да вложиме посебни напори за душите кои поради своите одговорности се изложени на посебни искушенија и тешкотии. {6C 79.3}

Врз основа на светлината која Господ ми ја даде, знам дека сега треба да им се изложи на луѓето кои имаат влијание и власт во светот она јасното: „Така вели Господ”. Тие се повереници на кои Бог им доверил значајни одговорности. Ако го примат Божјиот повик, Тој ќе ги користи во Неговото дело. {6C 79.4}

Во светот постојат луѓе кои имаат од Бога дадени организаторски способности, толку потребни за унапредување на делото во овие последни денови. Потребни се луѓе на кои ќе може да им се довери управувањето со нашите установи, луѓе кои ќе бидат водачи и учители во нашите унии (конференции). Бог повикува остроумни луѓе кои се во состојба однапред да ја предвидат и да ја распознаат работата која треба да биде завршена, кои совесно ќе ги водат финансиските работи, луѓе кои во опасностите и кризите можат да одолеат и да останат цврсти во начелата како карпа. {6C 80.1}

Како и во минатите години, така и сега на Божјото дело му се неопходни таленти кои според Божјата намера треба да ги имаме. Но во нашите установи се вовлекло толку многу себичност, така што Господ не ги поврзал со делото оние луѓе кои би требало да бидат поврзани со него. Тој видел дека тие да бидат препознаени и ценети онака како што треба. {6C 80.2}

Бог повикува сесрдни, понизни работници кои ќе ја однесат вистината и на повисоките класи. Богатите луѓе кои го сакаат и обожаваат светот, не можат да се доведат кај Христа со површни, случајни обиди. За таквите се потребни одлучни лични напори на мажи и жени кои се исполнети со мисионерски дух и кои притоа нема да станат малодушни. {6C 80.3}

Треба да организираме заеднички молитви, барајќи од Господа да го отвори патот за вистината да влезе во тврдините во кои сатаната го поставил својот престол и да ја истера сенката која тој ја фрлил на патот на оние кои настојува да ги измами и уништи. Имаме сигурно ветување: „Голема сила има усрдната молитва на праведникот“ (Јаков 5:16). {6C 80.4}

Замолете за молитви за душите за кои работите; прикажете ги на членовите на црквата како оние за кои треба да се молат. Токму тоа им е потребно на членовите на црквата: да ги одвратат своите мисли од своите ситни тешкотии, да почувствуваат големо бреме и лично да се заинтересираат за душите кои се наоѓаат на работ на пропаста. Од берете една и уште една душа, барајќи секој ден водство од Господа, изнесувајќи сè пред Него во сесрдна молитва и раководејќи се со божествената мудрост. Ако така постапувате, Бог ќе ви ја подари силата на Светиот Дух, која ќе ги убеди и преобрати душите. {6C 80.5}

Има луѓе кои особено се погодни да работат со повисоките класи. Тие секој ден треба да го бараат Господа, трудејќи се да стапат во те сен допир со тие личности, а не само да склопат со нив површно познанство, туку вложувајќи лични напори за нив со жива вера, тие треба да манифестираат длабока љубов кон тие души, залагајќи се сесрдно и тие да ја запознаат вистината онаква каква што е во Божјата Реч. {6C 81.1}

За да допрат до тие класи, верниците мораат да бидат живи посланија кои „ги познаваат и читаат сите луѓе“ (2. Коринтјаните 3:2). Ние не го прикажуваме онака како што треба и како што би можеле возвишениот и благороден карактер на вистината. Се наоѓаме во опасност да станеме ограничени и себични. Да го имаме тоа секогаш на ум од страв и треперење да не паднеме. {6C 81.2}

Оние кои работат за повисоките општествени слоеви треба да бидат вистински достоинствени во своето однесување, имајќи на ум дека ангелите се нивни придружници. Ризницата на нивниот дух и срце нека биде исполнета само со она: „Пишано е“. Внесете ги драгоцените Христови зборови во салата на своето помнење. Тие треба да бидат вреднувани повеќе од сребро и злато. {6C 81.3}

Ние не смееме да го прикриваме фактот дека сме адвентисти на седмиот ден. Можеме да нанесеме срам на вистината, ако нашите дела не се во склад со нејзините чисти начела; но никогаш не треба да се срамиме од вистината. Изложете ја својата вера секогаш кога за тоа ќе ви се укаже можност. Бидете подготвени да дадете одговор на секој кој ќе ве запраша за вашата надеж. {6C 81.4}

Постојаната мисла на драгоцената Христова жртва поради нас нè оспособува да им укажеме и на другите на Божјото Јагне кое на Себе ги зема гревовите на светот. Ние треба да ја изложуваме делотворноста на Христовата крв преку која и нашите гревови се простени. Само така ќе можеме да допреме до повисоките слоеви. {6C 81.5}

Во таа работа ќе се наиде на многу препреки и ќе се дојде до многу болни откритија. Христос кажал дека полесно ѝ е на камилата да влезе низ иглени уши, отколку на богатиот да влезе во небесното царство. Но за Бога сè е можно. Тој може и сака преку човечките претставници да влијае на срцата на богатите кои својот живот го посветиле само на стекнување на пари. {6C 82.1}

Небесната вселена долго чекала да соработува со човечките орудија во тоа дело кое луѓето го избегнувале и занемарувале. Многумина кои се разочарале при обидот да работат во тој правец, би можеле да имаат многу поголем успех ако биле истрајни. Тие кои верно ќе ја вршат оваа задача, ќе бидат благословени од Бога. Пред нив ќе оди Христовата праведност и Господовата слава ќе биде нивна заштитница. {6C 82.2}

Во тој поглед ќе се извршуваат чуда на вистинско обратување, чуда кои денес не можат да се замислат. Ниту најголемите луѓе на овој свет не се надвор од влијанието на чудесното Божје делување. Ако оние кои соработуваат во делото ќе знаат да ги искористат

можностите, вршејќи ја верно и понизно својата должност, Бог ќе ги обрати луѓето кои заземаат одговорни положби, интелектуални и влијателни луѓе. Многу мина со силата на Светиот Дух ќе ги примат божествените начела. Набљудувајќи го Исуса Христа во Неговата прекрасност, самооткажување и самопожртвување, себичниот богаташ ќе се види себеси колку е во спротивност со тоа, несреќен, безволен, сиромашен, слеп и гол и ќе постане толку мал во своите очи, така што ќе има повозвишено мислење за Христа од себеси и зграпчувајќи го вечниот живот. {6C 82.3}

Обратен кон вистината, тој ќе стане средство во Божјата рака за по натамошно ширење на светлината. Тој ќе чувствува товар и за другите души на оваа занемарена класа. Ќе сфати дека му е доверено ширењето на евангелието меѓу оние кои не знаат за ништо друго, освен за овој свет. Ќе го посвети своето време и своите пари за Бога; средства ќе при текнуваат во Божјата ризница, способните и угледни луѓе ќе се обратат кон вистината и црквата ќе стекне нова делотворност и сила. {6C 82.4}

Христос ги поучил Своите гласници да пријдат исто така и на оние кои се наоѓаат на споредните патишта и меѓу оградите, на сиромашните и понизните на земјата. Многумина меѓу нив не сфаќаат што мораат да направат за да бидат спасени. Многумина потонале во грев. Многумина очајуваат, мачени со секојдневни болести на телото и душата. Тие копнеат за тоа да најдат утеха за своите проблеми, а сатаната ги наведува да бараат олеснување во порокот и во задоволување на те лесните желби кои водат кон пропаст и смрт. Тие ги трошат своите пари за она што не е храна и се трудат за она што не може да ги задоволи. Тие души не треба да се одминат. {6C 83.1}

Во нашето дело на залагање за Божјите заповеди и поправање на пукнатината што е направена во Неговиот закон треба да внесуваме и сожалување кон човештвото што страда. Ние треба да манифести раме најголема љубов кон Бога, издигнувајќи го Неговиот споменик, кој несветите луѓе го фрлиле под нозе; но во тоа дело исто така треба да покажеме милост, добрина и најнежно сожалување кон страдалниците и грешниците. {6C 83.2}

Секаде каде што се изложува вистината, мораат од почеток да се вложуваат најсесрдни напори поради проповедање на евангелието на сиромашните и поради исцелување на болните. Благодарение на верното залагање во таквата работа, на црквата ќе ѝ пристапат многу души кои ќе бидат спасени. {6C 83.3}

На оние кои работат од куќа до куќа ќе им се пружи можност да служат на многу начини. Тие треба да се молат за болните и да направат сè што е во нивна моќ за да ги ублажат нивните страдања. Тие треба да работат меѓу понизните, сиромашните и потчинетите. Треба да се молиме за беспомошните и за оние кои немаат силна волја да ги совладаат склоностите кои страста ги деградирала. Треба да се вложуваат ревносни истрајни напори поради спасение на оние во чии срца се пробудил интерес. На многумина може да се влијае само преку дела на несебична љубов. Прво мораат да се ублажат нивните телесни маки. Кога ќе ги видат доказите на нашата несебична љубов, ќе им биде по лесно да поверуваат во Христовата љубов. {6C 83.4}

За таа работа најсоодветни се мисионерските медицински браќа и сестри; но и други треба да им се придружат во тоа; иако не се посебно обучени и подготвени за тоа, тие можат од оние со кои работат да на учат како на најдобар начин да ги негуваат болните. {6C 84.1}

Празни зборови, фарисејство и самоиздигање има во изобилство, но со тоа никогаш нема да се придобијат душите за Христа. Чиста, посветена љубов, љубов каква што се одразувала во Христовото животно дело, слична е на свет мирис. Како скршен сад со миризливо масло на Марија, таа ја исполнува целата куќа со мирис. Познавањето на вистината, исклучителните способности и најдрагоцените таленти не можат да ја заменат љубовта. {6C 84.2}

Таа љубов мора да се манифестира од страна на Божјите работници. Љубовта кон Бога и кон оние поради кои Христос умрел ќе го из врши делото кое едвај можеме да го сфатиме. Оние кои не ја негуваат и не ја развиваат таа љубов, не можат да бидат успешни мисионери. {6C 84.3}

Сите кои се одлучиле за Христа треба да работат за оние кои се мртви во престапите и гревовите. Насекаде каде што вистината е објавена и каде што народот почнал да се буди и обратува во исто време, верниците треба да се обединат во манифестирање на љубовта кон ближните. Секаде каде што библиската вистина е изложена, мора да отпочне работата на практична побожност. Секаде каде што е организирана црква, делото на мисионерите треба да биде залагање за беспомошните и настраданите. {6C 84.4}

Грижа за нашите сиромашни

Нам ни е наложено да „им правиме добро на сите, а посебно на своите по вера“ (Галатјаните 6:10). Вршејќи го делото на милосрдие, посебна помош треба да пружаме на оние кои се обратиле благодарение на излагањето на вистината. Мораме да водиме грижа за оние кои имаат морална храброст да ја прифатат вистината, и кои поради тоа ја губат својата положба и се принудени да ја напуштат работата со која ги издржувале своите семејства. Треба да се погрижиме за пружање на помош на достојните сиромаси и за вработување на оние го љубат Бога и ги држат Неговите заповеди. Не смееме да ги оставиме без помош, да се чувствуваат принудени да работат во сабота или да умрат од глад. Оние кои ќе се одлучат на Господова страна треба да видат дека адвентистите на седмиот ден се чувствителен народ, полн со самооткажување и самопожртвување, кој со задоволство и радост им помага на своите браќа во неволја. Тоа се оние за кои Господ вели: „Сиромашните кои се отфрлени закрили го во домот свој“ (Исаија 58:7). {6C 85.1}

Работници и црковни служители

Изборот на служители за новите цркви треба да се врши со голема грижливост. Тоа треба да бидат потполно обратени мажи и жени. Треба да се бираат оние кои се најспособни да даваат поуки, кои ќе можат да служат и со зборови и со дела. Во тој поглед постои голема потреба во сите гранки на делото. {6C 85.2}

Никогаш не смее да се дозволи интересот да ослабне. Треба да се пронајде метод за одржување на длабок и жив интерес во новите цркви. Сите членови на црквата треба да чувствуваат лична одговорност. Сите треба да се залагаат според своите најдобри способности за црквата да зајакне и состаноците да бидат толку полни со живот за да станат

интересни и привлечни за луѓето од надвор. Сите треба да сметаме дека е грев да дозволиме интересот да ослабне кога треба постојано да изложуваме толку свети и важни вистини од живата Божја Реч. На сите треба највпечатливо да им се предочи потребата за крштавање со Светиот Дух, потребата за посветеност на членовите на црквата, за сите да бидат живи, плодоносни стебла во Господовата градина. {6C 85.3}

Бог повикува самопожртвувани, несебични работници. Оние кои своето од Бога дадено време го посветуваат на барање на душите, во душевна агонија за истите, стражејќи будно над нив како оние кои мораат да полагаат сметка ќе стекнат богато искуство. Додека ги соопштуваат драгоцените вистини на Божјата Реч на другите, нивните сопствени срца ќе се отворат за Речта. Тие ќе бидат научени од Големиот Учител. {6C 86.1}

Христос отворил еден извор за грешниот, настрадан свет и се слуша гласот на божествената милост: „Дојдете сите жедни души, дојдете и напојте се". Водата на животот можете да ја земете бесплатно. Оној кој слуша, треба да каже: Дојди; и кој сака, нека дојде. Сите души и жените исто така и мажите нека ја објавуваат оваа вест. Тогаш делото ќе биде проширено до сите населени места на Земјата. Ќе се исполнат зборовите на Светото Писмо: Во тој ден Господ ќе ги отвори изворите во долините и „реките во сувата земја" и „со радост ќе црпите вода од изворите на спасението" (Исаија 41:18; 43:19, 20; 12:3). {6C 86.2}

ПОМАЛКУ ДРЖЕЊЕ НА ПРОПОВЕДИ, ПОВЕЌЕ ПОУЧУВАЊЕ

На нашите црковни собори не треба да се бара од еден или двајца работници сами да ги одржуваат сите проповеди и поучувања во библиските вистини. Некогаш може повеќе да се постигне ако големиот со бир на луѓе се подели на отсеци. Така учителот на библиската вистина може поблиску да му пријде на народот отколку на големиот собир. {6C 87.1}

На нашите состаноци под ведро небо многу повеќе се држат проповеди отколку што е потребно. Поради тоа се навалуваат големи товари на проповедниците и се запоставуваат многу нешта на што треба да се посвети внимание. Незабележани минуваат многу ситници кои ја отвораат вратата на сериозни зла. Проповедникот ги исцрпува своите физички сили и се лишува од времето кое му е потребно за размислување и молитва за да ја одржува својата сопствена душа во Божја љубов. И кога се натрупуваат толку многу проповеди, народот нема време да го прими она што го слушнал. Умовите на слушателите се збунуваат и службите им изгледаат досадни и заморни. {6C 87.2}

Треба помалку да се држат проповеди, а повеќе да се поучува. Има луѓе кои бараат поодредена светлина од онаа што ја примаат слушајќи проповеди. На некои им е потребно подолго време отколку на другите за да ги сфатат изложените вистини. Кога вистината би била малку појасно изложена, тие би ја сфатиле и би ја прифатиле и таа би била како клин закован на сигурно место. {6C 87.3}

Покажано ми е дека нашите црковни собори треба да станат попривлечни и поуспешни. Како што се приближуваме кон крајот, јас видов дека на таквите состаноци ќе има помалку проповедање, а повеќе проучување на Библијата. За таа цел треба да се организираат мали групи со Библија во своите раце, како и групи кои во слободен разговор ќе го проучуваат Светото Писмо. {6C 87.4}

На тој начин Христос ги поучувал Своите ученици. Кога околу Спасителот се собирало мноштво народ, Тој, поучувајќи ги Своите ученици му зборувал на цело тоа мноштво. Потоа, по беседата учениците му пристапувале на народот и го повторувале она што Христос го кажал. Честопати слушателите погрешно ги толкувале Христовите зборови и учениците им објаснувале што кажувале библиските стихови и што Христос учел дека тие зборуваат. {6C 88.1}

Ако човекот кој чувствува дека Бог го повикал за проповедник, биде понизен, учејќи се од Христа, тогаш ќе стане вистински учител. Она што е потребно на нашите црковни собори е проповедничка служба, оживеана со Светиот Дух. Потребно е помалку проповедање, а повеќе залагање за образување на народот во практична вера. На народот мора впечатливо да му се прикаже фактот дека Христос е спасение за секој кој верува. „Зашто Бог толку го возљуби светот, што го даде Својот Единороден Син, та секој што верува во Него да не загине, туку да има вечен живот“ (Јован 3:16). Постојат величествени теми за кои проповедниците на евангелието можат да зборуваат. Христос рекол: „Кој ве рува во Мене, има вечен живот“ (Јован 6:47). {6C 88.2}

Ако усните на проповедникот се допрени од јагленот од олтарот, тој ќе го воздигнува Исуса како единствена надеж за грешникот. Кога срцето на говорникот е посветено со вистината, неговите зборови ќе бидат жива стварност за него самиот и за другите. Оние кои го слушаат ќе знаат дека бил со Бога и дека Му се приближил во сесрдна, делотворна молитва. Светиот Дух се симнал на него, неговата душа го по чувствувала животворниот, небесен оган и тој ќе биде во состојба да ги споредува духовните работи со духовни работи. Нему му е пода рена моќ да ги сруши сатанските тврдини. Неговото излагање на Божјата љубов ќе ги скрши срцата и многумина ќе запрашаат: „Што треба да правам за да се спасам?“ {6C 88.3}

ПРОПОВЕДНИЧКИ ИНСТИТУЦИИ

„Одете по целиот свет и проповедајте го евангелието на секое суштество“ така гласи заповедта која Спасителот ја дал на Своите работници. Меѓутоа, оваа јасна заповед е занемарена. Иако светлината постојано била давана, луѓето заминувале од своето поле на работа и по неколку седмици престојувале во проповедничките институции. Постоело извесно време кога тоа било потребно, зашто нашиот сопствен народ се противел на Божјото дело, одбивајќи ја светлината за Христовата праведност преку вера. Тие требало тоа да го примат и понатаму да го шират со срце, глас и перо, зашто само на тој начин тие можат да постигнат успех. Требало да работат под раководство на Светиот Дух за да ја шират светлината на другите. {6C 89.1}

Одржувањето на толкав број на библиски установи кај нашиот сопствен народ не е толку мудро. Целта е добра, но постои итно дело кое треба да се изврши во пренесување на вистината во области во кои таа никогаш не продрела. Работниците се задржуваат за да работат за оние кои веќе стекнале знаење за вистината и не стигнуваат до на родот кој сè уште не ја познава вистината. Посветувајќи секоја година многу време во проповедничките институции, нашите браќа ги занемаруваат полињата кои се веќе зрели за жетва. Оставени се без опомена душите кои се наоѓаат во духовно слепило сред предрасудите примени под влијание на оние кои ја изопачуваат вистината. О, колку поединците, организациите и

црквите ќе мораат да одговараат поради оваа немарност во оној ден кога на секој човек ќе му се суди според неговите дела направени во телото! Тогаш ќе се види колкави одговорности сме пропуштиле што не го проширивме делото во далечните области. {6C 89.2}

Посетувањето на тие многубројни установи не донело корист ниту на самите работници. Способностите најдобро се развиваат таму каде што се најпотребни. Проповедниците кои се повикани од своите полиња за да ги посетуваат проповедничките институции, нема да бидат толку добро подготвени за работа како што би биле ако целосно се посветиле на работата во запуштените полиња во кои треба да се по дигне знамето на вистината. Кога би ја проучувале Божјата Реч во дух кој сака да прими поука, молејќи се и стражарејќи во молитва, кога би работеле онака како што се молат, Божјите ангели би го просветлиле нивниот ум и тие би ја сфатиле вистината во сета нејзина убавина. {6C 89.3}

Ако сте го примиле сознанието на вистината, пренесете го на оние кои сè уште се наоѓаат во темнина, без Бога и без надеж во светот. Таа задача бара работа со различни луѓе и Бог обилно ќе ги благослови Своите слуги кои од Него ќе побараат мудрост. Светиот Дух ќе се симне на сите кои молат за леб на животот за да го дадат на своите ближни. {6C 90.1}

Наместо одржување на институции за проповедници, испратете ги тие проповедници да работат во места каде што биле одржани црковни собори. Бидејќи со Божје чудо се нахраниле со лебот на животот, тие треба да работат за да ги нахранат другите. {6C 90.2}

Големи суми на пари кои се трошат на проповеднички институции би донеле многу поголеми резултати кога би се потрошиле за издржување на проповедниците кои работат во мисионските полиња. {6C 90.3}

Меѓу проповедниците има луѓе на вера и молитва кои можат да кажат: „Она што беше од почетокот, она што го чувме, она што со очите свои го видовме, што го разгледавме и што рацете наши го опипаа, за Словото на животот... она што го видовме и чувме, тоа ви го навестуваме“ (1. Јованово 1:13). Овие луѓе треба да учат други. Работниците треба да се обучуваат преку вистинска работа со искусни луѓе. {6C 90.4}

КРШТАВАЊЕ ЗНАЧЕЊЕ НА ОВОЈ ОБРЕД

Обредите на крштавање и Господовата вечера се два величествени столба, едниот надвор од црквата, а другиот во неа. На тие обреди Христос го испишал името на вистинскиот Бог. {6C 91.1}

Христос го направил крштавањето знак на стапување во Неговото духовно царство. Тој го направил неопходен услов кој мораат потполно да го исполнат сите оние кои сакаат да бидат признати како оние кои се потчинуваат на авторитетот на Таткото, Синот и Светиот Дух. Пред да најде во црквата свој дом, пред да премине преку прагот на духовното Божје царство, човекот мора да прими печат на божественото име: „Господ наша праведност“ (Еремија 23:6). {6C 91.2}

Крштавањето е најсвечено одрекување од светот. Оние кои се крс тени во тројното име на Таткото, Синот и Светиот Дух јавно изјавуваат на самото влегување во својот христијански живот дека се откажале од службата на сатаната и дека станале членови на

царското семејство, деца на небесниот Цар. Тие се покориле на заповедта: „Излезете од нивната средина и одделете се... и не допирајте се до нечисто". На нив се исполнило ветувањето: „Јас ќе ве примам и ќе ви бидам Татко, а вие ќе Ми бидете синови и ќерки, вели Господ Седржителот" (2. Коринтјаните 6:17,18). {6C 91.3}

Подготовка за крштавање

На кандидатите за крштавање им е потребна поцелосна подготовка. Ним им е потребно да им се дадат повеќе совесни поуки отколку што обично се даваат. На оние кои ја примаат вистината треба да им се објаснат начелата на христијанскиот живот. На нивното исповедање на верата никој не може да се потпре како на доказ дека тие имаат спасоносна врска со Христа. Ние не треба само да кажеме „јас верувам", туку треба и да живееме според вистината. Нашата заедница со Бога ќе ја докажеме покорувајќи се на Неговата волја со своите зборови, постапки и карактер. Кога некој ќе се откаже од гревот, кој е престапување на законот, неговиот живот, во совршена покорност ќе се прилагоди на законот. Тоа е дело на Светиот Дух. Светлината на грижливо проучуваната Божја Реч, гласот на совеста, делувањето на Духот, сето тоа раѓа во срцето искрена љубов кон Христа, кој се дал Себеси на жртва за да го откупи човекот телото, душата и духот. А љубовта се покажува во покорноста. Ќе се покаже јасна и очевидна граница по меѓу оние кои го љубат Бога и ги држат Неговите заповеди и оние кои не Го љубат и кои ги игнорираат Неговите прописи. {6C 91.4}

Верните христијани и христијанки треба да настојуваат со сите свои сили да ја доведат обратената душа до правилно спознание на праведноста во Исуса Христа. Ако некои души дозволиле со нивниот живот да завладеат желбите за себични задоволства, совесните верници треба будно да стражарат над нив како оние кои мораат да положат сметка. Тие не смеат да го занемарат верното и љубезно поучување, кое е толку битно за новообратените, за нивната работа да не биде половична. Особено првото искуство треба да биде правилно. {6C 92.1}

На сатаната не му е по волја некој да ја увиди неопходноста од пот полно предавање на Бога. Ако душата пропушти да го изврши тоа предавање, значи дека не се откажала од гревот; апетитот и страстите се борат за превласт, искушенијата ја збунуваат совеста и така не доаѓа до вистинско обратување. Кога сите би можеле да сфатат колкава борба мора да води секоја душа со сатанските сили кои копнеат да фатат во стапица, да заведат и измамат, ние многу повеќе би се труделе околу оние кои се млади во верата. {6C 92.2}

Ако овие души се препуштат сами на себе, тие често ќе паѓаат во искушенија и нема да можат да го разликуваат злото во тие искушенија. Објаснете им дека нивно право е да бараат совет. Упатете ги во друштво на оние кои можат да им помогнат. Со своето дружење со оние кои го љубат Бога и се бојат од Него, тие ќе примат сила. {6C 93.1}

Нашите разговори со тие души треба да бидат духовни и со охрабрувачки карактер. На Господа Му се познати борбите на секоја слаба душа која мора да се бори со сомнежите и Тој ќе им помогне на сите кои ќе го повикаат. Тие ќе видат како небото се отвора и како Божјите ангели се симнуваат и качуваат по скали од сјајна светлина, по кои и тие настојуваат да се искачуваат. {6C 93.2}

Задача народителите. Задачата народителите чии деца сакаат да се крстат се состои во испитување на себеси и во давањето на совесни поуки на своите деца. Крштавањето е најсвет и најзначаен обред, затоа треба потполно да се сфати неговото значење. Тоа значи покајание поради гревовите и влегување во нов живот во Исуса Христа. Не треба да се брзаме пред да се изврши овој обред. И децата и родителите нека пресметаат колку тоа ќе ги чини. Согласувајќи се на крштавање на своите деца, родителите свечено се обврзуваат да бидат верни повереници над тие деца и да ги водат во развивање на нивниот карактер. Тие се обврзуваат со посебно внимание да стражарат над овие јагнињa на стадото, за да не ја обесчестат верата што ја исповедаат. {6C 93.3}

Децата треба да се поучуваат во верата од нивното најрано детство, и тоа не во дух на осудување, туку во ведар, радосен дух. Мајките мораат постојано да внимаваат нивните деца да не паднат во искушение, а тие тоа да не го забележат. Родителите мораат да ги чуваат своите деца со разумно и пријатно поучување. Како најдобри пријатели на не искусните деца, треба да им помогнат во делото на победување, за што за нив од најголемо значење е да станат победници. Тие мораат да имаат на ум дека нивните драги деца, кои копнеат да прават добро, се млади членови на Господовото семејство и мораат со сите сили да се залагаат да им помогнат и да ги упатат нивните нозе на царскиот пат на послушност. Со љубов треба да ги поучуваат од ден на ден што значи да се биде Божје дете и послушно да се потчинат на Неговата волја. Поучувајте ги дека послушноста кон Бога опфаќа и послушност кон родителите. Тоа мора да биде ваша работа секој ден и секој час. Родители, стражарете, стражарете и молете се и направете ги своите деца свои сопатници. {6C 93.4}

Кога ќе настапи најсреќниот период во нивниот живот кога, љубејќи го Исуса во своите срца, сакаат да бидат крстени, тогаш треба совесно да постапувате со нив. Пред да пристапат на обредот крштавање, запрашајте ги дали нивна главна цел во животот ќе биде да работат за Бога. Потоа кажете им како треба да се почне. Првите поуки се од најголемо значење. Едноставно поучете ги каква треба да биде нивната прва служба на Бога. Објаснете им така што ќе можат да разберат. Објаснете им што значи да Му се предадеме на Господа, да чиниме токму онака како што Неговата реч упатува, под советување народителите христијани. {6C 94.1}

Откако верно сте го извршиле своето дело, ако сте уверени дека вашите деца го сфаќаат значењето на обратувањето и крштавањето, ако вистински се обратени, пуштете ги да се крстат. Но, повторувам, пред сè подгответе се самите да постапувате како верни пастири, на соочувајќи ги нивните неискусни нозе по тесната патека на послушноста. Бог мора да делува преку родителите, за тие да им пружат на своите деца добар пример во љубовта, учтивоста и христијанската понизност и во целосно предавање на самите себеси на Христа. Ако се согласите на крштавање на своите деца, а потоа им препуштите да работат по своја волја, не чувствувајќи должност да ги управувате нивните нозе по права патека, тогаш самите ќе бидете одговорни ако ја изгубат ве рата, храброста и интересот за вистината. {6C 94.2}

Задача на пасторот. Кандидатите кои се развиле во мажи и жени, треба подобро да ги сфаќаат своите должности од помладите, но пасторот на црквата треба да изврши една должност кон тие души. Имаат ли тие лоши навики и обичаи? Должност на пастирот е да одржува посебни состаноци со нив. Проучувајте ја Библијата со нив; разговарајте и молете се со нив и јасно изложете им што Господ бара од нив. Читајте им библиски поуки во поглед

на обратувањето, укажете им дека плодовите на обратување се доказ дека го љубат Бога. Покажете им дека обратувањето значи промена на срцето, мислите и целите. Тие мораат да се откажат од лошите навики. Мораат да ги отфрлат гревовите на озборување, завист и непослушност. Мораат да се борат против лошите црти на карактерот; тогаш оние кои веруваат, можат со разбирање да го применат на себе ветувањето: „Барајте и ќе добиете“ (Матеј 7:7). {6C 95.1}

Испитување на кандидатите

Оние кои се пријавуваат за крштавање не подлегнуваат во доволна мерка на грижливо испитување во поглед на нивната приврзаност. Треба да се испита дали тие само го земаат името адвентист на седмиот ден или преминуваат на Господова страна, излегувајќи од светот, издвојувајќи се од истиот и не допирајќи се до ништо што е нечисто. Пред крштавањето, треба детално да се испита животот на кандидатот. Тоа испрашување не треба да се врши ладно и на дистанца, туку со сочувство и нежност, укажувајќи им на обратените на Божјото Јагне кое на Себе ги зема гревовите на светот. Укажете им на кандидатите за крштавање на барањата од евангелието кои се однесуваат на нив. Една од точките за која треба да се поучат оние кои пристапуваат кон верата е прашањето за облекувањето. Кон новообратените треба совесно да се постапува во тој поглед. Дали тие се суетни во облекувањето? Дали негуваат гордост на срцето? Идолопоклонството кон облекувањето е морална болест. Тоа не смее да се внесе во новиот живот. Во најголем број на случаи, потчинувањето на барањата на евангелието ќе бара одлучни промени во облекувањето. {6C 95.2}

Во поглед на облекувањето не смее да постои немарност. Поради Христа, чии сме сведоци, мораме да се трудиме да изгледаме најдобро што можеме. За службата во шаторот од состанок Бог го одредил се кој детаљ во поглед на облеката на оние кои требало да служат пред Него. Од тоа гледаме дека Тој претпочитал во поглед на облекувањето на оние кои Му служеле. Особено детални упатства се дадени во поглед на Ароновата облека, зашто таа била симболична. Така и облеката на Христовите следбеници треба да биде симболична, бидејќи во сè треба да бидеме Негови претставници. Нашиот изглед во секој поглед мора да одразува уредност, умереност и чистота. Меѓутоа, Божјата Реч не дозволува промени во облекувањето заради модата за да се прилагодиме кон овој свет. Христијаните не треба да го украсуваат своето тело со скап накит и украси. {6C 96.1}

Зборовите на Светото Писмо во поглед на облекувањето треба грижливо да се разгледаат. Мораме да сфатиме што Му е угодно на Господа дури и во поглед на облекувањето на телото. Сите кои рев носно ја бараат Христовата благодат ќе се потчинуваат на драгоцените зборови на поука кои Бог ги вдахнал. Дури и начинот на облекување ја одразува вистината на евангелието. {6C 96.2}

Сите кои го проучуваат Христовиот живот и го спроведуваат на дело Неговото учење стануваат слични на Него. Нивното влијание ќе биде слично на Неговото. Тие ќе покажат цврстина на карактерот. Одејќи понизно по патеката на послушноста, творејќи ја Божјата волја, тие ќе вршат влијание во корист на напредокот на Божјото дело и здравата чистота

на Неговото дело. Тие потполно обратени души ќе претставуваат сведоци за светот, сведоци со посветувачко дејство на вистината врз човечкиот карактер. {6C 96.3}

Познавањето на Бога и Исуса Христа, одразено во карактерот, е по возвишено од сè што се цени на земјата и на небото. Тоа претпоставува највозвишено образование. Тоа е клуч кој ги отвора портите на небесниот град. Божја намера е сите кои ќе Му пријдат на Христа по пат на крштавање да го поседуваат тоа знаење. И должност на Божјите слуги е на тие души да им ја изложат предноста на нивниот висок повик во Исуса Христа. {6C 97.1}

Извршување на обредот

Секогаш кога е можно, крштавањето треба да се извршува во бистро езеро или протечна вода. Обредот треба да се извршува што по достоинствено и што посвечено. На таквата служба секогаш присуствуваат Божјите ангели. {6C 97.2}

Оној кој го извршува обредот на крштавање треба да се труди тоа да остави впечаток на свеченост и светост на сите гледачи. Секој верски обред треба да се врши така што со своето влијание ќе ги издигнува присутните. Ништо не смее да биде обично, омаловажено, ниту поставено на ниво на обични работи. Нашите цркви мораат да се воспитаат на поголем респект и стравопочит кон Божјата служба. Онака како што проповедниците се однесуваат во службата која е поврзана со богослужението, така тие и го обучуваат народот. Малите постапки кои ја воспитуваат, обучуваат и ја дисциплинираат душата за вечноста, имаат големи последици во поглед на издигнувањето и посветувањето на црквата. {6C 97.3}

Секоја црква треба да биде снабдена со мантили за крштавање. Тоа не треба да се смета за непотребен паричен издаток. Тоа е едно од нештата кои се бараат во послушност на налогот: „Сè нека биде чесно и уредно“ (1. Коринтјаните 14:40). {6C 97.4}

Не е добро една црква да се потпира на тоа мантилите за крштавање да ги позајмува од друга црква. Често се случува мантили да не можат да се најдат тогаш кога се потребни, зашто некој кој ги позајмил занемарил да ги врати. Секоја црква треба да се погрижи за своите потреби во тој поглед. За таа цел треба да се основа фонд. Ако целата црква сложно се заложи, тоа нема да биде тежок товар. {6C 98.1}

Тие мантили треба да бидат од цврст материјал со темна боја на која не ѝ штети водата, а на долниот раб треба да се сошие нешто тешко за да не се подигаат во водата. Треба да бидат уредни, добро скроени според одобрен крој, без никакво накитување, набирање или украсување. Секој раскош во поглед на украс или накитување, никако не е на свое место. Кога кандидатите ќе го сфатат значењето на обредот, нема да копнеат за лично украсување. Сепак, ништо не смее да биде излитено или неугледно, зашто тоа би било навреда за Бога. Сè што е во врска со овој свет обред треба да покажува совршена подготовка. {6C 98.2}

По крштавањето

Заветите кои ги преземаме на себе со крштавањето опфаќаат многу работи. Во име на Таткото, Синот и Светиот Дух погребани сме по углед на Христовата смрт и воскреснавме по углед на Неговото воскресение, за отсега да живееме нов живот. Нашиот живот треба да

биде поврзан со Христовиот живот. Оттогаш верникот мора да има на ум дека Му се посветил на Бога, Христа и Светиот Дух и дека сите обѕири на овој свет мора да се стават на второ место во својот нов однос. Тој јавно изјавил дека се откажува од горделивоста и попуштањето кон самиот себеси и дека веќе нема да живее со безгрижен, рамнодушен живот. Тој направил завет со Бога; тој умрел за овој свет. Отсега треба да живее за Господа, употребувајќи ги сите свои способности во Неговата служба и никогаш не губејќи од вид дека носи Божји потпис, дека е поданик на Христовото царство, учесник во божествената природа. Мора сè што има да Му потчини на Бога, употребувајќи ги сите свои дарови во слава на Неговото име. {6C 98.3}

Обврските што се преземаат во духовната спогодба, склучена при крштавањето, се взаемни. Кога човечките суштества го извршуваат својот дел од должностите во послушност и со сето срце, тие имаат право да се молат: „Нека се знае, Господи, дека Ти си Бог во Израел“. Фактот дека сте крстени во име на Таткото, Синот и Светиот Дух е гаранција дека тие сили, кога ќе побарате нивна помош, ќе ви пружат помош во секоја неволја. Господ ќе ги слушне и услиши молитвите на Своите искрени следбеници кои го носат Христовиот јарем и се учат во Неговата школа на Неговата кротост и понизност. {6C 99.1}

„И така, ако сте воскреснале заедно со Христа, барајте го она што е горе, каде што Христос седи оддесно на Бога; мислете за небесното, а не за земното. Зашто вие умревте, и вашиот живот е сокриен со Христос во Бога“ (Колосјаните 3:13). {6C 99.2}

„И така, како Божји избраници, свети и возљубени, облечете се во милосрдност, доброта, смиреност, кротост и долготрпеливост; трпете се еден со друг и проштавајте си. Ако некој има поплака на некого, како што Христос ви прости, така и вие направете. А над сето тоа облечете се во љубов, која сè сврзува во совршенството, и мирот Божји нека владее во срцата ваши, за што сте повикани во едно тело и бидете благодарни... И сè што правите со збор или со дело, правете го во името на Господа Исуса Христа, благодарејќи Му преку Него на Бога и Таткото“ (Колосјаните 3:12-17). {6C 99.3}

ПОДИГНУВАЊЕ НА МОЛИТВЕНИ ДОМОВИ

Кога во некое гратче или град ќе се пробуди интерес, работата со тие луѓе кои имаат интерес треба да продолжи. Во такво место треба ревносно да се залага сè додека во него еден скромен молитвен дом не стои како знак, како споменик на Божјата сабота, како светлина во моралната темнина. Такви споменици треба да се наоѓаат на многу места како сведоци на вистината. Во Својата милост, Бог предвидел весниците на евангелието да одат во сите земји за да се обраќаат на сите јазици и народи и знамето на вистината да биде подигнато во сите населени краеви на светот. {6C 100.1}

Секаде каде што ќе се оформи група на верници, треба да се по дигне молитвен дом. Работниците не треба да го напуштаат таквото место додека тоа не се оствари. {6C 100.2}

Во многу места каде што вистината била проповедана и каде што душите ја прифатиле, народот е премногу сиромашен, така што не може да направи многу во тој правец. Тоа честопати го отежнува ширењето на делото. Кога некои души се заинтересираат за вистината, проповедниците на другите цркви им зборуваат а нивните членови повторуваат:

„Тие луѓе немаат црква, а вие немате ниту место за богослужение. Вашата група е мала, сиромашна и неука. Проповедниците ќе заминат за кратко време и тогаш ќе исчезне интересот. Тогаш и вие ќе ги напуштите овие нови идеи кои ги прифативте". {6C 100.3}

Можеме ли да претпоставиме дека тоа нема да биде силно искушение за оние кои ги сфатиле причините за нашата вера и кои Светиот Дух ги обратил во поглед на сегашната вистина. Треба често да се повторува дека од незабележливи почетоци се развиваат големи работи. Ако сакаме да покажеме мудрост, посветено расудување и вештина на раководење во застапувањето на интересите на царството на нашиот Откупител, мораме да направиме сè што е можно за да го убедиме на родот во стабилноста на нашето дело. Треба да се подигаат скромни светилишта во кои оние кои ја примиле вистината ќе можат да го слават Бога онака како што им наложува нивната сопствена совест. {6C 100.4 }

Секаде каде што е тоа можно, нашите молитвени домови и згради на црквата треба при посветувањето да бидат слободни од долгови. Ако се подига некоја црква, треба да ја подигаат и градат членовите. Под раководство на еден проповедник, кого ќе го помагаат со совет неговите браќа проповедници, новообратените треба да работат на тоа со сопствени раце, зборувајќи: „Нам ни е потребен дом за состаноци и ние мораме да го имаме". Бог го повикува Својот народ со задоволство и сложно да се фати за работа во Неговото дело. Постапувајте така и наскоро ќе биде слушнат глас на благодарност: „Видете што направи Господ". {6C 101.1}

Сепак, има случаи во кои една млада црква нема да биде во состојба веднаш да го поднесе товарот на градење на молитвен дом. Во тие случаи треба да помогнат браќата од другите цркви. Во некои случаи ќе биде подобро да се позајмат пари, отколку да не се гради. Ако некој човек, кој веќе приложил колку што можел, располага со парични средства и подготвен е да позајми пари, без интерес или со мали ка мати, треба да се користат овие пари додека не се исплати долгот. Се пак, повторувам дека молитвените домови, ако е можно, при посветувањето треба да бидат слободни од долгови. {6C 101.2}

Во нашите цркви не смеат да се изнајмуваат седишта. На богатите не треба да им се укажуваат поголеми почести отколку на сиромашните. Не смее да се прави никаква разлика. „Сите вие сте браќа". {6C 101.3}

Ниту еден наш молитвен дом не смее да биде раскошен, зошто тоа нема да придонесе за ширење на делото. Нашата економичност треба да биде сведоштво за нашата верност на начелата. Во своето дело не треба да се служиме со краткотрајни методи на работа. Сè што се прави треба да се направи солидно, за сега и за вечноста. {6C 101.4}

Покажано ми е како некои цркви се немарни во поглед на влегување и отплата на долговите. Во некои случаи Божјиот дом е постојано во долг. Постојано мораат да плаќаат камати. Вака не треба и не мора да биде. Ако во тој поглед ревносно се покажат во работата за Учителот онаа мудрост и тактичност кои Бог ги бара, ова ќе се промени и долговите ќе се отплатат. Бог ги повикува оние кои се во можност, пожртвувано да приложат; а и сиромашните можат скромно да дадат свој придонес. Самопожртвувањето ќе му овозможи на секого да направи нешто. И старите и младите, и родителите и децата треба да ја докажат својата вера преку своите дела. На сите членови на црквата треба највпечатливо да им се прикаже неопходноста секој да ја изврши својата должност во тој поглед. Секој нека направи сè што може. Ако постои волја нешто да се направи, Бог ќе направи тоа да биде воз можно. Тој не сака Неговото дело да биде оптоварено со долг. {6C 102.1}

Бог повикува на самопожртвување. Ова нема да придонесе само за финансиски, туку и за духовен напредок. Самооткажувањето и пожртвуваноста ќе направат чуда во напредување на духовноста на црквата. {6C 102.2}

На Бога не Му е по волја нашите цркви да бидат оптоварени со долгови. „Среброто е Мое и златото е Мое, говори Господ Саваот“ (Агеј 2:8). Бог е обесчестен ако златото и среброто се искористат за себични цели, за да се угоди на задоволување на амбицијата, гордоста, желбите за било какво себично угодување. Народот кој Бог го избрал не може да биде благословен ако ги разубавува своите куќи и ги троши Неговите пари на себични цели, оставајќи го Неговото дело да страда заради недостаток. {6C 102.3}

Кога ќе го ставите Господа на прво место и кога ќе одлучите Неговиот дом веќе да не го обесчестувате со долг, Бог ќе ве благослови. Трудете се секоја седмица да одвоите нешто за оваа цел, нешто покрај вашиот десеток. Имајте една кутија за тоа. Објаснете им на своите деца дека тоа е кутија на самооткажување, во која ќе го ставите секој денар кој не потребен за покритие на вистинските потреби. Тоа е наменето за Господовиот дом и со тоа треба од Господовиот дом да се симне долгот со кој на небото му се нанесува срам. Жртвувајќи се во тој поглед, секој член на семејството ќе прими благослов. {6C 103.1}

Бог ја чита секоја мисла и ја забележува секоја постапка. Тој ќе го благослови секое дело направено во искрена намера за да се унапреди Неговото дело. Два денари или само чаша свежа вода, пружени со сочувство и љубов, можат да бидат делотворни во правење на добра овде и да донесат награда во вечноста. {6C 103.2}

Главно прашање кое секој христијанин треба да си ги постави се беси гласи: „Дали во длабочината на мојата душа има најмногу љубов за Христа? Дали го љубам Неговото светилиште? Зар нема да му од давам чест на Господа со тоа што Неговата света установа ќе ја ставам на прво место? Дали мојата љубов кон Бога и мојот Откупител е до волно силна за да ме поттикне да се откажам од себе? Зар не треба, кога ќе дојдам во искушение да ѝ попуштам на себичноста и да барам себични задоволства, да кажам: Не, нема да потрошам ништо за задоволување на своите желби додека Божјиот дом е оптоварен со долг?“ {6C 103.3}

Нашиот Откупител полага право на многу повеќе од она што ние Му го даваме. Себичноста ги истакнува на прво место своите барања; но Господ бара цело срце, сета наша љубов. Тој не сака да е на второ место во нашиот живот. И зар не треба на Христа да Му го укажуваме своето прво и највозвишено внимание? Зар Тој не треба да го бара тој доказ на нашата верност и почит? Тие работи треба да ја сочинуваат срцевината на нашиот живот во домашниот круг и во црквата. Ако своето срце, сила и живот во целост Му ги потчиниме на Бога, ако Му ја предадеме сета наша љубов, тој ќе биде врховен во сета наша служба. Ако живееме во склад со Неговата волја, Неговата чест и слава ќе ни бидат поважни од сè друго. На никој друг нема со поголемо задоволство да ги даваме нашите жртви и дарови. Ќе чувствуваме што значи да се биде Христов соработник во светиот потфат. {6C 103.4}

Домот во кој Бог се состанува со Својот народ ќе виде драг и свет на секое Негово верно дете, и тие нема да дозволат истиот да биде осакатен со долгови. Да се дозволи тоа, значи речиси исто како да се откажете од својата вера. Вие ќе бидете подготвени да поднесете го леми лични жртви, ако сакате да го ослободите од долгови домот во кој Бог се состанува и го благословува Својот народ. {6C 104.1}

Сите долгови под кои се наоѓаат нашите молитвени домови можат да се платат, ако членовите на црквата мудро постапуваат, залагајќи се искрено и ревносно да ги ликвидираат истите. Кога ќе се исплати еден долг, одржете служба на благодарност, која ќе биде како повторно посветување на молитвениот дом на Бога. {6С 104.2}

Бог ја испитува верата на Својот народ за да го провери Неговиот карактер. Оние кои во времето на итна потреба се подготвени за Него да поднесат жртви, Бог ќе ги почести со учествување во Своето дело; додека оние кои не сакаат да го применат самооткажувањето за да помогнат во остварување на Божјите намери ќе бидат разоткриени така што нивното држење и за човечките очи ќе изгледа како што изгледа во очите на Оној кој ги чита срцата. {6С 104.3}

Кога Господ ќе види дека Неговиот народ ги ограничува своите замислени потреби, применувајќи самооткажување не мрморејќи или со жалење како што правела Лотовата жена напуштајќи го Содом, туку радосно поради Христа, тогаш делото силно ќе напредува. {6С 104.4}

ДЕТСКИ СОСТАНОЦИ И ЦРКОВНИ УЧИЛИШТА

На сите наши состаноци под ведро небо треба да се посвети внимание на децата и младината. Детскиот состанок или библиското забавиште за деца треба секојдневно да се одржува под раководство на учители соодветни за таа должност. Поуките треба да се даваат со едноставен јазик и тие треба да бидат од Библијата и од природата. Методите на забавиштето и поуките од природата ќе бидат од голема корист за будење на интересот кај децата. На некои од нашите црковни собори, детски состаноци се одржуваа двапати дневно. По утринската поука, кога времето беше пријатно, учителите и децата заминуваа на долга прошетка, и за време на прошетката би запреле на брегот на ре ката или во полето обраснато со трева и тука беа давани кратки поуки од природата. Во такви прилики на децата можат да им се раскажуваат Христовите параболи. Тогаш вистината цврсто ќе се всади во нивните умови како клин закован на сигурно место. {6С 105.1}

Во нашата работа за деца, цел не треба да биде само нивното образование и разонода, туку и залагање за нивно обратување. Треба да се молиме Бог да го благослови посеаното семе и уверувањето од Светиот Дух ќе дејствува дури и на децата. Ако имаме вера во Бога, ќе бидеме во можност да ги доведеме децата кај Божјото Јагне кое на Себе ги зема гревовите на светот. {6С 105.2}

Ова дело е од најголемо значење за помладите членови на Господовото семејство. На тие состаноци дури и оние деца кои се благословени со христијански поуки во домот, можат да научат многу нешта што ќе им бидат од голема помош. Ако децата се поучуваат во Христова едноставност, тие ќе стекнат знаење и враќајќи се во своите домови, од својата ризница на срцето ќе изнесат драгоцени поуки. {6С 105.3}

На младината треба да ѝ се пружи можност поцелосно да се поучи од Божјата Реч и треба јасно да ѝ се изложат библиските вистини. Оние кои имаат искуства во вистината, треба со помладите да го истражуваат Светото Писмо. Тоа ќе биде семе посеано на добра почва. {6С 106.1}

На таквите состаноци за деца и младина ако правилно се спроведуваат ќе присуствуваат многумина кои не припаѓаат на нашата вера и поуките примени на состаноците ќе бидат повторувани дома. Преку децата може да се допре и до родителите. На нашите црковни собори во Австралија, тие состаноци направија многу добра. {6C 106.2}

Една личност која учествуваше во таа работа, го напиша следниов писмен извештај за она што на тоа поле е направено на еден црковен собор во Австралија: „Првата сабота децата беа поделени во класи и одделенија и учи телите ја започнаа својата работа. Во почетокот имаше шест деца во одделението за оние кои посетуваат основно училиште и околу петнаесет во забавиште. Штом децата од околината слушнаа дека се одржуваат состаноци за нив, тие почнаа да доаѓаат и секој ден пристигнуваа нови деца во класите. Просечно секој ден присуствуваа околу осумдесет до сто деца од надвор, а во неделите присуствуваа уште поголем број. Повеќето деца беа многу редовни во своето доаѓање на состаноците. Истиот дух на сесрдност, внимание и уредност, кој ја обележуваше службата на постарите, ги обележуваше и детските состаноци. И во работата со класите и во општите вежби, работата беше така поделена што децата освен што слушаа, имаа и свој дел да вршат, и така набрзо се чувствуваа како дома и нивната сесрдна желба да учествуваат во работата сведочеше за нивниот интерес. {6C 106.3}

Секоја лекција почнуваше со општа вежба по која следеше проучување во класи. На крајот сите се собираа за краток преглед и песна. На почетокот на вежбата, по песната и молитвата, мотото и сите претходно напамет научени стихови се цитираа, заеднички или поединечно, или и на едниот и на другиот начин. Едно дете, кое претходно се пријави за тоа, читаше или рецитираше нешто соодветно. Децата ја читаа или ја рецитираа „Библиската азбука“, при што секое дете бираше своја буква и стих. Децата бираа и учеа стихови дома, и оваа одговорност се покажа како уште еден поттик за децата да присуствуваат на состанокот следниот ден и редовно да доаѓаат. {6C 106.4}

Одговорите што беа давани на прегледот сведочеа за тоа дека поуките се проследени со внимание и дека многу драгоцени вистини нашле пат до детскиот ум и срце. Кога децата се враќаа дома, нивните родители беа пријатно изненадени, слушајќи ги како повторуваат цели поуки. Многу родители на разни начини пофално се изразуваа за залагањето за нивните деца и изразуваа жалење што состаноците толку брзо ќе завршат. {6C 107.1}

Повеќе учители од неделните школи* присуствуваа на состаноците; тие изјавуваа дека се многу задоволни од оваа работа и дека од неа имаат огромна корист. Понекогаш родителите доаѓаа со своите деца и покажуваа ист интерес како и нивните деца. Други пак, иако не се согласуваа со нашиот став, се потрудија уредно да ги облечат своите деца и им дозволуваа да присуствуваат на состаноците. Некои роди тели изјавуваа дека не знаат што правиме со нивните деца, но дека една работа е извесна децата сакаа да доаѓаат и тие не можеле да ги задржат дома. Некои деца доаѓаа од далеку, така што со причина можеме да веруваме дека многу семе падна на добра почва”. {6C 107.2}

Не треба да се дозволи доброто семе, посеано на тие состаноци, да пропадне поради недостаток на грижа. Многу родители би се радувале кога би продолжиле поуките кои се давани на нивните деца за време на црковните собори. Тие со задоволство би ги упатиле своите деца во училиште каде што се поучуваат и спроведуваат исти начела. Кога ќе се пробуди интересот народителите и децата, тогаш се пружа поволна можност да се основа училиште во кое ќе продолжи работата започната на соборот. {6C 107.3}

Како што се придобиваат нови верници и се организира црква, таквото училиште ќе биде од голема вредност во одржување на постојаност и стабилност на делото. Работниците на новите територии не треба да сметаат дека слободно можат да ги напуштат полињата на работа сè додека не се погрижат за потребите на црквата која е доверена на нивна грижа. Не само што треба да се подигне скромен молитвен дом, туку треба да се преземе сè што е потребно да се основа постојано црквено училиште. {6C 108.1}

Ова прашање ми е јасно предочено. Видов дека на разни места се појавуваат нови групи на верници и дека се подигаат молитвени до мови. Оние кои пристапуваат кон верата помагаа со волни раце, а оние кои имаа средства помагаа со своите средства. Во приземјето на црковната зграда, покажана ми е сала наменета за училиште во кое децата ќе можат да се поучуваат на вистините од Божјата Реч. Избрани се посветени учители кои треба да работат во тие места. Бројот на ученици во училиштето не беше голем, но почетокот беше добар. {6C 108.2}

Како што работата се развиваше, ги слушав гласовите на децата и родителите како пеења: {6C 108.3}

„Ако Господ не ја изѕида куќата,
Залудно ќе се трудат градителите нејзини;
Ако Господ не го запази градот,
Залудно ќе бдее стражата”. {6C 108.4}

„Фали го Господа,
Фали го Господа, душо моја.
Ќе го фалам Господа додека сум жив,
Ќе му пеам на мојот Бог додека постојам.
Не надевајте се во кнезовите,
Ниту во синовите човечки, во кои нема спасение”. {6C 108.5}

„Фалете го Господа на небесата, Фалете го на висините.
Фалете го, сите ангели Негови, Фалете го, сите војски Негови.
Фалете го, сонце и месечино,
Фалете го сите ѕвезди и светила”. (Псалм 127:1; 146:13; 148:13). {6C 109.1}

Основањето на цркви и подигањето на молитвени домови и училишни згради се шириле од град во град. На сите места верниците сложно и истрајно се залагаа и Господ делуваше за да ги зголеми Своите сили. Беше основано нешто што ќе ја објавува вистината. {6C 109.2}

Тоа дело треба да се изврши во Америка, Австралија и Европа и насекаде каде што народот во групи приоѓа кон вистината. На тие групи кои се образуваа потребни им се места за богослужение. Потребни се училишта каде што на децата ќе им се даваат библиски поуки. Училница е потребна исто колку и црковна зграда. Господ има луѓе кои ќе се фатат за работа на основање на црковни училишта, штом ќе се на прави нешто за да се подготви патот. {6C 109.3 }

Во местата во кои има мал број на верници, две или три цркви треба да се обединат за да подигнат скромна зграда за црковно училиште. Сите треба да учествуваат во издатоците. Крајно време е оние кои ја празнуваат саботата да ги одвојат своите деца од друштвото на овој свет, за да ги доверат на најдобрите учители на кои Библијата им е темел за сета настава. {6C 109.4}

ДЕЛОТО НА УМЕРЕНОСТ

Во нашата работа треба повеќе внимание да се посвети на реформата на умереност. За секоја реформа потребни се покајание, вера и послушност. Тоа значи издигање на душата до нов и благороден живот. Така, секоја вистинска реформа има свое место во делото на третата ангелска вест. Реформата на умереност особено бара наше внимание и поддршка. На нашите црковни собори треба да обрнеме внимание на тоа дело и од него да направиме прашање од животно значење. Треба да му ги изложиме на народот начелата на вистинската умереност, повикувајќи го со завет да се обврзе на држење на истите. Грижливо внимание треба да се посвети на оние кои се робови на лошите навики. Мораме да ги водиме кон Христовиот крст. {6C 110.1}

Во работата на нашите црковни собори треба да учествуваат здравствени работници. Тоа треба да бидат мудри луѓе со здраво расудување, луѓе кои ја почитуваат службата на Речта и кои не се жртви на неверство. Тие луѓе се заштитници на здравјето на народот и треба да се признаат и почитуваат. Тие треба да му даваат поуки на народот во поглед на опасностите кои доаѓаат од неумереноста. На тоа зло мора посмело да му се спротивстави во иднина, отколку што е тоа правено во минатото. Проповедниците и лекарите треба да укажуваат на злото од неумереноста. Тие треба да работат во дух на евангелието, осудувајќи го гревот и издигнувајќи ја праведноста. Оние проповедници или лекари кои не упатуваат лични апели до луѓето, не ја исполнуваат својата должност и не го вршат делото кое Бог им го доверил. {6C 110.2}

Во другите цркви има христијани кои застануваат во одбрана на начелата на умереност. Мораме да се трудиме да се приближиме кон тие работници и да им овозможиме да застанат рамо до рамо со нас. Треба да се обратиме на големите и добри луѓе да ги поддржуваат нашите напори, за да го спасиме она што е изгубено. {6C 110.3}

Кога би се залагале за унапредување на делото на умереност како што го правевме тоа на почетокот пред триесет години, кога на нашите црковни собори му укажувавме на народот на сите зла кои доаѓаат од неумереноста во јадењето и пиењето, а особено во пиење на жестоки пијалаци, кога сето ова би се поврзало за Христовото скоро доаѓање тогаш меѓу народот би дошло до решетање. Ако нашата ревност одговара на значењето на вистините кои ги донесуваме, ние можеме да станеме средство за спасување од пропаста на стотици и илјадници луѓе. {6C 111.1}

Дури вечноста ќе открие што сè се постигнало со оваа работа, колку души мачени со сомнеж и уморни од светот и немирот се доведени кај Големиот Лекар, кој копнее целосно да ги спаси сите кои Му приоѓаат. Христос е воскреснат Спасител и постои исцелување во Неговите крилја. {6C 111.2}

Кога ги гледаме луѓето како одат таму каде што се точи алкохолен пијалак кој го уништува нивниот разум и кога ќе ја сфатиме опасноста во која се наоѓаат нивните души што треба да правиме за да ги изба виме? Нашето залагање за оние кои се во искушенија и кои паднале ќе имаат вистински успех само ако Христовата благодат го преобрази карактерот и ако тој човек стапи во жива врска со семоќниот Бог. Ние сме повикани да соработуваме со силата која е поголема од човечката, со силата која е во Исуса Христа. Оној кој се понизил примајќи ја на Себе човечката природа, ќе ни покаже како треба да се води битката. Христос го оставил Своето дело во наши раце и ние мораме да се бориме со Бога, молејќи се ден и ноќ за силата која е невидлива. Потпирајќи се само директно на Бога, преку Исуса Христа ќе ни овозможи да стекнеме победа. {6C 111.3}

ОЧЕВИДНИ ПОУКИ ВО ЗДРАВСТВЕНАТА РЕФОРМА

Големите собири на нашиот народ пружаат одлична можност во пракса да се покажат начелата на здравствената реформа. Пред не колку години на тие собири многу се зборуваше за здравствената ре форма и користа од вегетаријанската исхрана; но во исто време ма сите во трпезаријата под шаторите беа снабдени со месо, додека на тезгите со продукти се продаваше нездрава храна. Верата без дела е мртва; и поуките за здравствената реформа не направија длабок впечаток затоа што праксата им противречеше. На подоцнежните собори тие кои беа во надлежност пружаа поуки преку зборови, како и со практичен пример. Во трпезаријата под шаторот немаше месо, но овошје, зрнеста храна и зеленчук имаше во изобилство. Кога посетителите прашаа зашто нема месо, јасно им беше изнесена причината дека ме сото не е најздрава храна. {6C 112.1}

Што повеќе се приближуваме кон крајот на времето, мораме сè по веќе и повеќе да се издигнуваме во поглед на здравствената реформа и христијанската умереност и сè поодредено и поодлучно да проповедаме. Мораме постојано да се трудиме да го поучуваме народот, не само со зборови, туку и со дела. Поуката остава најдлабок впечаток кога ќе се поткрепи со пример. {6C 112.2}

На црковните собори треба на народот да му се даваат поуки за здравјето. На нашите состаноци во Австралија секојдневно беа давани часови за прашањето за здравјето и пробуден е длабок интерес. На една ливада беше подигнат шатор за лекари и медицински браќа и сестри, кои бесплатно даваа совети; и многумина се обраќаа за тоа. Илјадници присуствуваа на предавањата, а на крајот на состанокот, луѓето не сакаа да се задоволат само со она што веќе го научија. Во повеќе градови во кои се одржуваа овие состаноци, некои раководечки граѓани бараа да се отвори санаториумски огранок, ветувајќи своја соработка. Во неколку градови се започна со работа и тоа со добар успех. Една здравствена установа, ако со неа правилно се раководи, дава голем углед на нашето дело во нови полиња. Таа не е само благодат за народот, туку и работниците вработени во неа можат да им помогнат на оние кои работат на делото на евангелието. {6C 112.3}

Потребно е во секој град во кој постои наша црква да постои и место во кое луѓето ќе можат да се лекуваат. Има многу малку домови на нашите членови во кои има доволно простор и други погодности за лекување на болните. Зградата може да биде неугледна, па дури и примитивна, но треба да има сè што е потребно за пружање на едноставни

третмани. Ако тие можности вешто се искористат, тоа ќе биде благодат не само за нашиот народ, туку и за нивните соседи и може да биде средство кое ќе го привлече вниманието на многумина да се заинтересираат за начелата на здравјето. {6C 113.1}

Господова намера е во секој дел на светот да се основаат здравствени установи како гранка на евангелската работа. Тие установи се Господови средства преку кои треба да се допре до луѓето до кои инаку не би можеле да допреме. Тие не треба да бидат во големи згради, но треба да бидат така организирани што во нив ќе може со успех да се работи. {6C 113.2}

Може да се почне во секое поголемо место каде што е одржан црковен собор. Започнете со многу малку и проширувајте го делокругот според приликите и можностите. Пресметајте ги трошоците на секој потфат, за да бидете сигурни дека ќе можете да го остварите. Земајте што е можно помалку од ризницата. Нашите санаториуми мораат да се подигаат со ограничени трошоци. Градбите во кои ќе се започне работата, често можат да се купат многу евтино. {6C 113.3}

ЖЕНИТЕ КАКО ЕВАНГЕЛСКИ РАБОТНИЦИ

Делото на кое почна да се работи со цел да се помогне на нашите сестри да ја сфатат личната одговорност кон Бога е добро и потребно дело. Тоа беше долго занемарено. Господова намера е да ја објаснуваме вредноста на човечките души на секој кој тоа не го сфаќа. Ако во решавање на оваа задача се пристапува јасно и одредено, можеме да очекуваме дека жените многу поревносно ќе ги вршат своите домашни должности, кое ги запоставувале. {6C 114.1}

Ако успееме да организираме групи на жени кои редовно ќе при маат поуки за тоа како треба да работат како слугинки на Учителот, нашите цркви ќе ја добијат онаа животна сила која веќе долго им недостига. Тие ќе умеат да ја ценат предноста на душите за кои Христос умрел. Нашите сестри општо земено имаат тежок живот во своите семејства кои постојано се зголемуваат, а нивните напори не се ценат. Чувствувам колку ни се потребни жени кои ќе можат да се поучат како да им помогнат на нашите сестри да ја отфрлат својата малодушност и да увидат дека и тие можат да работат за Господа. Тоа ќе внесе сончеви зраци во нивниот живот, а преку нив и во животот на другите. Бог ќе ги благослови сите кои ќе се обединат во ова големо дело. {6C 114.2}

Многу помлади како и постари сестри се чини како да се срамат да разговараат за верата. Тие не ги ценат своите можности и ги затвораат прозорците на душите кои би требало да се отворат кон небото, а ги отвораат своите прозорци кон земјата. Но, кога ќе сфатат колку е драгоцена човечката душа, ќе ги затворат прозорците кон земјата, кој тежнеат кон световните забави и учествувањето во лудоста на гревот и ќе ги отворат прозорците кон небото, за да ги набљудуваат духовните работи. Божјата Реч мора да биде нивна сигурност, нивна надеж и нивен мир. Тогаш ќе можат да кажат: „Ќе ја примам светлината на Сонцето на Праведноста, за да можам истата да ја пренесувам и на другите”. {6C 114.3}

Најуспешни работници се оние кои радосно Му служат на Бога во мали работи. Секое човечко суштество треба да работи со својата животна нишка, вткајувајќи ја во ткаенината на делото, за да може истата да биде потполнета. {6C 115.1}

Голем дел од својата задача Христос извршил во личен допир со луѓето. Тој имал верна почит кон методот на работа едновремено со само една душа. Мудроста што ја примила оваа душа се пренесувала потоа на илјадници други. {6C 115.2}

Младите треба да се воспитуваат да им помагаат на младите. Трудејќи се така да постапат, тие ќе стекнат искуство кое ќе ги оспособи да станат посветени работници и во поширок делокруг. До илјадници срца може да се допре на наједноставен, скромен пат. И најинтелектуалните луѓе, на кои се гледа и кои се слават како најнадарени мажи и жени во светот, често се освежени со едноставни зборови кои течат од срцата на човекот кој го љуби Бога и кој за таа љубов може да зборува исто така природно како што светските луѓе зборуваат за работите со кои се занимава и храни нивниот ум. Подготвени и напамет на учени зборови често имаат мало дејство. Но, искрените, сесрдни зборови на Божјите синови и ќерки, изговорени со природна едноставност, ќе ја отворат вратата на срцата кои долго време биле заклучени. {6C 115.3}

Насекаде околу нас се слуша лелекање на тажниот свет. Сенката на гревот се надвила над нас и ние мораме да бидеме подготвени за секој добар збор и добро дело, знаејќи дека Исус е со нас. Слаткото делување на Неговиот Свет Дух го поучува и води нашиот дух, наведувајќи нè да зборуваме зборови кои ќе ја израдуваат и осветлат патеката на другите. Ако можеме често да им зборуваме на нашите сестри и наместо да кажеме „Оди“, да ги наведеме тие да го прават она што ние би го правеле, да чувствуваат како ние што чувствуваме, ќе дојде до растечко ценење на вредноста на човечката душа. Ние сме ученици за да можеме да бидеме учители. Оваа мисла мора да биде втисната во умот на секој член на црквата. {6C 115.4}

Ние потполно веруваме во организацијата на црквата, но тоа не значи дека треба да се пропишува точен начин по кој ќе се работи, за што не може да се допре до сите луѓе со исти методи. Не смее да се допушти било што да ги одвојува Божјите слуги од нивните ближни. Еден индивидуален верник треба да работи за друг индивидуален грешник. Секој поединечен верник треба да ја одржува светлината на својата светилка; и ако небесното масло преку златни цевчиња се влева во таа светилка и ако во нејзиниот сад нема себичност така што е во состојба да го прими светото масло, светлината ќе го осветли патот на грешникот. Една таква светилка повеќе ќе го осветли патот на оние кои талкаат, отколку цела низа факели кои светат само за да ги видат другите. Личната посветеност и верност кон Бога ќе донесат поголеми резултати отколку највпечатливото прикажување. {6C 116.1}

Учете ги нашите сестри секој ден да се прашуваат: „Господе, што сакаш да направам денес?“ Секој посветен сад секој ден ќе се полни со свето масло, бидејќи секој ден ќе се празни, полнејќи други садови. {6C 116.2}

Ако во овој живот живееме живот на потполна посветеност на Христа, тоа ќе биде живот на секојдневно предавање, една доброволна служба на Оној Кому секоја душа Му е скапоцен камен. Ако успееме да им објасниме на нашите сестри колку тие се во состојба да напра ват добро за Христа, ќе видиме дека со тоа многу ќе се постигне. Ако ги пробудиме нивните срца и души да соработуваат со божествениот Работник, ние ќе стекнеме големи

победи во делот во кој тие ќе учествуваат. Но сопственото „јас“ мора да се скрие, а Христос мора да се истакне како работник. {6C 116.3}

Мора да постои взаемност во внесувањето и давањето, примањето и делењето. Со ова како работници се врзуваме со Бога. Тоа е животно дело на христијанинот. Оној кој ќе го изгуби својот живот, ќе го најде. {6C 116.4}

Способноста за примање на светото масло од двете маслинки постојано се зголемува ако примателот го празни својот сад, излевајќи го применото масло во зборови и дела за да ги задоволи потребите на другите. Работата, драгоцената работа која задоволува тоа значи постојано да се прима и постојано да се дава. {6C 117.1}

Нам секој ден ни е потребно ново масло и ние мораме да го имаме. На колку души можеме да им помогнеме ако им сведочиме! Целото небо чека на канали преку кои може да се излева светото масло кое ќе биде радост и благослов за другите. Јас не стравувам дека некој ќе изврши работа полна со грешки ако стане едно со Христа. Ако Тој живее во нас, ќе работиме постојано и ревносно, така што и нашето дело ќе биде трајно. Божествена полнина ќе се излева преку посветените човечки претставници кои ќе ја предаваат на други. {6C 117.2}

Господ има едно дело за жените, исто како и за мажите. Тие можат да учествуваат во добро дело за Бога, само ако имаат волја претходно да се научат во Христовата школа на драгоцена кротост, која е од нај голема важност. Тие не треба само да го носат Христовото име, туку и да го поседуваат Неговиот Дух. Тие мораат да живеат како што живеел и Тој, чистејќи ги своите души од сето она што погани. Тогаш ќе бидат во состојба да им помагаат на другите, прикажувајќи им го Исуса, кој може сè да задоволи. {6C 117.3}

Жените можат да заземат свое место во делото во оваа криза и Господ ќе работи преку нив. Ако бидат исполнети со чувство на одговорност под дејство на Божјиот Дух, ќе ја имаат онаа присебност која ја бара ова време. Спасителот ќе ги осветли овие самопожртвувани жени со светлината на Својата присутност што ќе им даде сила која го над минува човечкото. Тие можат да извршат во семејствата дело кое мажите не можат да го извршат, дело кое продира во внатрешниот живот. Тие можат да пристапат до срцата на оние до кои мажите не можат да дојдат. Нивната работа е неопходна. Жените кои Му се предале на Господа трудејќи се да помогнат на оние кои се ранети од гревот, работат на едно многу потребно дело. {6C 117.4}

Мора да се изврши едно лично евангелско дело. Жените кои ќе се на фатат на ова дело ќе го однесат евангелието во домовите на народот на патиштата и меѓу оградите. Тие ќе им ја читаат и толкуваат Божјата Реч, молејќи се со нив, негувајќи ги болните и ќе се грижат за нивните земни потреби. Тие на семејствата и поединците ќе им го прикажат облагородувачкото и преобразувачкото влијание на вистината. Ќе покажат дека патот по кој може да се најде мир и радост е пат по кој одел Исус. {6C 118.1}

Сите жени кои работат за Бога мораат да ги обединат во себе особините на Марта и Марија со задоволство да им помагаат на другите и искрено да ја љубат вистината. Мораат да го забораваат своето јас и себичност. Бог ги повикува истрајните жени кои нема да мислат само на себе и на својата угодност, туку своите мисли ќе ги сосредоточат на Исуса; жени кои ќе зборуваат зборови на вистина, ќе се молат со лицата кај кои можат да добијат пристап и да работат на обратување на душите. {6C 118.2}

О, со што ќе се изговориме, сестри мои, што не го посветуваме она време кое можеме на проучување на Светото Писмо и на обогатување на својот разум со драгоцено знаење, за да можеме да им го прикажуваме на оние кои немаат интерес за вистината? Ќе сакаат ли нашите сестри да се одзвијат на повикот? Ќе сакаат ли да појдат на работа за својот Учител? {6C 118.3}

УЧЕЊЕ НА ВЕРАТА ВО СЕМЕЈСТВОТО

Оние кои ја објавуваат на светот последната вест на милост мораат да сфатат дека им е должност да ги упатуваат родителите во поглед на верата во семејството. Големото движење на реформа мора да го започне излагањето на начелата на Божјиот закон на татковците, мајките и децата. Кога ќе ги изложите барањата на законот и кога мажите и жените ќе увидат дека им е должност да му се покоруваат на истиот, треба да им се објасни одговорноста што ја преземаат со оваа одлука не само за себе, туку и за своите деца. Покажете им дека покорувањето на Божјата Реч е единствена сигурна заштита од злата кои го водат светот во пропаст. Родителите им даваат пример на своите деца, било со својата покорност, било со престапување на законот. Со своите по уки и пример, родителите во најголем број на случаи одлучуваат за вечната судбина на своите деца. Децата во идниот живот ќе бидат она што нивните родители ќе направат од нив. {6C 119.1}

Кога родителите би можеле да се наведат да помислат за влијанието на своите постапки, кога би можеле да видат како со своите поуки ја овековечуваат и зголемуваат силата на злото или на доброто, сигурно би се промениле. Многумина би се ослободиле од маѓепсаноста на традициите и обичаите. {6C 119.2}

Проповедниците одлучно нека зборуваат за ова прашање пред собирите на верниците. Врежете го домот во совеста народителите, уверувајќи ги во нивните сериозни должности, кои толку долго биле занемарени. Тоа ќе го скрши духот на фарисејство и спротивставување на вистината. Верата во семејството е наша голема надеж и отвора посветли хоризонти за обратување на цели семејства кон Божјата вистина. {6C 119.3}

СООЧУВАЊЕ СО СПРОТИВСТАВУВАЊЕТО

Нашите проповедници и учители треба да ја претставуваат Божјата љубов на овој паднат свет. Додека зборувате, вашите срца нека бидат трогнати со нежност. Со сите заблудени постапувајте со Христова благост. Немојте веднаш да ги критикувате, прекорувате и осудувате оние за кои работите, а кои не се во состојба веднаш да ја сфатат вистината. Имајте на ум дека треба да го прикажете Христа во Неговата кротост, благост и љубов. Ние мораме да очекуваме средба со неверство и спротивставување. Вистината секогаш морала да се сретнува со тие елементи. Но, дури и да наидете на најтешкото спротивставување, не ги осудувајте своите противници. Како Павле, и тие можеби мислат дека вршат служба за Бога и кон таквите мораме да покажуваме трпение, кротост и долго поднесување. {6C 120.1}

Не треба да мислиме дека прикажувајќи ја непопуларната вистина мораме да поднесуваме тешки искушенија и да наидуваме на жестоки судири. Мислете само на Исуса и на сè што Тој претрпел поради вас и бидете тивки. Не се жалете дури и кога луѓето ве напаѓаат и клеветат; не изговарајте ниту еден збор на негодување. Во вашиот дух нека не се роди ниту една мисла на префрлање и незадоволство. Одете по правиот пат, „однесувајќи се добро меѓу незнабошците, така што токму во она за што ве клеветат како злосторници; врз основа на вашите добри дела, кога ќе ги видат, да го прослават Бога во денот на посетата“ (1. Петрово 2:12). {6C 120.2}

„А најпосле, бидете сите еднодушни, сочувствителни, братољубиви, милосрдни, дружељубиви, понизни; не враќајте зло за зло, или навреда за навреда, туку напротив: благословувајте, знаејќи дека за тоа сте повикани за да наследите благослов. Зашто, кој го сака животот и сака да види добри денови, нека го пази јазикот свој од зло, и усните негови да не зборуваат лаги. Нека одбегнува зло и нека прави добро, нека бара мир и нека се стреми кон него бидејќи очите на Господ се вперени кон праведните и ушите Негови кон нивните молитви, а лицето Господово е против оние кои прават зло за да ги истреби од земјата. И кој ќе ви направи зло, ако правите добро? Но, ако и страдате за правда, блажени сте; не плашете се од она од што тие се плашат и не бојте се; туку Господ Бог почитувајте го во срцата свои; а бидете секогаш подготвени со кротост и стравопочит за одговор на секого кој од вас ќе побара сметка за вашата надеж“ (2. Петрово 3:8-15.). {6C 120.3}

Морате благо да постапувате со оние што се во заблуда. Зашто не бевте ли и вие до неодамна во слепило поради своите гревови? И зар не треба и вие да бидете трпеливи кон другите, како што и Христос бил трпелив кон вас? Бог ни дал многу совети (поттикнувања) да покажуваме голема љубезност кон оние кои ни се спротивставуваат, за да не како не извршиме влијание на некоја душа во погрешна насока. {6C 121.1}

Нашиот живот мора да биде скриен со Христа во Бога. Мораме лично да го познаваме Христа. Единствено така ќе можеме правилно да го прикажеме на светот. Постојано нека се издига молитва: „Господе, научи ме да го правам она што Исус би го правел да е на мое место”. Каде и да се наоѓаме, нашата светлина треба да светли во добри дела за Божја слава. Тоа е голема, значајна задача во нашиот живот. {6C 121.2}

Господ сака Неговиот народ да се служи со поинакви методи од осудувањето на злото, па макар и таа осуда да е оправдана. Тој сака да направиме нешто повеќе од напад на нашите противници, кои само подалеку ќе ги прогониме од вистината. Делото поради кое Христос дошол на овој свет не било да подига бариери и на луѓето постојано да им го истакнува фактот дека грешат или се во заблуда. {6C 121.3}

Оној кој сака да ги просветли измамените луѓе мора да им се при ближи и да работи со љубов за нив. Тој мора да стане центар од кој ќе се шири свето влијание. {6C 122.1}

Бранејќи ја вистината, треба и кон најогорчените противници да постапуваме со почит и внимателност. Некои нема да одговорат на нашите напори и лесно ќе го земат повикот на евангелие. Други пак, па дури и оние за кои мислиме дека ја преминале границата на Божјата милост ќе бидат придобиени за Христа. Можеби последното дело во борбата ќе биде токму просветлување на оние кои не ја отфрлиле свет лината и доказите, но биле во полноќна темнина, така што во незнаење работеле против вистината. Затоа постапувајте со секого како со искрен човек. Не изговорувајте ниту еден збор, не правете ништо што би можело кај било кој да го засили неверството. {6C 122.2 }

Ако некој би се обидел да ги вовлече работниците во расправа за политички судири и други прашања, не обрнувајте внимание на так вите предизвикувања или расправања. Продолжете го одлучно и цврсто Божјото дело, но во Христова благост, и што е можно посмирено. Не дозволувајте да се слушне човечко самофалење. Не покажувајте никаков знак на самодоволност. Нека се види дека Бог нѐ повикал да ја чуваме светата доверба, проповедајќи ја Неговата Реч внимателно, сесрдно и ревносно. {6C 122.3}

Ако бидете внимателни во своите зборови, вашето учење ќе има десет пати поголемо влијание. Зборовите кои треба да бидат животен мирис за живот, може духот кој ги следи да ги претвори во смртен ми рис за смрт. Имајте на ум дека, ако со својот начин на постапување или со своите зборови ја затворите вратата на една душа, ќе морате да се соочите со истата на денот на судот. {6C 122.4}

Зборувајќи за Сведоштвата, не чувствувајте за своја должност присилно да ги наметнувате на луѓето. Читајќи ги Сведоштвата, внимавајте да не вметнувате во нив свои зборови, зашто така на слуша телите ќе им биде невозможно да ги разликуваат вашите зборови од зборовите кои Господ им ги упатува. Внимавајте со Божјата Реч да не ги повредувате слушателите. Ние копнееме да видиме реформа, и бидејќи не го гледаме она што сакаме, често дозволуваме на злиот дух да сипе во нашата чаша капка на злоба, која истата ќе ги загорчи другите. Со своите непромислени зборови ќе го раздразниме и повредиме нивниот дух и ќе ги предизвикаме на отпор. {6C 122.5}

Оние кои ги проповедаат вечните начела на вистината, мораат да имаат во своето срце свето масло кое се излива од двете маслинови гранки. Тоа ќе се излева преку зборовите кои ќе реформираат, а не раздразнуваат. Вистината треба да се зборува со љубов. Тогаш Господ Исус ќе подари преку Својот Свет Дух сила и цврстина. Тоа е Негово дело. {6C 123.2}

Доведете се самите себеси во божествениот тек, каде ќе можете да одржувате постојана врска со Бога и ќе примите небесно вдахновение, а тогаш упатете ја изморената, оптоварена, јадна, натажена и заблудена душа на Исуса, кој е извор на сета духовна сила. Бидете верни стражари подготвени да дејствувате во секој момент за да ги прогласите славните дела на Оној Кој ве повикал од темнината кон Својата чудесна светлина. Проповедајте и со перо и со зборови дека Исус живее за да посредува за нас. {6C 123.3}

ПАРАБОЛА ЗА ИЗГУБЕНАТА ОВЦА

Параболата за изгубената овца треба да се негува како мото во се кое семејство. Божествениот Пастир ги остава деведесет и деветте овци и заминува во пустината да ја бара едната што се изгубила. Тука има грмушки, мочуришта и опасни пукнатини во карпите и Пастирот знае дека една пријателска рака мора да ја спаси овцата ако се најде на некои од тие места. Кога од далечина ќе го слушне нејзиното блеење, Тој не се плаши од никаква тешкотија само за да ја спаси Својата овца која се изгубила. Кога ја нашол изгубената овца, Тој не ја дочекува со прекори, туку е радосен што ја нашол жива. Со цврста, но нежна рака, Тој го отстранува трњето или ја вади од калта, нежно ја по дига на Своите рамена и ја носи назад во стадото. Чистиот безгрешен Откупител ја носи грешната и нечиста овца. {6C 124.1}

Оној кој на Себе ги зема гревовите на светот, ја носи валканата овца, но Неговиот товар е толку драгоцен, така што Тој се радува зборувајќи: „Ја најдов Својата изгубена овца“ (Лука 15:6). Секој поединец треба да има на ум дека и него Христос така го носел на Своите рамена. Никој од вас не треба да негува заповеднички дух, ниту дух на самоправедност и критикување, зашто ниту една овца не би дошла во стадото ако Пастирот не ја барал со мака во пустината. Фактот дека една овца е изгубена бил доволен да се пробуди сочувството на Пастирот и да го поттикне да ја бара. {6C 124.2}

Овој, од грев извлакан свет, бил сцена на отелотворувањето и страдањето на Божјиот Син. Христос не отишол во световите кои не паднале, туку дошол на овој свет, сиот расипан и жигосан со проклетство. Изгледите не биле поволни, туку обесхрабрувачки. Но за Него е пророчено: „нема да ослабне, ниту ќе изнемошти, додека на земјата не воспостави правда“ (Исаија 42:4). Мораме да ја имаме на ум големата радост што ја покажал Пастирот кога ја повратил изгубената овца. Тој ги повикува Своите соседи: „Радувајте се со Мене: ја најдов Својата изгубена овца”. Цело небо одекнува од радосен восклик; и самиот Татко со песна се радува на изгубената овца. Каков свет восхит на радост е опишан во таа парабола! Нам ни се пружа предност да учествуваме во таа радост. {6C 124.3}

Дали вие, кои го имате пред очите тој пример, соработувате со Оној кој се труди да ги спаси изгубените? Дали сте Христови соработници? Можете ли поради Него да не поднесувате страдања, жртви и искушенија? Ви се пружа можност да правите добра за душите на младината и заблудените. Ако видите некој чии зборови или однесување покажуваат дека се одвоил од Бога, не го прекорувајте. Не е ваше да осудувате, туку пријдете му и помогнете му. Да ја имаме на ум Христовата понизност и Неговата благост и љубезност и да работиме како што работел Тој, со срце исполнето со посветена нежност. „Во тоа време, вели Господ, Јас ќе им бидам Бог на сите племиња израелски, а тие ќе бидат Мој народ. Така вели Господ: народот што се спасил од меч, најде благодат во пустината; одам да го успокојам Израел. Оддалеку ми се јави Господ и ми рече: со вечна љубов те засакав и затоа те привлеков со својата милост“ (Еремија 31:13). {6C 125.1}

За да работиме како што работел Христос, сопственото „јас“ мора да биде распнато. Тоа е мачна смрт, но тоа претставува живот за душата. „Зашто вака вели Високиот и Возвишениот, вечно живиот, Чие име е Светец: ‘Јас живеам на небесната височина и во светилиштето, но Јас Сум и со оние што имаат скршено срце и понизен дух, за да го оживувам духот на понижените и да ги оживувам срцата на поразените“ (Исаија 57:15). {6C 125.2}

Отсек Три

ОБРАЗОВАНИЕ

„Господ дава мудрост; од устата Негова доаѓаат знаењето и разумот“ (Изреки 2:6).

ПОТРЕБА ОД РЕФОРМА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

„И ќе ги изградат древните урнатини, ќе обноват стари урнатини и ќе подноват разурнати градови, запустени од дамнешни родови“. „И ќе те викаат обновител на урнатини, градител на патишта за населби“ (Исаија 61:4; 58:12). Овие зборови на Вдахновението го излагаат пред оние кои веруваат во сегашната вистина, делото кое денес треба да се изврши во поглед на воспитување на децата и младината. Кога вистината за овие последни денови е соопштена на светот со објавување на веста на Првиот, Вториот и Третиот ангел, покажано ни е дека во воспитувањето на нашите деца мора да се внесе нов ред на работите. Меѓутоа, беше потребно многу време за да се сфати какви промени треба да се извршат. {6C 126.1}

Нашето дело е реформаторско и Божја намера е преку совршенството на работата во нашите образовни установи да го свртиме вниманието на народот на последниот голем напор да се спасат оние кои пропаѓаат. Мерилото на образованието не смее да се спушти во нашите училишта. Тоа мора сè повеќе да се издигнува и мора да стои далеку повозвишено отколку што сега стои. Меѓутоа, образованието не смее да се ограничи само на стекнување на знаење од учебниците. Учењето од учебниците само по себе не може да им ја пружи на учениците дисциплината која им е потребна, ниту може да им даде вистинска мудрост. Цел на нашите училишта е на помладите членови на Господовото семејство да им пружи можност да се образуваат според Неговиот план за развој и напредок. {6C 126.2}

Сатаната се служи со најостроумни методи за да ги вткае своите планови и начела во системот на образование и на тој начин силно да влијае на умовите на децата и младината. Должност на вистинскиот просветител е да го осуети неговото лукавство. Ние со Бога на свечен начин имаме склопено свет завет дека нашите деца ќе ги подигаме за Него, а не за овој свет; дека ќе ги учиме да не ја стават својата рака во раката на светот, туку да го љубат Бога и да се бојат од Него, држејќи ги Неговите заповеди. Ним треба највпечатливо да им се укаже на тоа дека се создадени според обличјето на својот Творец и дека Христос е пример на кој треба да се угледаат. Најголемо внимание мора да се посвети на образованието кое пружа знаење за спасението и кое ќе го усклади нивниот живот и карактер со божествениот пример. Од вистинска вредност се Божјата љубов и чистотата на душата, вткаени како златни нишки во животот. Сè уште во потполност не се сфаќа возвишеноста до која човекот може да дојде на тој начин. {6C 127.1}

За да се изврши ова дело, мораат да се постават широки темели. Мораат да се применат нови цели и на студентите мора да им се помогне да ги применуваат библиските начела во сè што работат. Сето она што е искривено, сето она што е изопачено и што не е на вистинскиот пат, треба отворено да се посочува и одбегнува; затоа што беззаконието не треба да се овековечи. Од големо значење е секој учи тел да ги љуби и применува здравите начела и учења, зашто тоа е светлина која треба да го осветлува патот на сите ученици. {6C 127.2}

Веста на Третиот ангел во нашите училишта

Во книгата Откровение читаме за едно посебно дело кое Бог посакува Неговиот народ да го изврши во овие последни денови. Тој го открил Својот закон и ни ја покажал вистината за ова време. Оваа вистина постојано се открива и Бог сака да имаме знаење во поглед на неа, за да бидеме во состојба да правиме разлика помеѓу доброто и злото, помеѓу праведноста и неправедноста. {6C 127.3}

Веста на Третиот ангел големата пробна вистина за ова време, треба да се поучува во сите наши установи. Божја намера е тие уста нови да ја пренесуваат на светот оваа значајна опомена, осветлувајќи го со сјајни зраци на светлина. Времето е кратко. Опасностите на последните денови се пред нас и ние треба да бидеме будни и да се молиме, проучувајќи и уважувајќи ги учењата што ни се дадени во книгата на Даниел и во Откровението. {6C 128.1}

Кога Јован бил протеран од оние кои ги сакал на осамениот Патмос, Христос знаел каде ќе го најде Својот верен сведок. Јован вели: „Јас, Јован, вашиот брат и соучесник во скрбта и во царството и во трпението на Исус, бев на островот, наречен Патмос, заради словото Божјо и заради сведоштво на Исус. Во Господовиот ден бев во Духот и зад себе чув силен глас како од труба". Господов ден е седмиот ден, саботата на создавањето. На тој ден, кој Бог го посветил и благословил, Христос му открил во симболи „преку Својот ангел на слугата Свој Јован" работи кои ќе се случат пред завршетокот на историјата на светот и Негова намера е ние да поседуваме знаење за нив. Тој не изјавува напразно: „Блажен е оној кој чита и оние кои ги слушаат зборовите на ова пророштво и пазат на напишаното во него; зашто времето е близу" (Откровение 1:9,10,3). Тоа е образованието кое трпеливо треба да се даде. Нашето учење мора да одговара на времето во кое живееме и нашите верски поуки мораат да се даваат во согласност со пораките кои Бог ги испраќа. {6C 128.2}

Ние ќе мораме да излеземе пред судиите за да одговараме поради својата верност на Божјиот закон и да ги образложиме причините за својата вера. И младината треба да го сфати ова. Таа треба да ги знае работите што ќе се случат пред завршетокот на историјата на светот. Тие работи се однесуваат на нашето вечно блаженство и учителите и студентите треба да им посветат поголемо внимание. Преку перо и со зборови треба да се даваат поуки кои ќе бидат храна во вистинско време, не само на младите, туку и на оние кои се во позрели години. {6C 128.3}

Ние живееме во завршните настани на ова опасно време. Господ го предвидел неверувањето во Неговото доаѓање кое денес преовладува и во Својата Реч повторно и повторно опоменувал дека тој настан ќе се случи неочекувано. Тој голем ден ќе дојде како стапица „за сите што живеат по целата земја" (Лука 21:35). Но, постојат две класи на луѓе. На едните, апостол Павле им ги упатува овие охрабрувачки зборови: „Но вие, браќа, не сте во темнина, та денот да може да ве затече како крадец" (1. Солунјаните 5:4). Некои ќе бидат подготвени кога ќе дојде Младоженецот и ќе отидат со Него на свадбата. Колку е драго цена оваа мисла за оние кои стражарат, чекајќи ја Неговата појава! Христос „ја засака црквата и се предаде Себе за неа, за да ја освети, очистувајќи ја со водена бања преку словото; та да ја претстави пред Себе како славна црква, која нема осквернување, или порок, или не што слично, туку да биде света и непорочна" (Ефесјаните 5:25-27). Оние кои

Бог ги љуби ја уживаат таа благонаклоност затоа што имаат карактер кој Нему Му е по волја. {6C 129.1}

Треба да се изврши големо и возвишено дело на изведување на еден народ кој ќе има карактер сличен на Христовиот и кој ќе биде во состојба да се одржи на Господовиот ден. Сè додека пливаме низводно по струјата на овој свет не ни се потребни ниту весла ниту едро; но кога ќе се свртиме наспроти таа струја, тогаш почнуваат нашите на пори. Сатаната ќе изведе секакви теории за да ја прикаже вистината изопачено. Работата ќе биде тешка, зашто светот, од Адамовиот пад, навикнал да греши. Но Христос е на полето на делување. Светиот Дух е на дело. Божествените сили им помагаат на човечките напори при вообличувањето на карактерот според совршениот пример; затоа човекот треба да го извршува она што Бог го работи во срцето. Ќе сакаме ли како народ да го вршиме ова дело кое Бог ни го дал? Ќе сакаме ли грижливо да ја уважуваме сета светлина што ни е дадена, имајќи пред очите само една цел да се подготват учениците за Божјото царство? Ако со вера напредуваме чекор по чекор по вистинскиот пат, следејќи го Големиот Водач, светлина ќе го осветли нашиот пат и ќе се случат околности кои ќе ги отстранат тешкотиите. Божјото одобрување ќе ни даде надеж и ангелите служители ќе соработуваат со нас, донесувајќи ни светлина и благодат, охрабрување и радост. {6C 129.2}

Затоа, не губете време со неважни работи кои не се однесуваат на денешните потреби на Божјиот народ. Не губете повеќе време издигнувајќи ги луѓето кои не ја познаваат вистината, „зашто времето е близу”. Нема веќе време умот да се оптоварува со теории кои популарно се нарекуваат „високо образование”. Времето посветено на она што нема за цел обликување на душата да стане слична на Христа е засекогаш изгубено време. Ова не смееме да го дозволиме, зашто се кој момент е оптоварен со вечни интереси. И сега, кога треба да за почне големото дело на судење на живите, зар да дозволиме со нашето срце да завладее непосветеното славољубие и да нè наведе да го занемариме образованието кое е неопходно за средба со овој ден на опасност? {6C 130.1}

Во секој случај треба да се донесе голема одлука дали ќе го примиме жигот на sверот или печатот на живиот Бог. И сега, кога се наоѓаме на границата на вечниот свет, што може да биде од поголема вредност отколку да бидеме верни на небесниот Бог? Има ли нешто што би требало да го цениме повеќе од Неговата вистина и Неговиот закон? Кое образование може да им се даде на учениците во нашите училишта кое би било толку потребно како што е знаењето за тоа „Што вели Светото Писмо?“ {6C 130.2}

Ние знаеме дека постојат многу училишта во кои на учениците им се пружаат можности за образование во науките, но ние сакаме нешто повеќе од тоа. Науката на вистинското образование е вистината, која треба длабоко да се всади во срцето, така што нема да може да ја искорени заблудата која се шири насекаде. Веста на Третиот ангел е вистина, светлина и сила, и задача на нашите училишта и учители, исто како и на црквите и на проповедниците е прикажување на истата на таков начин што таа ќе направи вистински впечаток на срцето. Луѓето кои решиле да бидат образовни работници треба сè повеќе и повеќе да ја ценат откриената Божја волја, која е толку јасно и впечатливо изложена во книгата на Даниел и во Откровението. {6C 131.1}

Проучување на Библијата

Итните потреби кои можат да бидат почувствувани во ова време бараат постојано образование во Божјата Реч. Тоа е сегашна вистина. Во целиот свет треба да се оствари реформа во поглед на проучување на Библијата, зашто тоа денес е попотребно од кога и да е. Кога таа реформа ќе се оствари, ќе се изврши едно големо дело, зашто Бог го кажува она што мисли, изјавувајќи дека Неговата Реч нема да се врати кај Него празна. Познавањето на Бога и Исуса Христа кого Тој го пратил е најголема наука и таа ќе ја исполни земјата со прекрасна светлина како што водата го исполнува морето. {6C 131.2}

Проучувањето на Библијата е особено потребно во училиштата. Учениците треба длабоко да се вкоренат во божествената вистина. Тие не треба да го подаруваат своето внимание на тврдењата на луѓето, туку на Божјата Реч. Мораме да ја проучуваме Божјата Реч по веќе од сите други книги, зашто таа е голем учебник, основа на секое образование. Нашите деца треба да се воспитуваат во вистините кои се наоѓаат во неа, без обѕир на своите поранешни навики и обичаи. Постапувајќи така, и наставниците и учениците ќе го најдат сокриеното богатство – високото образование. {6C 131.3}

Библиските правила треба да бидат наш патоказ во секојдневниот живот. Христовиот крст треба да биде предмет на нашите мисли и разговори, откривајќи ги поуките кои мораме да ги научиме и да ги практикуваме во животот. Христос мора да биде внесен во секое наше учење, за да можат учениците да се напојуваат со знаење за Бога и за да можат да го прикажуваат во својот карактер. Неговата возвишеност мора да биде предмет на нашето проучување за ова време и за вечноста. Божјата Реч, изговорена преку Христа во Стариот и Новиот за вет, претставува небесен леб, додека многу од она што се нарекува наука е само храна која луѓето ја направиле, валкана храна. Тоа не е вистинска мана. {6C 132.1}

Во Божјата Реч се наоѓа несомнена и неисцрпна мудрост - мудрост која не потекнува од ограниченият, туку од безграничниот ум. Но многу од тоа што Бог го открил во Својата Реч не им е јасно на луѓето, затоа што скапоцените камења на вистината се затрупани со отпадоците на човечката мудрост и традиции. На многумина им остануваат сокриени овие богатства на Божјата Реч, затоа што не истражувале со сесрдна истрајност сѐ додека не ги сфатат нејзините златни прописи. Оние што ќе ја примат Божјата Реч, мораат да ја истражуваат истата, ако сакаат таа да ги очисти и подготви да станат членови на царското семејство и деца на небесниот Цар. {6C 132.2}

Проучувањето на Божјата Реч треба да заземе место на проучување на оние книги кои го одведуваат умот во мистицизам и го одвојуваат од вистината. Нејзините живи начела, вткаени во нашиот живот, ќе бидат наша заштита во пробите и искушенијата. Нејзината божествена наука е единствен пат кон успехот. Кога пробата ќе дојде на се која душа, ќе се појави отпаднишство. Некои ќе се покажат како предавници, тврдоглави, вообразени и задоволни со самите себе и ќе отстапат од вистината, претрпувајќи бродолом во верата. Зошто? затоа што не живееле од „секој збор кој излегува од Божјата уста“. Тие не копале длабоко и не ги обезбедиле своите темели. Кога избраните Господови гласници ќе ги објават Неговите зборови, тие мрморат, сметајќи дека нивниот пат е премногу тежок. Во шестото поглавје од евангелието според Јован читаме дека имало некои за кои се сметало дека се Христови ученици, но кои, кога им била изложена едноставната вистина, тие биле

незадоволни и веќе не оделе со Него. Така и оние кои површно ја проучуваат Библијата, ќе се одвојат од Христа. {6C 132.3}

Секој кој се обратил кон Бога повикан е да ги развива своите способности, употребувајќи ги своите дарови. Секоја гранка на живата Лоза која не се развива, ќе биде отсечена и фрлена како отпадок. Какво тогаш треба да биде образованието кое се стекнува во нашите училишта? Треба ли да биде во склад со мудроста на овој свет, или во склад со мудроста одозгора? Нема ли учителот да се пробуди, да ги увиди своите одговорности во тој поглед и да се погрижи Божјата Реч да заземе највисоко место во наставата која се предава во нашите училишта? {6C 133.1}

Обука на работниците

Една од големите цели на нашите училишта е обука на младината која ќе служи во нашите установи и во разни гранки на евангелската работа. Насекаде и на секое место Библијата треба да биде отворена на народот. Дошло време, значајно време, кога преку Божјите гласници таа Книга му се отвора на овој свет. Вистината содржана во веста на Првиот, Вториот и Третиот ангел мора да му се објави на секое племе, јазик, поколение и народ. Таа мора со својата светлина да ја расчисти темнината на сите континенти и да допре до сите морски острови. На никакви човечки измислици не смее да им се дозволи да го спречуваат ова дело. За да се оствари тоа, потребни се негувани и посветени та ленти, потребни се лица кои ќе можат одлично да делуваат во Христовата кротост, бидејќи нивното сопствено „јас“ ќе биде сокриено во Христа. Почетниците не можат успешно да го откриваат сокриеното богатство кое ја збогатува душата со духовни работи. „Размисли што ти зборувам и Господ ќе ти даде да разбереш сè”. „Погрижи се пред Бога да се докажеш како работник кој нема од што да се срами, правилно проповедајќи го словото на вистината“ (2. Тимотеј 2:7,15). Оваа поука на Тимотеј треба да биде образовна сила на секое семејство и на секое училиште. {6C 133.2}

Сите кои се поврзани со нашите установи не само со училиштата, туку и со санаториумите и издавачките претпријатија повикани се да вложуваат ревносни напори во оспособување на мажите, жените и младината да станат Божји соработници. Учениците треба да се поучуваат разумно да работат на Христов начин, прикажувајќи го благо родниот и возвишен христијански карактер на оние со кои се дружат. Оние на кои им е дадена должност да ја обучуваат младината во поглед на било која гранка на нашето дело треба да бидат луѓе кои длабоко ја чувствуваат вредноста на душите. Ако не бидат длабоко напоени со Светиот Дух, се изложуваат на опасност на злиот набљудувач кој будно внимава како да создаде незгодни околности. Образовниот работник треба да биде мудар, сфаќајќи дека со верност и љубезност може да ги придобие душите, но со грубост никогаш. Самоволните зборови и постапки поттикнуваат најлоши страсти во човечкото срце. Кога мажите и жените, кои тврдат дека се христијани, не научиле да ги отфрлат своите сопствени зли и детски темпераменти, како можат да очекуваат други да ги почитуваат и ценат? {6C 134.1}

Со голема грижливост треба да се бираат соодветни лица за наставници, кои ќе бидат не само верни во својата работа, туку кои ќе манифестираат исправен темперамент. Ако не

се достојни за доверба, треба да се отстранат. Секоја установа е одговорна пред Бога ако не поттикнува љубезност и љубов. Никогаш не треба да се заборави дека нашите установи спаѓаат под надзор на Христа. {6C 134.2}

Најдобрите проповеднички таленти треба да бидат употребени за поучување на Библијата во нашите училишта. Оние кои се избрани за таа работа, мораат ревносно да ја проучуваат Библијата и да поседуваат длабоко христијанско искуство; нивните плати треба да бидат исплатувани од десетокот. Божја намера е во сите наши установи да се образуваат и развиваат работници од кои Тој нема да се посрами, работници кои можат да се пратат како добро оспособени мисионери да вршат служба за Својот Учител. Меѓутоа, оваа цел не се држела постојано пред очите. Ние во многу нешта заостануваме во таа работа, а Господ бара бескрајно поголема ревност отколку што досега се покажуваше. Тој нè повикал да се одвоиме од светот за да сведочиме за Неговата вистина. Во сите наши редови, треба да се обучуваат млади мажи и жени, за да можат да заземат корисни и влијателни положби. {6C 134.3}

Итно се потребни работници во евангелското поле; за тоа дело се потребни млади луѓе; Бог ги повикува. Нивното образование е од првенствено значење во нашите колеџи и тоа во никој случај не треба да се занемари или смета како прашање од второстепена важност. Потполно е погрешно кога учителите, предлагајќи други занимања, ги обесхрабруваат младите луѓе кои би можеле да се оспособат за корисна работа во проповедничката служба. Оние кои ги попречуваат младите луѓе во подготвувањето за тоа дело, се спротивставуваат на Божјите планови и ќе мораат да положат сметка за своите постапки. Меѓу нас има голем број на способни млади луѓе. Кога би ги искористиле нивните способности, би имале дваесет проповедници таму каде што сега имаме еден. {6C 135.1}

Младите луѓе кои имаат намера да се посветат на проповедничкиот повик, не треба да поминат извесен број на години само поради стекнување на образование. Учителите треба да бидат способни да ја сфатат ситуацијата и својата настава да ја прилагодат на потребите на таквите ученици. Треба да им се овозможи кратко, но детално проучување на гранките што им се најпотребни во нивната работа. Меѓутоа, овој план не се спроведува на дело. Премногу малку внимание се подарувало на оспособувањето на младите луѓе за проповедничка служба. Нам не ни преостануваат уште многу години за работа, па учи телите, наместо спроведување на своите сопствени планови, треба да бидат исполнети со Божјиот Дух и да работат во склад со Неговата волја. Секоја година многу губиме затоа што не се придржуваме до Господовиот совет во врска со тие прашања. {6C 135.2}

Во нашите училишта, мисионерските медицински браќа и сестри треба да добијат поуки од добро квалификувани лекари и во рамките на школувањето треба да стекнат знаење како да се борат против болестите и како да укажуваат на вредноста на природните лекови. Тоа е многу потребно. Големите и малите градови потонале во грев и морална расипаност, но сепак во секој Содом постои и по некој Лот. Отровот на гревот делува во срцето на општеството и Бог ги повикува реформаторите во одбрана на законот кој Тој го воспоставил да управува со телесниот состав на човекот. Тие во исто време треба високо да го држат знамето на обучување на умот и развивањето на срцето, за да може Големиот Лекар да соработува со човечкото орудие во делото на милоста и потребата за олеснување на страдањата. {6C 136.1}

Исто така, Господова намера е младите луѓе во нашите училишта да стекнат знаење со кое ќе се подготват да бидат учители во саботните школи или да вршат било која друга должност во некои од нашите установи. Работите би стоеле поинаку кога извесен број на посветени млади луѓе би се посветиле на работа во саботните школи, трудејќи се да стекнат образование, а потоа да ги поучуваат другите во поглед на најдобриот начин на кој душите можат да се доведат кај Христа. Тоа е работа која донесува награда. {6C 136.2}

Учители мисионери

Учителите треба да бидат образовани за мисионерска работа. На секаде постои потреба за мисионери, така што работници од две или три земји нема да бидат во можност да одговорат на сите апели за помош. Покрај оспособувањето на оние кои треба да бидат упатени како мисионери од нашите постари унии, лица во разни делови на светот треба да се оспособуваат за работа со своите сонародници и соседи и, ако тоа е можно, подобро и посигурно е образованието да го стекнат во она поле во кое ќе работат. Ретко кога е добро, било за самиот работник, било за напредок на делото, истиот да заминува во далечни земји поради образование. Господ сака да се преземе сè што е можно за да се задоволи таа потреба, па ако црквите се свесни за своите одговорности, тие ќе знаат како треба да постапат во секој непредвиден случај (итност). {6C 136.3}

За да се задоволи потребата од работници, Бог сака во разни земји да се основаат образовни центри во кои способните ученици ќе можат да се воспитуваат во практични гранки на знаење и во библиската вистина. Кога таквите лица ќе стапат во активна работа, тие ќе дадат обележје на делото, ширејќи ја сегашната вистина во нови полиња. Тие ќе пробудат интерес меѓу неверниците и ќе потпомагаат во ослободување на душите од оковите на гревот. Најдобрите учители треба да се пратат во разни земји каде што ќе основаат училишта за унапредување на образовното дело. {6C 137.1}

Можеби премногу образовни можности (услови, зданија, работници) се сосредоточени во едно место. Помали училишта, со кои се управува по планот на пророчките школи, би биле поголема благодат. Парите потрошени за проширување на колеџот во Батл Крик поради сместување на проповедничкото училиште, би биле подобро искористени ако беа употребени за основање на училишта во селските области на Америка и во други земји. Не е потребно во Батл Крик да се изградуваат нови згради. Тука веќе постојат можности за образование на толкав број на ученици колку што треба да бидат собрани во едно место. Не е најдобро толкав број на ученици да го посетува тоа училиште, за што постоеше расположивата мудрост и таленти за образование на само извесен број. Проповедничките институции можеа да бидат смес тени во веќе постоечките згради, а парите употребени за проширување на колеџот можеа да бидат покорисно употребени за подигање на училишни згради во други места. {6C 137.2}

Новите згради во Батл Крик даваат поттик на семејствата да се преселуваат во Батл Крик, за да можат нивните деца да се школуваат во колеџот. Меѓутоа, би било многу поголем благослов децата да се школуваат во некое друго место и во помал број. Приливот на народ во Батл Крик е исто толкава грешка на оние кои се наоѓаат на водечки положби, како и на оние кои се доселуваат во него. Постојат поповолни полиња за мисионерска

работа отколку што е Батл Крик, а сепак оние кои се наоѓаат на одговорни положби имаат намера сите погодности да ги сосредоточат тука. Тие широки можности како да му зборуваат на народот: „Дојдете во Батл Крик, преселете се ваму со своите семејства и школувајте ги тука своите деца”. {6C 138.1}

Ако некои од нашите поголеми образовни установи се поделат на помали установи и ако тие училишта се основани на разни места, би бил остварен многу поголем напредок во поглед на физичкото, умното и моралното образование. Господ не рекол дека треба да постојат помал број на згради, туку дека тие згради не треба премногу да бидат сосредоточени на едно место. Големите суми на пари кои се вложени во само неколку места, би требало да бидат употребени за основање на училишта на едно пошироко поле за да може да се примат поголем број на ученици. {6C 138.2}

Дојде време знамето на вистината да се издигне на многу места, да се пробуди интересот и мисионерското поле да се проширува сѐ повеќе, додека не го опфати целиот свет. Дојде време кога на многу поголем број на луѓе треба да им се обрне внимание на веста на вистината. Во тој правец може многу да се направи, што досега не беше случај. Додека црквите се должни своите светилки да ги одржуваат подготвени и запалени, верните млади луѓе мора да бидат оспособени да го спроведуваат делото во своите сопствени земји. Треба да се основаат училишта, не онака луксузно опремени училишта како она во Батл Крик и колеџот „Поглед“, туку поедноставни училишта со поскромни згради и учители кои ќе ги усвојат истите планови кои биле следени во пророчките школи. Наместо концентрирање на светлината на едно место, во кое многумина не го ценат, ниту го користат она што е дадено, светлината треба да се однесе во многу места на Земјата. Ако учителите, кои се бојат од Бога и имаат урамнотежен ум и практични идеи, појдат во мисионските полиња, работејќи во понизност и давајќи им го на другите она што самите го примиле, Бог ќе го подари Својот Свет Дух на многумина кои се лишени од Неговата благодат. {6C 138.3}

Елементи на успехот

Учителите и учениците треба да соработуваат во делото на ре форма, при што секој треба да се труди според своите најдобри можности, за да можат нашите училишта да примат Божје одобрување. За успех е потребно единство на акцијата. Во една војска би дошло до за буна и пораз ако нејзините војници во борбата, наместо хармонична акција под команда и наредби на способниот војсководец, постапуваат секој според своите побуди. Христовите војници мораат да делуваат единствено. Неколку обратени души, кои сложно се залагаат за остварување на една голема цел под едно раководство, ќе извојуваат по беда во секој судир. {6C 139.1}

Ако постои неслога помеѓу оние кои тврдат дека веруваат во вистината, светот ќе заклучи дека тоа не може да биде Божји народ, за што неговите членови работат едни против други. Ако сме едно со Христа, ќе бидеме единствени и меѓу себе. Оние кои не влечат заедно со Христа во Неговиот јарем секогаш повлекуваат во погрешна насока. Тие поседуваат темперамент кој припаѓа на телесната човечка при рода и при најмал повод страста станува против страста. Тоа предизвикува судири и се слушаат повишени гласови

на заседанијата на разни одбори и на јавните собири, гласови кои се противат на методите на реформа. {6C 139.2}

Послушноста кон секоја Божја Реч е втор услов за успех. Победи не можат да се извојуваат со раскошни церемонии, туку со едноставно покорување на највозвишениот Војсководец, небесниот Господ Бог. Оној кој се потпира на тој Водач, никогаш нема да доживее пораз. Поразот е последица на потпирање на човечките методи, измислици и потиснувања на она што е божествено на второ место. Послушноста била поука која Војсководецот на Господовата војска сакал да ја пренесе на големите војски на Израел послушност во она во што тие не можеле да видат никаков успех. Ако бидеме послушни на гласот на нашиот Водач, Христос ќе ги води Своите битки на начин кој ќе ги вчудовиди најголемите сили на Земјата. {6C 140.1}

Ние сме Христови војници и од оние кои доброволно ќе стапат во Неговата војска се очекува да вршат тешка задача, задача која до крајност ќе ги оптовари нивните сили. Мораме да сфатиме дека животот на војникот е агресивен живот на борба, истрајност и непоколебливост. Поради Христа треба да поднесуваме потешкотии. Ние не учествуваме во замислени, туку во вистински борби. Мораме да се сретнуваме со моќни противници, зашто „нашата борба не е против крв и тело, туку против началствата, против властите, против световните управители на темнината од овој век, против поднебесните духови на злобата“ (Ефесјаните 6:12). Мораме да бараме сила таму каде што ја нашле првите ученици: „Тие сите еднодушно беа постојано во молитва и молење”. „И се исполнија со Дух Свети и слободно го проповедаа словото Божјо. А народот што поверува, имаше едно срце и една душа“ (Дела 1:14; 4:31, 32). {6C 140.2}

СПРЕЧУВАЊЕ НА РЕФОРМА

До некој степен Библијата е воведена во нашите училишта, па во нашите училишта се вложувани извесни напори во правец на реформа, меѓутоа, многу тешко е да се усвојат правилни начела кога некој толку долго бил навикнат на омилените методи на овој свет. Првите обиди да се изменат старите обичаи нанеле големи маки на оние кои сакале да одат по патот на кој укажал Бог. Правени се грешки и последици од тоа биле големи загуби. Имаше пречки насочени кон тоа да нè задржат на обични, световни методи, спречувајќи нè да ги сфатиме вистинските образовни начела. На оние кои не се обратени, кои ги набљудуваат работите од ниска гледна точка на човечката себичност, неверие и рамнодушност, правилните начела и методи изгледаат како погрешни. {6C 141.1}

Некои учители и управители кои се само наполу обратени претставуваат камен на сопнување за другите. Тие попуштаат во извесни работи и само наполу се придржуваат за реформата. Меѓутоа, кога ќе дојде поголемо познавање, тие одбиваат да напредуваат, зашто по веќе сакаат да работат во склад со сопствените поими. Правејќи така, тие берат и јадат плод од дрвото на знаењето, кое човечкото мислење го става над она што е божествено. „И така, имајте стравопочит кон Господ и служете Му со чистота и искреност; и отфрлете ги боговите на кои им служеа татковците ваши од онаа страна на реката и во Египет и служете Му на Господ. Ако пак, не ви е мило да Му служите на Господ, одберете си сега, кому да му служите”. „Ако е Господ Бог, одете по Него; ако е Вал, одете по него“

(Исус Навин 24:14,15; 1. Цареви 18:21). Ние би стигнале многу подалеку од нашата сегашна состојба ако напредувавме онака како што доаѓаше светлината на нас. {6C 141.2}

Кога се застапуваа нови методи, се поставуваа толку сомнителни прашања, беа одржани толку седници заради распознавање на сите тешкотии, така што многу реформатори беа хендикепирани и некои престанаа да ургираат реформи. Тие како да не беа во состојба да ја сопрат навалата на сомнежи и критикување. Во Атина соодветно мал број на луѓе го примиле евангелието, зашто луѓето негувале интелектуална горделивост и световна мудрост, сметајќи го Христовото евангелие како лудост. „Зашто Божјото безумие е помудро од луѓето и Божјата слабост е посилна од луѓето". Поради тоа „ние го проповедаме распнатиот Христос, кој за Јудејците е соблазна, а за незнабошците безумие; за повиканите пак, како Јудејци, така и Елини, Христос е Божја сила и Божја мудрост" (1. Коринтјаните 1:25,23,24). {6C 141.3}

Сега мораме повторно да почнеме од почеток. Реформите мора да се започнат со срцето, душата и волјата. Заблудите можат да бидат стари со векови, но староста не ја прави заблудата вистина, ниту вистината заблуда. Премногу долго се придржувало до старите навики и обичаи. Господ сака учителите и учениците да ги отфрлат сите погрешни поими. Ние не смееме да го поучуваме она што ќе одговара на мерилото на светот или мерилото на црквата само поради тоа што е таков обичајот. Мерило се поуките кои Христос ги дал. Мораме строго да се придржуваме за она што Господ го рекол во поглед на наставата во нашите училишта; зашто ако во извесен поглед наставата во световните училишта потполно не се разликува од наставата што е давана во некои наши училишта, тогаш не требаше да се изложуваме на трошоци за купување на земјиште и подигање на училишни згради. {6C 142.1}

Некои ќе кажат дека нашите училишта ќе станат непопуларни ако верското учење се стави на прво место; и дека во нив нема да се за пишуваат оние кои не се припадници на нашата вера. Во ред; нека одат во други училишта во кои ќе најдат образовен систем кој одговара на нивниот вкус. Во врска со тоа, сатанската намера е да го спречи остварувањето на оние цели поради кои и се основани нашите училишта. Попречени од неговата лукавост, управителите расудуваат според на чинот на овој свет, угледувајќи се на неговите планови и имитирајќи ги неговите обичаи. Многумина покажаа толкав недостаток на небесна мудрост, така што се здружија со непријателите на Бога и на вистината, организирајќи световни забави за учениците. Правејќи така, тие го предизвикуваат Божјото негодување, зашто со тоа ја заведуваат младината на погрешен пат и му помагаат на сатаната во неговата работа. Со таква работа и сите нејзини последици, тие ќе мораат да се соочат на Божјиот суд. {6C 142.2}

Оние кои одат по тој пат, покажуваат дека во нив не може да се има доверба. Откако злото веќе е направено, тие можеби ќе ја признаат својата грешка. Но можат ли да се отстранат последиците на нивното влијание? Ќе биде ли кажано „добро направено" на оној кој ја изневерил дадената доверба? Таквите неверни работници не граделе на Вечната Карпа и ќе се покаже дека нивниот темел е поставен на нестабилен песок. Кога Господ бара од нас да бидеме одвоен и избран народ, како можеме да копнееме за популарност и да тежнееме кон имитирање на обичаите и навиките на овој свет? „Не знаете ли дека пријателството со овој свет е непријателство на Бога? Зашто, кој сака да му е пријател на светот, му станува непријател на Бога" (Јаков 4:4). {6C 143.1}

Да се понижи нашето мерило за да си обезбедиме себеси популарност и да ги зголемиме бројките, а потоа да се радуваме на тоа зголемување, значи да се биде сосем слеп. Кога броевите би биле мерило за успех, сатаната би можел да полага право на превласт, зашто големо мноштво од овој свет се негови следбеници. Особините и успехот на едно училиште се огледуваат во неговата морална сила. Тие зависат од особините, интелегенцијата и побожноста на оние кои се наоѓаат во нив, а не од нивниот број и тоа треба да биде причина за радост и благодарност. Според тоа, треба ли нашите училишта да се сообразат со светот и да го следат неговиот пример и обичаи? „Браќа, ве молам во името на Божјото милосрдие... не сообразувајте се со овој век, туку преобразете се со возобновување на вашиот ум за да можете да испитувате и осознавате која е добрата, благоугодната и совршена Божја волја“ (Римјаните 12:1,2). {6С 143.2}

Луѓето на сите начини ќе се трудат да ја намалат истакнатата разлика помеѓу адвентистите на седмиот ден и оние што го празнуваат првиот ден во седмицата. Укажано ми е на една група под името адвентисти на седмиот ден која препорачуваше дека знамето или знакот кој нè прави посебен народ не треба толку впечатливо да се истакнува, сметајќи дека тоа не е најдобар пат да се обезбеди успех на нашите установи. Но ова не е време да го спуштаме своето знаме ниту да се срамиме од својата вера. Тоа својствено знаме, опишано со зборовите: „Овде е трпението на светиите, кои ги држат Божјите заповеди и верата во Исус“, мора да се носи низ светот до завршувањето на времето на милоста. Трудејќи се да го напреднеме делото во разни места, не смееме да ја прикриваме својата вера за да стекнеме наклонетост. Вистината мора да дојде до душите кои се наоѓаат пред пропаст; ако ја прикриваме на било кој начин, со тоа го обесчестуваме Бога и на нашите облеки ќе се најде крвта на душите. {6С 144.1}

Небесните битија ќе соработуваат со оние кои работат во нашите установи сè додека тие одат понизно со Бога: меѓутоа, сите треба да го имаат на ум фактот дека Бог рекол“ „Ќе им укажам чест на оние кои Мене ми укажуваат чест“ (1. Самоилова 2:30). Никој не треба ниту за момент да помисли дека би бил во добивка ако својата вера и учење ги прикрива од неверниците во светот, стравувајќи дека нема толку високо да биде ценет ако луѓето дознаат за неговите начела. Христос бара од сите Свои следбеници отворено и храбро да ја исповедаат својата вера. Секој мора да го заземе своето место и да биде она што Бог му го наменил – гледиште за светот, ангелите и луѓето. Цела вселена со големо внимание набљудува како ќе заврши големата борба помеѓу Христа и сатаната. Секој христијанин треба да биде една светлина, која не смее да се сокрие под сад или под кревет, туку да се стави на свеќник за да им свети на сите во домот. Никогаш не ја сокривајте Божјата вистина од кукавичлук или поради световна корист. {6С 144.2}

Иако нашите установи во многу нешта се прилагодија кон светот, приближувајќи му се чекор по чекор, сепак тие се заробеници на надежта. Судбината сè уште не ја исплела својата мрежа околу нив, за тие да мораат да останат беспомошни и во неизвесност. Доколку го послушаат Божјиот глас, одејќи по Неговиот пат, Тој ќе ги исправи и просветли, враќајќи ги на нивниот исправен став на разликување од светот. Кога ќе се сфатат сите предности на покорувањето на христијанските начела и кога сопственото „јас“ ќе се сокрие во Христа, ќе се постигне многу поголем напредок, зашто секој работник, чувствувајќи ја својата човечка слабост и преколнувајќи го Бога за мудрост и милост, ќе прими божествена помош која ни е ветена за секоја непредвидена ситуација. {6С 145.1}

Неповолните околности и спротивставувања треба да создадат во нас цврста одлука да ги пребродиме. Една срушена препрека ќе ни даде поголема способност и храброст да одиме понатаму. Појдете по вистинскиот пат и извршете промена, цврсто и разумно. Тогаш околностите за вас нема да претставуваат препреки, туку помошници. На правете го почетниот чекор. Големиот даб се развива од мал желад. {6C 145.2}

До учителите и управителите

Ги повикувам учителите во нашите училишта да имаат здрав суд и да се однесуваат според повисоки мерила. Нашите воспитни установи мораат да се очистат од секоја нечистотија. Сите наши установи мораат да се раководат според христијанските начела, ако сакаме тие да извојуваат победа над сите препреки. Меѓутоа, ако тие се раководат според плановите и мудроста на овој свет, ним ќе им недостасува цврстина во работата и духовна далекувидост во разликувањето. Состој бата на светот пред второто Христово доаѓање е потполно слична на состојбата која претходела на Неговото прво доаѓање. Еврејскиот на род бил уништен затоа што ја отфрлил веста на спасение која била пратена од небото. Треба ли ова поколение кое има голема светлина и чудесни можности да појде по патот на оние кои ја отфрлиле светлината и отишле во пропаст? {6C 145.3}

Денес многумина имаат покривала на своите лица. Ова покривало е наклоност кон навиките и постапките на светот кои ја сокриваат од нив Господовата слава. Бог сака нашите очи да бидат управени кон Него и да ги изгубиме од вид работите на овој свет. {6C 146.1}

За да им удоволиме на барањата на Библијата треба да ја внесуваме вистината во секојдневниот живот, издигнувајќи го знамето на вистината сè повеќе и повеќе. Поради тоа ќе биде потребно да се спротивставуваме на модата, обичаите, праксата и општите начела на светот. Световните влијанија како морски бранови навалуваат на Христовите следбеници за да ги одбијат од вистинските начела на Неговата кротост и благодат; но ние мораме во овие начела да биде цврсти како карпа. Тоа бара морална храброст и оние чии души не се утврдени на Вечната Карпа ќе бидат однесени од струјата на овој свет. Можеме да стоиме цврсто само ако нашиот живот е сокриен со Христа во Бога. Моралната независност е потполно на свое место кога се работи за спротивставувањето на светот. Предавајќи се потполно на Божјата волја, ние ќе дојдеме во поповолна положба и ќе увидиме колку е потребно одлучно одвојување од обичаите и праксата на овој свет. {6C 146.2}

Не е доволно нашето мерило да биде само малку повозвишено од мерилата на овој свет; разликата помеѓу нас и него мора да биде јасна и очевидна. Причината поради која имавме толкаво мало влијание на своите неверни роднини и пријатели лежи во тоа што не постои одре дена разлика во праксата помеѓу нас и овој свет. {6C 146.3}

Многу учители дозволуваат нивните умови да останат премногу ограничени и ниски. Тие го немаат секогаш пред очите божествениот план, туку своите погледи ги сосредоточуваат на световни примери. Гледајте горе, „каде што Христос седи од десната страна на Бога“, и настојувајте вашите ученици да се угледаат на Неговиот совршен карактер. Укажувајте ѝ на младината на Петровите скали со осум скалила (2. Петрово 1:57)

и тоа не на највисоката, туку на најниската и потоа со најсесрден поттик повикајте ги да се искачат до врвот. {6C 147.1}

Скалите го претставуваат Христа, кој ја спојува земјата со небото. Подножјето на тие скали, преку Неговата човечка природа, е цврсто всадено во земјата, додека највисокото скалило, преку Неговото божество, допира до Божјиот престол. Со Својата човечка природа Христос го прегрнал паднатото човештво, додека со Своето божество се држи за Божјиот престол. Ние се спасуваме искачувајќи се скалило по скалило по тие скали, угледувајќи се на Христа, држејќи се цврсто за Него, качувајќи се чекор по чекор до Неговата висина, така што Тој ќе ни стане мудрост, праведност, посветување и откупување. Верата, разумот, воздржувањето, трпението, побожноста, братољубието и љубовта кон Бога тоа се скалила на овие скали. Во христијанскиот карактер треба да се манифестираат сите овие особини и „ако го вршите тоа, никогаш нема да погрешите, бидејќи на таков начин ќе ви се овозможи слободен влез во вечното царство на нашиот Господ и Спасител Исус Христос“ (2. Петрово 1:10, 11). {6C 147.2}

Не е лесно да се заслужи непроценливото богатство на вечниот живот. Никој не може тоа да го заслужи, ако се препушти по струјата на овој свет. Ние мора да излеземе од светот, да се одвоиме и да не се допираме до ништо нечисто. Никој не може да постапува како светот, а световната струја да не го понесе со себе. Никој не може да се из дигне без истрајни напори. Секој кој сака да победи, мора цврсто да се држи за Христа. Тој не смее да гледа наназад, туку својот поглед мора да го држи постојано насочен нагоре, стекнувајќи позитивни особини една по друга. Личната будност е цена на безбедноста. Сатаната игра животна игра за вашата душа. Не свртувајте ниту малку на негова страна, за со тоа да не му дадете предност над себе. {6C 147.3}

Ако некогаш стигнеме на небо, тоа ќе биде само благодарение на поврзувањето на своите души со Христа, на потпирањето на Него, како и на одвојувањето од светот, од неговите лудости и заведувања. Во таа цел мораме да соработуваме со небесните битија. Мораме да веруваме, да работиме, да се молиме, да стражариме и да чекаме. Бидејќи нè откупил Божјиот Син, ние сме Негова своина; затоа секој треба да стекне образование во Христовото училиште. И учителите и учениците треба грижливо да се трудат за вечноста. Крајот на сите работи е пред нас. Сега е потребно луѓето да се наоружаат и подготват за Господовата битка. {6C 148.1}

Не треба да се издигнуваат луѓето, туку Бог, единствениот вистински и жив Бог. Несебичниот живот, благородниот, пожртвуван дух, љубовта и сочувството на оние кои се наоѓаат на доверливи положби во нашите установи треба да шират прочистувачко и облагородувачко влијание кое вечно ќе говори во прилог на доброто. Тогаш нивните зборови во советот нема да доаѓаат од вообразен и суетен дух, туку нивните ненаметливи особини ќе бидат повредни од злато. Ако човекот копнее по божествена природа, работејќи според планот на додавање, додавајќи особини кон особините во усовршување на христијанскиот карактер, Бог ќе работи според планот на умножување. Тој кажува во Својата Реч: „Благодатта и мирот со познавањето на Бог и Христос Исус, нашиот Господ, да ви се умножат“ (2. Петрово 1:2). {6C 148.2}

„Така вели Господ: мудриот да не се фали со мудроста своја, силниот да не се фали со силата своја, богатиот да не се фали со богатството свое. А кој се фали, нека се фали со тоа дека Ме разбира Мене и дека знае дека Јас сум Господ, кој покажува милост, суд и правда

на земјата; зашто само овие работи Ми се угодни, вели Господ“ (Еремија 9:23,24). „О, човеку, речено ти е што е добро и што бара од тебе Господ: да работиш праведно, да сакаш милосрдни дела и понизно да врвиш пред твојот Бог“ „Кој Бог е како Тебе, за да ги простува беззаконијата, да мине преку престапите на остатокот од Своето наследство? Тој вечно не се гневи, зашто Тој со радост се смилува“ (Михеј 6:8; 7:18). „Измијте се, исчистете се; иставете ги од очите Мои лошите дела свои; престанете да правите зло. Научете се да правите добро“ (Исаија 1:16,17). {6C 148.3}

Тоа се Божјите зборови упатени до нас. Минатото е содржано во книгата во која е запишано сè. Ние не можеме да го избришеме она што е запишано, но ако сакаме да се поучиме, минатото ќе ни биде по ука. Ако го направиме свој надгледувач, ќе го направиме исто така и свој пријател. Опоменувајќи се на она што не било добро, учиме да не направиме иста грешка. Не дозволувајте во иднина било што да се запише поради што наскоро ќе морате да се каете. {6C 149.1}

Ние сега може да одбегнуваме лош запис. Секој ден создаваме своја историја. Вчера е надвор од нашата власт или поправање; само денес е наше. Затоа да не го жалостиме денес Божјиот Дух, зашто утре нема да можеме да го повратиме она што сме го направиле. Денес ќе стане вчера. {6C 149.2}

Да се трудиме во сè да го послушаме Божјиот совет, зошто Тој е не ограничен во мудроста. Иако во минатото не направивме сè што можевме да направиме за своите деца и младината, да се покаеме сега и да го откупиме времето. Господ вели: „Гревовите ваши да се и алово црвени како снег ќе ги побелам; да бидат црвени и како пурпур како волна ќе станат бели“ Ако Го барате и послушате, ќе ги јадете добрата земни; ако пак не сакате и се спротивставувате, меч ќе ве истреби“ (Исаија 1:18-20). Веста: „Одете напред“ сè уште треба да се слушне и да се повторува. Различните околности во нашиот свет бараат начин на работа кој ќе се прилагоди на тие посебни услови. На Господа Му се потребни духовно остроумни луѓе со јасен поглед, луѓе кои несомнено примаат свежа мана од небото. Светиот Дух делува на срцата на таквите луѓе и Божјата Реч со молскавична светлина го расветлува нивниот ум, откривајќи им ја вистинската мудрост повеќе од кога и да е порано. {6C 149.3}

Образованието кое го примаат младите претставува основа на целокупното општество. Во цел свет, човештвото се наоѓа во состојба на пореметеност, така што е потребна една целосна реформа. Многумина претпоставуваат дека подобрите можности за образование, поголемата вештина и поновите методи ќе ги поправат работите. Тие тврдат дека веруваат и ја примаат живата Божја Реч, но сепак и даваат подредено место во системот на образование. Она што би требало да дојде на прво место е потчинето на човечките измислици. {6C 150.1}

Многу е лесно да се препушта на околностите, управувајќи се по световните планови, методи и обичаи и не мислејќи повеќе на времето во кое живееме и на големото дело кое треба да се изврши, отколку што на тоа мислеа луѓето во времето на Ное. Постојано постои опасност нашите образовни работници да појдат по истиот пат по кој оделе Евреите, прилагодувајќи се на обичаите, праксата и традициите кои не се од Бога. Некои упорно и цврсто се држат за старите навики и ги сакаат науките кои не се битни, како од нив да зависи нивното спасение. Така постапувајќи, тие се оддалечуваат од посебното Божје дело и им даваат на учениците непотполно и погрешно образование. Умовите се одвратени од она

јасно „Така вели Господ“, од што зависат вечните интереси и се упатува на човечки теории и учења. Бесконечната и вечна вистина, Божјото откровение, се објаснува во светлината на човечките толкувања, иако само силата на Светиот Дух може да го открие она што е духовно. Човечката мудрост е лудост, зашто таа не го гледа целото Божје провидение кое води во вечност. {6C 150.2}

Реформаторите не се рушители. Тие никогаш нема да се трудат да ги упропастат оние кои не постапуваат во склад со нивните намери и не ги асимилираат. Реформаторите мораат да одат напред, не повлекувајќи се. Тие мораат да бидат одлучни, цврсти, решителни, непопустливи, но цврстината не смее да се изопачи во доминирачки дух. Бог сака сите кои Му служат да бидат цврсти како карпа во поглед на начелата, но кротки и благи како што бил Христос. Тогаш, живеејќи во Христа, ќе можат да го извршат делото кое Тој би го извршил да е на нивно место. Суровоста и духот на осудување на другите не се потребни за херојство во реформите за ова време. Сите себични постапки во Божјата служба се одвратни во Неговите очи. {6C 151.1}

Сатаната работи на тоа да не се исполни Христовата молитва (за единство) на Неговиот народ. Тој постојано се труди да создаде раздор и неслога. Зашто каде што е слогата, таму е и силата, единство кое сите сили на пеколот не можат да го скршат. Сите кои им помагаат на Божјите непријатели, слабеејќи, жалостејќи и обесхрабрувајќи го со своите изопачени постапки и особини било кој од Божјиот народ, работат директно наспроти Христовата молитва. {6C 151.2}

КАРАКТЕРОТ И РАБОТАТА НА УЧИТЕЛИТЕ

Работата во нашите училишта не смее да личи на работата во колеџите и семинарите на овој свет. Научното образование во ова големо дело на образование не треба да се смета за неважно, но најважно треба да биде она знаење кое ќе го подготви народот да опстане на големиот Божји ден. Нашите училишта мораат повеќе да личат на некогашните школи на пророците. Во нив студентите треба да се потчинат на Христовата дисциплина и да учат од Големиот Учител. Тие треба да бидат семејни училишта, каде секој ученик ќе прими посебна помош од своите учители, како што членовите на едно семејство се помагаат еден со друг. Тие треба да негуваат нежност, сочувство, единство и љубов. Учителите мораат да бидат несебични, верни, водени од Божјата љубов, кои, со срце полно со нежност, ќе се грижат за здравјето и среќата на учениците. Тие треба да се трудат да ги издигнат учениците во секоја суштинска гранка на знаењето. {6C 152.1}

За нашите училишта треба да се бираат мудри учители, оние кои ќе чувствуваат како своја одговорност пред Бога највпечатливо да укажат на потребата од познавање на Христа како личен Спасител. Од највисокото до најниското одделение, тие треба да покажуваат посебна грижа за спасението на учениците и со лично залагање да ги упатуваат нивните чекори по прав пат. Тие треба да имаат сожалување кон оние кои биле лошо воспитани во детството, трудејќи се да ги излекуваат од недостатоците кои, ако не се отстранат, многу ќе го нарушат нивниот карактер. Таа задача нема да може да ја изврши ниту еден кој претходно не се научил во Христовото училиште како да ги учи другите. {6C 152.2}

Сите кои предаваат настава во нашите училишта мораат да одржуваат тесна врска со Бога и добро да ја познаваат Неговата Реч, за да бидат во состојба божествената мудрост и знаење да ги внесат во делото на образование на младината, со што ќе ја оспособат да биде корисна во овој живот, како и за идниот, бесмртен живот. Тие мораат да бидат мажи и жени кои не само што ја познаваат вистината, туку и живеат според Божјата Реч. Лозинката „Пишано е“ треба да се одразува во нивните зборови и во нивниот живот. Со својот живот тие треба да дадат пример на едноставност и правилни навики во сè. Ниту еден маж и ниту една жена кои немаат искуство во покорувањето на Господовата Реч не треба да бидат едукатори во нашите училишта. {6C 152.3}

И на управителите и на учителите им е потребно крштавање со Светиот Дух. Сесрдните молитви на понизните души ќе стигнат до престолот на милоста и Бог ќе одговори на тие молитви во свое време ако со вера цврсто се фатиме за Неговата рака. Сопственото „јас“ треба да се стопи во Христа, а со Христос во Бога и ќе се излее толкава сила, така што срцата ќе бидат трогнати и потчинети. Христос го поучувал народот на начин кој потполно се разликувал од вообичаените методи на овој свет, и ние треба да бидеме Негови соработници. {6C 153.1}

Поучувањето значи многу повеќе отколку што многумина претпоставуваат. Потребна е голема способност вистината да се направи разбирлива. Од таа причина секој учител треба да се труди да стекне што поголемо знаење за духовната вистина, но тој не може да се здобие со тоа знаење ако се одвои од Божјата Реч. Ако сака неговите сили и способности секојдневно да се развиваат, тој мора да ја проучува, мора да ја јаде и да ја свари Речта, работејќи како што работел Христос. Божјиот Дух ќе ја оживее секоја способност на душата која се храни од лебот на животот. Тоа е храна која останува за вечниот живот. {6C 153.2}

Учителите кои се учат од Големиот Учител ќе ја почувствуваат Божјата помош како што ја почувствувале Даниел и неговите другари. Тие треба да се издигнуваат кон небото наместо да остануваат во ни зината. На вистинското образование треба да му се придружи христијанското искуство. „Вие, како живи камења сте вградени во духовен дом, свештенство свето, за да принесете жртви кои Му се на Бога пријатни преку Исус Христос“ (1. Петрово 2:5). Учителите и учениците треба да го проучуваат ова излагање за да видат дали се од таа класа на луѓе, кои преку изобилно дадената божествена благодат, го стекнуваат она искуство кое секое Божје дете мора да го поседува за да може да влезе во повозвишеното одделение. Во сите свои поуки учителите треба да ја пренесуваат на други светлината која доаѓа од Божјиот престол; зашто образованието е работа чии последици ќе се забележуваат преку бескрајното време на вечноста. {6C 153.3}

Учителите треба да ги наведат своите ученици на размислување, и јасно да ја разбираат за себеси вистината. За учителот не е доволно само да објасни, ниту за ученикот е доволно само да верува; мора да се поттикне самиот да испитува и тој треба да биде наведен да ја искаже вистината со сопствен јазик, докажувајќи на тој начин дека ја уви дува нејзината сила и дека истата ја става во употреба (аплицира). Потребно е да се вложат неуморни напори за да можат животните вистини впечатливо да се втиснат во умот. Тоа можеби ќе оди бавно, но е од поголема важност отколку ако преку значајните прашања брзо се преминува без размислување. Бог очекува Неговите установи да бидат повозвишени од установите на овој свет, зашто тие се Негови претставници. Луѓето кои се

вистински обединети со Бога ќе му покажат на светот дека со истите управува некој кој е поголем од човечкото битие. {6C 154.1}

Нашите учители и самите треба постојано да учат. Реформаторите треба да се реформираат самите себеси, не само во поглед на начинот на работа, туку и во сопственото срце. Ним им е потребно преобразување преку Божјата благодат. Кога Никодим, големиот учител во Израел, дошол кај Исуса, Учителот Му ги изложил условите на божествениот живот, поучувајќи го на основните букви на обратување. Нико дим прашал: „Како може тоа да биде?“ Христос Му одговорил: „Ти си учител Израелев и не ги знаеш ли овие работи?“ Ова прашање сега може да се постави на многумина кои се наоѓаат на положба на учи тели, но ја занемариле подготовката која е многу важна во оспособувањето за таа работа. Ако Христовите зборови се прифатени во душата, тие би поседувале многу поголема интелигенција, многу подлабоко духовно знаење за тоа што значи да се биде ученик, искрен Христов следбеник и едукатор кого Тој може да го одобри недостатоци кај учителите{6C 154.2}

Многу наши учители мораат да заборават многу нешта и многу нешта треба да научат. Ако не сакаат така да постапат ако целосно не се запознаат со Божјата Реч, ако нивниот ум потполно не се посвети на проучување на славните вистини во врска со животот на Големиот Учител тие ќе ги поттикнуваат токму оние заблуди кои Господ сака да ги отстрани. Плановите и мислите кои не треба да се негуваат ќе се втиснат во умот и во сета искреност луѓето ќе дојдат до погрешни и опасни заклучоци. Така ќе биде посеано погрешно семе. Многу обичаи и навики на кои секојдневно се наидува во училишната работа, и кои можат да се сметаат како малечки нешта, сега веќе не треба да се внесуваат во нашите училишта. На учителите можеби ќе им биде тешко да се откажат од долго вкоренетите идеи и методи; но ако на секој чекор искрено и понизно се запрашаат: „Дали е ова Господов пат?“ и ако се препуштат на Неговото водство, Тој ќе ги води на сигурни патишта и искуството ќе ги измени нивните ставови. {6C 155.1}

Учителите во нашите училишта треба да го истражуваат Светото Писмо сè додека самите лично потполно не го сфатат, отворајќи ги своите срца на драгоцените зраци на светлината која Бог ја дал и одејќи во неа. Тогаш ќе бидат научени од Бога и поинаку ќе работат, внесувајќи во своите поуки помалку теории и мислења на луѓето кои никогаш немале врска со Бога. Тие многу помалку ќе ја ценат ограничената човечка мудрост и нивните души ќе бидат гладни за онаа мудрост која доаѓа од Бога. {6C 155.2}

Христос ги запрашал дванаесетминатa: „Да не сакате и вие да си отидете?“ Петар одговорил: „Господи, кај кого ќе одиме? Ти имаш зборови за вечен живот“ (Јован 6:67-69). Кога учителите ќе ги внесат тие зборови во својата работа во училницата, Светиот Дух ќе биде присутен и ќе влијае на срцата и умовите на учениците. {6C 156.1}

Работата на учителот

Учителите треба да соработуваат со Бога во спроведување и поттикнување на делото на кое Христос им укажал со Својот пример. Тие навистина треба да бидат светлина на овој свет, покажувајќи ги оние драгоцени особини кои се откриле во Христовиот карактер и

работа, особини кои ќе го збогатат и разубаваат нивниот сопствен живот како Христови ученици. {6C 156.2}

Колку е сериозно, свето и значајно делото на настојување на светот да му се прикаже Христовиот карактер и Неговиот Дух! Тоа е предност на секој управител и учител кои учествуваат во делото на воспитување, образување и дисциплинирање на умовите на младината. Сите треба да бидат под вдахновение на сигурното уверување дека навистина го зеле на себе Христовиот јарем и го носат Неговото бреме. {6C 156.3}

Во таа работа, учителите ќе наидуваат на тешкотии; обесхрабрување ќе ги притиска нивните души кога ќе видат дека нивниот труд не се цени секогаш. Сатаната ќе ја употреби својата моќ за да ги искуша со малодушност и телесна болест, надевајќи се дека со тоа ќе ги на веде да мрморат против Бога, не сфаќајќи ја Неговата добрина, ми лост, љубов и изобилна тежина на славата која ќе биде награда за по бедникот. Но Бог ги води тие души кон сè посовршена доверба во нивниот небесен Татко. Неговото око почива на нив секој момент; и кога со вера ќе повикаат кон Него, потпирајќи се во својата збунетост на Него, Господ ќе ги извади од тоа како чисто злато. Господ Исус вели: „Нема да те оставам, ниту од тебе ќе отстапам“ (Евреите 13:5). Бог може да дозволи да наидат околности кои ќе ги принудат да се засолнат во Тврдината, одејќи со вера кон Божјиот престол сред густите облаци на темнината, зашто дури и тука Неговото присуство е скриено. Но Тој е секогаш подготвен да ги ослободи оние кои имаат доверба во Него. Извојувана на тој начин, победата ќе биде попотполна и триумфот посигурен; зашто оној кој минува низ тие проби, неволји и страдања, може да каже: „И да ме погуби, сепак јас ќе имам доверба во Него“ (Јов 13:15). „Дури и да не процути смоквата, и да нема плод по лозите, макар маслинката да откаже и нивата да не даде плод, макар и овците да не останат во трлото, па и добиток во оборите да нема, јас и тогаш ќе се радувам во Господа и ќе се веселам во Бога на моето спасение“ (Авакум 3:17, 18). {6C 156.4}

Личен повик

Ги повикувам учителите во нашите образовни установи да не до пуштат опаѓање на верската сесрдност и ревност. Не одете наназад, туку ваша лозинка нека биде „Напред“. Нашите училишта мораат да развијат многу поширок план за дејство, да имаат многу пошироки погледи, посилна вера и подлабока побожност. Божјата Реч мора да стане корен и гранка на секоја мудрост и на сите духовни достигнувања. Кога ќе бидат опфатени со преобразувачката Божја сила, тие ќе увидат дека познавањето на Бога е многу поопширно од таканаречените „напредни методи“ на образование. Пружајќи образование, тие треба секогаш да ги имаат на ум Христовите зборови: „Вие сте светлина на светот“ (Ма теј 5:14). Тогаш нема да имаат толку тешкотии при подготвувањето на мисионерите кои треба да заминуваат и да им го предадат на другите своето знаење. {6C 157.1}

Нам ни стојат на располагање сите способности и погодности за вршење на должностите кои се пред нас; затоа треба да бидеме благодарни на Бога што преку Својата милост ни ги дал овие предности и што сме ја запознале Неговата благодат и сегашната вистина и должности. Зар како учители сè уште ќе се обидувате да го спроведувате погрешното образование кое самите сте го примиле? Зар ќе ја пропуштите драгоцената

можност што ви се пружа за подобро да се запознаете со Божјите планови и методи? Верувате ли во Божјата Реч? Дали секој ден сте сè поспособни да разберете, предавајќи се потполно на Господа, за да може Тој да ве употреби во Својата служба? Дали сте мисионери кои ја вршат Божјата волја? Верувате ли дека живееме во последните денови на оваа земна историја? Имате ли срце кое може да чувствува? Пред нас е голема задача; ние треба да бидеме носи тели на светата светлина до светот, која треба да ги осветли сите народи. Ние сме христијани, а што правиме? {6С 158.1}

Учители, заземете став на вистински едукатори и покажете со зборови и на дело длабок интерес за душите на своите ученици, влевајќи во нивните срца живи потоци на откупителната љубов. Советувајте се со нив пред нивните мисли да бидат пренатрупани со учење. Повикувајте ги најсесрдно да го бараат Христа и Неговата праведност. Покажете им какви промени ќе настапат ако своите срца ги предадат на Христа. Настојувајте нивното внимание да го одржуваат постојано насочено кон Него и тоа ќе ја затвори вратата на неразумните желби кои природно се јавуваат и ќе го подготват нивниот ум за прием на божествената вистина. Младината мора да се поучува дека времето е злато; и дека за нив е многу опасно ако мислат дека можат да сеат „лошо семе“, а сепак да не пожнеат несреќа и пропаст. Мора да се поучува да има трезвен ум и да го цени она што е добро во карактерот на другите. Младината мора да се воспита својата волја да ја потчинува на Божјата волја, за да биде во состојба да ја пее новата песна и да се прилагоди на хармонијата на небото. {6С 158.2}

Одложете ја сета самоважност; зашто тоа нема да ви биде од ни каква помош во вашата работа. Поради сето тоа, ве молам придајте висока вредност на својот карактер, зашто сте купени со неизмерна цена. Бидете внимателни, молете се, бидете сериозни. Не мислете дека можете да го мешате обичното со светото. Тоа толку многу се правело во минатото, поради што кај учителот била намалена моќта за духовно расудување, така што не можел да го разликува светото од обичното. Тие употребувале обичен оган и го издигнувале, фалеле и негувале, така што Господ во негодување се свртел од нив. Учители, зар не би било подобро потполно да Му се посветите на Бога? Зар ќе ги изложувате на опасност своите души со својата делумна служба? {6С 159.1}

Оддадете Му на Бога должна почит и со перо и со зборови. Осветувајте го Господ Бог во своите срца и бидете секогаш подготвени на одговор на секој кој ќе ве праша за вашата надеж, но со кротост и страв. Ќе сакаат ли учителите во нашите училишта да го сфатат ова? Ќе са каат ли да ја земат Божјата Реч како свој учебник кој може да ги на прави мудри за спасение? Ќе можете ли ова возвишено знаење да им го предадете и на студентите, давајќи им чисти и јасни поими за вистината, за тие да бидат во состојба истото да им го изложат и на другите? Можеби ќе изгледа дека поуките од Божјата Реч имаат само малку дејство на умовите и срцата на многумина, но, ако учителот го напра вил своето дело во Бога, некои поуки ќе се задржат и во помнењето на најнегрижливите. Светиот Дух ќе го залева тоа посеано семе и тоа често ќе про’ртува по многу денови и ќе донесе плод на Божја слава. {6С 159.2}

Големиот Учител кој се симнал од небото, не ги упатувал учителите да студираат кај ниту еден од прочуените писатели. Тој кажува: „Дој дете кај Мене... и ќе најдете одмор за своите души“ (Матеј 11:28,29). Христос ветил одмор и ние ќе го најдеме ако учиме од Него. Нему Му се доверени сите богатства на небото, за да ги подари на оние кои ба раат сесрдно

и истрајно. Тој „ни стана мудрост од Бога и праведност и посветување и избавување“ (1. Коринтјаните 1:30). {6C 159.3}

Учителите мораат да знаат какви поуки да даваат, инаку нема да можат да ги подготват студентите да бидат префрлени во повозвишеното одделение. Тие мораат да ги проучуваат Христовите поуки и начиниот на кој Тој поучувал. Мораат да увидат колку Тој се ослободил од формализмот и традициите и да ја вреднуваат, оригиналноста, авторитетот, духовноста, нежноста, добронамерноста и практичноста на Неговите поуки. Оние кои ја проучуваат Божјата Реч, кои копаат за да ја пронајдат ризницата на вистината, ќе бидат исполнети со Христовиот Дух и ќе се изменат, станувајќи слични на Него. Оние кои ја ценат Божјата Реч, ќе ги поучуваат другите како учениците кои седеле покрај Исусовите нозе и стекнале навика да учат од Него. Наместо да внесуваат во нашите училишта книги на големи светски автори со нивните претпоставки, тие ќе кажат: Не наведувај ме на искушение да го занемарам најголемиот Автор и најголемиот Учител, преку кој имам вечен живот. Тој никогаш не греши. Тој е голем Извор од кој извира сета мудрост. Затоа секој учител нека го сее семето на вистината во умовите на своите студенти. Христос е Учителот на кој треба да се угледаме. {6C 160.1}

Речта на вечниот Бог е наш водач. Преку таа Реч можеме да станеме мудри за спасение. Таа Реч мора секогаш да биде во нашите срца и на нашите усни. „Пишано е“ треба да биде нашето сидро. Оние кои Божјата Реч ќе ја направат свој советник, ја увидуваат слабоста на човечкото срце, како и Божјата сила и благодат која ја потчинува секоја непосветена и несвета желба. Нивните срца се секогаш во молитва и нив ги чуваат светите ангели. Кога непријателот ќе навали како поп лава, Божјиот Дух ќе го подигне знамето против него. Во срцата на таквите владее хармонија, зашто тие се покоруваат на драгоценото, силно влијание на вистината. Тука се открива верата која работи преку љубовта и ја чисти душата. {6C 160.2}

Молете се за да бидете наново родени. Ако бидете наново родени, нема да одите по кривите патишта на своите сопствени желби ниту ќе наоѓате задоволство во себе, туку во Господа. Ќе сакате да се потчините на Неговиот авторитет. Постојано ќе се борите да се издигнете на повисок степен. Немојте само да ја читате Библијата, туку сесрдно проучувајте ја, за да можете да дознаете што Бог бара од вас. Вие треба од искуство да знаете како да ја творите Неговата волја. Христос е наш Учител. {6C 161.1}

Секој учител во нашите училишта и секој управител во нашите установи нека копнее да дознае што е суштинско за него, за да работи според Христовите упатства и да носи насекаде простување, утеха и надеж. {6C 161.2}

Небесните гласници се пратени да им служат на оние кои треба да бидат наследници на спасението; и тие ќе ги советуваат учителите ако тие не се задоволуваат да одат по заталканите патишта на традициите, ако истите нема толку да се плашат да излезат од сенката на овој свет. Учителите треба да внимаваат да не ја затворат вратата и со тоа да Му оневозможат на Господа да најде влез во срцата на младината. {6C 161.3}

ЗБОРОВИ НА ЕДЕН БОЖЕСТВЕН ИНСТРУКТОР

Во текот на ноќта се наоѓав во едно големо друштво каде што прашањето за образованието ги вознемируваше сите умови. Многумина беа против тоа да се менува начинот на образование кој веќе долго беше во мода. Еден, кој долго време беше наш инструктор му се обрати на народот, велејќи: „Прашањето за образование треба да го интересира целото тело на адвентистите на седмиот ден. Не треба целосно да се препушти само учителите и управителите да одлучуваат за тоа како треба да се работи во нашите училишта". {6C 162.1}

Некои енергично се залагаа да се проучуваат и неверни писатели и ги препорачуваа токму оние книги кои Господ ги осудува и кои никако не би требало да се дозволат. По долг, сериозен разговор и расправа, нашиот инструктор истапи и ги зема во своите раце книгите кои беа сериозно застапувани како битни за едно високо образование. Тој рече: „Сметате ли дека овие писатели имаат такви начела и чувства, што нивните дела можеме без никаков страв да ги ставиме во рацете на младината? Човечкиот ум лесно подлегнува на лагите на сатаната и овие дела ги одвраќаат учениците од проучување на Божјата Реч, која, ако биде примена и ценета, ќе обезбеди вечен живот на оној кој ја прима. Вие сте созданија кои тежнеат кон навики и треба да имате на ум дека добрите навики претставуваат благодат за вашиот сопствен карактер, како и за добро на оние кои паѓаат под ваше влијание; но лошите навики, ако еднаш се вкоренат, стануваат тиранска сила и го заробуваат разумот. Да не прочитавте ниту еден збор во тие книги, денес би биле многу поспособни да ја сфатите таа Книга која, повеќе од сите други книги, е вредна за проучување и која единствена дава исправни поими во поглед на високото образование. {6C 162.2}

Фактот дека овие книги долго време беа користени како учебници и дека тој обичај е стар со векови, не е никаков доказ во нивна корист. Долгата употреба не значи неминовно дека тие книги се безопасни и битни. Тие одвеле илјадници луѓе таму каде што сатаната ги одвел Адам и Ева – кон дрвото на познавање, чии плодови Бог ни ги забранил да ги јадеме. Тие ги навеле студентите да го занемарат проучувањето на Библијата поради знаења кои не се битни. Ако студентите кои се образувале на тој начин треба да се посветат на работата за душите, тие мораат да отфрлат многу нешта од она што научиле; тие ќе увидат дека одучувањето е тешка задача, зашто погрешни поими фатиле корен во нивните умови како плевел во градината, така што многумина никогаш нема да бидат во состојба да разликуваат добро од лошо. Во нивното образование се измешало доброто и злото.

Пред нив беа издигнувани луѓе за да се угледаат на нив и човечките теории беа воздигнати. И кога ќе се обидат да учат други, она малку вистина што ќе бидат во состојба да ја повторат, ќе биде испреплетена со мислењата, изреките и постапките на луѓето. Во нашите училишта не би требало да има место за зборовите на оние луѓе кои покажале дека немаат практично знаење за Христа. Тие ќе бидат пречка за соодветно образование. {6C 162.3}

Вие ја имате Речта на живиот Бог и ако барате, можете да имате дар од Светиот Дух, за да може таа Реч да биде сила за оние кои веруваат и се послушни. Дело на Светиот Дух е да ве упати во секоја вистина. Ако со срце, ум и душа зависите од зборовите на живиот Бог, каналот на комуникација нема да биде попречен. Длабокото и сесрдното проучување под водство на Светиот Дух ќе ви дава секогаш свежа мана и истиот Дух ќе направи нејзината употреба да има дејство. На порите на младината да го дисциплинира својот дух за возвишени и свети копнежи ќе бидат наградени. Оние кои ќе преземат истрајни на пори во

овој правец, трудејќи се да ја сфатат Божјата Реч, ќе се под готват да бидат Божји соработници. {6C 163.1}

Светот ги признава како учители и некои кои Бог не може да ги одобри како добри едукатори. Тие ја отфрлаат Библијата и препорачуваат дела на неверни автори, како тие да содржат мислења кои треба да се вткајат во карактерот. Што можете да очекувате од сеење на вакво семе? Со проучување на вакви книги се изопачуваат умовите на учи телот и на учениците и непријателот го сее своето семе. Поинаку не може да биде. Ако се пие од нечист извор, се внесува отров во организмот. Неискусната младина подложена на вакво образование прима впечатоци кои ги наведуваат нејзините мисли по пат кој е кобен за побожноста. Младината која беше пратена во нашите училишта учеше од тие книги, за кои се сметало дека се безопасни само затоа што биле користени и поттикнувани во световните училишта. Но од овие световни училишта многу студенти излегле како неверници, токму затоа што студирале такви книги. {6C 164.1}

Зошто не ја возвишивте Божјата Реч над секое човечко дело? Зар не е доволно цврсто да се држите за Оној кој е автор на сета вистина? Зар не сте задоволни да црпите вода од свежите потоци на Ливан? Бог има живи извори од кои треба да се напојува секоја жедна душа и богати залихи на храна со која треба да се крепи духовноста. Учете од Него и Тој ќе ве оспособи за одговор на секој кој ќе ве праша за вашата надеж. Зар мислевте дека подоброто знаење за кое Господ беше ре кол ќе има лошо дејство на учителите и учениците?“ {6C 164.2}

Одеднаш завладеа тишина и секое срце ја почувствува силата на овие зборови. Многумина кои мислеа дека се мудри и силни, увидоа дека се слаби и дека им недостасува знаење од Книгата која се занимава со вечната судбина на човечката душа. {6C 164.3}

Тогаш Божјиот гласник ги зеде од рацете на неколку учители книгите кои ги проучуваа, од кои некои ги напишале неверни автори и кои содржеа невернички идеи, и ги постави настрана, велејќи: „Во вашиот живот немаше ниту еден момент во кој овие книги беа корисни за вашиот напредок, или за вашето идно, вечно добро. Зошто сакате да ги исполнувате своите полици со книги кои го одвраќаат духот од Христа? Зошто ги трошите парите на она што не е леб? Христос ве повикува: ‘Научете се од Мене; зашто Сум кроток и понизен во срцето.’ Вие треба да го јадете Лебот на животот кој доаѓа од небото. Вие треба поревносно да го проучувате Светото Писмо и да се напојувате од живиот Извор. Во сесрдна молитва црпете сила од Христа. Стекнувајте секојдневно искуство во јадење на телото и во пиење на крвта на Божјиот Син. Човечките писатели никогаш не можат да ги задоволат вашите го леми потреби за ова време. Но ако се држите за Христа, Зачетникот и Завршителот на вашата вера, ќе се промените и ќе станете слични на Него”. {6C 165.1}

Ставајќи им ја Библијата во рацете, тој продолжи: „Малку ја познавате оваа книга. Не го познавате Писмото, ниту Божјата сила, ниту го сфаќате длабокото значење на веста која треба да се објави на светот кој пропаѓа. Минатото покажа дека и учителите и учениците знаат многу малку за стравотните вистини кои претставуваат прашање од животно значење за ова време. Кога веста на Третиот ангел би била објавена на многумина кои вршат должност на едукатори во сета нејзина полнина, тие не би ја разбрале. Ако поседувавте знаење кое доаѓа од Бога, целото ваше битие би ја објавувало вистината за живиот Бог на еден свет кој е мртов во престапите и гревовите. Меѓутоа, се воздигнуваат книги и списанија

кои содржат многу малку за сегашната вистина, а луѓето стануваат премногу мудри за да ги следат зборовите: ‘Така вели Господ.’ {6C 165.2}

Секој учител во нашето училиште треба да го воздигнува само единствениот и вистински Бог. Меѓутоа, многу стражари спијат. Тие се како слепи водачи на слепи луѓе. А сепак Господовиот ден е пред нас. Се приближува како крадец незабележано и со тивок чекор и ќе ги изненади сите оние кои не стражарат. Кој меѓу нашите учители е буден и како верен повереник на Божјата благодат ѝ дава на трубата одре ден звук? Кој ја објавува веста на Третиот ангел, повикувајќи го светот да се подготви за големиот Божји ден? Веста која ние ја објавуваме го носи печатот на живиот Бог”. {6C 166.1}

Укажувајќи на Библијата, тој рече: „Стариот и Новиот завет на Светото Писмо треба да се спојат во делото на подготвување на народот за да може да опстане на Господовиот ден. Морате ревносно да се трудите да ги искористите сегашните можности. Речта на живиот Бог треба да биде ваш учебник. Ако секогаш беше така постапувано, учениците кои се изгубени за Божјото дело денес би можеле да бидат мисионери. Јехова е единствен вистински Бог и кон Него мораме да го имаме стравопочит и да Му служиме. Оние кои ги почитуваат зборовите на неверните писатели и ги наведуваат учениците на ставови дека тие книги се битни за нивното образование ја намалуваат нивната вера во Бога. Тонот, духот и влијанието на тие книги се штетни за оние кои од нив го црпат своето знаење. На учениците е вршено влијание кое ги навело да го одвојуваат својот поглед од Христа – Светлината на светот, а злите ангели се радуваат што оние кои тврдат дека го познаваат Бога се откажуваат од Него, како што тоа беше случај во нашите училишта. Сонцето на Праведноста ја осветлувало црквата истерувајќи ја темнината и свртувајќи го вниманието на Божјиот народ на подготвување кое е толку важно за оние кои треба да светлат како светлина на овој свет. Оние кои ќе ја примат таа светлина, ќе ја разберат; додека оние кои нема да ја примат, ќе одат во темнина, не знаејќи на што се сопнуваат. Душата ни когаш не е безбедна ако не е под божествено водство. Само тогаш ќе биде упатена во сите вистини. Христовата Реч со жива сила ќе влијае на послушните срца и по пат на применување на божествената вистина во нив ќе се одразува совршениот Божји лик и на небото ќе се слушнат зборовите: ‘Вие сте комплетни во Него’“ (Колосјаните 2:10). {6C 166.2}

Во никој случај не смее да им се дозволи на учениците да преземат толку многу студии што ќе бидат спречени да посетуваат верски служби (богослуженија). {6C 167.1}

Само Оној Кој го создал човекот може да издејствува промена на човечкото срце. Само Бог може да подари добивка. Секој учител треба да сфати дека божествените битија го поттикнуваат на работа. Човечкото расудување и поимите на најискусните луѓе подложни се на несовршеност и заблуди, и слабото орудие, потчинето на сопствените наследени црти на карактерот, мора секој ден да се потчинува на посветувачкото влијание на Светиот Дух, инаку сопственото „јас“ ќе ги земе уздите и ќе сака да управува. Во кроток и понизен дух на ученик, сите човечки методи, планови и поими треба да се изнесат пред Бога за Тој да ги исправи и одобри; инаку и неуморното Павлово залагање и остроумното Аполосово расудување ќе бидат немоќни да издејствуваат обратување на душите. {6C 167.2}

УЧИЛИШНИ ДОМОВИ

Посетувајќи го нашиот колеџ, многу ученици се одвоени од ублажувачкото, потчинувачко влијание на домашниот круг. Во годините кога им е потребен грижлив надзор, тие се одвојуваат од родителското влијание и авторитет, запаѓајќи во друштво на голем број на свои врсници по години, со различни карактери и животни навики. Некои од нив биле многу слабо дисциплинирани во своето детство и поради тоа се површни и лесноумни; други биле премногу строго држени и сме таат дека можат да прават сè што ќе посакаат кога се одвоиле од рацете кои премногу цврсто ги држеле уздите на ограничување. Тие ја мразат и самата помисла на ограничување. Во такво друштво, во го лема мерка се зголемуваат опасностите за младината. {6C 168.1}

Нашите училишни домови се основани со цел нашата младина да не биде фрлана натаму и наваму и да не биде изложена на лошите влијанија кои ги има во изобилство, туку, ако е можно, да се создаде домашна атмосфера која ќе ги сочува да не паднат во искушенијата на неморалот и да се доведат кај Исуса. Небесното семејство го претставува она што треба да бидат семејствата на Земјата и нашите училишни домови, во кои е собрана младината која сака да се подготви за Божја служба, треба што повеќе да се приближат кон божествениот Пример. {6C 168.2}

Учителите на кои им е дадена должност да се грижат за тие домови имаат сериозни одговорности, зашто тие мораат да постапуваат како татковци и мајки, грижејќи се за секој ученик онака како што родителите се грижат за своите деца. Разновидните карактерни црти на учениците за кои се грижат, им создаваат грижи и многу мачни товари при што се потребни голема тактичност и долго трпение за да се насочат во правилна насока умовите кои се изопачени поради лошото воспитание. Учителите мораат да поседуваат голема способност за управување. Тие мораат да бидат верни на начелата, а сепак мудри и нежни, поврзувајќи ја љубовта и христијанското сочувство со дисциплината. Тоа мораат да бидат мажи и жени на вера, мудрост и молитва. Тие не смеат да покажуваат строгост и круто достоинство, туку треба да се мешаат со младината, учествувајќи во нејзините радости и таги, како и во нејзината секојдневната работа. Радосната послушност од љубов воглавном ќе биде плод на таквите напори. {6C 168.3}

Домашни должности

Образованието кое треба да го примат момчињата и девојчињата кои ги посетуваат нашите колеџи во домашниот живот заслужува посебно внимание. Од големо значење е во делото на изградување на карактерот студентите кои ги посетуваат нашиот колеџи да ја примат задачата што им се дава, отфрлајќи ја од себе секоја склоност кон мрзливост. Тие треба да се запознаат со должностите на секојдневниот живот. Треба да се учат темелно и добро да ги вршат своите до машни должности, со што е можно помалку врева и забуна. Сè треба да се врши пристојно и уредно. Кујната и сите други делови на зградата треба да се одржуваат чисти и пријатни. Книгите треба да се остават на страна додека не дојде нивното време и не треба да се земаат повеќе часови отколку што можат да се посетуваат, не занемарувајќи ги домашните должности. Умот не смее да биде оптоварен со читање на книги, така што ќе се занемаруваат домашните должности од кои зависи пријатноста во семејството. {6C 169.1}

Во вршењето на тие должности треба да се искорени немарноста, нередот и невнимателноста, зашто ако тие лоши особини не се искоренат, тие ќе се покажуваат во сите фази на животот и животот ќе стане некорисен и несоодветен за вистинска мисионерска работа. Ако таквите особини не се искоренат истрајно и одлучно, тие ќе завладеат со ученикот и за ова време и за вечноста. Младината треба да се поттикнува на правилни навики во облекувањето, за да биде нивната појава пријатна и привлечна, треба да се учат да ја одржуваат својата облека чиста и уредно дотерана (закрпена). Сите нивни навики треба да бидат такви за преку нив тие да можат да бидат помош и олеснување на другите. {6C 169.2}

На мноштвото Израелеви синови биле дадени посебни упатства околу нивните шатори сè да биде чисто и уредно, за Божјите ангели да не ја видат нивната нечистотија поминувајќи околу нив. Дали Господ посебно обрнувал внимание на тие работи? Да, зашто е запишан фактот дека ако би ја видел нивната нечистотија, Тој не би можел да оди со нивните чети и да се бори против нивните непријатели. Исто така, Бог ги забележува сите наши постапки. Тој Бог кој посебно внимавал на тоа Израелевите деца да не израснат во навиките на нечистотијата, нема ниту денес да дозволи никаква нечистотија во домот. {6C 170.1}

Бог им дал должност народителите и учителите да ја воспитуваат младината во овој правец; и од секоја постапка во својот живот тие можат да извлечат духовна поука. Воспитувајќи ги да ја негуваат чистотата на своето тело, треба да се учат дека Бог бара чистота на срцето и на телото. Чистејќи ја собата, тие можат да учат како Господ го чисти срцето. Тие нема да ги затвораат вратите и прозорците и да прскаат некое средство за прочистување на воздухот, туку ширум ќе ги отворат вратите и прозорците, трудејќи се внимателно да го отстранат сиот прав. Така и прозорците на побудите и чувствата мораат да се отворат кон небото и да се отстрани сиот прав на себичност и земен дух. Божјата благодат мора потполно го обземе умот и секој елемент во природата мора да се очисти и оживотвори со Божјиот Дух. Неуредноста и немарноста во секојдневните должности ќе доведе до тоа Бог да се заборави и да се сочува само надворешен облик на побожност и исповедање на верата, но нејзината суштественост е изгубена. Мораме да стражариме и да се молиме, инаку ќе фаќаме само сенки и ќе ја изгубиме стварноста. {6C 170.2}

Во вршењето на ситни должности треба преку секојдневно искуство живата вера да се провлекува како златна нишка. Тогаш студентите ќе се наведат да ги сфатат чистите начела кои според Божјата волја треба да ја придвижуваат секоја постапка во нивниот живот. Нивната целокупна секојдневна работа ќе биде од таков карактер што ќе го поттикнува христијанското растење. Тогаш виталните начела на ве рата, довербата и љубовта кон Исуса, ќе продрат во најмалите ситници на нивниот секојдневен живот. Нивниот поглед ќе биде вперен кон Исуса и љубовта кон Него ќе биде постојан поттик, кој ќе дава животворна сила на секоја должност што ќе ја извршуваат. Тие ќе копнеат по праведноста и ќе имаат надеж „која никогаш нема да посрами”. Сè што ќе прават ќе биде направено на Божја слава. {6C 171.1}

На секој студент во домот би сакала да кажам: вршете ги верно домашните должности. Бидете верни во исполнувањето на ситните одговорности. Бидете реален, вистински христијанин во домот. Христијан ските начела нека владеат во вашите срца и нека раководат со вашите постапки. Почитувајте го секој совет на учителот, но не чекајте секогаш

да ви се каже што треба да правите. Просудите сами. Внимавајте дали сите работи во вашата соба се чисти и уредни, за ништо во неа да не претставува навреда за Бога, туку светите ангели поминувајќи низ вашата соба да застанат, привлечени од редот и чистотата. Вршејќи ги своите должности неодложно, темелно и верно, вие со тоа вршите дело на мисионер. Вие сведочите за Христа. Покажувате дека Христовата вера ниту во начелата, ниту во пракса не ве прави неуредни, груби и дрски кон вашите учители, без почит кон нивните совети и поуки. Библиската вера, остварена во животот, ќе ве направи благи, промислени и верни. Нема да ги занемарувате ситните работи кои треба да бидат извршени. Усвојте ги за свое мото Христовите зборови: „Кој е верен во малку и во многу е верен". {6C 171.2}

Христијанска дружељубивост и учтивост

Во Божјиот народ премногу малку се негува христијанска дружељубивост. Оваа гранка на образование не треба да се занемари ниту да се изгуби од вид во нашите училишта. {6C 172.1}

Учениците треба да се учат дека тие не се независни атоми, туку дека секој претставува една нишка која треба да се припои кон друга, сочинувајќи единствено ткиво. Оваа поука не може ниту во едно одделение толку успешно да се дава како во училишниот дом. Овде на студентите секој ден им се пружаат можности кои ќе ја развијат нивната дружељубивост ако ги искористат. Во нивна моќ е така да го искористат времето и можностите за да развиваат карактер кој ќе ги направи среќни и корисни луѓе. Оние што се повлекуваат во себе, кои не сакаат да дадат или направат ништо за да бидат на благослов за другите со својата дружељубивост, и самите губат многу благодати, зашто само преку взаемен допир умовите се полираат и рафинираат. Преку заемното дејство или работа се склопуваат познанства и се образуваат пријателства, што подоцна доведува до единство на срцата и атмосфера на љубов, што е угодно во очите на небото. {6C 172.2}

Особено оние кои ја почувствувале Христовата љубов треба да ја развиваат својата дружељубивост, зашто по тој пат тие ќе можат да при добијат души за Спасителот. Тие не смеат да го кријат Христа во своето срце, како посакувано богатство, свето и благо, кое треба да се ужива само за себеси; ниту пак смеат да ја покажуваат Христовата љубов само кон оние кои им одговараат на нивните чувства. Студентите треба да се учат да станат слични на Христа со тоа што ќе покажуваат љубезен интерес и пријателска наклонетост кон оние што се во најголема неволја, дури и тогаш кога овие можеби не припаѓаат на нивното омилено друштво. Исус секогаш и на секое место покажувал длабок интерес за човечкото семејство и ширел околу Себе зраци на бодра побожност. Студентите треба да се учат по Неговата патека. Треба да се учат да покажат христијански интерес, наклонетост и љубов кон своите млади другари и да се трудат да ги привлечат кај Исуса. Христос треба да биде во нивните срца како извор на вода кој тече во вечен живот, освежувајќи ги сите со кои доаѓаат во допир. {6C 172.3}

На Бога особено му е по драгоцена службата за другите која со за доволство и со љубов ја вршиме кон оние кои се во неволја. Студентите можат да бидат толку живи мисионери за Бога дури и за време на своето школување, ако бидат верни на она што го исповедаат.

Сето ова бара време, но тоа време ќе биде корисно употребено, зашто студентите на тој начин ќе учат како да го прикажуваат христијанството на овој свет. {6C 173.1}

Христос не одбивал да се меша со другите во пријателско општење. Тој го примал повикот на фарисеите и цариниците да присуствува на нивните гозби. Во тие прилики, секој збор кој ќе го изговорил за Неговите слушатели бил животен мирис за живот, зашто Тој го користел времето за ручек за да изговори многу драгоцени поуки кои биле прилагодени на нивните потреби. Христос ги учел Своите ученици како да се однесуваат не само кога се во друштво на оние кои веруваат, туку исто така и кога се наоѓаат меѓу оние кои не веруваат. Со Својот пример, Тој ги учел дека при посетување на јавните собири нивниот разговор не треба да биде од таков карактер, каков што обично покажуваат присутните во таквите прилики. {6C 173.2}

Ако Христос е во срцата на студентите, тогаш од ризницата на нивните срца, додека седат на масата, ќе излегуваат зборови кои се чисти и благородни. Меѓутоа, ако во срцето го нема Христа, тие ќе наоѓаат задоволство во шегите, потсмевот и лесноумноста, а сето тоа го поп речува духовниот развој и ги жалости Божјите ангели. Јазикот е неми рен орган, но не смее таков да остане. Треба да се преобрати, зашто дарот на говорот е многу драгоцен дар. Христос секогаш е подготвен да го дели Своето богатство и ние треба да ги собираме скапоцените камења кои доаѓаат од Него, така што кога ќе проговориме, тие скапо цени камења да излегуваат од нашите усни. {6C 173.3}

Темпераментот, личните својства, навиките од кои се развива карактерот сè што се практикувало во домот, тоа ќе се открие и во дружењето со луѓето во подоцнежниот живот. Нашите склоности ќе се покажат во зборовите, мислите и постапките на истиот карактер. Ако секој студент од училишното семејство се труди да ги контролира своите нељубезни и неучтиви зборови, негувајќи почит кон сите, имајќи на ум дека се подготвува да стане член на небесното семејство, ако го чува своето влијание со света стража, така што тој нема да растура, туку ќе собира со Христа, ако се труди со секоја постапка во својот живот да го слави Оној кој го повикал од темнината во Својата чудесна светлина – какво само реформаторско влијание ќе се шири од секој училишен дом. {6C 174.1}

Верски служби

Верската служба е најзначајната црта на образованието кое треба да се дава во нашите училишни домови. На тој предмет треба да се укажува најголема свеченост и стравопочит, но тој треба да се одвива така што сите со задоволство ќе учествуваат во нив. Состаноците не смеат да бидат толку долги и да заморуваат, зашто со тоа на младината ќе се остави неповолен впечаток, така што верата ќе ја доведуваат во врска со сè што е сувопарно и неинтересно; поради тоа, многумина ќе го стават своето влијание на страна на непријателот, додека ако правилно бидат поучени, би можеле да бидат благослов за светот и за црквата. Саботните состаноци, утринското и вечерно богослужение во домот и во местото за богослужение ако не бидат мудро планирани и оживеани со Божјиот Дух, можат да станат најформални, најнеугодни и најнепривлечни, а за учениците најтешката од сите должности во училиштето. Службите за искажување на сведоштва и сите други религиозни служби треба така да се планираат, не само за да бидат поучни, туку и вистински привлечни.

Заедничката молитва го врзува срцето за Бога со врски кои ќе бидат долготрајни; отвореното и храбро исповедање на Христа и манифестирањето на Неговата кротост, понизност и љубов во нашиот карактер ќе ги освои другите со убавината на светоста. {6C 174.2}

Во сите такви прилики треба да се истакнува Христос како „најголемиот помеѓу десет илјади," како Оној Кој „целиот е прекрасен" (Песна над песните 5:10,16). Треба да се прикажува како Извор на вистинска радост и вистинско задоволство, како Дарител на секој добар и совршен дар, Творец на секој благослов, како Оној во кој се сосредоточени сите наши надежи за вечен живот. Во секоја верска обука нека се по кажат Божјата љубов и христијанското искуство во сета своја вистинска убавина. Прикажете го Спасителот како Оној кој лекува од сите последици на гревот. {6C 175.1}

За да се постигне оваа цел, треба да се избегнува секоја тесноградост. Потребна е искрена, длабока и сесрдна посветеност. Делотворната и сесрдна побожност е особено неопходна за учителот. Можеме да стекнеме сила ако ја сакаме. Можеме да стекнеме благодат ако ја цениме. Светиот Дух чека да го побараме, само ако го побараме со сесрдност која е во сооднос со целта што сакаме да ја остваримe. Не бесните ангели ја забележуваат целата наша работа и се трудат да му помогнат на секој поединец, за да може во својот карактер да одразува сличност со Христа и за да се прилагоди кон божествениот лик. Кога оние на кои им е дадена должноста за раководење со училишните до мови ќе ги ценат предностите и можностите што им се на дофат, тогаш за Бога ќе направат дело кое небото ќе може да го одобри. {6C 175.2}

РЕФОРМА НА ЗАНАЕТЧИСТВОТО ВО УЧИЛИШТАТА

Не смееме поради тешкотиите кои се појавуваат да ги напуштиме занаетите кои ги воведовме како гранка на образованието. Додека го посетуваат училиштето, на учениците треба да им се пружи можност да научат да раководат со алатите. Под раководство на искусни мајстори, трпеливи и љубезни дрводелци кои се способни да поучуваат други, учениците треба да подигаат згради на училишното земјиште и да ги вршат потребните поправки, учејќи се на тој начин со помош на практични поуки на економично градење. Исто така, учениците треба да се поучуваат на разни работи во врска со издавачката дејност, како што е сложување на букви, печатење и книговезечки занает, заедно со правење на шатори и останати корисни работи поврзани со делото. Треба да се садат млади овошни стебла и да се одгледува зеленчук и цвеќе, а во таа работа можат да учествуваат и студентките. На тој на чин, вежбајќи ги мозокот, коските и мускулите, тие исто така ќе стекнат знаење за практичниот живот. {6C 176.1}

Стекнувањето на знаења во сите тие правци, корисно ќе ѝ послужи на нашата младина при ширењето на вистината во странски земји. Тие нема да мораат да зависат од оние меѓу кои ќе живеат да готват, шијат и sидаат за нив, ниту ќе биде потребно да се трошат пари за да се транспортираат луѓе од далечина од илјадници километри кои ќе градат училишта, молитвени домови и куќи за живеење. Мисионерите ќе имаат многу поголемо влијание кај народот ако бидат во состојба да ги поучуваат неискусните како треба да работат според најдобрите методи и да добиваат најдобри резултати. На тој начин тие ќе покажат дека

мисионерите можат да бидат занаетчиски едукатори и тој вид на поука ќе биде ценет особено таму каде што средствата се ограничени. Ќе бидат потребни многу помалку пари за издржување на таквите мисионери, бидејќи тие истовремено со учењето на најдобар начин ги искористиле своите телесни сили во практична работа, и каде и да појдат, тоа што го научиле ќе им биде од голема корист. На учениците во занаетчиските дејности било да работат домашни работи, обработувајќи ја земјата или некоја друга работа, треба да им се даде време и можност да зборуваат за духовните поуки што ги научиле во врска со работата. Во сите практични животни должности треба да ги споредуваат природните науки и Библијата. {6С 176.2}

Причините кои нè наведоа во неколку места да се оддалечиме од градовите и да ги сместиме нашите училишта во внатрешноста, важат и за училиштата во некои други места. Не е во склад со Божјиот план парите да се трошат на подигање на нови згради кога училиштето и така е во долгови. Ако парите кои нашите поголеми училишта ги потрошија на подигање на скапи згради беа употребени за купување на земјиште на кое учениците ќе можат да го стекнат потребното знаење, голем број на ученици не би морале денес да се борат под товарот на долгови кои постојано се зголемуваат, а работата на тие установи би била во многу поповолна состојба. Ако така се постапувало, би се слушнало извесно негодување од страна на учениците, а и многу родители би ставале забелешки; но учениците би стекнале едно општо знаење, кое би ги подготвило не само за практична работа во разни занаети, туку и за едно место во Господовата градина на новата земја. {6С 177.1}

Ако сите училишта ја поттикнуваа работата на полето на земјоделието, тие денес би постигнале поинакви резултати. Не би постоело толку големо обесхрабрување. Би биле совладани спротивните влијанија; финансиските прилики би биле поинакви. Работата кај учениците би била урамнотежена и би се развиле поголеми умни и телесни сили, бидејќи целокупниот човечки организам би бил сразмерно оптоварен. Меѓутоа, поуките кои Господ милостиво ги даваше беа толку слабо при фатени, така што тешкотиите не беа совладани. {6С 177.2}

Да се движи толку бавно и несигурно во тој правец, правец кој дава најдобар вид на воспитување значи кукавичлук. Погледнете ја природата. Во нејзините пространи граници има места на кои може да се по дигаат училишта, каде што може да се расчистува и обработува земјата. Таа работа е неопходна за воспитувањето кое е најповолно за духовен напредок; зашто гласот на природата е Христов глас, глас кој нè поучува на безбројни поуки на љубов, моќ, потчинување и истрајност. Некои не ја ценат вредноста на земјоделската работа. Таквите не треба да создаваат планови за нашите училишта, зашто ќе се попречува напредувањето во правилна насока. Во минатото, нивното влијание претставувало пречка. {6С 178.1}

Ако земјата се обработува, таа, со Божји благослов, ќе ги задоволи нашите потреби. Не смееме да губиме храброст поради привремените работи, поради привиден неуспех, ниту смееме да стануваме малодушни поради одложување на нештата. Земјата треба да ја обработуваме радосно, полни со надеж и благодарност, верувајќи дека таа во своите гради има богати залихи за верниот работник, залихи подраго цени од злато и сребро. Обвинувањето дека таа е скржава, претставува лажно сведочење. Со соодветно, разумно обработување, земјата ќе го дава своето богатство во корист на човекот. Планините и

ридовите се менуваат. Земјата старее и дотрајува како облеката, но благословот на Оној, Кој на Својот народ Му поставил трпеза во пустината, никогаш нема да престане. {6C 178.2}

Ни претстојат сериозни времиња и многу е потребно семејствата да излезат од градовите, населувајќи се во внатрешноста, за да може вистината да биде пренесена и на патиштата како и на главните друмови на оваа земја. Многу зависи од тоа дали ние своите планови ги создаваме во склад со Господовата Реч и дали ги спроведуваме со истрајна енергија. Повеќе зависи од посветената дејност и истрајност, отколку од надареноста и учењето од книгите. Сите таленти и способности дадени на луѓето, имаат мала вредност ако не се употребуваат. {6C 178.3}

Враќањето кон поедноставни методи ќе биде ценето од децата и младината. Работата во бавча и на нива ќе претставува пријатна промена од заморните секојдневни теоретски поуки на кои никогаш не треба да се ограничуваат младите умови. Тоа ќе биде од особена корист за нервозното дете кое чувствува дека учењето од книги го истоштува и кое тешко помни. Во проучувањето на природата, децата ќе најдат здравје и среќа; впечатоците кои ќе се стекнат тука нема да избледат од нивното сеќавање, зашто се поврзани со предмети кои постојано се наоѓаат пред нивните очи. {6C 179.1}

Обработувањето на земјата спаѓа во најдобрите видови на занимања, зашто тука работат мускулите, а мозокот се одмора. Проучувањето на земјоделието треба да претставува еден од основните чекори во образованието во нашите училишта. На таа работа треба најпред да се пристапи. Нашите училишта не треба да зависат од производите од увоз, за житарки, зеленчук и овошје кои се толку битни за нашето здравје. Потребно е нашата младина да се поучува во сечењето на дрва и обработување на земјата исто така како и во знаењето од книгите. Треба да се постават учители кои ќе надгледуваат извесен број на ученици при работата и кои ќе работат со нив. Така, и самите учители ќе научат да вршат должности како носители на товарот. По годни ученици треба да се научат да вршат должности и да соработуваат со учителите. Сите треба заеднички да се советуваат во поглед на изнаоѓање на најдобри методи при вршење на таа работа. {6C 179.2}

Времето сега е премногу кратко за да се оствари она што требало да се направи во минатите поколенија. Но, дури и во овие последни денови можеме многу да направиме за да го исправиме постоечкото зло во образованието на младината. И токму поради тоа што времето е кратко, треба да бидеме ревносни и сесрдно да се залагаме за да ѝ пружиме на младината образование кое е во склад со нашата вера. Ние сме реформатори и сакаме нашите деца да стекнат најкорисно образование. За да се постигне тоа, мораме да им пружиме вработување кое ќе ги напрегне нивните мускули. Секојдневната, систематска работа треба да сочинува дел од образованието на младината, дури и во овој доцен период. На тој начин многу може да се постигне. При менувајќи го тој план, учениците ќе стекнат еластичност на умот, бистрина на мислите и во дадено време ќе можат повеќе да научат отколку да се посветиле само на учење. И така ќе го напуштат училиштето со здрав организам и полни со сила и храброст да се одржат на секое место на кое ќе ги постави Божјото провидение. {6C 179.3}

Активноста во која раката се учи да биде корисна, во која младината се воспитува да го носи својот дел од животните товари, дава физичка сила и ги развива сите способности. Секој треба да работи нешто што ќе биде од корист и за него самиот и со што ќе им помогне

на другите. Бог Му ја наменил работата на човекот како благослов и само вредниот работник наоѓа вистинска слава и радост во животот. {6C 180.1}

Мозокот и мускулите мораат соодветно да се оптоваруваат ако сакаме да ги сочуваме здравјето и силата. Тогаш младината може да пријде кон проучување на Божјата Реч со здраво резонирање и урамнотежени нерви. Таа ќе има здрави мисли, па ќе може да запомни драгоцени работи од Божјата Реч. Таа ќе ги свари нејзините вистини и благодарение на тоа, ќе поседува сила на умот за да разликува што е вистина. Тогаш ќе биде во состојба, кога тоа приликите ќе го побараат, да даде одговор на секој кој ќе праша за нејзината надеж. {6C 180.2}

ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ ИМОТ НА КОЛЕЏОТ АВОНДЕЈЛ

Откриени ми се извесни работи во врска со употребата на земјиштето во близина на нашето училиште и црква и наложено ми е да ви ги изложам истите. До неодамна не се чувствував слободно да ви зборувам за тоа, а дури и сега не се осудувам да ви ги откријам сите работи бидејќи нашиот народ сè уште не е подготвен да разбере сè што според Божјото провидение треба да се оствари во Авондејл. {6C 181.1}

Во ноќна визија јасно ми беа изложени извесни работи. Поединци одбираа земјиште во близина на училиштето, барајќи истото да им се додели за на него да подигаат згради и да се вселуваат во нив. Но, Еден застана помеѓу нас и рече: „Правите голема грешка поради која ќе жалите. На ова земјиште не треба да се подигаат згради, со исклучок на оние кои се неопходни за учителите и учениците во училиштето. Ова земјиште околу училиштето треба да биде училишен земјоделски имот. Тоа треба да стане жива парабола за учениците. Учениците не треба да го сметаат училишното земјиште како обична работа, туку како учебник кој е отворен пред нив и кој Господ им го дал за проучување. Тие поуки ќе им дадат знаење за обработката на земјата. {6C 181.2}

Ако дозволите земјиштето во близина на училиштето да го заземат приватни куќи и поради тоа бидете принудени да барате друго земјиште за обработување одвоено од училиштето, тоа ќе биде голема грешка поради која секогаш ќе жалите. Целокупното земјиште околу училишната зграда треба да се смета за училишен земјоделски имот на кој младината ќе може да се образува под добро организиран над зор. На младината која ги посетува нашите училишта ќе ѝ биде потребно целото земјиште кое се наоѓа во близина. На него треба да се садат украсни растенија и овошје и да се одгледуваат градинарски производи. {6C 181.3}

Училишниот земјоделски имот треба да се смета за учебник на при родата од кој учителите треба да ја црпат својата очевидна настава. Нашите ученици треба да се поучуваат дека Христос, кој го создал светот и сè што е на него претставува живот и светлина на сè што живее. Животот на секое дете и младинец, кои сакаат да ги користат можностите за стекнување на правилно образование ќе биде полн со благодарност и среќа, благодарение на работите на кои почиваат нивните очи додека се наоѓаат во училиштето”. {6C 181.4}

Работа што ни претстои

Потребни ни се повеќе учители и повеќе таленти поради образование на учениците во разни гранки, за да можат многу лица кои ќе излезат од ова училиште да бидат способни на други да го пренесуваат знаењето што го стекнале. Сирачињата овде треба да го најдат својот дом. Треба да се подигне зграда за болница, и треба да се обезбедат чамци за потребите на училиштето. Треба да се вработи способен земјоделски управител, а исто така и еден мудар, енергичен човек кој ќе врши должност на надзорник во сите занаетчиски потфати – луѓе кои ќе ги употребат сите свои таленти во поучување на учениците како треба да работат. {6C 182.1}

Во училиштето ќе дојдат многу млади луѓе кои сакаат да се усовршат во некој занает. Занаетчиската настава треба да опфати сметководство, обработка на дрво и сè што е опфатено во обработувањето на земјата. Исто така, треба да се води грижа учениците да се поучуваат во ковачкиот, молерскиот, чевларскиот, печатарскиот и пекарскиот занает, како и на дактилографија, перење на алишта и шиење. Сите сили со кои располагаме треба да се вложат во таа работа за да можат учениците да се оспособат за вршење на должностите на секојдневниот живот. {6C 182.2}

Самите студенти треба да подигаат куќички и згради кои се потребни за работата во училиштето. Тие згради не треба да бидат збиени една до друга, ниту треба да бидат во непосредна близина на са мото училиште. Во управување со таа работа треба да се образуваат мали групи кои, под стручно раководство, ќе научат да водат грижа за тоа со целосно чувство на својата одговорност. Сето тоа не е можно веднаш да се оствари, но ние почнуваме да работиме со вера. {6C 182.3}

Треба да се резервира земјиште

Господ сака земјиштето околу училиштето да Му биде посветено Нему, како Негова сопствена училница. Околу нашето училиште и црква има изобилство на земјиште и не треба да се дозволи истото да го заземаат приватни живеалишта. Не сите кои веруваат во вистината за ова време се преобразени во карактерот. Животите на сите нив не се соодветна очевидна поука, зашто не го претставуваат Христовиот карактер. Има многу такви кои би сакале да се приближат на црквата и училиштето, но тие не би претставувале помош, туку пречка. Тие сметаат дека ним треба да им се помогне и да им се укажува наклонетост, но не го сфаќаат правилно ниту карактерот, ниту ситуацијата на делото во кое ние учествуваме. Тие не сфаќаат дека сè што е направено во Авондејл е постигнато со најтежок труд или со употреба на парите кои се дадени со жртви или кои мора да се вратат на оние од кои се позајмени. {6C 183.1}

Меѓу оние кои би сакале да се сместат во близина на нашето училиште, ќе се наоѓаат и некои кои се исполнети со самобендисаност и кои се загрижени за својата репутација. Тие се чувствителни и склони кон отцепување и создавање на групи. Тие треба да се обратат, зашто се далеку од ставот на кој можат да примат Господов благослов. Сатаната ги искушува да бараат привилегии кои само би им нанеле штета и на тој начин создаваат загриженост кај своите браќа. Живите начела на Божјата Реч треба да бидат внесени во животите на

многумина кај кои сега нема место за такви начела. Оние кои учат во Христовото училиште ќе сметаат дека секоја Божја благонаклоност е премногу добра за нив. Тие ќе увидат дека не го заслужуваат сето добро кое го добиваат и ќе се сметаат за среќни. Нивните лица ќе одразуваат мир и спокојство во Господа, потпирајќи се на Неговата Реч дека Тој се грижи за нив. {6C 183.2}

„Вака вели Господ: небото е Мој престол, а земјата – подножје на нозете Мои; каде тогаш ќе изградите дом за Мене, каде е местото на Мојот спокој? Зашто, сето тоа го создаде Мојата рака, и сето тоа е Мое, вели Господ. А еве на кого ќе погледнам: на понизниот и скршениот по дух и на оној што трепери пред Моето слово“ (Исаија 66:1,2). Во последните денови од 1898 година, имавме многу искуства кои нè подучија што значат тие зборови. Срцето ми го притискаше голем товар и тогаш ми беше покажано колку зла произлегуваат од тоа ако земјиштата во близина на училиштето се доделуваат за подигање на куќи за живеење. Како да се наоѓавме на состанок на советот и меѓу нас се наоѓаше Еден од кој очекувавме да ни помогне во тешкотиите. Зборовите кои Тој ги зборуваше беа јасни и одлучни: {6C 184.1}

„Бог наменил ова земјиште корисно да му послужи на училиштето. Имавте докази за делувањето на човечката природа и што се открива во неа кога ќе дојде во искушение. Ако е поголем бројот на семејствата кои се населуваат околу училишните згради, дотолку повеќе тешкотии ќе се појават на патот на учителите и учениците. Природната себичност на човечките синови подготвена е да оживее само ако нешто не им е погодно. Оваа земја околу училиштето треба да биде училишен земјоделски имот и тој имот мора да зазема многу повеќе просторот колку што вие мислите. Според дадените упатства, овде треба да се спои практичната работа со студиите. Авондејл треба да биде центар за помагање на луѓето кои имаат потреба. Со Господов Дух треба да се придвижи Божјиот народ во Австралија морално и материјално да помогне многу милосрдни и добротворни потфати во кои сиромашните, беспомошните и неспособните ќе учат како да си помогнат самите себеси”. {6C 184.2}

Една панорама

Во посебни прилики давана ми е светлина дека земјата околу нашето училиште треба да се користи како Господов земјоделски имот. Особено забележаните делови на тој имот треба да бидат многу добро обработени. Пред моите очи се шириле предел засаден со секакви овошки кои ќе раѓаат плод, а исто така имаше и бавчи во кои е сеен и одгледуван зеленчук. {6C 185.1}

Кога управителите на овој имот и учителите во училиштето би са кале да ја примат соработката на Светиот Дух, би биле мудри во своето управување и Бог би ги благословил нивните напори. Работата на садење на овошни стебла, сеење на семе, собирање и жетва би претставувала прекрасни поуки за сите студенти. Би требало да се проучуваат невидливите врски кои постојат помеѓу сеењето и жетвата и да се укажува на Божјата добрина и да се цени. Господ е Тој кој дава потребни својства и сила на земјата и на семето. Кога божествената сила не би соработувала со човечката умешност и вештина, посеаното семе би било безвредно. Постои една невидлива сила која постојано работи во корист на

човекот, го храни и го облекува. Параболата за семето, прикажана на учениците во практичното секојдневно искуство, ќе им го открие Бога во Неговото делување во природата и појасно ќе ги прикаже работите за небесното царство. {6C 185.2}

Бог и природата

Покрај Библијата, природата треба да биде наш најголем учебник. Но природата не треба да се обожава, зашто тоа би значело да се из дигнува материјата над нејзиниот Творец, Кој ја создал и самата при рода и Кој секој момент ја одржува во делување според Своите од редби. Сеејќи го семето и негувајќи го растението, треба да имаме на ум дека Бог го создал семето и дека Тој ѝ го дава на земјата. Тој со Својата божествена сила се грижи за ова семе. Според Неговата од редба, семето што умира го дава својот живот на р'кулецот и на плодот, кој, од своја страна, содржи во себе друго семе, кое се чува и става во земјата, за да даде нова жетва. Исто така, треба да се проучува каква е улогата на човекот во сето ова. И човекот има тука своја улога, своја задача. Тоа е една од поуките кои ни ги дава природата и ние во неа мораме да видиме едно возвишено, прекрасно дело. {6C 185.3}

Многу се зборува за Бога во природата, како Господ да е врзан со законите на природата да биде нејзин слуга. Многу теории наведуваат на претпоставка дека природата живее сама од себе, одвоено и независно од Божеството, работејќи преку силата која отсекогаш е во неа. Луѓето не знаат што зборуваат за ова. Зар претпоставуваат дека при родата се одржува со својата сила, без постојано Божјо работење? Господ не работи преку Своите закони за да ги потисне законите на при родата. Тој го врши Своето дело преку законите и својствата на Своите орудија и природата се покорува на она „така вели Господ". {6C 186.1}

Богот на природата постојано работи. Неговата бескрајна моќ делува невидливо, но се огледува во исходот произведен преку ова делување. Истиот Бог кој ги води планетите делува и во градината и во овоштарникот. Тој не создал ниту еден трн, боцка, ниту плевел. Тоа е дело на сатаната, последица на дегенерацијата, кое тој го внел во убавината на природата. Но, кога пупката се развива во цвет, тоа е последица на непосредното делување на Божјата сила. Кога бил на овој свет во облик на човек, Христос рекол: „Мојот Татко досега работи, и Јас работам" (Јован 5:17) Така кога студентите го користат своето време и сила во земјоделска работа, на небото се вели за нив: Вие „сте му соработници на Бога" (1. Коринтјаните 3:9). {6C 186.2}

Задржете ја земјата околу училиштето и црквата. Оние кои доаѓаат да живеат во Куранборг, можат, ако така одлучат, да најдат куќи во близина на Авондејлскиот имот или во него самиот. Но, според светлината што ми е дадена, цела парцела од училишниот овоштарник до улицата Меитленд која се протега од двете страни на улицата, од молитвениот дом до училиштето, треба да стане училишен земјоделски имот и парк украсен со мирисно цвеќе и украсни дрва. Тука треба да се подигнат овоштарници и градини во кои ќе се одгледуваат сите видови на производи кои можат да се прилагодат на тоа земјиште, за тоа место да стане очевидна поука за оние во близина и за оние кои живеат да леку. {6C 187.1}

Треба да се оддалечи сè што не е битно за работата на училиштето, за близината на семејствата и станбените згради да не ја нарушува светоста на ова место. Тука треба да биде само училиштето. Колку некои семејства да се верни на Господовата служба, ќе биде по добро да живеат на извесна оддалеченост од училишните згради. Училиштето е Господова своина и земјиштето околу него е Негов имот за земјоделие, кој Големиот Сеач може да го претвори во учебник. Ќе се покажат успеси во работата, зашто земјата ќе донесе „најнапред стебленце, па клас, а потоа и полно зрно во класот“ (Марко 4:28). Земјата ќе го даде своето богатство, донесувајќи радост на изобилна жетва; а плодовите собрани преку благословот Божји треба да се искористат како учебник на природата, врз основа на што можат да се објаснат духовните поуки и да се применат на потребите на душите. {6C 187.2}

Очевидна поука

Ние увидуваме дека пред нас се многу работи кои мораме да ги из вршиме; и затоа мораме брзо да одиме напред ако тоа ни го дозволуваат средствата. Мораме да преземеме трпеливи и сесрдни напори за да ги охрабриме и подигнеме околните населени места, и за нивно образование во занаетчиска и здравствена насока. Училиштето и нејзините ограноци треба да бидат очевидна поука, укажувајќи на патиштата на напредок и повикувајќи го народот на реформа, за да можат вкусот, работливоста и благородноста да дојдат наместо грубоста, нечистотијата, нередот, незнаењето и гревот. Дури и најсиромашните можат да им помогнат на другите да увидат што е одвратно во нивниот карактер и во нивните домови и со христијанска учтивост можеме да ги наведеме тоа да го поправат. {6C 188.1}

Често се појавува прашањето: што може да се направи таму каде што преовладува сиромаштво и каде што со него мораме да се бориме на секој чекор? Како можеме под такви околности да ги убедиме луѓето да примат исправни идеи за напредување? Оваа задача е без сомневање многу тешка. Ако учителите, мисловните луѓе и оние кои располагаат со средства не се прифатат за оваа задача и не го примат товарот на себе, како што би направил Христос да е на нивно место, тоа значајно дело ќе остане неизвршено. Никогаш нема да се оствари потребната реформа, ако на мажите и жените не им помогне една сила која не се наоѓа во нив самите. Оние кои имаат таленти и способности, мораат да ги искористат овие дарови за добро на своите ближни, трудејќи се да ги изведат на пат за да можат да си помогнат себеси. Така најдобро ќе се искористи образованието стекнато во нашите училишта. {6C 188.2}

Способностите кои Бог им ги подарил на луѓето не смеат да се со кријат „под сад или под кревет. „Вие сте светлината на светот,“ рекол Христос. (Матеј 5:14). Кога гледате семејства кои живеат во бедни куќарки, со оскуден мебел и облека, без куќни алати, без книги и други знаци на еден поуреден живот, зар нема да се заинтересирате за нив и да посакате да ги поучите како на најдобар начин да ги искористат своите сили, за да го подобрат својот начин на живот и нивната работа да напредува? Со трудољубива работа, со мудро искористување на сите свои способности и учејќи се да го користат своето време, тие ќе имаат успех во своите напори да ги подобрат своите домови и што по добро да ја обработат својата земја. {6C 188.3}

Во своите напори да ги обновиме и реформираме другите, мораме да ги обединиме телесните напори со моралната сила. Мораме да се трудиме да стекнеме знаење и во земните и во духовните работи, за да можеме да го пренесеме на другите. Мораме да се трудиме да живееме според евангелието во секој поглед, за да се почувствуваат неговите земни и духовни благослови насекаде околу нас. {6C 189.1}

Мисионерската работа највисоко образование

Господ сигурно ќе ги благослови сите оние кои се трудат да донесат благослов на другите. Со училиштето треба да се управува така што учителите и учениците постојано со верна работа ќе ги усовршуваат подарените способности. Спроведувајќи го во пракса она што го научиле, тие постојано ќе ја зголемуваат својата мудрост и знаење. Од Книгата над книгите треба да се поучиме според кои начела треба да живееме и работиме. Посветувајќи ги сите од Бога дадени способности на Оној кој има најголемо право на нив, можеме да постигнеме драго цени успеси во сè што е вредно за нашето внимание. {6C 189.2}

Ако во таков дух се прифатиме за мисионерска работа, таа ќе не издигне и облагороди, а исто така и оние на кои им помагаме. Секој кој копнее да биде дете на небесниот Цар постојано нека ги прикажува начелата на Божјото царство. Секој треба да има на ум дека во духот, зборовите и делата треба да биде верен на сите Господови прописи и заповеди. Треба да бидеме верни, достојни за доверба поданици на Христовото царство, за оние кои го познаваат светот да можат во нас да имаат вистински пример на богатство, добрина, милосрдие, благост и учтивост како граѓани на Божјото царство. {6C 189.3}

Оние студенти кои во својата поврзаност и однесување кон ближните ќе се управуваат според Божјата Реч, најдобро ќе го искористат животот. Најголемо задоволство во овој живот ќе имаат оние кои при маат за да даваат. Оние членови на човечката заедница кои живеат само за себе секогаш нешто им недостига, зашто никогаш не се задоволни. Во затворањето на сопствените симпатии во своето себично срце нема христијанство. Господ поставил чекори со кои Тој ја излева Својата добрина, милосрдие и вистина и ние треба да бидеме Христови соработници предавајќи им на другите практична мудрост и добродушност. Внесувајќи светлина и благодат во нивниот живот, вршиме добро и свето дело. {6C 190.1}

Ако колеџот во Авондејл некогаш стане она што Господ настојува да го направи, мисионерските напори на учителите и учениците ќе вродат со плод. Многу волни поданици ќе бидат доведени во верност кон Бога и во училиштето и надвор од него. Бунтот до кој дошло на небото под дејство на една лага и измамата која ги навела Адам и Ева да го прекршат Божјиот закон ја отвориле вратата на поплавата на неволјите кои навалиле на светот; но сите кои веруваат во Христа можат да станат Божји синови и ќерки. Со сила на вистината тие можат да бидат обновени и паднатиот човек може да стане верен на Својот Творец. Вистината која има чудесна моќ на делување прилагодена е на умот и срцето на заблудените грешници. Со нејзино дејство, изгубената овца може да се врати во своето стадо. {6C 190.2}

Каква положба или имот да поседува едно лице кое ќе ја запознае вистината, Божјата Реч го учи дека сè што има му е дадено на чување. Тоа му е позајмено за да се испита неговиот карактер. За сите свои де ловни успеси, способности, приходи и можности тој мора да положи сметка на Оној на кого припаѓа самиот со создавањето и откупувањето. Ако го искористи секој драгоцен талент за да го унапреди големото Божје дело на образование, настојувајќи да го стекне најдоброто знаење кое може да му биде од корист во работата на спасување на душите осудени на пропаст, Бог сигурно ќе ги благослови неговите на пори. Бог ни ги подарува Своите дарови за да можеме да им ги предадеме на другите и со тоа да станеме слични на Него. Оние кои ги при маат Неговите дарови за да ги предадат на другите, ќе станат слични на Христа. Помагајќи им на другите, ние самите стануваме почисти и поблагородни. Со ваква работа се оддава слава на Бога. Мораме да имаме знаење за овие работи. Нашите души мораат да се очистат од секоја себичност, зашто Бог сака да го употреби Неговиот народ како претставници на небесното царство. {6C 190.3}

Со нашите училишта мора да се раководи под Божји надзор. За младите мажи и жени треба да се изврши едно дело кое сè уште не е извршено. Голем е бројот на млади луѓе на кои им е потребно обучувањето во нашите училишта. Тие треба да бидат поучувани во практична физичка работа, за да живеат делотворен и плоден живот. Во нашите училишта треба да се учи работа од секој вид. Учениците треба да учат под раководство на мудри, разумни и богобојазливи управи тели. Секоја гранка на делото треба да се одвива на најтемелен и систематски начин за кои долгото искуство и мудрост ќе нè оспособат да планираме и остваруваме. {6C 191.1}

Учителите треба да ја сфатат важноста на ова прашање и да ги поучуваат учениците на земјоделство и други знаења кои се битни за нив. Настојувајте во секоја гранка на работа да се постигнат најдобри резултати. Во вашата работа нека се види науката на Божјата Реч, за да можат студентите да ги сфатат правилните начела и да го достигнат највисокото можно мерило. Користете ги способностите кои Бог ви ги подарил и посветете ги сите свои сили на обработка на Божјата градина. Учете и работете така што сеењето на семе ќе донесе најголеми резултати и најдобар принос, за да има во изобилство телесна и духовна храна за сè поголем број на студенти кои треба да се присоберат и обучат за христијански работници. {6C 191.2}

Ние видовме дека се соборуваат огромни стебла и со корен се вадат од земја и дека потоа земјата длабоко се преорува за да се под готви за садење на дрвја и за сеење на семе. Учениците учат што е орање, учат дека мотиката и лопатата, греблото и алатката за ситнење на земјата се алати на едно чесно и корисно занимање. Често се прават грешки, но близу секоја грешка се наоѓа вистината. Мудрост се стекнува преку неуспех, а енергијата која се вложува во почетокот, буди надеж во конечен успех. Колебањето го попречува напредокот, избрзувањето исто така ќе причини забавување; но, сето тоа ќе послужи како поука ако човечкото орудие го смета за такво. {6C 192.1}

Сфаќањето дека работата е понижувачка, одвело илјадници во гроб. Оние кои извршуваат само телесна работа, често работат претерано, додека умствените работници страдаат од недостиг на здрави животни сили кои се стекнуваат со телесна работа. Кога интелектуалците би ги презеле на себе товарите на работничката класа во онаа мерка која е потребна за да се засилат мускулите, тогаш работниците би можеле да посветат еден дел

од своето време на умно и морално образование. Оние кои се занимаваат со ментална работа, притоа седејќи, би требало да се занимаваат со телесни вежби. Желбата да бидат здрави треба да им пружи доволен поттик на умствената работа да ја придружат и физичката. {6C 192.2}

ЦРКОВНИ УЧИЛИШТА

Работа на црковните училишта

Црквата има посебна должност во воспитувањето и образованието на своите деца за, посетувајќи го училиштето или движејќи се во не кое друго друштво, да не паднат под влијание на оние кои имаат расипани навики. Светот е полн со беззаконие и непочитување на Божјите заповеди. Градовите станале слични на Содом, и нашите деца секојдневно се изложени на опасности од многу зла. Посетувајќи јавни училишта, тие често се дружат со деца кои се повеќе занемарени од нив и кои надвор од училницата добиваат улично воспитување. На детското срце лесно се влијае; и ако околината не е со правилен карактер, сатаната ги употребува тие напуштени деца за да влијае на грижливо воспитаните деца. Така, пред родителите кои ја празнуваат саботата да увидат какво зло е направено, децата се научиле на деградација и нивните души стануваат расипани. {6C 193.1}

Протестантските цркви го прифатиле лажниот ден за одмор чедото на папството и ја издигнале над светиот и посветен Божји ден. Наша должност е да им објасниме на своите деца дека првиот ден во седмицата не е вистинскиот ден за одмор и дека празнувањето на тој ден, бидејќи ни е дадена светлина во поглед на вистинската сабота, значи отворено спротивставување на Божјиот закон. Дали учителите во јавните училишта ѝ даваат на нашите деца поими кои се во склад со Божјата Реч? Дали го прикажуваат гревот како навредување на Бога? Дали ги поучуваат децата дека послушноста кон Божјите заповеди значи почеток на секоја мудрост? Ние ги праќаме своите деца во саботната школа за да добијат поуки во поглед на вистината, додека во редовните училишта кои ги посетуваат секој ден им се даваат поуки кои со држат лаги. Таквите работи го збунуваат умот и не би требало да постојат, зашто ако младината стекнува поими кои ја изопачуваат вистината, како ќе се оневозможи влијанието на таквото образование? {6C 193.2}

Можеме ли под тие околности да се чудиме што некои млади мажи и жени не ги ценат верските предности? Можеме ли да се чудиме што така запоставени, ги посветуваат своите сили на забави од кои немаат никаква корист, што нивните верски копнежи се ослабени, што нивниот духовен живот е помрачен? Умот носи обележје на храната со која се храни, жетвата е онаква какво што е семето. Зар овие факти не ја покажуваат доволно потребата за заштита на образованието на младината од најраното детство? Зар не е подобро младината да расте во извесно незнаење во поглед на она што е општо прифатено како образование, отколку да стане негрижлива во поглед на Божјата вистина? {6C 194.1}

Одвојување од светот

Кога Израелевите деца се издвоиле од Египќаните, Господ рекол: „Зашто ќе поминам низ земјата египетска таа ноќ и ќе го убијам се кој првороден во земјата египетска, од човек до добиток, и ќе им се одмаздам на сите египетски богови, зашто Јас Сум Господ". „Потоа земете китка исоп и натопете ја во крвта, што е во садот и попрскајте ги горните прагови и обата довратника со крвта од садот и ниеден од вас да не излегува низ вратата куќна до изутрина. И кога ќе по мине Господ да го казнува Египет, штом ќе ја види крвта на горниот праг и на обата довратника, ќе ја одмине Господ таа врата и нема да му дозволи на истребителот да влезе во куќите ваши и да убива. Пазете го ова како закон за себе и за синовите свои довека" (Излез 12:12,22-24). Крвта на довратникот симболично ја претставувала Христовата крв која единствено ги спасила еврејските првенци од проклетството. Секое еврејско дете кое било најдено во египетската куќа било уништено. {6C 194.2}

Овој настан во Израел е запишан поради поука на оние кои ќе живеат во последните денови. Пред чашата преполна со казни да се излее на жителите на Земјата, Господ ги повикува сите оние кои се навистина Израелци да се подготват за тој настан. Тој им упатува опомена народителите: Соберете ги своите деца во своите домови. Одвојте ги од оние кои не ги почитуваат Божјите заповеди, кои прават зло и другите ги учат на тоа. Излезете што побргу од големите градови. Основајте црковни училишта. Пружете им ја на своите деца Божјата Реч како темел на нивното образование. Таа е полна со прекрасни поуки и ако учесниците ја направат предмет на своето основно проучување овде, тие ќе се подготват за повисок степен на образование горе. {6C 195.1}

Денес ни доаѓа Божјата Реч: „Не впрегнувајте се заедно со неверниците; зашто какво заедништво постои меѓу праведноста и неправедноста? Што заедничко има меѓу светлината и темнината? Какво согласие може да има меѓу Христос и Велијар? Или, што има заедничко меѓу верник и безверник? Каква спогодба има Божјиот храм со идолите? Вие сте храм на живиот Бог, како што рекол Бог: 'Ќе се вселам во нив и ќе одам меѓу нив; ќе им бидам Бог, а тие ќе бидат Мој народ. Затоа излезете од нивната средина и одделете се!' вели Господ, и 'не допирајте се до нечисто и Јас ќе ве примам! И Јас ќе ви бидам Татко, а вие ќе ми бидете синови и ќерки', вели Господ Седржителот" (2. Коринтјаните 6:14-18). Каде се вашите деца? Дали ги воспитувате така да ја забележат и избегнат расипаноста која е во светот поради телесните желби? Се трудите ли да ги спасите нивните души или со својата не грижливост придонесувате за нивната пропаст? {6C 195.2}

Запоставени деца

На нашите деца и младина се посветува премногу малку внимание. Постарите членови на црквата не се грижеле за нив со нежност и наклонетост, со желба да напредуваат во божествениот живот, и поради тоа децата не се развивале во христијанскиот живот како што требало. Некои членови на црквата, кои порано го љубеле Бога и се боеле од Него, дозволиле нивната работа целосно да ги обземе и ја криеле свет лината под сад. Тие заборавиле да Му служат на Бога и нивната работа станала гроб за нивната вера. {6C 196.1}

Треба ли да ја пуштиме младината да се колеба таму и ваму, да ја губи храброста и да паѓа во искушенија кои насекаде ги демнат нивните неискусни нозе? Членовите на нашата

црква имаат голема должност со љубов, трпение и нежност да се заземат за нашата младина, поучувајќи ја правило по правило, заповед по заповед. О, каде се мајките и татковците во Израел? Би требало да постои голем број на оние кои, како повереници на Христовата благодат, сериозно, а не само површно, ќе се грижат за младината. Би требало срцата на многумина да бидат трогнати од тажната состојба во која се наоѓа нашата младина и да увидат колку сатаната, со помош на своите лукавства, се труди да ги фати во својата мрежа. Бог бара од црквата да се пробуди од својата летаргичност и да увиди каква служба е потребна во ова време на опасност. {6C 196.2}

Очите на нашите браќа и сестри треба да бидат намачкани со не бесна очна маст за да можат да ги увидат потребите на своето време. Јагнињата во стадото мораат да се хранат и небесниот Господ гледа за да види кој го прави она што Тој сака да биде направено за децата и младината. Црквата заспала и не го сфаќа значењето на тоа прашање. Некој ќе каже: „Зошто е потребно да се биде толку темелно специфичен во образованието на нашата младина? Според мое мислење, ако посебно внимание се посвети на неколкумина кои одлучиле да се посветат на некаква ментална работа, или некој друг повик за кој е потребна посебна подготовка, тогаш тоа е доволно. Не е потребно сета наша младина толку добро да се образува. Зар нема темелното образование на неколкумина да ги задоволи сите битни барања?“ {6C 196.3}

Јас најодлучно одговарам: не, никако не. Каков избор би можеле да вршиме меѓу нашата младина? Како можеме да кажеме кој најмногу ветува, кој најдобро ќе Му служи на Бога? Врз основа на нашето човечко расудување би можеле да направиме како што направил Самоил кој, кога бил пратен да го бара Господовиот помазаник, гледал на надворешниот изглед. Но Господ Му рекол: „Не гледај на лицето негово и неговиот висок раст; Јас го отфрлив. Јас не гледам така, како што гледа човек, зашто човек гледа на лицето, а Господ гледа на срцето“ (1. Самоилова 16:7). Господ не сакал да прифати ниту еден од седумте Есееви синови кои имале благороден изглед. Но кога од по лето бил повикан Давид, најмладиот син, младо момче и пастир на стадото, Господ рекол: “Стани, помазај го, зашто тоа е тој“ (Стих 12). Кој може да одреди кој во едно семејство ќе се покаже способен за Божјото дело? На своите деца треба да им овозможиме да ги уживаат благословите и предностите од образованието во нашите училишта, за да бидат вдахновени да станат Божји соработници. {6C 197.1}

Потреба од црковни училишта

Многу семејства, кои поради школување на своите деца се преселуваат во места во кои се основани нашите големи училишта, подобро би служеле на Господа кога би останале таму каде што се. Тие треба да ја поттикнат црквата чии членови се, да основаат едно црковно училиште за децата од околината, кое би им пружило едно сестрано, практично христијанско образование. За нивните деца, за нив самите и за Божјото дело би било многу подобро да останат во помалите цркви на кои им е потребна нивната помош, отколку да доаѓаат во поголемите цркви, каде не се потребни и поради што им се заканува опасност да паднат во духовно мртвило. {6C 198.1}

Секаде каде што постојат неколкумина кои ја празнуваат саботата, родителите треба да се здружат во обезбедување на место за едно дневно училиште во кое би можеле да учат нивните деца и младина. Тие треба да постават христијански учител кој, како посветен мисионер, ќе ги воспитува децата така што и тие ќе посакаат да станат мисионери. Поставете учители кои ќе можат да им пружат темелно образование во обичните предмети. Меѓутоа, Библијата треба да биде основа и живот на секое образование. Родителите треба да се препашат со оклоп и со личен пример да ги учат своите деца да бидат мисионери. Тие треба да работат додека уште е ден, зашто „ќе дојде ноќ кога никој нема да може да работи“ (Јован 9:4). Ако несебично се залагаат, истрајно учејќи ги своите деца да сносат одговорности, Господ ќе соработува со нив. {6C 198.2}

Некои семејства кои ја празнуваат саботата живеат осамени или далеку од останатите верници. Тие понекогаш ги праќаат своите деца во нашите интернати, каде што таквите деца примаат помош и се враќаат за да бидат на благослов во своите домови. Но некои не се во состојба да ги пратат своите деца на школување надвор од своите до мови. Во таквите случаи, родителите треба да се потрудат да најдат еден примерен верски учител кој ќе го смета за свое задоволство да работи за својот Учител во секое својство и да го обработува секој дел од Господовото лозје. Татковците и мајките треба да соработуваат со наставникот и да работат сесрдно на обратување на своите деца. Тие треба да се борат во својот дом да одржуваат свеж и силен интерес за духовните работи и да ги израснат своите деца во грижата и науката Господова. Секој ден нека посветат еден дел од своето време во поучување, станувајќи ученици заедно со своите деца. Така тие ќе го на прават часот поминат во учење, час на задоволство и добивка, и нивната доверба ќе се зголеми со овој метод на барање на спасението за нивните деца. Учејќи се да работат за своите деца, родителите ќе увидат дека со тоа и тие самите побргу се развиваат. Како што го вршат тоа дело во понизност, неверието ќе исчезне. Од верата и дејноста ќе се родат доверба и задоволство кои ќе бидат сè поголеми од ден на ден, додека се трудат да го запознаат Господа и другите да ги запознаат со Него. Нивните молитви ќе станат сесрдни, зашто ќе имаат одредена цел за која ќе се молат. {6C 198.3}

Во некои земји родителите се принудени со закон да ги испраќаат своите деца на училиште. Во тие земји, во местата каде што се осно вани цркви, треба да се отворат училишта, дури и ако има само шест деца. Работете како што би работеле за својот живот да ги спасите своите деца од расипаното и штетно влијание на овој свет. {6C 199.1}

Ние ниту оддалеку не ја вршиме својата должност по ова значајно прашање. Во многу места би требало веќе со години да постојат училишта. Така, многу места би имале свои претставници на вистината кои би дале живо обележје на Господовото дело. Наместо концентрирање на големи згради во неколку места, би требало да се отворат училишта во многу места. {6C 199.2}

Овие училишта треба да ја започнат својата работа под мудра управа, за да можат децата и младината да се образуваат во своите сопствени училишта. Во овој правец многу се пропуштило, иако провидението обилно ни подарило средства со кои можевме да работиме; тоа е голема навреда за Бога. Меѓутоа, иако во минатото не сме направиле сè што сме можеле за нашите деца и за младината, да се покаеме и сега да го поправиме тоа. Господ вели: „Гревовите ваши да се и алово црвени како снег ќе ги побелам; да бидат

црвени и како пурпур како волна ќе станат бели. Ако Го барате и послушате, ќе ги јадете добрата земни“ (Исаија 1:18,19). {6C 199.3}

Карактерот на црковните училишта и нивните учители

Нашите црковни училишта треба според својот начин на работа да бидат на највисок степен. Исус Христос е единствен лек против погрешното образование и поуките на Неговата Реч треба секогаш да ѝ се прикажуваат на младината во најпривлечен облик. Училишната дисциплина треба го надополнува домашното воспитување, а и во училиштето и во домот треба да се негува едноставност и побожност. Ќе се најдат мажи и жени кои ќе имаат способности да работат во овие мали училишта, но кои не можат да бидат од корист во поголемите. Предавајќи ги поуките од Библијата, и тие самите ќе примат образование од најголема вредност. {6C 200.1}

При одбирањето на учители треба да се примени секоја мерка на претпазливост, имајќи на ум дека таа работа е толку важна како и бирање на луѓе за проповедници. Овој избор треба да го вршат мудри луѓе кои можат да го распознаат карактерот на другите, зашто треба да се изберат најспособните луѓе за учители на младината и за успешно вршење на многу задачи кои лежат пред учителите во нашите училишта. Ниту во едно од овие училишта не треба да се поставаат луѓе со пониски и ограничени ставови. Не им давајте на децата млади и не искусни учители кои немаат способности да управуваат со нив, зашто со својата работа ќе придонесуваат само за нарушување. Редот е прв закон на небото и секое училиште во тој поглед треба да се угледа по примерот на небото. {6C 200.2}

Да се поставаат над нашите млади деца горделиви учители без љубов претставува зло. Таквиот учител може многу да им наштети на оние чии карактери брзо се развиваат. Ако учителите не се потчинети на Бога, ако немаат љубов кон децата кои се под нивен надзор или ако покажуваат пристрасност кон оние кои им угодуваат на нивните идеи и манифестираат рамнодушност кон оние кои се помалку привлечни или кон оние кои се немирни и нервозни, тие не треба да се вработуваат, зашто нивната работа ќе резултира со загуба на души за Христа. {6C 201.1}

Потребни се, особено за децата, учители кои се прибрани и љубезни, кои ќе покажуваат трпеливост и љубов кон оние на кои тоа им е најпотребно. Исус ги сакал децата; Тој ги сметал за помлади членови на Господовото семејство. Тој кон нив секогаш бил благ и полн со обзири и учителите треба да го следат Неговиот пример. Тие треба да имаат вистински мисионерски дух, за да можат да ги обучат децата да станат мисионери. Тие мораат да имаат на ум дека Господ им ги доверил душите на децата и младината како свечена доверба. На нашите училишта им се потребни учители со високи морални особини, на кои може да им се подари доверба, кои се здрави во верата, кои имаат такт и трпение, кои чекорат со Бога и кои го одбегнуваат дури и сето она што може да даде појава на зло. Во својата работа тие ќе наидат на облаци. Ќе наидат на облаци, темнина и бури, на предрасуди народи телите кои имаат погрешна претстава за карактерот кој треба да го развијат нивните деца. Има многумина кои тврдат дека веруваат во Библијата, но не ги остваруваат нејзините начела во својот дом. Меѓу тоа, ако учителите постојано се учат во Христовото училиште, тие ни когаш нема да подлегнат на овие околности. {6C 201.2}

Родителите треба во длабока сесрдност да го бараат Господа, за да не бидат камења за сопнување на своите деца. Зависта и љубомората нека се искоренат од срцата и во нив нека влезе Христовиот мир кој ќе ги обедини членовите на црквата во вистинско христијанско братство. Затворете ги прозорците на душите пред отровната маларија на оваа земја, а отворајте ги кон небото, за да ги примат исцелувачките зраци на сонцето на Христовата праведност. Сè додека од срцата не се искорени духот на критикување и сомневање, Господ не може да ги отвори патиштата за основање на училишта, а тоа Тој одамна сака да го на прави за црквата. Сè додека не дојде до единство Тој нема да ги за движи оние на кои им доверил средства и способности за остварување на ова дело. Родителите мораат да се издигнат на еден повисок сте пен, држејќи се за Господовиот пат и творејќи праведност, за да можат да станат носители на светлината. И духот и карактерот мораат пот полно да се изменат. Духот на неслога кој го негуваат неколкумина од нив во своето срце ќе се пренесе и на други и ќе го уништи доброто влијание кое училиштето би можело да го врши. Сè додека родителите не бидат подготвени да соработуваат со учителот на спасување на своите деца, тие не се подготвени да добијат училишта. {6C 202.1}

Резултати од работата на црковните училишта

Ако со црковните училишта добро се управува, тие ќе бидат средства со кои знамето на вистината ќе се подигне во местата каде што тие ќе се отворат, зашто децата кои ќе го примат христијанското образование ќе бидат сведоци за Христа. Како што Исус во храмот ги објаснувал тајните кои свештениците и поглаварите не ги сфатиле, така и правилно образованите деца во својата едноставност ќе зборуваат зборови кои ќе ги зачудат оние кои денес зборуваат за „високото образование". Како што децата во предворјето на храмот пееле: „Осана на Давидовиот син! Благословен да е Оној Кој оди во Господово име," така и во овие последни денови ќе се слушнат детските гласови како ја објавуваат последната вест на опомена на светот кој оди во пропаст. Кога небесните битија ќе видат дека ширењето на вистината веќе не им се дозволува на луѓето, Божјиот Дух ќе се симне на децата, и тие во објавувањето на вистината ќе го сторат она што постарите нема да бидат во состојба да го направат, зашто ќе бидат спречувани. {6C 202.2}

Бог ги поставил нашите црковни училишта да ги подготвуваат децата за оваа голема задача. Децата во нив треба да се поучат на посебните вистини за ова време и на практичната мисионерска работа. Тие треба да стапат во војската на работници кои им помагаат на болните и настраданите. Децата можат да учествуваат во здравствено мисионерската работа и со својата мала помош, можат да придонесат за напредокот на Божјото дело. Нивните прилози можат да бидат мали, но секој мал износ е од помош и преку нивните напори многу души ќе бидат придобиени за вистината. Преку нив сите народи ќе ја запознаат Божјата вест и Неговата исцелувачка сила. Затоа црквата треба да го понесе товарот на одговорност за јагнињата на Христовото стадо. Децата треба да се образуваат и обучат да вршат служба за Бога, зашто тие се Негово наследство. {6C 203.1}

Години порано требало да се подигнат згради погодни за црковни училишта во кои децата и младината би можеле да примат вистинско образование. {6C 203.2}

Учебниците кои се употребуваат во нашите училишта треба да бидат од таков карактер за да обратат внимание на Божјиот закон. Со тоа ќе се издигнува светлината и силата на вистината. Во училиштата ќе доаѓа младина од светот, дури и онаа чиј ум е изопачен, и таа таму ќе се обрати. Можеби лажните теории кои ги веруваат нивните роди тели некое време ќе го попречуваат нивното сведочење за вистината, но вистината на крајот ќе победи. Ми беше наложено да кажам дека овој начин на работа ќе има впечатливо влијание во ширењето на свет лината и знаењето. {6C 203.3}

Од голема важност е семејствата кои се доселуваат во местата во кои се отворени нашите училишта да бидат добри претставници на нашата света вера. {6C 204.1}

Можеби црквите во кои се отворени училишта ќе затреперат кога ќе ги разберат моралните одговорности кои се премногу големи за да се изразат со зборови. Ќе престане или ќе се откаже ли ова толку благородно дело поради недостаток на посветени работници? Ќе има ли во тој потфат место за себични цели и славољубие? Ќе дозволат ли работниците љубовта кон добивката и угодноста и недостатокот на побожност да го истераат Христа од нивните срца, и да го исклучат од училиштето? Не, никако! Делото веќе многу напредувало. На образовно поле сè е подготвено за една сериозна реформа, за повистинито, поделотворно образование. Ќе сака ли нашиот народ да ја прими оваа света доверба? Ќе сака ли да се понижи пред крстот на Голгота, подготвен за секоја жртва и за секоја служба? {6C 204.2}

Родителите и учителите треба најсесрдно да ја бараат онаа мудрост која Исус секогаш е подготвен да ја подари, зашто тие треба да работат со човечки умови во најважниот и најчувствителниот период од нивниот развој. Тие мораат да се трудат така да ги насочуваат склоностите на младината за да може таа во секој период од својот живот да ја претставува природната убавина својствена за тој период, развивајќи се постепено, како растенијата и цвеќињата во градината. {6C 204.3}

Управувањето и поучувањето на децата е најблагородно мисионерско дело кое мажите и жените можат да го вршат. Со правилно користење на предмети, поуките можат да се направат толку јасни, така што детскиот дух од природата ќе се издигне кон Богот на природата. Ние во нашите училишта мораме да имаме такви кои поседуваат способности и вештина да ја остварат оваа задача, сеејќи го на тој начин семето на вистината. Единствено големиот Божји ден може да го открие сето добро кое со оваа работа може да се оствари. {6C 205.1}

Образованието на најмладите треба да се довери на особено надарени луѓе. Многумина можат да ги подигнат јаслите и да им дадат храна на овците, но многу потешко е да се спуштат јаслите ниско и да се хранат јагнињата. Тоа е поука која треба да ја научат учителите во основните училишта. {6C 205.2}

Треба да се воспитуваат очите на умот, зашто инаку детето ќе наоѓа задоволства во набљудување на злото. {6C 205.3}

Понекогаш учителите треба да им се придружат на децата во нивните игри и забави, поучувајќи ги како да си играат. На тој начин, тие ќе бидат во состојба кај децата да ги отстранат лошите чувства и постапки, а притоа да не изгледа како да ги критикуваат и им изнаоѓаат грешки. Со таквото дружење, учителите ќе им се придружат на децата и училиштето ќе биде уживање за сите. {6C 205.4}

Учителите мораат да ги сакаат децата, бидејќи тие се помлади членови на Господовото семејство. Господ и нив ќе ги праша, како и роди телите: „Каде е стадото што ти беше дадено, твоето убаво стадо?“ (Еремија 13:20). {6C 205.5}

УЧИЛИШНА УПРАВА И ФИНАНСИИ

Би сакала кога би можела така да владеам со јазикот, што со зборови јасно ќе изложам од колкаво значење е правилното управување со нашите училишта. Сите треба да имаат на ум дека нашите училишта се Господово орудие преку кое Тој сака луѓето да стекнат знаење за Него. Насекаде се потребни мажи и жени кои ќе бидат канали на свет лината. Божјата вистина треба да се однесе во сите земји, за да можат луѓето да бидат просветлени со неа. {6C 206.1}

Како народ на кој му е дадена поголема светлина, ние мораме да пронајдеме средства за да подигнеме војска на образовани мисионери кои ќе учествуваат во разни гранки на Божјото дело. Нам ни се потребни добро дисциплинирани и префинети млади мажи и жени во нашите училишта, санаториуми, во нашата здравствено-мисионерска работа, во канцелариите на издавачките куќи, во Униите и во големото поле на работа воопшто. Потребни ни се млади мажи и жени кои, имајќи високо умно образование, се способни да го вршат најдоброто дело за Господа. Ние сме направиле нешто за да дојдеме до оваа цел, но уште сме далеку од она што Господ сака да го постигнеме. Како црква, и како поединци, ако сакаме да стоиме чисти на судот мораме да вложуваме повеќе великодушни напори за обучување на нашите млади, за да можат тие да се оспособат за разни гранки на големото дело кое ни е доверено. Како народ, ние имаме голема светлина и мораме да изработиме мудри планови, за да можат досетливите умови на оние кои имаат таленти да бидат така обучени, што Христовото дело нема да биде попречувано поради недостиг на способни работници кои сесрдно и верно ќе ја вршат својата должност. {6C 206.2}

Некои би се задоволиле со темелно образување на само неколку млади луѓе кои најмногу ветуваат; но на сите ним им е потребно образование кое би ги направило корисни во животот и би ги оспособило да примат одговорности во приватниот и во јавниот живот. Многу е потребно да се изработат планови за зголемување на бројот на соодветни работници и многумина треба да се подготват за учители, за да можат други да се обучат и да се подготват за големото дело во иднина. Црквата треба да ја земе оваа задача во свои раце и да се потруди со својот углед и со свои средства да ја оствари оваа толку многу посакувана цел. {6C 206.3}

Нашите училишта треба да бидат слободни од долг

За да ја извршат благородната цел поради која се основани, нашите училишта мораат да бидат слободни од долг. Не смее да се дозволи тие да останат под товарот на плаќање на камати. При отворањето на училиштата за обучување на работници, а особено во новите полиња каде што има малку браќа и каде што нивните можности се ограничени, подобро е да се позајмат пари од пријателите на овој потфат, отколку да се одложува работата. Но,

секаде каде што е можно, нашите установи треба да ја започнат својата работа слободни од долгови. {6C 207.1}

Господ има средства за Своето дело во рацете на Своите повереници. И сè додека нашите училишта имаат долгови создадени со трошоците за нивно подигнување, за потребните згради и неопходните средства, наша должност е да им го укажуваме ова на своите браќа и да бараме од нив намалување на овие долгови. Нашите проповедници треба да чувствуваат товар за ова дело. Тие треба да ги поттикнуваат сите сложно да работат и да примат на себе товари според своите можности. Ако во минатите години верно и совесно се пристапувало на остварување на оваа задача, нашите постари училишта веќе одамна би биле ослободени од долгови. {6C 207.2}

Штедливост

При sидањето на училишните згради и набавување на нивниот мебел, како и во сите други поединости на раководење треба да се спроведе најстрого штедење. Со нашите училишта не смее да се управува по ограничени и себични планови. Тие треба што е можно повеќе да личат на семеен дом и во секој поглед треба да поучуваат исправни лекции на едноставност, корисност, штедливост и економија. {6C 208.1}

Учениците во нашите училишта примаат едно посебно образование. Тие треба да се запознаат со сите гранки на делото, за кога ќе излезат од училиштето како мисионери, да можат да бидат самодоверливи и способни со стекнатото знаење да си ги обезбедат за себеси сите неопходни погодности и потребни работи. Без разлика дали се мажи или жени, тие треба да се учат да шијат, перат и да ја одржуваат во ред својата облека. Тие треба да бидат во состојба самите себеси да си зготват јадење. Треба да бидат упатени во земјоделието и разни други занаети. Така тие ќе бидат во можност да ги олеснат своите трошоци и со својот пример да поучат и други на штедење и економија. Овие поуки најдобро можат да се добијат таму каде што штедливоста совесно се спроведува во сè. {6C 208.2}

Економичноста треба верно да се проучува и совесно и грижливо да се применува не само за финансиското добро на училиштата, туку и поради образование на учениците. Управителите мораат грижливо да внимаваат никаде да не се троши без потреба, за училиштето да не се оптовари со непотребен долг. Секој ученик кој го љуби Бога повеќе од сè, ќе помогне во носењето на одговорност во врска со ова прашање. Оние кои научиле така да постапуваат, ќе можат со пример и поука тоа да го покажат и на другите со кои доаѓаат во допир. Тоа се начела на кои нè учел нашиот Откупител кој бил полн со самооткажување. Самопопуштањето е големо зло и мора да се победи. {6C 208.3}

Некои сметаат дека не е згодно на студентите да им се откриваат финансиските потешкотии во кои се наоѓа училиштето. Но за студентите ќе биде многу подобро да го увидат и сфатат недостигот на средства, зашто така ќе бидат во состојба да ни помогнат во штедењето. Многумина кои доаѓаат во нашите училишта ги напуштаат куќите кои не се украсени и во кои биле навикнати да јадат едноставна храна, без извесен број на јадења за еден оброк. Како ќе влијае нашиот пример врз нив? Треба ли да ги поучиме дека сè додека постојат толкави можности за правилна употреба на нашите средства, сè додека илјадници

гладуваат, умираат од болести, глад, крвопролевање и пожари, секој од нас мора грижливо да се труди да не ги троши парите на нешто што не е потребно, само за да го задоволи својот апетит или да ја украси својата надворешност. {6C 208.4}

Кога со нашите училишта правилно би се раководело, долговите не би се зголемувале, а учениците сепак би биле удобно сместени и масите би биле снабдени со изобилство на добра и здрава храна. Нашето штедење никогаш не треба да доведе до тоа оброците да бидат оскудни. Учениците треба да добијат изобилно здрава храна. Но оние кои се грижат за готвењето треба да ги соберат сите остатоци, за ништо да не биде изгубено. {6C 209.1}

Учениците треба да се научат грижливо да го чуваат својот имот, како и имотот на училиштето. Ним треба да им се укаже на должноста да се откажат од секој непотребен издаток во училиштето, како и на патувањето од своите домови до училиштето и обратно. Самооткажувањето е неопходно. Мораме да се придржуваме до дадените упатства, зашто се приближуваме кон крајот на времето. Сè повеќе ќе бидеме принудени да планираме, смислуваме и водиме економија. Не можеме да постапуваме така како да имаме некоја банка од која можеме да земаме пари во случај на потреба и според тоа не смееме да дозволиме да западнеме во тешка положба. Како поединци и како управители на Господовите установи треба да го отстраниме сето она што има за цел надворешно украсување и да ги сведеме нашите издатоци во тесните граници на нашите приходи. {6C 209.2}

Добро управување

Управувањето со финансиите во некои од нашите училишта би можело во голема мерка да се подобри. Повеќе мудрост и разум треба да се внесе во оваа работа. Мораат да се применат практични методи за да се спречи зголемувањето на издатоците што ќе доведе до задолжување. Во Батл Крик и во колеџот „Поглед“ премногу пари се вло жени во зградите, а повеќе отколку што било неопходно е потрошено за мебел на училишните домови. {6C 210.1}

Кога управителите на училиштата ќе увидат дека училиштето не ги покрива тековните издатоци и дека долговите се зголемуваат, тие треба да постапуваат како разумни деловни луѓе и да го изменат својот на чин на работа и своите планови. Кога една година ќе се покаже дека управувањето со финансиите било погрешно, тогаш треба да се слушне гласот на мудроста. Тогаш треба да настапи одлучна реформа. Учителите треба да Му покажат на Христа слични особини и сериозно и темелно да размислуваат и планираат како да ја подобрат состојбата на работите. Тие треба со сето срце да учествуваат во плановите на управителите и заедно со нив да ги носат товарите. {6C 210.2}

Мала школарина

Во некои наши училишта школаринаа е премногу ниска. Тоа на многу начини било штетно за образовната работа. Тоа довело до појава на обесхрабрувачки долг; тоа навлекло на управата постојан сомнеж дека погрешно се пресметува, дека недостига штедење и дека

лошо се планира; тоа обесхрабрувачки делувало на учителите; тоа го наведува народот да бара одговарачки ниски школарини и во другите училишта. Каква и да била целта на одредување на толку ниска школарина, фактот дека во училиштата постои голем дефицит е доволна причина повторно да се разгледаат плановите и приходите да се по местат така што во иднина билансот ќе биде поинаков. Сумата пред видена за школарина, храна и стан треба да биде доволна за исплатување на надлежностите на персоналот, снабдувањето на трпезата со здрава и калорична храна, одржување на мебелот, за одржување на зградата и други потребни тековни издатоци. Ова е важно прашање за кое е потребно детално испитување, а не тесноградо сметање. Потребен е Господов совет. Училиштето треба да има доволно приходи не само да ги покрива тековните издатоци, туку и да ги снабдува учениците за време на школувањето со некои работи кои се неопходни за нивната работа. {6C 210.3}

Долговите не смеат да се зголемуваат еден по друг. Најдобриот со вет кој може да се даде гласи: бегајте од долговите како што бегате од болеста. Кога минува година за година, а нема никаков знак дека долгот се намалува, туку дека уште повеќе е зголемен, тогаш на тоа мора да му се стави крај. Управителите треба да кажат: „Не сакаме понатаму да управуваме со училиштето сè додека не се пронајде некој по добар систем". Би било подобро, многу подобро, да се затвори училиштето додека управителите не научат да управуваат со училиштето на една доходовна основа, така што тоа самото ќе се издржува. Поради Христа, зададете си самите себеси задача, како избран Божји народ, направете се себеси одговорни и спроведете еден здрав финансиски систем во нашите училишта. {6C 211.1}

Секогаш кога е потребно во некое училиште да се подигнат цените, прво треба тоа прашање да им го изложите на покровителите на таа установа, укажувајќи им на тоа дека школарината била премногу ниска и дека поради тоа се натрупувале долгови, што ја осакатува и попречува работата на училиштето. Правилно зголемената школарина може да има за последица намалување на бројот на учениците, но треба по веќе да се радуваме на ослободување од долговите, отколку на големиот број на ученици. {6C 211.2}

Една од последиците на ниската школарина во Батл Крик беше со бирање на поголем број на ученици и поголем број на семејства на едно место, што и не било мудра одлука. Кога две третини од народот кој се наоѓа во Батл Крик би биле Господови растенија во други места, тие би имале место да растат и да се развиваат. Би се постигнале по големи резултати ако времето и енергијата вложени за одржување на училиштето во Батл Крик во поволна состојба, би биле употребени во училиштата во други места, каде што во рамките на училишната на става би можеле да се вршат и земјоделски работи. Ако постоела склоност за прифаќање на Господовите патишта и Неговите планови, многу растенија денес би растеле и би се развивале на други места. Постојано ни доаѓаше Господовата Реч дека цркви и училишта треба се подигаат и на други места, дека премногу големи одговорности се соб рани на едно место. Изведете го народот од големите центри и пробудете интерес во другите места тоа е поуката што ни е дадена. Ако таа поука беше прифатена, ако средствата и парите беа распоредени, парите кои се потрошени на посебните училишни згради во Батл Крик би биле доволни за две нови згради во други места и стеблото на де лото би растело и би родило плод, но тоа не беше случај, зашто луѓето одлучија да работат според сопствената мудрост. {6C 211.3}

Нашите браќа велат како проповедниците и родителите се жалат дека меѓу нас има многу млади луѓе кои треба да ги посетуваат нашите училишта, но не можат додека не се намали школаринata. Но тие кои се залагаат за ниска школарина треба грижливо да го разгледаат ова прашање од сите страни. Ако студентите не можат со свои средства да ги платат реалните трошоци за добрата и верна работа во нивното образование, не ли е подобро да им помогнат нивните родители, пријатели, црквите на кои им припаѓаат и великодушните браќа од нивните Унии, отколку училиштето да западне во долг? Многу е по добро многу покровители да ги сносат трошоците, отколку училиштето да се задолжи. {6С 212.1}

Мораат да се пронајдат методи да се избегне натрупувањето на долгови во нашите установи. Не смее целото дело да трепери поради долгот, кој нема да се отстрани ако не се изврши една сестрана промена и ако не се започне со работа на една поинаква основа. Сите кои со своите постапки дозволиле да ги покрие облак на долгови, нека сме таат дека е нивна должност да го отстранат. {6С 213.1}

Помагање на достојните студенти

Црквите во разни места треба да чувствуваат свечена одговорност да ги обучуваат младите и да образуваат талент за мисионерска работа. Кога тие во црквата ќе видат младинци кои ветуваат дека ќе бидат корисни работници, но не се во состојба самите да се издржуваат и школуваат, црквата треба на себе да ја преземе одговорноста за да ги испрати нив во едно од нашите училишта за обучување. Во нашите цркви има одлични способности кои треба да се воведат во служба. Има лица кои добро послужиле во Господовото лозје, но многумина се толку сиромашни што без помош од страна не можат да го стекнат потребното образование. Црквите треба да го сметаат за своја предност тоа што можат да сносат еден дел од таквите трошоци. {6С 213.2}

Оние на кои вистината им е во срцето, секогаш се великодушни и помагаат таму каде што има потреба. Тие водат, а други се угледуваат на нивниот пример. Ако има некои кои треба да се испратат на школување, но немаат доволно средства да го платат целиот износ на школаринata, црквите нека ја покажат својата дарежливост со тоа што ќе им помогнат. {6С 213.3}

Освен тоа, во секоја Унија треба да се образува еден фонд од кој ќе се даваат заеми на достојни, но сиромашни студенти кои сакаат да се посветат на мисионерската работа, но во некои случаи треба да им се даваат дури и донации (стипендии). Кога беше отворен колеџот во Батл Крик, во уредништвото на „Преглед и Гласник“ беше образуван еден фонд за помагање на оние кои сакаа да се школуваат, но немаа средства. Нив ги користеа повеќе студенти, сè додека не беа во состојба сами да заработуваат. Тогаш тие би го вратиле долгот од својата заработувачка, така што и други можеа да го користат овој фонд. На младината треба да ѝ се објасни дека мора самата да се погрижи за себе колку што е тоа можно, а потоа делумно да помогне во плаќањето на нејзините издатоци. Она што малку чини, малку и се цени. Но она што чини речиси толку колку што му е вистинската вредност, така и ќе се цени. {6С 213.4}

Учење на потпирање на себе

Со поука и пример поучувајте ги другите на самооткажување, штедливост, широкоградност и потпирање на себе. Оние кои имаат правилен карактер ќе бидат во состојба да се борат со тешкотиите и да се управуваат по она: „така вели Господ". Луѓето не се подготвени да ги сфатат своите обврски кон Бога додека не научат во Христовото училиште да го носат Неговиот јарем на самоограничување и покорност. Пожртвуваноста е почеток на нашата работа на ширење на вистината и изградба на нашите установи. Таа е битен дел од образованието. Пожртвуваноста мора да ни премине во навика во изградување на нашиот карактер во овој живот, ако сакаме да имаме зграда која не е по дигната со раце, туку вечна зграда на небото. {6C 214.1}

Поради погрешните поими во поглед на употребата на парите, младината е изложена на многу опасности; затоа не треба да ѝ се даваат пари така како да постојат неисцрпни залихи на пари кои може да ги користи за да задоволи некои свои привидни потреби. Парите треба да се сметаат како дар кој Бог ни го доверил за да го вршиме Неговото дело и да го подигнеме Неговото царство. Младината треба да се поучува да ги ограничува своите желби. Поучувајте ги дека никој не смее да ги злоупотребува своите сили на себично насладување и угодување на самиот себеси. Оние кои Бог ги надарил со способности да стекнат пари, обврзани се, користејќи ја мудроста која небото им ја подарило, да ги употребат тие пари на слава на Неговото име. Секој денар потрошен на себично угодување на самиот себеси или даден на некои посебни пријатели кои ќе го потрошат на задоволување на својата суета и себичност значи закинување на Божјата ризница. Толку пари се трошат на облека поради украсување на надворешноста, додека со нив би можело да се унапреди Божјото дело во новите места. О, Бог нека им даде јасни поими на сите за тоа што значи да се биде христијанин! Тоа значи да се биде сличен на Христа, а Христос не живеел за да си угодува самиот на себеси. {6C 214.2}

Должност на нашите Унии

Нашите Унии очекуваат од училиштата образовани и добро под готвени работници и поради тоа треба да им пружат на училиштата искрена и разумна поддршка. Дадена ни е светлина дека оние кои служат во нашите училишта, кои поучуваат други на Божјата Реч, го објаснуваат Светото Писмо и образуваат ученици во Божјата работа, треба да се издржуваат со пари од десетокот. Ова упатство одамна е дадено и неодамна е повеќе пати повторено. {6C 215.1}

Насекаде каде се основани училишта треба да се постават мудри управители, „способни луѓе, богобојазливи и чесни луѓе, кои ја мразат алчноста", луѓе кои на разни должности кои ќе им се доверат, ќе постапуваат според своето најдобро знаење и способности. Исто така, тие треба да поседуваат и деловна способност, но од многу поголемо значење е да чекорат понизно со Бога и да ги води Светиот Дух. Таквите луѓе ќе бидат научени од Бога и тие ќе бараат совет од своите побожни браќа. {6C 215.2}

Управители во нашите училишта мораат да се раководат од чисти побуди. Во својата несебичност, тие ќе имаат на ум дека и во други де лови на големото поле за жнеење се

потребни исти олеснувања (згради, средства, опрема) како што се дадени на училиштата кои ним им се доверени. Во секое планирање, тие ќе имаат на ум дека мора да се сочува рамноправноста и единството. Тие грижливо ќе ги проценуваат издатоците за секој потфат и ќе се трудат да не трошат толку големи суми на пари и со тоа да ги лишуваат другите полиња на кои им се потребни средства. {6C 215.3}

Премногу често на проповедниците им се доверуваат должности кои тие не се способни да ги исполнуваат. Тие должности треба да се доверат на луѓе кои имаат деловни способности, кои можат да се посветат на работите, кои можат да ги посетуваат училиштата и да водат книговодство за финансиската состојба и кои можат да даваат упатства во поглед на сметководството. Работата на училиштата треба да се проверува неколку пати годишно. Проповедниците треба да бидат советодавци, но не треба да им се доверуваат финансиски должности. {6C 216.1}

Инспекција на книговодителите на генералната Конференција

Господ ми даде светлина дека разумните луѓе, луѓе кои имаат финансиски способности, треба да ги посетуваат нашите училишта во се која земја за да водат сметка за нивната финансиска состојба. Тоа прашање не треба да се препушти на проповедниците или на членовите на одборот кои немаат време да го преземат тој товар. На учителите не треба да им се доверуваат такви должности. За тие деловни прашања во врска со училиштата потребни се способности кои досега ги немало. {6C 216.2}

Ако водечките луѓе имаа јасно расудување во текот на изминатите години, никогаш не би постоеле неповолни финансиски прилики кои толку ја попречуваа Божјата работа во последните години. {6C 216.3}

Ако образовната работа се развиваше во склад со упатствата кои ни се дадени поради управување, мрачната сенка на големите долгови не би лебдела денес над нашите установи. {6C 216.4}

Црковни училишта

Истите начела кои, ако би биле прифатени, би донеле успех и благослов на нашите проповеднички училишта и колеџи, треба да управуваат и со нашите планови и работа во црковните училишта. Сите треба да учествуваат во подмирување на нивните издатоци. Црквата треба да внимава во училиште да одат сите на кои им е потребно воспитување. Сиромашните семејства треба да се помагаат. Ние не можеме да се наречеме вистински мисионери, ако ги запоставуваме оние кои се пред нашите врати, кои се наоѓаат во најкритичниот период и на кои им е потребна нашата помош за да стекнат знаење и искуство кои ќе ги оспособат за Божјата служба. {6C 216.5}

Господ сака да вложиме најсердни напори околу воспитувањето на своите деца. Учителите кои Бог секојдневно ги поучува, ќе напра ват вистинско мисионерско дело ако на многу души им ја донесат вистината онаква каква што е во Исуса, а децата кои се така образовани, ќе ја пренесат примената светлина и знаење и на другите. Зар членовите на

црквата ќе ги даваат своите пари за да се шири Христовото дело меѓу другите, а своите деца да ги оставиме да учествуваат во де лото и службата на сатаната? {6C 217.1}

Кога ќе се основаат црковните училишта, Божјиот народ ќе стекне едно корисно образование за себе, учејќи се така да управува со овие училишта што тие ќе постигнат и материјален успех. Ако тоа не може да се постигне, затворете ги училиштата сè додека, со Божја помош, не се пронајдат начини тие да се одржуваат без никаков долг. Луѓето кои имаат финансиски способности треба еднаш, двапати, па и три пати годишно да ги прегледаат сметките за да ја утврдат материјалната состојба на училиштето и да ги спречат огромните трошоци кои можат да доведат до натрупување на долговите, Треба да се чуваме од долговите како од чума. {6C 217.2}

Многу наши младинци кои посакуваат да стекнат образование, малку се грижат за тоа дали ќе западнат во долг. Тие сметаат дека студирањето на книгите е главен начин за образование. Не ја увидуваат вредноста на практичното деловно образование и се задоволуваат со тоа цела година да учат на сметка на други, не трудејќи се да заработат за своите трошоци на школување. Не се трудат да истражуваат од причините кон последиците. {6C 217.3}

Резултат на таквото постапување е често нерамномерно развивање на способностите. Студентот не ги увидува слабите страни на својот карактер, не ги забележува своите недостатоци. Потпирајќи се на други, тој го губи искуството во практичниот живот, кое тешко ќе може да го надополни. Не се учи да се потпира сам на себе. Не учи како да ја практикува својата вера. Вистинската вера ќе ја оспособи душата да се из дигне од својата несовршеност и неразвиеност и да сфати што е вистинска мудрост. Ако учениците рамномерно го развиваат својот ум, тело и дух, ќе бидат оспособени за учење и за борба со животната реалност. Но ако се поведуваат по своите погрешни поими за тоа што претставува образованието, нема да станат самостојни, сестрани мажи и жени. {6C 218.1}

„Блажен е човекот кој се здобил со мудрост, и човекот кој се здобива со разум; подобро е да ја добиеме неа, отколку да стекнеме сребро, и таа е поголема добивка од златото. Таа е поскапа и од скапоцените камења; и сè што ти е мило, не може да се спореди со неа. Во десницата нејзина е долговечноста, а во левицата ѝ е богатството и честа; од устата ѝ излегува правда, закон и милост на јазикот, патиштата нејзини се пријатни патишта и сите патеки нејзини се спокојни. Таа е дрво на животот за оние што ја придобиваат и блажени се оние кои ја запазуваат“ (Изреки 3:13-18). {6C 218.2}

Отсек Четири

ЗДРАВСТВЕНО-МИСИОНЕРСКА РАБОТА

„И секое живо суштество... каде што

ќе се вливаат реките, ќе биде живо”.
„Зашто водата од светилиштето
тече за нив”. (Езекиел 47:9)

БОЖЈА НАМЕРА ЗА НАШИТЕ САНАТОРИУМИ

Секоја установа која ја основаат адвентистите на седмиот ден треба да биде за светот она што бил Јосиф во Египет и што биле Даниел и неговите другари во Вавилон. Овие избраници по Божје провидение станале слуги, за да им ги однесат на незнабожечките нации благословите кое човештвото ги прима со познавање на Бога. Тие биле Божји претставници, кои никогаш не правеле компромис со идолопоклонството, туку како посебна чест им било да ја истакнуваат својата вера и своето име како обожаватели на живиот Бог. {6C 219.1}

Тие така и работеле. И во благосостојба и во несреќа тие му оддавале чест на Бога и Бог ним им оддавал чест. {6C 219.2}

Повикан од затворот, жртва на неблагодарноста и пакоста, Јосиф вистински ја докажал својата верност на небесниот Бог. Цел Египет се восхитувал на мудроста на човекот кој бил научен од Бога, па дури и фараонот. Фараонот „го постави за домаќин над домот свој и управи тел над сиот имот свој; за да ги поучува кнезовите според својата волја и старешините негови да ги учи на мудрост“ (Псалм 104:21,22). Преку Јосиф, Бог им се открил не само на Египќаните, туку и на сите народи кои биле во врска со ова моќно царство. Тој сакал да го направи носи тел на светлината на сите народи и го поставил до самиот престол на тогашното најголемо царство на светот, за да може небесната светлина да се протега близу и далеку. Со својата мудрост и праведност, чистота и добрина во својот секојдневен живот, со својата пожртвуваност за народот и тоа за народот на една идолопоклоничка нација Јосиф бил претставник на Христа. Во својот доброчинител, поради кој цел Египет чувствувал благодарност и почит, тој незнабожечки народ, а преку него и сите други народи кои биле во врска со него, ја согледале љубовта на Својот Творец и Откупител. {6C 219.3}

Така, и преку Даниел Бог ја поставил светлината покрај престолот на најголемото царство во светот, за секој кој сака да може да дознае за живиот и вистински Бог. На вавилонскиот дворец биле собрани претставници од сите земји, луѓе со исклучителни таленти, најбогато надарени со дарби, со најголема култура која тогашниот свет можел да ја даде. Но сепак, меѓу сите нив немало рамни на еврејските заробеници. По својата телесна сила и убавина, по умната бистрина и научните достигнувања и по духовната сила и способност за увид биле над сите. „И во сè, за што се бараше мудрост и разбирање, и за што и да ги прашаше царот, ги најде за десетпати подобри од сите гатачи и гледачи, колку што ги имаше во целото негово царство“ (Даниел 1:20). Покрај својата верност кон должностите кои му биле доверени на царскиот дворец, Даниел целосно ја сочувал својата верност кон Бога, така што Бог можел да го почести како Свој гласник на вавилонскиот монарх. Преку него се откриени тајните на иднината и самиот Навуходоносор бил принуден да признае дека Даниеловиот Бог е „Бог над боговите и господар над царевите, Оној кој ги објавува тајните“ (Даниел 2:47). {6C 220.1}

Така, и установите кои ги основа Божјиот народ денес треба да го слават Неговото име. Единствен начин на кој можеме верно да ги исполниме Неговите очекувања е да бидеме

претставници на вистината за ова време. Бог треба да се признае во установите кои ги основаат адвентистите на седмиот ден. Преку нив треба на светот убедливо да му се прикаже сегашната вистина. {6C 220.2}

Ние сме повикани да го претставуваме Божјиот карактер во светот, онака како што му бил откриен на Мојсеј. Одговарајќи на Мојсеевата молитва: „Покажи ми ја Својата слава," Господ ветил: „Ќе ја покажам пред тебе сета Моја слава". „Потоа Господ помина покрај лицето на Мојсеј и извика: „Господ, Господ, Бог милостив и добар, долготрпелив, полн со милост и вистина; кој ја чува милоста за илјадници, кој проштава беззаконија, престапи и гревови" (Излез 33:18,19; 34:6, 7). Тоа е плодот кој Бог сака Неговиот народ да го донесува. Со чистотата на својот карактер, со светоста на својот живот, со своето милосрдие, љубезност и сочувство, Божјиот народ треба да покаже дека „Божјиот за кон е совршен, ја преобратува душата" (Псалм 19:7). {6C 221.1}

Целта која Бог ја наменил на Своите установи денес може да се за бележи и во целта која сакал да ја оствари преку еврејскиот народ. Не гова намера била преку Израел да ги надари со богати благослови сите народи. Преку Израел требало да биде подготвен патот за ширење на светлината на целиот свет. Придржувајќи се до расипаните обичаи, народите на светот го изгубиле знаењето за Бога. Сепак, Бог во Својата милост не ги уништил веќе да не постојат. Сакал преку Својата црква да им пружи прилика да го запознаат. Тој одредил начелата кои се откриваат преку Неговиот народ да бидат средство за повторно воспоставување на моралниот Божји лик во човекот. {6C 221.2}

Христос бил нивен Учител. Како што бил со нив во пустината, така и по населувањето во ветената земја сè уште бил нивен Водач и Учител. Во скинијата и храмот, Неговата слава лебдела во свет облак над престолот на милоста над ковчегот. Тој кон нив постојано покажувал богатство на Својата љубов и трпение. {6C 221.3}

Бог сакал Својот израелски народ да го направи достоен за слава и пофалба. Нему му биле дадени сите духовни предности. Бог не им скратил ништо што би можело да биде од корист за изградување на карактерот со кој би го претставувале Него. {6C 221.4}

Нивната послушност на Божјите закони би ги направиле чудо на на предокот пред сите народи на светот. Оној кој можел да им подари мудрост и вештина во сите работи и понатаму би бил нивен Учител и би ги облагородил и издигнал преку потчинување на Неговите закони. Ако биле послушни, би биле сочувани од болестите кои ги унесреќувале другите народи и би биле благословени со сила и енергија на умот. Божјата слава, Неговото величество и моќ би се манифестирале во нивниот напредок. Тие би биле царство на свештеници и кнезови. Бог ги надарил со сите можности да станат најголема нација на светот. {6C 222.1}

Преку Мојсеј, Бог на одреден начин им ги открил Своите намери и јасно им ги изложил условите на нивниот напредок. „Ти си свет народ на Господ, твојот Бог рекол Тој тебе те избра Господ, твојот Бог, за да бидеш Негов сопствен народ меѓу сите народи, што се на земјата… И така, знај дека Господ, твојот Бог, е Бог верен, Кој Го пази Својот за вет и има милост кон оние што го сакаат и ги извршуваат заповедите Негови… и ако ги слушате сите овие закони и ги пазите и ги исполнувате, Господ, твојот Бог, ќе Го пази заветот и милоста кон тебе, како што им се заколна Тој на вашите предци; ќе те засака, ќе те благослови, ќе те намножи… благословен ќе бидеш повеќе од сите народи" (Второзаконие 7:6-14). {6C 222.2}

„Денес си Му ветил на Господ, дека ќе биде твој Бог, дека ќе одиш по Неговите патишта и ќе ги почитуваш наредбите Негови и ќе го слушаш гласот Негов. И Господ ве избра денес вие да Му бидете Негов избран народ, како што ти рече ако ги почитувате сите заповеди Негови, и дека Тој ќе те постави погоре од сите народи што Ги создал: прочуен, фален, славен и дека вие ќе Му бидете свет народ на Господ, вашиот Бог, како што беше ветил“ (Второзаконие 26:17-19). {6C 222.3}

Во тие зборови се изложени условите за секој вистински напредок, услови кои мораат да ги исполнат сите наши установи за да одговорат на намената на своето основање. {6C 223.1}

Пред многу години Господ ми даде посебна светлина во поглед на основање на здравствени установи во кои болните ќе бидат лекувани на начин кој се разликува од начинот на лекување во сите други уста нови на овој свет. Таа установа, како Господово орудие, би требало да биде основана и со неа да се управува според библиските начела, за да може во Неговите раце да биде моќно средство за ширење на светлината на овој свет. Божја намера била таа установа да стои пред светот со научна способност, со морална и духовна сила и да биде верен стражар на реформата во секој поглед. Сите кои би соработувале во неа треба да бидат реформатори кои ги уважуваат нејзините начела и ја прифаќаат светлината на здравствената реформа, која светли на нас како народ. {6C 223.2}

Божја намера била установата која Тој ќе ја основа да биде факел на светлината, опомената и укорот. Тој сака да Му покаже на светот дека една установа, заснована на верските начела, како засолниште за болните, може да работи, а да не го жртвува својот посебен свет карактер; дека може да биде без оние особини на кои им се замерува во другите здравствени установи. Таа треба да биде орудие за спроведување на големи реформи. {6C 223.3}

Господ открил дека успехот на санаториумот не смее да зависи од знаењето и вештините на неговите лекари, туку од Божјата благонаклонетост. Санаториумот мора да биде установа во која Бог е признат како Владетел на вселената, установа која е под Негов посебен над зор. На неговите управители, Бог треба да им биде прв и последен и најдобар во сè. Во тоа мора да лежи силата на установата. Санаториумот ќе има многу успех ако со него се управува на начин кој Бог го одобрува и ќе избие на чело на сите останати установи од тој вид во светот. Дадени ни се голема светлина, големо знаење и големи предности. Во склад со примената светлина ќе биде одговорноста на оние на кои им е доверен напредокот на установата. {6C 223.4}

Иако нашето дело се прошири, а нашите установи станале многубројни, Божјата цел во поглед на нивното основање останала иста. Условите за напредок останале неизменети. {6C 224.1}

Човечкото семејство поднесува страдања поради престапот на Божјите закони. Господ сака на луѓето да им се изложат причините за нивното страдање и единствениот пат по кој ќе најдат олеснување. Тој сака луѓето да увидат дека нивната телесна, умна и морална добро бит зависи од потчинувањето на Неговиот закон. Негова намера е нашите установи да бидат очевидна настава која ги покажува резултатите на потчинување на правилните начела. {6C 224.2}

Во подготовка на народот за второто доаѓање на Господа, големото дело треба да се изврши по пат на објавување на здравствените на чела. Народот треба да се поучува во

поглед на потребите на човечкиот организам и во поглед на вредноста на здравиот начин на живот на кој нè поучува Светото Писмо, за да може телата кои Бог ги создал да бидат предадени како жива жртва, погодна да Му возврати на Бога со угодна служба. Големата работа треба да се изврши за настраданото човештво во ублажување на неговите страдања со употреба на природни средства кои Бог ги создал и учејќи го народот како се спречува болеста по пат на совладување на апетитот и страста. Народот треба да се поучи дека престапот на природните закони значи престап на Божјиот закон. Тие треба да бидат поучувани на вистината во телесниот како и во духовниот аспект дека „стравот Господов води кон живот“ (Изреки 19:23). „Ако сакаш да влезеш во живот,“ вели Христос – „држи ги Моите заповеди“ (Матеј 19:17). „Чувај ги Моите заповеди... како зеницата во своето око“ (Изреки 7:2). Покорувањето на Божјите заповеди е „живот за оние кои ги наоѓаат и здравје за цело нивно тело“ (Изреки 4:22). {6C 224.3}

Нашите санаториуми треба да бидат воспитна сила за поучување на народот во таа смисла. Оние кои се поучени, можат од своја страна да им го пренесат на други знаењето за начелата за обновување и чување на здравјето. Така, нашите санаториуми треба да бидат средство за допирање на народот, орудие за укажување на злото кое произлегува од запоставување на законот на животот и здравјето и средство за поучување на народот како да го сочува телото во најдобра состојба. Санаториуми треба да се основаат во разни земји во кои продреле нашите мисионери; тие треба да бидат центри на работа за исцелување, обновување и образование на народот. {6C 225.1}

Ние мораме истовремено да се залагаме за телесното здравје и за спасување на душите. Нашата мисија е иста онаква каква што била мисијата на нашиот Учител за кого е напишано дека одеше вршејќи добри дела и исцелувајќи ги сите што беше ги нападнал ѓаволот, за што Бог беше со Него (Дела 10:38). Тој кажува за Своето дело: „Господовиот Дух е врз Мене, зашто Господ Ме помаза за да им соопштам радосна вест на сиромашните”. „Ме прати да ги исцелам оние со скрушено срце, да им проповедам на заробените ослободување и на слепите прогледување, да ги пуштам на слобода напатените“ (Исаија 61:1; Лука 4:18). Ако се угледаме на примерот на Христовата работа за добро на другите, ќе го пробудиме нивниот интерес за Бога, кого го љубиме и кому Му служиме. {6C 225.2}

Нашите санаториуми во сите свои гранки треба да бидат Божји споменици, Негово орудие за сеење на семето на вистината во човечките срца. Тие тоа и ќе бидат ако со нив правилно се управува. {6C 225.3}

Живата Божја вистина треба да се објавува во нашите здравствени установи. Многу лица кои доаѓаат во тие установи се гладни и жедни за вистината и со задоволство ќе ја прифатат ако таа им се изложи како што треба. Нашите санаториуми биле средство за воздигање на сегашната вистина и објавување на истата на илјадници души. Верското влијание кое преовладува во тие установи им влева доверба на посетителите. Уверувањето дека тука управува Господ и молитвите кои се упатуваат за болните, оставаат впечаток на нивните срца. Божјиот Дух ги осведочува за вредноста на душите на многумина кои никогаш порано не размислувале за тоа и не е мал бројот на оние кои се наведени да го изменат целиот свој начин на нивниот живот. Многумина кои биле задоволни со себе, кои сметале дека нивното мерило на карактерот е доволно и кои не чувствувале никаква потреба за Христовата праведност стекнале впечатоци кои никогаш нема да се из бришат.

Кога ќе наидат идните испити, кога просветлувањето ќе дојде до нив, многумина меѓу нив ќе преминат на страна на остатокот од Божјиот народ. {6C 226.1}

Со таков начин на управување со установите, Бог се прославува. Во Своето милосрдие, Тој ги направил санаториумите таква сила во олеснувањето на телесните страдања, така што илјадници луѓе се при влечени да доаѓаат во нив поради исцелување од своите болести. Кај многумина телесното оздравување било проследено и со исцелување на душата. Тие примаат од Спасителот простување за своите гревови. Примајќи ја Христовата благодат, тие стануваат едно со Него, со Неговите интереси и со Неговата слава. Многумина излегле од нашите санаториуми со ново срце. Промената е длабока. Враќајќи се во своите домови, тие станале светлина на светот. Господ ги направил Свои сведоци. Нивното сведоштво е: „Дојдете и чујте сите кои се боите од Бога и ќе ви раскажам сè што направи Тој за душата моја“ (Псалм 66:16). {6C 226.2}

Така, благодарение на Божјата заштитничка рака која бдеела над нив, нашите санаториуми биле орудие со кое се направени многу добра. Тие сè повеќе ќе се воздигнуваат. Бог ќе работи со народот кој ќе Му оддава чест. {6C 227.1}

Чудесно е делото кое Бог сака да го изврши преку Своите слуги, за да се прослави Неговото име. Бог го направил Јосиф извор на живот за египетскиот народ. Преку него е сочуван животот на целокупниот народ. Преку Даниел Бог ги спасил животите на сите вавилонски мудреци. Овие спасенија биле очевидни поуки тие им ги покажувале на народите од Египет и Вавилон духовните благодати кои им биле понудени со запознавање на Бога на кој Му служеле Јосиф и Даниел. Така и денес Божја намера е преку Својот народ да донесе благослов на овој свет. Секој работник во чие срце живее Христос, секој кој сака да му ја покаже на светот Неговата љубов, соработува со Бога на благослов на човештвото. Тој прима благодат од Спасителот, благодат која треба ја предаде на другите и од целото негово битие струи духовен живот. Христос дошол како голем Лекар за да ги залечи раните кои гревот ги нанел на човечкото семејство и Неговиот Дух работи преку Неговите слуги, давајќи им на заболените од грев, на настраданите човечки суштества една моќна исцелувачка сила која го лекува телото и душата. „Во тој ден“ кажува Библијата, „ќе се отвори извор за домот Давидов и за жителите ерусалимски, за да се измијат од гревовите нивни и од нечистотијата“ (Захарија 13:1). Водата на тој извор содржи такви лековити својства кои можат да исцелат и од телесни и од духовни слабости. {6C 227.2}

Од тој извор тече силна река која пророкот Езекиел ја видел во својата визија. „Оваа вода тече кон источниот дел на земјата, се спушта во полето и потоа се влева во морето, и водите на реката ќе бидат здрави. И секое живо суштество што се движи таму, ќе биде здраво… По бреговите на реката од едната и од другата страна ќе растат секакви дрвја, што ќе даваат храна; лисјата нивни нема да свенуваат и плодовите нивни нема да завршуваат, секој месец ќе зреат нови, зашто водата од светилиштето тече за нив; плодовите нивни ќе служат како храна, а лисјата нивни како лек“ (Езекиел 47:8-12). {6C 227.3}

Таква река на животот и здравјето Бог сака да бидат и нашите санаториуми со Негова сила, која треба да работи преку нив. {6C 228.1}

Нашите санаториуми треба да му ја покажат на светот добродетелноста на небото. Иако во зградата не се забележува Христовото присуство, работниците треба да се повикуваат на ветувањето: „Еве, Јас сум со вас во сите дни до свршетокот на светот”. {6C 228.2}

Ветувањата кои Бог Му ги дал на Израел се однесуваат и на уста новите кои денес го слават Неговото име: „Вака вели Господ, Кој ја со здаде земјата, Кој ја уреди и зацврсти, Кому името Му е Јахве: 'Пови кај кон Мене и Јас ќе ти одговорам, ќе ти покажам нешто големо и не достапно, нешто што не го знаеш. Зашто така вели Господ, Бог Израелев, за куќите на овој град… Еве, Јас ќе ги излекувам, ќе ги исцелам и ќе им откријам изобилие и вистински мир… Ќе ги очистам од секое нивно беззаконие… И Ерусалим ќе биде за мене радосно име, пофалба и чест, пред сите земни народи, што ќе чујат за сите добра". „Во тие дни Јуда ќе биде спасен и ќе му стават име: 'Господ, наша праведност'" (Еремија 33:29,16). {6C 228.3}

ЛЕКАРСКАТА РАБОТА ЗА ДУШИТЕ

Секој здравствен работник може со вера во Исуса да има лек од најголема вредност лек за душата заболена од гревот. Лекарот кој се обратил и ѝ се посветил на вистината, запишан е на небото како Божји соработник, како следбеник на Исуса Христа. Со посветување преку вистината, Бог им дава на лекарите и медицинските браќа и сестри мудрост и вештина за лекување на заболените, и оваа работа ја отвора цврсто затворената врата на многу срца. На тој начин луѓето се наведуваат да ја сфатат вистината која е неопходна за спасување на душата како и на телото. {6C 229.1}

Тоа дава обележје на делото за ова време. Здравствено мисионер ската работа е десна рака на веста на Третиот ангел, вест која мора да се објави на паднатиот свет. Лекарите, управителите и сите работници кои работат на било која линија, вршејќи ја верно својата задача, го вршат делото на оваа вест. Така гласот на вистината ќе допре до сите племиња, јазици, колена и народи. Во ова дело учествуваат и не бесните ангели. Тие будат духовна радост и песна во срцата на оние кои се ослободени од страдањата и благодарност на Бога се издига од усните на многумина кои ја примиле драгоцената вистина. {6C 229.2}

Секој лекар во нашите редови треба да биде христијанин. Само оние лекари кои се вистински христијани според Библијата, можат правилно да ги исполнуваат возвишените должности на својот повик. {6C 229.3}

Лекарот кој ја сфаќа одговорноста и тежината на својот повик ќе чувствува дека му е потребно Христовото присуство во неговата работа за оние за кои Христос поднел толкава жртва. Тој сè друго ќе пот чини на оние повисоки интереси на спасување на животот на едно човечко суштество кое може да стекне вечен живот. Тој ќе прави сè што е во негова моќ за да ги спаси и телото и душата. Ќе настојува да го прави токму она што би го направил Христос кога би се наоѓал на негово место. Лекарот кој го љуби Христа и душите за кои Христос умрел, сесрдно ќе се труди да внесе во болничката соба лист од дрвото на животот. Ќе се труди на страдалникот да му крши од лебот на животот. Тоа е света и возвишена должност на лекарскиот повик, без оглед на тешкотиите и пречките на кои притоа ќе наиде. {6C 229.4}

Вистинско мисионерско дело е она со кое најдобро се прикажува делото на Спасителот. Мораме ревносно да го следиме Неговиот на чин на работа и да поттикнуваме оддавање на слава на Неговото име. Мисионерското дело кое не ги исполнува овие услови

се бележи на небото како погрешно. Тоа е измерено на мерилата на светилиштето и е пронајдено лесно. {6C 230.1}

Лекарите треба да настојуваат да ги насочат мислите на своите пациенти на Христа Лекарот на телото и душата. Христос ќе го оствари она што лекарите можат само да се обидат да го направат. Човечкото орудие се бори да го продолжи животот. Христос е самиот живот. Оној кој поминал низ смртта за да го уништи оној кој има сила на смртта е Извор на секој живот. Постои мелем и Лекар во Галад. Христос претрпел страшна смрт под околности на најголемо понижување, за да можеме ние да имаме живот. Тој го дал Својот драгоцен живот за да ја порази смртта. Но Тој воскреснал од гробот и безброј ангели кои дошле да видат како го зема животот кој го положил, ги слушнале Неговите зборови на триумф и радост, кога стоејќи над Јосифовата изнајмена гробница, изјавил: „Јас Сум воскресение и живот". {6C 230.2}

Со тоа е одговорено на прашањето: „Дали ќе оживее оној што ќе умре?" Примајќи ја на себе казната на гревот, симнувајќи се во гроб, Христос го расветлил гробот на сите кои умираат со вера. Бог во човечки облик, преку евангелието ги изнел на светлина животот и бесмртноста. Умирајќи, Христос им обезбедил вечен живот на сите кои ќе поверуваат во Него. Умирајќи, Тој го осудил зачетникот на гревот и не верноста на казна за гревот на вечна смрт. {6C 230.3}

Сопственикот и дародавецот на вечниот живот Христос бил единствен кој можел да ја победи смртта. Тој е наш Откупител и Тој го благословува секој лекар кој во вистинска смисла на зборот е мисионер, спасител на душите за кои Христос умрел. Таквиот лекар секој ден учи од Големиот Лекар како треба да бдее и да работи на спасување на душите и телата на мажите и жените. Спасителот е присутен во болничката соба и во операционата сала и Неговата сила ќе на прави големи дела во слава на Неговото име. {6C 231.1}

Лекарот може да направи благородно дело ако е поврзан со Големиот Лекар. Тој ќе најде прилики да упати зборови на живот на соработниците на болниот, чии срца се полни со љубов кон страдалникот. Тој може да го смири и издигне духот на болниот, наведувајќи го да гледа во Оној кој може да ги спаси во целост сите кои доаѓаат кај Него поради спасение. {6C 231.2}

Кога Божјиот Дух делува на умот на потиштениот, наведувајќи го да се заинтересира за вистината, лекарот треба да работи за драгоцената душа како што работел Христос. Не изнесувајте некои посебни теории, туку укажете му на Исуса како на Спасител Кој ги простува гревовите. Божјите ангели ќе го втиснат тоа во неговиот ум. Некои ќе ја одбијат светлината со која Бог би сакал да ги расветли просториите на умот и храмот на душата, но многумина ќе ја примат светлината и од нивните души ќе исчезнат заблудите и измамите во нивните разни облици. {6C 231.3}

Треба грижливо да се искористи секоја можност да се работи како што работел Христос. Лекарот треба да зборува за исцелувањата кои Исус ги извршил, за Неговата нежност и љубов. Тој треба да верува дека Исус е Негов помошник, дека се наоѓа покрај Него. „Зашто ние сме Божји соработници" (1. Коринтјаните 3:9.). Лекарот никогаш не смее да пропушти мислите на своите пациенти да ги насочи кон Христа, Главниот Лекар. Ако Спасителот живее во неговото срце, неговите мисли секогаш ќе бидат насочени кон Исцелителот на телото и душата. Тој ќе им укажува на болните на Оној кој може да го поврати здравјето, кој кога бил на земјата го враќал здравјето на болните, Кој ги лекувал и

телото и душата, зборувајќи: „Синко, твоите гревови ти се простуваат“ (Марко 2:5). {6C 231.4}

Иако се навикнал на страдањата, лекарот никогаш не треба да биде невнимателен и без сожалување. Во случаите на тешки заболувања, пациентот чувствува дека неговиот живот зависи од милоста на лекарот. Тој гледа на лекарот како на своја единствена земна надеж, па за тоа лекарот треба на оваа растреперена душа да ѝ укажува на Оној кој е поголем од него, на Божјиот Син, Кој го дал Својот живот за да го спаси од смртта, Кој е чувствителен кон напатените и чија божествена сила ќе им подари мудрост и вештина на сите кои ќе Му се обратат. {6C 232.1}

Кога пациентот не знае каков ќе биде исходот на неговата болест, тогаш е време лекарот да влијае на неговиот дух. Тој не треба да го направи тоа во желба да се истакне себеси, туку да ѝ укаже на душата на Христа како на личен Спасител. Ако животот е поштеден, тогаш лекарот треба да стражари над таа душа. Пациентот чувствува дека лекарот е вистински живот на неговиот живот. Како треба да се искористи оваа голема доверба? Секогаш за да се придобие душата за Христа и да се слави Божјата сила. {6C 232.2}

Кога ќе помине кризата и кога успехот е очевиден, треба со болниот да се поминат неколку моменти во молитва, без разлика дали болниот е верник или неверник. Изразете благодарност за животот кој е поштеден. Лекарот кој така постапува, го приведува својот пациент кон Оној од кого зависи неговиот живот. Болниот може да изрази благодарност на лекарот, зашто преку Бога го поврзал својот живот со неговиот. Меѓутоа, благодарност и слава треба да Му се оддава на Бога, Кој е присутен, иако невидлив. {6C 232.3}

Оној кој се наоѓа на болничка постела често го прифаќа и го признава Христа; и тоа во иднина почесто ќе се случува отколку што се случувало досега, зашто Господ брзо ќе изврши едно дело во овој свет. Од усните на лекарот треба да доаѓаат зборови на мудрост, а Христос ќе го залева посеаното семе и ќе направи да роди плод за вечен живот. {6C 233.1}

Ние ги пропуштаме најдрагоцените прилики кога занемаруваме да изговориме некој благонавремен збор. Премногу често се остава не искористен талентот кој би можел да донесе огромна добивка. Ако будно не внимаваме да ја искористиме секоја поволна прилика, таа ќе замине. Лекарот не треба да дозволи било што да го спречи во вршењето на делото кое му е дадено во должност како проповедник на праведноста. {6C 233.2}

Нема многу побожни лекари кои служат за Бога во својата професија. Треба да се изврши големо дело и проповедниците и лекарите треба да соработуваат во совесно единство. Лука, писателот на евангелието кое го носи неговото име, наречен е „возљубениот лекар“ и оние кои вршат слично дело живеат во склад со евангелието. {6C 233.3}

На лекарот му се пружаат безброј прилики да го предупреди нетрпеливиот, да го охрабри неутешниот и безнадежниот и да препише лек за оздравување на духот и телото. Поучувајќи го така народот на начелата на вистинска умереност и давајќи им, како чувар на душите, со вети на оние кои заболеле духовно и телесно, лекарот ја врши својата должност во големото дело на подготвување на народот за Господа. Тоа е задача на здравствено мисионерската работа во нејзината поврзаност со веста на Третиот ангел. {6C 233.4}

Проповедниците и лекарите треба ревносно и складно да соработуваат на спасението на душите кои се заплеткале во сатанските стапици. Тие треба да им укажуваат на луѓето и на жените на Исуса, Кој е нивна сила, праведност, исцелување и моќ. Тие треба постојано

да стражарат над душите. Има поединци кои се борат со силни искушенија, кои се наоѓаат во опасност да бидат совладани во борбата со сатанската сила. Ќе поминете ли покрај овие страдалници, не пружајќи им помош? Кога ќе наидете на душа на која ѝ е потребна помош, стапете во разговор со неа, иако не ја познавате. Молете се со неа. Укажете ѝ на Исуса. {6C 233.5}

Ова дело спаѓа во должност на лекарот исто толку колку и во должност на проповедникот. И во својата јавна и приватна работа, лекарот треба да се труди во придобивање на души за Христа. {6C 234.1}

Во сите наши потфати и во сите наши установи, Бог треба да биде признат како Главен Работник. Лекарите треба да бидат Негови претставници. Лекарското здружение спровело многу реформи и сè уште треба да напредува. Оние кои ги држат животите на човечките суштества во свои раце, мораат да се образуваат, облагородат и посветат. Тогаш Господ ќе делува преку нив со моќна сила во слава на Своето име. {6C 234.2}

Христовото дело за фатениот човек ни го покажува начинот на кој треба да работиме. Тој човек слушнал од своите пријатели за Исуса и барал да биде доведен во присуство на моќниот Исцелител. Спасителот знаел дека фатениот човек го мачело тврдењето на свештениците дека Бог го отфрлил поради неговите гревови. Поради тоа, пред сè Му пружил душевен мир. „Синко,“ рекол Тој – „твоите гревови ти се простуваат”. Тоа цврсто ветување го исполнило неговото срце со мир и радост. Меѓутоа, некои од оние што биле присутни, почнале да мрморат, зборувајќи во срцата: „Кој може да ги простува гревовите освен единствениот Бог?“ Потоа, за да знаат дека Синот Човечки има власт да простува гревови, Христос Му рекол на болниот: „Стани, земи ја својата постела и оди во својот дом“. Тоа ни покажува како Спасителот го ускладил делото на проповедање со делото на исцелување на болниот. {6C 234.3}

ЕДИНСТВО ВО НАШЕТО ДЕЛО

Како што здравствено-мисионерската работа се проширува, така ќе постои искушение таа работа да се одвива независно од нашите Унии. Меѓутоа, мене ми е покажано дека тој план не е правилен. Разни гранки на нашата дејност се делови на една голема целина. Сите тие имаат еден центар. {6C 235.1}

Во Колосјаните читаме: „Телото е Христос. Никој да не ве лаже со смиреномудрост и служење на ангелите, впуштајќи се во она што не го видел, гордеејќи се залудо со својот телесен ум, и не се придружи кон Главата, од Која целото тело, поддржано преку зглобови и коски, расте со растење според Бога“ (Колосјаните 2:18,19). Нашето дело во сите свои гранки треба да го покажува влијанието на крстот. Божјото дело во планот на спасението не смее да се врши на несоодветен на чин. Тоа не може да се одвива непланski. Планот кој предвидува влијание на крстот, исто така предвидува и начин за ширење на тоа влијание. Тој начин е едноставен во своите начела и детален во своите јасни, одредени линии. Деловите се меѓусебно поврзани во совршен ред и однос. {6C 235.2}

Бог го здружил Својот народ во црквата, за да ја открие светата мудрост на Оној кој ја создал таа организација. Тој знаел какви планови да предвиди за да може Неговиот народ

успешно да делува. Спроведувањето на тој план ќе му овозможи на народот да сведочи за божественото потекло на големиот Божји план за обновување на светот. {6C 235.3}

Бог треба да ги води и да управува со оние кои учествуваат во Неговото дело. Сите човечки амбиции треба да се изгубат во Христа, Кој е Глава на сите установи кои Бог ги основал. Тој знае како да ги стави во движење и како да ја одржува работата во Своите установи. Тој знае дека крстот мора да зазема централно место, зашто Тој е средство за човечкото откупување и зашто врши влијание во сите делови на божественото управување. Господ Исус, Кој постои низ целата историја на овој свет, познава методи со кои треба да се воспостави власт над човечкиот ум. Тој го познава значењето на секое човечко орудие и знае како разните орудија треба да бидат меѓусебно поврзани. {6C 235.4}

„Ниту еден од вас не живее за себе“ (Римјаните 14:7). Тоа е Божји закон и на небото и на земјата. Бог е големиот центар. Од него произлегува сиот живот. Нему Му припаѓа сета служба, чест и верност. За сите суштества постои едно големо начело на животот: зависност од Бога и соработка со Него. Односите кои владеат во целото Божје семејство на небото, требало да владеат и во Божјото семејство на земјата. Потчинет на Бога, Адам бил глава на земното семејство и тој требало во него да ги спроведува начелата на небесното семејство. Тоа би донело мир и среќа. Но сатаната се побунил против законот дека никој „не живее за себе”. Тој сакал да живее за себе. Сакал се беси да се направи центар на влијание. Така започнал бунтот на небото, додека човекот, прифаќајќи го ова начело, донел грев на земјата. Грешејќи, Адам се одвоил од центарот кој го одредил небото. Демонот станал централна сила на светот. Таму каде што требало да биде Божјиот престол, сатаната го поставил својот престол. Светот ја поднел својата покорност на непријателот како доброволна жртва. {6C 236.1}

Кој можел да ги издигне начелата кои Бог ги одредил во Своето управување за да ги осуети сатанските планови и да го поврати светот во неговата верност кон Господа? Бог рекол: Јас ќе ви го пратам Својот Син. „Зашто Бог толку го возљуби светот, та ниту еден кој верува да не загине, туку да има живот вечен”. (Јован 3:16). Тоа е лек против гревот. Христос вели: „Мојот крст ќе стои таму каде што сатаната го поставил својот престол. Сатаната ќе биде избркан, а Јас ќе се воздигнам и ќе ги привлечам сите луѓе кај Себе. Ќе станам центар на откупениот свет. Господ Бог ќе биде возвишен. Оние со кои сега владеат човечки страсти и човечко славољубие, ќе станат работници за Мене. Злите сили склопија завера за да се спротивстават на сè што е добро. Тие се здружија за да ги наведат луѓето на заклучок дека е праведно спротивставувањето на Божјиот закон. Но мојата војска ќе се спротивстави на силите на сатаната. Мојот Дух ќе се обедини со сите небесни сили за да се спротивстави на сатаната. Ќе го вработам секое посветено човечко битие на светот. Ниту еден од Моите помошници не смее да остане настрана. Имам задача за сите кои Ме љубат, вработување за секоја душа која сака да работи по Мои упатства. Активноста на сатанската војска, опасноста која се заканува на секоја човечка душа, повикува за силите на секој работник. Но ништо не смее да се постигнува со принудување. Човечката изопаченост треба да се отстранува со Божја љубов и трпение. Мое дело ќе биде да ги спасам сите оние кои се во власта на сатаната”. {6C 236.2}

Бог работи преку Христа за повторно да го доведе човекот во прво битниот однос кон Неговиот Творец и да го поправи сето она што сатаната го расипал. Само Христос останал неосквернет во еден свет на себичност, во кој луѓето сакале да го уништат својот пријател

или брат за да го остварат планот кој им го наметнал сатаната. Христос дошол на овој наш свет, облекувајќи го Своето божество во човечка природа, за да може со човечката природа да дојде во допир со човештвото, а со божествената да го допре божеството. Сред врева на себичноста, Тој можел да им каже на луѓето: Вратете се на својот центар на Бога. Тој му овозможил на човекот да го направи ова со тоа што во овој свет ги спроведувал според начелата на небото. Во Својата човечка при рода, Тој живеел според Божјиот закон. Тој ќе даде најодбрани небесни дарови на луѓето од сите народи, сите земји и сите поднебја ако го при мат Бога како свој Творец и Христа како свој Откупител. {6C 237.1}

Само Христос може да го направи тоа. Неговото евангелие, во срцата и рацете на Неговите следбеници е сила која ќе го оствари тоа големо дело. „О, длабочино на богатството, премудроста и разумот Божји!“ Бидејќи и самиот бил изложен на сатанското лажно претставување, Христос овозможил да се исполни ова дело на откупување. Така сатаната се открил како причина за нелојалност во Божјата вселена, со што за вечни времиња е решена големата борба помеѓу Христа и сатаната. {6C 238.1}

Сатаната ги поттикнува разрушувачките склоности на човечката природа. Тој внесува завист, љубомора, себичност, алчност, ривалство и меѓусебна борба за највисоко место. Силите на злото ја играат својата улога со помош на сатанските планови. Така, непријателските планови со нивната разрушувачка цел се уфрлени во црквата. Христос дошол со Своето откупувачко влијание, со намера преку Својот Дух да им ја пружи на луѓето Неговата делотворност и да ги употреби како Свое орудие, како Свои соработници во настојувањето да го поврати светот назад кон својата верност. {6C 238.2}

Луѓето, со својата меѓусебна зависност еден од друг, се поврзани во заедница. Со златни алки на синџирот на љубов тие треба цврсто да се поврзат за Божјиот престол. Тоа може да се оствари единствено на тој начин што Христос на ограниченият човек ќе Му ги подари оние особини кои би ги поседувал човекот ако останал верен на Бога. {6C 238.3}

Оние кои, преку правилно сфаќање на Светото Писмо, ќе го согледаат крстот во правилна светлина и кои вистински веруваат во Исуса тие имаат сигурни темели на својата вера. Тие ја имаат онаа вера која работи преку љубовта и ја чисти душата од секое наследено и стекнато несовршенство. {6C 238.4}

Бог ги обединил верниците во црквата за да се храбрат еден со друг и да се поттикнуваат во добри и праведни дела. Црквата на земјата на вистина би била симбол на црквата на небото кога нејзините членови би биле еднодушни и единствени во верата. Божјите планови ги поп речуваат оние на кои не влијае Светиот Дух. Во нив го заземал местото друг дух и тие придонесуваат за јакнење на силите на темнината. Оние кои се посветени со драгоцената Христова крв нема да станат средство за попречување на големиот план кој го создал Бог. Тие нема да ја внесуваат човечката изопаченост ниту во големите, ниту во малите работи. Тие нема да направат ништо што постојано би го продолжувал раздорот во црквата. {6C 238.5}

Вистина е дека меѓу пченицата постои и какол. Во црквата на оние кои ја празнуваат саботата се забележува зло. Меѓутоа, треба ли поради тоа да ја омаловажуваме црквата? Зар управителите на сите установи и водачите на секоја црква не треба да се фатат за работа, спроведувајќи чистење на таков начин што црквата ќе се преобрази и ќе стане блескава светлина која светли во темно место? {6C 239.1}

Што сѐ може да оствари еден верник во спроведување на чистите, небесни начела, ако одлучно се спротивстави на расипаноста, придржувајќи се цврсто како карпа, и каже: „Така вели Господ!“ Божјите ангели ќе им дојдат на помош, подготвувајќи го патот пред нив. {6C 239.2}

Павле им пишувал на Римјаните: „Браќа, во името на Божјото милосрдие ве молам подајте ги телата ваши во жртва жива, света и благоугодна на Бога, како ваша духовна богослужба. Не сообразувајте се со овој век, туку преобразете се со возобновување на вашиот ум за да можете да испитувате и осознавате што е волјата Божја: што е добро, благоугодно и совршено“ (Римјаните 12:1,2). Ги преколнувам сите кои тврдат дека се членови на Христовата црква да го проучат целото ова поглавје кое претставува значајна поука. Потоа Павле пишува: „Ако првиот дел од тестото е свет, тогаш свето е и целото тесто: и ако е коренот свет, свети се и гранките. Ако пак, некои од гранките се скршени, а ти, кој си дива маслинка, си бил прикалемен на нивното место и си станал заедно со нив соучесник во сочниот корен на маслинката, не биди горделив пред гранките! А, ако сепак се возгордееш, треба да знаеш дека ти не го држиш коренот, туку коренот тебе! Но ти тогаш ќе кажеш: гранките беа откршени за да бидам јас прикалемен. Добро. Тие поради неверие беа откршени, а ти поради вера се држиш: немој да бидеш горделив, туку имај страв. Зашто, ако Бог не ги поштедил при родните гранки, нема ни тебе да те поштеди. Гледај ја пак, Божјата благост и строгост: строгост кон отпаднатите, а благост кон тебе, ако из држиш во благоста; во спротивно и ти ќе бидеш отсечен“ (Римјаните 11:16-22). Овие зборови многу јасно покажуваат дека не смеат да се омаловажат орудијата кои Бог ги поставил во црквата. {6C 239.3}

За посветено проповедништво потребно е самооткажување. Крстот мора високо да се издигне и мора да се укаже на неговото место во евангелската работа. Човечките орудија треба да ги црпат своите сили од Оној Кој е во состојба да ги спаси и одржи сите оние кои ја сфаќаат својата зависност од Него. Преку единство на членовите на црквата со Христа и преку нивното меѓусебно единство, преобразувачката сила на евангелието ќе се рашири по целиот свет. {6C 240.1}

Во делото на евангелието Господ употребува разни орудија и не смее да се дозволи било што да ги раздвои тие орудија едни од други. Никогаш не треба да се основа санаториум како установа која ќе биде независна од црквата. Нашите лекари треба да бидат обединети во работа со проповедниците на евангелието. Со нивната работа ќе се спасат души и ќе се издигнува Божјото име. {6C 240.2}

Здравствено-мисионерската работа не смее во никој случај да се одвои од службата на проповедање на евангелието. Господ одредил тие две гранки да бидат толку тесно поврзани како што раката е врзана за телото. Без тоа единство ниту еден дел не е потполн. Здравствено-мисионерската работа е одраз на евангелието. {6C 240.3}

Меѓутоа, Бог не одредил здравствено-мисионерската работа да го фрли во сенка делото на веста на Третиот ангел. Раката не може да стане тело. Веста на Третиот ангел е евангелска вест за овие последни денови и во никој случај не смее да биде фрлена во сенка заради други прашања, ниту смее да се направи да изгледа како небитно нешто. Ако во нашите установи нешто се стави над веста на Третиот ангел, тогаш евангелието во тие установи не е голема придвижувачка сила. {6C 241.1}

Крстот е центар на сите верски установи. Тие установи треба да бидат потчинети на контролата на Божјиот Дух. Ниту во една установа не смее еден човек да биде единствена глава. Божествената мудрост предвидела луѓе за секое место. {6C 241.12

Со помош на силата на Светиот Дух, секое дело кое Бог го одредил, ќе биде возвишено и благородно и ќе претставува сведоштво за Господа. Човекот мора да се потчини на контролата на вечната мудрост, покорувајќи се на нејзините заповеди во сите поединости. {6C 241.3}

Да настојуваме да ги сфатиме предностите кои ни се дадени да одиме и да работиме со Бога. Иако ја содржи изразената Божја волја, евангелието нема вредност за луѓето без разлика дали тие се мали или големи, богати или сиромашни ако не Му се потчинат на Бога. Оној кој на своите ближни им донесува лек против гревот, мора претходно самиот да биде поттикнат од Светиот Дух. Тој не смее да ги прифаќа веслата освен ако Бог не го насочува. Тој не може успешно да делува ниту да ја врши Божјата волја во склад со божествената мудрост ако не установи и тоа не врз основа на човечката, туку врз основа на бескрајната мудрост дека Бог е задоволен со неговите планови. {6C 241.4}

Божјите благонаклони намери ја опфаќаат секоја гранка од Неговото дело. Треба да го сфатиме законот за меѓусебна зависност и влијание и да му се покориме. „Ниту еден од нас не живее за себе". Непријателот го употребил синџирот на зависност за да ги поврзе луѓето. Тие се обединиле за да го уништат Божјиот лик во човекот и за да му се спротивстават на евангелието, по пат на изопачување на неговите на чела. Во Божјата Реч тие се претставени како суштества поврзани во снопови кои ќе бидат запалени. Сатаната ги обединува своите сили за пропаст. Единството на избраниот Божји народ е стравотно разрушено. Бог нуди еден лек против тоа. Тој лек не е едно влијание меѓу многу влијанија и тоа на исто ниво со нив, туку влијание над сите влијанија на лицето на земјата, влијание кое поправа, издигнува и облагородува. Оние кои работат на евангелското дело треба да бидат облагородени и посветени, зашто тие имаат работа со големите Божји начела. Земајќи го на себе Христовиот јарем, тие се Божји работници. Господ сака Своите следбеници меѓусебно да ги поврзе за да можат да претставуваат сила која дејствува за добро. Секој треба да ја врши својата должност, а сепак сите треба да се држат до светото начело на зависност од Главата. {6C 241.5}

Христос е поврзан со сите гранки на Божјото дело. Тој ништо не разединувал. Не сметал дека му ја одземал работата на лекарот кога ги исцелувал болните. Тој ја објавувал вистината, а кога болниот доаѓал кај Него да биде исцелен, Тој бил подготвен да ги положи рацете на него, како што бил подготвен да го проповеда евангелието. Тој бил за познат со таа работа исто како и со проповедање на вистината. {6C 242.1}

ОДГОВОРНОСТИ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ

Четвртото поглавје од Посланието до Ефесјаните содржи поуки кои ни се дадени од Бога. Во тоа поглавје ни говори оној кој бил вдахновен од Бога, кому во света визија Бог му дал упатства. Тој опишува на кој начин Бог ги поделил даровите меѓу Своите работници, велејќи: „И Тој постави едни за апостоли, други за пророци, трети за евангелисти, четврти за пастири и учители, за усовршување на светиите во делото на служењето, за изградување

на Христовото тело, додека сите не го достигнеме единството на верата и познанието на Синот Божји, до состојба на совршен човек, до мера на возраста на Христовата полнота“ (Ефесјаните 4:11-13). Овде ни е покажано дека Бог секому Му ја дава негова должност и дека човекот, вршејќи ја таа должност, го исполнува својот удел во големиот Божји план. {6C 243.1}

Нашите лекари и здравствени мисионери треба грижливо да ја проучат оваа поука. Бог поставил Свои орудија меѓу народот кој ги признава законите на божествената управа. Болните треба да се исцелуваат со заеднички напори на човечкото и божественото. Секој дар и секоја сила, кои Христос им ги ветил на Своите ученици, Тој им ги дава и на оние кои верно Му служат. Затоа Тој, Кој ги дава умните способности и ги доверува талентите на мажите и жените кои се Негови по создавање и откупување, очекува тие таленти и способности со употреба да се зголемат. Секој талент мора да биде употребен на благослов на другите и да придонесе за Божја слава. Меѓутоа, лекарите претпоставуваат дека нивните способности се нивна своина. Способностите што им се дадени за да ги употребат во Божјото дело, тие ги употребуваат за работи кои Бог им ги наменил.

Сатаната се труди секој момент да најде прилика за прикрадување. Тој го уверува лекарот дека неговите способности се премногу драго цени за да бидат закопани меѓу адвентистите на седмиот ден и дека ќе може да заврши многу голема работа кога би бил слободен. Лекарот доаѓа во искушение да претпоставува дека тој поседува методи кои може да ги спроведе назависно од народот за кого Бог работел за да го постави над секој народ на лицето на земјата. Меѓутоа, лекарот не треба да мисли дека неговото влијание ќе се зголеми ако се одвои од тоа дело. Ако се обиде да спроведува свои планови, нема да има успех. {6C 243.2}

Себичноста внесена во било кој степен во проповедничката или здравствената работа, претставува престап на Божјиот закон. Кога луѓето со своите способности се слават себеси и ги наведуваат другите да величаат несовршени човечки суштества, тие го обесчестуваат Бога и Тој ќе го отстрани она што тие го слават. {6C 243.3}

Лекарите кои се поврзани со нашите санаториуми и здравствено-мисионерската работа, поврзани се, според Божје провидение, со народот на кој Бог му наредил да биде светлина на светот. Нивна должност е на другите да им го предадат сето она што Господ им го дал ним да даваат не едно влијание меѓу многуте, туку влијание кое, со Божја помош, ќе делува во корист на вистината за ова време. {6C 244.1}

Бог ни доверил едно посебно дело, дело кое ниту еден друг народ не може да го изврши. Тој ни ветил помош на Својот Свет Дух. Небесната струја тече во правец на земјата поради исполнување на делото што ни е доверено. Не смееме да дозволиме таа небесна струја да се насочи на друга страна поради нашето отстапување од вистинскиот пат кој Христос го означил. {6C 244.2}

Лекарите не треба да претпоставуваат дека тие можат да управуваат со светот по свои планови и намери. Бог не ги поставил да опфаќаат толку широки полиња со свои напори. Човекот кој вложува свои сили во многу гранки на делото не може да ја земе во свои раце управата над некоја здравствена установа и да ја врши како што треба. {6C 244.3}

Ако Господовите работници го прифаќаат начинот на работа кој го потиснува настрана делото кое треба да го извршат во поглед на пренесување на светлината на овој свет, Бог преку нивните напори не ја прима славата која Му припаѓа на Неговото свето име. Кога Бог

повикува некој човек да врши одредена работа во Неговото дело, Тој не става на него товари кои можат и треба да ги носат други луѓе. Тие други товари можеби се битни, но Бог во склад со Својата мудрост му ја одредува секому своја должност. Тој не сака умовите на одговорните луѓе да се преморуваат до крајни граници поради нивната преоптовареност со учествување во многу гранки на делото. Ако работникот не ја прифаќа задачата која му ја одредил Бог според неговите способности, тој ги запоставува своите должности; меѓутоа, ако тој исправно ги врши своите должности, делото на објавување на вистината ќе напредува и народот ќе се подготви за големата криза што ни претстои. {6C 245.1}

Бог не може да им даде во најголема мерка телесни и умни способности на оние кои сами на себе собираат товари кои Тој не им ги наменил. Кога луѓето стават на себе такви одговорности, нивните физички сили ќе бидат преоптоварени, а умот ќе стане толку збунет, што нема да можат да остварат голем успех, колку и да е добро делото за кое се залагаат. {6C 245.2}

Лекарите во нашите установи не треба да се ангажираат во многу потфати, зашто поради тоа нивното дело ќе ослаби токму тогаш кога треба, засновано на правилни начела, да шири влијание низ целиот свет. Бог не сака Неговите соработници да прифаќаат толку работи, создавајќи толкави планови, така што тоа им оневозможува вршење на големото дело кое Тој го очекува од нив во поглед на ширењето на светлината на светот и упатувањето на мажите и жените по оној пат по кој Тој ги води во Својата најголема мудрост. {6C 245.3}

Непријателот одлучил да се спротивставува на Божјата добротворна намера во корист на човештвото, намера со која Тој Му открива на светот што ја сочинува вистинската здравствено-мисионерска работа. Со учествувањето во толку многубројни потфати, работниците не се во состојба сè да работат според примерот кој е покажан на гората. Поучена сум дека на нашите лекари им е доволна онаа задача која треба да ја совладаат во нашите установи и дека Господ бара од нив тесно да се поврзат со евангелските мисионери, вршејќи ја верно својата задача. Тој не бара од нашите лекари да прифаќаат толку многубројни и разновидни должности како што тоа го прават некои од нив. Тој не им дал посебна должност да работат за оние кои живеат во дувлата на беззаконието на нашите големи градови. Господ не бара од Своите слуги нешто невозможно. Задачата која Тој им ја доверил на нашите лекари е со здравствено-мисионерската работа да му го прикажат на светот евангелското дело. {6C 245.4}

Господ не Му дава должност на Својот народ да работи за оние кои толку западнале во грев, така што многумина од нив не се корисни ниту за себе, ниту за другите. Ако има луѓе кои можат да се посветат на работата за најдеградираните, ако Бог им дал должност на разни начини да се заложат за масите, нека одат и нека собираат од светот средства кои се потребни за спроведување на тоа дело. Во тоа нека не за висат од средствата со кои Бог сака да се поддржи делото на третата евангелска вест. {6C 246.1}

На нашите санаториуми им се неопходни силите на мозокот и срцето кои им ги закинуваат другите гранки на делото. Сатаната ќе на прави сè што е во негова моќ нашите лекари да ги преоптовари со одговорности, зашто знае дека ова не донесува сила, туку слабост на установите со кои тие се поврзани. {6C 246.2}

Во делото што го преземаме, мораме да бидеме многу внимателни. Ние не смееме да примаме на себе големи одговорности во грижата за малите деца. На тоа работат други.

Наша посебна должност е да ги негуваме и образуваме постарите деца. Семејствата кои имаат можност нека усвојат мали деца, зашто правејќи го тоа, ќе примат благослов. Меѓутоа, постои повозвишена и посебна работа која треба да го ангажира вниманието на нашите лекари образование на оние кои израснале со изопачени карактери. Народителите мора да им се излагаат начелата на здравствената реформа. Тие мораат да се обратат, за да можат да работат како мисионери во своите домови. Ова дело требало да го вршат нашите лекари и тие сè уште можат да го работат тоа, наместо да се жртвуваат, примајќи на себе толку многу и разновидни должности. {6C 246.3}

Главниот лекар во нашите установи има тешка задача и тој треба да се ослободи од помалите должности, зашто тие не му даваат време за одмор. Тој треба да има доволно доверливи помошници, зашто неговата работа е многу напорна. Тој мора да помине време во молитва со оние кои страдаат и да ги приведува своите пациенти кон Големиот Лекар. Ако како понизен молител во секој поединечен случај Му се обраќа на Бога за мудрост, неговата сила и влијание ќе се зголемат во голема мерка. {6C 247.1}

Што може човекот сам да постигне во големото дело што Му го доверил семоќниот Бог? Христос вели: „Без Мене не можете ништо“ (Јован 15:5). Тој дошол на нашиот свет за да им покаже на луѓето како да го вршат делото кое Бог им го доверил и Тој нè повикува: „Дојдете кај Мене сите изморени и обременети и Јас ќе ве успокојам; Земете го Мојот јарем на себе и поучете се од Мене, бидејќи сум кроток и сми рен по срце, и ќе најдете спокојство за вашите души; Зашто јаремот Мој е благ и бремето Мое е лесно“ (Матеј 11:2830). Зошто Христовиот јарем е благ и Неговото бреме е лесно? Затоа што Тој го понел товарот на тоа бреме на крстот на Голгота. {6C 247.2}

Личната вера е битна за секој лекар за да може да биде успешен во својата работа за болните. Нему му е потребна сила која е поголема од неговата проникливост и вештина. Бог сака лекарите да одржуваат тесна врска со Него, за да можат да увидат дека секоја душа е драго цена во Неговите очи. Оној кој се потпира на Бога, знаејќи дека само Оној Кој го создал човекот знае како да управува, нема да доживее не успех во својата работа како исцелител од телесните болести, ниту пак како лекар на душите за кои Христос умрел. {6C 247.3}

Оној кој носи тешки одговорности на лекар има потреба од молитви на проповедникот и тој треба со тело, душа и дух да биде поврзан со Божјата вистина. Тогаш ќе може да проговори благонавремен збор на напатените. Тој ќе може да стражари над душите како оној кој мора да полага сметка. Ќе може да го прикажува Христа, како патот, вистината и животот. Светото Писмо ќе биде јасно врежано во неговиот дух и тој ќе зборува како човек кој ја познава вредноста на душите за кои работи. {6C 248.1}

Прилагодување кон светот

Господ Исус рекол: „Кој сака да оди по Мене, нека се откаже од себе, нека го земе својот крст и нека врви по Мене“ (Лука 9:23). Христовите зборови оставиле впечаток на духот на Неговите слушатели. Многу мина од нив, иако потполно не ги сфатиле Неговите поуки, биле длабоко поттикнати, така што посведочиле: „Никогаш човек не зборувал така како Овој човек“ (Јован 7:46). Учениците не ги разбирале секогаш поуките кои Христос сакал

да им ги пружи со Своите параболи и кога мноштвото заминало, тие го прашале за смислата на Неговите зборови. Тој секогаш бил подготвен да ги доведе до совршено сфаќање на Своите зборови и Својата волја, зашто преку нив требало вистината да оди во светот, јасна и разбирлива. {6C 248.2}

Христос понекогаш ги прекорувал Своите ученици што толку бавно сфаќаат. Тој им ги предавал вистините чија вредност тие не ја увидувале. Тој долго бил со нив, давајќи им поуки во божествената вистина; но нивниот ум бил замаглен со нивното претходно верско образование и погрешно толкување на Писмото кои некогаш ги слушале од еврејските учители. Христос им ветил дека ќе им го испрати Својот Дух, кој ќе ги потсети нивните мисли на Неговите зборови како на заборавена вистина. „Тој ќе ве научи на сè," рекол Христос, „и ќе ви напомне за сè што сум ви зборувал" (Јован 14:26). {6C 248.3}

Начинот на кој еврејските учители го толкувале Светото Писмо, нив ните бескрајни повторувања на начела и измислици, биле повод за Христовите зборови: „Овој народ се приближува до Мене со устата своја и со усните Ме почитуваат; а срцето негово стои далеку од Мене". Тие ја вршеле својата служба во предворјето на храмот. Принесувале жртви кои ја симболизирале големата Жртва, зборувајќи во своите церемонии: „Дојди, мој Спасителу;" сепак Христос кого го прикажувале сите тие обреди, бил меѓу нив и тие не сакале да го препознаат ниту да го примат. Спасителот изјавил: „Но напразно тие Ме почитуваат, учејќи за доктрини човечки заповеди" (Матеј 15:8,9). {6C 249.1}

Христос и денес им го зборува на Своите слуги она што им го зборувал на Своите ученици: „Кој сака да оди по Мене, нека се откаже од себе, нека го земе својот крст и нека врви по Мене". Но луѓето и денес тешко ја примаат оваа поука, како и во Христовите денови. Бог му да вал на Својот народ опомена по опомена, но обичаите, навиките и животот на светот имаат толку силно влијание на Неговиот народ, така што Неговите опомени остануваат неуважени. {6C 249.2}

Оние кои учествуваат во големото Божје дело не смеат да се поведуваат по примерот на овој свет. Тие треба да го слушаат Божјиот глас. Оној кој се потпира на луѓето за сила и углед, се потпира на скршена трска. {6C 249.3}

Потпирањето на луѓето била голема слабост на црквата. Луѓето го обесчестувале Бога со тоа што не ја уважувале доволно Неговата се моќ која може да задоволи, туку го посакувале влијанието на луѓето. Така Израел ослабнал. Народот сакал да биде сличен на другите народи во светот и барал цар. Тој повеќе сакал со него да управува човечка сила која можел да ја види, отколку небесната, невидлива сила која ги водела дотогаш, давајќи им победи во борбите. Тие го направиле својот избор и последица на тоа била разрушување на Ерусалим и расејување на народот по светот. {6C 249.4}

Ние не смееме да се потпреме ниту на еден човек, колку и да е учен и возвишен, ако не го држи почетокот на својата доверба цврсто до крајот. Каква била власта на непријателот над Соломон, човекот кого Вдахновението трипати го нарекло Божји љубимец и кому му било доверено големото дело на изградба на храмот? Токму во таа работа, Соломон се здружил со идолопоклоничките народи и со брак се врзал со незнабожечките жени, кои го навеле во своите подоцнежни години да го напушти Божјиот храм за да се поклонува во горичките кои ги по дигнал за нивните идоли. {6C 250.1}

Така и денес луѓето го оставаат Бога настрана, како Тој да не им е доволен. Тие бараат признание од световни луѓе, сметајќи дека со стекнатиот углед во светот може да се

постигне нешто големо. Но во тоа грешат. Потпирајќи се на мишката на овој свет, наместо на Божјата, тие го оставаат настрана делото кое Бог сака да го изврши преку Својот избран народ. {6C 250.2}

Лекарот кога ќе дојде во допир со повисоките општествени слоеви, не смее да мисли дека мора да ги крие своите посебни својства кои му ги дава неговото посветување преку вистината. Лекарите кои се обединиле со Божјото дело треба да соработуваат со Бога како Негово избрано орудие. Тие треба да се трудат со сите свои сили и делотворност да ја возвеличат работата на народот кој ги држи Божјите заповеди. Оние кои во својата човечка мудрост копнеат да ги прикријат своите посебни својства како членови на Божјиот избран народ, ќе го из губат својот духовен живот и нив веќе нема да ги поддржува Неговата сила. {6C 250.3}

Нашите здравствени работници никогаш не треба да ја негуваат идејата дека е неопходно да направат изглед како на богати луѓе. Тие ќе се најдат во силно искушение да го прават тоа, сметајќи дека тоа ќе придонесе за нивниот углед. Но, јас сум поучена да кажам дека ова ќе произведе спротивен ефект. {6C 251.1}

Сите кои копнеат да се издигнат себеси прилагодувајќи се на светот, им даваат погрешен пример на другите. Бог ги признава за Свои само оние кои живеат живот на самооткажување и пожртвуваност како што наложил Тој самиот. Лекарите треба да сфатат дека нивната сила лежи во кротоста и понизноста на срцето. Бог ќе им оддаде чест на оние кои Него ќе го направат своја надеж. {6C 251.2}

Бог ниту најмалку не гледа на тоа како се облекува некој лекар, неговата опрема и неговиот мебел. Тој не може да влијае со Својот Свет Дух, на оние кои се натпреваруваат со светот во облекувањето и рас кошот. Оној кој го следи Христа, мора да се откаже од себе и да го земе крстот. {6C 251.3}

Лекарот кој го љуби Бога и се бои од Него нема потреби за истакнување на својата надворешност, за со тоа да се разликува од другите; зашто во неговото срце блеска Сонцето на Праведноста и се открива во неговиот живот и со тоа тој се издвојува. Оние кои работат според Христовите упатства, ќе бидат живи посланија кои секој може да ги чита. Со својот пример и влијание тие ќе ги наведат богатите и талентирани луѓе да се откажат од ништожните материјални работи и да се зафатат за вечните стварности. Најголема почит ќе му се укажува на лекарот кој со своите постапки покажува дека прима упатства од Бога. Ништо нема толку силно да ги унапреди Божјите институции како ако тие кои се поврзани со нив, бидат Негови верни слуги. {6C 251.4}

Лекарот ќе увиди дека за негово земно и вечно добро е да ги следи Господовите патишта на работа. Бог може без човечка сила да го даде саканиот облик на умот кој го создал, но Тој укажува чест на луѓето со тоа што ги повикува да соработуваат со Него во Неговото големо дело. {6C 251.5}

Многумина сметаат дека им е доволна нивната сопствена мудрост и постапуваат според свое расудување, мислејќи дека ќе постигнат чудесни резултати. Меѓутоа, кога би се надевале на Бога, а не на самите себеси, би примиле небесна мудрост. Оние кои се толку обземени со својата работа, така што не наоѓаат време за обраќање кон престолот на благодатта за да примат совет од Бога, ќе го упатат делото по лош пат. Нашата сила лежи во нашето единство со Бога преку Неговиот Единороден Син и во нашето меѓусебно единство. {6C 252.1}

Најуспешен хирург е оној кој го љуби Бога, кој во Неговите созданија го гледа Него и го слави набљудувајќи ја Неговата мудрост која се открива во уредувањето на човечкиот организам. Најуспешен лекар е оној кој се бои од Бога уште од својата младост како Тимотеј, кој чувствува дека Христос е Негов постојан сопатник и пријател со кој секогаш може да општи. Таквиот лекар нема да го напушти својот повик ниту за највисоката положба која светот може да ја даде. Нему повеќе му е важна Божјата слава и Неговото одобрување отколку да обезбеди наклонетост и почест од страна на големите луѓе на овој свет. {6C 252.2}

Молитва

Секој санаториум кој ќе го подигнат адвентистите на седмиот ден треба да биде еден Ветил. Сите кои се поврзани со таа гранка на де лото треба да бидат посветени на Бога. Оние кои ги негуваат болните и кои вршат деликатни и опасни операции, треба да имаат на ум дека едно лизнување на скалпелот, едно затресување на раката може да ја испрати душата во вечноста. Нив не треба да ги оптоваруваме со толкави одговорности, така што ќе немаат посебни временски периоди за молитва. Со сесрдна молитва тие треба да ја покажат својата зависност од Бога. Само преку чувството на чистата Божја вистина која работи во срцето и душата и единствено со смиреност и сила кои само Тој може да ги даде, тие ќе бидат во состојба да ги вршат тие тешки операции кои донесуваат живот или смрт на напатените болни. {6C 252.3

Вистински обратениот лекар нема на себе да натрупува одговорности кои би го попречувале во неговата работа за душите. Бидејќи без Христа не можеме ништо, како лекарот или здравствениот мисионер може со успех да се посвети на својата работа, ако не го бара сесрдно Господа во молитва? Молитвата и проучувањето на Божјата Реч донесуваат живот и здравје на душата. {6C 253.1}

Господ чека преку Својот народ да ја покаже Својата благодат и сила. Но тој бара оние кои ќе се посветат на Неговата служба секогаш да ги управуваат своите мисли кон Него. Тие секој ден треба да најдат време да ги управат своите мисли кон Него. Тие секој ден треба да најдат време за проучување на Божјата Реч и за молитва. Секој старешина и секој војник под водство на Израелевиот Бог треба да најде време за советување со Бога и за барање на Негов благослов. Ако работникот дозволи да биде одвлечен од тоа, ќе ја изгуби својата духовна сила. Ние треба лично да одиме и да разговараме со Бога и тогаш во нашите животи ќе се покаже светото влијание на Христовото евангелие во сета своја убавина. {6C 253.2}

Во нашите установи треба да се изврши едно дело на реформација. Лекарите, болничарите и медицинските браќа и сестри треба да сфатат дека се наоѓаат на проверка и испит за сегашниот и за идниот живот. Мораме да ги напрегнеме сите свои сили за да им го свртиме вниманието на напатените човечки суштества на спасоносната вистина. Тоа мора да се направи во поврзаност на работата за исцелување на болните. Тогаш делото на вистината ќе стои пред светот во онаа сила која Бог сака таа да ја има. Преку влијанието на посветените работници вистината ќе биде возвеличена. Таа ќе се шири како „запалена светилка“.{6C 253.3}

ПОТРЕБИ НА СВЕТОТ

Кога Христос го видел мноштвото народ кое се собрало околу Него, „се сожали над нив, зашто беа изморени и распрснати како овци без пастир". Христос ги видел болестите, тагата, потребите и деградацијата на мноштвото кое се стискало околу Него. Со тоа Нему Му се прикажани потребите и страдањата на целото човештво. Меѓу големите и малите, меѓу најпочитуваните, а и најбедните, Тој забележал души кои копнеат токму за оние благослови кои Тој дошол да ги донесе; души на кои само им било потребно сознанието за Неговата благодат за да станат поданици на Божјото царство. „Тогаш им рече на Своите ученици: Жетвата е голема, а работниците се малку; Затоа молете го Господарот на жетвата да испрати работници на Својата жетва" (Матеј 9:36-38). {6С 254.1}

И денес постојат истите потреби. На светот Му се потребни работници кои како Христос ќе работат за грешните и напатените. Навистина е големо мноштвото на оние до кои треба да се допре. Светот е преполн со болести, страдања, неволји и грев. Полн е со оние на кои им е потребна помош слабите, беспомошните, неупатените и деградираните. {6С 254.2}

Многумина од младината на сегашното поколение, сред црквите, верските установи и домовите каде се исповеда христијанство, се одлучуваат за патот на пропаста. Со неумерените навики тие на себе навлекуваат болести, додека алчноста да дојдат до пари за да се оддадат на грешни задоволства ги наведува на нечесни постапки. Така пропаѓаат здравјето и карактерот. Отуѓени од Бога и отфрлени од општеството, тие јадни души чувствуваат дека немаат надеж ниту за овој, ниту за идниот живот. Срцата народителите се скршени. Луѓето зборуваат за овие заблудени како за нив веќе да нема надеж; но Бог гледа на нив со милосрдна сочувствителност. Тој ги сфаќа сите околности кои ги поттикнале да попуштат пред искушенијата. За таквите треба да се работи. {6С 254.3}

Близу и далеку има души, не само млади, туку од сите животни пери оди, кои се во сиромаштво и неволја, потонати во грев и кои ги притиска чувството на вина. Задача на Божјите слуги е да ги побараат тие души, да се молат со нив и за нив и чекор по чекор да ги водат кон Спасителот. {6С 255.1}

Меѓутоа, оние кои не ги увидуваат Божјите барања, не се единствени во неволја, не се единствени на кои им е потребна помош. Во денешниот свет во кој владеат себичноста, алчноста и насилството, во потреба и неволја се и многу Господови деца. Во сиромашни и мизерни станови, опкружени со сиромаштво, болест и вина, многумина трпеливо го носат своето бреме на страдања, настојувајќи да ги тешат околу себе оние кои се безнадежни и ранети од гревот. Многумина од нив се речиси непознати на црквите и проповедниците, но тие се Господова светлина која светли во темнината. Господ посебно води грижа за таквите и Тој го повикува Својот народ да биде Негова рака помошничка за ублажување на нивните потреби. Секаде каде што постои црква, треба да се обрати посебно внимание во изнаоѓање на такви и да им се укаже помош. {6С 255.2}

Меѓутоа, работејќи за сиромашните, исто така треба да се обрати внимание и на богатите чии души се исто толку драгоцени во Божјите очи. Христос се залагал за сите оние кои сакале да ги слушаат Неговите зборови. Тој не ги барал само цариниците и отфрлените, туку и богатите и културни фарисеи, еврејски благородници и римски управители. За богатиот треба да се работи со Божја љубов и страв. Тој честопати се потпира на своето

богатство и не ги гледа своите опасности. Земните поседи кои Господ им ги доверил на луѓето, често се извор на големи искушенија. Така илјадници луѓе стекнуваат грешни навики на неумереност и пороци. Меѓу несреќните жртви на беда и грев се наоѓаат многумина кои некогаш поседувале богатства. Расипаноста на овој свет, употребата на жестоки пијалаци и попуштањето на сетилните желби ги совладале луѓето од разни професии и разни положби во животот и тие подлегнале на искушенијата. Кога овие паднати луѓе ќе го предизвикаат нашето сожалување и ја бараат нашата помош, зар не би требало да го посветиме своето внимание и на оние кои сè уште не паднале толку ниско, но кои тргнале по ист пат? Постојат илјадници лица кои заземаат чесни и значајни положби, кои по пуштаат на навиките кои значат пропаст за душата и телото. Зар не би требало да вложиме најголеми напори за да им се отворат очите? {6C 255.3}

Проповедници на евангелието, државници, автори, богати и талентирани луѓе, луѓе со големи деловни способности, луѓе кои можат да бидат корисни – сите тие се наоѓаат во смртна опасност зашто не ја увидуваат потребата за строга умереност и тоа не на ограничен или самоволен начин, туку во светлината на големата цел која Бог ја наменил за човештвото. Има многу луѓе од повисоките класи кои би ја увиделе вредноста на начелата на вистинската умереност и кои срдечно би ги прифатиле кога би им биле изложени. {6C 256.1}

Постои уште една опасност на која се изложени класите на богатите и тука исто така се наоѓа поле на работа за здравствените мисионери. Многумина луѓе кои постигнуваат успех во светот и кои никогаш не се спуштаат до обичните пороци, сепак се изложуваат на пропаст поради љубовта кон богатството. Потполно обземени со своето земно богатство, тие луѓе се нечувствителни кон Божјите барања и потребите на своите ближни. Наместо своето богатство да го сметаат за талент кој треба да го употребат во Божја слава и на издигнување на човештвото, тие го сметаат за средство за задоволување на својата себичност и славење на самите себеси. Тие купуваат куќа по куќа и нива по нива и раскошно ги полнат своите домови со изобилство, додека сиромаштво кружи по улиците и додека насекаде околу нив се наоѓаат човечки суштества во мизерија и криминал, во болест и смрт. Оние кои своите животи ги посветуваат на угодување на самите себеси, не развиваат во себе Божји особини, туку сатански особини. {6C 256.2}

На тие луѓе им е потребно евангелието. Потребно е нивните погледи да се одвојат од ништожноста на материјалните работи за да го согледаат драгоценото неминливо богатство. Тие треба да научат што значи радоста на давањето и благословеноста од тоа да се биде со работник со Бога. {6C 257.1}

Честопати е најтешко да им се пријде на луѓето од тој вид, но Христос ќе отвори патишта по кои може да се допре и до нив. Најразумните, најверните, најдоверливите работници треба да се залагаат за таквите души. Со мудрост и тактичност кои произлегуваат од божествената љубов, со благородност и учтивост кои се последица на Божјото присуство во душата, тие работници треба да се залагаат за оние кои, маѓепсани од лажниот сјај на земното богатство, не ја гледаат славата на небесното богатство. Работниците треба да ја проучуваат Библијата со нив, влевајќи ја светата вистина во нивните срца. Читајте им ги Божјите зборови: „Од Него сте и вие во Исус Христос, Кој за нас стана мудрост од Бога и праведност, и осветување, и откуп“ „Така вели Господ: ‘Мудриот да не се фали со мудроста своја, силниот да не се фали со силата своја, богатиот да не се фали со богатството свое. А

кој се фали, нека се фали со тоа дека Ме разбира Мене и дека знае дека Јас сум Господ, Кој покажува милост, суд и правда на земјата, зашто само овие работи Ми се угодни, вели Господ". „Во Кого имаме откуп, преку Неговата крв, простување на гревовите, по богатството на Неговата благодат". „Мојот Бог, по Своето богатство, нека ја исполни секоја ваша потреба, за слава преку Христос Исус" (1. Коринтјаните 1:30; Еремија 9:23,24; Ефесјаните 1:7; Филипјаните 4:19). {6C 257.2}

Таквиот повик, упатен во Христов Дух, нема да биде сметан за несоодветен. Тој ќе влијае на умот на многумина луѓе од повисоките класи. {6C 258.1}

Благодарение на напорите вложени со мудрост и љубов, многу богаташи ќе станат свесни за својата должност и одговорност пред Бога. Кога ќе им се објасни дека Господ од нив, како од Свои претставници, очекува да ги ублажат страдањата на човештвото, многумина ќе се одзвијат давајќи свои средства и укажувајќи наклонетост на сиромашните. Многумина ќе Му се потчинат на Христа кога нивните мисли ќе се одвојат од нивната себичност и лични интереси. Со своите дарови, влијание и средства, тие со задоволство ќе му се придружат во делото на добродетелство на понизниот мисионер кој бил Божје орудие во нивното обратување. Со правилна употреба на своето земно богатство, тие ќе собираат за себе „богатство на небото, кое ниту молецот, ниту р'ѓата нема да го расипат и каде што крадците не поткопуваат и не крадат". Тие ќе соберат за себе богатство кое го нуди мудроста, кое е „трајно богатство и праведност". {6C 258.2}

Набљудувајќи го нашиот живот, луѓето на овој свет создаваат свое мислење за Бога и за Христовата вера. Сите оние кои не го познаваат Христа, треба да ги видат благородните начела на Неговиот карактер во животот на оние кои го познаваат Бога. Да се задоволи таа потреба, да се внесе светлината на Христовата љубов во домовите на малите и големите, сиромашните и богатите тоа е возвишена должност и драгоцена предност на здравствениот мисионер. {6C 258.3}

„Вие сте солта на земјата", рекол Христос на Своите ученици; и тие зборови Тој ги говори и денес на Својот народ. Ако сте сол, тогаш поседувате спасоносни особини на вашиот карактер и тие ќе вршат спасоносно влијание. {6C 258.4}

Иако човекот може целосно да потоне во бездната на гревот, сепак постои можност да биде спасен. Многумина станаа нечувствителни за вечната стварност, ја изгубиле сличноста со Бога и едвај знаат дали воопшто имаат душа која треба да се спаси или не. Тие немаат ниту вера во Бога, ниту доверба во човекот. Но тие можат да ја разберат и да ја ценат наклонетоста и постапките на помош кои им се укажуваат. Кога ќе видат човек кој, без никаква желба за земна пофалба или на града, доаѓа во нивните домови, негувајќи болни, хранејќи гладни, облекувајќи голи и нежно укажувајќи им на Оној, на чија љубов и сочувство тој, како човечки претставник е само гласник кога сето тоа ќе го видат, нивните срца се допрени. Се појавува благодарност. Пламенот на верата е запален. Тие увидуваат дека Бог води грижа и за нив и под готвени се да ја слушаат Неговата Реч. {6C 259.1}

Тоа дело на обновување бара многу трудољубиви напори. На тие души не треба да им се изложуваат никакви запрепастувачки факти од за нив непознати и нечуени доктрини, туку треба да им се изложи вистината за ова време со пружање на телесна помош. Мажите, жените и младината треба да го сфатат Божјиот закон со сите негови далекусежни барања. Човештвото не го понижуваат немаштијата, тешката работа и сиромаштво, туку гревот престапувањето на Божјиот закон. Напорите кои се вложуваат за спасување на отфрлените

и деградираните, нема да бидат од никаква корист врз умот и срцето ако не се втиснати барањата на Божјиот закон и потребата за верност кон Бога. Бог не бара ништо што не е потребно за воспоставување на вр ска помеѓу Него и човештвото. „Божјиот закон е совршен, ја обратува душата... Господовата заповед е чиста, ги просветлува очите". „Според зборовите на Твоите усни," вели псалмистот „јас го одбегнував патот на насилниците" (Псалм 19:7, 8; 17:4). {6C 259.2}

Ангелите помагаат во тоа дело, кое има за цел да ги подигне паднатите и да ги врати кон Оној Кој го дал Својот живот за да ги откупи. Светиот Дух соработува со човечкото орудие, будејќи ги моралните сили, влијаејќи на срцето и укорувајќи за гревот, за праведноста и за судот. {6C 260.1}

Кога Божјите деца ќе се посветат на тоа дело, многумина ќе ја при фатат раката која е испружена да ги спаси. Тие се принудени да ги на пуштат своите лоши патишта. Некои од така ослободените можат, преку вера во Исуса Христа, да се издигнат до високи положби во службата и можат да им се доверат должности во делото за спасување на душите. Тие знаат од искуство какви се потребите на оние за кои се залагаат, и знаат како да им помогнат. Тие знаат какви средства треба да се употребат за да се спасат оние кои пропаѓаат. Нивните срца се трогнати од љубов и нивните сили се зголемуваат за да ги подигнат другите кои никогаш не би се подигнале без помош. Прифаќајќи ја Библијата како свој патоказ и Светиот Дух како свој помошник и утешител, тие увидуваат дека пред нив се отвора една нова кариера. Секој оној кој пристапува во редовите на работниците, се снабдува со знаење и поуки за тоа како се спасуваат душите за Христа и станува соработник на оние кои го довеле кон светлината на вистината. На тој начин се слави Бог и Неговата вистина напредува. {6C 260.2}

Светот не може толку да се убеди со проповеди од проповедалната, колку со начинот на кој живее црквата. Проповедникот ја објавува теоријата на евангелието, но практичната побожност на црквата ја покажува неговата сила. {6C 260.3}

ПОТРЕБИ НА ЦРКВАТА

Додека на светот му се потребни сочувство, молитви и помош од страна на Божјиот народ, додека му е потребно да го види Христа во животот на Неговите следбеници на Божјиот народ му се исто така потребни прилики кои ги предизвикува нивното сочувство, им даваат делотворност на нивните молитви и во нив изградуваат карактер сличен на божествениот пример. {6C 261.1}

За да ни се пружат тие прилики, Бог меѓу нас поставил сиромашни, несреќни, болни и страдалници. Тие се Христов аманет на Неговата црква и за нив треба да водиме грижа така како што Тој би правел. На тој начин Бог го отстранува плевелот и го прочистува златото, давајќи ни го она воспитување на срцето и карактерот кое ни е потребно. {6C 261.2}

Господ би можел да го спроведува Своето дело без наша соработка. Тој не зависи од нас, ниту од нашите пари, време или работа. Меѓутоа, црквата е многу драгоцена во Неговите очи. Таа е ковчег кој ги содржи Неговите скапоцени камења, трло во кое се наоѓа Неговото стадо и Тој копнее за тоа да ја види без никаква дамка или недостаток или нешто слично. Тој чувствува кон неа неискажана љубов. Поради тоа Тој ни пружил прилика да

работиме за Него и Тој ја прифаќа нашата работа како израз на нашата љубов и верност. {6C 261.3}

Ставајќи нè меѓу сиромашните и напатените, Господ нè искушува за да ни открие што се наоѓа во нашите срца. Ние не можеме да отстапуваме од начелата, да ја нарушуваме правдата и да ја запоставуваме милоста, а притоа да останеме безбедни. Кога го гледаме братот кој тоне во пропаст, не смееме да поминеме покрај него на друга страна, туку мораме веднаш да вложиме одлучни напори и помагајќи му, да ја исполниме Божјата Реч. Не можеме да постапуваме спротивно на Божјите упатства, а последиците од нашите постапки да не се одразат на нас самите. Во нашата совест мора цврсто да се вкорени и втемели свеста дека она што во нашите постапки нанесува срам на Бога, не може ниту на нас да ни биде од корист. {6C 261.4}

Како со железно перо во карпа, во совеста треба да биде запишано дека оној кој ги запоставува милоста, сочувството и праведноста, кој ги занемарува сиромашните, кој не се обзира на потребите на напатеното човештво, кој не е љубезен и учтив, се однесува на начин на кој Бог не може да соработува со него во изградба на карактерот. Облагородувањето на умот и срцето полесно се постигнува кога кон другите чувствуваме толку нежна наклонетост, така што им ги пружаме своите благодати и предности за да ги ублажиме нивните страдања. Себичното придобивање и задржувањето на сè за себе, води кон сиромаштво на душата. Меѓутоа, сите Христови особини можат да ги примат оние кои ќе го вршат токму она дело кое Бог им го наменил, угледувајќи се на Христа. {6C 262.1}

Нашиот Спасител ги испраќа Своите весници да го објавуваат сведоштвото на Неговиот народ. Тој вели: „Еве стојам пред вратата и чукам; ако некој го чуе Мојот глас и ја отвори вратата, ќе влезам кај него и ќе вечерам со него и Тој со Мене“ (Откровение 3:20). Но многу одбиваат да го примат. Светиот Дух чека да ги омекне и потчини срцата, но тие не сакаат да ја отворат вратата и да го пуштат Спасителот, стравувајќи дека Тој ќе бара нешто од нив. Така, Исус од Назарет поминува покрај нив. Тој копнее да ги надари со богати благослови на Својата благодат, но тие одбиваат да ги примат. Колку е тоа ужасна постапка да се исклучи Христос од Неговиот сопствен храм! Колкава загуба е тоа за црквата! {6C 262.2}

Добрите дела чинат жртви, но токму со тие жртви се стекнува дисциплина. Тие обврски нè доведуваат во судир со природните чувства и склоности и ако ги исполнуваме, ние добиваме победа зад победа над непожелните црти на нашиот карактер. Борбата продолжува, а на тој начин ние растеме во благодатта. Така стануваме слични на Христа и сме подготвени да заземеме место меѓу благословените во Божјото царство. {6C 262.3 }

Благословите, и земни и духовни, ќе го следат оној кој го дели со другите она што го примил од Господа. Исус направил чудо за да на храни пет илјади исцрпено и гладно мноштво. Тој избрал пријатно место на кое ги сместил присутните и им заповедал да седнат. Потоа ги земал петте леба и двете риби. Нема сомневање дека многумина зборувале дека е невозможно да се задоволи гладта на пет илјади гладни мажи, покрај жените и децата, со толку оскудна залиха. Но Исус Му заблагодарил на Бога и ја дал храната во рацете на Своите ученици, за да ја поделат на народот. Тие му давале на мноштвото храна која се умножувала во нивните раце. И кога мноштвото било нахрането, седнале и учениците и заедно со Христа јаделе од храната со која ги снабдило небото. Ова е драгоцена поука за секој Христов следбеник. {6C 263.1}

Чиста и неизвалкана вера е „да се грижиш за сираци и вдовици во нивните маки и да се пазиш да останеш неосквернет од светот“ (Јаков 1:27) На членовите на нашата црква многу им е потребно знаење за практична побожност, самооткажување и самопожртвување. Тие треба на светот да му пружат доказ за својата сличност со Христа. Задачата која Христос им ја дал тие не можат да ја вршат преку некој застапник, пренесувајќи го на некој одбор или некоја установа бремето кое сами може да го носат. Тие треба да станат во карактерот слични на Христа, давајќи од своите средства и своето време и сочувство, лично трудејќи се да помогнат на болните и сиромашните, да ги утешат натажените и да ги охрабрат скршените по дух, да ги расветлат душите кои се во темнина, да им укажат на грешниците на Христа и да им ги објаснат на луѓето барањата на Божјиот закон. {6C 263.2}

Народот будно внимава и ги одмерува оние кои тврдат дека веруваат во посебните вистини за ова време, за да видат во што тие со својот живот и постапки го претставуваат Христа. Посветувајќи се понизно и сесрдно на делото на добродетелство кон сите, Божјиот народ ќе врши делотворно влијание во секој град и место до кое допрела вистината. Ако сите кои ја познаваат вистината го прифатат ова дело секаде каде им се пружа прилика, правејќи од ден на ден мали дела на љубов на своите соседи во местото каде што живеат, Христос ќе биде откриен на тие соседи. Евангелието ќе биде откриено како жива сила, а не како вешто измислена приказна или напразни шпекулации. Тоа ќе се открие како стварност, а не како последица на фантазирањето или восхитувањето. Тоа ќе има посилно дејство отколку проповедите, исповедањето или доктрините. {6C 264.1}

Сатаната игра животна игра за секоја душа. Тој знае дека делотворната љубов е испит на чистотата и несебичноста на срцето и ќе направи сè што може да го затвори срцето кон потребите на другите, така што на крај ќе станеме нечувствителни, гледајќи ги страдањата на другите. Тој ќе придвижи многу работи за да го спречи изразувањето на љубовта и наклонетоста. Со тоа тој го упропастил Јуда. Јуда постојано планирал како да се исползува во нешто. Тој во тоа претставува голем дел од оние кои денес тврдат дека се христијани. Затоа е потребно да го проучуваме неговиот случај. Ние сме исто така близу до Христа како што бил и тој. Но сепак ако дружењето со Христа не нè соедини со Него, ако во нас не развие искрено сочувство кон оние за кои Христос го дал Својот живот, ние се наоѓаме во иста опасност како Јуда да останеме надвор од Христа, да станеме предмет на сатанските искушенија. {6C 264.2}

Мораме да се чуваме од првото свртување од праведноста, зашто еден престап, еден пропуст да го покажеме Христовиот дух, го отвора патот на цела низа други пропусти, сè додека со умот не завладее на челото на непријателот. Ако се негува, духот на себичноста станува најсилна страст која ништо не може да ја искорени, освен Христовата сила. {6C 265.1}

Порака од педесет и осмото поглавје од книгата на пророкот Исаија

Јас не можам премногу остро да го предочам фактот дека веста од педесет и осмото поглавје на книгата на пророкот Исаија постојано треба да ја имаат на ум сите членови на нашата црква, сите вистински мисионери, сите кои веруваат во веста на Третиот ангел и

сите кои ја одвраќаат својата нога од престапување на саботата. Делото на дободетелство кое е наложено во ова поглавје е дело кое Бог го бара од Својот народ во ова време. Тоа е дело кое Тој самиот го одредил. Ние не сме оставени во неизвесност во поглед на тоа на кого се однесува веста и времето на нејзиното остварување, зашто читаме: „Тогаш твоите потомци ќе градат врз стари урнатини: ти ќе ги поставиш основите на многу поколенија, и ќе те викаат обновител на урнатини, градител на патишта за населби“ (Стих 12). Човекот на беззаконието го променил седмиот ден саботата, која е Божји споменик, знак на Неговото дело при создавањето на светот. Божјиот народ има посебна задача да ги сосида урнатините направени во Неговиот закон и колку повеќе се приближуваме кон крајот, толку повеќе таа задача станува поитна. Сите кои го љубат Бога ќе покажат со држење на Неговите заповеди дека го носат Неговиот печат. Тие ги поправаат „патиштата за населбите”. Господ вели: „Ако заради саботата ја воздржиш ногата своја да ги исполнува желбите на твоето срце во светиот Мој ден и ако ја нарекуваш саботата радост… тогаш ќе имаш радост во Господ, а Јас ќе те искачам на височини земни“ (Стихови 13 и 14). Вистинската здравствено-мисионерска работа е нераздвојно поврзана со држење на Божјите заповеди во кои саботата е посебно спомната, бидејќи таа претставува голем споменик на создавачкото Божје дело. Празнувањето на саботата е поврзано со делото на обновување на моралниот Божји лик во човекот. Тоа е служба која Божјиот народ треба ја врши во ова време. Ако правилно биде вршена, таа служба ќе ѝ донесе на црквата богати благослови. {6С 265.2}

Како оние кои веруваме во Христа потребна ни е поголема сила. Треба да бидеме посрдни во молитвата. Многумина се чудат поради што нивните молитви се толку безживотни, нивната вера толку слаба и колеблива, нивното христијанско искуство толку мрачно и неизвесно. Зар не постевме, зборуваат тие, и „зар не чекоревме жалосно пред Господа над војските?“ Во педесет и осмото поглавје од книгата на пророкот Исаија, Исус Христос покажал како можат да се изменат тие околности. Тој вели: „Ете го постот, што го избрав: раскини ги оковите на неправдата, одврзи ги врските на јаремот и угнетените пушти ги на слобода и скрши го секој јарем; раздели го лебот свој со гладните и бездомните сиромаси закрили ги во домот свој; ако видиш гол облечи го, и од крвните сродници не крај се“ (Стих 6 и 7). Тоа е упатството кое Господ го пропишал за малодушната, колеблива, треперлива душа. Оние кои се тажни, кои одат во тага пред Господа, треба да се пробудат и да им помагаат на оние на кои им е потребна помош. {6С 266.1}

На секоја црква ѝ е неопходна управувачката сила на Светиот Дух и сега е време да се молиме за тоа. Меѓутоа, во целокупното Свое дело за човекот, Бог предвидел човекот да соработува со Него. За таа цел, Бог бара од црквата поголема побожност, поправично чувство на должност и појасно сфаќање на своите обврски кон својот Творец. Тој бара од неа да сочинува еден чист, посветен, работен народ. Христијанското дело на пружање на помош е едно средство со кое тоа се постига, зашто Светиот Дух одржува врска со сите кои ја вршат Божјата служба. {6С 266.2}

На оние кои учествуваат во ова дело би сакала да им кажам: Продолжете ја работата со такт и способност. Поттикнете ги своите помошници да работат под некое име под кое можат да се организираат и да соработуваат во складна дејност. Поттикнувате ги младите мажи и жени во црквата на работа. Комбинирајте ја здравствено-мисионерската работа со објавувањето на веста на Третиот ангел. Вложувајте редовни организирани напори за да ги придвижите членовите на црквата од мртвата точка на која се наоѓаат со години. Испраќајте

во црквите работници кои живеат според начелата на здравствената реформа и кои ја увидуваат потребата за самооткажување во поглед на апетитот, зашто во спротивен случај, тие ќе бидат стапица за црквата. Тогаш ќе видите дека во нашите цркви ќе влезе здив на животот. Во делото треба да се внесе нов елемент. Божјиот народ мора да ги увиди своите потреби и опасности и да се нафати на делото кое е пред нив. {6C 267.1}

Покрај оние кои учествуваат во ова дело, зборувајќи зборови во по волно време и во тешко време, помагајќи им на оние кои имаат потреба, зборувајќи им за чудесната Христова љубов кон нив, секогаш е присутен Спасителот, Кој влијае на срцата на сиромашните, бедните и несреќните. Кога црквата ќе го прифати делото кое Бог ѝ го наменил, ветувањето гласи: „Тогаш ќе блесне твојата светлина и твоето здравје брзо ќе процвета, и пред тебе ќе оди твојата праведност, Господовата слава ќе те чува одзади“. Христос е наша праведност; Тој оди пред нас во ова дело, а Господовата слава нè следи. {6C 267.2}

Сè што содржи небото ѝ стои на располагање на секоја душа која сака да работи според Христовите упатства. Кога членовите на нашите цркви поединечно ќе се нафатат на работата што им е наменета, тие ќе бидат опкружени со една сосем поинаква атмосфера. Нивните на пори ќе бидат проследени со благослови и сила. Ќе постигнат пови сока духовна култура на срцето и умот. Ќе биде совладана себичноста која ги оковала нивните души. Нивната вера ќе стане живо начело. Нивните молитви ќе бидат посесрдни. На нив ќе се излива оживувачкото и посветувачко влијание на Светиот Дух и тие ќе бидат донесени поблиску до небесното царство. {6C 267.3}

Спасителот не обраќа внимание на положбата и општествената класа, световните почести и богатства. Тој високо го цени карактерот и верноста кон целта. Тој не е на страна на оние кои се моќни и на кои е наклонет овој свет. Тој, Син на живиот Бог, се наведнува за да ги по дигне оние кои паднале. Со залагање и зборови на охрабрување, Тој се труди да ги придобие изгубените души кои пропаѓаат. Божјите ангели будно внимаваат за да видат кој од Неговите следбеници покажува нежно сочувство и сожалување, кој од Божјиот народ ќе ја покаже Исусовата љубов. {6C 268.1}

Оние кои ја увидуваат нискоста на гревот и Христовата божествена сочувствителност во Неговата бескрајна жртва за паднатиот човек, со учествуваат со Христа. Нивните срца ќе бидат полни со нежност. Тонот на нивниот глас и изразот на нивните лица ќе одразува нежно со чувство. Нивните напори ќе бидат обележани со искрена загриженост за душите, со љубов и енергија и тие со Божја помош ќе претставуваат сила во придобивањето на души за Христа. {6C 268.2}

Сите ние треба да сееме семе на трпение, сочувство и љубов, за што ќе го жнееме она што сме го посеале. Сега се изградуваат нашите карактери за вечноста. Овде на земјата се подготвуваме за небото. Сè ѝ должиме на благодатта, бесплатната благодат, ненадминлива благодат. Спасителовата благодат го издејствувала нашето откупување, нашата регенерација и нашето вклучување во наследство со Христа. Да им ја откриеме таа благодат и на другите. {6C 268.3}

НАША ДОЛЖНОСТ КОН ДОМАШНИТЕ ПО ВЕРА

Нови членови

Во рамките на нашите граници секогаш постојат два вида на сиромаси оние кои самите себеси се упропастуваат со независен начин на постапување и продолжуваат во својот престап и оние кои поради вистината западнале во неповолни околности. Ние треба да ги љубиме своите ближни како самите себеси и според тоа, за двата вида треба да го направиме она што треба, раководејќи се од здравиот разум. {6С 269.1}

Во поглед на Господовите сиромаси не се поставува никакво прашање. Ним треба да им се помогне секогаш кога тоа е потребно за нивно добро. {6С 269.2}

Бог сака Неговиот народ да му открие на грешниот свет дека Тој не го оставил да пропадне. Посебни напори треба да се вложат за да им се помогне на оние кои поради вистината се исфрлени од своите до мови и кои се принудени да страдаат. Сè повеќе и повеќе ќе се укажува потребата за големи, отворени, благородни срца, срца кои се подготвени на самооткажување и укажување на помош на оние кои Господ ги љуби. Не смее да се дозволи сиромашните во Божјиот народ да останат без нивните животни потреби. Мора да се пронајде некој начин на кој тие ќе можат да го постигнат своето животно издржување. Некои е потребно да се научат да работат. На други, кои работат тешки работи и кои до крајност се исцрпуваат со напори за издржување на своите семејства, ќе им биде потребна посебна помош. Ние треба да се заинтересираме за таквите случаи, помагајќи им на таквите да најдат вработување. Би требало да постои фонд за помагање на таквите достојни сиромашни семејства кои го љубат Бога и ги држат Неговите заповеди. {6С 269.3}

Мораме да се погрижиме средствата кои се потребни за тоа дело да не бидат употребени во други цели. Постои разлика во тоа дали им помагаме на сиромашните кои поради држење на Божјите заповеди западнале во сиромаштија и страдања, или ги запоставуваме таквите за да им помагаме на оние кои хулат и кои ги фрлиле Божјите заповеди под нозе. И Бог ја уважува таа разлика. Адвентистите на седмиот ден не смеат да поминуваат покрај Господовите страдалници кои оскудеваат, а да не го преземат на себе товарот на помагање на оние кои постојано го престапуваат Божјиот закон и кои навикнале да очекуваат помош од кој било кој сака да им ја пружи. Таквиот вид на мисионер ска работа не е правилен. Тоа не е во склад со Господовиот план. {6С 269.4}

Секаде каде што се основа црква, нејзините членови треба верно да се залагаат за сиромашните верници. Меѓутоа, тие не треба да се задржат само на тоа. Тие исто така треба да им помагаат и на другите, без обѕир на нивната вера. Благодарение на таквите напори, не кои од нив ќе ги прифатат посебните вистини за ова време. {6С 270.1}

Сиромашни, болни и стари

„Ако пак, имаш некој брат сиромав во еден од градовите твои, во земјата твоја, што Господ, твојот Бог ти ја дава, не го одвраќај срцето свое и не ја стискај раката своја пред твојот брат што има потреба, туку отвори ја раката своја и дај му заем, колку што му треба и колку што

му недостасува; чувај се, да не влезе во срцето твое лукава помисла, па да речеш: ‘наближува седмата година, годината на простувањето’ и да не стане окото твое злобно кон твојот сиромав брат што има потреба и да му откажеш; зошто тој ќе повика против тебе пред Господ, и тоа ќе ти биде грев; подај му, а кога му даваш, да не ти се нажали срцето твое, бидејќи Господ, твојот Бог ќе те благослови за тоа во сите твои работи и во сè што вршат рацете твои; зошто сиромаси ќе има секогаш во земјата (твоја); затоа и ти заповедам велејќи ти: ‘отворај ја раката твоја за твојот брат, за сиромавиот и за страдалникот во земјата твоја“ (Второзаконие 15:7-11). {6C 270.2}

Некои кои го љубат Бога и ги држат Неговите заповеди, осиромашуваат под одредени околности. Некои не внимаваат како што треба, не знаат да управуваат со своето домаќинство. Други се сиромашни поради болест или несреќа. Каква и да е причината, тие се наоѓаат во неволја и пружањето на помош на таквите, претставува значајна гранка на мисионерската работа. {6C 271.1}

Сите наши цркви треба да се грижат за своите сиромашни членови. Нашата љубов кон Бога треба да најде израз во добрите дела кон сиромашните и страдалниците кои ни се домашни во верата, чии потреби ни се познати и на кои им е потребна нашата поддршка. Секоја душа има посебна обврска кон Бога да им посвети посебно внимание и сочувство на Неговите достојни сиромаси. Тие сиромаси во ни кој случај не смеат да останат незабележани. {6C 271.2}

Павле ѝ пишувал на црквата во Коринт: „Браќа, ве известувам за благодатта Божја, дадена на македонските цркви, дека и покрај големото испитување во маката, нивната радост беше изобилна; и покрај нивната длабока сиромаштија покажаа големо богатство во нивната дарежливост, зашто, според нивните можности, па дури и преку нивните можности, јас сум сведок дека тие даваа доброволно, нè молеа многу усрдно да го примиме нивниот дар и учеството во прислужувањето на светиите; и тоа не како што се надевавме, туку тие нај напред сами себе Му се предадоа на Господа, а потоа и нам, по волјата Божја. Затоа го замоливме Тит, онака како што беше почнал порано, така и меѓу вас да го заврши тоа дело на дарежливоста“ (2. Коринтјаните 8:16). {6C 271.3}

Во Ерусалим владеел голем глад и Павле знаел дека многумина од христијаните се разишле по околните земји, а дека оние што ќе останат (во градот) веројатно ќе бидат лишени од човечко сочувство и ќе бидат изложени на верска омраза. Поради тоа, тој ги поттикнувал црквите да испратат парична помош на своите браќа во Ерусалим. Вкупниот износ кој го собрале црквите, го надминало очекувањето на апостолите. Поттикнати од Христовата љубов, верниците великодушно давале и станувале исполнети со радост затоа што на тој начин можат да ја изразат својата благодарност на Откупителот и својата љубов кон браќата. Тоа е вистински темел на добродетелство во склад со Божјата Реч. {6C 271.4}

Од нас постојано се бара да се грижиме за нашите остарени браќа и сестри кои немаат свои домови. Што може да се стори за нив? Во поглед на тоа, Господ повеќе пати ми го повторуваше следново: Не е нај соодветно да се основаат установи за грижа на стари лица, за тие да можат да бидат заедно. Исто така не треба да се оддалечуваат од нивните куќи за да бидат некаде згрижени. Членовите на секое семејство треба да се грижат за своите сродници. Кога тоа не е можно, тогаш црквата треба да преземе грижа за таквите и тоа треба да го прифати и како должност и како привилегија. Сите кои го поседуваат Христовиот Дух, ќе покажуваат особена почит и нежност кон немоќните и старите. {6C 272.1}

Бог дозволува Неговите сиромаси да се наоѓаат во границите на секоја црква. Тие секогаш треба да се наоѓаат меѓу нас, а Господ им дава посебна должност на членовите на секоја црква да се грижат за таквите. Не смееме да ги префрламе своите одговорности на други. Кон оние кои се наоѓаат во рамките на нашиот делокруг треба да ја по кажуваме онаа иста љубов и сочувство кои би ги покажал Христос ако би бил на наше место. На тој начин ќе се дисциплинираме за да можеме да бидеме подготвени да работиме како што работел Христос. {6C 272.2}

Проповедникот треба да поучува разни семејства и да ја поттикне и поучи црквата сама да се грижи за своите болни и сиромашни. Тој треба да ги стави во дејство сите од Бога дадени способности на народот. Ако една црква е преоптоварена во тој поглед, другите треба ѝ помогнат. Членовите на црквата треба да ја покажат својата тактичност и досетливост, грижејќи се за таквите страдалници кои се дел од Божјиот народ. Тие треба да се откажат од раскошот и непотребно украсување за да ги олеснат страдањата на оние кои се во неволја. Работејќи така, тие ќе ги спроведуваат на дело поуките во педесет и осмото поглавје од книгата на пророкот Исаија и ќе ги примат благословите спомнати во тоа поглавје. {6C 272.3}

НАША ДОЛЖНОСТ КОН СВЕТОТ

„Зашто Бог толку го возљуби светот што го даде Својот Единороден Син“ „Зашто Бог не го испрати Својот Син во светот за да му суди на светот, туку светот да се спаси преку Него“ (Јован 3:16, 17). Божјата љубов го опфаќа целото човештво. Давајќи им налог на Своите ученици, Христос рекол: „Одете по целиот свет и проповедајте го евангелието на секое создание“ (Марко 16:15). {6C 273.1}

Христова намера е за човекот да се изврши поголемо дело отколку што ние досега сме виделе. Негова волја не била толкав број на луѓе да застанат под знамето на сатаната и да бидат запишани како бунтовници против Божјото царство. Откупителот на светот не одредил човечкиот род кој Тој го откупил како Свое наследство да живее и умира во грев. Зошто тогаш има толку малку од оние кои се допрени и кои се спасени? Затоа што многумина од оние кои тврдат за себе дека се христијани, работат на ист начин како и големиот отпадник. Илјадници од оние кои денес не знаат за Бога би можеле да се радуваат на Неговата љубов, кога оние кои тврдат дека Му служат на Христа, би работеле како што работел Тој. {6C 273.2}

Благодатите на спасението, земни и духовни, наменети му се на целиот човечки род. Многумина се жалат на Бога затоа што светот е полн со беда и страдање; меѓутоа, никогаш не била Божја волја да постојат страдања, ниту некој раскошно да изобилува додека децата на други копнеат за леб. Господ е Бог на добродетелство. Тој создал изобилни залихи за потребите на сите и преку Своите претставници на кои им ги доверил Своите дарови, Тој сака да бидат задоволени потребите на сите Негови созданија. {6C 273.3}

Оние кои веруваат во Господовата Реч нека ги читаат упатствата кои се наоѓаат во третата и петтата Мојсеева книга и тука ќе се видат какви поуки им биле давани на израелските семејства. Иако Божјиот избран народ требало да биде одвоен и свет Божји народ, посебен од сите народи кои не го познавале Господа требало љубезно да поста пува

со странците. На странецот не смеело да се гледа со понижување затоа што не бил од Израел. Израелците требало да го љубат странецот, затоа што Христос умрел за да го спаси и него, исто како и нив. На нивните свеченост приредувани во знак на благодарност, кога тие зборувале за Божјите дела на милост, странецот требало да наиде на срдечен прием. При жетвата, во полето требало да остане и еден дел за странците и сиромашните. Исто така, странците имале удел и во Божјите духовни благодати. Господ Бог Израелев заповедал дека треба да се примат, ако тие го изберат друштвото на оние кои го признавале Него. Така и тие имале прилики да ги запознаат законите на Јехова и да го слават со својата покорност. {6C 273.4}

Така Бог и денес сака Неговите деца да ги пренесуваат благословите на овој свет и во духовен, и во земен поглед. За секој Христов ученик во сите векови, изговорени се овие драгоцени зборови на Спасителот: Од него „ќе потечат реки на жива вода”. {6C 274.1}

Меѓутоа, наместо даровите кои ги примиле од Бога да им ги пружаат и на другите, многумина кои тврдат дека се христијани, се затвориле во своите тесногради интереси и себично ги закинуваат Божјите благослови од своите ближни. {6C 274.2}

Иако Бог во Своето провидение ја исполнил земјата со Своето изобилство и нејзините ризници ги снабдил со сите животни потреби, се пак немаштијата и сиромаштвото се сретнуваат на секој чекор. Дарежливото Провидение ставило изобилство од сè во рацете на Своите човечки орудија, за да се задоволат потребите на сите, но Божјите поверенци се неверни. Во таканаречениот христијански свет, толку се троши на расипнички претераното надворешно украсување, иако со тие средства би можеле да се задоволат потребите на сите гладни и голи. Многумина кои го зеле на себе Христовото име, ги трошат Неговите пари на себични уживања, задоволувајќи го својот апетит со жестоки пијалаци, богати вкусни јадења, екстравагантни куќи, мебел и облека, додека на напатените човечки суштества едвај им упатуваат поглед на сожалување или збор на сочувство. {6C 274.3}

Каква беда постои во срцето на нашите таканаречени христијански земји! Помислете на состојбата во која се наоѓаат сиромашните во нашите големи градови. Во тие градови постои мноштво на човечки суштества на кои им се подарува помалку внимание и обѕир, отколку на животните. Постојат илјадници несреќни деца, излитени и полумртви од глад, на чии лица се огледа порок и изопаченост. Цели семејства се збиени во бедни, мизерни станови, а многумина во мрачни, смрдливи, влажни и валкани подруми. Во тие ужасни престојувалишта се наоѓаат деца кои во своето детство не можат да видат ништо привлечно, никаква убавина на природните работи кои Бог ги создал за да се насладуваат човечките суштества. Тие деца се препуштени да растат и да ги вообликуваат своите карактери под влијание на нискоста, бедата и расипаноста кои ги опкружуваат. Тие го слушаат Божјото име само во пцости и клетви. Нечисти зборови, мирис на алкохол и тутун, морална деградација од секој вид сретнуваат нивните очи и им ги изопачуваат сетилата. Од тие престојувалишта на бедата, многумина кои ништо не знаат за молитвата, сожаливо молат за храна и облека. {6C 275.1}

Нашите цркви треба да извршат едно дело за кое малкумина од нив имаат поим, дело кое речиси никој не го прифатил. Христос вели: „Гладен бев и Ми дадовте да јадам; жеден бев и Ме напоивте; странец бев и Ме примивте; необлечен бев и Ме облековте; болен бев и Ме посетивте; во затвор бев и дојдовте кај Мене“ (Матеј 25:35,36). Некои мислат дека кога ќе дадат пари за тоа дело, дека тоа е сè што треба да го направат, но тоа е заблуда.

Давањето на пари не може да ја замени личната служба. Правилно е да се даваат пари и многу повеќе луѓе треба да го прават тоа, но од секој се бара лична служба според неговата сила и можности. {6С 275.2}

Делото на собирање на сиромашните, потчинетите, напатените, отфрлените е дело кое одамна требало да го прифати секоја црква која верува во вистината за наше време. Ние мораме да покажеме нежно сочувство на милостивиот Самарјанин, грижејќи се за телесните потреби на другите, хранејќи ги гладните, водејќи ги отфрлените сиромаси во своите домови, собирајќи секој ден од Бога благодат и сила кои ќе ни овозможат да досегнеме до длабочините на човечката беда и да им помогнеме на оние кои не се во состојба да си помогнат самите се беси. Во вршењето на тоа дело ни се пружа поволна прилика да го претставиме Христос распнатиот. {6С 276.1}

Секој член на црквата треба да ја смета за своја посебна должност работата за оние кои живеат во неговото соседство. Размислувајте за тоа како на најдобар начин да им помогнете на оние кои немаат никаков интерес за верски работи. Кога ги посетувате своите пријатели и познаници, покажувајте интерес за нивната духовна и земна добробит. Укажете им на Христа како на Спасител кој простува гревови. Повикајте ги своите соседи во својот дом и читајте им од драгоцената Библија и од книгите кои ја објаснуваат вистината. Ако ова се соедини со едноставни песни и сесрдни молитви, нивните срца ќе бидат допрени. Членовите на црквата треба да се обучуваат за оваа работа. Тоа е исто толку важно како и спасението на со темнина обземените души во други земји. Многумина чувствуваат товар за душите кои се далеку, но треба да почувствуваат и свои обврски кон оние драгоцени души кои се тука околу нив и исто така вредно да работат на нивно спасение. {6С 276.2}

Часовите кои толку често се минуваат во задоволства кои не го крепат ниту телото ниту душата, треба да се искористат за посетување на сиромашните, болните и напатените, или во настојувањето да му се помогне на некого кој е во неволја. {6С 276.3}

Во настојување да им помогнете на сиромашните, презрените и на пуштените, не приоѓајте им со изглед на високо достоинство и супериорност, зашто на тој начин ништо нема да постигнете. Потполно обра тете се и научете се од Оној Кој е кроток и понизен во срцето. Секогаш мораме да го имаме пред себе Господа. Како Христови слуги, имајте ја постојано на ум изреката: „Скапо сум купен“.{6С 277.1}

Бог не бара од вас само добродетелство, туку и ведро лице, зборови полни со надеж и стисок на раката. Посетувајќи ги Господовите страдалници, ќе наидете и на такви кои потполно ги напуштила надежта; повратете ја сончевата светлина во нивните души. Ќе наидете и на такви кои копнеат за лебот на животот; читајте им од Божјата Реч. {6С 277.2}

Исто така, ќе наидете и на душевно заболени кои никаков земен ме лем или лекови на овој свет не можат да ги излекуваат: молете се за таквите и приведете ги кај Исуса. Некои под посебни околности попуштаат на своите лесно возбудливи чувства кои ги наведуваат на некои избрзани постапки. Можеби тие мислат дека со тоа прават големо дело за Христа, но всушност не го прават тоа. Нивната ревност наскоро исчезнува и тогаш ја занемаруваат Христовата служба. Бог не прима повремена служба; моменталното возбудување и грчевитите напори не претставуваат начин на кој можеме да им правиме добро на своите ближни. Грчевитите напори да им се помогне на другите често донесуваат повеќе штета отколку корист. {6С 277.3}

Методите на помагање на сиромашните треба грижливо и со молитва да се разгледаат. Мораме да бараме мудрост од Бога, зашто Тој знае многу подобро отколку кратковидите смртници, како треба да се грижи за Неговите созданија. Има такви кои даваат без разлика, се кому кој ќе им се обрати за помош. Има и такви кои, кога би им помогнале, би сакале да останат секогаш предмет на наша грижа. Тие ќе гледаат да се потпираат на туѓа помош сè додека тоа е можно. Подарувајќи им повеќе време и внимание отколку што е потребно, ние поттикнуваме мрзеливост, беспомошност, расипништво и неумереност. {6C 277.4}

Давајќи им на сиромашните, треба да се запрашаме: „Дали со ова поттикнувам расипништво? Дали со ова им помагам или им одмагам?“ Ниту еден човек кој може да заработи за своите животни потреби, нема право да зависи од другите. {6C 278.1}

Изреката „Светот е должен да ме издржува“ во себе има суштина на лага, измама и грабеж. Светот не е должен да издржува никого од оние кои се во состојба да работат и самите да се издржуваат. Меѓу тоа, ако некој дојде на нашата врата и побара да јаде, не смееме да го пуштиме да оди гладен. Неговото сиромаштво можеби е последица на некој несреќен случај. {6C 278.2}

Треба да им помогнеме на оние кои имаат големо семејство и постојано мораат да се борат со здравствени слабости и сиромаштија. Многу вдовици се борат, работејќи над своите сили за да ги одржат своите деца и да им обезбедат облека и храна. Многу такви мајки уми раат од исцрпеност. На секоја вдовица ѝ е потребно да ѝ се упатат зборови на утеха и охрабрување, а на многумина треба да им се укажува и материјална помош. {6C 278.3}

За грижење за сиромашните и оние кои се во неволја, прво на своите по вера, првенствено треба да се одредат мудри и проникливи мажи и жени. Тие треба да се советуваат за тоа што треба да се преземе за нив и за тоа треба да ја известат црквата. {6C 278.4}

Наместо кај сиромашните да поттикнуваме убедување дека можат да примат јадење и пиење бесплатно или скоро така, да им пружиме прилика самите себеси да си помагаат. Да се потрудиме да им најдеме вработување и, ако е потребно, да ги поучиме како да работат. Членовите на сиромашните семејства треба да се поучат како да готват, шијат и како да го уредуваат својот дом. Момчињата и девојките треба да се упатуваат целосно да изучат некој корисен занает или окупација. Тоа е вистинска помош, зашто ќе овозможи не само да се издржуваат се беси, туку ќе ги оспособат да им помогнат и на други. {6C 278.5}

Божја цел е богатите и сиромашните да бидат меѓусебно тесно пов рзани со врски на сочувство и взаемна помош. Тој ни налага да се за интересираме за секој случај кога ќе дознаеме дека некој страда и дека е во неволја. {6C 279.1}

Не мислете дека службата на напатеното човештво би го понижила вашето достоинство. Не гледајте со рамнодушност и презир на оние чиј храм на душата лежи во урнатини. Тие се предмет на божественото сожалување. Оној кој создал сè, се грижи за сите. Неговата љубов и милосрдие досегаат дури и до оние кои најдлабоко паднале. Ако сме Негови вистински ученици, ќе покажеме ист дух. Љубовта која е вдахновена со нашата љубов кон Исуса ќе ја види во секоја душа, богата или сиромашна, вредноста која не може да се мери со човечки мерила. Вашиот живот нека ја открие онаа љубов која е повозвишена отколку што може да се изрази со зборови. {6C 279.2}

Човечките срца често стануваат уште потврди ако ги прекоруваме, но не можат да пружаат отпор на љубовта која, во Христа, ја покажуваме пред нив. Ние треба да му кажеме на грешникот да не мисли дека е отфрлен од Бога. Повикувајте го нека го вперува погледот во Христа, Кој единствено може да ја излекува душата од чумата на гревот. Покажете му на очајниот и малодушниот страдалник дека не е безнадежен случај. Вашата вест нека биде: „Еве го Божјото Јагне, Кое на Себе ги зема гревовите на светот". {6C 279.3}

Поучена сум дека здравствено-мисионерската работа ќе открие, во самите длабочини на деградацијата, луѓе кои и покрај тоа што се оддале на неумереноста и порочните навики, ќе се одзват на правилниот начин на работа. Но тие треба да се пронајдат и да се охрабрат. Тие можат да се подигнат само со одлучни, трпеливи и сесрдни напори; но не можат сами да се обноват. Можат да го слушаат Христовиот повик, но нивните уши премногу ослабеле за да го разберат, а нивните очи се премногу слепи за да можат да видат нешто од добрата кои се под готвени за нив. Тие се мртви во престапите и гревовите. Но дури ни тие не смеат да бидат исклучени од евангелската гозба, туку мора да им се упати повикот: „Дојди". Иако тие можеби ќе се чувствуваат недостојни, Господ вели: „Натерајте ги да дојдат". Не прифаќајте никаков изговор. Привлечете ги со љубов и сочувство. „А вие возљубени, изградувајќи се во пресветата ваша вера и молејќи се преку Светиот Дух, запазете се во љубовта Божја, очекувајќи милост од нашиот Господ Исус Христос, за вечен живот. И така, разликувајќи ги, едни милувајте, а други со страв спасувајте, истргнувајќи ги од оган" (Јуда 2023). Укажете им на страотните последици на престапување на Божјиот закон. Покажете им дека Бог не предизвикува страдања и неволји, туку човекот со своето незнаење и грев самиот себеси се довел во таква состојба. {6C 279.4}

Ако тоа дело се изврши како што треба, ќе бидат спасени многу грешници кои биле занемарени од страна на црквата. Многумина кои не припаѓаат на нашата вера копнеат за онаа помош која христијаните се должни да им ја пружат. Кога Божјиот народ искрено би се заложил за своите ближни, вистините за ова време би допреле до многумина. Ништо не може да даде такво обележје на Божјото дело како пружањето на помош на луѓето токму таму каде што тие се наоѓаат. Илјадници денес би можеле да се радуваат на веста кога оние кои тврдат дека го љубат Бога и дека ги држат Неговите заповеди би работеле онака како што работел Христос. {6C 280.1}

Кога здравствено-мисионерската работа така ги придобива мажите и жените за спасоносното познавање на Христа и на Неговата вистина, тогаш со сигурност може во таа работа да се вложуваат пари и сериозен труд, зашто тоа е дело кое ќе опстои. {6C 280.2}

ГРИЖА ЗА СИРАЧИЊАТА

Помеѓу сите оние на кои треба да им укажуваме внимание, вдовиците и сирачињата имаат најмногу право на нашето нежно сочувство. Тие се предмет на посебна Господова грижа. Нив Бог ги доверил на христијаните. „Чиста и непорочна вера пред Бога е оваа: да се грижиш за сираци и вдовици во нивните маки и да се пазиш неосквернет од светот" (Јаков 1:27). {6C 281.1}

Многу татковци кои умреле во верата, потпирајќи се на вечното Божје ветување, ги оставаат своите љубени деца со целосна доверба дека Бог ќе се грижи за нив. А како Господ

се грижи за нив? Тој не им праќа мана од небото, ниту испраќа гаврани да им носат храна, туку врши чуда во човечките срца, истерувајќи ја себичноста од душата и отворајќи ги изворите на добродетелство. Тој ја испитува љубовта на оние кои тврдат дека се Христови следбеници, доверувајќи ги на нивната нежна милост страдалниците и сирачињата. {6C 281.2}

Оние кои го љубат Бога, треба да ги отворат своите срца и своите домови за да ги примат тие деца. Не е најсоодветно тие сирачиња да се сместуваат во големите заводи. Ако таквите деца немаат роднини кои можат да се грижат за нив, тогаш членовите на нашите цркви треба да ги прифатат во своите семејства или за нив да најдат соодветно домашно огниште во други семејства. {6C 281.3}

Христос особено обрнува внимание на таквите деца. Ако нив ги за поставуваме, ние го навредуваме Христа. Сè што ќе направиме за нив во Исусово име, се прифаќа како да Му е Нему направено. {6C 281.4}

Судијата на целата земја ќе им суди на оние кои на било кој начин им ги закинуваат на тие деца средствата потребни за живот, на оние кои рамнодушно ги набљудуваат нивните потреби. „Зар Бог нема да ги одбрани Своите избраници, што викаат кон Него дење и ноќе; макар и да забави? Ви велам, ќе ги одбрани набргу“ (Лука 18:7, 8) „Зашто судот ќе биде безмилосен спрема оној кој не покажува милост“ (Јаков 2:13). Господ нè повикува: „Сиромасите закрили ги во својот дом“ (Исаија 58:7). Христијанството мора да обезбеди татковци и мајки и до машни огништа на тие очајници. Бог нема да го заборави сочувството кон вдовиците и сирачињата покажано во молитви и одговарачки дела и тоа нема да остане ненаградено. {6C 281.5}

Пред сите оние кои сакаат да работат за својот Учител, се наоѓа широко поле на дејност за грижа за децата и младината кои се ли шени од грижливото раководство народителите и потчинувачкото влијание на христијанскиот дом. Многу од тие деца наследиле лоши особини на карактерот и ако се препуштат да растат во незнаење, ќе ги одвлече друштвото кое води во порок и злосторство. На тие деца кои не ветуваат многу, треба да им се создадат околности кои ќе бидат поволни за изградување на правилен карактер, за да можат да станат Божји деца. {6C 282.1}

Дали вие кои тврдите дека сте Божји деца ја вршите својата должност во поучување на оние на кои им е толку потребно трпеливо проучување за да можат да му пријдат на Спасителот? Ја вршите ли својата должност како Христови слуги? Дали за тие неизградени, можеби неурамнотежени умови се грижите со онаа љубов која Христос ја покажал кон нас? Душите на децата и младината се наоѓаат во смртна опасност ако се препуштени самите на себеси. Ним им се неопходни трпеливо поучување, љубов и нежна христијанска грижа. {6C 282.2}

Кога и не би постоело никакво откровение кое ни укажува на нашата должност, само она што го гледаме со своите очи и што ни е познато за неизбежното дејство на причините и последиците, треба да нè поттикне на спасување на тие несреќници. Кога членовите на црквата би ја внеле во тоа дело онаа иста енергија, тактичност и вештина кои ги внесуваат во обичните деловни односи во животот, кога би барале мудрост од Бога и кога сесрдно би проучувале како можат да влијаат на тие недисциплинирани умови, би биле спасени многу души кои се готови да пропаднат. {6C 282.3}

Кога родителите би ја чувствувале онаа загриженост која треба да ја чувствуваат за спасението на своите деца, кога во своите молитви би ги привеле кон престолот на благодатта, кога би живееле во склад со своите молитви, знаејќи дека тогаш Бог би соработувал со нив, тогаш би можело со успех да се заложиме за оние деца кои немаат свои семејства, особено за оние деца лишени од родителскиот совет и над зор. Господ ги повикува сите членови на црквата да ја вршат својата должност кон сирачињата. {6C 283.1}

Дело слично на Христовото

Кога се грижиме за децата, нашите побуди не треба да произлегуваат само од должност, туку и од љубов, зашто Христос умрел поради нивното спасение. Христос ги откупил тие души на кои им е потребна наша грижа и очекува од нас да ги љубиме онака како што Тој нас нè љубел уште додека сме биле во нашите гревови и непослушност. Љубовта е средство со помош на кое Бог дејствува за да го привлече срцето кон Себе, „зашто Бог е љубов". Само тоа начело може да ја на прави делотворна секоја постапка на милост; ограниченото човечко суштество мора да се обедини со Бесконечниот. {6C 283.2}

Делото на залагање за другите бара напори, самоодрекување и самопожртвување. Меѓутоа, што се малите жртви кои ние можеме да ги поднесеме во споредба со жртвата која Бог ја поднел поради нас, по дарувајќи ни го Единородниот Син? {6C 283.3}

Бог ни ги дава Своите благослови за да ги даваме на другите. Кога се молиме за нашиот дневен насушен леб, Тој гледа во нашите срца за да види дали тој леб ќе го поделиме со оние кои се посиромашни од нас. Кога Му се молиме „Боже, биди милостив кон мене грешниот", Тој гледа дали и ние покажуваме сомилост кон оние со кои доаѓаме во допир. Кога сме милостиви како што е милостив нашиот небесен Татко, тоа е доказ на нашата поврзаност со Бога. {6C 283.4}

Бог постојано дава; и кому Тој ги дава Своите дарови? Дали на оние кои имаат беспрекорен карактер? „Тој со Своето сонце ги грее и лошите и добрите и им праќа дожд и на праведните и на неправедните" (Матеј 5:45). И покрај грешноста на човештвото, и покрај тоа што често го жалостиме Христовото срце и што се покажуваме како најнедостојни, сепак Тој не нè одбива кога го молиме за прошка. Тој дарежливо ни ја укажува Својата љубов, но исто така и нè повикува: „Љубете се еден со друг, како што Јас ве љубев" (Јован 13:34). {6C 284.1}

Браќа и сестри, ве молам грижливо да го разгледате ова прашање. Размислувајте на потребите на оние кои останале без татко и без мајка. Зар вашите срца не се возбудуваат кога ги гледате нивните страдања? Видете нешто да направите за тие беспомошни суштества. Колку што стои во ваша моќ, обезбедете домашно огниште на тие бездомници. Секој од вас нека биде подготвен да придонесе за напредок на тоа дело. Господ Му рекол на Петар: „Паси ги Моите јагнишa". Оваа заповед ни е упатена и нам и ние ѝ се покоруваме кога своите домови ги отвораме за сирачињата. Не дозволувајте Исус да се разочара во вас. {6C 284.2}

Земете ги тие деца и доведете ги кај Бога како мило мирисен дар. Молете се да ги благослови и потоа обликувајте ги и подигнувајте ги во склад со Христовиот пример. Дали нашиот народ ќе ја прифати таа света доверба? Зар ќе дозволиме оние поради кои Христос

умрел, да страдаат и да појдат по лош пат поради нашата површна побожност и нашите земни амбиции? {6C 284.3}

Божјата Реч изобилува со поуки како треба да се постапува кон вдовиците, сирачињата, сиромашните и бедните страдалници. Кога сите би се придржувале кон тие поуки, срцата на вдовиците би пееле од радост, гладните дечиња би биле нахранети, голите би биле облечени и оние кои се готови да пропаднат би биле оживеани. Небесните суштества нè набљудуваат, и кога ние, исполнети со ревност за Христовата слава, ќе се посветиме на Неговата служба и ќе станеме канали на Божјото провидение, тие небесни гласници ќе ни дадат нова духовна сила, така што ќе можеме да се бориме против тешкотиите и ќе ги совладаме сите препреки. {6C 284.4}

О, со какви благослови ќе бидат наградени работниците! На многумина кои денес се мрзеливи, себични и саможиви, тоа ќе биде како оживување од смртта. Меѓу нас повторно би оживеале небесната љубов, мудрост и ревност. {6C 285.1}

Сопругите на проповедниците и посвојувањето на сирачиња

Се поставуваше прашањето дали проповедничката сопруга треба да посвојува бебиња. Јас одговорам: ако таа нема склоности или способности да учествува во мисионерската работа надвор од својот дом и ако чувствува за своја должност да присвои сираче и да се грижи за него, тогаш може да врши добар вид на работа. Сепак, најнапред треба да се усвојуваат децата кои останале сирачиња, а чии родители биле адвентисти на седмиот ден. Бог ќе ги благослови мажите и жените кои ќе ги прифатат во својот дом тие бездомници. Меѓутоа, ако проповедничката сопруга може да учествува во делото на образование на другите, таа треба, како христијански работник, своите сили да ги посвети на Бога. Таа треба да биде вистински помошник на својот сопруг, поддржувајќи го во неговата работа, развивајќи го својот ум и придонесувајќи за ширењето на веста. На понизните, посветени жени, облагородени со Христовата благодат, отворен е патот да ги посетуваат оние на кои им е потребна помош и да ги осветлуваат со светлина обесхрабрените души. Тие можат да го подигнат паднатиот на тој начин што ќе се молат со него на Бога и што ќе му укажат на Христа. Таквите жени не треба да го посветуваат своето време и своите сили на посвојување на мали деца кои бараат постојана грижа и внимание. Тие не треба на тој начин доброволно да ги врзуваат своите раце. {6C 285.2}

Домови за сирачиња

Кога ќе направиме сè што можеме за прифаќање на сирачињата во нашите домови, сè уште во светот ќе останат многумина такви сирачиња за кои треба да се погрижиме. Тие деца можат да бидат на пуштени, некултурни и навидум без никаква привлечност, но тие се купени по висока цена и се исто толку драгоцени во Божјите очи како и нашите деца. Тие се Божја своина за која се одговорни христијаните. Бог вели: „нивните души ќе ги барам од твоите раце”. {6C 286.1}

Грижата за толку загрозените претставува добро дело. Меѓутоа, во овој век Господ не ни дава упатство да основаме големи и скапи институции за таа цел. Но ако меѓу нас има поединци кои чувствуваат дека Бог ги повикал на основање на институции за сместување на сирачиња, тие нека ја вршат таа должност според убедувањето на својата совест. Сепак, кога се грижат за сиромашните на овој свет, треба да му се обратат на светот за помош. Тие не треба за тоа да бараат средства од народот на кој Бог му го наменил најзначајното дело кое некогаш им е доверено на луѓето објавувањето на последната порака на милост на сите племиња, колења, јазици и народи. Господовата ризница мора да има вишок за да може да го поддржува делото на евангелието во новите полиња. {6C 286.2}

Оние кои чувствуваат товар за основање на такви заводи треба да имаат мудри застапници кои ќе ги излагаат нивните потреби и ќе со бираат прилози. Оние кои чувствуваат дека треба нешто да направат за сиромашните и сирачињата, треба да бараат за тоа поддршка од верските заедници, а исто така да ги поттикнуваат на тоа и луѓето од светот. Во секоја црква има луѓе кои се бојат од Бога. На нив треба да се апелира, зашто Бог ним им го наменил ова дело. {6C 286.3}

Треба да се поддржуваат установите кои ги основал нашиот народ поради грижа за нашите сирачиња, немоќни и стари лица. Не смее да се дозволи тие установи да дојдат до скудност и на тој начин да нанесуваат срам на Божјото дело. Да се помогне во поддршката на тие институции треба да биде сметано не само како должност, туку како драгоцена привилегија. Наместо едни на други да си даваме непотребни подароци, треба со нашите подароци да ги опсипуваме сиромашните и немоќните. Кога Господ ќе види дека правиме сè што е во наша моќ за да им помогнеме на сиромашните, Тој ќе влијае на други луѓе да помогнат во вршење на ова добро дело. {6C 286.4}

Цел на домот за сирачиња не треба да биде само настојувањето децата да имаат храна и облека, туку за децата да се грижат христијански учители кои ќе ги воспитаат во познавање на Бога и на Неговиот Син. Оние кои се залагаат за таа работа, треба да бидат мажи и жени со широко срце, вдахновени со воодушевување на крстот од Голгота. Тие треба да бидат благородни и самопожртвувани, работејќи како што работел Христос за Божјото дело и за помагање на човештвото. {6C 287.1}

Кога тие бездомници ќе се сместат таму каде што можат да стекнат знаење, среќа и доблести, каде што можат да станат синови и ќерки на небесниот Цар, тие ќе се подготват да постапуваат христијански во взаемните односи во општеството. Тие треба така да се воспитаат, за да можат и самите да им помогнат на други луѓе. Така, доброто дело ќе се прошири и овековечи. {6C 287.2}

Која мајка некогаш ги љубела своите деца како што Христос ги љуби Своите деца? Расипаноста на нивниот карактер Му причинува на Исуса подлабока и потешка болка отколку што една мајка може да почувствува. Тој ги гледа идните последици за секоја лоша постапка. Затоа мораме да направиме сè што можеме за запоставената душа. {6C 287.3}

ЗДРАВСТВЕНОМИСИОНЕРСКАТА РАБОТА И ВЕСТА НА ТРЕТИОТ АНГЕЛ

Многупати бев поучена дека здравствено-мисионерската работа треба да биде споена со веста на Третиот ангел како раката со телото. Под водство на божествената Глава, тие

треба да работат единствено, подготвувајќи го патот за Христовото доаѓање. Десната рака на телото на вистината треба постојано да биде активна, постојано да работи и Бог ќе ја зацврсти. Неа не треба да ја направиме тело. Во исто време ниту телото не смее да ѝ каже на раката: „Не ми требаш". На телото му е неопходна раката за да може енергично и силно да работи. Двата органи имаат своја јасно одредена задача и секој од нив би претрпел голема загуба кога би работел независно еден од друг. {6C 288.1}

Многумина не гледаат на делото на проповедање на веста на Третиот ангел онака како што сака Бог. Ова било сметано за работа од подреден вид, додека би требало да зазема значајно место во работата за спасение на човекот. Разумот на луѓето мора да се упати на Светото Писмо како на најглавен фактор во спасувањето на душите, а проповедањето на Речта е голема образовна сила која ќе доведе до тој резултат. Оние кои ја омаловажуваат оваа работа на проповедање на евангелието и настојуваат здравствено-мисионерската работа да ја направат независна од проповедањето, се обидуваат со тоа да ја одвојат раката од телото. Што би се случило кога тие би успеале? Би виделе како раце мавтаат натаму наваму, трошејќи средства без контрола на главата. Работата би станала несразмерна и неурамнотежена. Она што Бог одредил да биде рака и мишка, би ја презело на себе улогата на цело тело и службата на проповедање на евангелието би била омаловажувана или сосема занемарена. Ова би ги збунило луѓето и многу делови од Господовото лозје би останале необработени. {6C 288.2}

Здравствено-мисионерската работа треба да биде дел од задачата на секоја црква во нашата земја. Одвоена од црквата, таа наскоро би станала чудна мешавина од неорганизирани атоми. Таа би трошела, а не би произведувала. Наместо да работи како Божја рака која го помага ширењето на Неговата вистина, таа би го поткопувала животот и силата на црквата и би ја слабела веста. Ако се води независно, таа не само што би ги приграбила луѓето и парите потребни за работа на други аспекти од делото, туку, помагајќи им на беспомошните независно од проповедањето на Речта, би ги навела луѓето да гледаат со потсмев на библиската вистина. {6C 289.1}

Проповедањето на евангелието треба да подари постојаност и трајност на здравствено-мисионерската работа, а на проповедниците им е потребна здравствено-мисионерската работа за да го покажат на дело практичното делување на евангелието. Ниту еден дел од работата не е потполн без другиот. {6C 289.2}

Веста за скорото доаѓање на Спасителот мора да се однесе во сите делови на светот и секоја гранка на делото треба да има карактер на свето достоинство. Треба да се обработи едно големо лозје и мудриот домаќин ќе настојува да работи така што секој дел ќе донесе плод. Ако во здравствено-мисионерската работа сите битни начела на вистината се чуваат чисти, неизвалкани со било што, што би можело да го намали нивниот сјај, Господ ќе го води ова дело. Ако луѓето на одговорни места останат верни на вистината, Господ ќе ги поддржи. {6C 289.3}

Единството кое треба да постои помеѓу здравствено-мисионерската работа и проповедањето на евангелието јасно е прикажано во педесет и осмото поглавје од книгата на пророкот Исаија. Тука е мудроста и благословот за оние кои сакаат да се посветат на делото кое тука е предочено. Ова поглавје е јасно и содржи доволно светлина за секој кој сака да ја твори Божјата волја. Тоа пружа широки можности да му се помогне на напатеното човештво, а во исто време да бидеме орудие во Божјите раце кое ќе му ја донесе

светлината на светот кој пропаѓа. Ако во ширењето на веста на Третиот ангел се оди по правилен пат, нема на проповедањето да му се даде подредено место, ниту ќе се занемарат сиромашните и болните. Во Својата Реч, Бог ги соединил овие две гранки на работа и никој не смее да ги раздвојува. {6C 289.4}

Постои опасност да ги изгубиме од вид големите начела на вистината, ако работејќи за сиромашните, што ни е должност, немаме секогаш на ум дека во оваа работа мораат на прво место да се истакнуваат духовните потреби. Во своите напори да ги олесниме земните неволји, ние запаѓаме во опасност од последната вест на евангелието да ги одвоиме нејзините најглавни и најнеопходни карактеристики. Здравствено-мисионерската работа се водела така во некои места, што ги апсорбирала способните луѓе и средства кои им припаѓаат на други гранки на делото, така што била запоставена работата на чисто духовните полиња. Бидејќи постојат сè поголеми можности за задоволување на земните потреби од сите слоеви, се заканува опасност оваа работа да ја фрли во сенка веста која Бог ни ја дал да ја проповедаме во секој град објавување на скорото Христово доаѓање, неопходноста за послушност на Божјите заповеди и сведоштвото Исусово. Оваа вест е бреме на нашето дело. Таа треба да се објави со толку гласен восклик и да биде однесена на целиот свет. Како во домашните, така и во странските полиња, со неа мора обединето да се прикажуваат на челата на здравјето, но истото не смее да биде независно од неа, ниту пак на било која начин да го заземе нејзиното место. Исто така, оваа работа не смее да заземе толкаво внимание, така што ќе се омаловажуваат другите гранки. Господ нè поучил да го земеме во обзир де лото во сите негови аспекти, за да можат сите соодветно и рамно мерно да се развиваат. {6C 290.1}

Вистината за ова време го опфаќа целото евангелие. Ако правилно се проповеда, таа ќе изврши такви промени кај човекот кои ќе ја по кажат силата на Божјата благодат врз срцето. Со тоа делото ќе биде потполно извршено и човекот потполно развиен. Затоа, не поставувајте никакви граници помеѓу вистинската здравствено-мисионерска работа и проповедањето на евангелието. Двете гранки нека се соединат во повикот: „Дојдете, зашто сè е готово”. Нека се спојат во неразделно единство, како што раката е споена со телото. {6C 291.1}

Здравствено-мисионерски работници

На Господа Му се потребни секакви видови на способни работници. „И Тој постави едни за апостоли, други за пророци, трети за евангелисти, четврти за пастири и учители, за усовршување на светиите во службата на проповедање, за изградување на Христовото тело, додека сите не достигнеме единство на верата и познанието на Синот Божји, до состојба на совршен човек, до мера на возраста на Христовата пол нота“ (Ефесјаните 4:11-13). {6C 291.2}

Секое Божјо дете треба да поседува просветено расудување за Божјото дело како целина и за меѓусебните односи на поединечните делови од таа целина, за ниту еден да не биде запоставен. Полето е широко и големото дело на реформа треба да се спроведе не во една или две гранки, туку во сите гранки. Здравствено-мисионерската работа спаѓа во рамките на тоа дело на реформа, но таа никогаш не смее да ги одвојува работниците во

службата на проповедање од нивното поле на работа. Подготвувањето на учениците за здравствено-мисионерската работа нема да биде совршено ако тие не се научат да соработуваат со црквата и со делото на проповедање на евангелието. Оние кои се подготвуваат за мисионерска работа ќе бидат многу покорисни ако се запознаат со големото и значајно здравствено прашање. Потребно е влијание на Светиот Дух за делото да биде урамнотежено како што треба и за цврсто да напредува во сите гранки. {6C 291.3}

„Зближете се меѓусебно“

Господовото дело е едно и Неговиот народ треба да биде единствен. Господ не наредил било кој дел од веста да се спроведува независно или да ги фрли во сенка сите други. Господ ја обединил здравствено-мисионерската работа со проповедањето на Божјата Реч. Тој ги испратил дванаесетте апостоли, а подоцна и седумдесет за да го проповедаат евангелието на народот, а исто така им дал и моќ во Негово име да исцелуваат болни и да истеруваат демони. Така треба да работат Господовите гласници и денес. И нам денес ни е упатена веста: „Како што Таткото Ме прати Мене, така и Јас ве праќам вас. И кога им го кажа ова, дувна и им рече: ‘Примете Свет Дух’“ (Јован 20:21, 22). {6C 292.1}

Сатаната измислува секакви можни планови за да ги разедини оние Бог сака да ги обедини. Но ние не смееме да дозволиме тој да нè за веде со своите измами. Ако здравствено-мисионерското дело се спроведува како дел од евангелието, светот ќе увиди дека е извршено добро дело, ќе биде уверен во неговата исправност и ќе му пружи поддршка. {6C 292.2}

Се приближуваме кон крајот на историјата на оваа Земја и Бог сите нè повикува да го подигнеме знамето на кој стои натписот: „Овде е трпението на светиите кои ги држат Божјите заповеди и верата во Исус“. Тој го повикува Својот народ да работи во совршена хармонија. Тој ги повикува оние кои се вклучени во нашата здравствена работа да се обединат со проповедниците; Тој ги повикува проповедниците да се обединат со здравствено-мисионерските работници и ја повикува црквата да ги извршува своите должности, издигнувајќи го знамето на вистинската реформа во сопствената земја и дозволувајќи им на обучените и искусни работници да одат во нови полиња. Не треба да се изговори ниту еден збор кој би можел некого да обесхрабри, зашто тоа го разжалостува Христовото срце, а причинува големо задоволство на непријателот. Сите треба да бидат крстени со Светиот Дух, да се воздржуваат од омаловажувачки забелешки и замерки и да се приближат кон Христа за да можат да ги сфатат одговорностите кои почиваат на Христовите соработници. „Зближете се меѓусебно, зближете се!“ тоа се зборовите на божествениот Инструктор. Единството е сила; неслогата е слабост и пораз. {6C 292.3}

Во нашето залагање за сиромашните и несреќните треба да бидеме внимателни за да не преземеме на себе одговорности за кои не сме дораснати. Пред да ги усвоиме плановите и методите за кои се потребни големи издатоци, мораме да установиме дали тие планови и методи го носат божествениот печат. Бог не одобрува една гранка да се унапредува без да се земат во предвид другите гранки. Тој одредил здравствено-мисионерската работа да го подготви патот за објавување на спасоносната вистина за ова

време за објавување на веста на Третиот ангел. Ако ја остваримe таа намера, веста нема да биде фрлена во сенка, ниту нејзиниот напредок ќе биде попречуван. {6C 293.1}

Бог не бара многубројни установи, големи згради или надворешен сјај, туку сложна дејност на еден посебен народ, драгоцен народ кој Тој го избрал. Секој треба да остане на своето место, мислејќи, зборувајќи и работејќи во склад со Божјиот Дух. Тогаш и дури тогаш делото ќе претставува една потполна, складна целина. {6C 293.2}

ПРОПУСТИ НА ЦРКВИТЕ И НА ПРОПОВЕДНИЧКАТА СЛУЖБА

Во повикот на евангелската вечера Господ Исус посебно го означил делото кое треба да биде извршено дело кое треба да го извршат црквите во сите места, на север, југ, исток и запад. {6C 294.1}

Црквите треба да ги намачкаат своите очи со небесна маст за очи за да можат да ги увидат сите можности кои им се пружаат за да Му служат на Бога. Бог постојано го повикува Својот народ да излезе на патиштата и меѓу оградите и да ги убеди луѓето да дојдат, за Неговата куќа да се исполни. Меѓутоа, дури и на сенката на нашата сопствена врата се наоѓаат семејства за кои не покажуваме доволно интерес кој би ги навел да мислат за тоа како дека се грижиме за нивните души. Господ ги повикува црквите да ја извршат онаа должност која им е најблиска. Ние не смее да стоиме со скрстени раце, зборувајќи: „Кој е мојот ближен?“ Да имаме на ум дека наш ближен е оној кому му се најпотребни нашето сочувство и помош. Наш ближен е секоја душа која непријателот ја ранил и ја повредил. Наш ближен е секој оној кој е Божја своина. Во Христа исчезнуваат разликите кои ги правеле Евреите при одредувањето кој е нивен ближен. Тука нема територијални граници, нема вештачки создадени разлики, ниту ниски или високи општествени класи. {6C 294.2}

Пропуштени прилики

Нашите цркви не го одразуваат во доволна мера духот на милостивиот Самарјанин. Поминуваме покрај многумина на кои им е потребна помош, како што свештеникот и Левитот поминале покрај ранетиот и повреден човек кој бил оставен покрај патот. Запоставени се и заборавени токму оние на кои им била потребна моќта на божествениот Исцелител за да ги излекуваат своите рани. Многумина постапувале како да е доволно само да се знае дека сатаната ги поставил сите свои стапици на една душа и дека затоа можат да одат во своите до мови, не водејќи грижа за изгубената овца. Очевидно е дека оние кои манифестираат таков дух не биле учесници во божествената природа, туку во особините на Божјиот непријател. {6C 294.3}

Некој мора да го исполни Христовиот налог; некој мора да го продолжи делото кое Тој го започнал на Земјата. Таа предност ѝ е дадена на црквата. Таа е организирана поради оваа цел. Зошто тогаш членовите на црквата не ја примиле на себе оваа должност? Има и такви кои го увидуваат овој голем пропуст, кои ги сфаќаат потребите на многу напатени и сиромашни и во нив ги препознаваат душите за кои Христос го дал Својот живот. Нивните срца се трогнати од сочувство и сите нивни сили се мобилизирани за активност. Тие

настојуваат да ги организираат сите оние кои сакаат да соработуваат со нив во донесување на вистината на евангелието на многумина кои денес се во порок и беззаконие, за да ги спасат од животот на распуштеност и грев. Оние кои се посветиле на тоа дело на христијанска помош го работат она што Господ го сака и Тој ја прифаќа нивната работа. Тоа што било на правено во оваа насока е работа за која секој адвентист на седмиот ден треба сесрдно да се грижи, да стои зад неа и самиот сесрдно да учествува во неа. Не учествувајќи во ова дело во своите граници, одбивајќи на себе да ги прими овие должности, црквата ќе претрпи го лема загуба. Ако црквите пристапиле кон ова дело како што требало, би успеале да се спасат многу души. {6C 295.1}

Господ гледа со негодување на црквата поради овој нејзин пропуст. Многумина покажуваат склоности кон удобниот живот и себичност. Некои кои имале предност да ја запознаат библиската вистина не ја внеле во внатрешното светилиште на душата. Бог ги смета за одговорни сите оние кои со чесна и верна служба не му ги враќаат позајмените таланти, ниту се трудат на секој можен начин да ги спасат изгубените. Овие мрзливи слуги се прикажани како човекот кој дошол на свадба без свадбена облека која ја претставува облеката на Христовата праведност. Тие ја примиле вистината само со зборови, но не живеат според неа. Исповедајќи дека се обрезани, тие се всушност необрезани. {6C 295.2}

Зошто ние не сме инспирирани од Христовиот Дух? Зошто толку трогателното барање на помош на напатениот свет нè остава речиси рамнодушни? Ја имаме ли на ум нашата возвишена предност на Христовата круна да ѝ додадеме некоја ѕвезда некоја душа ослободена од сатанските окови и спасена во Божјото царство? Црквата мора да сфати дека нејзина должност е евангелието на сегашната вистина да го од несе на секое суштество. Ве преколнувам да го прочитате третото и четвртото поглавје од книгата на пророкот Захарија. Ако овие поглавја се разбрани и примени, ќе биде извршено едно дело за оние кои се гладни и жедни за праведност, дело кое значи за црквата: „Напред и нагоре”. {6C 296.1}

Последици на пропустот

Секаде каде што се основа црква, сите членови треба да се посветат на мисионерска работа. Тие треба да го посетуваат секое семејство во своето соседство и да се запознаат со неговата духовна состојба. Кога оние кои тврдат дека се христијани би се оддале на ова дело од моментот кога нивните имиња ќе се запишат во книгата на црквата, неверството не би било толку распространето, не би имало толкаво беззаконие и толку неспоредлива расипаност како што се гледа денес во светот. Ако секој член на црквата се трудел да просветли други, илјадници и илјадници би биле со Божјиот народ кој ги држи Неговите заповеди. {6C 296.2}

Последици од овој пропуст на црквата да работи според Христовите методи не гледаме само во светот. Тоа и во самата црква довело до таква состојба, така што високите и светите интереси на Божјото дело паднале во сенка. Во црквата завладеал дух на критикување и горчина и замрачен е духовниот поглед на многумина. Поради тоа, Христовото дело претрпело голема загуба. Небесните сили чекаат да соработуваат со човечките орудија, но ние не го забележуваме нивното присуство. {6C 296.3}

Потреба од покајание

Сега е најдобро време да се покаеме. Сиот Божји народ треба да се посвети на работа на вршење добро. Сите треба со срце и душа да се соединат во сесрдните напори на воздигнување и просветлување на своите ближни. Тие треба да облечат свадбени облеки кои Христос ги подготвил за да можат да работат според Неговите методи; и не треба напразно да ја примаат Божјата благодат. Во понизна и посветена стравопочит тие треба да работат и на десна и лева страна, посветувајќи Му ја на Бога сета своја служба и сите свои способности. {6C 297.1}

Меѓу Божјиот народ мора да дојде до едно будење. Цела црква ќе биде испитана. Световно мудриот човек, кој размислува и планира, кој постојано мисли на својата работа, треба да се труди да стане му дар и во работите од вечна вредност. Што сè не би можел да постигне кога за стекнување на небесното богатство и живот кој се мери со Божјиот живот би се залагал со онаа енергија која ја вложува за стекнување на световна добивка? {6C 297.2}

Неверниот повереник не се збогатил од добрата на својот господар, туку само ги растурал. Наместо искрена и сесрдна работа, тој се оддал на безделничење. Тој бил неверен во користењето на добрата на својот господар. Неверен поверенику, зар не гледаш дека ќе ја из губиш својата душа ако не соработуваш со Бога и ако не ги искористиш на најдобар начин талантите на Господарот? Тебе ти е подарен разум за да знаеш како да работиш. Дадени ти се очи за остро да ги воочиш можностите кои Бог ти ги дава. Твоите уши се затоа за да ги слушаш Божјите заповеди. Колена имаш за три пати дневно да клечиш во сесрдна молитва. Нозе имаш за да одиш по патот на Божјите заповеди. Треба да го напрегнеш својот ум и сите свои способности за да можеш да преминеш во горното училиште и да ги слушнеш од усните на Оној Кој поради нас ги победил сите искушенија зборовите: „На оној што победува, ќе Му дозволам да седне со Мене на Мојот престол, како што и Јас победив и седнав со Својот Татко на Неговиот престол“. „Вака вели Господ Саваот: ‘Ако одиш по патиштата Мои и се придржуваш кон Моите уредби, ќе владееш со Мојот дом и ќе ги вардиш дворовите Мои. И Јас ќе ти дозволам да одиш меѓу тие луѓе што стојат овде“ (Откровение 3:21; Захарија 3:7). Ако не соработуваш со Господа, предавајќи Му се Нему и вршејќи ја Неговата служба, ќе бидеш осуден за неподесен за Неговото чисто, небесно царство. {6C 297.3}

Пропусти на проповедникот

Иако ми беше наложено да укажам на опасностите кои се заканувааат ако тежиштето на работа се пренесе само на здравствено-мисионерската работа, занемарувајќи ги притоа другите гранки на делото, тоа не ги оправдува оние кои се држеле настрана од здравствено-мисионерската работа. Оние кои немале склоности кон оваа работа треба сега да внимаваат што зборуваат, зашто немаат знаење за овој предмет. Каква и да е нивната положба во Унијата треба да се чуваат од давање на изјави или мислења кои никому не користат. Рамнодушноста и спротивставувањето кои некои ги покажувале во поглед на ова

прашање прави да биде недоследно нивните зборови да имаат големо влијание. Тие немаат јасен поглед на работите. {6C 298.1}

Некои се вознемирени и збунети гледајќи дека здравствено-мисионерската работа станува несразмерна, затоа што примајќи толку многу таленти и средства, оваа работа далеку ја надминува работата во другите правци. Во што е работата? Дали водачите на здравствено мисионерската работа се залагаат премногу, или водачите на другите гранки премалку се залагаат? Покажано ми е дека на многу гранки на делото им даваме само еден дел од она што би требало да го дадеме. Проповедниците не ја покажуваат својата вера, ревност и енергија која би требало. Напорите на многумина се неагресивни и безживотни. Тоа покажува дека не е примена оваа светлина која Бог ни ја дал во поглед на нашите должности и предности. Човечките планови ги потиснале на страна Божјите планови. Наложено ми е да кажам дека здравствено-мисионерската работа напредува според Божјата заповед. Вистината мора да се проповеда на патиштата и меѓу оградите. Проповедниците и членовите на црквата треба да се пробудат и да ја сфатат неопходноста од соработка на тоа дело. {6C 299.1}

Оние кои чувствуваат товар во работата на пружање на христијанска помош потврдуваат со своите сесрдни и неуморни напори дека не се задоволуваат само со верување во теоријата на вистината. Тие се трудат да одат во светлина и ја применуваат својата вера и во животот, соединувајќи ги верата и делата. Тие ја извршиле токму онаа работа што Господ специфицирал дека треба да се изврши и многу души се просветлени, уверени и помогнати. {6C 299.2}

Рамнодушноста на нашите проповедници кон здравствената ре форма и здравствено-мисионерската работа е изненадувачка. Дури и оние кои не тврдат за себе дека се христијани, му подаруваат на ова прашање поголемо внимание отколку некои од нашиот народ, така што во тој поглед тие отишле пред нас. {6C 299.3}

Јас го поставувам прашањето: зошто некои наши проповедници толку заостанале во проповедањето на возвишената тема за умереност? Браќа мои, даден ви е зборот: „Започнете го делото на здравствена реформа, појдете напред". Ако мислите дека здравствено-мисионерската работа станала премногу обемна во сооднос со останатите гранки, земете ги во вашите полиња на работа луѓето кои сега учествуваат во неа, двајца овде и двајца онде. Примете ги овие здравствени мисионери како што би го примиле Христа и видете каква должност тие можат да вршат. Ќе се уверите дека тие не се џуџиња во верското искуство. Ќе увидите дека на тој начин може да се внесе многу небесна животна сила во црквите и дека некои ќе примат образование кое им е толку потребно и ќе го изнесат сведоштвото: „Но Бог, Кој е богат со милост, поради Неговата голема љубов, со која нè засака, иако бевме мртви поради гревовите наши, нè оживеа во Христа, и нè воскресна со Него и нè постави на небесата со Исуса Христа" (Ефесјаните 2:46). Наша голема потреба е единство, потполна слога во Божјото дело. {6C 299.4}

На оние кои не го сфаќаат значењето и важноста на здравствено мисионерската работа не треба да им се дозволи да раководат со ниту еден нејзин дел. Ним им е неопходно да стекнуваат сè поголемо знаење за секоја гранка на здравствената реформа. Тие треба да се очистат, посветат и облагородат. Тие треба да бидат обликувани и оформени според божествениот пример. Тогаш ќе увидат дека здравствено-мисионерската работа сочинува дел од Божјото дело. Причината што многу членови на црквата не ја сфаќаат оваа гранка на

делото лежи во тоа што не одат чекор по чекор со својот Водач во самоодрекувањето и пожртвуваноста. Здравствено-мисионерската работа е дело кое Бог ни го дал и тоа го носи Неговиот печат; иако на оваа работа не смее да се потрошат толку средства за со тоа да се оневозможи работата која треба да се изврши во новите полиња, сепак таа не смее да се смета за неважна. {6C 300.1}

Делото на проповедање на евангелието е организирано поради објавување на вистината и на здравите и на болните. Тоа ги обединува и здравствено-мисионерската работа и проповедањето на Речта. Вака соединети, тие овозможуваат да се однесе светлината и да се прикаже евангелието во сите слоеви на човечкото општество. Бог сака проповедниците и членовите на црквата да земат активно учество во здравствено-мисионерската работа. {6C 300.2}

Да им се пријде на луѓето токму таму каде што тие се наоѓаат, без обѕир на нивната положба или состојба, да им се помага на секој можен начин тоа е служба на евангелието. Оние кои се болни во телото, речиси секогаш се болни и во душата, а кога душата е болна, тогаш е и телото. Проповедниците мораат да имаат на ум дека нивна должност е да им служат на страдалниците секогаш кога за тоа ќе им се укаже прилика. Проповедникот на евангелието треба да ја презентира веста која луѓето мораат да ја прифатат ако сакаат да се посветат и да се подготват за Господовото доаѓање. Тоа дело треба да опфати сѐ што опфаќала Христовата мисија кога бил на земјата. {6C 301.1}

Зошто тогаш сите наши проповедници не соработуваат сесрдно со оние кои го напредуваат здравствено-мисионерското дело? Зошто не го проучуваат внимателно Христовиот живот, за да видат како работел Тој и за да го следат Неговиот пример? Зар вие, Христови одредени проповедници, кои го имате Неговиот пример пред себе, ќе стоите на страна и ќе го критикувате делото кое Тој го вршел кога бил меѓу луѓето? Денешната работа на здравствено поле требало да започне пред многу години и таа би започнала ако Божјиот народ навистина бил обратен кон вистината, ако со понизно срце ја проучувал Божјата Реч и ако на место угодување на себеси, во стравопочит ја испитувал волјата на Гос пода на целата вселена. Ако нашиот народ ја вршел оваа задача, многу надарени и влијателни луѓе би биле обратени и би ѝ пришле на вистината и би ни се придружиле во објавувањето на веста за скорото Христово доаѓање. {6C 301.2}

Оние кои ја познаваат физиологијата и хигиената, ќе најдат во својата проповеднички работа средство со кое ќе можат да ги поучат другите во поглед на правилниот развој на телесните, умните и моралните сили. Затоа, оние кои се подготвуваат за проповедници, треба внимателно да го проучуваат човечкиот организам, за да знаат да водат грижа за него, и тоа не со вештачки лекови, туку од сопствената лабораторија на природата. Господ ќе ги благослови оние кои ги вложуваат сите напори да се сочуваат од болести, наведувајќи и други да го сметаат како свето здравјето на телото исто како и на душата. {6C 302.1}

Христовите амбасадори на кои им се доверени живите Божји зборови, ќе бидат од двојна корист ако знаат како да им помогнат на болните. Практичното познавање на здравствената реформа ќе ги оспособи мажите и жените поуспешно да ја објавуваат на светот веста на милост и казнување. {6C 302.2}

Проповедниците треба да бидат едукатори кои разбираат и правилно ги сфаќаат потребите на човештвото. Тие треба да ги поттикнуваат членовите на црквата на стекнување на практично знаење за сите гранки на мисионерската работа, за да можат да

бидат благослов за сите општествени слоеви. Тие треба остроумно да ги воочуваат оние кои се интересираат за духовниот живот и имаат способности и склоности да водат грижа за душите како оние кои мораат да положат сметка. Тие треба да им помагаат на таквите во организирање на работната сила на црквата, за да можат луѓето и младината со различни темпераменти, различни повици и положби да се нафатат на делото кое мора да се изврши, посветувајќи ги своите од Бога дадени способности на возвишена служба на својот Господар. {6С 302.3}

Ние мораме да ги разработиме своите поими за христијанското добродетелство ако сакаме да ги прошириме. Практичната работа ќе оствари многу повеќе од проповедите. Нашите проповедници мораат да имаат поширок поими, и врз основа на своето лично искуство, тие треба да зборуваат зборови кои ќе ја пробудат заспаната енергија на народот. Со секојдневно одржување на врска со Бога, тие треба да стекнат подлабоко сфаќање за својот живот и животот на другите и на тој начин да го прошират делокругот на своето влијание. На тој начин тие ќе соработуваат со Христа и ќе бидат во состојба да просветлат други, затоа што и самите станале канали на светлината. {6С 302.4}

Копајќи подлабоко и поставувајќи посигурни темели, прицврстувајќи ја својата душа за Вечната Карпа, учејќи се да го љубат Бога повеќе од сè, членовите на црквата ќе се научат да ги љубат и своите ближни како самите себеси. {6С 303.1}

Господовата сила се возвеличува кога човечкото срце е нежно, кога ги чувствува неволјите на другите и има сомилост кон нивните страдања. Божјите ангели се подготвени да соработуваат со човечките орудија во работата на спасување на души. Ако Светиот Дух делува на нашето срце и разум, нема да се откажеме од должностите и одговорностите и да поминуваме покрај ранетата и беспомошна душа, оставајќи ја во нејзината неволја. {6С 303.2}

Ценејќи го она што го откупил со Својата крв, Христос ги прима луѓето како Свои деца, правејќи ги предмет на Својата нежна грижа; за да ги задоволи нивните земни и духовни потреби, Тој ги доверува на Својата црква, со зборовите: Доколку му направивте на еден од Моите најмали браќа, Мене Ми направивте. {6С 303.3}

Тоа треба да биде наше мото: „Доколку му направивте на еден од Моите најмали браќа, Мене Ми направивте”. Ако тоа совесно го вршиме во својот секојдневен живот, ќе ги слушнеме зборовите на благослов: „Добро извршено, добар и верни слуго… влези во радоста на Својот Господар”. Ќе се исплати ли како христијани да ги издржиме испитите и пробите на кои Господ нè изложува? {6С 303.4}

Во делото на чистење и облагородување на својата душа, нашата силна желба да го утврдиме својот повик и избор, ќе нè вдахне со копнеж кон оние кои се во потреба. Со истата енергија и внимание кои не когаш ги подарувавме на земните работи, ќе се посветиме на служба на Оној кому сè му должиме. Треба да работиме како што работел Христос, користејќи ја секоја можност што ќе ни се пружи да работиме за оние кои ќе пропаднат во својата деградација ако не им се укаже помош. Треба да им пружиме на другите рака за помош. Тогаш со песни на слава и благодарност ќе се радуваме со Бога и небесните ангели, гледајќи ги душите кои биле потонати во грев како се издигнале; и набљудувајќи ги оние кои биле измамени и избезумени како облечени и при здрав разум седат покрај Христовите нозе, учејќи се од Него. Вршејќи го ова дело, примајќи од Бога и враќајќи Му го она што во до верба сме го примиле од Него за да го искористиме во Негова

слава, ќе го примиме Неговиот благослов. Тогаш сиромашната, малодушната и од грев оболена душа нека дознае дека во држењето на Неговите заповеди „постои голема награда,“ а потоа со сопствено искуство по кажете им на другите дека благословот и службата се поврзани едно со друго. {6C 304.1}

Иако сме пропуштале драгоцено време и таленти во себичното угодување на себеси, Господовата рака е сè уште испружена; и ако денес сакаме да работиме во Неговото лозје, носејќи го на светот Неговиот повик на милост, Тој ќе ја прими нашата служба. За колкумина од нив вие би сакале да работите за тие да стигнат до пристаништето на мирот и да ја примите пофалбата „Добро извршено, добар и верни слуго?“ На колку души ќе им помогнете да бидат крунисани со слава, чест и вечен живот? Спасителот повикува работници. Ќе сакате ли добро волно да се јавите? {6C 304.2}

НАГРАДА ЗА СЛУЖБАТА

„Кога даваш ручек или вечера, не кани ги пријателите свои, ниту браќата свои, ниту роднините свои, ниту богатите соседи, за да не те поканат и тие некогаш и да ти биде возвратено. Но, кога даваш гозба, повикај ги сиромасите, сакатите, куците, слепите и ќе бидеш блажен, зашто тие немаат со што да ти возвратат и затоа ќе ти биде возвратено при воскресението на праведните“ (Лука 14:12-14). {6C 305.1}

Со овие зборови Христос повлекол разлика помеѓу саможивите обичаи на овој свет и несебичната служба за која Тој дал пример со Својот сопствен живот. За таквата служба, Тој не ветува награда во световна добивка или признание. „Но ќе ти биде возвратено,“ вели Тој, „при воскресението на праведните“. Тогаш ќе се покажат резултатите на сечиј живот и секој ќе го жнее она што го посеал. {6C 305.2}

Оваа мисла треба да биде поттик и охрабрување за секој Божји работник. Нашата работа за Бога во овој живот често изгледа речиси бес плодна. Нашите напори за добро можат да бидат сесрдни и истрајни, а сепак можеби нема да ни биде дозволено да ги видиме нивните резултати. Можеби ќе ни се чини дека тие напори се залудни. Но, Спасителот нè уверува дека нашата работа е забележана на небото и дека наградата нема да изостане. Апостол Павле, пишувајќи преку Светиот Дух вели: „Кога правиме добро, тоа нека не биде здодевно, зашто во свое време ќе пожнееме, ако не се изморime“ (Галатјаните 6:9). Во зборовите на псалмистот: „Оној кој иде со плачење, носејќи го семето за сеење, несомнено ќе се врати со радост, носејќи ги своите снопја“ (Псалм 126:5). {6C 305.3}

И додека конечната голема награда ќе биде дарувана дури при Христовото доаѓање, искрената служба на Бога донесува награда уште во овој живот. Работникот ќе мора да се бори со пречки, спротивставувања и горки разочарувања кои го раскинуваат срцето. Можеби тој нема да ги види плодовите на своите напори, но и покрај сето тоа, тој наоѓа благословена награда во својата работа. Сите кои ќе Му се предадат на Бога во несебична служба за човештвото стануваат соработници на Господ на славата. Оваа мисла ја ублажува сета напорна работа, ја зацврстува волјата и го зајакнува духот за сè што може да го снајде човекот. Работејќи со несебично срце, облагородено учествувајќи во Христовото страдање,

имајќи дел во Неговото сочувство, тие помагаат да се зголеми Неговата радост, донесувајќи чест и пофалба на Неговото возвишено име. {6C 305.4}

Во општење со Бога, Христа и светите ангели, тие се опкружени со небесна атмосфера, која донесува здравје на телото, сила на умот и радост на душата. {6C 306.1}

Сите кои ќе ги посветат на Божјата служба своето тело, душа и дух, постојано ќе примаат нови дарови на телесна, душевна и духовна сила. Ним им стојат на располагање неисцрпните залихи на небото. Христос им дава здив од Својот сопствен дух, живот од Својот живот, а Светиот Дух ги вложува Своите најголеми сили за да делува на срцето и на умот. {6C 306.2}

„Тогаш ќе светне твојата светлина како зора и твоето здравје на скоро ќе процути". „Тогаш ти ќе повикаш и Господ ќе те чуе, ќе извикаш и Тој ќе рече: 'Еве Ме.'" Тогаш твојата светлина ќе изгрее во темнината и мракот твој ќе биде како пладне. И Господ секогаш ќе ти биде водач, а и во време на суша ќе ја наситува душата твоја и ќе ги крепи коските твои; ти ќе бидеш како градина напоена со вода и како извор, чии води никогаш не пресушуваат" (Исаија 58:8-11). {6C 306.3}

Многубројни се Божјите ветувања за оние кои им служат на Неговите страдалници. Тој вели: „Блажен е оној што се грижи за бедните! Во злочест ден Господ ќе го избави. Господ ќе го пази и ќе го одржи во живот и ќе Му даде среќа на земјата; и нема да го предаде во рацете на непријателот негов. Господ ќе Му помогне кога лежи болен в постела. Ти ја исцелуваш секоја болка при болеста негова". „Верувај во Господ и прави добро, за да живееш на земјата и да уживаш во спокојство" (Псалм 41:13; 37:3). „Давај Му принос на Господ од имотот твој и од првините на плодовите од твоите придобивки, и твоите житници ќе се исполнат до врвот, а твоите преси ќе се прелеваат од вино". „Еден раздава штедро, и уште му се додава; а друг преку мера е скржав и пак е сиромав". „Кој прави добро на сиромав, заем Му дава на Господ и Тој ќе му плати за неговата добрина". „Добротворната душа ќе биде наситена и кој напојува други и тој самиот ќе биде напоен" (Изреки 3:9, 10; 11:24; 19:17; 11:25). {6C 306.4}

Иако во овој живот не се гледаат многу плодовите на нивната работа, Божјите работници го имаат Неговото сигурно ветување за конечен успех. Христос, како Откупител на светот бил постојано соочуван со привидни неуспеси. Изгледало како малку да постигнува од она за што копнеел да подига и да спасува. Сатанските сили постојано настојувале да создадат препреки на Неговиот пат. Но Тој не дозволувал да се обесхрабри. Секогаш Му биле пред очите резултатите на Него вата мисија; и знаел дека, во борбата со злото, вистината на крајот ќе победи; затоа и им рекол на Своите ученици: „Ова ви го реков за да имате мир во Мене. Во светот ќе имате маки; но бидете храбри, зашто Јас го победив светот" (Јован 16:33). Животот на Христовите ученици треба да биде како Неговиот серија на непрекинати победи, за кои овде не се видело дека се победи, но како такви биле признати во големата иднина. {6C 307.1}

Оние кои работат за добро на другите, соработуваат со небесните ангели, кои се нивни постојани придружници, нивни неуморни помошници. Ангелите на светлината и силата секогаш се во близина; да за штитат, утешат, залечат, поучат и вдахнат. Тие го поседуваат највозвишеното образование, највистинската култура и највозвишената можна служба за човечките суштества во овој свет. {6C 307.2}

Нашиот милостив Татко често ги храбри Своите деца и ја зацврстува нивната вера дозволувајќи им да ги видат доказите на силата на Неговата благодат и нејзиното влијание на срцата и животите на оние за кои тие работат. „Моите мисли не се ваши мисли, ниту вашите патишта се мои патишта, вели Господ. Но, како што небото е повисоко од земјата, така се и Моите патишта повисоки од вашите патишта и мислите Мои повисоко од вашите мисли. Како што дождот и снегот паѓаат од небото и таму не се враќаат, туку ја напојуваат земјата и ја прават способна да раѓа и да се зеленее, за да му дава семе на оној, што сее и леб за да јаде, така и Моето слово, што излегува од устата Моја, не се враќа кон Мене празно, туку го исполнува она, што Ми е угодно и го прави она за што сум го испратил Јас. И така, вие ќе излезете во веселба и ќе бидат испратени со мир; горите и ридовите ќе пеат песна пред вас и сите дрвја во полето ќе ракоплескаат. Место трн ќе израсне кипарис; место коприва ќе израсне мирта; и тоа ќе биде за слава на Господ, за вечен знак, неразрушив“ (Исаија 55:8-13). {6С 308.1}

Во преобразување на карактерот, во искоренување на лошите склоности, во развивање на слатките доблести на Светиот Божји Дух, гледаме исполнување на ветувањето „место трн ќе никне кипарис, место коприва ќе никне мирта”. Ќе видиме како пустината на животот „ќе се радува и процвета како роза”. {6С 308.2}

Христос наоѓа задоволство да ги земе оние кои навидум изгледаат безнадежни, оние кои сатаната ги понизил и преку кои некогаш работел и да ги направи поданици на Својата благодат. Тој се радува што може да ги ослободи од страдањата и гневот кој паѓа на непокорните. Тој ги прави Своите деца помошници во вршење на ова дело и во успехот на истото, тие наоѓаат драгоцена награда уште во овој живот. {6С 308.3}

Но што е тоа во споредба со радоста која ќе ја доживеат на големиот ден на конечното откривение? „Сега гледаме како низ огледало, нејасно, а тогаш лице в лице; сега спознавам делумно, а тогаш ќе спознаам совршено како што и сум познат“ (1. Коринтјаните 13:12). {6С 309.1}

Награда за Христовите работници е да влезат во Неговата радост. Таа радост, која и сам Христос со копнеж ја исчекува, откриена е во Неговата молба кон Својот Татко: „Татко, сакам и оние што си Ми ги дал да бидат со Мене, каде што сум Јас“ (Јован 17:24). {6С 309.2}

Кога Исус по Своето воскресение се вознел на небото, ангелите чекале да го поздравуваат со добредојде. Небесните војски со копнеж очекувале повторно да го поздравуваат Својот љубен Војсководач, Кој им се враќал од затворот на смртта. Тие нетрпеливо се стискале околу Него кога влегувал низ небесните порти. Но, Тој ги запрел. Неговото срце било со осаменатa и тажна група на ученици кои ги оставил на Маслинската гора. Тој сè уште е со Своите деца кои се борат на Земјата, кои мораат да водат борба со разурнувачот. „Татко,“ вели Тој, „сакам и оние што си Ми ги дал да бидат со Мене, каде што сум Јас“.{6С 309.3}

Христовите откупеници се Негови скапоцени камења, Негово драгоцено и посебно богатство. „Тие ќе бидат како камења на круна“ „богатството на славата од Неговото наследство во светиите“ (Захарија 9:16; Ефесјаните 1:18). „Тој ќе го види трудот на својата душа и ќе биде задоволен“ (Исаија 53:11). {6С 309.4}

Зар Неговите работници нема да се радуваат кога и тие ќе ги здогледаат плодовите на својата работа? Апостол Павле, пишувајќи им на обратените Солунјани вели: „Зашто, кој е нашата надеж или радост, или венец за пофалба? Та не сте ли вие пред нашиот Господ Исус Христос при Неговото доаѓање? Да, вие сте нашата слава и радост“ (1. Солунјаните 2:19, 20).

Тој ги предупредува своите браќа Филипјани: „За да бидете прави и чисти, да светите како светила во светот, држејќи се за словото на животот, за моја гордост во денот Христов, дека не трчав напразно и не се трудев напразно“ (Филипјаните 2:15.16). {6C 309.5}

Секој поттик на Светиот Дух кој ги наведува луѓето на добро и ги приближува кон Бога се бележи во небесните книги, и на Божјиот ден ќе му се дозволи на секој кој бил орудие на Светиот Дух да види што е постигнато во неговиот живот. {6C 310.1}

Сиротата вдовица која дала две лепти во Господовата ризница малку знаела што направила со тоа. Нејзиниот пример на самопожртвување влијаел на илјадници срца во сите земји и сите векови. Тој донел во Божјата ризница дарови од мали и големи, богати и сиромашни. Тој придонел за одржување на мисии, основање на болници, хранење на гладни, облекување на голи, лекување на болни и проповедање на евангелието на сиромашните. Нејзиното несебично дело донело благослови на многумина. И неа на Божјиот ден ќе ѝ биде дозволено да го види дејството на сите тие добри дела. Тоа се однесува и на драгоцениот дар на Марија за Спасителот. Споменот на скршеното шише од алабастер поттикнал многумина на служба со љубов! Колку ќе се радува Марија кога ќе го види сето тоа! {6C 310.2}

Прекрасно ќе биде откровението кога ќе се согледаат делата на светото влијание со сите свои драгоцени последици. Каква ќе биде благодарноста на душите кои ќе ги сретнеме во небесните дворови кога ќе го сфатат сочувствителното, љубезно залагање за нивното спа сение! Сета благодарност, чест и слава за нашето спасение ќе се од дава на Бога и на Јагнето; но нема да се одземе од Божјата слава во изразувањето на благодарноста кон орудието кое Бог го употребил во спасување на душите кои се наоѓале пред пропаст. {6C 310.3}

Откупените ќе ги сретнат и препознаат оние чие внимание го насо чиле на возвишениот Спасител. Каков благословен разговор ќе водат тие со овие души! „Бев грешник,“ ќе каже еден, „без Бога и без надеж во светот, а ти дојде и го насочи моето внимание на драгоцениот Спа сител како на моја единствена надеж. Така, јас поверував во Него. Јас се покајав од своите гревови и дозволено ми е да седнам со Неговите светии во небесните дворови во Исуса Христа”. Друг ќе каже: „Бев незнабожец во незнабожечка земја. Ти ги напушти своите пријатели и удобноста на својот дом и дојде да ме научиш како да го најдам Исуса и да верувам во Него како во единствен вистински Бог. Јас ги уништив своите идоли, почнав да Му служам на Бога и сега го гледам лице во лице. Спасен сум, вечно спасен, за секогаш да го гледам Оној Кој го љубам. Тогаш го гледав само со очите на верата, но сега го гледам онаков каков што е. Сега можам да ја изразам својата благодарност за откупувачката милост на Оној Кој ме љубеше и ме измиод моите гре вови во Својата сопствена крв”. {6C 311.1}

Други ќе ја изразат својата благодарност кон оние кои ги нахраниле гладните и облекле голите со следниве зборови: „Кога очајот ја окова мојата душа со неверство, Господ те испрати кај мене да ми зборуваш зборови на надеж и утеха. Донесе храна за моите телесни потреби и ми ја отвори Божјата Реч, укажувајќи ми на духовните потреби. Постапуваше со мене како со брат. Сочувствуваше со мене во моите неволји, го поврати животот во мојата повредена и ранета душа, така што можев да ја прифатам раката која Христос ми ја пружи за да ме спаси. Во моето незнаење, ти трпеливо ме поучуваше дека имам Татко на небото кој се грижи за мене. Ми читаше драгоцени ветувања од Божјата Реч. Ми вдахна вера дека

Тој ќе ме спаси. Моето срце омекна; се скрши и се потчини кога ја сфатив жртвата која Христос ја поднесе поради мене. Станав гладен за лебот на животот и вистината стана драгоцена за мојата душа. Сега сум овде, спасен, вечно спасен, за секогаш да живеам во Неговото присуство и да го фалам Оној Кој го дал Својот живот за мене". {6C 311.2}

Каква радост ќе биде кога тие откупени ќе се состанат и ќе се поздрават со оние кои придонеле за нивното спасение! А оние кои живееле не за да си угодуваат на самите себеси, туку за да бидат благослов за несреќните кои имаат толку малку благослови колку нивните срца ќе бидат исполнети со задоволство! Тие ќе го искусат исполнувањето на ветувањата: „И ќе бидеш блажен, зашто тие немаат со што да ти возвратат, и затоа ќе ти биде возвратено при воскресението на праведните".{6C 312.1}

„Тогаш ќе имаш радост во Господ, а Јас ќе те искачам на височини земни и ќе ти дадам да вкусиш од наследството на Јаков, твојот татко: устата на Господ го изрече тоа" (Исаија 58:14). {6C 312.2}

„Не плаши се… Јас сум ти закрила и наградата твоја ќе биде многу голема" (Создавање 15:1). {6C 312.3}

„Јас сум твој дел и твое наследство" (Броеви 18:20). {6C 312.4}

„Каде што сум Јас, таму ќе биде и Мојот слуга" (Јован 12:26). {6C 312.5}

Отсек Пет

КОЛПОРТАЖА

„Блазе на вас кои сеете покрај
секоја вода" (Исаија 32:20)

ЗНАЧЕЊЕ НА ОВАА РАБОТА

Колпортерската работа, ако се спроведува правилно, е мисионерска работа од најголемо значење и претставува добар и успешен метод на народот да му се изложат значајните вистини за ова време. Значењето на проповедничката работа е очевидно. Меѓутоа, многумина кои се гладни за лебот на животот ја немаат таа предност да ја слушнат речта на проповедникот кој Бог го именувал. Од таа причина е неопходно да се шират нашите публикации. На тој начин веста ќе стигне и таму каде што живиот говорник не може да стигне и вниманието на многумина ќе биде свртено на значајните настани поврзани со завршните сцени на светската историја. {6C 313.1}

Бог одредил колпортерската работа да биде средство со помош на кое на народот ќе му се открие светлината што ја содржат нашите книги и колпортерите треба да бидат свесни за тоа колку е значајно за духовното просветување и образување на народот да добие такви

книги. Тоа навистина е Господово дело кое Неговиот народ треба да го врши во ова време. Сите кои се посветуваат на Бога работејќи како колпортери, придонесуваат за ширење на последната вест на опомена на овој свет. Ние не можеме да ја прецениме таа работа, зашто многумина никогаш не би ја слушнале опомената без колпортерските напори. {6C 313.2}

Вистина е дека некои кои купуваат книги ќе ги стават истите на по лица или на маса и ретко ќе погледнат во нив. Меѓутоа, Бог води грижа за Својата вистина и ќе дојде време кога тие книги ќе бидат барани и читани. Таа куќа можеби ќе ја снајде болест или некоја несреќа и тогаш преку вистината што ја содржат тие книги, Бог ќе им испрати на вознемирените срца мир, надеж и спокојство. Ним им се открива Неговата љубов и тие ја сфаќаат драгоценоста на простувањето на нивните гревови. На тој начин Господ соработува со Своите работници, полни со самооткажување. {6C 313.3}

Има многу луѓе кои поради своите предрасуди никогаш нема да ја спознаат вистината ако таа не се внесе во нивните куќи. Колпортерот може да ги најде тие души и да им помогне. Тој може поуспешно отколку било кој друг да изврши одредена работа, работејќи од куќа до куќа. Тој може да се запознае со луѓето во семејствата и да ги сфати нивните вистински потреби, да се моли со нив и да им укажува на Божјото Јагне кое ги зело на Себе гревовите на светот. На тој начин ќе се отвори патот за посебната вест за ова време да најде влез во нивните срца. {6C 314.1}

На колпортерот почиваат многу одговорности. Поаѓајќи на работа, тој треба да биде подготвен за објаснување на Светото Писмо. Ако при патувањето од место во место се потпре на Господа, Божјите ангели ќе бидат околу него учејќи го кои зборови треба да ги зборува за да до несе светлина, надеж и охрабрување на многу души. {6C 314.2}

Колпортерот мора да има на ум дека му се пружа прилика да сее покрај секоја вода. Тој мора да има на ум дека, продавајќи ги книгите кои содржат знаење за вистината, врши Божје дело и дека секој талант треба да се употреби во слава на Неговото име. Бог ќе биде со секого кој се труди да ја разбере вистината, за да може и на други јасно да ја изложи. Бог рекол јасно и разбирливо: „Духот и невестата велат: ‘Дојди!’ И кој ќе чуе, нека каже: ‘Дојди’“ (Откровение 22:17). Не смееме да го одлагаме пружањето на поуки на оние на кои тоа им е потребно, за да можат да ја запознаат вистината онаква каква што е во Исуса. {6C 314.3}

Изгубените овци од Божјото стадо се расеани по сите места, а де лото кое треба да се изврши за нив е занемарено. Според светлината што ми е дадена, знам дека таму каде што постои еден колпортер, треба да има стотина. Колпортерите треба да се поттикнуваат да се прифатат за таа работа, не за да растураат книги со стории, туку за на светот да му дадат книги кои ја содржат вистината битна за ова време. {6C 315.1}

Колпортерите треба да ја шират Господовата Реч, имајќи на ум дека оние кои ги држат Божјите заповеди и поучуваат други да ги држат, ќе бидат наградени со обратување на душите, а вистински обратената душа, ќе приведе и други кај Христа. Така делото ќе напредува во нови полиња. {6C 315.2}

Дојде време кога колпортерите треба да извршат едно големо дело. Светот заспал и тие, како стражари, треба да му носат опомена која како ѕвоно ќе ги пробуди заспаните и ќе ги предупреди на опасност. Црквите не го познаваат времето на својата посета. Честопати тие најдобро осознаваат за вистината благодарение на напорите на колпортерите. Оние кои се трудат во Господово име се Негови гласници и на многумина

кои се во темнина и заблуда тие им донесуваат радосна вест на спасението преку Христа, по пат на покорување на Божјиот закон. {6C 315.3}

Дадена ми е поука дека колпортерот треба да продолжи со својата работа дури и таму каде што народот може да ја слуша речта на живиот проповедник и дека треба да соработува со проповедникот; за што иако проповедникот верно ја изложува веста можеби народот не е во состојба да ја сфати. Според тоа, неопходна е печатена книга, не само за народот да го сфати значењето на вистината за ова време, туку за да се вкорени и втемели во вистината и за да се утврди против измамничката заблуда. Списанијата и книгите се Божји средства со чија помош Тој постојано ја држи пред очите на народот веста за ова време. Во просветлувањето и утврдувањето на душите во вистината, публикациите можат да остварат многу повеќе резултати отколку што може да ги оствари само проповедањето на Божјата Реч. Немите гласници кои, благодарение на трудот на колпортерите се наоѓаат во домовите на народот, ќе го засилат делото на проповедање на евангелието, зашто Светиот Дух ќе влијае на умовите на оние кои ги читаат тие книги, како што влијае на умовите на оние кои слушаат проповед за Божјата Реч. Ангелите им ја пружаат на книгите што ја содржат вистината онаа иста под дршка која ја пружаат на делото на проповедникот. {6C 315.4}

На небото стига веста за секој успешен напор кој ние го вложуваме за да ја истераме темнината, ширејќи ја светлината и знаењето за Бога и за Исуса Христа, кого Тој го испратил. Таквите дела се изнесуваат пред небесните битија и ги воодушевуваат сите поглавари и власти, придобивајќи ја наклонетоста на сите небесни суштества. {6C 316.1}

„Но да Му благодариме на Бога, кој секогаш ни дава победа во Исус Христос и на секое место преку нас го појавува мирисот на спознанието на Самиот Него. Зашто ние сме Му на Бога благопријатен мирис Христов и меѓу оние кои се спасуваат и меѓу оние кои пропаѓаат; на едните сме смртоносен мирис за смрт, а на другите животворен мирис за живот. И за ова кој е способен?“ (2. Коринтјаните 2:1416). {6C 316.2}

КВАЛИФИКАЦИИ НА КОЛПОРТЕРОТ

Бидејќи колпортирањето на нашата литература е мисионерска работа, таа треба да се врши од мисионерска гледна точка. Оние кои се избрани за колпортери, треба да бидат мажи и жени кои ја сфаќаат одговорноста на службата, чија цел не е да стекнат добивка, туку на народот да му однесат светлина. Секоја наша служба треба да при донесе за Божја слава и за пренесување на светлината на оние кои сè уште се наоѓаат во темнина. Себичните начела, љубовта кон добивката, достоинството или положбата не би требало ниту да се спомнуваат меѓу нас. {6C 317.1}

Колпортерите треба секојдневно да бидат обратени, за нивните зборови да бидат животен мирис за живот, за да можат да вршат спасоносно влијание. Причината што многумина немале успех во колпортерската работа лежи во тоа што не биле вистински христијани; тие не го познавале духот на обратување. Ја познавале теоријата на колпортерската работа, но не ја чувствувале својата зависност од Бога. {6C 317.2}

Колпортери, имајте на ум дека книгите кои ги ширите не се чаша која содржи вавилонско вино доктрини на заблуда кои се даваат на земните цареви, туку чаша полна

со драгоценост на вистините на откупувањето. Ќе сакате ли и сами да пиете од таа чаша? Вашиот ум може да се потчини на Христовата волја и Тој може да го стави на вас Својот сопствен натпис. Гледајќи постојано на Христа, вие во карактерот ќе се менувате од слава во слава. Бог од вас бара да стапите во првите борбени редови и да зборувате зборови кои Тој ќе ви даде. Тој сака да покажете колку високо го цените човештвото, кое е купено со драгоцената крв на Спасителот. Кога ќе паднете на Карпата и ќе се скршите, ќе ја искусите Христовата моќ и други ќе го увидат дејството на вистината на вашите срца. {6C 317.3}

На оние кои го посетуваат училиштето за да научат како посовршено да го вршат Божјото дело, би сакала да им кажам: имајте на ум дека можете да ги придобивате душите само ако секојдневно се посветувате на Бога. Има луѓе кои не биле во можност да посетуваат училиште за што биле премногу сиромашни за да можат да ги сносат издатоците за школување. Меѓутоа, кога тие станале Божји синови и ќерки, се нафатиле на работа таму каде што се наоѓале, залагајќи се за оние кои се наоѓале околу нив. Иако сиромашни во знаењето кое се стекнува во училиштето, тие се посветиле на Бога и Бог работел преку нив. Слично на учениците, кои биле повикани од своите рибарски мрежи за да го следат Исуса, тие научиле драгоцени поуки од Спасителот. Тие се поврзале со Големиот Учител и знаењето што го стекнале од Светото Писмо ги оспособило на другите да им зборуваат за Христа. На тој начин станале навистина мудри, бидејќи немале толку високо мислење за себе за да не ги прифатат поуките одозгора. Обновувачката сила на Светиот Дух им дала практична, спасоносна енергија. {6C 318.1}

Во поглед на приведувањето на душите кај Христа, знаењето на најучениот човек е лудост ако тој не се поучувал во Христовото училиште. Бог може да работи само со оние кои го прифаќаат повикот: „Дој дете кај Мене сите изморени и обременети и Јас ќе ве успокојам; земете го Мојот јарем на себе и поучете се од Мене, бидејќи сум кроток и смирен по срце и ќе најдете спокојство за душите ваши; зашто јаремот Мој е благ и бремето Мое е лесно“ (Матеј 11:2830). {6C 318.2}

Многу наши колпортери се оддалечиле од правилните начела. Сред желбата да постигнат земна корист, тие ја изгубиле од вид вистинската цел и духот на мисионската работа. Никој нека не мисли дека со истакнување на себеси ќе остави добар впечаток на народот. Со тоа нема да се постигне ниту најдобри ниту најтрајни резултати. Наша задача е да ги насочуваме мислите на народот на свечената вистина за ова време. Ние ќе постигнеме вистински успех во својата работа само тогаш ако нашите срца се исполнети со духот на вистините кои се наоѓаат во тие книги кои ги продаваме и ако во понизност го свртуваме вниманието на народот на нив. Само тогаш Светиот Дух, кој уверува за грев, за праведност и за суд, ќе може да биде присутен и да влијае на срцата. {6C 318.3}

Со нашите книги треба да ракуваат посветени работници кои можат да бидат орудие на Светиот Дух. Нам ни е доволен Христос и ние треба да ја изнесуваме вистината во понизност и едноставност, препуштајќи ѝ таа самата да го покаже својот животворен мирис. {6C 319.1}

Понизната и сесрдна молитва повеќе ќе придонесе за ширење на нашите книги во светот отколку било какво скапоцено украсување. Ако работниците обратат внимание на она што е вистинито, живо и реално, молејќи се за Светиот Дух, верувајќи дека ќе го добијат, имајќи доверба во Светиот Дух, небесната струја на Неговата сила силно ќе се

излие на нив и на човечките срца ќе остави вистински и траен впечаток. Затоа, молете се и работете, работете и молете се и Господ ќе работи со вас. {6C 319.2}

На секој колпортер му е потребна вистинска и постојана помош на ангелите, зашто неговото дело е значајно и тој не може да го изврши со сопствени сили. Светите ангели ќе ги следат и водат оние кои се наново родени, кои имаат желба да бидат водени од Светиот Дух и на Христов начин да го работат она што е во нивни можности, кои сакаат да работат како да се пред очите на небесната вселена. Пред таквите, ангелите ќе влезат во домовите на народот и ќе го подготват патот за нив. Таквата помош е многу посилна од сите скапоцени украсувања. {6C 319.3}

Кога луѓето ќе го сфатат и запознаат времето во кое живееме, ќе работат како да се наоѓаат пред очите на небото. Колпортерот ќе работи со оние книги кои донесуваат светлина и сила на душата. Тој ќе се напои со нивниот дух и ќе се посвети со сета своја душа на задачата истите да ги прикаже на народот. Неговата сила, неговата храброст и неговиот успех ќе зависат од тоа во која мера вистината изнесена во тие книги се вткала во неговиот сопствен живот и се развила во неговиот карактер. Кога неговиот живот е така обликуван, тој може да појде на другите да им ја прикаже светата вистина со која ракува. Вдахновен од Божјиот Дух, тој ќе стекне длабоко и богато искуство и небесните ангели ќе подарат успех на неговата работа. {6C 319.4}

На нашите колпортери, на сите на кои Бог им подарил способности за да соработуваат со Него, би сакала да им кажам: молете се, о, молете се за да имате подлабоко искуство. Појдете со потчинето срце во проучување на светите вистини кои Бог ни ги дал за ова време. Пијте изобилно од водата на спасението, за да може таа во вашите срца да се претвори во живи потоци кои на својот пат ќе ги освежуваат душите готови да пропаднат. Тогаш Бог ќе ви подари мудрост и ќе ве оспособи правилно да постапувате. Тој ќе ве направи канали за споделување на Неговите благослови. Тој ќе ви помогне да ги откриете Неговите особини, предавајќи им на другите мудрост и разбирање кои Тој ви ги предал на вас. {6C 320.1}

Му се молам на Господа да го сфатите ова прашање во сета негова должина, ширина и длабочина, како и својата одговорност со трпение, храброст и непоколебливост да го прикажете Христовиот карактер. „И мирот Божји, што надвишува секој ум, ќе ги запази вашите срца и вашите мисли во Исуса Христа“ (Филипјаните 4:7). {6C 320.2}

КОЛПОРТЕРОТ КАКО ЕВАНГЕЛСКИ РАБОТНИК

На интелигентниот, богобојазлив и вистинољубив колпортер треба да му се укажува почит, зашто тој зазема положба еднаква на положбата на проповедник на евангелието. Многу наши млади проповедници, како и оние кои се подготвуваат за проповедници, би можеле, ако на вистина се обратени, да направат многу добра работејќи на продавање на книги. Доаѓајќи во допир со народот и прикажувајќи им ги нашите книги, тие би стекнале искуство кое не може да се стекне само со проповедање. Одејќи од куќа до куќа, тие можат да разговараат со народот, носејќи го со себе мирисот на Христовиот живот. Трудејќи се да бидат на благослов за другите, тие самите ќе бидат благословени, ќе стекнат искуство во верата, нивното познавање на Светото Писмо значително ќе се прошири и тие постојано ќе учат како треба да придобиваат души за Христа. {6C 321.1}

Сите наши проповедници треба доброволно да носат со себе книги и да ги делат каде и да одат. Во секое семејство кај кое доаѓа, проповедникот може да остави некоја книга, било да ја продаде, или да ја подари. Во првите денови на веста многу се работеше на тој начин. Проповедниците работеа како колпортери и ги користеа парите стекнати од продажба на книги за да го помогнат ширењето на вистината во местата каде што беше потребна помош. Тие можат со разбирање да зборуваат за тој начин на работа, бидејќи имаат искуство во тоа. {6C 321.2}

Никој не мисли дека за проповедникот на евангелието е омаловажување да се занимава со колпортажа како начин за носење на вистината до народот. Работејќи на тој начин, тој постапува слично на апостол Павле, кој вели за себе: „Вие знаете дека од првиот ден, откако дојдов во Азија, го минував времето со вас, служејќи Му на Господ со голема понизност и многу солзи, во искушенија, што ми се случуваа заради лошите замисли на Јудејците; дека не пропуштив да ви соопштам ништо од она што е полезно и да ве поучувам на јавни места и од куќа до куќа, сведочејќи им сериозно на Јудејците и на Грците за покајание пред Бог и вера во нашиот Господ Исус Христос“ (Дела 20:1821). Елоквентниот Павле, кому Бог Му се покажал на чудесен начин, одел од куќа до куќа со сета понизност на умот и со многу солзи и искушенија. {6C 321.3}

Сите кои сакаат да им се пружи можност за вистинска проповедничка служба и кои се подготвени безусловно да Му се предадат на Бога, ќе најдат во колпортерската работа прилики да зборуваат за многу работи кои се однесуваат на идниот, бесмртен живот. Така стекнатото искуство ќе биде од најголема вредност за оние кои се подготвуваат да бидат проповедници. Водството на Светиот Божји Дух ги подготвува мажите и жените да станат пастири на Божјото стадо. Имајќи ја постојано на ум мислата дека Христос е нивен Водач, тие, покрај сите свои тешки доживувања и проби, ќе чувствуваат света стравопочит и света радост. Работејќи, тие ќе научат како да се молат. Ќе се на учат на трпение, љубезност, пријатност и пресретливост (волни да помагаат). Ќе покажуваат вистинска христијанска учтивост, имајќи на ум дека Христос, нивниот Водач, не одобрува груби, нељубезни зборови и чувства. Нивните зборови ќе бидат прочистени. Тие ќе гледаат на дарот на говор како на драгоцен талент кој им е доверен за да вршат едно возвишено и свето дело. Човекот ќе се научи како да го прикаже божествениот Придружник со кого се поврзал. Тој ќе Му укажува на тоа невидливо и Свето Суштество почит, затоа што го носи Неговиот јарем и се учи на Неговите чисти, свети патишта. Оние кои веруваат во тој божествен Водач ќе се развиваат и ќе им биде подарена сила за веста на вистината да ја облечат со света убавина. {6C 322.1}

Има поединци кои се соодветни за колпортажа и кои на тоа поле на работа можат да постигнат многу повеќе отколку со проповедање. Ако Христовиот Дух престојува во нивните срца, тие ќе најдат прилики да ја прикажат Неговата Реч на други и да им укажат на посебните вистини за ова време. Соодветни луѓе се прифаќаат за оваа работа, но некој непромислен проповедник им ласка да ги искористат своите способности за проповедање наместо во колпортерска работа. Тие влијаат на нив да бараат проповедничка лиценца и токму оние кои би можеле да се изградат во добри мисионери, посетувајќи ги семејствата во нивните домови, зборувајќи им и молејќи се со нив, се одвраќаат од работата за која имаат способности и стануваат слаби проповедници и така се запоставува полето на кое е потребно многу да се работи и каде би можело да се изврши толку многу добро. {6C 323.1}

Проповедањето на Речта е еден начин на кој, според Господова на редба, треба да се носи Неговата вест на опомена до светот. Верниот учител во Светото Писмо е прикажан како пастир на Божјото стадо. Него треба да го уважуваме и неговата работа да ја цениме. Вистинската здравствено-мисионерска работа е поврзана со службата на проповедање, а колпортажата треба да биде еден дел и од здравствено мисионерската работа и од проповедањето. На оние кои се посветиле на таа работа, би сакала да им кажам: Посетувајќи го народот, кажете им дека сте евангелски работник и дека го љубите Господа. Не заминувајте во хотели, туку престојувајте во приватни куќи и запознајте се со семејството. Христос секогаш и на секое место го сеел семето на вистината и вие, како Негови следбеници, можете да сведочите за својот Учител, вршејќи ја најдрагоцената работа покрај домашното огниште. Приближувајќи му се така на народот, вие често ќе наидувате на болни и обесхрабрени. Ако бидете тесно поврзани со Христа, земајќи го на себе Неговиот јарем, вие секојдневно ќе учите од Него како треба да се носи веста на мир и утеха на ожалостените и разочараните, тажните и оние кои се со скршено срце. Вие можете да им укажувате на малодушните на Божјата Реч и болните да ги приведете кон Господа во молитва. Молејќи се, обратете Му се на Христа како што би му се обратиле на доверлив и љубен пријател. Одржувајте блага, слободна и пријатна достоинственост, како Божје дете. Тоа луѓето ќе умеат да го ценат. {6C 323.2}

Колпортерите треба да бидат во состојба да даваат совети во поглед на лекување на болните. Треба да ги научат едноставните методи на здраво лекување. Така ќе бидат во состојба да работат и како здравствени мисионери и да ги лекуваат и душата и телото на напатените. Таа работа денес треба да се врши во сите делови на светот. Така многумина ќе бидат благословени од молитвите и поуките на Божјите слуги. {6C 324.1}

Треба да го сфатиме значењето на колпортерската работа како едно од големите средства за пронаоѓање на оние кои се во опасност и за нивното приведување кон Христа. На колпортерите никако не треба да им се ускратува да зборуваат за Христовата љубов или да изнесуваат свои искуства во работата за Учителот. Тие треба слободно да зборуваат и да се молат со оние кои се пробудени. Едноставната сторија за Христовата љубов кон човекот ќе им ја отвори вратата, дури и во домовите на неверниците. {6C 324.2}

Кога колпортерот го посетува народот во нивните домови, нему често му се пружа прилика да им чита од Библијата или книги кои со држат наука за вистината. Кога ќе ги открие оние кои ја бараат вистината, колпортерот може со нив да одржува библиски часови. Тие библиски часови се токму она што му е потребно на народот. Бог ќе ги употреби во Своја служба оние кои на тој начин покажуваат длабок интерес за душите кои пропаѓаат. Тие преку нив ќе дадат светлина на оние кои се подготвени да примат поуки. {6C 324.3}

Некои кои работат во колпортажа имаат ревност, но не според знаењето. Било скоро неопходно да се ограничат некои наши колпортери поради тоа што им недостасувала мудрост, поради тоа што премногу настојувале да работат како проповедници и теолози. Кога Господовиот глас повикува: „Кого да испратам и кој ќе отиде?“, Божествениот Дух става одговор во срцето: „Еве ме мене, испрати ме мене“ (Исаија 6:8). Но имајте на ум дека претходно живиот јаглен од олтарот мора да ги допре вашите усни. Тогаш зборовите кои ги зборувате ќе будат мудри и свети зборови. Тогаш ќе поседувате мудрост и ќе знаете што треба да кажете, а што треба да остане неизговорено. Тогаш нема да се трудите да ги покажете своите способности како теолози. Ќе се трудите да не пробудите борбен дух или

да предизвикате предрасуди преку претставување на спорните точки на доктрината. Ќе најдете доволно работи за кои може да се зборува, а да не се предизвика спротивставување, туку во срцето да се поттикне желба за подлабоко познавање на Божјата Реч. {6C 324.4}

Господ сака да придобивате души. Според тоа, не треба насилно да му наметнувате на народот доктринарни прашања, туку да „бидете секогаш подготвени на одговор секому кој ќе ве запраша за вашата надеж со кротост и страв“ (1. Петрово 3:15). Зошто со страв? Со страв вашите зборови да не одразуваат самодоверба, за да не изговарате зборови кои не се доволно промислени, за вашите зборови и однесување да не се разликуваат од Христовите зборови и однесување. Поврзете се цврсто за Христа и изложувајте ја вистината каква што е во Него. Сторијата за откупувањето не може, а да не ги трогне срцата. Кога ќе се научите на Христовата кротост и понизност, ќе знаете што треба да му зборувате на народот, зашто Светиот Дух ќе ви каже што треба да зборувате. Оние кои ја сфаќаат потребата своето срце да му го потчинат на контролата на Светиот Дух ќе бидат во состојба да сеат семе кое ќе про’рти и ќе донесе род за вечен живот. Тоа е делото на евангелскиот колпортер. {6C 325.1}

СЛОЖНИ НАПОРИ ВО КОЛПОРТАЖАТА

Совршена слога треба да владее меѓу работниците на кои им се доверени книгите кои треба да го осветлуваат со светлина овој свет. Секаде каде што луѓето се поттикнуваат на колпортерска работа, тие треба да укажуваат на значењето како на здравствените, така и на верските книги како делови на едно обединето дело. Поврзаноста помеѓу верските и здравствените книги покажана ми е како спојување на основата и плетката во ткаенината кои сочинуваат прекрасна целина и совршен производ на работата. {6C 326.1}

На здравствените книги во минатото не им е укажувано внимание според нивното значење. Иако многумина го ценеле нивното значење, други не сметале дека е битно здравствените книги да продрат во светот. Меѓутоа, што може да биде подобро од подготвувањето за Господовото доаѓање и за прифаќање на другите вистини, кои се неопходни за народот да се подготви за Неговото доаѓање, отколку на народот да му се отворат очите за да го види злото на овој век и за да биде поттикнат да се откаже од попуштањето на своите нездрави навики и на вики на самоугодување. Зар не е потребно светот да се пробуди и да се освести во поглед на здравствената реформа? Зар на светот не му се потребни вистините изложени во здравствените книги? Многу наши колпортери на терен треба да го прифатат ставот кој се разликува од досегашните ставови за здравствените книги. {6C 326.2}

Меѓу нашите колпортери и останатите претставници не смее да постои никаква неслога ниту подвоеност. Сите треба да се залагаат за продажба на книгите кои се однесуваат на здравствените прашања, како и за продажба на чисто верски книги. Не смее да се смета дека колпортерите треба да обрнат внимание само на извесни книги. Мора да постои совршено единство, сите гранки на делото мораат да се развиваат урамнотежено и складно. {6C 326.3}

Рамнодушноста која многумина ја покажуваат кон здравствените книги е навреда за Бога. Тој не одредил здравствената работа да се издвои од големата целина на делото. Сегашната вистина исто така се наоѓа во делото на здравствената реформа како што се наоѓа и во другите гранки на евангелското дело. Ниту една гранка одвоена од другите, не може да сочинува совршена целина. {6C 327.1}

Евангелието за здравјето има способни застапници, но нивната работа е отежната поради тоа што многу проповедници, претседатели на Унии и други луѓе на влијателни положби не подаруваат соодветно внимание на прашањето за здравствената реформа. Тие не ја препознале здравствената реформа во својата поврзаност со делото на ширење на веста како десна рака на телото. Иако многумина од народот, а и некои проповедници, покажале многу малку почит кон таа гранка, Господ ја покажал Својата грижа за неа, давајќи ѝ изобилен напредок. Кога правилно се спроведува, здравственото дело служи како клин кој за другите вистини го пробива патот до срцата. Кога веста на Третиот ангел ќе биде прифатена во целост, тогаш здравствената реформа ќе до бие свое вистинско место во советите на Конференцијата, во работата на црквите, во домот, зад трпезата и во сите домашни работи. Тогаш десната рака ќе му служи на телото и ќе го заштити. {6C 327.2}

Меѓутоа, иако здравствената работа има свое место во ширењето на веста на Третиот ангел, неговите застапници не смеат да настојуваат на било кој начин да го стават на местото на самата вест. Здравствените книги треба да го заземат местото што им припаѓа, но печатењето и ширењето на тие книги е само една од многуте гранки на делото кое треба да се изврши. Прекрасниот впечаток кој колпортерите понекогаш го стекнуваат во поглед на здравствените книги, не смее да има како последица исклучување на другите книги од делокругот, значајни книги кои му се потребни на народот. Оние кои се надлежни за колпортажата, мораат да бидат луѓе кои го сфаќаат односот помеѓу сите гранки на делото и големата целина. Тие треба да посветуваат должно внимание на циркулацијата на здравствени книги, но не смеат таа работа толку да ја истакнуваат, така што ќе го одвратат вниманието на луѓето од останатите гранки на делото кои се од животно значење, потиснувајќи ги книгите кои ја содржат посебната вест на вистината за светот. {6C 327.3}

За продавање на верските книги потребно е исто толкаво образование како и за работата со книгите кои ги објаснуваат прашањата за здравје и умереност. Токму онолку колку што треба да биде кажано во поглед на колпортирањето на книги кои содржат духовна храна, токму толку треба да се направи за да се поттикнат и воспитаат работниците да ги продаваат книгите кои ја содржат веста на Третиот ангел, колку што се има кажано и направено за да се обучат работници кои работат со здравствените книги. {6C 328.1}

Еден вид на книги секогаш прави место и за други. Двата се неопходни и двата треба да се растураат меѓу луѓето во исто време. Двата вида изложуваат прашања од најголемо значење и двата мораат да одиграат своја улога во подготвувањето на Божјиот народ за овие последни денови. Двата треба да ја застапуваат сегашната вистина, да просветлуваат, да ги будат и да ги уверуваат читателите. Двата треба да учествуваат во делото на посветување и облагородување на црквите кои го очекуваат доаѓањето на Божјиот Син во голема сила и слава. {6C 328.2}

Секој издавач и претставник треба да работи со ентузијазам да ги поттикне застапниците на теренот и да бара и оспособи нови работници. Секој треба да го зацврстува

и унапредува делото според своите најдобри можности, не слабеејќи го притоа делото на другите. Сè нека биде направено во братска љубов и без никаква себичност. {6C 328.3}

ОЖИВУВАЊЕ НА КОЛПОРТЕРСКАТА РАБОТА

Секогаш ми е укажувано на значењето на колпортерската работа. Во тоа дело денес не се внесува онаа животна сила која некогаш ја внесувале застапниците кои се занимавале со него. Колпортерите се повикувани од нивното евангелското дело за да се занимаваат со друга работа. Тоа не би требало да биде така. Многу наши колпортери, ако се вистински обратени и посветени, можат да направат многу повеќе во оваа, отколку во било која друга гранка на делото во поглед на изложување на народот на сегашната вистина. {6C 329.1}

Ние ја имаме Божјата Реч која покажува дека се приближува крајот. Светот треба да се опомене, и ние, повеќе од кога и да е порано, треба да бидеме Христови соработници. Нам ни е доверено делото на опоменување. Ние треба да бидеме канали на светлината на овој свет, предавајќи им ја на другите светлината што ја добиваме од големиот Светлоносец. Зборовите и делата на сите луѓе ќе бидат испробани. Да не успоруваме. Она што треба да се направи во поглед на предупредување на светот мора да се направи без одложување. Не смее да се дозволи колпортерската работа да слабее. Книгите кои ја содржат светлината за сегашната вистина треба да се растураат што е можно повеќе. {6C 329.2}

Претседателите на нашите Унии и други луѓе на одговорни положби треба да извршат една должност во врска со тоа прашање, за на разните гранки на нашето дело да им се укаже еднакво внимание. Колпортерите треба да се воспитаат и оспособат за работа на растурање на книги за сегашната вистина која е неопходна на народот. Потребни се луѓе со длабоко христијанско искуство, луѓе со добро урамнотежени умови, силни и добро образовани за ова дело. Господ сака со колпортерска работа да се занимаваат луѓе кои се способни да образуваат други, кои на младите мажи и жени ќе им укажат на значењето на таа гранка на делото, наведувајќи ги да ја прифатат таа работа и да ја вршат со успех. Некои поседуваат способности, образование и искуство кои им овозможуваат да ја подготват младината за колпортерска работа на таков начин што ќе се постигне многу повеќе отколку досега. {6C 329.3}

На оние кои стекнале искуство во таа работа почива посебна должност да поучуваат други. Образувајте, образувајте, образувајте млади мажи и жени да ги продаваат книгите кои ги запишале Божјите слуги поттикнати од Неговиот Свет Дух. Бог сака да бидеме верни во образувањето на оние кои ја прифаќаат вистината, за да можат да веруваат за одредена цел и мудро да работат по Господова желба. Оние кои се неискусни, треба да се поврзат со искусните работници за да се на учат како треба да работат. Тие треба најсесрдно да го бараат Бога. Таквите можат да направат добро дело во колпортажата ако ги послушаат зборовите: „Внимавај на себе и на науката“ (1. Тимотеј 4:16). Оние кои ќе пружат очевидни докази дека навистина се обратени и кои ќе го прифатат колпортерскиот повик, ќе увидат дека тоа е најдобро подготвување за другите гранки на мисионерската работа. {6C 330.1}

Кога оние кои ја познаваат вистината би живееле според неа, би се пронашле патишта за приоѓање на народот таму каде што тој се наоѓа. Во почетокот на христијанската црква, Бог во Своето провидение ги расеал светиите на сите страни, испраќајќи ги од Ерусалим во

многу де лови на светот. Христовите ученици не останале во Ерусалим или во околните градови, туку ги преминале границите на својата земја и отишле по големите сообраќајни артерии, барајќи ги изгубените за да ги повратат кај Бога. Господ сака и денес да види напредок на своето дело во многу места. Не смееме да се ограничиме со својата работа само на неколку места. {6С 330.2 }

Не смееме да ги правиме малодушни своите браќа, слабеејќи ги нивните раце, така што ќе остане неизвршено делото кое Бог сака да го изврши преку нив. Не трошете премногу време на оспособување на луѓето за мисионерска работа. Поуката е неопходна, но имајте сите на ум дека Христос е Големиот учител и Извор на секоја вистинска мудрост. Младите и старите нека Му се посветат на Бога, нека го прифатат делото и појдат напред, работејќи во понизност и под контрола на Светиот Дух. Оние кои посетувале училиште треба да појдат во поле и практично да го применат знаењето што го стекнале. Ако колпортерите работат така, користејќи ги способностите кои Бог им ги подарил, барајќи совет од Него и здружувајќи ја работата на растурање на книги со личната работа за народот, нивните способности со увежбување постојано ќе се зголемуваат и тие ќе научат многу практични поуки кои не би ги стекнале во училиштето. Воспитанието стекнато по тој практичен пат може навистина да се нарече високо образование. {6С 330.3}

Нема повозвишена работа од евангелската колпортажа, зашто таа бара извршување на највисоките морални должности. Оние кои ќе ѝ се посветат на оваа работа, треба секогаш да бидат под контрола на Божјиот Дух. Тие не смеат да се издигаат себеси. Што има некој нешто од нас што не го примил од Исуса? Мораме да се љубиме меѓусебно како браќа, откривајќи ја својата љубов во помагање едни на други. Мораме да бидеме сочувствителни и учтиви. Мораме меѓусебно да се зближиме и да работиме единствено. Само оние кои живеат според Христовата молитва, остварувајќи ја во практичниот живот, ќе опстанат пред тестот кој ќе дојде на овој свет. Оние кои се издигаат себеси, се стават под власт на сатаната, подготвувајќи се да ги примат неговите измами. Господ нѐ повикува со Својата Реч сѐ повеќе и повеќе да го издигаме нашето знаме. Ако го послушаме Неговиот глас, Тој ќе работи со нас и нашите напори ќе бидат крунисани со успех. Во својата работа, ние ќе примиме големи благослови од висините и ќе си соби раме себеси богатство покрај Божјиот престол. {6С 331.1}

Кога би знаеле што ни претстои, не би биле толку спори во Господовото дело. Ние живееме во време на решетање, во време кога ќе се изрешета сѐ што може да биде изрешетано. Господ нема да им прости на оние кои ја познаваат вистината, ако тие со зборови и дела не се покоруваат на Неговите заповеди. Ако не се трудиме да придобиваме души за Христа, ќе одговараме за делото кое сме можеле да го извршиме, но кое не сме го извршиле поради својата духовна мрзеливост. Оние кои му припаѓаат на Божјото царство, мораат сесрдно да работат на спасување на душите. Тие мораат да вршат свој дел во за врзување на сведоштвото и неговото запечатување меѓу учениците. {6С 331.2}

Господ сака светлината која ја дал во Светото Писмо да свети со јасни и блескави зраци, затоа должност на нашите колпортери е да вложуваат одлучни и сложни напори за да се оствари таа Божја на мера. Нам ни претстои големо и значајно дело. Непријателот на душите е свесен за тоа и затоа се служи со сите средства кои му стојат на располагање да ги наведе колпортерите да преминат на некое друго поле на работа. Ова мора да се измени. Бог ги повикува колпортерите да се вратат на својата работа. Тој повикува

волонтери кои ќе се посветат на работата со сета своја енергија и знаење, помагајќи секаде каде што ќе им се пружи прилика. Учителот ги повикува сите да дадат придонес во склад со своите способности. Кој ќе се одзвие на овој повик? Кој ќе појде во Христова мудрост, благодат и љубов да работи за оние кои се близу и далеку? Кој ќе ја жртвува својата удобност и своите задоволства и да појде таму каде што владее заблуда, суеверие и темнина, работејќи сесрдно и истрајно, зборувајќи ја вистината во едноставност, молејќи се во вера, работејќи од куќа до куќа? Кој, во ова време поттикнат од силата на Светиот Дух, ќе излезе надвор од кампот поднесувајќи прекор поради Христа, отворајќи му го на народот Светото Писмо и повикувајќи на покајание? {6C 332.1}

Бог имал Свои работници во сите времиња. Човекот со своето доаѓање одговара на повикот на времето. И така, кога божествениот глас ќе повика: „Кого да испратам и кој ќе отиде за нас?“, ќе дојде одговорот: „Еве ме мене, испрати ме мене“ (Исаија 6:8). Сите кои успешно работат на полето на колпортажа треба да чувствуваат во своите срца дека вршат Господово дело, помагајќи им на душите кои не ја познаваат вистината за ова време. Тие како труба јасно ја разгласуваат опомената по патиштата и меѓу оградите, за да може народот да се подготви за големиот Господов ден кој толку набрзо ќе наиде на светот. Ние немаме време за губење. Мораме да го поттикнуваме ова дело. Кој сака сега да појде со нашите публикации? Господ ќе им подари способности за работа на секој маж и жена кои сакаат да соработуваат со божествена сила. Кога ќе го земат на себе оклопот, ќе ги добијат и сите потребни способности, храброст, постојаност, вера и тактичност. Во нашиот свет треба да се оствари едно големо дело и човечките орудија сигурно ќе се одзвијат на овој повик. Светот мора да ја слушне опомената. Кога ќе се слушне повикот: „Кого да испратам и кој ќе отиде за нас?“ одговорете јасно и разбирливо: „Еве ме мене, испрати ме мене”. {6C 332.2}

„Изутрина сеј го семето твое и навечер нека не мируваат рацете твои, зашто не знаеш, едното, или другото повеќе ќе успее, или и едното и другото ќе бидат еднакво добри“ (Проповедник 11:6). {6C 333.1}

Избор на колпортери. Некои луѓе се посоодветни од други за извесна работа, затоа не е правилно да се мисли дека секој може да биде колпортер. Некои немаат посебна прилагоденост за оваа работа, но поради тоа не треба да сметаме како да немаат вера или да мислиме дека тие немаат волја за таа работа. Господ не е неразумен со Своите барања. Црквата е градина со разновидни цвеќиња, секое со посебна особеност. Иако тоа може да се разликува едно од друго во многу погледи, сепак секое има своја сопствена вредност. {6C 333.2}

Бог не очекува секој поединец во Неговиот народ, кој го сочинуваат лица со различни темпераменти, да биде способен за секоја должност. Сите нека имаат на ум дека постојат многубројни должности. Никој нема право на некој друг да му припишува што ќе работи, спротивно на неговото осведочување за тоа што му е должност. Правилно е да се даваат совети и да се предлагаат планови, но секому треба да му се дозволи да бара упатства од Бога, кому Му припаѓа и кому Му служи. {6C 334.1}

Подготовка за проповеднички повик. Некои луѓе кои Бог ги пови кал во проповедничка служба ја започнале својата работа како колпортери. Поучена сум дека тоа е одлична подготовка, ако е нивна цел да ја распостелат светлината и да ги донесат вистините на Божјиот збор непосредно во семејствата. Ним во разговор често ќе им се укажува прилика

да зборуваат за библиската религија. Ако на оваа работа правилно ѝ се пристапи, работниците ќе посетуваат семејства, ќе покажуваат христијанско сочувство и љубов кон душите и резултатите од так вата работа ќе бидат многу добри. Тоа ќе биде одлична подготовка за сите кои имаат намера да се посветат на повикот за проповедник. {6C 334.2}

Оние кои се подготвуваат за проповедничкиот повик не можат во ниту една друга професија да стекнат толку широко искуство како во колпортерската работа. {6C 334.3}

Поднесување на тешкотии. Човекот кој во својата работа ќе на иде на проби и искушенија треба да ги користи тие искуства, учејќи се поодлучно да се потпира на Бога, чувствувајќи ја секој момент својата зависност од Него. {6C 334.4}

Неговите усни не треба да изговараат никакво негодување, ниту истото да го негуваат во своето срце. Кога ќе постигне успех, не треба себеси да си препишува слава, зашто за своите успеси должи на делувањето на Божјите ангели врз срцето на слушателот. Никој нека не губи од вид дека небесните гласници се секогаш покрај него, и во моментите на храброст и обесхрабрување. Треба да ја сфати Господовата добрина, славејќи го со бодрост. {6C 334.5}

Христос ја напуштил Својата слава и дошол на оваа Земја да на страда поради грешниците. Кога во Својата работа ќе наидеме на тешкотии, да гледаме на Оној Кој е Зачетник и Завршител на нашата вера. Тогаш нема да заслабнеме, ниту ќе се обесхрабриме. Ќе ги поднесуваме тешкотиите како добри Христови војници. Имајте на ум што вели Тој за сите вистински верници: „Ние сме Божји соработници, а вие сте Божја нива, Божјо здание“ (1. Коринтјаните 3:9). {6C 335.1}

Драгоцено искуство. Оној кој ќе се нафати на колпортерската работа како што треба, мора истовремено да биде и едукатор и ученик. Трудејќи се да поучува други, тој сам мора да се учи да го врши делото на евангелист. Кога колпортерите ќе тргнат на работа со понизни срца, полни со сесрдна ревност, ним ќе им се пружаат многу прилики да проговорат убав збор во вистински момент на душите кои се готови да умрат во малодушност. Залагајќи се за оние на кои им е неопходна помош, тие ќе бидат во можност да кажат: „Вие некогаш бевте темнина, а сега сте светлина во Господ, живејте како деца на светлината”. (Ефесјаните 5:8) Набљудувајќи го грешниот живот на другите, ќе можат да кажат: „А такви беа и некои од вас; но вие се измивте, се оправдавте во името на нашиот Господ Исус Христос преку Духот на нашиот Бог“ (1. Коринтјаните 6:11). {6C 335.2}

Оние кои работат за Бога ќе се соочуваат со обесхрабрување, но за нив секогаш важи ветувањето: „Еве Јас сум со вас преку сите дни до крајот на светот“ (Матеј 28:20). Бог ќе подари најчудесни искуства на оние кои ќе кажат: „Верувам во Твоите ветувања; нема да заслабнам, ниту ќе изгубам храброст“.{6C 335.3}

Известување. Оние кои стекнуваат такви искуства работејќи за Господа треба да пишуваат за тоа во нашите списанија, за да можат другите да бидат охрабрени. Колпортерот треба да им раскаже на другите за радостите и благословите кои ги доживеал во својата ра бота како евангелист. На тие извештаи треба да им се најде место во нашите списанија, зашто се далекусежни по своето влијание. Тие ќе претставуваат сладок мирис во црквата, животворен мирис за живот. На тој начин ќе се види дека Бог работи преку оние кои соработуваат со Него. {6C 336.1}

Пример во здравствената реформа. При дружењето со неверниците, не дозволувајте си себеси никакво отстапување од правилните начела. Ако седнувате на нивна трпеза,

јадете умерено и тоа само онаа храна која нема да создаде забуна во умот. Чувајте се од неумереност. Не смеете да дозволите да ослабат вашите умни или телесни сили, за да не станете неспособни за разликување на духовните работи. Одржувајте го својот ум во таква состојба така што Бог ќе може да влијае на него со драгоцената вистина на Својата Реч. {6C 336.2}

На тој начин вие ќе можете да влијаете на други. Многумина се обидуваат да ги исправат недостатоците на другите со тоа што го напаѓаат она што го сметаат за лоши навики. Тие заминуваат кај луѓе кои според нивно мислење се во заблуда и им укажуваат на недостатоците, но не вложуваат сесрдни, тактични напори за да ги истакнат правилните начела. Таквиот став често не ги дава саканите резултати. Обидувајќи се да ги исправиме грешките на другите, ние премногу често ја поттикнуваме нивната борбеност и на тој начин правиме повеќе штета отколку корист. Немојте будно да внимавате на другите со цел да укажувате на нивните недостатоци или грешки. Поучувајте ги со пример. Вашето самооткажување и вашата победа над апетитот треба да ги покажуваат резултатите од спроведувањето на правилните на чела. Вашиот живот треба да сведочи за посветувачкото, облагородувачко влијание на вистината. {6C 336.3}

Од сите дарови со кои Бог ги надарил луѓето, ниту еден не е подрагоцен од дарот на говор. Ако е посветен од Светиот Дух, тој дар станува сила за добро. Со јазикот убедуваме и придобиваме, со јазикот се молиме и го фалиме Бога, со јазикот соопштуваме прекрасни мисли за Спасителовата љубов. Со правилна употреба на тој дар, колпортерот може да посее драгоцено семе на вистината во многу срца. {6C 337.1}

Чесност во деловни работи. Делото не напредува зашто оние кои тврдат дека се Христови следбеници не се придржуваат за евангелските начела. Невнимателноста со која и старите и млади колпортери ја вршат својата должност покажува дека тие треба да научат многу значајни поуки. Покажано ми е дека многумина површно ги вршат своите должности. Некои се навикнале на дефицити и тие лоши навики се внесуваат во Божјото дело. Здруженијата за публикации и мисионерските здруженија длабоко западнаа во долгови поради тоа што колпортерите не ги подмируваат своите долгови. Колпортерите сметаат дека кон нив лошо се постапува ако се бара навремено да ги исплатат книгите кои ги добиваат од издавачките куќи. Но сепак да се бара на времено плаќање е единствен начин за успешно работење. {6C 337.2}

Работите треба така да се уредат така што колпортерите ќе имаат доволно средства за живот за да не го трошат она што не е нивно. Таа врата на искушение мора да се затвори и заклучи. Колку и да е колпортерот чесен, тој во својата работа ќе наиде на околности кои за него ќе претставуваат болно искушение. {6C 337.3}

Мрзливоста и немарноста не се плодови кои растат на христијанското дрво. Ниту една душа не може да остане без вина пред Господа ако недоверливо или нечесно ракува со Неговите добра. Сите кои го прават тоа, се откажуваат од Христа со своите постапки. Додека од една страна тврдат дека го држат Божјиот закон и го проповедаат, од друга страна не се придржуваат до неговите начела. {6C 337.4}

Со Господовиот имот треба верно да се ракува. Господ на луѓето им дарувал живот и здравје, како и моќ на расудување, Тој им дал те лесни и умни сили за да ги употребуваат; и зар тие дарови не треба верно и совесно да се употребуваат во слава на Неговото име? Дали нашите браќа размислиле за тоа дека ќе мораат да полагаат сметка за секој талант кој

им е доверен? Дали мудро тргувале со имотот на својот Господ, или непромислено го растурале и дали се запишани во небесните книги како неверни слуги? Многумина ги трошат парите на својот Господ на расипнички уживања. Тие не стекнуваат искуство во самооткажувањето, туку ги трошат парите на задоволување на суетата и не одат со Исуса, носејќи го крстот. Многумина на кои им се пружале драгоцени, од Бога дадени прилики, ги проиграле своите животи и денес тие страдаат и се сиромашни. {6С 338.1}

Бог бара да се подобри состојбата во разни гранки на Неговото дело. Деловните должности кои се поврзани со Божјото дело мораат да се вршат со најголема точност и исправност. Не биле вложувани одлучни и истрајни напори за да се спроведе неопходна реформа. {6С 338.2}

Познавање на нивните книги. Колпортерите треба да бидат целосно запознаени со книгите кои ги продаваат и мораат да бидат во состојба да го свртат вниманието на значајните поглавја. {6С 338.3}

Колпортерска работа. Колпортерите треба да носат со себе трактати, брошури и мали книги кои можат да ги подаруваат на оние кои не се во можност да купат. На тој начин вистината се внесува во многу домови. {6С 338.4}

Трудољубивост. Прифаќајќи се за оваа задача, колпортерот не смее себеси да си дозволува да биде одвлечен од својата работа, туку треба разумно и трудољубиво да се држи до својот предмет при разговор со другите. Меѓутоа, вршејќи ја должноста на колпортер, тој не смее да ги пропушта приликите кои му се пружаат за да им помогне на душите кои бараат светлина и на кои им е потребна утеха од Светото Писмо. Ако оди со Бога, ако се моли за небесна мудрост за да може да врши добро и само добро во својата работа, колпортерот ќе биде брз да ги забележи приликите кои му се пружаат, како и потребите на душите со кои доаѓа во допир. Тој најдобро ќе ја искористи секоја при лика за да ги привлече душите кон Христа. Ќе биде подготвен во Христов дух да проговори убав збор на уморниот. {6С 339.1}

Вршејќи ја трудољубиво својата должност, укажувајќи му верно на на родот на крстот на Голгота, колпортерот станува двојно корисен. Меѓутоа, кога ги изложуваме методите за работа, не можеме да одредиме единствена линија од која не смее да се отстапува и по која треба сите да одат, зашто случаите се различни според околностите. Бог ќе влијае на оние чии срца се отворени за вистината и кои копнеат за Негово водство. Тој ќе Му каже на човечкото орудие: „Зборувај му на овој или на оној за Исусовата љубов”. Штом Исусовото име ќе се спомне во љубов и нежност, Божјите ангели се приближуваат за да ги омекнат и потчинат срцата. {6С 339.2}

Колпортерите треба да бидат верни ученици, учејќи се на успешно извршување на својата задача. Нивните очи, уши и разум треба да бидат отворени за да примаат мудрост од Бога и да научат како да им помогнат на оние кои пропаѓаат поради тоа што не знаат за Христа. Секој работник треба да ја сосредоточи сета своја енергија и да ги употреби сите свои сили во највозвишената од сите служби во спасување на луѓето од сатанските стапици, поврзувајќи ги со Бога со синџир на зависност кој преку Исуса Христа е цврсто врзан за престолот, опкружен со виножито на ветувања. {6С 339.3}

Уверување за успех. Со евангелската колпортажа може да се из врши големо и добро дело. Господ им дал на луѓето тактичност и способности. Оние кои во Негова слава ги употребуваат талантите кои им се доверени, кои во ткивото на својата работа ги вткајуваат

библиските начела, ќе имаат успех. Ние треба да работиме и да се молиме, надевајќи се во Оној кој никогаш нема да нè напушти. {6C 340.1}

Колпортерските евангелисти треба да се препуштат на делувањето на Светиот Дух. Со истрајна молитва тие треба да стекнуваат сила која доаѓа од Бога, надевајќи се во Него со жива вера. Неговото големо и моќно влијание ќе биде со секој вистински и верен работник. {6C 340.2}

Како што Бог го благословува проповедникот и евангелистот во нивното искрено настојување да го запознаат народот со вистината, така Тој ќе го благослови и верниот колпортер. {6C 340.3}

Понизниот, делотворен работник кој послушно одговара на Божјиот повик може да биде сигурен дека ќе му биде укажана божествена под дршка. Чувството на толку голема и света одговорност само по себе го издигнува карактерот. Поради тоа стапуваат во дејство сите духовни особини и нивната постојана употреба го зацврстува и облагородува духот и срцето. Влијанието на сопствениот живот и на животот на другите е неизмерно. {6C 340.4}

Рамнодушните набљудувачи можеби нема да ја ценат вашата работа, ниту ќе го сфатат нејзиното значење. Тие можат да сметаат дека таа работа не се исплаќа, дека тоа е живот на неблагодарен труд и самопожртвување. Но Исусовиот слуга гледа во таквиот живот светлина која свети од крстот. Неговите жртви му изгледаат мали во споредба со жртвите на благословениот Учител и тој е среќен што оди по Неговите стапки. Успесите на неговата работа му причинуваат најчиста радост и претставуваат најбогата награда за животот на трпеливо залагање. {6C 340.5}

Отсек шест

ОПОМЕНИ И СОВЕТИ

„И ушите твои ќе слушаат зборови позади
тебе како вели: тоа е патот, одете по него“
(Исаија 30:21)

ГОСТОЉУБИВОСТ

Библијата придава големо значење на гостољубивоста; и не само што ја истакнува како наша должност, туку изнесува многу убави описи за таа доблест и за благословите кои таа ги донесува. Најистакнат меѓу тие описи е искуството на Авраам. {6C 341.1}

Во записите во Создавање го гледаме патријархот како во врело летно пладне се одмора на вратите на својот шатор во сенката на мамриските дабови. Недалеку минувале

тројца патници, не барајќи гостопримство, ниту било каква услуга. Но, Авраам не дозволил тие да го продолжат својот пат неосвежени. Тој бил стар човек, достоинствен, богат, високо почитуван и навикнат да наредува; сепак, кога ги здогледал овие странци, тој им потрчал „во пресрет пред вратата на шаторот свој и им се поклони доземи". Обраќајќи се на водачот, тој рекол: „Господаре мој, ако сум нашол милост пред Тебе, немој да го одминеш слугата Свој" (Создавање 18:2,3). Со сопствени раце им донел вода за да ја измијат правта од своите нозе. Самиот лично избрал храна за нив. Додека тие се одморале во свежа ладовина, неговата сопруга Сара подготвила ја дење за да ги нагости, а Авраам учтиво стоел покрај нив додека тие уживале во неговото гостопримство. Тој им го укажувал ова внимание како на обични минувачи и туѓинци кои можеби никогаш повторно нема да дојдат. Но, во текот на приемот неговите гости се откриле. Тој не ги нагостил само небесните ангели, туку и нивниот славен Војсководец, својот Творец, Откупител и Цар. На Аврам му биле откриени советите на небото и тој е наречен „Божји пријател".{6C 341.2}

Аврамовиот внук Лот, иако се преселил во Содом, примил од патријархот дух на љубезност и гостопримливост. Здогледувајќи ги навечер двајцата туѓинци на портите на градот и знаејќи дека сигурно ќе бидат изложени на опасности во безбожниот град, тој упорно настојувал да ги воведе во својот дом. Притоа, тој не мислел на опасноста во која можел да западне и тој самиот, и неговото семејство. Дел од неговата животна задача бил да ги заштитува загрозените и да се грижи за бездомниците и со својата љубезна постапка кон двајцата туѓинци, тој до вел ангели во својот дом. Оние кои тој сакал да ги заштити, го заштитиле него. Поради безбедност, тој вечерта ги примил во својот дом; изутрина тие го извеле него и неговото семејство на безбедно место, далеку од осуденият град. {6C 342.1}

Господ сметал дека овие примери за гостопримливост се достојни за да се запишат во Неговата Реч; на нив се повикувал и вдахновениот апостол Павле по повеќе од илјада години: „Гостољубивоста не запоставувајте ја, бидејќи преку неа некои, и не знаејќи, им укажаа гостопримство на ангели" (Евреите 13:2). {6C 342.2}

Предноста што ја имале Аврам и Лот не ни е скратена ниту нам. Со укажување на гостопримливост кон Божјите деца, ние исто така можеме да ги примиме Неговите ангели во својот дом. Дури и во наши дни, ангелите во човечки облик влегуваат во домовите на луѓето и го уживаат нивното гостопримство. Христијаните кои живеат во светлина на Божјото одобрување ги следат секогаш невидливите ангели и тие свети суштества остваат за себе благослов во нашите домови. {6C 342.3}

Гостољубивоста е една од особините кои ги подарува Светиот Дух како обележје на оние кои треба да сносат одговорност во црквата. (Тит 1:7,8) На целата црква ѝ е дадена поука: „Бидете гостољубиви еден кон друг без негодување; и служете си еден на друг, секој со дарот што го примил, како добри повереници на различната Божја благодат" (1. Петрово 4:9,10). {6C 342.4}

Тие совети се чудно запоставени. Вистинската гостољубивост е слабо развиена дури и кај оние кои тврдат за себе дека се христијани. Дури и нашиот народ не ги користи приликите кои му се пружаат за да ја покажат својата гостољубивост и не гледа на таа особина како што би требало како на предност и благослов. Премалку има меѓусебна дружељубивост, премалку волја зад семејната трпеза да се примат уште двајца или тројца, без засраменост или покажување. Некои се изговараат дека „тоа е многу незгодно". До тоа не би дошло, кога би рекле: „Не подготвивме ништо посебно, но добредојдени сте на она

што го имаме”. Неочекуваниот гостин многу повеќе го цени срдечниот пречек, отколку најдеталната подготовка. {6C 343.1}

Да се вршат за гостите такви подготовки кои бараат време кое со право Му припаѓа на Господа, значи да се откажуваме од Христа. Со тоа го закинуваме Бога; а исто така им штетиме и на другите. Подготвувајќи посебни приеми, многумина ги запоставуваат потребите на своите семејства и наведуваат со својот пример и други на истиот пат. {6C 343.2}

Копнежот за истакнување во угостувањето на посетителот донесува непотребни грижи и товари. Домаќинките работат прекумерно за да подготват што побогата трпеза, гостите прекумерно јадат затоа што се подготвени многу јадења и како последица на тоа, на една страна се јавуваат болести и неволји од премореност, а на друга од прејадување. Овие богати гозби се товар и причинуваат штета. {6C 343.3}

Но Господ сака да водиме грижа за доброто на своите браќа и сестри. Апостол Павле дал пример за ова. Тој ѝ вели на црквата во Рим: „Ви ја препорачувам нашата сестра Фива, која е служителка на црквата во Кенхреја; примете ја во Господ, како што им прилега на светии, и помогнете ѝ во она што ќе има потреба од вас, бидејќи и таа им беше помошничка на мнозина, а и мене“ (Римјаните 16:1,2). Фива укажала гостопримство на апостолот и го покажала начинот на кој треба да се примаат минувачите на кои им е неопходно да им се укаже внимание. Нејзиниот пример треба да го следат денешните цркви. {6C 343.4}

Бог е незадоволен од себичните интереси кои толку често се манифестираат „за мене и моето семејство”. Секое семејство кое е задоено со овој дух треба да се обрати преку чистите начела за кои ни дава пример Христовиот живот. Оние кои се затвораат во себе и не сакаат на другите да им укажат гостопримство, губат многу благослови. {6C 344.1}

Некои од нашите работници се наоѓаат на положби каде што е потребно често да се примаат гости, било свои браќа или непознати лица. Некои бараат Унијата да го земе тоа во предвид, така што покрај нивната редовна плата да им се дава и доволен додаток со кој ќе можат да ги покријат тие вонредни трошоци. Но Господ му дал задача на целиот Свој народ да биде гостопримлив. Бог не одредил еден или двајца да примаат гости за цела една Унија или црква, ниту пак на работниците да им се плаќа затоа што укажуваат гостопримство на своите браќа. Тоа барање е вродено од себичност и Божјите ангели го бележат тоа. {6C 344.2}

Членовите на црквата треба да укажуваат гостопримство на оние кои одат од место до место како евангелисти или мисионери. Браќа и сестри, пружете им дом на овие работници, па дури и по цена на лични жртви. {6C 344.3}

Христос ги бележи сите трошоци на кои се изложуваме укажувајќи гостопримство поради Него. Тој дава сè што е потребно за тоа дело. Оние кои поради Христа укажуваат гостопримство на своите браќа, правејќи сè што е во нивна моќ за таа посета да биде од што поголема корист како за нивните гости, така и за нив самите, забележени се на небото како достојни за посебни благослови. {6C 344.4}

Со Својот живот, Христос ни дал пример на гостољубивост. Кога на брегот на езерото го опкружувало мноштво слушатели, Тој не ги испра тил гладни во своите домови, туку им рекол на Своите ученици: „Дајте им вие да јадат“ (Матеј 14:16). Со Својата креативна сила Тој создал доволно храна сите да се наситат. Но колку едноставна била таа храна! Тука немало раскошност. Оној кој располагал со сите небесни средства, можел да Му приготви

на народот раскошен ручек; но Тој им го пружил само она што можело да ги задоволи нивните потреби, она што била секојдневна храна на рибарите. {6C 345.1}

Кога луѓето денес би биле едноставни во своите навики, живеејќи во склад со законите на природата, би имало храна во изобилство за потребите на човечкото семејство. Би имало помалку замислени потреби и повеќе можности да се работи според Божјите насоки. {6C 345.2}

Христос не копнеел за тоа да привлече луѓе кон Себе, така што ќе ја задоволи нивната желба за раскош. Едноставната храна која им ја пружил била доказ не само за Неговата сила, туку и за Неговата љубов и нежна грижа за нив во обичните потреби на нивниот живот. И до дека ги хранел со јачменов леб, Тој им дал да јадат и од лебот на животот. Ова треба да ни биде пример. Нашата исхрана може да биде едноставна, дури и оскудна. Нашата ситуација во животот е полна со сиромаштија. Нашите ресурси може да не се поголеми од тие на учениците кои имале само пет леба и две риби; но кога ќе наидеме на оние кои се во сиромаштија, Христос нѐ повикува: „Дајте им вие да ја дат". Ние треба да го делиме она што го имаме; и ако даваме, Христос ќе се погрижи да се пополни сѐ што ни недостига. {6C 345.3}

Во врска со тоа, прочитајте ја историјата за вдовицата од Сарепт. Во времето на глад, Бог го испратил Својот слуга да ѝ се обрати за храна на таа вдовица од незнабожечката земја. „А таа му рече: 'Ти се колнам во живиот Господ, нема ништо печено, туку имам само грст брашно во ноќвите и малку масло во масларникот; и ете, јас ќе соберам две три дрвца, ќе отидам и ќе го приготвам тоа за себеси и за синот свој; ќе го изедеме тоа и ќе умреме.' А Илија ѝ рече: 'Не плаши се; оди и направи го она што го рече; но најнапред направи од тоа малку пресна пита за мене и донеси ми; а за себе и за синот свој ќе напра виш после; зашто вака вели Господ, Бог Израелев: 'брашното во ноќвите нема да сврши, и маслото во масларникот, нема да се намали до оној ден, во кој Господ ќе даде дожд на земјата.' Таа отиде и на прави како што ѝ рече Илија" (1. Цареви 17:1215). {6C 345.4}

Чудесна била гостољубивоста која на Божјиот пророк му ја укажала оваа Фениќанка и нејзината вера и дарежливост биле чудесно наградени. „И таа се хранеше и тој и синот нејзин извесно време. Брашното во ноќвите не се свршуваше и маслото во масларникот не се намалуваше, според словото на Господ што Тој го изрече преку Илија. Потоа се разболе синот на таа жена, на домаќинката и болеста негова беше толку силна што не можеше да дише. Тогаш таа му рече на Илија: 'Што имаш ти со мене, човеку Божји? Си дошол да ми ги наспомниш моите гревови и да го умреш синот мој.' А тој ѝ одговори: 'Дај ми го синот твој' И го зеде од рацете нејзини, го однесе во горната соба, каде што живееше и го положи на леглото свое… И откако се спружи трипати над момчето, извика кон Господ … и Господ го слушна гласот на Илија и му ја врати душата на момчето во него и тоа оживеа. Илија го зеде момчето, го симна од горната соба во домот, го предаде на мајка му и рече: 'Еве, син ти е жив!' Тогаш жената му рече на Илија: 'Сега навистина дознав дека ти си Божји човек и дека словото Господово во твојата уста е вистинско'" (Стихови 15-24). {6C 346.1}

Бог не се променил. Неговата сила денес не е помала отколку во времето на Илија. И Христовото ветување денес не е помалку сигурно отколку во времето кога го изговорил нашиот Спасител: „Кој прима пророк во пророчко име, ќе добие праведничка награда" (Матеј 10:41). {6C 346.2}

Како и на првите Христови ученици и денес на Неговите верни слуги се однесуваат Неговите зборови: „Кој ве прима вас, Мене Ме прима; а кој Ме прима Мене, Го прима и Оној Кој Ме испрати“ (Стих 40). Ниту една љубезна постапка извршена во Негово име нема да остане не призната и ненаградена. Со тоа љубезно признание Христос ги опфаќа дури и оние најниските и најслабите од Божјото семејство. „И кој ќе на пои еден од овие безначајни само со чаша студена вода во име на ученик, вистина ви велам, нема да ја загуби својата награда“ (Стих 42). {6C 347.1}

Сиромаштвото не смее да нè попречува во укажувањето на гостопримливост. Треба да го делиме она што го имаме. Има луѓе кои се борат за својот животен опстанок и со големи тешкотии прават нивната заработка да ги задоволи нивните потреби; но тие го љубат Исуса во лицето на Неговите светии и подготвени се да укажат гостопримство и на верните и на неверните, трудејќи се да ги направат корисни нивните посети. Гостите се добредојдени на семејната трпеза и на семејниот олтар. Времето на молитва остава таков впечаток на оние на кои им се укажува гостопримство, така што дури и една посета може да значи спасение за една душа од смрт. Господ го зема во обѕир и го цени таквото дело, зборувајќи: „Јас ќе се оддолжам“.{6C 347.2}

Браќа и сестри, повикувајте ги во своите домови оние на кои им е потребно да им се укаже гостопримство и љубезно внимание. Не правете паради; меѓутоа ако ги увидите нивните потреби, повикајте ги и покажете им вистинско христијанско гостопримство. Друштвеноста дава драгоцени предности. {6C 347.3}

„Не живее човекот само од леб”. Давајќи им на другите храна, треба да им дадеме и надеж, храброст и христијанска љубов. Ние мораме да „ги утешиме сите оние кои се во неволја со онаа утеха со која Бог нè утешува нас самите“ (2. Коринтјаните 1:4). За тоа имаме ветување: „А Бог изобилно да ве дарува со секаков дар, секогаш да имате до волно за сè, да бидете од сè срце дарежливи во секое добро дело“ (2. Коринтјаните 9:8). {6C 347.4}

Ние живееме во свет полн со грев и искушенија; насекаде околу нас пропаѓаат души без Христа; Бог сака ние да работиме за нив на сите можни начини. Ако имате пријатен дом, повикувајте ја во него младината која нема дом, оние на кои им е неопходна помош, кои копнеат за сочувство и љубезен збор, за почит и учтивост. Ако сакате да ги доведете кај Христа, морате да им укажувате љубов и внимание, зашто тие се откупени со Неговата крв. {6C 348.1}

Во Своето провидение, Бог нè доведува во врска со оние кои се не искусни и со многумина кои имаат потреба од милосрдие и сожалување. Потребна им е помош, зашто се слаби. На младите луѓе исто така им е потребна помош. Во силата на Оној Кој укажувал љубов и љубезност кон немоќните и оние кои биле сметани како најмали меѓу Неговите мали, мораме да работиме за нивно идно добро, за развивање на нивниот христијански карактер. Токму оние на кои им е неопходна помош, понекогаш ќе ја доведат нашата трпеливост во болно искушение. „Гледајте да не презрете едно од овие мали, зашто ви велам, нивните ангели на небесата постојано го гледаат лицето на Мојот небесен Татко“ (Матеј 18:10). На оние кои се залагаат за таквите души, Спасителот им вели: „Доколку сте го направиле тоа за еден од овие Мои најмали браќа, за Мене сте го направиле“ (Матеј 25:40). {6C 348.2}

Оние кои го вршат ова дело носат на својата глава круна на жртва; но тие ќе ја примат својата награда. Ние на небото ќе ја видиме мла дината на која ѝ помагавме, оние кои ги

поканивме во своите домови, оние кои ги спасувавме од искушение. Ќе видиме на нивните лица отсјај на Божјата слава. „И ќе го гледаат лицето Негово, а името Негово ќе им биде на челата нивни“ (Откровение 22:4). {6C 348.3}

ПРАЗНУВАЊЕ НА САБОТАТА

Празнувањето на саботата содржи во себе големи благослови и Бог сака саботата да биде за нас ден на радост. При основањето на саботата постоела радост. Бог со задоволство гледал на делото на Своите раце. За сè што создал, Тој прогласил „дека е многу добро“ (Создавање 1:31). Небото и земјата биле исполнети со радост: „Утринските ѕвезди ликуваа и сите Божји синови извикуваа од радост“ (Јов 38:7). Иако гревот продрел во светот, осквернувајќи го Неговото совршено дело, Бог сè уште ни ја дава саботата како сведоштво дека Оној кој е семоќен и бес краен во милоста и добрината, создал сè. Нашиот небесен Татко сака луѓето со празнувањето на саботата да го сочуваат сознанието за Него. Тој сака саботата да ги насочува нашите мисли кон Него како вистински и жив Бог и преку познавање на Него можеме да имаме живот и мир. {6C 349.1}

Кога Израелците како Свој народ ги извел од Египет и им го предал Својот закон, Бог ги поучил дека со празнување на саботата треба да се разликуваат од идолопоклониците. По тоа се разликувале оние кои ја празнувале Божјата власт од оние кои одбивале да го признаат како свој Творец и Цар. „Тоа е знак меѓу Мене и синовите на Израел довека“, рекол Господ, „Затоа синовите израелски нека ги пазат саботите, празнувајќи ги во родовите свои како вечен завет“ (Излез 31:16,17). {6C 349.2}

Како што саботата била знак според кој се распознавале Израелците кога излегле од Египет за да влезат во небесниот Ханан, така таа и е денес знак по кој се распознава Божјиот народ кој излегува од овој свет за да влезе во небесната почивка. Саботата е знак на сродство кое постои помеѓу Бога и Неговиот народ, знак дека тој народ го почитува Неговиот закон. Таа прави разлика помеѓу Неговите верни поданици и престапниците. {6C 349.3}

Од столбот од облак, Христос во поглед на саботата рекол: „Пазете ги Моите саботи, зашто тоа е знак меѓу Мене и вас од колено до колено, за да знаете дека Јас сум Господ, Кој ве посветува“ (Излез 31:13). Саботата која му е дадена на светот како знак на Бога во својство на Творец, исто така е дадена и како Негов знак во својство на Посветител. Силата која создала сè е истата сила која повторно ја создава душата според Неговиот лик. Саботата е знак на посветеност за оние што ја празнуваат. Вистинската посветеност значи хармонија со Бога, единство со Него по карактерот. Тоа се постигнува по пат на потчинување на оние начела кои се препис на Неговиот карактер. Саботата е знак на послушност. Оној кој од срце се покорува на четвртата заповед ќе се покорува на целиот закон. Тој е посветен преку послушност. {6C 350.1}

Нам, како и на Израел, саботата ни е дадена како „вечен завет”. За оние кои имаат стравопочит за Неговиот свет ден, саботата е знак дека Бог ги признава како Свој избран народ. Таа е гаранција дека Бог ќе го исполни преку нив Својот завет. Секоја душа која го прима знакот на Божјата власт се става себеси под божествениот вечен завет, врзувајќи се со златен синџир на послушност, од кој секоја алка претставува едно ветување. {6C 350.2}

Само четвртата од сите десет заповеди го содржи печатот на големиот Законодавец, Творецот на небото и земјата. Оние кои се покоруваат на таа заповед, го примаат на себе Неговото име, како и сите благослови кои се со Него опфатени. „И му рече Господ на Мојсеј, велејќи: 'Кажи му на Арон и на синовите негови: вака да ги благословувате си новите израелски и да им говорите: {6С 350.3}

„Да те благослови Господ и да те чува!
Да погледне кон тебе Господ со светлото Свое лице и да те помилува! Да го сврти Господ кон тебе лицето Свое и да ти даде мир!
Така да го повикувате името Мое над синовите Израелеви и Јас ќе ги благословам“ (Броеви 6:22-27). {6С 351.1}

Преку Мојсеј е дадено и ова ветување: „Господ ќе те постави за Свој свет народ, како што ти се беше заколнал на тебе ако ги извршуваш Неговите заповеди и одиш по Неговите патишта. И тогаш ќе видат сите народи на земјата дека името на Господ, твојот Бог, ти е дадено на тебе… Господ, твојот Бог, ќе те направи глава, а не опашка, и да бидеш само на високо, а не на ниско, ако ги пазиш Неговите заповеди, што ти ги заповедам денес да ги почитуваш и да ги исполнуваш“ (Второзаконие 28:9-13). {6С 351.2}
Зборувајќи со Светиот Дух, псалмистот Давид вели: {6С 351.3}

„Дојдете да Му пееме на Господ
и да вискликнеме кон Карпата на нашето спасение...
Зашто Господ е голем Бог,
и Цар голем над сите богови.
Зашто во Неговите раце се сите земни длабочини,
Силата на горските височини е исто така Негова.
Негово е морето и Тој го создаде,
а рацете Негови го создадоа и копното.
Дојдете да Му се поклониме и да паднеме ничкум,
да клекнеме пред лицето на Господ, нашиот Творец;
Зашто Тој е наш Бог”.
„Тој нè создаде и ние сме Негово достоинство,
Негов народ и овци од Неговото пасиште“
(Псалм 95:17; 100:3). {6С 351.4}

Овие ветувања кои му се дадени на Израел наменети се и на денешниот Божји народ. Тоа се вести кои ни ги донесува саботата. {6С 351.5}

Реформа во празнување на саботата

Саботата е златна врвка која го спојува Бога и Неговиот народ. Меѓу тоа, заповедта за саботата била прекршена. Светиот Божји ден е обесветен. Човекот на беззаконието насилно ја потиснал саботата од нејзиното место и наместо неа издигнал еден обичен

работен ден. Во Божјиот закон е направена една урнатина која повторно треба да се сосида. На вистинската сабота треба да ѝ се даде нејзиното возвишено место како на Божји ден за одмор. Во педесет и осмото поглавје од книгата на пророкот Исаија опишано е делото кое треба да го изврши Божјиот народ. Тој треба да го возвеличи законот и да го направи славен, да ги сосида старите урнатини и да ги постави основите на многу поколенија. На оние кои го вршат тоа дело, Бог им вели: „Ќе те викаат обновител на урнатини, градител на патишта за населби. Ако заради саботата ја одвратиш ногата своја да ги исполнува желбите на твоето срце во светиот Мој ден и ако ја нарекуваш саботата радост, свет ден Господов, ако ја празнуваш и ако ја почитуваш со тоа да не се занима ваш со обичните работи, да им угодуваш на своите грешни желби и да празнословуваш, тогаш ќе имаш радост во Господа, а Јас ќе те искачам на височини земни и ќе ти дадам да вкусиш од наследството на Јаков, твојот татко, устата на Господ го изрече тоа“ (Исаија 58:12-14). {6С 351.6}

Прашањето за саботата ќе претставува главна спорна точка во големиот конечен судир во кој ќе учествува целиот свет. Луѓето повеќе ги ценеле сатанските начела отколку оние кои владеат на небесата. Тие го прифатиле лажниот ден за одмор кој сатаната го издигнал како знак на својата власт. Но Бог го ставил Својот печат на Својата царска заповед. Двете уредби за празнувањето, како за саботата, така и за неделата, го носат името на своите основачи неизбришлив знак кој го покажува авторитетот и на едниот и на другиот. Наша должност е тоа да му го објасниме на народот. Ние мораме да му покажеме дека е од животно значење прашањето дали го носат знакот на Божјото царство, или знакот на царството на побуната, зашто луѓето се поданици на она царство чиј знак го носат. Бог нè повикува да го подигнеме згазеното знаме на Неговата сабота. Затоа е многу значајно да пружиме правилен пример во поглед на празнување на саботата. {6С 352.1}

При основање на нови цркви, проповедниците треба да даваат грижливи поуки во поглед на правилното празнување на саботата. Мораме да бидеме внимателни кон оние кои тврдат дека го празнуваат Божјиот свет ден да не се угледаат на лабавото постапување кое преовладува меѓу оние кои ја празнуваат неделата. Мора да се повлече јасна и одредена гранична линија помеѓу оние кои го носат знакот на Божјото царство и оние кои го носат знакот на царството на побуната. {6С 353.1}

Саботата треба да се празнува многу посвето отколку што го прават тоа оние кои тврдат дека ја празнуваат. Оние кои не ја празнуваат саботата во склад со заповедите, нанесуваат голема навреда на Господа. Тој бара да се изврши реформа во празнувањето на саботата. {6С 353.2}

Подготовка за саботата

На самиот почеток на четвртата заповед Господ вели: „Сеќавај се”. Тој знаел дека човекот поради многубројните грижи и забуни, ќе падне во искушение да се изговара дека не е во можност да ги задоволи сите барања на законот, или ќе заборави на неговото свето значење. Поради тоа, Господ вели: „Сеќавај се на денот од одморот да го празнуваш“ (Излез 20:8). {6С 353.3}

Во текот на цела седмица мораме да мислиме на саботата и да се подготвиме да ја празнуваме во склад со заповедта. Не треба празнувањето на саботата да го сметаме само

како прашање на законот, туку треба да ја сфатиме нејзината духовна поврзаност со сите животни постапки. Сите оние кои ја сметаат саботата како знак помеѓу Бога и самите себе, покажувајќи дека Тој е Бог Кој ги посветува, ќе ги претставуваат начелата на Неговото царство. Тие во секојдневниот живот ќе ги внесуваат законите на Неговото царство и секојдневно ќе се молат на нив да почива посветеноста на саботата. Тие секој ден ќе бидат здружени со Христа и ќе го одразуваат совршенството на Неговиот карактер. Нивната светлина во добрите дела ќе ги осветлува другите. {6C 353.4}

Кога го имаме на ум сето она што се однесува на успех на Божјото дело, тогаш увидуваме дека првите победи мораат да се извојуваат во домашниот живот. Овде мораме да го отпочнеме подготвувањето за саботата. Родителите мораат цела седмица да имаат на ум дека нивниот дом е училиште во кое нивните деца се подготвуваат за небесните дворови. Нивните зборови треба да бидат исправни, добри зборови. Од нивните усни не смее да излезе ниту еден збор кој нивните деца не треба да го слушнат. Духот мора да биде слободен од раздразливост. Родители, во текот на цела седмица живејте така како да се наоѓате пред очите на светиот Бог Кој ви ги дарувал вашите деца да ги одгледате за Него. Обучувајте ја за Него малата црква во својот дом, така што во сабота сите ќе бидете подготвени за богослужение во Господовото светилиште. Секое утро и секоја вечер изведувајте ги своите деца пред Бога како Негово, со крв, откупено наследство. Поучувајте ги дека нивна највозвишена должност и привилегија е да го љубат Бога и да Му служат. {6C 354.1}

Родителите треба да бидат одлучни службата на Бога да ја претворат во очевидна поука за своите деца. Цитатите од Светото Писмо треба почесто да се слушаат од нивните усни, особено оние кои го подготвуваат срцето за верска служба. Драгоцените зборови треба често да се повторуваат: „Душо моја чекај само на Господа, зашто во него е мојата надеж“ (Псалм 62:5). {6C 354.2}

Кога така си спомнуваме за саботата, она што е земно и минливо нема да го попречува она што е духовно. Ниту една должност која треба да се изврши во текот на шесте работни денови нема да биде оставена за саботата. Во текот на седмицата нашите сили нема да бидат толку исцрпени од овоземната работа, така што во денот кога Господ се одморал и освежил да бидеме толку изморени што нема да можеме да учествуваме во Неговата служба. {6C 354.3}

Иако преку целата седмица треба да се подготвуваме за сабота, сепак петокот е ден за посебни подготовки. Преку Мојсеј, Господ им рекол на Израелевите синови: „Утре е сабота, ден за одмор посветен на Господ, што ќе печете печете и што треба да варите варете денес; а што ќе преостане, соберете го и чувајте го за утре”. „Народот одеше да ја собира маната и ја мелеше со рачни мелници или ја толчеше во толчник и ја вареше во котли, па правеше од неа пити“ (Излез 16:23; Броеви 11:8). Од ова се гледа дека нешто морало да се направи за да се подготви лебот кој бил испратен од небото за Израелевите си нови. Господ им рекол дека таа работа мора да се изврши во петок, во денот за подготовка. Тоа била проба за нив. Бог сакал да види дали тие ќе ја празнуваат саботата или не. {6C 354.4}

Ова упатство од усните на Јехова претставува поука и за нас. Библијата е совршен водач и ако нејзините страници се проучуваат со молитва и со срце кое сака истите да бидат сфатени, никој не мора да греши во тоа прашање. {6C 355.1}

На многумина им се потребни упатства за тоа како да се појават на собирот при богослужението во сабота. Тие не треба да доаѓаат во Божје присуство во обична облека која ја носат преку цела седмица. Сите треба да имаат посебно одело за сабота кое ќе го носат кога присуствуваат на службата во Божјиот дом. Иако не треба да се прилагодуваме на световната мода, сепак не смееме да бидеме рамнодушни кон нашиот надворешен изглед. Мораме да бидеме уредни и средени, но без украсување. Божјите деца мораат да бидат чисти и однадвор и одвнатре. {6C 355.2}

Во петок треба да се завршат сите подготовки за сабота. Погрижете се сите облеки да бидат подготвени, готвењето завршено, чевлите исчистени и да се искапете. Сето тоа може да се среди и да се заврши ако себеси си го поставиме за правило. Саботата не смее да се помине во крпење на облека, во готвење на храна, во барање на задоволства или во било која друга земна работа. Пред заоѓање на сонцето положете ја настрана секоја световна работа и тргнете ги од пред своите очи сите световни списанија. Родители, објаснете им ги на своите деца своите постапки во тој поглед како и нивната цел и дозволете и децата да уживаат во подготовките за сабота во согласност со законот. {6C 355.3}

Ние треба ревносно да ги чуваме границите на саботата, имајќи на ум дека секој момент е посветено, свето време. Секаде каде што за тоа постои можност, работодавачите треба да ги ослободат своите работници од работата од петок напладне до почетокот на саботата, давајќи им на тој начин време за подготовка, така што ќе можат со сми рен дух да го дочекаат Господовиот ден. Со тоа нема да претрпите ни каква загуба, дури ниту во земните работи. {6C 356.1}

Уште на една работа треба да ѝ се посвети внимание во денот за подготовка. Тој ден треба да се решат сите несогласувања помеѓу браќата, како во семејството, така и во црквата. Истерајте ја од душата секоја горчина, гнев и злоба. Во понизен дух „исповедајте си ги еден на друг грешките и молете Му се на Бога еден за друг, за да оздравите“ (Јаков 5:16). {6C 356.2}

Пред да почне саботата треба и духот и телото да се ослободат од земните работи. Бог ја поставил својата сабота на крајот на шесте работни денови, за да можат луѓето да застанат и да размислуваат за тоа колку во текот на седмицата сме напредувале во подготвувањето за царството на чистота во кое нема да има пристап ниту еден престапник. Се која сабота треба да извршиме пресметка со својата душа, за да видиме дали изминатата седмица ни донела духовен напредок или загуба. {6C 356.3}

Да се држи саботата света за Господа значи вечно спасение. Бог вели: „Ќе им укажам чест на оние кои Мене ми укажуваат чест“ (1. Самоилова 2:30). {6C 356.4}

Саботата во домот

Пред заоѓање на сонцето, сите членови треба да се соберат за да ја читаат Божјата Реч, да пеат и да се молат. Во тој поглед е потребна реформа, зашто многумина во тоа станале немарни. Треба да се исповедаме на Бога и еден на друг. Мораме да почнеме од почеток во овој поглед, вршејќи посебни аранжмани за да може секој член на семејството да се подготви да го празнува денот кој Бог го благословил и го посветил. {6C 356.5}

Драгоцените часови од саботата нека не бидат поминати во постела. Во сабота наутро, семејството треба рано да стане. Ако доцна се стане, ќе дојде до збрка и забрзаност во подготовките за појадок и за саботната школа. Сред забрзаноста ќе настане турканица и нетрпеливост. Така во домот ќе се појават несвети чувства. Така обесветената сабота, на тој начин станува товар и нејзиното доаѓање се очекува повеќе со страв отколку со љубов. {6C 357.1}

За сабота не е потребно да се подготвуваат побогати, ниту поразновидни јадења отколку во другите денови. Напротив, храната треба да биде поедноставна и треба помалку да се јаде, за да може духот да биде бистар за сфаќање на духовните работи. Прекумерното ја дење го замаглува мозокот. Можат да се слушаат најдрагоцени зборови и да не се разберат, зашто умот е замрачен со неправилна исхрана. Со прекумерното јадење во сабота, многумина го обесчестуваат Бога повеќе отколку што тие мислат. {6C 357.2}

Иако во сабота треба да се воздржуваме од готвење, сепак не е неопходно да јадеме ладни јадења. Ако времето е студено, нека биде подгреано јадењето кое сте го подготвиле претходниот ден. Иако едноставни, јадењата треба да бидат вкусни и привлечни. Подгответе и нешто што ќе го сметате за извесно задоволство кое семејството го нема секој ден. {6C 357.3}

Во семејното богослужение треба да учествуваат и децата. Секој треба да ја земе својата Библија и да прочита еден или два стиха. По тоа, по пеењето на некоја позната песна, нека следи молитва. За тоа Христос ни оставил пример. Господовата молитва „Оче наш“ немала цел само да се повторува како некоја формалност, туку дала пример на тоа каква треба да биде нашата молитва – едноставна, сесрдна и содржајна. Во едноставна молба изнесете Му ги на Господа своите потреби и изразете благодарност за Неговата милост. Со тоа го повикувате Исуса во својот дом и своето срце како добредојден гостин. На долгите молитви кои се однесуваат на некои оддалечени предмети не им е место во семејството. Тие го прават заморен часот на молитва, кој би требало да биде сметан за привилегија и благослов. Направете го овој час интересен и радосен. {6C 357.4}

Саботната школа и богослужението заземаат само еден дел од саботниот ден. Оној друг дел кој му преостанува на семејството може да се направи најсвет и најдрагоцен од сите часови од саботата. Поголемиот дел од ова време родителите треба да го поминат со своите деца. Во многу семејства малите деца се препуштени сами на себе да се забавуваат како знаат и умеат. Препуштени на себе, децата набргу стануваат немирни, почнуваат да си играат или прават некои бељи. Така саботата за нив го губи своето свето значење. {6C 358.1}

Кога времето е убаво, родителите треба да излезат со децата во поле или во шума. Сред убавините на природата, раскажувајте им за причините за воспоставување на саботата. Опишете им го големото Божје дело на создавање. Кажете им дека земјата била света и прекрасна кога излегла од Неговите раце. Секој цвет, секоја грмушка и се кое дрво одговарало на намерата на својот Творец. Сè на што застанува окото било прекрасно и го исполнувало умот со мисли за Божјата љубов. Секој звук бил музика во хармонија со Божјиот глас. Покажете им дека гревот го расипал тоа Божје дело и дека трњето и плевелот, жалоста, болката и смртта се последица на непокорноста кон Бога. По кажете им како земјата, иако расипана од проклетството на гревот, сè уште ја открива Божјата добрина. Зелените полиња, високите дрва, зраците на сонцето кои сите ги развеселуваат, облаците, росата, свечената тишина на ноќта, величественоста на ѕвездената небо, месечината во

својата убавина сето тоа сведочи за Творецот. Секоја капка дожд и секој зрак на светлина која го осветлува нашиот неблагодарен свет сведочи за Божјата долготрпеливост и љубов. {6C 358.2}

Зборувајте им за патот на спасение дека „Бог толку го возљуби светот, та го даде и Својот Единороден Син, та секој што верува да не за гине, туку да има вечен живот“ (Јован 3:16). Повторувајте им ја прекрасната историја за Витлеем. Прикажете им го на децата Исуса како дете кое било послушно на своите родители, како верно и вредно момче кое помагало во издржувањето на своето семејство. На тој на чин можете да ги поучите дека Спасителот ги познава сите младешки тешкотии, неволји и искушенија, како и нивните надежи и радости и дека може да им ја укаже својата наклонетост и помош. Од време на време читајте заедно со нив интересни стории од библиската историја. Прашајте ги што научиле во саботната школа и проучувајте ја со нив поуката за идната сабота. {6C 358.3}

При заоѓање на сонцето, обележете го со молитва и песна крајот на светите часови и побарајте Божја присутност низ грижите на следната работна седмица. {6C 359.1}
На тој начин родителите можат да направат саботата да биде најрадосен ден во седмицата што таа и навистина треба да биде. Тие можат да ги наведат своите деца тој ден да го сметаат за радост, ден над деновите, свет и славен Господов ден. {6C 359.2}

Ве советувам браќа и сестри, имајте ја на ум заповедта: „Сеќавај се на денот саботен за да го празнуваш”. Ако сакате вашите деца да ја празнуваат саботата според заповедта, морате да ги научите на тоа со поука и со пример. Вистината која длабоко ќе се вреже во срцето не може никогаш потполно да се избрише. Таа може да се замагли, но ни когаш и да се избрише. Можеби ќе настапат такви околности кои ќе ги одвојат децата од нивните родители и од нивниот дом, но поуките при мени во детството и младоста ќе бидат благослов сè додека живеат. {6C 359.3}

Патување во сабота

Ако сакаме да го примиме благословот кој е ветен на послушните, мораме да бидеме попрецизни во празнувањето на саботата. Стравувам дека често патуваме на тој ден, иако тоа би можело да се избегне. Во склад со светлината која Господ ја дал во поглед на празнување на саботата, треба да бидеме многу повнимателни во поглед на патување со брод или воз тој ден. Во тие работи треба да даваме добар пример на своите деца и на младината. Можеби ќе биде потребно да се па тува во сабота за на црквите на кои им е потребна нашата помош да им се однесе веста која според Божја волја треба да ја слушнат; но секогаш кога тоа е можно, треба порано или некој друг ден да се набаваат билети и да се извршат сите неопходни подготовки. Ако поаѓаме на некој подолг пат, треба да преземеме сè што е во наша моќ да го планираме своето патување така што на определеното место нема да стигнеме во сабота. {6C 359.4}

Кога сме принудени да патуваме во сабота, да настојуваме да го избегнуваме друштвото на оние кои би го привлекле нашето внимание на земни работи. Нашите мисли треба постојано да бидат насочени кон Бога и треба да општиме со Него. Секаде каде што ќе ни се укаже можност, треба да им зборуваме на другите за вистината. Мораме секогаш да бидеме подготвени да им помогнеме на оние на кои им е потребна помош и да ги

олесниме страдањата на оние кои се во неволја. Бог сака во такви случаи да ги користиме знаењето и мудроста кои Тој ни ги подарил. Но не треба да зборуваме за деловни работи, ниту да се впуштаме во обични, световни разговори. Бог бара од нас секогаш и на секое место со славењето на саботата да ја докажеме нашата верност кон Него. {6C 360.1}

Саботни состаноци

Христос рекол: „Каде што се двајца или тројца собрани во Мое име, таму сум и Јас меѓу нив“ (Матеј 18:20). Секаде каде што има барем двајца или тројца верници, треба да се состанат во сабота, повикувајќи се на ова Господово ветување. {6C 360.2}

Малите групи кои се собираат поради Божја служба на Неговиот свет ден имаат право да бараат изобилни благослови и треба да веруваат дека Господ Исус е почитуван гостин на нивните собири. Секој вистински верник кој ја празнува саботата има право на ветувањето: „За да знаете дека Јас сум Господ кој ве посветува“ (Излез 31:3). {6C 360.3}

Проповедите на нашите саботни состаноци по правило треба да бидат кратки. На оние кои го љубат Бога треба да им се пружи прилика да ја изразат својата благодарност и обожување. {6C 361.1}

Ако црквата нема проповедник, треба некој да се избере за водач на собирот; но не е неопходно тој да одржува некои проповеди или да зазема голем дел од времето одредено за служба. Кратко и интересно читање од Библијата често ќе биде од поголема корист отколку некоја проповед. Потоа може да следи состанок за молитва и сведоштва. {6C 361.2}

Оние кои се наоѓаат на водечки положби во црквата не треба преку седмицата толку да ги исцрпат своите физички и умни сили, така што во сабота не се во состојба во црквата да го внесат животворното влијание на Христовото евангелие. Работете помалку на земните, секојдневни работи за да не го закинувате Бога служејќи Му во сабота со таква служба која Тој не може да ја прими. Вие не треба да бидете како луѓе кои немаат духовен живот. На народот во сабота му е потребна ваша помош; хранете го од Божјата Реч. Принесете ги вашите најубави дарови на Бога во Неговиот свет ден. Нека драгоцениот живот на душата му се предаде Нему во посветена служба. {6C 361.3}

Никој нека не доаѓа на местото на богослужение за да дреме. Во Божјиот дом не смее да се спие. Кога ги работите своите земни работи, вие не заспивате, бидејќи сте заинтересирани за својата работа. Зар да дозволиме службата која ги опфаќа во себе вечните интереси да се става под минливите работи на овој живот? {6C 361.4}

Ако работиме така, ќе ги изгубиме благословите кои Господ сака да ни ги подари. Саботата не смее да биде ден за некорисно безделничење. И во домот и во црквата треба да се покажува дух на служба. Оној кој ни дал шест дена за нашите земни работи, го благословил и посветил седмиот ден и го одредил за Себе. Тој во тој ден посебно ќе ги благослови сите оние кои ќе се посветат на Неговата служба. {6C 361.5}

Цело небо ја празнува саботата, но не на рамнодушен и потполно неактивен начин. Тој ден треба да се пробуди секоја енергија на душата, зошто зар не се сретнуваме со Бога и со Христа, нашиот Спаси тел? Ние можеме да го гледаме Него со вера. Тој сака да ја освежи и благослови секоја душа. {6C 362.1}

Секој поединец треба, чувствувајќи го тоа како должност, да даде свој придонес за да може саботните состаноци да бидат што поприврлечни. Не треба да се собирате само поради формалност или обичаи, туку за да размените мислења, да ги изнесете своите секојдневни искуства, за да ја изразите благодарноста и својата искрена желба за божествено просветлување и за да го запознаете Бога и Исуса Христа кого Тој го испратил. Зборувајќи меѓусебно за Христа, вие ќе ја зацврстите својата душа за претстојните животни борби и искушенија. Ни когаш не мислете дека можете да бидете христијани, а притоа да се повлекувате сами во себе. Секој поединец е дел од големата мрежа на човештвото и искуството на секој во голема мерка зависи од искуствата на неговите ближни. {6C 362.2}

Ние не примаме ниту стоти дел од благословите кои би требало да ги примиме на црковните богослужења. Нашата моќ на забележување мора да се изостри. Нашето меѓусебно дружење и состанување треба да нè направи радосни. Зошто нашите срца не се исполнети со љубов кон Бога, кога имаме таква надеж? {6C 362.3}

Мораме да настојуваме секој верски собир да биде оживеан со духовната свест дека тука се присутни Бог и Неговите ангели и дека тие соработуваат со сите вистински обожувачи. Влегувајќи во местото на богослужение, замолете го Господа да го отстрани секое зло од вашето срце. Донесете го во Неговиот дом само она што Тој може да го благослови. Клекнете пред Бога во Неговиот храм и посветете Му ја Неговата своина (целото ваше битие), откупена со Христовата крв. Молете се за говорникот или за оној кој го води собирот. Молете се преку оној кој ги изнесува зборовите на живот да може да дојде изобилен благослов. Трудете се сесрдно и копнејте за тоа и самите да примите благослов. {6C 362.4}

Бог ќе ги благослови сите оние кои се подготвуваат за Неговата служба. Тие ќе разберат што значи да се има уверувањето на Духот, затоа што со вера го примиле Христа. {6C 363.1}

Местото за богослужение може да биде многу скромно, но поради тоа Бог нема помалку да го цени. Тоа ќе биде како небесна врата на оние кои го слават Бога во дух и вистина и во убавината на светоста. Собирот на верници може да биде малоброен, но тој сепак е многу драгоцен во Божјите очи. Со моќната острица на вистината тие се како необработени камења изронети од каменоломот на овој свет и донесени се во Божјата работилница каде што треба да се делкаат и обликуваат. Меѓутоа, дури и во својата необработена состојба, тие се драгоцени во Божјите очи. Секирата, чеканот и длетото на неволјите се наоѓаат во рацете на Оној кој е вешт мајстор. Тој не ги користи тие средства за да уништи, туку секоја душа да излезе совршена. Како драгоцени камења, полирани според сличноста во палатата, Бог сака да добиеме место во небесниот храм. {6C 363.2 }

Бог ни дава дарови и провизии кои се безгранични. Самиот престол на благодатта е најголема привлечна сила, зашто на него седи Оној Кој ни дозволува да го наречеме Татко. Но Бог не сметал дека начелото на спасението е потполно, иако било исполнето само со Неговата љубов. Со Својата одлука, Тој поставил покрај Својот олтар еден Бранител кој ја зел на Себе нашата природа. Негова должност како наш Посредник е да нè претстави пред Бога како Негови синови и ќерки. Христос посредува во корист на оние кои го примиле. Врз основа на своите сопствени заслуги, Тој им дава власт, заради Неговите сопствени заслуги да станат членови на царското семејство, деца на не бесниот Цар. Примајќи ги и признавајќи ги Христовите пријатели како свои, Таткото ја покажува Својата бесконечна љубов кон Христа, Кој со Својата крв ја платил цената на нашето откупување. Тој е

задоволен со остварeното помирување; Тој е прославен со отелотворувањето, животот, смртта и посредувањето на Својот Син. {6С 363.3}

Штом Божјото дете ќе се приближи кон престолот на милоста, тоа станува штитеник на големиот Бранител. Штом ќе ги изговори првите зборови на покајание и ќе замоли за прошка, Христос го зема во Свои раце неговиот случај и ги изнесува неговите молби на Таткото како Свои. {6С 364.1}

Кога Христос посредува за нас, Таткото ни ги отвора сите ризници на Својата благодат за да ги користиме и да ги предадеме и на другите. „Барајте во Мое име," вели Христос, „Не велам дека ќе го молам Таткото за вас, зашто Таткото има љубов кон вас, како Што имате и вие љубов кон Мене". Повикајте се на Моето име и тоа ќе ги направи вашите молитви делотворни и Таткото ќе ви подари изобилство од Својата благодат. Затоа „барајте и ќе добиете, за да биде радоста ваша полна" (Јован 16:24). {6С 364.2}

Бог сака Неговите послушни деца да бараат Негов благослов и да доаѓаат пред Него, славејќи го и заблагодарувајќи Му. Бог е Извор на животот и силата. Тој може да ја претвори пустината во плодна почва за народот кој ги држи Неговите заповеди, зашто тоа е за слава на Неговото име. Она што Тој го направил за Својот избран народ би требало да го исполни со благодарност секое срце; но Тој е ожалостен што Му се оддава толку малку благодарност. Тој сака да види посилни изрази на благодарност од страна на Својот народ, кој на тој начин ќе покаже дека е свесен за причините на својата радост и задоволства. {6С 364.3}

Треба често да се повторува она што Бог го направил за Својот народ. Колку често Господ поставувал патокази во Своето постапување со стариот Израел! За да не ја заборават историјата од минатото, Бог Му наредил на Мојсеј да ги изнесе тие настани во песни, за да можат родителите со нив да ги поучуваат своите деца. Тие требале да соби раат споменици и да ги поставуваат на видно место. Посебни напори се вложувани за да се сочуваат тие споменици, за да може целата историја да биде повторена на децата кога ќе се распрашуваат за тие работи. Така сите го имале на ум дејството на провидението и обележаната Божја добрина и милост во Неговата грижа и ослободувањето на Неговиот народ. И на нас се однесува советувањето: „Потсетувајте се на вашите поранешни денови кога, откако се просветивте, поднесовте голема борба во страдањата" (Евреите 10:32). Господ делувал како чудотворен Бог за Својот народ во ова поколение. Минатата историја на Божјото дело треба често да се предочува на народот, како на младите, така и на старите. Мораме често да зборуваме за Божјата добрина и да го славиме поради Неговите прекрасни дела. {6С 364.4}

Додека ние сме поттикнати да не ги оставаме своите цркви, на тие собирања (богослужениј а) не треба да присуствуваме само поради наше сопствено освежување. Треба да бидеме вдахновени со поголема ревност и на други да ја пренесуваме утехата што сме ја примиле. Наша должност е ревносно да се залагаме за Божјата чест, не донесувајќи зол глас ниту со тажен израз на своето лице или со непромислени зборови, како Божјите барања да ја ограничуваат нашата слобода. Господ сака дури и во овој свет на страдања, разочарувања и грев да бидеме бодри и силни во Неговата сила. Целата наша личност ја има таа предност да претставува едно одлучно сведоштво во секој поглед. Со изразот на своето лице, со својот темперамент, со своите зборови и карактер, ние треба да сведочиме

дека е добро да Му се служи на Бога. На тој начин ние објавуваме: „Господовиот закон е совршен, ја обратува душата“ (Псалм 19:7). {6C 365.1}

Сите оние кои секојдневно се посветуваат на Бога, ја покажуваат светлата и ведра страна на нашата вера. Не треба да го обесчестуваме Бога со тажно прераскажување на неволјите кои ни изгледаат мачни и тешки. Сите искушенија кои ги примаме како воспитно средство ќе ни донесат радост. Целиот верски живот ќе биде воздигнувачки, облагородувачки, мирис на добри зборови и дела. Непријателот е задоволен кога душите се потиштени, скршени и тажни и кога воздивнуваат. Тој сака токму таков впечаток да се стекне за нашата вера. Но Божја на мера не е нашиот дух да се спушта толку ниско. Тој сака секоја душа да ликува во силата на Откупителот која нè одржува. Псалмистот вели: „Дајте Му на Господ, синови Божји, дајте Му на Господ слава и моќ. Дајте Му слава на Господ соодветно на името Негово. Обожувајте го Господа во убавината на светоста. „Ќе те величам Господи, зашто Ме извлече и не допушти непријателите мои да се радуваат над мене. Господи, Боже мој, повикав кон Тебе и Ти Ме исцели... Пејте Му на Господа, светии Негови, славете го Неговото свето име“ (Псалм 29:1, 2; 30:14). {6C 365.2}

Божјата црква на земјата е едно со Неговата црква на небото. Верниците на земјата и небесните суштества кои никогаш не паднале сочинуваат една црква. Секое небесно суштество е заинтересирано за собирите на светиите на земјата кои се состануваат за да го слават Бога. Во внатрешниот двор на небото, тие слушаат сведоштва кои ги изнесуваат Христовите сведоци во надворешното предворје на земјата и пофалбата и благодарноста на верниците од земјата се земени во небесните химни додека слава и благодарност одѕвонуваат во небесните дворови, бидејќи Христос не умрел напразно за паднатите Ада мови синови. Додека ангелите се напојуваат од самиот извор, светиите на земјата пијат од чистата река која истекува од престолот, река која го украсува градот на нашиот Бог. О, кога сите би можеле да сфатат колку небото е близу до земјата! Кога децата родени на земјата не се ни свесни за тоа, во нивно друштво се наоѓаат ангелите на светлината. Еден нечуен и невидлив сведок ја чува секоја жива душа, настојувајќи да ја привлече кон Христа. Небесните суштества ги следат луѓето сè додека постои надеж за нив, додека со своето противење на Светиот Дух не ја запечатат својата вечна пропаст. Да имаме сите на ум дека на секој собир на светиите овде на земјата се наоѓаат Божји ангели, слушајќи ги сведоштвата, песните и молитвите. Да не заборавиме дека хоровите на ангелските чети на небото ги дополнуваат нашите песни на благодарност. {6C 366.1}

Затоа кога се состанувате од сабота до сабота, пејте песни на благодарност на Оној Кој ве извел од темнината и ве довел во Својата прекрасна светлина. Срцето нека оддаде висока почит на „Оној Кој нè љуби и нè изми од нашите гревови со Својата крв“. Суштина на излагањето на говорникот нека биде Христовата љубов, која исто така треба да се изразува со едноставни зборови во секоја песна на слава. Вдахновението на Светиот Божји Дух нека управува со вашите молитви. Како што зборот на животот се изговара, со својот срдечен одѕив посведочите дека веста сте ја примиле како да доаѓа од небото. Знам дека тоа е многу застарено, но тоа ќе биде благодарна жртва на Бога за лебот на животот, подарен на гладната душа. Тој одѕив со вдахновение на Светиот Дух ќе пружи сила на вашата сопствена душа и ќе биде охрабрување за другите. Тој ќе претставува доказ дека во Божјата градба постојат живи камења кои отсјајуваат со светлина. {6C 367.1}

Набљудувајќи го манифестирањето на големата Божја милост и Неговата постојана љубов, а не мрачните поглавја од нашиот живот, ние многу повеќе ќе одразуваме благодарност, отколку што ќе се жалиме. Ќе зборуваме за Божјата верност и љубов, за Христа како верен, нежен и сочувствителен пастир на Своето стадо, кое според Неговата изјава, никој нема да го грабне од Неговите раце. Говорот на срцето на вистинските Божји верници нема да биде себично мрморење и негодување, туку од нив како од бистра река ќе се излева благодарност.

„Добрина и милост ќе ме придружуваат преку сите денови на мојот живот и јас ќе престојувам во домот Господов засекогаш". „Ти ќе ме водиш со советот Свој и ќе ме примиш во Твојата слава. Кого имам јас на небото освен Тебе? И на земјата нема ништо што Јас го посакува покрај Тебе" (Псалм 23:6; 73:24,25). {6С 367.2}

Зошто не оживее гласот на нашите духовни песни на нашето патување? Зошто не се вратиме на нашата едноставност и животот со сесрдна ревност? Причината што не сме порадосни лежи во тоа што сме ја загубиле својата првобитна љубов. Затоа, да бидеме ревносни и да се покаеме, за свеќникот да не биде дигнат од своето место. {6С 368.1}

Божјиот храм е отворен на небото и влезот му е преплавен со слава која се излева на секоја црква на оние кои го љубат Бога и ги држат Неговите заповеди. Мораме да учиме, да размислуваме и да се молиме. Тогаш ќе имаме духовен вид за да можеме да ја видиме внатрешноста на небесниот храм. Ние ќе имаме дел од темите на песните и изразите на благодарност на небесниот хор околу престолот. Кога Сион ќе се издигне и ќе заблеска, неговата светлина ќе биде најпродорна, а на собирите на светиите ќе се слушнат песни на слава и благодарност. Ќе престанат мрморењета и лелекањата поради малите тешкотии и разочарувања. Кога ќе ја употребиме скапоцената очна маст, ќе ја видиме славата на идниот свет. Верата ќе продре преку мрачната сенка на сатаната и ќе го здогледаме Својот Застапник како принесува сладок мирис на Своите лични заслуги поради нас. Кога сето тоа ќе го видиме онака како што е и како што Господ сака да видиме, ќе бидеме исполнети со чувство на неизмерност и разнообразност на Божјата љубов. {6С 368.2}

Бог нè поучува дека треба да се собираме во Неговиот дом за да негуваме особини на совршена љубов. На тој начин земните жители ќе се подготват за живеалиштата кои Христос отишол да ги подготви за сите оние кои го љубат. Таму тие ќе се собираат во светилиштето од сабота до сабота и од младина до младина за да се обединат во највозвишените низови на песна, оддавајќи слава и благодарност на Оној Кој седи на престолот и на Јагнето низ вечни времиња. {6С 368.3}

БУДЕЊЕ ВО ПОГЛЕД НА ЗДРАВСТВЕНАТА РЕФОРМА

Покорување на природните закони

Бидејќи законите на природата се Божји закони, јасно е дека наша должност е тие закони внимателно да ги изучуваме. Треба да ги проучиме нивните барања во поглед на нашето тело и да им се прилагодуваме. Незнаењето во тие работи е грев. {6С 369.1}

„Не знаете ли дека вашите тела се делови од Христа? Или пак не знаете дека вашето тело е храм на Светиот Дух, Кој живее во вас и ни е даден од Бога и дека не припаѓате само

на себе? Зашто скапо сте платени. Затоа прославате го Бога во своите тела и во своите души, кои се Божји“ (1. Коринтјаните 6:15,19,20). Нашите тела се откупена Христова своина и ние не можеме со нив да располагаме по своја волја. Луѓето го прават тоа. Тие постапуваат со своите тела така како законите на природата да не предвидуваат казни. Телесните органи и сили се ослабени, заболени и осакатени поради изопаченоста на апетитот. Сатаната ги употребува тие последици, кои ги предизвикал со своите искушенија, за да му се подбива на Бога. Прикажувајќи го пред Бога човечкото тело кое Христос го откупил како Своја сопственост, сатаната укажува на тоа како човекот е грд претставник на својот Творец! Бог е обесчестен со тоа што човекот греши против своето тело и што го расипал својот живот. {6C 369.2}

Кога мажите и жените се вистински обратени, тие совесно ќе се придржуваат кон животните закони кои Бог ги пропишал во нивна корист, така одбегнувајќи ја телесната, умната и моралната слабост. Покорувањето на овие закони мора да стане прашање на лична должност. Ние сами мораме да ги поднесуваме злите последици на престапување на законот. Мораме да одговараме пред Бога за нашите навики и постапки. Затоа не треба да прашаме: „Што ќе каже светот?“, туку
„Како јас, кој тврдам дека сум христијанин, ќе го третирам живеалиштето кое Бог ми го дал? Треба ли да работам за своето највисоко земно и духовно добро чувајќи го своето тело како храм на Светиот Дух, или треба да се жртвувам себеси поради световните идеи и практики?“ {6C 369.3}

Прашањето на здравјето треба да се направи значајно прашање на целото семејство. Родителите треба да станат свесни за своите од Бога дадени одговорности. Тие треба да ги изучуваат начелата на здравствената реформа, учејќи ги своите деца дека патот на самооткажување е единствен сигурен пат. Со непочитување на физичките закони, повеќето жители на овој свет стануваат неспособни да владеат со себе и правилно да ја ценат вечната стварност. Тие своеволно остануваат незнајковци во поглед на својот организам и ги наведуваат своите деца на патот на самоугодување, подготвувајќи го патот за нив да ја претрпат казната за престап на законите на природата. Тоа не значи мудро интересирање за добробитта на своето семејство. {6C 370.1}

Црквата и здравствената реформа

Веста за здравствената реформа треба да се применува во секој црква. Во тој поглед треба да се изврши една работа во секое училиште. На ниту еден управител ниту учител не треба да му се довери образованието на децата додека не стекне практично познавање на овој предмет. Некои сметаат дека имаат право да ги критикуваат начелата на здравствената реформа и во нив да ги пронаоѓаат недостатоците, иако малку ги познаваат од искуство. Тие треба со сето свое срце да им се придружат на оние кои одат по вистинскиот пат. {6C 370.2}

Прашањето на здравствената реформа било изнесено пред црквите, но таа светлина не е примена од срце. Себичните и погубни по здравјето навики на кои се оддаваат мажите и жените го неутрализирале дејството на веста која треба да го подготви народот за големиот Божји ден. Ако членовите на црквата сакаат да бидат силни, мораат да живеат

според вистината која Бог им ја дал. Ако ја отфрлат сета светлина за овој предмет, ќе пожнеат сигурни последици духовно и телесно изопачување. Примерот на постарите членови ќе дејствува како квасец на новодојдените верници. Господ денес не работи за да приведе многу души кон вистината, поради членовите на црквата кои никогаш не се обратиле, како и поради оние кои еднаш се обратиле, а потоа повторно почнале да запаѓаат во поранешната состојба. Какво влијание можат да имаат на новите обратеници овие непосветени членови? Ќе сакаат ли тие да ја направат неделотворна Божјата вест која треба да ја објавува Неговиот народ? {6C 370.3}

Секој нека го испита својот начин на живот, за да установи нема ли во него нешто со што всушност нанесува штета на самиот себе; и нека се откаже од секое штетно задоволување во јадење и пиење. Некои заминуваат во далечни земји барајќи подобра клима; но каде и да се наоѓаат, желудникот ќе им создаде нездрава атмосфера. Тие сами на себе навлекуваат страдања од кои никој не може да ги ослободи. Нека го ускладат својот секојдневен живот со законите на природата, и при менувајќи го практично во својот живот она во што веруваат, тогаш околу душата и околу телото ќе се создаде атмосфера која ќе биде животворен мирис за живот. {6C 371.1}

Браќа, ние далеку заостануваме. Не се направени многу работи кои требало да се направат, за да може црквата да биде жива црква. По пуштајќи на своите изопачени апетити, многумина се одвеле себеси до таква здравствена состојба така што постои постојана борба против највисоките интереси на душата. Вистината не се прима иако таа е јасно изнесена. Јас сакам да го изнесам ова пред секој член на нашата црква. Нашите обичаи мораат да се доведат во согласност со Божјата волја. Ние сме уверени „дека Бог е Оној кој работи во вас“, но и човекот мора да даде свој придонес во совладувањето на апетитот и страста. Религиозниот живот бара дејност на умот и срцето во склад со божествените сили. Никој не може сам со свои дела да заслужи спасение, но ниту Бог не може тоа да го направи за него без негова соработка. Меѓутоа, ако човекот сесрдно се залага, Бог работи со него и Му дава сила да стане Божји син. {6C 371.2}

Кога на некои лица им се говори за прашањата за здравјето, тие често велат „Знаеме многу повеќе отколку што извршуваме”. Тие не сфаќаат дека се одговорни за секој зрак на светлина во поглед на чување на телесното здравје и дека секоја нивна навика Му е позната на Бога. Нашиот телесен живот не смее да му се препушти на случајот. Секој орган и секое влакно на организмот мораат неприкосновено да се чуваат од штетните навики. {6C 372.1}

Исхрана

Нашите навики во јадењето и пиењето покажуваат дали сме од овој свет или припаѓаме на бројот на оние кои Господ со Својата моќна острица на вистината ги издвоил од светот; кои го сочинуваат Неговиот својствен народ кој копнее за добри дела. Бог проговорил во својата Реч. Случаите на Даниел и тројцата негови другари претставуваат проповеди за здравствената реформа. Бог проговорил во историјата на Израелевите синови, настојувајќи да им го ускрати јадењето на месо поради нивно добро. Тој ги хранел со небесен леб; „од ангелски леб јадеше човекот”. Но тие попуштале на своите земни барања и колку повеќе мислеле на египетските лонци со месо, дотолку повеќе чувствувале

одвратност кон храната која Бог им ја дал за да бидат здрави телесно, умно и морално. Тие копнееле за лонците со месо како што прават многумина и денес. {6C 372.2}

Многумина страдаат и заминуваат во гроб поради попуштање на својот апетит. Тие јадат сè што му годи на нивниот изопачен вкус, со што ги оштетуваат органите за варење и ја слабеат нивната способност да ја апсорбираат онаа храна која го одржува животот. Ова доведува до акутни болести, по кои често доаѓа смрт. Самоубиствениот на чин на живот на оние кои би требало повеќе да знаат, доведува до истоштеност на чувствителните органи на телото. {6C 372.3}

Членовите на црквата треба да бидат постојани и верни на светлината која Бог им ја дал. Секој член треба разумно да се залага, искоренувајќи го од својот живот секое барање на изопачениот апетит. {6C 373.1}

Крајности во исхраната

Знам дека многу наши браќа во срцето и во пракса се противат на здравствената реформа. Јас не застапувам крајности. Но прегледувајќи ги своите ракописи, забележав одлучни сведоштва и опомени кои укажуваат на опасноста која му се заканува на нашиот народ ако се поведе по обичаите и праксата на овој свет во задоволување на апетитот, горделивоста и облекувањето. Моето срце е исполнето со болка и тага поради сегашната состојба на работите. Некои велат дека некои наши браќа премногу строго ги прикажувале овие прашања. Но, зар некој ќе се осмели да ја прикрива вистината во поглед на здравствената реформа само затоа што некои постапувале невнимателно, упорно навалувајќи со своите сфаќања за тој предмет во сите прилики? Луѓето на овој свет, општо земено, отишле во друга крајност во неумереност во јадењето и пиењето и како последица на ова дошло до изобилие на похотни практики. {6C 373.2}

Многумина од оние кои се подготвуваа да работат за Учителот, сега се наоѓаат под сенката на смртта, зашто не чувствувале дека врз нив почивала света обврска за покорување на здравствените закони. Законите на телесниот организам се всушност Божји закони, но се чини, луѓето ги заборавија. Некои се ограничија на исхрана која не може да ги одржи здрави. Оставајќи ги штетните јадења, тие не се погрижиле место нив да обезбедат хранливи продукти, ниту имале на ум дека е потребен такт и вештина за храната да се подготви на најздрав начин. Организмот мора правилно да се храни за да може правилно да функционира. Во спротивност е со здравствената реформа ако по отфрлањето на многу нездрави јадења, се оди во спротивна крајност, сведувајќи ја количината и квалитетот на исхраната на низок степен. Наместо здравствена реформа, тоа претставува здравствена деформа. {6C 373.3}

Вистинска умереност

Апостол Павле пишува: „Не знаете ли дека оние што се натпреваруваат на стадион, сите трчаат, но само еден добива награда? Па така трчајте и вие, за да добиете. Секој натпреварувач се воздржува од сè: тие за да добијат распадлив венец, а ние нераспадлив.

Јас пак, така трчам, но не како без цел; не се борам како оној што удира по ветар, туку го истоштувам и го поробувам телото, та проповедајќи им на другите, да не бидам и самиот отфрлен“ (1. Коринтјаните 9:24-27). {6C 374.1}

Има многу луѓе во светот кои се оддаваат на штетни навики. Апетитот е закон кој владее со нив. Поради нивните лоши навики, нивната морална чувствителност отапела, а нивната способност да ги сфатат светите работи во голема мера е уништена. Меѓутоа, христијаните треба да бидат строго умерени. Тие треба високо да го издигнат своето знаме. Умереноста во јадењето, пиењето и облекувањето е битно и неопходно. Наместо апетит и склоности, треба да владее начелото. Оние кои премногу јадат, или оние чија храна е со непожелен квалитет, лесно запаѓаат во расипништво и во други „неразумни и штетни желби, кои го потопуваат човекот во пропаст и погибел“ (1. Тимотеј 6:9). Оние кои се „Божји соработници“ треба да го искористат секој дел од своето влијание за да придонесат на ширење на вистинските начела на умереност. {6C 374.2}

Да му се биде верен на Бога тоа многу значи. Тој поставува барања на сите кои стапиле во Неговата служба, сакајќи тие да ги сочуваат своите ум и тело во најдобра здравствена состојба, сите сили и сите способности да бидат потчинети на божествената власт и по пат на грижливи и строго умерени навики да зацврстат во што поголема мерка. Ние сме задолжени пред Бога потполно да Му се посветиме Нему со тело и душа, сите свои способности да ги сметаме за дарови кои Тој ни ги доверил за да ги употребиме во Негова служба. Сите наши сили и способности мораме постојано да ги сочуваме и со употреба да ги зголемуваме во текот на ова време на проба (милост). На одговорни места во Божјото дело треба да ги бираме само оние луѓе кои ги ценат и уважуваат овие начела и кои се научени мудро и во Божји страв да водат грижа за своето тело. Меѓутоа, оние кои се долго во вистината, но кои не прават разлика помеѓу чистите начела на праведноста и начелата на злото, кои имаат нејасни поими за Божјата правда, милост и љубов, треба да се сменат од тие положби. На секоја црква ѝ е потребно јасно, разбирливо сведоштво, сведоштво кое на трубата ќе и даде одреден звук. {6C 374.3}

Ќе извојуваме голема победа ако можеме да ја пробудиме моралната свест на нашиот народ во поглед на умереноста. Мораме да проповедаме и да ја спроведуваме на дело умереноста во сите работи на овој живот. Умереноста во јадењето, пиењето, спиењето и облекувањето е едно од големите начела на верскиот живот. Вистината, внесена во светилиштето на душата, ќе покаже како треба да се постапува со телото. Не смее рамнодушно да се набљудува ништо што се однесува на здравјето на човечкото суштество. Нашето вечно добро зависи од тоа како во текот на животот ќе ги употребиме нашето време, сила и влијание. {6C 375.1}

Давид објавил: „Јас сум стравотно и прекрасно создаден“. Кога Бог ни дал такво престојувалиште, зошто не би го прегледале внимателно секое одделение? Просториите на умот и срцето се од најголемо значење. На место да живееме во приземјето на куќата, оддавајќи се на понижувачки задоволства, зар не треба да ги отвориме тие прекрасни простории и да го повикаме Господа Исуса да дојде и да престојува со нас? {6C 375.2}

Проповедниците треба да ја поучуваат здравствената реформа

Нашите проповедници треба да имаат добро знаење во поглед на здравствената реформа. Тие треба да се запознаат со физиологијата и хигиената и треба да ги познаваат законите кои управуваат со физичкиот живот и нивното влијание на здравјето на умот и душата. {6C 376.1}

Илјадници и илјадници луѓе не знаат речиси ништо за чудесното тело кое Бог им го дал, ниту за грижата која треба да му се посвети на телото. Тие сметаат дека е поважно да ги проучуваат прашањата кои се од многу помало значење. Тука проповедниците имаат да извршат една должност. Ако заземат правилен став кон ова прашање, можат да направат многу добра. Во своите сопствени животи и домови проповедниците треба да се покоруваат на законите на животот, применувајќи правилни начела и живеејќи здрав начин на живот. Тогаш ќе бидат во состојба да зборуваат како што треба за тоа прашање и да го водат народот сè повисоко и повисоко во делото на реформа. Живеејќи сами во светлината, проповедниците ќе ја објавуваат драгоцената вест на оние на кои им е потребно токму тоа сведоштво. {6C 376.2}

Проповедниците ќе стекнат драгоцени благослови и богато искуство ако својата работа во црквите ја комбинираат со излагање на здравственото прашање. На народот мора да му се даде светлина за здравствената реформа. Таа должност е запоставена и многумина се готови да умрат зашто им недостига светлината која требала и која морала да дојде до нив за да се откажат од себичните попуштања. {6C 376.3}

Претседателите на нашите Унии мораат да увидат дека е крајно време да заземат правилен став кон ова прашање. Проповедниците и учителите треба на другите да им ја даваат светлината која ја примиле. Потребно е да се залагаат на сите полиња за работа. Бог ќе им помогне; Тој ќе им даде сила на Своите слуги кои ќе заземат одлучен став и кои не отстапуваат од вистината и праведноста за да се оддаваат на себични задоволства. {6C 376.4}

Образовната работа на здравствено-мисионерско поле претставува голем и значаен чекор во правец на укажување на човекот на неговите морални одговорности. Ако проповедниците во своите различни гранки на делото се прифатиле за оваа задача, во склад со светлината која Бог им ја дал, би се остварила најодлучна реформа во поглед на јадењето, пиењето и облекувањето. Меѓутоа, некои директно го спречувале напредокот на здравствената реформа. Тие го попречувале на предокот на народот со своите рамнодушни или осудувачки забелешки, потсмевања и шеги. И тие самите, а и голем број на други луѓе страдале до смрт, но сите сè уште не се научиле на мудрост. {6C 377.1}

Само со најжестока борба би можел да се оствари напредок во извесна мерка. Луѓето не сакале да се откажуваат од себе, не сакале своите ум и волја да ги потчинат на Божјата волја, па во сопствените страдања и страдањата на другите ги искусиле последиците на таквото постапување. {6C 377.2}

Црквата создава историја. Секој ден доаѓа до извесна борба и движење. Од сите страни не опколуваат невидливи непријатели и ние, или победуваме преку благодатта дадена од Бога или сме победени. Ги повикувам оние кои зазеле неутрален став во поглед на здравствената реформа да се обратат. Оваа светлина е драгоцена и Господ ми дава вест сериозно да ги повикам сите оние кои сносат одговорности во било која гранка на Божјото

дело да посветат внимание за вистината да биде на највисоко место во срцето и во животот. Само така можат да се совладаат искушенијата на кои сигурно ќе наидат во овој свет. {6C 377.3}

Зошто некои наши браќа проповедници покажуваат толку слаб интерес за здравствената реформа? Поради тоа што поуката за умереноста во сите работи е спротивна на нивната пракса на самопопуштање. Во некои места тоа нивно држење претставувало голем камен на сопнување на патот на нашето донесување на народот да ја испитува, спроведува и поучува здравствената реформа. Ниту еден човек не треба да се постави како учител на народот ако неговото учење или пример се во спротивност со сведоштвото кое Бог им го дал на Своите слуги во поглед на исхраната, зашто со тоа би се создала забуна. Неговото игнорирање на здравствената реформа го прави неприкладен да стои како Господов гласник. {6C 378.1}

Јасна е светлината која Господ ја дал во Својата Реч за тоа прашање, и луѓето ќе бидат испитани и испробани на многу начини за да се види дали се потчинуваат на таа светлина. На секоја црква и секое семејство му се неопходни поуки во поглед на христијанската умереност. Сите треба да знаат како да јадат и пијат за да го сочуваат своето здравје. Ние живееме во последните денови на светската историја; и во редовите на оние кои ја празнуваат саботата треба да постои хармонична акција. Оние кои не учествуваат во големото дело на поучување на народот во прашањето за здравствената реформа не одат по патот по кој одел големиот Исцелител. Христос вели: „Ако некој сака да оди по Мене, нека се откаже од себе, нека го земе својот крст и нека врви по Мене“ (Матеј 16:24). {6C 378.2}

Господ ми покажа дека многумина ќе бидат спасени од телесната, умната и моралната деградација по пат на практично влијание на здравствената реформа. За здравјето ќе се проповеда и ќе се објавуваат написи. Начелата на здравствената реформа ќе бидат применени со благонаклоност и многумина ќе бидат просветлени. Влијанието кое е поврзано со здравствената реформа ќе се препорача себеси на проценувањето на сите кои ја бараат светлината, и тие ќе напредуваат чекор по чекор примајќи ги посебните вистини за ова време. Така ќе се сретнат вистината и праведноста. {6C 378.3}

Животот е света доверба и само Бог може да нè оспособи да го со чуваме и искористиме во Негова слава. Меѓутоа Оној Кој ја создал чудесната структура на телото, посебно ќе се погрижи за тоа да функционира доколку луѓето не работат спротивно на Неговите цели. Тој ќе ни помогне да го умножиме секој талант кој ни е доверен и да го употребиме во склад со волјата на Дародавецот. На нашето постоење му се додаваат денови, месеци и години за најдобро да ги искористиме приликите кои ни се пружаат, работејќи за наше сопствено спасение, и со својот несебичен живот да придонесеме за благосостојба на другите. Со тоа можеме да придонесеме за подигнување на Христовото царство и манифестирање на Божјата слава. {6C 379.1}

Евангелската и здравствено-мисионерската работа треба заедно да напредуваат. Евангелието треба да се поврзе со начелата на вистинската здравствена реформа. Христијанството треба да се внесе во секојдневниот живот. Треба да се спроведе сериозно, темелно реформаторско дело. Вистинска библиска вера е излевање на Божјата љубов кон паднатиот човек. Божјиот народ треба да напредува по правиот пат за да може да влијае на срцата на оние кои ја бараат вистината и кои сакаат да живеат правилен живот во овој

интензивно сериозен век. Ние мораме да ги изложуваме на народот начелата на здравствената реформа, правејќи сè што е во наша моќ за да ги наведеме мажите и жените да го увидат значењето на тие начела и да ги спроведуваат на дело. {6C 379.2}

ЗНАЧЕЊЕТО НА НЕГУВАЊЕ НА ГЛАСОТ

Во целата наша работа, треба да се подарува поголемо внимание на негување на гласот. Можеме да поседуваме знаење, но ако не знаеме да го употребиме гласот како што треба, ќе претрпиме неуспех во својата работа. Ако не умееме да ги изразиме нашите мисли со соодветни зборови, каква вредност ќе има нашето образование? Знаењето ќе ни биде од мала корист ако не го негуваме дарот на говор. Меѓутоа, дарот на говор е чудесна моќ ако е комбинирана со способноста да се изговараат мудри, охрабрувачки зборови и тоа на начин кој ќе привлече внимание. {6C 380.1}

Учениците кои сакаат да станат работници во Божјото дело треба да се обучуваат да зборуваат јасно и разбирливо, зашто во спротивно нивното позитивно влијание ќе се намали за половина. Во секоја гранка на Божјото дело од непроценливо значење е способноста да се зборува јасно и разбирливо, изговарајќи го секој глас јасно и целосно. Таа квалификација е неопходна за сите оние кои сакаат да станат проповедници, евангелисти, библиски работници или колпортери. Оние кои имаат намера да се посветат на тие гранки на делото мораат да се на учат да го употребуваат својот глас на таков начин да остават добар впечаток кога му зборуваат на народот за вистината. На вистината не смее да ѝ се нанесува штета со погрешен начин на изразување при нејзиното излагање. {6C 380.2}

На колпортерот ќе му биде од голема корист во работата ако умее да зборува јасно и одлучно за вредноста на книгите кои сака да ги про даде. Можеби ќе му се пружи прилика да прочита едно поглавје од не која книга, па во склад со својот глас и правилно нагласување на поедини зборови толку живо ќе прикаже некои сцени, така што тие како реалност ќе се појават пред очите на слушателите. {6C 380.3}

Секој кој чита од Библијата во собирот или во семејството мора да биде во состојба да чита со течна, музичка мелодија, така што ќе ги воодушеви слушателите. {6C 380.4}
Проповедниците на евангелието мораат да знаат како да зборуваат со сила и изразно, придавајќи таква убедливост и изразност на зборовите на вечниот живот, така што слушателите не ќе можат, а да не ја почувствуваат нивната тежина. Чувствував болка кога слушам колку дефективни се гласовите на многу наши проповедници. Таквите проповедници Му ја закинуваат на Бога онаа слава која би можеле да Му ја оддадат ако се научиле да ја зборуваат Речта со сила. {6C 381.1}

Никој не смее да мисли дека е способен за повикот за проповедник сè додека со истрајни напори не ги совлада сите свои говорни мани. Ако се обиде да зборува на народот не знаејќи да го користи дарот на говор, неговото влијание ќе биде многу помало, бидејќи нема да има сила да го одржи будно вниманието на луѓето. {6C 381.2}

Секој човек, каква и да е неговата професија, мора да научи да владее со својот глас, така што ако нешто тргне по лош пат, нема да зборува на начин што ќе ги поттикне најлошите страсти на срцето. Често и говорникот и оној кому му се упатени зборовите,

зборуваат остро и грубо. Остри, диктаторски зборови, изговорени во тврд, рапав тон, често ги раздвојуваат пријателите и ги доведуваат до пропаст на душите. {6C 381.3}

Поуки за негување на гласот и говорот треба да се даваат во домот. Родителите треба да ги учат своите деца да зборуваат јасно, за да можат оние кои ги слушаат да го разберат секој нивен збор. Треба да ги учат да ја читаат Библијата со јасен и разбирлив глас, на начин кој ќе биде на чест на Бога. Не дозволувајте оние кои клечат околу семејниот олтар при упатувањето на молитви на Бога да ги спуштаат своите глави со рацете потпрени на столица. Тие треба да ги подигнат своите глави и во света стравопочит да се обраќаат на својот небесен Татко, изговарајќи ги зборовите гласно, така што ќе можат да се слушнат. {6C 381.4}

Родители, учете се да зборувате така што тоа ќе биде благослов за вашите деца. Жените треба да се учат во овој поглед. Дури и зафатените мајки можат да го негуваат овој дар на говор ако сакаат, и можат да ги поучуваат своите деца правилно да читаат и зборуваат. Тие можат да го прават тоа и за време на работата. Никогаш не е предоцна да се поправиме. Бог ги повикува родителите во домашниот круг да доведат до што е можно поголемо совршенство. {6C 381.5}

Јасен и разбирлив изговор е посебно потребен на состаноците, за да можат да се слушнат сите изнесени сведоштва и да се има корист од нив. Кога Божјиот народ на состаноците ги изнесува своите искуства, исчезнуваат потешкотиите и им се помага на другите. Но сведоштвата често се изложуваат толку нејасно и погрешно, така што е не возможно да се добие јасен поим за тоа што сака да се каже. Така благословот е често изгубен. {6C 382.1}

Оние кои се молат и оние кои одржуваат проповеди треба правилно да ги изговараат зборовите и да зборуваат со јасен и разбирлив глас. Правилно изговорената молитва е сила за добро. Таа е едно од средствата со кои Господ Му соопштува на народот драгоцени богатства на вистината. Но молитвата не е она што би требало да биде и тоа поради неправилно изразување на оние кои ја изговараат. Сатаната се радува кога на Бога Му се упатуваат речиси нечујни молитви. Божјиот народ треба да се научи да зборува и да се моли на таков начин со кој правилно ќе ги прикажува големите вистини кои му се доверени. Сведоштвата и молитвите треба да бидат јасни и разбирливи. Со тоа Бог ќе биде прославен. {6C 382.2}

Сите до крајни можности треба да го развиваат својот дар на говор. Бог бара службата на проповедникот да биде повозвишена и посовршена. Нему Му нанесува срам несовршениот изговор на оние кои со трудољубиви напори би можеле да станат прифатливи говорници во Негово име. На вистината често ѝ нанесува штета каналот преку кој таа доаѓа. {6C 382.3}

Господ ги повикува сите оние кои се поврзани со Неговата служба да подарат внимание на негување на својот глас, за да можат правилно да ги изговараат големите и свети вистини кои Тој им ги доверил. Ни кој нека не нанесува штета на вистината со погрешен изговор. Оние кои го запоставуваат усовршувањето на својот говор нека не мислат дека имаат квалификации за проповедници; зашто таквите допрва треба да стекнат сила на говорот. {6C 382.4}

Кога зборувате, секој ваш збор нека биде правилно изговорен, се која реченица јасна и разбирлива до последен збор. Многумина го спуштаат гласот на крај на реченицата и зборуваат толку неразбирливо, така што мислата губи од својата сила. Зборовите кои во

било кој поглед вреди да се изговорат, заслужуваат да се изговорат со јасен, разбирлив глас, изразно и со акцент. Но никогаш не барајте зборови кои ќе создадат впечаток дека сте образовани. Колку е поголема вашата едноставност, дотолку вашите зборови ќе бидат поразбирливи. {6C 383.1}

Млади мажи и жени, дали Бог всадил во вашите срца желба да Му служите? Тогаш негувајте го својот глас до крајни можности, за да би дете во состојба јасно да ги изложите драгоцените вистини на другите. Не се навикнувајте да зборувате нејасно и нечујно за на вашите молитви да им биде потребен толкувач. Молете се едноставно, но јасно и разбирливо. Не е никако доказ на понизност да го спуштите својот глас толку ниско што нема да може да се слушне. {6C 383.2}

На оние кои имаат намера да стапат во Божјото дело како проповедници, би сакала да им кажам: трудете се одлучно да постигнете совршенство на говорот. Молете го Бога да ви помогне да ја постигнете оваа голема цел. Кога се молите во црква, имајте на ум дека Му се обраќате на Бога кој сака да зборувате така јасно што ќе ве слушнат сите присутни и ќе ги придружат своите молби кон вашите. Молитвата што е изговорена набрзина така што зборовите меѓусебно се мешаат, не служи на Божја слава и не донесува никакво добро на слуша телите. Проповедниците и сите кои јавно се молат треба да се научат да се молат на таков начин кој ќе служи на слава на Бога и ќе донесе благослов на слушателите. Тие треба да зборуваат полека и разбирливо и доволно гласно за да можат сите да ги слушнат, така што народот ќе може сложно да изговори: Амин. {6C 383.3}

ДАВАЊЕ НА БОГА ОНА ШТО Е НЕГОВО

Господ Му дал на Својот народ една вест за ова време. Таа се на оѓа во третото поглавје од книгата на пророкот Малахија. Дали Господ можел појасно и поубедливо да ги постави Своите барања отколку што го направил тоа во ова поглавје? {6C 384.1}

Сите треба да имаат на ум дека сите други барања се подредени на барањата кои Бог ги има кон нас. Тој ни дава во изобилство и договорот кој го склопил со човекот гласи дека човекот треба да Му врати на Бога десеток од својот имот. Господ милостиво го доверил Своето богатство на Своите повереници, но за десетокот вели: тоа е Мое. Човекот треба верно да Му врати на Бога десеток од целокупниот свој имот во оној сооднос во кој Бог му го доверил Својот имот. Ова јасно уредување го одредил Самиот Исус Христос. {6C 384.2}

Оваа работа вклучува свети и вечни цели и таа е премногу света за да се препушти на човечките чувства. Во ова прашање не смееме да постапуваме по своја волја. Одговарајќи на Божјите барања, треба редовно да одвојуваме резерви посветени на Неговото дело. {6C 384.3}

Првина

Покрај десетокот, Господ бара и првина од сите наши приноси. Тој го резервирал тоа за себе за со тоа да биде обемно поддржано Неговото дело на земјата. Божјите слуги не треба да бидат ограничени со недоволно снабдување. Неговите гласници не смеат на тој

начин да бидат попречувани во својата работа на проповедање на Речта на животот. Во проповедање на вистината тие треба да имаат средства кои ќе ги вложат за ширење на делото во вистинско време, за да се постигне најдобро и најспасоносно влијание. Мораат да се вршат дела на милосрдие, мора да им се помогне на сиромашните и напатените. За таа цел треба да се наменат даровите и прилозите. Ова мора да се прави посебно во новите полиња каде сè уште не е издигнато знамето на вистината. Кога сите кои тврдат дека се Божји народ, и млади и стари, би ја вршеле својата должност, ризницата никогаш не би оскудевала. Кога сите верно би давале десеток и би посветиле на Господа првина од своите приноси, Неговото дело би имало доволно парични средства. Но Божјиот закон не се почитува и не се извршува и поради тоа се појавил товарот на немаштија. {6C 384.4}

Сеќавајте се на сиромашните

Мораме да се откажеме од сите претераности и расипништва во својот живот, зашто е кратко времето кое го имаме за работа. Насекаде околу нас гледаме немаштија и страдања. Семејства оскудеваат за храна; малечки деца плачат за леб. Во домовите на сиромашните нема потребен мебел ниту постели. Многумина живеат во вистински колиби, лишени од најпотребните удобности. Молбите на сиромашните се издигнуваат до небо. Бог гледа; Тој слуша; но многумина се слават самите себеси. Тие трошат многу на своите богати јадења и јадат многу повеќе отколку што е потребно, додека нивните ближни поради сиромаштво гладуваат и оскудеваат во храна. Каква сметка на крајот ќе мораат да полагаат луѓето поради себичното користење на Божјите средства! Оние кои ја презираат одредбата која Бог ја установил во поглед на сиромашните, ќе увидат дека ги краделе не само своите ближни, туку, крадејќи ги нив, го краделе и Бога и ги проневериле Неговите добра. {6C 385.1}

Сè Му припаѓа на Бога

Сите добра кои човекот ги ужива доаѓаат од Бога. Тој е голем и дарежлив Дарител. Неговата љубов кон сите се манифестира во богатото снабдување наменето за човекот. Тој ни дал време на проба за да оформиме карактери за небесните дворови. И тоа што Тој бара од нас еден дел од нашиот посед да одвоиме за Него не е затоа што Нему нешто од тоа Му е потребно. {6C 385.2}

Господ во Едем создал секакви дрва пријатни за гледање и добри за јадење и им заповедал на Адам и Ева слободно да ги уживаат Неговите дарови. Сепак, направил еден исклучок. Не смееле да јадат од дрвото на познавање на добро и зло. Тоа дрво Бог го издвоил како постојан потсетник дека Тој е сопственик на сè. Со тоа им дал прилика да ја покажат својата вера и доверба во Него со совршена покорност кон Неговите заповеди. {6C 386.1}

Исто е и со Божјите барања кон нас. Тој го предава Своето богатство во рацете на луѓето, но бара од тоа верно да се одвојува десеток за Неговото дело. Тој бара овој дел да се стави во Неговата ризница. Тоа треба да Му се предаде Нему како Негова своина; тоа е

свето и треба да се користи на свети цели за издржување на оние кои ја но сат веста на спасение во сите делови на светот. Тој го резервирал овој дел за себе за да може постојано да дотекуваат средства во Неговата ризница и за да може светлината на вистината да се однесе на оние кои се близу и на оние кои се далеку. Извршувајќи го верно ова барање, ние признаваме дека сѐ Му припаѓа на Бога. {6C 386.2}

Зар Господ нема право ова да го бара од нас? Зар не го дал Својот Единороден Син затоа што нѐ љубел и сакал да нѐ спаси од смртта? И зар нашите благодарни жртви не треба да пристигнуваат во Неговата ризница, за на тој начин да се унапредува Неговото царство на земјата. Бидејќи на Бога Му припаѓа сѐ што имаме, не треба ли нашата благодарност кон Него да нѐ мотивира да Му принесуваме доброволни да рови и дарови на благодарност, признавајќи со тоа дека Тој е сопственик на нашата душа, тело, дух и имот? Ако се постапувало според Божји план, денес средства би се приливале во Неговата ризница со што на проповедниците би им било овозможено да отвораат нови полиња и работници би им се придружиле на проповедниците во напорите знамето на вистината да се издигне во мрачните делови на Земјата. {6C 386.3}

Без изговор

Небото одредило план по кој луѓето треба да Му го враќаат на Господа она што е Негово; тоа е толку јасно кажано така што мажите и жените не можат на било кој начин да се изговорат дека не разбрале што им е должност ниту пак можат да се ослободат од своите обврски кон Бога. Оние кои тврдат дека не можат да увидат дека тоа им е должност, откриваат со тоа пред небесната вселена, црквата и светот дека тие не сакаат да го увидат и сфатат ова толку јасно поставено барање. Тие мислат дека со извршување на тој Господов план би го намалиле своите поседи. Во лакомството на своите себични души, тие сакаат да го задржат целиот имот за себе употребувајќи ги и главнината и каматите за свои лични интереси. {6C 387.1}

Бог ја става Својата рака на сѐ што имаат луѓето, зборувајќи: Јас сум сопственик на цела вселена и сите тие богатства се мои. Десетокот кој вие го задржувате за себе, Јас го одредив за издржување на Моите слуги во нивното дело на отворање на Светото Писмо на оние кои се во темнина и кои не го разбираат Мојот закон. Употребувајќи го Мојот резервиран фонд за да ги задоволите своите барања, вие им ја ускративте на душите онаа светлина за која Јас се погрижив да ја примат. Ви се пружаше прилика да ја покажете Својата верност кон Мене, но вие не го направивте тоа. Вие Ме крадевте; го крадевте Мојот резервен фонд. „Вие сте проколнати“ (Малахија 3:9). {6C 387.2}

Уште една прилика

Господ е долготрпелив и милостив и на оние кои го направиле тоа беззаконие им пружа уште една можност да се поправат. „Вратете се кај Мене,“ вели Господ, „и Јас ќе се вратам кај вас”. Но тие велат: „Како да се вратиме?“ (Стих 7). Тие ги употребуваат своите средства за служба на себе и за да се слават самите себе, како тие средства да се нивна

сопственост, како тоа да не им е позајмено. Нивната изопачена совест станала толку нечувствителна така што не го увидуваат беззаконието кои го прават на тој начин, затворајќи го патот така што делото на вистината не може да напредува. {6C 387.3}

Човекот, ограниченият човек, иако ги користува за себе талантите кои Бог ги одредил за објавување на спасението, затворајќи го со својата себичност патот за објавување на радосната вест за Спасителовата љубов кон душите кои пропаѓаат, го поставува прашањето: „Во што те крадеме?“ Бог одговара: „Во десетокот и во приносите. Со проклетство сте проколнати, зашто Ме крадете вие и сиот народ“ (Стихови 8,9). Цел свет го краде Бога. Парите кои Бог им ги позајмил, луѓето ги расфрлаат за забави, раскош, гозби и срамни задоволства. Но Бог вели: „Ќе дојдам кај вас за суд“ (Стих 5). Цел свет ќе мора да полага сметка во тој голем ден кога на секој ќе му биде искажана пресуда според неговите дела. {6C 388.1}

Благослов

Бог се обврзува дека ќе ги благослови оние кои се покоруваат на Неговите заповеди. „Донесете ги сите десетоци во ризницата, па да има храна во Мојот дом. И потоа испитајте Ме, вели Господ Саваот; зар нема да ги отворам отворите небесни за да излијам благослов на вас, па да имате и на претек? Заради вас ќе им забранам на оние што ги изедуваат плодовите земни и лозата ваша во полето нема да остане без плод, вели Господ Саваот. И блажени ќе ве нарекуваат сите народи, зашто ќе бидете земја на благослови, вели Господ Саваот“ (Стихови 10-12). {6C 388.2}

Имајќи ги пред себе овие зборови на светлина и вистина, како луѓето се осмелуваат да запоставуваат толку јасна должност? Како се осмелуваат да откажуваат послушност на Бога, кога потчинувањето на Неговите барања значи Негов благослов и во земните и во духовните работи, а непослушноста значи Божје проклетство? Сатаната е разурнувач. Бог не може да ги благослови оние кои не сакаат да бидат верни повереници. Сето она што Тој може да го направи е да Му дозволи на сатаната да го изврши своето разрушувачко дело. Гледаме дека не среќи од секаков вид и секаков обем наидуваат на земјата; а зошто? Господ не ја употребува Својата сила за да ја задржи поплавата на злото. Светот ја презрел Божјата Реч. Луѓето живеат како да нема Бог. Како жителите на светот во Ноево време, тие не сакаат да мислат на Бога. Беззаконието преовладува во алармантен обем и земјата е зрела за жетва. {6C 388.3}

Незадоволници кои се жалат

„Дрски се зборовите ваши пред Мене, вели Господ Саваот. Вие велите: Што зборуваме против Тебе? Велите: Залудно е служењето на Бога и каква корист имаме, ако ги пазиме Неговите наредби и одиме во жална облека пред лицето на Господ Саваот? Ете, гордите ние ги сметаме за подобри; напредуваат оние што вршат беззаконие, па, иако го искушуваат Господа, си останаа незасегнати“ (Стихови 13-15). Така се жалат оние кои го задржуваат од Бога она што е Негово. Господ ги повикува да го испробаат, донесувајќи ги

Неговите десетоци во Него вата ризница, за да видат ќе излее ли благослови на нив. Но тие негуваат бунт во своето срце и се жалат на Бога, а во исто време го крадат и го проневеруваат Неговиот имот. Кога ќе им се укаже на нивниот грев, тие велат: Ме снајде несреќа; жетвата ми беше слаба; но беззаконициte просперираат; не се исплаќа да се држат Господовите уредби. {6C 389.1}

Но Бог не сака никој да чекори нажален пред Него. Оние кои вака се жалат на Бога, сами навлекле незгоди на себе. Тие го краделе Бога и го попречувале напредокот на Неговото дело, зашто парите кои требало да пристигнуваат во Неговата ризница ги употребиле за остварување на свои себични цели. Тие покажале дека не Му се верни на Бога, со своето неисполнување на планот кој Тој го пропишал. Кога Бог им помогнал да напредуваат и кога од нив било барано да Му го дадат на Бога она што е Негово, тие одмавнале со главата и не увидувале дека тоа им е должност. Тие ги затвориле очите на своето разбирање за да не видат. Тие ги задржувале за себе Господовите пари и го спречувале напредокот на делото кое Тој сакал да се изврши. Не го прославиле Бога со правилна употреба на добрата што им ги доверил. Поради тоа Бог пуштил на нив да падне проклетство, дозволувајќи Му на уништувачот да ги упропастува нивните плодови и да ги снаоѓаат несреќи. {6C 389.2}

„Кои се бојат од господа“

Во Малахија 3:16 се укажува на спротивна група на луѓе кои се со стануваат не за да Му замеруваат на Бога, туку за да зборуваат за Неговата слава и за делата на Неговата милост. Тие биле верни на својата должност, давајќи Му го на Господа она што е Негово. Сведоштвата кои тие ги изнесуваат им даваат повод на небесните ангели да пеат и да се радуваат. Тие не се жалат на Бога. Оние кои одат во светлина, кои се верни во вршење на своите должности, тие не се жалат и не пронаоѓаат грешки. Тие зборуваат зборови на охрабрување, надеж и вера. Се жалат оние кои служат сами на себе и кои не Му го даваат на Бога она што е Негово. {6C 390.1}

„Но, оние кои се бојат од Бога, си велат еден на друг: Господ гледа и го пази тоа, и пред лицето Негово се пишува спомен книга за оние што се плашат од Бога и го почитуваат Неговото име. Тие ќе бидат Мои, вели Господ Саваот, Моја сопственост во оној ден, што го готвам, и ќе бидам милостив кон нив како што татко е милостив кон својот син, кој му служи. И тогаш ќе се обратите и ќе ја видите разликата меѓу праведник и безбожник, меѓу оној кој Му служи на Бога и оној кој не Му служи“ (Стихови 16-18). {6C 390.2}

Наградата за сесрдната дарежливост сè поблиску ги здружува умот и срцето со Светиот Дух. {6C 390.1}

Човекот кој поради несреќа западнал во долгови не треба да го употребува Господовиот дел за израмнување на своите долгови кон своите ближни. Тој мора да има на ум дека во тие трансакции тој е испитуван и дека го краде Дарителот ако го употреби Господовиот дел за свои цели. Човекот Му должи на Бога за сè што има, но станува двоен должник ако го употреби Господовиот резервиран фонд за исплата на долговите на човечките суштества. Во небесните книги покрај неговото име стои напишано: „Неверен на Бога”. Тој мора да положи сметка што ги присвоил Неговите средства, употребувајќи ги за

своја удобност. Недостатокот на начела, кој се покажал во неговото неправилно присвојување на Господовите пари, ќе се покаже и другите работи. Тоа ќе се покаже и во сите нешта поврзани со неговата работа. Човекот кој го краде Бога ги негува оние црти на карактерот кои ќе му оневозможат да биде примен во Божјото семејство на небото. {6C 391.1}

Со себична употреба на богатството, човекот се покажува неверен кон Бога и неспособен за повереник на кој може да му се даде поголема доверба од небото. {6C 391.2}

Насекаде постојат можности за излевање на добродетелства. Постојано се појавуваат нови потреби, мисиите се хендикепирани поради недостатокот на средства. Тие ќе мора дури и да се напуштат ако Божјиот народ не се пробуди и не ја увиди вистинската состојба на работите. Не чекајте до смрт за да го напишете својот тестамент, туку из вршете распределба на својот имот додека сте живи. {6C 391.3}

ХРИСТОС ВО ЦЕЛАТА БИБЛИЈА

На народот треба да Му се прикаже Христос распнатиот Спаси тел чија сила дава вечен живот. Да му покажеме дека Стариот завет е исто така евангелие во симболи и навестувања како што е тоа Новиот завет во својата откриена сила. Новиот завет не претставува не која нова вера; ниту Стариот завет претставува вера која треба да ја замени Новиот завет. Новиот завет е продолжение и објаснување на Стариот завет. Авел верувал во Христа и е спасен со Неговата сила исто како Петар или Павле. Енох бил Христов претставник исто како и љубениот ученик Јован. Енох одел со Бога и го снемало, зашто Бог го земал. Нему му била доверена веста за второто Христово доаѓање. „А за овие пророкуваше Енох, седмиот од Адам, зборувајќи: ‘Ете, доаѓа Господ со илјадници Свои свети ангели, за да изврши суд над сите’“ (Јуда 14,15). Веста која Енох ја проповедал и неговото вознесение на небото претставувале убедлив доказ за сите кои живееле во тоа време. Тоа биле докази кои Матусал и Ное со убедливост можеле да ги употребат, докажувајќи дека праведникот може да биде вознесен. {6C 392.1}

Тој Бог кој одел со Енох бил нашиот Господ и Спасител Исус Христос. Тој бил светлина на светот и тогаш, исто како што е и денес. Оние кои тогаш живееле не биле без учители да ги поучат на патиштата на животот, зашто и Ное и Енох биле христијани. Во прописите изложени во Ле вит е дадено евангелието. И денес се бара послушност како што се ба рала тогаш. Колку е битно да го сфатиме значењето на овие зборови! {6C 392.2}

Се поставува прашањето: Што е причина за оскудицата во црквата? Одговорот гласи: Ние допуштаме нашите мисли да се одвојат од Божјата Реч. Кога би се хранеле со Божјата Реч како со духовна храна, кога би била третирана со почит и уважување, тогаш не би постоела потреба за толку многу и чести сведоштва. Би биле прифатени едноставните излагања на Светото Писмо и би се постапувало според нив. {6C 392.3 }

Живите начела на Светото Писмо се како листови од дрвото на животот за исцелување на народите. {6C 393.1}

Речта на живиот Бог не е само напишана, туку е и изговорена. Библијата е Божји глас кој ни зборува како да можеме да го слушаме со свои уши. Ако тоа го сфатиме, со каква стравопочит ќе ја отвораме Божјата Реч и со каква сесрдност ќе ги проучуваме нејзините

прописи! Тогаш читањето на Светото Писмо и размислувањето за него ќе се смета за состанок и разговор со Бесконечниот Бог. {6C 393.2}

Кога сатаната навалува на нашите мисли со своите сугестии, ние можеме да се засолниме во тајниот шатор на Највозвишениот ако се придржуваме до начелото: „Така вели Господ. {6C 393.3}

Многумина не се угледуваат на нашиот свет Пример зашто малку ги проучуваат јасно изразените црти на Неговиот карактер. И така многумина се потполно обземени од премногу планови, секогаш активни така што немаат време ниту место за драгоцениот Исус кој сака да им биде близок пријател и драг сопатник. Тие не Му ја доверуваат Нему секоја своја мисла и секоја постапка, распрашувајќи се: „Дали е ова Господов пат?“ Кога би го правеле тоа, тие би оделе со Бога, како што правел Енох. {6C 393.4}

НАШИОТ СТАВ КОН ВЛАСТИТЕ

Некои наши браќа зборуваа или пишуваа многу работи кои се протолкувани како изразување на спротивставување на властите и законот. Погрешно е да се пружа прилика на другите лошо да ги толкуваат нашите постапки. Не е мудро да се изнаоѓаат грешки во она што го прават државните раководители. Не е наша должност да напаѓаме по единки или установи. Мораме многу да се чуваме од тоа, за да не бидеме сфатени како да се противиме на граѓанските власти. Вистина е дека нашата духовна борба е агресивна, но нашето оружје во таа борба треба да се наоѓа во едноставните зборови: „Така вели Господ”. Наша должност е подготвување на народот за да може да опстане во големиот Божји ден. Не смееме да свртуваме на патишта кои ќе поттикнуваат судири или ќе будат противење на оние кои не припаѓаат на нашата вера. {6C 394.1}

Не смееме да постапуваме така што ќе изгледа како да застапуваме предавство. Од нашите написи и говори мораме да го искорениме секој израз кој сам по себе може да биде погрешно сметан како спротивставување на законот и поредокот. За сè мора грижливо да се води сметка, за другите да не се поттикнуваат на нелојалност кон својата земја и нејзините закони. Од нас не се бара да се инаетиме на властите. Ќе дојде време кога кон нас ќе се постапува како кон предавници, затоа што ја застапуваме библиската вистина. Меѓутоа, не треба да го забрзуваме доаѓањето на тој момент со непромислени постапки кои поттикнуваат непријателство и кавга. {6C 394.2}

Ќе дојде време кога нашите непријатели, за да можат да нè осудат, ќе ги искористат непромислените изрази од разобличувачки карактер, кои не размислувајќи, ги изговориле или напишале нашите браќа. Тие изрази нема да бидат искористени само против оние кои ги изговориле, туку ќе се употребат за осудување на целата адвентистичка црква. Нашите тужители ќе кажат дека тој и тој ден еден од нашите одговорни браќа го кажал тоа и тоа против власта и законот на оваа држава. Многумина ќе бидат вчудоневидени да видат колку нешта биле негувани и на кои ќе се сетат нашите противници за да го поткрепат своето тврдење. Многумина ќе се зачудат кога ќе ги слушнат своите сопствени зборови на кои тогаш ќе се извитопери смислата која тие не им ја при давале. Според тоа, нашите работници мораат да се трудат внимателно да зборуваат во секој момент и под сите околности. Тие мораат да се чуваат за со непромислените зборови да не го забрзаат

доаѓањето на времето на неволја пред големата криза во која човечките души ќе бидат испробани. {6C 394.3}

Доколку помалку ги обвинуваме властите, дотолку поголемо дело ќе оствариме и во Америка и во други земји. Странските земји ќе се угледаат на примерот на Соединетите Држави. Иако Соединетите Држави први ќе го започнат, истата криза ќе го зафати нашиот народ во сите делови на светот. {6C 395.1}

Наша должност е да го величаме и да го издигнуваме Божјиот закон. Мораме да ја покажеме вистината на светата Божја Реч и да укажуваме на Светото Писмо како на правило на живот. Во најголема понизност, во дух на благодат и во Божја љубов мораме да им укажуваме на луѓето на фактот дека Господ Бог е Творец на небото и земјата и дека седмиот ден е Господовата сабота. {6C 395.2}

Во Господово име треба да одиме напред, развивајќи го Неговото знаме и застапувајќи ја Неговата Реч. Кога властите ќе ни наредат тоа да не го правиме, кога ќе ни забранат да ги објавуваме Божјите заповеди и верата Исусова, тогаш ќе биде потребно да кажеме како што кажале апостолите: „Просудете дали е справедливо, пред Бога вас да ве слушаме повеќе отколку Бог? Зашто ние не можеме да зборуваме за она што сме го виделе и чуле“ (Дела 4:19, 20). {6C 395.3}

Вистината мора да се објави во сила на Светиот Дух. Само на тој начин нашите зборови можат да бидат делотворни. Само со помош на силата на Светиот Дух може да се извојува и да се одржи победа. Божјиот Дух мора да работи преку човечкото орудие. Работниците мораат да бидат чувани со Божја сила преку вера во спасението. Тие мораат да поседуваат божествена мудрост, за да не биде кажано ништо што би можело да ги поттикне луѓето да го попречат нашиот пат. Со влевање на духовната вистина, ние мораме да го подготвиме народот за да може понизно и во страв да ги даде причините на нашата вера и пред највисоките власти во светот. {6C 396.1}

Ние треба да ја прикажуваме вистината во нејзината едноставност и да застапуваме практична побожност; тоа треба да го правиме во Христов Дух. Манифестирањето на таквиот Дух ќе врши најповолно влијание на нашите сопствени души и убедливо ќе дејствува на другите. Пружете му можност на Господа да работи преку Своите орудија. Не вообразувајте дека сте во состојба сами да создавате планови за иднината; дозволете Господ да биде признат како Оној кој се наоѓа на кормилото во сите времиња и под сите околности. Тој ќе употреби соодветни средства за да го одржи, зголеми и изгради Својот сопствен народ. {6C 396.2}

Господовите застапници треба да поседуваат света ревност, ревност која е во потполност под Негова контрола. Бурните времиња до волно брзо ќе наидат на нас и ние не треба да го забрзуваме нивното доаѓање со своите постапки. Ќе наидат маки од таква природа така што ќе ги доведат кај Бога сите оние кои сакаат да бидат Негови, и само Негови. Додека не бидеме испитани и испробани во огнот на неволјите, ние не се познаваме самите себеси; и не е наше да го одмеруваме карактерот на другите и да ги осудуваме оние кои сè уште не ја добиле светлина од веста на Третиот ангел. {6C 396.3}

Ако сакаме да ги убедиме луѓето дека вистината во која веруваме ја посветува душата и го преобразува карактерот, не смееме постојано да ги обвинуваме со жестоки осудувања. На тој начин ќе ги принудиме да дојдат до заклучок дека науката што ја проповедаме не е

христијанска, зашто не нѐ прави благи, љубезни и полни со почитување. Христијанството не се огледува во борбено обвинување и осудување на другите. {6C 396.4}

Многумина од нашиот народ се наоѓаат во опасност, настојувајќи со сила да владеат над другите и вршејќи притисок на своите ближни. Опасно ќе биде ако оние на кои им се доверени одговорности почнат да признаваат само една сила силата на непосветена волја. Некои несовесно ја користеле оваа сила и ги доведувале во голема збрканост оние кои Му служеле на Господа. Едно од најголемите проклетства на нашиот свет (кое се забележува и во црквите и насекаде во општеството) е копнежот за првенство. Луѓето се вдлабочени во желбата да стекнат власт и популарност. На наша жалост и срам, тој дух се манифестирал и во редовите на луѓето кои ја празнуваат саботата. Духовен успех ќе имаат само оние кои во Христовата школа се научиле на кротост и понизност. {6C 397.1}

Треба да имаме на ум дека светот ќе суди за нас според тоа како из гледаме. Оние кои сакаат да го претставуваат Христа, треба да внимаваат да не покажуваат лоши црти на карактерот. Пред да стапиме во борба, да погледнеме дали Светиот Дух одозгора се излил на нас. Ако тоа е така, треба одлучно да ја дадеме веста, која ќе биде од многу по мал осудувачки карактер од веста која некои ја давале. Сите кои веруваат ќе бидат многу посесрдни во работата на спасување на нашите противници. Надлежноста за осудување на надлежните органи и влади треба потполно да Му се препушти на Бога. Како верни стражари да ги браниме во кротост и љубов начела на вистината каква што е во Исуса. {6C 397.2}

Љубов меѓу браќата

Особини кои најмногу треба да се негуваат кај народот кој ги држи Божјите заповеди се воздржување, долго трпение, мир и љубов. Не надоместлива загуба настанува таму каде што нема љубов, зашто душите се одбиваат од вистината дури и ако веќе биле поврзани со Божјото дело. Нашите браќа на одговорни положби кои имаат силно влијание, треба да ги имаат на ум зборовите на апостол Павле, изговорени со сила на Светиот Дух: „Ние силните, должни сме да ги поднесуваме слабостите на немоќните и да не си угодуваме на себеси. Секој од нас е должен на својот ближен да му угодува со она што е добро за неговата надградба. Зашто и Христос не си угоди на Себе{6C 398.1}

Самиот, туку како што е напишано: ‘Подбивите на оние што Ти се подбиваа, паѓаат врз Мене’“ (Римјаните 15:13). Потоа, Тој вели: „Браќа! И да падне човек во некаков грев, вие духовните поправајте го таквиот со дух на кротост, пазејќи се и вие да не бидете искушани. Поднесувајте го товарот еден на друг и исполнувајте го така законот Христов“ (Галатјаните 6:1,2). {6C 398.2}

Имајте на ум дека делото на обновување претставува наша задача. Тоа дело не може да се врши на горделив, несоодветен и заповеднички начин. Со своето однесување не зборувајте: „Имам власт и ќе ја користам“, не го опсипувајте оној кој е во заблуда со обвинувања. Поправај со „дух на кротост, чувајќи се себеси да не бидеш искушан”. Работејќи за своите браќа не смееме да постапуваме така што ќе ги одбиваме, ниту да ги правиме малодушни и очајни, зборувајќи: „Ти ме разочара и нема веќе да се трудам да ти помагам”. Оној кој вообразува дека е полн со мудрост и сила, и ги притиска потчинетите,

оние кои се во не волја и кои копнеат за олеснување, покажува со тоа фарисејски дух и се облекува во облека на својата таканаречена достоинственост. Во таквиот дух тој Му заблагодарува на Бога што не е како останатите луѓе, верувајќи дека Неговиот живот заслужил пофалба и дека е пре многу силен за да биде искушуван. „Зашто оној кој сам себе се смета за нешто, а не е ништо, тој се мами самиот себе“ (Стих 3). Таквиот чо век е во постојана опасност. Оној кој ги игнорира очајните потреби на својот брат, со Божје провидение ќе биде доведен на исто место на кое во неволја и тага минувал тој негов брат и ќе се поучи со лично горко искуство дека и самиот е исто толку беспомошен и дека му е потребна помош, како што тоа било случај со страдалникот кого тој го отфрлил. {6C 398.3}

„Не лажете се; Бог не е за подигрување. Што ќе си посее човекот, тоа и ќе си жнее“ (Стих 7). „И така, ако во Христос има некаква утеха, ако има некаков поттик од љубовта, ако има некакво заедништво со Духот, ако има некое милосрдие и сострадание, исполнете ја мојата радост: бидете со една мисла, бидејќи имате една иста љубов, и бидете еднодушни и едномислени; не правете ништо од честољубие или за празна слава, но од понизност сметајте се еден друг за погорен од себеси! Не грижете се секој само за себе, туку и за другите! Бидејќи вие треба да ги имате истите мисли, што ги има Исус Христос“ (Филипјаните 2:15). {6C 399.1}

Доколку поблиску се држиме до Христа, доколку повеќе покажуваме благост и понизност, а помалку се потпираме на себе дотолку поцврсто ќе биде нашето потпирање на Христа и дотолку поголема ќе биде нашата сила, преку Исуса Христа да обратуваме грешници; зашто душите не ги придвижува човечкото орудие. Небесните битија соработуваат со човечкото орудие и длабоко ја втиснуваат вистината во срцето. Пребивајќи во Христа, ние ќе бидеме во состојба да вршиме влијание на други, заради присуство на Оној Кој вели: „Еве Јас сум со вас во сите дни до крајот на светот“ (Матеј 28:20). Силата која ја имаме за да го победиме сатаната е резултат на Христовото делување во нас да сакаме и да правиме што Му е Нему угодно. {6C 399.2}

Прикажување на вистината со кротост

Вистината треба да се изнесува со божествена тактичност, благост и нежност. Таа треба да доаѓа од срцето кое омекнало и станало чувствително. Треба постојано да одржуваме тесна врска со Бога, за да не се издигнуваме себеси како Јуј, излевајќи несоодветни зборови кои нема да делуваат како роса ниту како благ дожд кој ги враќа во живот овенатите растенија. Ако сакаме да придобиваме души, нашите зборови мораат да бидат благи. Бог ќе биде мудрост на оној кој копнее за мудрост од божествениот извор. Да настојуваме да ја искористиме секоја при лика што ќе ни се пружи, да стражариме и да се молиме и секогаш да бидеме подготвени со кротост и со страв да дадеме причини за својата надеж. За да не вршиме неповолно влијание ниту на една душа за која Христос умрел, да го издигнеме своето срце кон Бога, за да можеме, кога ќе ни се укаже можност, да бидеме во состојба да проговориме вистински збор во вистинско време. Ако така му се посветите на Божјото дело, Божјиот Дух ќе биде ваш помошник. Светиот Дух ќе даде сила на зборовите изговорени во љубов кон душите. Вистината искажана под дејство на Христовата благодат, ќе има оживувачка сила. {6C 400.1}

Божји план е прво да се придобие срцето. Кажете ја вистината и препуштете Му Нему да изврши преобразување. Не спомнувајте го она што го зборуваат противниците, туку само застапувајте ја вистината. Вистината може да го трогне срцето. Откривајте ја јасно Речта во сета нејзина сила. {6C 400.2}

Кога околу нас ќе се натрупаат испити, во нашите редови ќе се по каже и одвојување и единство. Некои кои денес се подготвени да го прифатат оружјето за борба, ќе покажат во часовите на вистинска опасност дека не граделе на вистинска карпа и ќе попуштат пред искушенијата. Оние кои имале голема светлина и драгоцени предности, но не ги искористиле добро ќе се одвојат од нас под овој или оној изговор. Бидејќи не ја примиле љубовта на вистината, ќе подлегнат на измамите на непријателот. Ќе се поведат по заводливи духови и ѓаволски науки, ќе отстапат од верата. Од друга страна, кога бурата на прогонства навистина ќе се сруши на нас, верната овца ќе го слушне гласот на вистинскиот Пастир. Полни со самооткажување, луѓето ќе се трудат да ги спасат изгубените и многумина кои заскитале од стадото, ќе се вратат да го следат Големиот Пастир. Божјиот народ меѓусебно ќе се приближи и ќе истапи против непријателот во една единствена предна (фронтна) линија. Пред заедничката опасност ќе престане борбата за превласт; нема веќе да се води расправија кој треба да се смета за најголем. Ниту еден од вистинските верници нема да каже: „јас сум Павлов, а друг: Јас сум Аполов, а трет: јас сум Кифин". Сведоштвото на сите ќе биде: „се припоив кон Христа и се радувам во Него како во свој личен Спасител". {6C 400.3}

Така вистината ќе се примени во практичниот живот и така ќе се исполни Христовата молитва која Тој ја изговорил пред Своето понижување и смрт: „Сите да бидат едно, како што си ти Татко во Мене и Јас во Тебе; па така и тие да бидат во нас едно, и да поверува светот дека Ти си Ме пратил" (Јован 17:21). Љубовта кон Христа, љубовта кон нашите браќа ќе биде сведоштво на светот дека сме биле со Исуса и дека сме се научиле од Него. Тогаш веста на Третиот ангел ќе прерасне во гласен восклик и цела Земја ќе биде осветлена од Господовата слава. {6C 401.1}

Секој ден треба со понизна, сесрдна молитва и читање на Божјата Реч, да ги утврдуваме своите убедувања. Иако секој од нас има своја личност, иако секој треба цврсто да се држи за нашите убедувања, ние мораме да ги држиме како Божја вистина и со сила која Бог ни ја дава. Ако не правиме така, тие ќе се оттргнат надвор од нашиот стисок. {6C 401.2}

БОЖЈАТА РЕЧ ДА БИДЕ ВРХОВНА

Божјиот народ ја признава човечката власт како уредба воспоставена од Бога и учи дека покорувањето на истата во нејзината законска сфера претставува света должност. Но ако нејзините барања дојдат во спротивност со Божјите барања, Божјата Реч мора да се смета како повисока од човечките закони. „Така вели Господ" не смее да се отфрли поради „така зборува црквата или државата". Христовата круна треба да се издигне над дијадемите на земните владетели. {6C 402.1}

Начелата до кои треба да се држиме денес се исти како оние кои биле застапувани од страна на приврзаниците на евангелието во големата Реформација. Кога кнезовите се собрале на државниот собор во Шпаер во 1529 година се чинело како да е уништена сета надеж на светот. На тој собор бил поднесен царски декрет со кој се ограничувала верската слобода и се забранувало секое понатамошно ширење на реформаторското учење. Дали германските кнезови ќе го прифатат тој декрет? Зар светлината на евангелието да им се ускрати на мноштва луѓе кои сè уште биле во темнина? На ризик биле прашањата од огромна важност за цел свет. Оние кои ја примиле реформната вера се собрале и нивната еднодушна одлука била: „Да го отфрлиме тој декрет. Во прашањата на совеста мнозинството нема никаква власт". {6C 402.2}

Во овој последен судир, нам ни е доверено знамето на вистината и верската слобода која тие реформатори тогаш толку високо ја држеле. Одговорноста за овој голем дар почива на оние кои Бог ги благословил со познавање на Својата Реч. Ние треба да ја примаме Божјата Реч како највисока власт. Нејзините вистини треба да ги при фатиме за себеси; а можеме да ги цениме само ако ги истражуваме со лично проучување. Кога Божјата Реч ќе ја направиме патоказ на нашиот живот, тогаш за нас ќе биде услишена Христовата молитва: „Посвети ги нив преку Твојата вистина; Твоето слово е вистина" (Јован 17:17). Исповедањето на нашата вера значи прифаќање на вистината со зборови и дела. Само така другите можат да знаат дека веруваме во Библијата. {6C 402.3}

Тие реформатори, кои поради својот протест се наречени протестанти, чувствувале дека Бог ги повикал да му го објават евангелието на светот, а правејќи го тоа тие биле подготвени да ги жртвуваат својот личен имот, слобода, па дури и своите животи. Дали ние, во овој последен судир на големата борба, сме исто толку верни на она што ни е доверено како што биле поранешни реформатори на својата? {6C 403.1}

Вистината за тоа време е објавувана надалеку и нашироко и покрај опасноста од прогонство и смрт. Божјата Реч е објавувана на народот. Сите слоеви на народот, високи и ниски, богати и сиромашни, образовани и неуки, ревносно ја проучувале, и оние кои ја добиле светлината, обраќајќи се и самите станувале гласници. Во тоа време вистината е објавена на народот и по пат на печатење. Лутеровото перо претставувало сила и неговите многу распространети списи го возбудиле светот. Истите тие орудија ни стојат и нам на располагање со стопати поголеми можности. Библијата, списите на многу јазици во кои е изложена вистината за ова време, ни се наоѓаат при рака и многу брзо можат да се растурат по цел свет. Ние треба да ја упатиме на човештвото последната Божја опомена и каква треба да биде нашата сесрдност во проучување на Библијата и нашата ревност во распространување на светлината! {6C 403.2}

ПОДГОТВУВАЊЕ ЗА КОНЕЧНАТА КРИЗА

Големата криза е токму пред нас. За да се соочиме со нејзините проби и искушенија и за да ги извршиме своите должности ќе ни биде потребна истрајна вера. Меѓутоа, ние можеме славно да победиме. Ниту една душа која стражари, се моли и верува нема да биде фатена во стапицата на непријателот. {6C 404.1}

Во времето на проба кое е пред нас, Божјото ветување за безбедноста ќе важи за оние кои ќе ја одржат Речта на Неговото трпение. Христос ќе им рече на Своите верни: „Ајде, народе Мој, влези во собите и затвори ги вратите за себе. Скриј се за миг додека не помине гневот“ (Исаија 26:20). Лавот од Јудиното колено, кој е толку страшен за оние кои ја одбиваат Неговата благодат, ќе биде Божје Јагне за послушните и верните. Столбот од облак, кој на престапниците на Божјиот закон им навестува гнев и ужас претставува светлина, милост и ослободување за оние кои ги држат Неговите заповеди. Раката која е доволно силна да го уништи бунтовникот, ќе биде доволно силна и да го ослободи верниот. Сите верни сигурно ќе бидат собрани. „И ќе ги испрати Своите ангели со силен трубен глас и ќе ги соберат Неговите избраници од четирите ветра, од едниот до другиот крај на небесата“ (Матеј 24:31). {6C 404.2}

Браќа, вам на кои им беа откриени вистините на Божјата Реч, каков удел ќе имате во завршните сцени на историјата на овој свет? Дали сте свесни за таа сериозна стварност? Го сфаќате ли големото дело на подготовка кое се врши на небото и на земјата? Сите оние кои ја примиле светлината, кои имале прилика да ги слушнат и читаат пророштвата, треба особено да ги имаат на ум зборовите: „зашто времето е близу”. Сега никој нека не си поигрува со гревот изворот на сите страдања во овој свет. Не останувајте подолго во летаргија и тапа рамнодушност. Не ја оставајте во неизвесност судбината на својата душа. Треба да бидете сигурни дека се наоѓате на Господовата страна. Со искрени срца и треперливи усни, поставете си го себеси прашањето: „Кој може да опстане?“ Дали во овие последни драгоцени часови на проба (милост), го вградувате најдобриот материјал во зградата на својот карактер? Дали ја очиствте својата душа од секоја дамка? Дали постапувавте според добиената светлина? Дали вашите дела одговараат на верата која ја исповедате? {6C 404.3}

Дали влијанието на Божјата благодат, кое го ублажува и потчинува срцето, делувало на вас? Имате ли срце кое чувствува, очи кои гледаат, уши кои слушаат? Зар е залудно објавена вечната вистина на народите на земјината топка? Тие се под осуда, подготвувајќи се за Божјиот суд. И во овој ден, кој е полн со вечни последици, избраниот народ на кој му е доверена значајната вистина, треба да пребива во Христа. Дали вашата светлина блеска и ги осветлува народите кои пропаѓаат во своите гревови? Дали сфаќате дека морате да застанете во одбрана на Божјите заповеди пред оние кои ги фрлаат под нозе? {6C 405.1}

Можно е да се биде делумен, формален верник, а сепак да биде пронајден лесен и да го изгуби вечниот живот. Можно е некој да се придржува за извесни библиски налози и да биде сметан за христијанин, а сепак да пропадне заради недостаток на битните особини на христијанскиот карактер. Ако ги запоставувате опомените кои Бог ги дал или кон нив рамнодушно се однесувате, негувајќи или оправдувајќи го гревот со тоа ја запечатувате судбината на својата душа. Ќе бидете измерени на мерила и ќе бидете пронајдени лесни. Благодатта, мирот и простувањето ќе бидат засекогаш ускратени. Исус ќе помине покрај вас и вашите молитви и сесрдни молби никогаш повеќе нема да можат да допрат до Него. Додека милоста уште се задржува, додека Спасителот се залага за нас, треба да се подготвиме за вечноста. {6C 405.2}

Христовото повторно доаѓање на нашиот свет нема да биде долго одложувано. Тоа треба да биде основен тон на секоја вест. {6C 406.1}

На народот треба често да му се укажува на благословената надеж на второто Христово доаѓање со сета нејзина свечена стварност. Копнежот и постојаното очекување на скората појава на нашиот Господ, ќе нè наведат сите земни работи да ги сметаме за безвредни и ништожни. {6C 406.2}

Наскоро ќе се бие армагедонската битка. Оној на чија облека е на пишано името Цар над царевите и Господар над господарите наскоро ќе ги предводи небесните војски. {6C 406.3}

Денес Господовите слуги не можат го да кажат она што го рекол пророк Даниел: „но одреденото време беше долго“ (Даниел 10:1). Сега остана само кратко време за работа во кое сведоците за Бога треба да ја извршат својата должност во подготвување на патот за Господовото доаѓање. {6C 406.4}

Треба да ги отфрлиме своите тесногради, себични планови, имајќи на ум дека ни е доверено најголемото и најзначајното дело. Вршејќи го тоа дело, ние ја објавуваме веста на Првиот, Вториот и Третиот ангел и на тој начин се подготвуваме за доаѓањето на другиот ангел од небото, кој ќе ја осветли земјата со својата слава. {6C 406.5}

Господовиот ден се приближува незабележано, со таен чекор. Меѓутоа, луѓето за кои се претпоставува дека се големи и мудри не ги познаваат знаците на Христовото доаѓање и крајот на овој свет. Беззаконието се намножило и оладила љубовта на многумина. {6C 406.6}

Илјадници и милиони човечки суштества сега се одлучуваат за вечен живот или за вечна смрт. Човекот кој целосно е вдлабочен во своите пари, оној кој наоѓа задоволства зад масата за коцкање, секој кој ужива во попуштањето на изопачениот апетит, љубителите на забави, кои фреквентно одат на театри и игранки сите тие не мислат на вечноста. Нивна главна животна грижа е: Што ќе јадеме? Што ќе пиеме? Во што ќе се облечеме? Тие не се наоѓаат во поворката која се движи во правец кон небото. Нив ги предводи големиот отпадник и тие заедно со него ќе бидат уништени. {6C 406.7}

Ако не го сфатиме значењето на моментите кои брзо заминуваат во вечност, ако не се подготвиме за големиот Божји ден, ние ќе бидеме неверни повереници. Стражарот мора да го познава секој период од ноќта. Денес сè е исполнето со сериозност, која треба да ја сфатат сите оние кои веруваат во вистината за ова време. Со своите постапки тие треба да укажуваат на близината на Божјиот ден. На светот наскоро ќе се срушат Божјите казни и ние мораме да се подготвиме за тој голем ден. {6C 407.1}

Нашето време е драгоцено. Ни преостануваат уште малку, многу малку денови на проба (милост) во кои треба да се подготвиме за идниот, бесмртен живот. Немаме време за непромислени постапки. Треба да се плашиме од површното проучување на Божјата Реч. {6C 407.2}

И денес е вистина, како што било и за време на Христовиот живот на Земјата, дека секој продор на евангелието во областа која се наоѓа под контрола на непријателот наидува на жесток отпор од неговата огромна војска. Борбата која непосредно ни претстои ќе биде најужасна борба која некогаш е доживеана. Но, иако сатаната се прикажува како многу моќно суштество и како силен воин, тој ќе биде потполно победен и со него ќе пропаднат сите оние кои се обединиле со него, одлучувајќи се за отпаднишство, наместо верност кон Бога. {6C 407.3}

Од светот веќе се повлекува Божјиот Дух кој го задржува злото. Едни по други брзо наидуваат урагани, бури, пожари и поплави, несреќи на море и на копно. Науката настојува да ги објасни овие работи. Знаците кои се натрупуваат околу нас, кои го најавуваат скорото доаѓање на Божјиот Син, се припишуваат на сè друго, само не на вистинската причина. Луѓето не ги забележуваат ангелите стражари кои ги задржуваат четирите ветра за да не дуваат сè додека Божјите слуги не бидат запечатени. Но, кога Бог ќе им нареди на Своите ангели да ги пуштат ветровите, тогаш ќе дојде до таква судир кој ниту едно перо не може да го опише. {6C 408.1}

Оние кои денес се рамнодушни, Христос ги опоменува: „Така, бидејќи си млак, а не жежок, или студен, ќе те изблујам од устата Своја!“ (Откровение 3:16). Изразот изблујам од Својата уста значи дека Тој не може да му ги принесе на Таткото вашите молитви, ниту изразите на вашата љубов кон Бога. Тој на било кој начин не може да го одобри вашето поучување на Неговата Реч, ниту вашата духовна работа. Прикажувајќи ја вашата верска служба, Тој не може да бара да ви се подари благодат. {6C 408.2}

Кога би можела да се подигне завесата, кога би можеле да ги сфатите Божјите цели и казни кои наскоро ќе се срушат на овој осуден свет, кога би го увиделе својот сопствен став, вие би сте се уплашиле и затреперале за своите души и за душите на своите ближни. Би упатувале кон небото сесрдни молитви со болка која го раскинува срцето. Би плачеле помеѓу тремот и жртвеникот, признавајќи го своето духовно слепило и отпадништво. {6C 408.3}

„Затрубете со труба на Сион, наредете пост и објавете свечен собир. Соберете го народот, свикајте собир, поканете ги и старешините, соберете ги децата и доенчињата; нека излезе младоженецот од свадбената соба и невестата од својата одаја. Меѓу тремот и жртвеникот нека плачат свештениците, служителите на Господ и нека молат: ‘Смилувај се Господи над народот Свој, не предавај го наследството свое на срам’“ (Јоил 2:15-17). {6C 408.4}

„Вратете се кај Мене од сè срце со пост, плач и ридание. Раскинете ги срцата свои, а не облеката и вратете се кај Господ, вашиот Бог: зашто Тој е благ и милосрден, долготрпелив и многумилостив и сожалува кога казнува. Кој знае дали нема да се смилува и дали ќе остави благослов“ (Стихови 12-14). {6C 409.1}

По Израелското отпадништво и горката казна која ги снашла поради тоа, Божјата вест на милост на покајничкиот народ гласела: „Поради тоа Јас ќе ја привлечам и ќе ја одведам во пустина, па ќе ѝ зборувам утешно на нејзиното срце. И ќе ѝ ја вратам лозата нејзина и долината Ахор како трем на надеж; и таму таа ќе пее како во деновите на својата младост и како во денот кога излезе од египетската земја“ (Осија 2:14, 15). {6C 409.2}

„И во тој ден, вели Господ, ти ќе Ми велиш мажу Мој и нема по веќе да ми велиш: Ваалу Мој… И ќе те свршам за Себе вечно и ќе те свршам за Себе со правда и праведливост, во благослов и милосрдност. И ќе те свршам за Себе во верност и ти ќе го познаеш Господа“ (Стихови 6-20). {6C 409.3}

„И ќе познаете дека Јас сум среде Израел и дека Јас сум Господ, вашиот Бог и дека нема друг и Мојот народ нема да се посрами довека“ (Јоил 2:27). {6C 409.4}

Сите опомени, поттикнувања, и ветувања упатени ни се нам, кои живееме на крајот на светот. „И така, да не спиеме како другите, туку да бидеме будни и трезни“ (1. Солунјаните 5:6). {6C 410.1}

„Само пазете се вашите срца да не бидат натежнати од прејадување и пијанство и тегобни грижи за овој живот, за да не ве затекне оној ден ненадејно“ (Лука 21:34). {6C 410.2}

„Бидете будни и молете се да не паднете во искушение, зашто духот е бодар, но телото е слабо“ (Марко 14:38). Бидете будни за непријателот да не ви се доближи незабележливо, бидете будни за да не подлегнете повторно на старите навики и природни склоности; совладајте ги и стражарете. Стражарете над своите мисли и своите планови, за да не станат сосредоточени само на себе. Стражарете над душите кои Христос ги откупил со Својата сопствена крв. Стражарете, за да ја искористите секоја прилика за да правите добро. {6C 410.3}

Стражарете „за да не дојде ненадејно и да ве затече како спиете“ (Марко 13:36). {6C 410.4}

Отсек Седум

ПОВИК НА СЛУЖБА

„И го чув гласот на Господ, кој рече: ‘Кого да го испратам и кој ќе отиде за нас?’ А јас реков: ‘Еве ме мене, испрати ме мене!’”
(Исаија 6:8).

МЛАДИТЕ ЛУЃЕ ВО ПРОПОВЕДНИЧКАТА СЛУЖБА

Работата на проповедање на евангелието не смее да се омаловажува. Со ниту еден потфат не смее да се раководи така што поради тоа на проповедањето на Речта се гледа како на подреден предмет. Тоа не е така. Оние кои го потценуваат проповедничкиот повик го пот ценуваат Христа. Највозвишена од секоја работа е проповедништвото во своите разни аспекти. Затоа треба на младината да ѝ се предочува дека Бог никоја работа не ја благословил повеќе од работата на проповедниците на евангелието. {6C 411.1}

Не дозволувајте нашите момчиња да се одвраќаат од посветување на проповедничката служба. Постои опасност некои, кои се под дејство на атрактивното прикажување, да не појдат по патот на кој Бог ги повикува. Некои имале намера да се посветат на проповедничкиот повик, но други ги поттикнувале да студираат медицина. Господ повикува уште повеќе проповедници кои ќе работат во Неговото лозје. Изговорени се зборовите: „Засилете ги местата на работа каде постои малку помош; поставете силни стражари по сите делови на светот”. Млади луѓе, Бог ве повикува. Тој повикува цели војски на млади луѓе, великодушни и широкогради, кои негуваат во своето срце длабока љубов кон Христа и вистината. {6C 411.2}

Способноста и образованието овде се далеку од помало значење отколку духот со кој ќе се посвети на оваа работа. Должноста на проповедникот не бара големи и учени луѓе, ниту посебно надарени говорници. Бог бара луѓе кои ќе Му се предадат и кои ќе бидат исполнети со Неговиот Дух. Работата за Христа и човештвото бара посветени, самопожртвувани луѓе кои ќе можат да излезат надвор од кампот, поднесувајќи прекор. Тоа треба да бидат силни и храбри луѓе, способни за достојни потфати, кои ќе направат со Бога завет на жртва. {6C 411.3}

Во проповедничката работа нема место за безделничење. Божјите слуги треба потполно да ја докажат својата способност за служба. Тие нема да бидат мрзливи, туку како толкувачи на Неговата Реч, ќе се залагаат со сите сили да бидат верни. Тие никогаш не треба да престанат да учат. Во својата душа тие треба живо да чувствуваат колку е света нивната работа и колкави се одговорностите на нивниот повик, така што никогаш и ниту на едно место не Му принесуваат на Бога осакатена жртва, жртва која нема да ги чини ниту проучување, ниту молитви. На Господа Му се потребни луѓе со длабоко интензивен духовен живот. Секој работник може да прими способност и сила одозгора и да појде со вера и надеж по патот на кој Бог го повикал. Божјата Реч живее во младиот, посветен работник; затоа тој е сесрден и силен, зашто во Божјиот совет се наоѓа непресушен извор на сила. {6C 412.1}

Бог го повикува овој народ да му ја однесе на светот веста за скорото Христово доаѓање. Ние треба да им го однесеме на луѓето последниот повик на евангелската гозба последен повик на свадбената вечера на Јагнето. Постојат илјадници места во кои народот сè уште не го слушнал овој повик кој сите треба да го слушнат. Многумина кои сè уште не ја објавиле оваа вест, допрва треба да ја објавуваат. Повторно ги повикувам нашите момчиња: Зар Бог не ве повика да ја разгласите оваа вест? {6C 412.2}

Колку многу од нашите млади ќе се посветат на Божјата служба, но не да им се служи, туку за тие да служат? Во минатото имаше луѓе кои грчевито го сосредоточуваа сето свое внимание на една душа, зборувајќи: „Господе, помогни ми да ја спасам оваа душа". Денес се ретки овие примери. Колкумина се оние кои се прифаќаат за работа кога ќе ја сфатат опасноста во која се наоѓаат грешниците? Колкумина се оние кои се залагаат за луѓето кои се во опасност, приведувајќи ги кон Бога во молитва, преколнувајќи го Него да ги спаси? {6C 412.3}

Апостол Павле вели за раната црква: „И го славеа Бога во мене" (Галатјаните 1:24). Зар не треба и ние да настојуваме да живееме така што и за нас ќе може да се каже истото? Господ ќе пронајде патишта и начини за оние кои ќе го бараат со сето свое срце. Тој сака да го при знаеме божественото врвно раководење кое се покажува во подготвување на полиња за работа и подготвувајќи го патот за тие полиња да бидат успешно работени. {6C 413.1}

Проповедниците и евангелистите треба често сесрдно да се молат со оние кои се уверени во вистината. Имајте на ум дека Христос е секогаш со вас. Господ е подготвен со најдрагоцено манифестирање на Својата благодат да го охрабри искрениот, понизен работник. Пренесувајте ја на други светлината со која Бог ве осветлил. Оние кои работат така, Му принесуваат на Господа најдрагоцен дар. Срцата на оние кои донесуваат добра вест на спасение светлат со дух на пофалба. {6C 413.2}

„Ова го вели Оној кој ги држи седумте ѕвезди во десницата Своја“ (Откровение 2:1). {6C 413.3}

Благотворното влијание со кое црквата треба да изобилува е поврзано со Божјите проповедници, кои имаат должност да ја прикажат драгоцената Христова љубов. Небесните ѕвезди се под Христова власт. Тој им дава светлина, Тој управува со нивното движење. Кога Тој не би го правел тоа, тие би паднале. Така е и со Неговите проповедници. Тие се само орудија во Неговите раце и сето добро кое тие ќе го извршат, остварено е само со Негова сила. Преку нив треба да светли Неговата светлина. На чест на Христа Тој ги прави Своите проповедници поголем благослов за црквата, преку делувањето на Светиот Дух, отколку што се ѕвездите за светот. Спасителот треба да им биде доволен за нивните потреби. Ако постојано гледаат на Него како што Тој гледал на Својот Татко, тогаш ќе ги вршат Неговите дела. Ако го направат Бога Своја поткрепа, Тој ќе им ја подари Својата светлина за да ја пренесуваат на светот. {6C 413.4}

Оние кои се како ѕвезди во Христовата рака, мораат да имаат на ум дека треба секогаш да го зачуваат своето свето достоинство. Тие се Христови застапници. Едноставноста во Христа е чисто, свето достоинство на вистината. {6C 414.1}

Божјите слуги треба да му ја проповедаат на народот Неговата Реч. Под дејство на Светиот Дух, тие ќе се сметаат како ѕвезди во Христо вата рака, за да отсјајуваат со Неговата светлина. Оние кои се претставуваат како Христови проповедници треба да станат и да светлат, зашто дошла нивната светлина и Господовата слава се покажала над нив. Тие треба да сфатат дека Христос очекува од нив да го вршат она исто дело кое и Тој го вршел. Тие треба да ги остават црквите кои веќе ја познаваат вистината и да заминуваат понатаму, основајќи нови цркви и изнесувајќи ја Речта на вистина на оние кои уште не знаат за Божјата вест на опомена. {6C 414.2}

Бројот на работници во проповедничката служба не само што не треба да се намали, туку мора значително да се зголеми. На полето во кое денес работи еден проповедник треба да му се додадат уште дваесет; и ако работат под контрола на Божјиот Дух, тие дваесет проповедници така ќе ја изнесат вистината, што на нив ќе им се додадат уште дваесет. {6C 414.3}

Христовото достоинство и служба се такви што бараат такви услови какви што Тој посакува. Приближувајќи се сè повеќе кон совршенството со вера и со љубов кон своите браќа, Неговите следбеници треба со уште поголема сила да ја објавуваат вистината. Бог обезбедил божествена помош за сите кризи на кои човечките сили не им се дораснати. Тој ни го дава Светиот Дух да ни помага во сите неволји, да ја крепи нашата надеж и нашата доверба, да го осветли нашиот ум и да го очисти нашето срце. Тој сака да се обезбедат доволно средства за остварување на Неговите планови. Ве повикувам да барате совет од Бога. Барајте го со сето свое срце и „што и да ви каже, направете”. (Јован 2:5). {6C 414.4}

Господ не ги повикува младите луѓе да работат во црквите. Тие не се повикани за да говорат пред луѓе на кои не им е потребна нивната незрела работа, кои се свесни за тој факт и чувствуваат дека во нивната служба ја нема силата на Духот која привлекува. Младите луѓе треба да им се придружат на искусните работници во големото поле за жетва. Многумина ќе имаат најмногу успех ако почнат со колпортажа и така ќе ги искористат можностите што им се пружаат за евангелска служба. {6C 415.1}

Но никој не треба да стане само сенка на некој друг човек. Тие не смеат да станат само машини кои обработуваат извесни предмети по диктат на некој човек. Кога заминуваат некаде, не треба да им се даваат готови проповеди. Пуштете ги сами да бараат од Бога да ги поучи со Својот Свет Дух. Тие треба да бараат помош во молитва и во внимателно проучување на Божјата Реч. Ако постапуваат така, Оној Кој ги повикал да работат на евангелието, ќе покаже дека тие се Негови из брани садови. Тој ќе им даде зборови кои треба да му ги зборуваат на народот. {6C 415.2}

Нивна прва должност е во секој поглед да примаат поуки од Големиот Учител. Во Божјата Реч пред сè е поставена една цел да бидат слични на Оној Кој „одеше, вршејќи добри дела“ (Дела 10:38). {6C 415.3}

Христос вели: „Ако некој Ми служи Мене, нека врви по Мене“ (Јован 12:26). По пат на проучување на Христовиот живот, работниците треба да научат како Тој живеел и работел. Секој ден треба да се трудат да научат како да го живеат Неговиот живот. {6C 415.4}

Продолжете млади луѓе, да го запознавате Господа, и вие ќе знаете дека „Неговото јавување е како утринска зора“ (Осија 6:3). Трудете се постојано да бидете сè подобри и подобри. Сесрдно настојувајте да станете слични на Својот Откупител. Живејте со вера во Христа. Вршете го делото кое Тој го вршел. Живејте поради спасување на душите за кои Тој го жртвувал Својот живот. Трудете се на сите можни начини да им помогнете на оние со кои доаѓате во допир. Постојано копнејте за подобрување. Во вашиот живот нека се исполнат зборовите: „Твојата заповед ме прави помудар од моите непријатели“ (Псалм 119:98). Разговарајте со својот Постар Брат, кој ќе го комплетира вашето образование, заповед по заповед, правило по правило, овде малку и онде малку. Благодарение на блискиот допир со Оној Кој Себеси се принел на жртва за да го спаси светот кој пропаѓа, можете да станете прифатливи работници. Кога ќе ја ставите Својата рака на вистината и да ја примените, кога ќе можете да кажете „Господ мој и мој Бог“, тогаш ќе примите благодат, мир и радост во изобилна мерка. {6C 416.1}

Отворајте нови полиња, вели Господодовата Реч, и умножувајте го бројот на работници. Образувајте млади луѓе за работа и не се задржувајте. Образувајте, образувајте, образувајте. {6C 416.2}

„Не велите ли вие дека уште четири месеци, па ќе настане жетва? А јас пак, ви кажувам: подигнете го погледот и видете ги нивите како веќе побелеле, готови за жетва. И жетварот веќе добива плата и со бира род за вечен живот, та да се радуваат заедно и сејачот и жетварот“ (Јован 4:35, 36). {6C 416.3}

ЦРКВАТА И ПРОПОВЕДНИШТВОТО

Крајно време е членовите на нашите цркви да вложат одлучни на пори за да ги поддржат луѓето кои му ја објавуваат на светот последната порака на милост. Покажувајќи вера во секојдневниот живот, членовите на црквата треба да придадат важност на веста на опомена која Божјите гласници ја објавуваат на светот. Интелигентните луѓе се алармирани од тоа како изгледаат нештата во светот. Ако оние кои ја познаваат вистината се придржуваат до библиските начела во секојдневниот живот, покажувајќи дека се

посветени со вистината, дека се вистински следбеници на кроткиот и понизен Спасител, тие ќе вршат влијание кое ќе придобива души за Христа. {6C 417.1}

Сето друго освен активна, сесрдна служба за Господарот покажува дека нашето исповедање на верата е лажно. Само она христијанство кое се открива во сесрдната, практична работа ќе врши влијание на оние кои се мртви во престапите и гревот. Побожните, понизни и верни христијани кои со своите дела покажуваат дека нивна најголема желба е да ја објават спасоносната вистина која треба да ги испита сите народи, ќе соберат за Учителот богата жетва на души. {6C 417.2}

Мораме да ја прекинеме едноличноста на нашата верска работа. Ние во светот спроведуваме едно дело, но не покажуваме доволно активност и ревност. Кога би биле посесрдни, луѓето би се уверile во вистинитоста на нашата вест. Безживотноста и монотонијата на нашата служба кон Бога одбива многу души од повисоките слоеви кои сакаат да видат длабока, сесрдна, посветена ревност. Легалната религија не е доволна во овој век. Можеме да ги извршиме сите надворешни постапки на службата, а сепак да бидеме скудни за оживувачкото влијание на Светиот Дух како што бреговите на Гелвуј се лишени од роса и дожд. На сите нас ни е потребна духовна роса, а исто така ни се потребни зраците на Сонцето на Праведноста за да ги омекне и потчини нашите срца. Во поглед на начелата секогаш треба да бидеме цврсти како карпа. Мораме да ги објавуваме библиските начела и да ги поткрепуваме со свет секојдневен живот. {6C 417.3}

Оние кои се во Божја служба мораат да покажуваат живост и одлучност во делото на придобивање на души. Имајте на ум дека има души кои ќе пропаднат ако ние, како Божји орудија, не работиме со одлучност која не попушта, ниту станува малодушна. Ние треба постојано да зависиме од престолот на благодатта. {6C 418.1}

Нема изговор за тоа што верата во нашите цркви е толку немоќна и слаба. „Обратете се кон Тврдината, вие затвореници на надежта“ (Захарија 9:12). Во Христа има сила за нас. Тој е наш Застапник пред Таткото. Тој ги испраќа Своите весници во секој дел од Своето царство за да ја соопшти Својата волја на Својот народ. Тој чекори меѓу Своите цркви. Тој сака да ги посвети, издигне и облагороди Своите следбеници. Влијанието на оние кои вистински веруваат во Него ќе биде животворен мирис во овој свет. Со Својата десница Тој ги држи ѕвездите и Негова цел е преку нив, Неговата светлина да го осветлува светот. Така Тој сака да го подготви Својот народ за повозвишена служба во небесната црква. Тој ни доверил голема должност. Таа должност мораме да ја извршиме со точност и одлучност. Покажете со својот живот што направила вистината за вас. {6C 418.2}

„Оној Кој оди сред седумте свеќници“ (Откровение 2:1). Овде се укажува на Христовиот однос кон црквите. Тој чекори меѓу Своите цркви ширум Земјата. Со најголемо внимание ја следи нивната работа за да види дали се наоѓаат во таква духовна состојба што можат да придонесат за напредок на Неговото царство. Христос е присутен на секој собир во црквата. Тој добро го познава секој поединец кој е поврзан со Неговата служба. Тој ги познава оние чии срца може да ги наполни со свето масло за да можат тие да го дадат на другите. Во Божјите очи многу се драгоцени оние кои верно го спроведуваат Христовото дело во нашиот свет, претставувајќи го со зборови и со дела Неговиот карактер и исполнувајќи ги намерите кои Тој ги има за нив. Христос во нив наоѓа задоволство како што човекот наоѓа задоволство во убаво негуваната градина и во мирисот на цвеќињата кои самиот ги засадил. {6C 418.3}

За разните мисионерски потфати да се развијат до степенот на кој денес се наоѓаат, било потребно многу самооткажување, самопожртвуваност, несовладлива енергија и многу молитви. Постои опасност оние кои сега стапуваат на сцената да бидат неактивни, сметајќи дека сега веќе не се потребни толку многу самооткажувања и работливост, толку тешки и непријатни напори кои го обележувале искуството на првоборците на оваа вест. Тие можат да сметаат дека времињата се измениле; и бидејќи Божјото дело сега располага со повеќе средства, веќе не е потребно да живеат под толку тешки околности под какви живееле многумина од оние кои учествувале во почетокот на веста. {6C 419.1}

Меѓутоа, ако во сегашната фаза на делото се покажуваат онаа иста самопожртвуваност и внимателност како на почетокот на делото, тогаш денес би постигнале стопати повеќе. {6C 419.2}

Ако делото треба да се развива на онаа висина на која отпочнало, тогаш моралните ресурси не смеат да се намалуваат. Моралните сили мораат постојано да се зголемуваат. Ако оние кои сега стапуваат на полето на работа како работници, сметаат дека можат да попуштат во своите напори, дека сега не се неопходни самооткажување и строго штедење не само во поглед на средствата, туку и во поглед на времето, тогаш делото ќе назадува. Работниците во денешно време мораат да ги поседуваат онаа иста побожност, енергија и истрајност кои ги поседувале некогашните водачи. {6C 419.3}

Делото толку се проширило што денес опфаќа пространа територија и бројот на верници се зголемил. Меѓутоа, сè уште постојат големи недостатоци, зашто можело да се изврши многу поголемо дело ако постоел мисионерскиот дух од првите денови. Без тој дух, работниците само ќе му наштетуваат и ќе го изобличуваат Божјото дело. Делото на вистина назадува, наместо да напредува како што одредил Бог. Сегашниот број на верници и обемот на нашата работа не можат да се споредат со она што било на почетокот. Да размислиме за она што би можело да се постигне кога секој работник со душа, тело и дух би Му се посветил на Бога онака како што треба. {6C 420.1}

Нашите цркви треба да соработуваат во делото на духовно сеење и обработување со надеж дека еден ден ќе жнеат. Ќе наидеме на многу изопачености, на попречување на светите планови и посветениот труд, поради злото срце на неверување. Но, делото мора да се изврши. Земјиштето е тврдоглаво, но морате да ја орате празната земја и да го сеете семето на праведноста. Не запирајте, вие учители кои Бог многу ги љуби, како да се колебате дали да ја продолжите работата која ќе се развива ако ја извршувате. Не попуштајте ниту губете храброст. Оние кои сеат со солзи, ќе жнеат со радост. „Ние сме Божји соработници, а вие сте Божја нива, Божјо здание“. Имајте на ум дека не можете да се потпрете сами на себе. {6C 420.2}

Мораме, како никогаш досега, да се молиме не само работниците да бидат испратени на големо жетвено поле, туку да имаме јасно сфаќање на вистината, така што кога ќе дојдат гласниците на вистината, да можеме да ја прифатиме веста и да го почитуваме гласникот. {6C 420.3}

ДОМАШНА МИСИОНЕРСКА РАБОТА

Опомени од Ефесјанската црква

Обраќајќи се на Ефесјанската црква, Верниот Сведок рекол: „Но имам нешто против тебе, зашто ја остави својата прва љубов. Спомни си каде си паднал и покај се, и врши ги поранешните дела; ако не, скоро ќе ти дојдам и ќе го преместам свеќникот твој од местото негово, ако не се покаеш“ (Откровение 2:4,5). {6C 421.1}

На почетокот, искуството на Ефесјанската црква било обележано со детска едноставност и сесрдност. Постоела жива, вистинска и сесрдна љубов кон Христа. Верниците се радувале во Божјата љубов, бидејќи Христос бил присутен во нивните срца. Славењето на Бога се издигнувало од нивните усни и нивниот став на благодарност бил во склад со благодарноста на небесното семејство. {6C 421.2}

Светот препознал дека тие биле со Исуса. Грешните луѓе кои се покајале, на кои им биле простено и кои се очистиле и посветиле, биле направени партнери со Бога преку Неговиот Син. Верниците искрено се труделе да ја примат и да ја послушаат Божјата Реч. Исполнети со љубов кон својот Спасител, тие сметале дека нивна највозвишена цел е да придобиваат души за Него. Тие не мислеле на тој начин да го натрупуваат за себеси драгоценото богатство на Христовата благодат. Тие го сфатиле значењето на својот повик и чувствувајќи ја сета тежина и важност на веста: „мир на земјата, меѓу луѓето добра волја,“ го реле од желба да ја објават таа радосна вест и во најоддалечените краеви на Земјата. {6C 421.3}

Членовите на црквата биле единствени во чувствата и во делувањето. Љубовта кон Христа била златен синџир кој меѓусебно ги поврзувал. Тие продолжиле да го запознаваат Господа се посовршено и по совршено и нивните животи одразувале светлина, утеха и мир. Ги посетувале сирачињата и вдовиците во нивните неволји и се држеле себеси неосквернати од светот. Тие сметале дека би противречиле на својата вера и би се откажале од својот Откупител ако постапувале поинаку. {6C 421.4}

Делото напредувало во секој град. Душите се обраќале и по своето обратување чувствувале дека мораат на другите да им зборуваат за непроценливото богатство. Тие не мирувале додека зраците на свет лината која го осветлила нивниот ум не ги осветлиле и другите. Многу неверници се запознале со причините за христијанската надеж. Топли, вдахновени повици биле упатувани на оние во заблуда и грев, на отфрлените и на оние кои, иако тврдејќи дека ја познаваат вистината, повеќе ги сакале задоволствата отколку Бога. {6C 422.1}

Меѓутоа, по извесно време почнала да опаѓа ревноста на верниците, нивната љубов кон Бога и еден кон друг. Студенило се вовлекло во црквата. Се појавиле несогласувања и многу очи се одвратиле од постојаното гледање на Исуса како Зачетник и Завршител на нивната вера. Масите народ, кои можеле да бидат убедени и обратени со верно спроведување на вистината, останале неопоменати. Тогаш Вистинитиот Сведок ја упатил наведената вест на Ефесјанската црква. Нивната незаинтересираност за спасување на душите покажала дека ја изгубиле својата прва љубов; бидејќи никој не може да го љуби Бога со сето свое срце, ум, душа и сила ако не ги љуби оние поради кои Христос умрел. Бог ги повикал да се покајат и да ги вршат поранешните дела, инаку светилникот ќе биде отстранет од неговото место. {6C 422.2}

Зар ова искуство на Ефесјанската црква не се повторува во искуството на црквата на ова поколение? Како денешната црква, која го при мила знаењето за Божјата вистина, го

употребува тоа знаење? Кога нејзините членови прв пат ја запознале неизмерната Божја милост кон паднатиот човечки род, тие не можеле да молчат. Биле исполнети со копнеж да соработуваат со Бога, давајќи им ги на другите благословите кои ги примиле. И додека давале на другите, и самите постојано примале. Тие напредувале во благодатта и во познавањето на Господа Исуса Христа. А како е денес? {6C 422.3}

Браќа и сестри, вие кои одамна тврдите дека верувате во вистината, ве прашувам поединечно: Дали вашиот секојдневен живот е во склад со светлината, предностите и можностите кои небото ви ги дава? Ова е сериозно прашање. Сонцето на Праведноста блеснало над црквата, и затоа нејзина должност е да светли. Предност на секоја душа е да напредува. Оние кои одржуваат постојана врска со Христа, ќе напредуваат во благодатта и во познавањето на Божјиот Син, додека не ја достигнат потполната мерка на раст на мажите и жените во Христа. Ако сите кои тврдат дека веруваат во вистината во најголема мерка ги искористиле своите способности и прилики кои им се пружиле за учење и работа, тие би станале силни во Христа. Какви и да се нивните повици било да се земјоделци, механичари, учители или пастири ако потполно Му се посветиле на Бога, тие би станале делотворни работници за небесниот Учител. {6C 423.1}

Меѓутоа, што прават членовите на црквата за да можат да се на речат „Божји соработници?“ (1. Коринтјаните 3:9). Каде гледаме агонија на душата за другите? Каде гледаме членовите на црквата пот полно да се обземени со верски теми и своето јас да е потчинето на Божјата волја? Каде гледаме христијани кои чувствуваат дека нивна одговорност е да ја направат црквата просперитетна, целосно разбудена, за таа да биде народ кој ја шири светлината? Каде се оние кои не ги ограничуваат ниту мерат своите напори направени од љубов кон својот Учител? Нашиот Откупител треба да го види плодот од агонијата на Својата душа и да биде задоволен; како е со оние кои тврдат дека се Негови следбеници? Ќе бидат ли тие задоволни кога ќе ги видат плодовите на својот труд? {6C 423.2}

Зошто имаме толку малку вера, толку малку духовна сила? Зошто е толку мал бројот на оние кои го носат Христовиот јарем и Неговото бреме? Зошто на луѓето мора толку да се ургира за да ја вршат својата работа за Христа? Зошто е толку мал бројот на оние кои можат да ги откријат тајните на откупението? Поради што припишаната Христовата праведност не светли како светлина на светот преку оние кои тврдат дека се Негови следбеници? {6C 423.3}

Последици од неактивност

Кога луѓето ги употребуваат своите сили онака како што налага Бог, нивните таланти се умножуваат, а нивните способности се зголемуваат и тие стекнуваат небесна мудрост трудејќи се да ги спасат изгубените. Меѓутоа, кога членовите на црквата се рамнодушни и кога ја запоставуваат својата должност која Бог им ја дал да ја објавуваат на другите, како можат да очекуваат да го добијат небесното богатство? Кога оние кои тврдат дека се христијани не чувствуваат должност да ги просветлуваат оние кои се во темнина; кога ќе престанат да ги шират благодатта и знаењето, тие ја губат моќта за разликување, ја губат

способноста правилно да го ценат богатството на небесните дарови, и бидејќи и самите не го ценат, тие не ја увидуваат ниту потребата да го прикажуваат на другите. {6C 424.1}

Гледаме дека се основаат големи цркви во разни места. Нивните членови стекнале знаење за вистината и многумина се задоволуваат со тоа што ја слушаат Речта на животот, не трудејќи се на други да ја пренесуваат светлината. Тие не чувствуваат дека се одговорни за на предок на делото и не се заинтересирани за спасение на душите. Тие се многу ревносни во земните работи, но својата вера не ја внесуваат во својата работа. Тие зборуваат: „Верата е вера, а работата е работа". Сметајќи дека секоја од нив има свој посебен делокруг, тие велат: „Тие треба да бидат одвоени". {6C 424.2}

Поради пропуштање на приликите и злоупотреба на предностите, членовите на тие цркви не напредуваат во „благодатта и во познавањето на нашиот Господ и Спасител Исус Христос" (2. Петрово 3:18). Според тоа, тие се слаби во верата, им недостига знаење и се деца во поглед на искуството. Тие не се вкоренети и втемелени во вистината. Ако останат такви, сигурно ќе бидат заведени од многубројните измами на последните денови, зашто нема да имаат духовен вид за да ја разликуваат вистината од заблудата. {6C 424.3}

Бог им ја дал на Своите проповедници веста на вистината која треба да ја објавуваат. Црквите мораат да ја примат таа вест и да ја шират на сите можни начини, фаќајќи ги првите зраци на светлина и распростирајќи ги. Нашиот голем грев е во тоа што со години заостануваме во тој поглед. Проповедниците го бараа скриеното богатство, го отвораа ковчегот и укажуваа на сјајот на скапоцените камења на вистината; меѓутоа, членовите на црквата не направиле ниту стоти дел од она што Бог од нив го бара. Што друго можеме да очекуваме освен изопачување на верскиот живот, кога народот слуша проповед по проповед, а не ги спроведува поуките на дело? Способностите кои Бог ги дал де генерираат ако не се употребуваат. И повеќе од тоа, кога црквите ќе се оддадат на неактивност, сатаната ќе се погрижи да ги вработи. Тој го зазема полето и ги вовлекува членовите во работа која ја окупира нивната енергија, ја уништува духовноста и ги поттикнува да паднат како мртов товар на црквата. {6C 425.1}

Меѓу нас има и такви кои, кога би размислиле за начинот на кој го користат своето време, би увиделе дека нивната потполна неактивност претставува грешно запоставување на талантите кои Бог ги дал. Браќа и сестри, вашиот Откупител и сите свети ангели се тажни поради тврдоста на вашето срце. Христос го дал Својот сопствен живот за да ги спаси душите, а вие кои сте ја запознале Неговата љубов вложувате толку малку напори за да ги пренесете благословите на Неговата благодат на оние поради кои Тој умрел. Ангелите се вчудовидени од таквата рамнодушност и занемарување на должноста. На судот ќе морате да се сретнете со душите кои сте ги запоставиле. На тој голем ден самите ќе ја увидите својата вина и самите ќе се осудите. Господ сега нека ве наведе на покајание. Нека Му прости на Својот народ што ја запоставил работата во Неговото лозје кое Тој му го дал за обработка. {6C 425.2}

„Спомни си од каде си паднал и покај се и врши ги поранешните дела; ако не, скоро ќе ти дојдам и ќе го преместам свеќникот твој од местото негово, ако не се покаеш" (Откровение 2:5) {6C 426.1}

О, колку се малкумина оние кои го познаваат времето на својата посета! Колку има малку луѓе дури и меѓу оние кои тврдат дека веруваат во денешната вистина, такви кои ги разбираат знаците на времето и кои сфаќаат што ќе мораме да искусиме пред да дојде

крајот! Денес сè уште сме под заштита на Божјото трпение, но уште колку долго Божјите ангели ќе ги задржуваат ветровите да не дуваат? {6C 426.2}

Наспроти неискажаната Божја милост кон нас, колку малку има во црквата вистински понизни, посветени и богобојазливи Христови слуги! Колку се малку оние чии срца се полни со благодарност затоа што се повикани и почестени да учествуваат во Божјото дело и да бидат со учесници со Христа во Неговото страдање! {6C 426.3}

Денес голем дел од оние кои ги сочинуваат нашите верски собири се мртви во престапи и гревови. Тие доаѓаат и заминуваат како што вратата се врти на своите шарки. Со години самозадоволно ги слушале најсветите и длабоко импресивните вистини, но не ги спроведувале во живот. Поради тоа се сè помалку и помалку чувствителни за вредноста на драгоцената вистина. Длабоко импресивните сведоштва на прекор и опомени не се во состојба да ги пробудат и поттикнат на покајание. Најслатките мелодии кои доаѓаат од Бога преку човечките усни оправдување со вера и Христовата праведност не наидуваат во нив на одзив на љубов и благодарност. Иако небесниот Трговец ги изнесува пред нив најубавите скапоцени камења на вера и љубов, иако ги повикува да купат од Него „злато прочистено во оган“ и „бели облеки“ за да се облечат, и „очна маст“ за да прогледаат, тие ги стврднуваат своите срца кон Него и пропуштаат својата млакост да ја заменат за љубов и ревност. Иако со зборови ја исповедаат вистината, тие се откажуваат од силата на побожноста. Ако и понатаму останат во таа состојба, Бог ќе ги отфрли. Тие самите себе се онеспособуваат да станат членови на Неговото семејство. {6C 426.4}

Придобивање на душите главна цел

Не смееме да мислиме дека евангелската работа зависи само од проповедниците. Бог на секој поединец му доверил извесна задача во врска со Своето царство; и секој кој го исповеда Христовото име треба да биде сесрден и несебичен работник, подготвен да ги брани начелата на Божјото дело. Каков и да е нашиот животен повик, ние како христијани мораме да работиме на тоа да го запознаеме светот со Христа. Сите треба да бидеме мисионери чија главна цел е придобивање на души за Христа. {6C 427.1}

Бог на Својата црква ѝ го доверил делото на ширење на светлината и објавување на веста за Неговата љубов. Наша задача не е да ги осудуваме ниту да ги обвинуваме луѓето, туку да ги доведуваме кај Христа, преколнувајќи ги да се помират со Бога. Ние треба да ги храбриме душите и да ги привлекуваме и така ќе ги придобиваме за Спасителот. Ако тоа не е наш интерес, ако Му ја ускратуваме на Бога службата со срцето и животот, ние го крademе Него во влијание, време, средства и труд. Ако не служиме на корист и благослов на своите ближни, ние Му крademе на Бога од славата која би ја примил преку обратување на душите. {6C 427.2}

Почнете со оние кои ви се најблиску

Некои кои одамна тврдат дека се христијани, а сепак не чувствуваат никаква одговорност за душите кои припаѓаат на сенката на нивните сопствени домови, можат да

мислат дека имаат една задача да вршат во странските земји. Меѓутоа, каде се доказите дека тие се способни за оваа работа? Со што докажале дека чувствуваат товар за душите? Таквите мораат прво да се обучат и дисциплинираат во своите домови. Вистинската вера и љубов кон Христа ќе пробуди во нив најсесрдна желба да ги спасуваат душите кои се токму во нивниот дом. Ќе ги напрегнат своите духовни сили за да ги привлечат душите кон Христа, учејќи се на Неговата понизност и кротост. Тогаш ќе бидат под готвени да појдат и во туѓи земји, ако тоа е Божја волја. {6C 427.3}

Оние кои сакаат да работат за Бога мораат да почнат во своите до мови, во своето сопствено семејство, во своето соседство, меѓу своите пријатели. Тука ќе најдат поволно мисионско поле за работа. Оваа мисионерска работа во домот е проба која ќе ја покаже нивната способност или неспособност за едно пошироко поле. {6C 428.1}

Примерот на Филип и Натанаил

Случајот на Филип и Натанаил е пример за вистинска домашна мисионерка работа. Филип го видел Исуса и бил убеден дека Тој е Месијата. Во својата радост, тој посакал и неговите пријатели да дознаат за таа радосна вест. Сакал и Натанаил да се запознае со вистината која нему му донела толкава утеха. Постоењето на вистинската благодат во срцето секогаш се открива во нејзиното распростирање. Филип отишол да го побара Натанаил, кој штотуку се молел под смоквата и Натанаил веднаш одговорил на неговиот повик. Тој ја немал таа предност да ги слуша Христовите зборови, но со духот бил привлечен кон Него. Копнеел за светлина и токму во тој момент искрено се молел за неа. Филип радосно воскликнал: „Го најдовме Оној за Кого пишуваше Мојсеј во законот и пророците Исус од Назарет“ (Јован 1:45). Одзивајќи се на Филиповиот повик, Натанаил го побарал Спасителот и го нашол, а потоа се придружил на делото на придобивање на души за Христа. {6C 428.2}

Личната работа е еден од најделотворните начини за ширење на светлината. Во домашен круг, кај своите соседи и покрај болничката постела, на најлесен начин можете да го читате Светото Писмо и да проговорите некој збор за Исуса и за вистината. Така можете да сеете драгоцено семе кое ќе никне и ќе донесе плод. {6C 428.3}

Семејството како мисионерско поле

Нашата работа за Христа треба да започне во семејството, во домот. Образованието на младината треба да биде поинакво од она кое е давано во минатото. Нивната благосостојба бара многу повеќе напор и труд отколку што досега им се подарувало. Не постои мисионерско поле кое е поважно од ова. Родителите треба со поука и со пример да ги учат своите деца како да работат за необратените. Децата треба така да се воспитаат што ќе имаат сочувство кон постарите и оние кои страдаат, трудејќи се да ги олеснат неволјите на сиромашните и оние кои се во неволја. Треба да се учат да бидат вредни во мисионерската работа. Треба уште од најрана младост да им се влева во свеста потребата за самооткажување и жртви поради доброто на другите и ширење на Христовото дело, за да

можат да станат Божји соработници. Меѓутоа, ако сакаме тие некогаш да вршат вистинска мисионерска работа за другите, мораме да ги научиме да работат за оние кои имаат природно право на нивната љубов. Секое дете треба да се учи да преземе на себе свој дел од домашните должности. Тоа никогаш не треба да се срами да ги користи своите раце во носењето на домашните бремиња или своите нозе во вршењето на одредени задачи. Правејќи така, тоа нема да појде по патот на немарност и грев. Колку децата и младината залудно трошат часови кои би можеле да ги искористат преземајќи на своите силни млади рамена еден дел од домашните должности кои некој мора да ги заврши, со што би можеле да покажат љубов и интерес кон својот татко и мајка. Во нив исто така мораат длабоко да се всадат начелата на здравствената реформа и грижата за нивните тела. {6C 429.1}

О, кога родителите со молитва и повнимателно би се грижеле за вечното добро на своите деца! Сами на себе нека си го постават прашањето: Не сме ли биле негрижливи? Не ли ја занемаривме оваа света должност? Не ли им дозволивме на своите деца да станат цел на сатанските искушенија? Нема ли да положиме една сериозна сметка на Бога затоа што сме дозволиле нашите деца да ги користат своите способности, своето време и своето влијание работејќи против вистината и против Христа? Не ли ја занемаривме својата родителска должност и со тоа го зголемивме бројот на поданици на сатанското царство? {6C 429.2}

Многумина на срамен начин го запоставиле ова домашно поле и време е да се претстават божествените помошни средства и лекови за да се подобри оваа лоша состојба. Со што оние кои тврдат дека се Христови следбеници можат да го оправдаат запоставувањето на подготвувањето на своите деца да работат за Него? {6C 429.3}

Божја намера е семејството на земјата да биде симбол на семејството на небото. Христијанскиот дом кој се заснова и раководи соодветно на божествениот план е едно од најделотворните орудија во образување на христијанскиот карактер и унапредување на Неговото дело. {6C 430.1}

Ако родителите сакаат во своето семејство да видат промена на подобро, треба потполно да Му се посветат на Бога соработувајќи со Него во делото на преобразување на своето семејство. {6C 430.2}

Ако нашиот дом е онаков каков што треба да биде, ние нема да дозволиме нашите деца да растат во безделништво и рамнодушност кон Божјите барања во поглед на должностите да им помогнат на оние околу себе на кои им е потребна помош. Како Божје наследство, таквите деца ќе бидат оспособени да работат таму каде што се. Од таквите домови ќе зрачи светлина која ќе ги осветли оние кои се во незнаење, приведувајќи ги кон Изворот на секое знаење. Со тоа ќе се врши моќно влијание за Бога и за Неговата вистина. {6C 430.3}

Поучување на членовите на црквата за мисионерска работа

„Стражару, кое време е во ноќта?“ (Исаија 21:11). Дали стражарите на кои им е упатен овој повик се во состојба на трубата да ѝ даваат од реден звук? Дали пастирите верно се грижат за стадото како оние кои ќе мораат да полагаат сметка? Дали Божјите проповедници стражарат над душите, имајќи на ум дека им е доверено она што Христос го

откупил со Својата крв? Во светот мора да се изврши едно големо дело; а какви напори преземаме ние тоа да се оствари? На народот му е премногу проповедано, но дали тој се поучил како да работи за оние поради кои Христос умрел? Дали е пронајден начин на работа и изложен на народот така што секој ќе ја увиди неопходноста од учествување во делото? {6C 431.1}

Очевидно е дека сите оние проповеди кои се изговорени, не оформиле широк круг на самопожртвувани работници. Ова прашање треба да се смета многу важно, зашто вклучува многу сериозни последици. Нашата вечна иднина е на ризик. Црквите ослабнале затоа што своите таленти не ги употребиле за распростирање на светлината. Треба да се даваат грижливи поуки како што правел нашиот Учител, за да можат сите практично да ја применат својата светлина. Оние кои вршат надзор во црквите треба да изберат способни верници и да им доверат разни должности, поучувајќи ги во исто време како на најдобар начин ќе им служат и да бидат на благослов за другите. {6C 431.2}

Треба да се искористи секоја можност за да може знаењето за вистината да им се донесе на илјадници луѓе кои ќе бидат во состојба да ја сфатат силата на доказите и кои ќе ја ценат сличноста со Христа ако им се пружи прилика да ја видат во Неговиот народ. Нека мисионерскиот состанок биде ставен во добра употреба со тоа што луѓето ќе се учат како да вршат мисионерска работа. Бог очекува од Неговата црква да ги обучи и оспособи своите членови за делото на просветлување на светот. Треба да се дава такво воспитание со кое стотина ќе се подготват своите драгоцени таланти да им ги позајмат на менувачите. Со користење на овие таланти ќе се подготват луѓе кои ќе можат да заземат положби од доверба и углед, држејќи се до чистите, неизопачени начела. На тој начин ќе се изврши големо добро за Учителот. {6C 431.3}

Поттикнете ги членовите на црквата на работа

Многумина кои поседуваат вистински способности кородираат поради неактивност, бидејќи не знаат како да се нафатат на работа на мисионерско поле. Оние кои имаат способности за тоа треба да ги по учат тие неактивни луѓе како да работат. Образувајте мали мисии во многу места во кои мажите и жените ќе се поучуваат како да ги искористат и со тоа да ги умножат своите способности. Сите треба да сфатат што се очекува од нив и така многумина кои денес се невработени, ќе станат вистински работници. {6C 432.1}

На сите треба да им се објасни параболата за талантите. Членовите на црквата треба да сфатат дека тие се светлина на светот и дека во склад со нивните различни способности, Господ очекува од нив да ги просветлат и благословат другите. Без разлика дали се богати или сиромашни, големи или мали, Бог ги повикува активно да служат. За унапредување на Своето дело Тој се потпира на црквата и очекува од Своите следбеници да ја вршат својата должност како разумни суштества. Затоа е многу неопходно секој образован и разумен ум и секоја, дури и најмала способност, да се стават во служба на делото на спасение на душите. {6C 432.2}

Не ги запоставувајте малите работи и не копнејте само за големи. Во малите работи можете да имате успех, додека во обидот да извршите некое големо дело можете да претрпите потполн неуспех и поради тоа да западнете во малодушност. Прифатете се за

работа секогаш кога ќе видите дека нешто треба да се направи. Извршувајќи ја секоја работа на која ќе наидете според своите можности, ќе ги развиете своите да рови и способности за едно поголемо дело. Многумина стануваат бес плодни и слаби поради тоа што ги занемаруваат приликите кои секојдневно им се пружаат и поради тоа што ги избегнуваат ситните работи. {6C 432.3}

Има многу начини на кои сите можат да вршат лична служба за Бога. Некој може да напише писмо на својот далечен пријател или да испрати списание некому кој се интересира за вистината. Други можат да даваат совети на оние кои западнале во извесни тешкотии. Оние кои знаат како се негуваат болни, можат да помогнат во тој правец. Други кои поседуваат потребни квалификации можат да даваат библиски часови или да одржуваат библиски курсеви. {6C 433.1}

Црквите треба да пронајдат и да спроведуваат наједноставни на чини за работа. Ако членовите сложно ги прифатат таквите планови и истрајно ги спроведуваат, ќе бидат богато наградени, зашто нивното искуство ќе се прошири, нивните способности ќе се развијат и душите ќе бидат спасени, благодарение на нивниот труд. {6C 433.2}

И необразованите можат да бидат работници

Никој не треба да смета дека не може да учествува во Божјото дело поради тоа што е необразован. Бог има одредено дело за тебе. Тој се кому Му одредил некоја работа. Вие можете да го истражувате Светото Писмо за себеси. „Објавувањето на Твоите зборови просветува и скромните ги вразумува“ (Псалм 119:130). Можете да се молите за делото. Небото ќе ја услиши молитвата од искрено срце; молитвата која произлегува од вера. Така вие ќе работите според своите способности. {6C 433.3}

Секој поединец врши влијание на добро или на зло. Ако душата е посветена на Божјата служба и верна на Христовото дело, нејзиното влијание ќе придонесе кон собирање за Христа. Цело небо е активно и Божјите ангели сакаат да соработуваат со сите кои создаваат планови со помош на кои радосната вест на спасение ќе им се соопшти на душите поради кои Христос умрел. Ангелите кои се испратени во служба на оние кои ќе го наследат спасението, му зборуваат на секој вистински светија: „Еве работа за тебе”. {6C 433.4}

„Одете и зборувајте му ги на народот сите зборови на овој живот“ (Дела 5:20). Ако оние на кои им се упатени овие зборови му се покорат на налогот, Господ за нив ќе подготви пат, ставајќи им на располагање средства со кои ќе можат да тргнат на работа. {6C 433.5}

Пробудете ги оние кои безделничат

Душите пропаѓаат без Христа, а оние кои тврдат дека се Христови ученици дозволуваат душите да умрат. На нашите браќа им се доверени таланти кои треба на најдобар начин да ги употребат во делото на спасување на душите; меѓутоа, некои ги заврзале тие таланти во крпа и ги закопале во земја. Колку тие безделници имаат сличности со ангелот кој е прикажан како лета среде небото, објавувајќи ги Божјите заповеди и верата Исусова? На кој начин би требало да се преколнуваат тие безделници за да се пробудат и да тргнат на

работа за Учи телот? Што можеме да кажеме на мрзливиот член на црквата за да увиди дека е неопходно да го извади од земјата својот талант и да им го предаде на менувачите? Во небесното царство нема да има ниту еден безделник и мрзливец. О, Бог нека им го предочи на заспаните цркви ова прашање во сето негово значење! О, нека се пробуди Сион, нека ги облече своите прекрасни облеки и нека заблеска! {6C 434.1}

Има многу ракоположени проповедници кои никогаш не покажувале пастирска грижа за Божјото стадо и кои никогаш не стражареле над душите како оние кои мораат да полагаат сметка. Наместо да се развива, црквата станува слабо, зависно, неделотворно тело. Членовите на црквата, научени да се потпираат на проповедањето (во црквата), прават многу малку за Христа. Тие не донесуваат плодови, туку напредуваат во себичноста и неверството. Тие полагаат надеж во проповедникот и се потпираат на тоа тој со своите напори да ја одржува нивната вера во живот. Поради тоа што оние кои Бог ги поставил како надзорници не ги научиле правилно членовите на црквата, многумина станале мрзливи слуги, закопувајќи ги своите таланти во земја но сепак се жалат на Господовото постапување со нив. Тие очекуваат да бидат негувани како болни деца. {6C 434.2}

Оваа состојба не смее да трае понатаму. Добро организираното дело мора да се изврши во црквата, за да можат нејзините членови да се научат како да ја пренесуваат светлината на други и на тој начин да ја зајакнат сопствената вера и да го прошират своето знаење. Давајќи им го на другите она што го примиле од Бога, тие и самите ќе се зацврснат во верата. Црквата која работи е жива црква. Ние се sидаме како живи камења и секој камен треба да зрачи со светлина. Секој христијанин е како скапоцен камен кој ја впива во себе Божјата слава и отсјајува со нејзината светлина. {6C 435.1}

Многу е погрешно да се смета дека проповедникот мора да ги сноси сите товари и да ја врши сета работа. Преморен од работа и скршен, проповедникот може да отиде во гроб, додека, ако други би придонеле во носење на товарот како што одредил Господ, тој сè уште би можел да живее. За товарот да може да биде распореден, на црквата мора да ѝ се даде едно образование од оние кои ќе ги поучуваат работниците да го следат Христа и да работат како што работел Тој. {6C 435.2}

Младите треба да бидат мисионери

Не ја запоставувајте младината; таа треба да учествува во работата и во одговорностите. Укажете ѝ на младината дека ѝ е должност да биде помош и благослов на другите. Дури и децата треба да се учат да прават ситни задачи на љубов и милост на оние кои се наоѓаат во помалку среќна состојба од нив. {6C 435.3}

Водачите на црквата нека изработат планови врз основа на кои младите мажи и жени ќе можат да се поучат на правилна употреба на талантите кои им се доверени. Постарите членови треба сесрдно и со сочувство да се залагаат за децата и за младината. Проповедниците треба да ја употребат сета своја досетливост за да пронајдат начини на кои ќе ги наведат помладите членови на црквата да соработуваат со нив во мисионерската работа. Меѓутоа, не замислувајте дека можете да го пробудите нивниот интерес ако само држите долги проповеди на мисионерскиот состанок. Пронајдете пат и начин на кој можете да пробудите жив интерес. Сите треба да учествуваат во делото. Обу чувајте ги младите да

ја вршат работата што им е наменета и од седмица во седмица да ги поднесуваат своите извештаи на мисионерскиот состанок. Во тие извештаи треба да изложат што направиле и ка ков успех постигнале преку Христовата благодат. Ако такви извештаи поднесуваат посветени работници, мисионерските состаноци нема да бидат досадни и заморни, туку ќе бидат интересни и многумина ќе присуствуваат на нив. {6C 435.4}

Во секоја црква членовите треба да се научат да посветуваат време во придобивање на души за Христа. Како може да се каже за една црква: „Вие сте светлина на светот“ ако нејзините членови навистина не ја распростираат светлината? {6C 436.1}

Оние на кои им е доверено Божјото стадо треба да бидат свесни за своите должности и многу души да поттикнат на работа. {6C 436.2}

Нека црквите се разбудат

Наскоро ќе се случат чудни и нагли промени и Божјиот народ треба да биде исполнет со Светиот Дух, за да може со небесна мудрост да се соочи со кризите на овој век и ако е можно, да дејствува против деморализирачкото влијание на овој свет. Ако црквата не спие, ако Христовите следбеници стражарат и се молат, тие ќе добијат светлина за да можат да го сфатат и да го проценат дејството на непријателот. {6C 436.3}

Крајот е близу! Бог ја повикува црквата да го доведе во ред она што сè уште преостанало. Божји соработници, Бог ве овластил и други да поведете со себе во царството. Вие треба да бидете живи Божји застапници, канали на светлина на светот, а насекаде околу вас се наоѓаат небесните ангели на кои Христос им дал должност да ве поткрепат, засилат и поддржуваат во вашата работа на спасување на душите. {6C 436.4 }

Апелирам до сите цркви во секоја Унија: Бидете одвоени и различни од овој свет бидете во светот, но не од светот, отсјајувајте со светлите зраци на Сонцето на Праведноста, бидете чисти, свети и не извалкани во верата, ширејќи ја светлината на патиштата и меѓу оградите на оваа земја. {6C 437.1}

Црквите треба да се пробудат пред да биде вечно предоцна. Секој член треба да ја извршува својата работа и да го оправда Господовото име со кое се нарекол. Здравата вера и сесрдната побожност треба да го заземат местото на мрзливоста и неверството. Кога верата ќе се потпре на Христа, вистината ќе донесе благодат на душата и верските служби нема да бидат досадни и неинтересни. Светиот Дух ќе внесе живот во вашите состаноци за споделување на сведоштва кои сега се несесрдни и безживотни. Ако го спроведувате на дело христијанството кое го проповедате, секојдневно ќе стекнувате богато искуство. Грешниците ќе бидат обратени. Тие ќе бидат трогнати со Речта на вистината и ќе кажат, како што зборувале некои кои го слушале Христовото учење: „Видовме и чувме прекрасни нешта денес”. {6C 437.2}

Кога се има на ум она што може да се постигне ако црквата одговори на должностите кои Бог ѝ ги одредил, ќе спијат ли и понатаму нејзините членови, или ќе станат свесни за честа која им ја укажало милостивото Божје провидение? Ќе ги соберат ли тие своите наследени доверби, ќе ја користат ли сегашната светлина и ќе ја увидат потребата да се пробудат за да можат да се соочат со кризите кои надоаѓаат? О, кога сите би се пробудиле и би покажале на светот дека нивната вера е жива вера, дека пред светот се поставуваат

прашања од животно значење и дека Исус наскоро ќе дојде! Покажете им на луѓето дека ние на вистина веруваме дека се наоѓаме на границите на вечниот свет. {6C 437.3}

Изградбата на Божјото царство заостанува или напредува во склад со неверноста или верноста на човечките застапници. Делото заостанува и е попречувано поради недостаток на соработка помеѓу човечкото и божественото. Луѓето можат да се молат: „Да дојде царството Твое; да биде волјата Твоја, како на земјата, така и на небото;“ но ако во животот не се спроведе на дело оваа молитва, нивните молби ќе бидат бесплодни. {6C 437.4}

Меѓутоа, иако можеби сте слаби, заблудени и грешни, Господ ви нуди да соработувате со Него, Тој ве повикува да примите божествени инструкции. Ако се обедините со Христа, можете да вршите Божји дела. „Без Мене“ вели Христос – „не можете да правите ништо”. {6C 438.1}

Преку пророкот Исаија е дадено ветување: „Пред тебе ќе тргне твојата праведност, и Господовата слава ќе те чува одзади“ (Исаија 58:8). Праведноста која треба да оди пред нас е Христовата праведност, а Господовата слава е таа која ќе нè чува одзади. Вие, цркви на живиот Бог, проучувајте го ова ветување, размислете за тоа како вашиот недостаток на вера, духовност и божествена сила, го попречува доаѓањето на Божјото царство. Ако тргнете да го вршите Христовото дело, Божјите ангели ќе отворат патишта пред вас, подготвувајќи ги срцата да го примат евангелието. Кога секој од вас би бил жив мисионер, веста за ова време брзо би била објавена на секое племе, јазик, колено и народ. Тоа е дело кое мора да се изврши пред Христос да дојде во сила и голема слава. Ја повикувам црквата искрено да се моли за да може да ги сфати своите должности. Дали секој од вас поединечно е Божји помошник? Ако не, зошто не? Кога мислите да го вршите де лото кое небото ви го одредило? {6C 438.2}

За сите оние кои се малодушни постои само еден лек вера, молитва и работа. {6C 438.3}

Нашите цркви не треба да бидат љубоморни ниту да се чувствуваат запоставени ако не примаат работа од проповедниците. Тие самите треба да ја преземат таа должност и најсердно да работат за душите. {6C 439.1}

Секој талант во нашите цркви треба да биде употребен во делото на вршење добро. Суровите, пусти и диви места во природата Бог ги направил привлечни на тој начин што поставил прекрасни работи меѓу најгрдите. И ние сме повикани да вршиме такво дело. {6C 439.2}

На нашите цркви ѝ е потребна таква младина која се придружува до христијанските начела со решителни напори, а со тоа треба да се започне во домот. Верното исполнување на домашните должности влијае на изградување на карактерот. Во родителскиот дом треба да се дадат докази за погодност за работа во црквата. {6C 439.3}

Господ не нè проценува според висината на која се наоѓа нашата должност, туку според верноста со која ја исполнуваме. {6C 439.4}

Ако употребуваме само една третина од талантите што ни се доверени, останатите две третини дејствуваат против Христа. {6C 439.5}

Најголемо дело кое може да се изврши во овој свет е да се прослави Бога живеејќи го Христовиот карактер во сопствениот живот. {6C 439.6}

ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА НАШИТЕ УСТАНОВИ

Големо дело треба да се изврши во целиот свет и никој не смее да смета дека поради тоа што крајот е близу не треба да се вложуваат посебни напори поради подигнување на разни установи кои му се потребни на Божјото дело. Вие не можете да го знаете денот ниту часот во кој Господ ќе се појави, зашто тоа не ни е откриено и никој не треба да дава претпоставки за она што не му е дадено да го разбере. Секој нека ја врши работата што му е доверена, исполнувајќи го секојдневно она што Бог го бара од него. {6C 440.1}

Кога Господ ќе ни нареди веќе да не вложуваме напори за подигнување на молитвени домови и да не основаме училишта, санаториуми и издавачки институции, тогаш ќе дојде момент да ги вкрстиме рацете и да Му препуштиме Нему да го заврши делото. Но сега уште ни се пружа можност да ја покажеме нашата ревност за Бога и нашата љубов кон човештвото. {6C 440.2}

Ние треба да бидеме соучесници во Божјото дело во целиот свет; секаде има души кои треба да бидат спасени, треба да ја пружиме нашата помош за да можат синовите и ќерките да бидат приведени кон Бога. Крајот е близу и од таа причина треба во најголема мерка да ја искористиме секоја способност што ни е доверена и секое посредство (човек, институција) кое може да придонесе за напредок на делото. {6C 440.3}

Училишта мораат да се основаат за да може младината да стекне образование и за да можат оние кои се посветуваат на проповедничкиот повик да остварат поголеми достигнувања во познавање на Библијата и останатите науки. Во странските земји мора да се основаат установи за лекување на болни; мора да се подигнат здравствени мисионери кои ќе бидат полни со самооткажување и ќе сакаат да го носат крстот, кои ќе бидат подготвени да заземат одговорни положби и ќе бидат способни да образуваат други. А покрај сето тоа, на Бога Му се потребни мисионери во домот. Работниците за Бога, во домот и во по лето мораат да бидат полни со самооткажување, носејќи го крстот и контролирајќи ги своите лични желби, за да можат да бидат изобилни со добри плодови. {6C 440.4}

Верата која опфаќа помалку од ова сè одрекува од христијанскиот карактер. Верата на евангелието е онаа чија сила и благодат се од божествено потекло. Да покажеме дека Христос е во нас со тоа што ќе престанеме да трошиме пари на облека и непотребни работи, додека Христовото дело е осакатено поради недостаток на средства, додека нашите молитвени домови ги притискаат неплатени долгови и додека ризницата е празна. Не развивајте во себе длабока склоност кон скапа облека или мебел. Делото нека напредува онака како што почнало, во едноставно самоодрекување и вера. {6C 441.1}

Употребувајте ги своите средства да создавате, наместо да го користите своето влијание да ги намалувате посредствата за чинење на добро. Никој не треба да слуша сугестии според кои ние можеме да практикуваме вера и сите наши слабости да бидат отстранети, па според тоа нема потреба од основање на здравствени установи. Верата и делата не се одвоени едно од друго. Господ наскоро ќе дојде и затоа работете одлучно и решени да создадете што повеќе институции за да може ова големо дело да се изврши за кратко време. {6C 441.2}

Бидејќи Господ наскоро доаѓа, време е своите средства да им ги дадеме на менувачите, време е да го донесеме во Господовата ризница секој денар кој можеме да го одвоиме, за да можат да се подигнат установи за обука на работници, како што тоа некогаш

биле пророчките училишта. Ако Господ дојде и ве затекне на тоа дело, Тој ќе каже: „Добро направено, добар и верен слуго:... влези во радоста на својот Господар”. {6C 441.3}

Дошло време кога не смеат некорисно да се трошат или да се злоупотребуваат физичките, умните и морални сили. Господ сака Неговиот народ во Америка да не се ограничува само на неколку места во подигање на установи кои се потребни за морално и духовно унапредување на Неговото дело. Оние на кои Тој многу им дал, повикани се да даваат. Вложете ги своите пари таму каде што тие ќе претставуваат помош светлината да се однесе на народите во темнина и на морските острови. {6C 441.4}

Дело кое треба да се изврши. Доколку некои семејствата би се преселиле во мрачните места на Земјата, места каде што народот е обвиткан со духовна темнина, со отсјајување на светлината на Христовиот живот, би можело да се изврши големо дело. Тие не треба да почнат со својата работа мирно и ненаметливо, не влечејќи од фондовите на Униите сè додека интересот на стане толку силен така што не можат сами да се снајдат без проповедничка помош. {6C 442.1}

Кога се одржуваат семинари и слични состаноци, тие не треба да се одржуваат во големи и веќе изградени цркви. Тие треба да го при кажат карактерот на Божјото дело и да внесат сознание за вистината во места на кои многу малку се знае за неа. Можеби тоа нема да биде угодно, но дали на Христа Му било угодно да ги остави небесните дворови? Дали Му било угодно да ја остави Својата чест и слава, и Својата висока положба и да се понизи толку што станал едно со нас? Тој не отишол кај суштествата кои не паднале, туку кај оние на кои им бил најпотребен. На Неговиот пример мораме да се угледаме и ние на кои Тој ни го доверил Своето дело. {6C 442.2}

Треба да ја прикажеме Речта на животот и на оние за кои можеби мислиме дека се толку безнадежни грешници како веќе да се во гроб. Можеби ќе ни се пристори дека тие не сакаат да ја слушнат ниту да ја примат светлината на вистината, но мораме да ја вршиме својата должност без двоумење и колебање. {6C 442.3}

Опасно е да се одложува. Душата која сте можеле да ја пронајдете и да ѝ го отворите Светото Писмо, ако тоа го пропуштите, заминува надвор од границите на вашиот досег. Сатаната подготвил некоја стапица пред нејзините нозе и таа можеби веќе утре ќе работи на остварување на плановите на најголемиот Божји непријател. Зошто да се одлага еден ден? Зошто веднаш не се започне со работа? {6C 443.1}

Како мора да се чувствуваат ангелите кои гледаат како се приближува крајот и како во ист момент многумина од оние на кои им е доверена последната вест на милост се збиваат во исти места, доаѓаат на состаноци само поради интерес на своите души и покажуваат незадоволство ако нема многу проповеди, додека носат само мали товари и само малку се трудат за спасување на душите? Сите кои со жива вера се соединети со Христа ќе учествуваат во божествената природа. Тие постојано примаат од Него духовен живот и затоа не можат да молчат. {6C 443.2}

Животот секогаш се покажува во работата. Ако срцето е живо, тоа со посредство на крвотокот ќе испрати живот во секој дел на телото. Оние чии срца се полни со духовен живот не е потребно да се поттикнуваат тоа да го покажат. Божествениот живот ќе потекне од нив како богати текови на благодат. Кога тие се молат, зборуваат и работат Бог се прославува. {6C 443.3}

Работници. Најголеми и најтрајни резултати не постигнуваат најсјајните и најнадарените. Кои се најделотворни работници? Оние кои сакаат да одговорат на повикот: „Земете го Мојот јарем на себе и на учете се од Мене; зашто Јас сум кроток и понизен по срце“ (Матеј 11:29). {6С 443.4}

Ако луѓето на кои Бог им подарил умни способности не сакаат да ги искористат во Негова слава, по испити и проби, Тој ќе ги остави на нивната сопствена имагинација и ќе земе луѓе кои не изгледаат толку богато надарени, кои немаат толку многу самодоверба и ќе ги направи слабите силни, затоа што тие се надеваат во Господа да го направи за нив она што не можат да го направат самите. Бог прима служба која доаѓа од сето срце и Тој сам ќе ги надополни недостатоците. {6С 443.5}

Господ Исус ги зема оние за кои знае дека ќе може да ги обликува и ги употребува на слава на Своето име, за да одговорат на Неговата духовна замисла. Тој употребува материјал покрај кој други би поминале и ги изградува сите кои сакаат да бидат изградени. На многу едноставен начин се отвораат вратите кон небото и Бог користи едноставни човечки орудија за да Му се открие на човекот. {6С 444.1}

Дали сте ја искусиле силата на идниот свет? Дали сте го јаделе те лото и сте ја пиеле крвта на Божјиот Син? Ако е така, тогаш, иако можеби и не сте ракоположени, Христос ги става Своите раце на вас и вели: „Вие сте Мои сведоци”. {6С 444.2}

Можеби некои ќе ги сметаат неефикасни оние кои Бог ги употребува како Свои орудија; но ако тие можат да се молат, ако можат едноставно да зборуваат за вистината затоа што ја љубат, тие со сила на Светиот Дух ќе можат да допрат до народот. Ако едноставно ја изнесуваат вистината читајќи го Светото Писмо или повикувајќи се на примери од искуства, Светиот Дух ќе врши влијание на умот и карактерот. Волјата ќе се потчини на Божјата волја; порано неразбраната вистина ќе најде пат кон срцето имајќи живо уверување и духовна стварност. {6С 444.3}

Помош на мисионерските полиња

Длабоко сум загрижена поради скудноста на мисионерските полиња. Во околните мисии треба да се изврши одлучна работа; а постои и голема потреба за парични средства за да се унапреди делото во странските мисии. Нашите странски мисии изнемоштуваат. Мисионерите не се помагаат онака како што Бог тоа го бара. Поради недостаток на средства работниците не се во состојба да влезат во нови полиња. {6С 445.1}

Насекаде околу нас се наоѓаат души кои пропаѓаат во своите гревови. Секоја година умираат илјадници и илјадници без Бога и без надеж за вечен живот. Божјите судови и казни го вршат своето дело и душите пропаѓаат зашто што нивниот пат не е осветлен со светлината на вистината. Но колку се малку оние кои чувствуваат товар поради положбата во која се наоѓаат нивните ближни! Светот пропаѓа во својата беда, но тоа едвај остава некој впечаток и на оние кои тврдат дека веруваат во највозвишената и најделекусежната вистина која не когаш им била дадена на смртниците. Бог бара од Својот народ да биде Негова помошна рака во допирање до оние кои пропаѓаат; но многумина се задоволуваат да не прават ништо. Постои недостаток на онаа љубов која го мотивирала Христа да го напушти Својот небесен дом и да земе на Себе човечка природа, за на тој начин со

човечката природа да дојде во допир со човештвото и да го привлече човештвото кон божеството. Божјиот народ се наоѓа во некоја замреност која не му дозволува да ги сфати потребите на ова време. {6C 445.2}

Божјиот народ се наоѓа на испит пред небесната вселена, но неговите прилози и дарови се оскудни; и со своите слаби напори во Божјата служба тој покажува дека е неверен. Доколку она малку што сега е из вршено е најдобро што тие можеле да сторат, тие не би биле под осуда; но тој може многу повеќе да направи со ресурсите со кои располага. Тој знае, а и светот знае, дека во голема мера го загубил духот на самооткажување и носење на крстот. {6C 445.3}

Бог ги повикува луѓето да однесат опомена на светот кој спие и кој е мртов во престапот и гревовите. Тој бара доброволна жртва од оние чии срца се во делото, кои чувствуваат товар за душите за тие да не пропаднат, туку да имаат вечен живот. Сатаната игра животна игра за човечките души. Тој се труди да ги приграби сите парични средства, за да не можат да се употребат за унапредување на мисионерските потфати. Зар и понатаму ќе бидеме во незнаење за неговите стратегии? Зар ќе дозволиме тој да ги затапи нашите чувства? {6C 446.1}

Апелирам до нашите браќа на секое место да се пробудат, потполно да Му се посветат на Бога и да бараат мудрост од Него. Ги повикувам службениците на нашите Унии да вложат сесрдни напори во своите цркви, поттикнувајќи ги да приложуваат свои средства за помагање на странските мисии. Ако приликите во кои се наоѓаат странските полиња не ги трогнат вашите срца, ќе биде ограничена последната вест на милост на светот и ќе остане недовршено делото кое Бог сака да се изврши. {6C 446.2}

Наскоро ќе завршат последните години на милост и проба. Големиот Господов ден е пред нас. Треба да го вложиме секој напор за да го пробудиме нашиот народ. Упатете ја секоја душа на зборовите кои Господ ги изговорил преку пророкот Малахија: „Уште од деновите на вашите татковци отстапувате од наредбите Мои и не ги пазите; вратете се кон Мене и Јас ќе се вратам кај вас, вели Господ Саваот. Вие, пак ќе речете, како да се вратиме? Смее ли човек да краде од Бога? А вие крадете од Мене! Ќе речете: ‘Што крademе од Тебе?’ од десетоците и од приносите! Со проклетство сте проколнати, зашто Ме крадете вие и сиот народ. Донесете ги сите десетоци во ризницата, па да има храна во Мојот дом, и потоа испитајте Ме, вели Господ Саваот: зар нема да ги отворам отворите небесни за да излијам благослов на вас, па да имате и на претек? Заради вас ќе им забранам на оние што ги изедуваат плодовите земни, и лозата ваша во полето нема да остане без плод, вели Господ Саваот. И блажени ќе ве нарекуваат сите народи, зашто ќе бидете земја на благослови, вели Господ Саваот“ (Малахија 3:7-12). {6C 446.3}

Време е да го послушаме учењето на Божјата Реч. Сите Негови по уки ни се дадени поради наше добро, за да може душата да се обрати од гревот кон праведноста. На секој кој ќе се обрати и ќе ја прими вистината треба да му се објаснат Господовите барања во поглед на десетокот и даровите. Како што се основаат нови цркви, за оваа работа мораме одлучно да се нафатиме и да ја остваримe во Христов дух. Сè што човекот ужива, го примил од големата Господова фирма и Тој се радува кога оние кои го претставуваат Неговото наследство уживаат во Неговите добра; меѓутоа, сите кои стојат под знамето попрскано со крвта на кнезот Емануел треба да ја признаат својата зависност од Бога и својата обврска кон Него со тоа што ќе вратат во Неговата ризница одреден дел кој е Негова своина. Тоа

треба да се вложи во мисионер ската работа, со што се исполнува должноста која Божјиот Син им ја доверил на Своите ученици: „Ми се даде секаква власт на небото и на земјата. Одете и научете ги сите народи“ (Матеј 28:18,19). „Одете по сиот свет и проповедајте го евангелието на секое создание“ (Марко 16:15) „Крштавајќи ги во името на Таткото, Синот и Светиот Дух, учејќи ги да држат сè што ви заповедав; и еве Јас сум со вас во сите дни до крајот на светот“ (Матеј 28:19,20). {6C 447.1}

Оние кои навистина се обратиле, повикани се да извршат должност за која се потребни средства и посветеност. Обврската која нè врзува да ги ставиме своите имиња на црквените списоци, нè прави одговорни да работиме за Бога со сите свои сили. Тој бара неподелена служба, потполна посветеност на срцето, душата, умот и сите сили. Христос нè довел во црквата за да можеме сите наши способности да ги искористиме во верна служба на спасување на душите. Секое ускратување на тоа значи спротивставување на делото. Постојат само две места во кои можеме да ги вложиме своите богатства Божјата ризница или сатанската; и сè она што не е посветено на Христовата служба се пресметува на сатанска страна и придонесува за јакнење на неговото дело. {6C 447.2}

Господ одредил средствата што ни се доверени да бидат употребени за изградба на Неговото царство. Тој им го доверил Своето богатство на Своите повереници за да тргуваат грижливо со нив и да Му вратат дел во спасување на душите за вечен живот. А тие души со своето обратување ќе станат повереници на вистината и ќе соработуваат со Големиот Доверител во интерес на Неговото царство. {6C 448.1}

Сè во што има живот расте и се развива. Во Божјото царство се врши постојана размена се зема и се дава, се прима и Му се враќа на Господа она што е Негово. Бог соработува со секој вистински верник и верникот во своето дело им ја предава на другите светлината и благословите кои ги примил. На тој начин се зголемува способноста за примање. Кога човекот им предава на другите небесни дарови, тој прави место за свежи изливи на благодат и вистина кои се влеваат во душата од живиот Извор. Тој стекнува поголема светлина и поголемо знаење и благослови. Во тоа дело, кое спаѓа во должност на секој член, се наоѓа живот и напредок на црквата. Оној чиј живот се состои во постојано примање, а никогаш не дава, набргу ќе го изгуби благословот. Ако вистината од него не се излева на другите, тој ја губи способноста за примање. Мораме да им даваме на другите небесни добра ако сакаме да примаме нови благослови. {6C 448.2}

Оваа вистина важи како за земните, така и за духовните работи. Господ не доаѓа на овој свет со злато и сребро и со тоа да го унапредува Своето дело. Тој ги става Своите средства на располагање на луѓето за да можат тие со своите дарови и прилози да го поддржат на предокот на Неговото дело. Божјите дарови треба на прво место да се употребат поради поддржување на работниците кои работат на големото жетвено поле. Ако мажите и жените станат канали преку кои благословите ќе се излеваат на други души, нема да осиромашат ако Му го враќаат на Бога она што е Негово, туку ако го крадат. {6C 448.3}

Секој член на црквата ќе стане Божји помошник ако постојано им го дава на другите она што го прима. Сами не можете да направите ништо, меѓутоа Христос е големиот работник. Секое човечко суштество кое го прима Христа, има предност да стане Негов соработник. {6C 449.1}

Спасителот вели: „Кога Јас ќе бидам подигнат од земјата, сите ќе ги привлечам кај Себе“ (Јован 12:32). За радоста од тоа да ги види душите откупени, Христос го претрпел

крстот. Тој станал жива жртва поради паднатиот свет. Во таа постапка на самопожртвување внесени се Христовото срце и Божјата љубов и преку таа жртва на светот му е дадено моќното влијание на Светиот Дух. Божјото дело мора да се спроведува по пат на жртва. Самопожртвување се бара од секое Божје дете. Христос рекол: „Кој сака да врви по Мене нека се откаже од себе, нека го земе својот крст и нека оди по Мене“ (Лука 9:23). Христос дава нов карактер на сите оние кои веруваат. Тој карактер, благодарение на Неговата бескрајна жртва, го одразува Неговиот сопствен карактер. {6C 449.2}

Зачетникот на нашето спасение ќе биде и Завршител на делото. Една вистина примена во срцето, ќе направи место за уште една вистина. А кога вистината ќе се прими, таа ќе го поттикнува на дејност оној кој ја прима. Ако членовите на нашата црква навистина ја љубат Божјата Реч, тие ќе откријат најдобри и најсилни особини; и колку се поблагородни, дотолку во духот ќе бидат слични на децата, верувајќи во Божјата Реч наспроти секоја себичност. {6C 449.3}

Од Божјата Реч блеска сѐ поголема светлина и ние мораме да се пробудиме и да ги искористиме пропуштените прилики. Кога сите верно ќе Му го враќаат на Бога она што е Негово во десетоците и во приносите, ќе се отвори патот светот да ја слушне веста за ова време. Кога срцата на Божјиот народ би биле исполнети со љубов кон Христа, кога секој член на црквата би бил целосно исполнет со дух на самопожртвување, кога сите би манифестирале целосна сесрдност, не би недостасувале средства за домашните и за странските мисии. Нашите сили би се умножиле, би се отвориле илјада врати на корисност и ние би биле повикани да влеземе. Ако Божјиот народ ја остварил Неговата намера, носејќи му ја на светот веста на милост, Христос веќе би дошол на Земјата и светиите со добредојде би биле примени во Божјиот град. {6C 450.1}

Ако некогаш било време кога требало да се поднесуваат жртви, тогаш тоа е сега. Оние кои располагаат со средства, треба да сфатат дека сега е време кога треба истите да се искористат за Бога. Не дозволувајте парите да се трошат за натрупување на олеснувања (повеќе згради, опрема) таму каде што делото веќе е воспоставено. Не sидајте зграда по зграда таму каде што веќе се сконцентрирани многу средства. Користете ги парите за да воспоставите центри во нови полиња. Така ќе можете да приведете души кои потоа и сами ќе придонесуваат за ширење на делото. {6C 450.2}

Мислете на нашите мисии во странските земји. Некои од нив се борат за опстанок и не располагаат дури ниту со најоскудни олеснувања. Наместо натрупувања на олеснувања таму каде што веќе ги има во изобилство, изградувајте го делото во тие напуштени полиња. Господ повеќе пати зборувал за тоа. Тој нема да го благослови народот кој не се управува според Неговите совети. {6C 450.3}

Бидете штедливи во домот. Многумина чуваат и обожаваат идоли. Отфрлете ги идолите. Откажете се од своите себични задоволства. Ве преколнувам да не ги трошите парите на непотребно украсување на своите домови. Тоа се Божји пари и Тој ќе бара сметка за нив од вас. Родители, поради Христа не ги трошете Господовите пари за да ги задоволувате барањата на своите деца. Не учете ги да копнеат за горделиво расфрлање и упадливост за на тој начин да стекнат углед во светот. Ќе ги направи ли тоа заинтересирани да спасуваат души за кои Христос умрел? Не, тоа ќе пробуди во нив завист, пакост и зли претпоставки. Вашите деца ќе бидат наведени да се натпреваруваат во покажувањето и

екстравагантноста на овој свет, ќе ги трошат Господовите пари на работи кои не се битни за нивното здравје ниту среќа. {6C 451.1}

Не ги учете своите деца да мислат дека вашата љубов кон нив мора да се изразува со попуштање на нивната гордост, екстравагантност и љубов кон покажувањето. Денес не е време да се измислува на што ќе се трошат парите. Искористете ја својата досетливост на штедење. Наместо да им попуштате на себичните барања и да ги трошите парите на работи кои ја уништуваат моќта за расудување, размислувајте како да го одрекувате своето јас, за на тој начин да можете да приложите нешто во цел на подигнување на знамето на вистината во нови полиња. Разумот е еден талант; искористете го за изнаоѓање на најдобар начин на кој ќе ги употребите своите пари за спасување на душите. {6C 451.2}

Учете ги своите деца дека Бог има право на сè што имаат, право кое никогаш не може да се поништи. Сè што имаат, тоа им е дадено само на чување, за да се испита нивната послушност. Влевајте во нив желба за, спасувајќи многу души од гревот и приведувајќи ги кон праведност, да заслужат ѕвезди за своите круни. {6C 451.3 }

Парите се потребно богатство; затоа не дозволувајте да се растураат на оние на кои не им се потребни. Некому му се потребни вашите доброволни дарови. Имотните луѓе премногу често забораваат на тоа колку во светот има загрозени кои гладуваат и умираат од глад. Тие можеби ќе кажат: „Јас не можам сите такви да ги нахранам". Но ако живеете според Христовите поуки и бидете штедливи, ќе можете да нахраните барем еден. Можеби ќе можете да нахраните и многумина на кои им недостига земна храна, а ќе можете да ги нахраните и нивните души со лебот на животот. „Соберете ги останатите парчиња за да не се загуби ништо!" (Јован 6:12). Овие зборови ги изговорил Оној кој располагал со сите богатства на вселената. Додека со Својата чудотворна сила хранел илјадници, не сметал дека е Му е под достоинство да ги поучи на штедливост. {6C 452.1}

Применувајте штедење и во користење на своето време. Тоа му припаѓа на Господа. И вашите сили му припаѓаат на Господа. Искоренете ги од својот живот навиките на расипништво и раскош. Ако се од давате на тие навики, ќе пропаднете за вечност. Навиките на штедливост, трудољубивост и разумност претставуваат поголема добивка за вас и за вашите деца отколку најбогатиот мираз. {6C 452.2}

Ние сме патници, доселеници и странци на оваа Земја. Не смееме да ги трошиме своите средства на задоволување на барањата кои Бог бара да ги потиснеме. Подобро да настојуваме да пружиме добар пример на оние со кои доаѓаме во допир. Да ја прикажуваме соодветно својата вера со ограничување на своите потреби. Црквите треба да се пробудат и сесрдно да работат како што им доликува на оние кои живеат во потполната светлина на вистината за овие последни денови. Вашето влијание нека остави впечаток на душите за светоста на Божјите барања. Ако со Божје провидение сте добиле богатство, не се тешете со мислата дека нема потреба да се посветите на некоја корисна работа, дека имате доволно и дека можете да јадете, пиете и да се веселите. Не станувајте безделници додека други се борат да соберат средства за делото. Вложете ги своите пари во Господовото дело. Ако помалку им помагате на оние кои пропаѓаат отколку што тоа ви е должност, имајте на ум дека тоа повлекува вина со себе. {6C 452.3}

Бог е Тој Кој на луѓето им дава способност да стекнат богатство и Тој им ја дал таа способност не за да ја задоволуваат својата себичност, туку за да можат да Му го вратат на Бога она што е Негово. Ако се имаа таа цел пред очите, тогаш стекнувањето на пари не е

грев. Парите треба да се заработуваат со трудољубива работа. Секое момче треба да се учи да биде вредно. Библијата не осудува ниту еден човек затоа што е богат, ако своето богатство го стекнал на чесен начин. Себичната љубов кон парите кои погрешно се користат е корен на сите зла. Богатството ќе биде благодат ако кон него се однесуваме како да Му припаѓа на Господа, ако се прима со благодарност и ако со благодарност се враќа на Дарителот. {6С 452.4}

Меѓутоа, што вреди неброеното богатство, ако се вложува во скапи куќи или банковен капитал? Колкава вредност има тоа во споредба со спасување на само една душа за која умрел Синот на бесконечниот Бог? {6С 453.1}

Господ им вели на оние кои натрупале богатство за овие последни денови: „Богатството ваше изгни, а алиштата ваши молци ги изгризаа; златото ваше и среброто ви за'рѓаа и р'ѓата нивна ќе биде сведоштво против вас и ќе го изеде телото ваше како оган! Сте насобрале богатство за последните дни“ (Јаков 5:2,3). {6С 453.2}

Господ нѐ повикува: „Продајте си ги имотите ваши и давајте милостина! Подгответе си ќесиња што нема да изветват, неисцрпна ризница на небото, каде крадец не се приближува и кое молец не го јаде; за што каде што е вашата ризница, таму ќе биде и срцето ваше. Нека ви биде половината препашана и светилата запалени! Тогаш и вие ќе личите на оние луѓе, што го чекаат својот господар да се врати од свадба, за му отворат веднаш штом ќе дојде и почука. Блазе на оние слуги што ќе ги затече господарот будни кога ќе си дојде! Вистина ви велам, тој ќе се препаша и ќе им рече да седнат, па ќе пристапи и ќе им служи. А ако дојде и на втора или на трета ноќна стража и ги затекне така, блазе на тие слуги! Знајте го и тоа дека, ако домаќинот на куќата би знаел во кој час ќе дојде крадецот, тој би седел буден и не би дозволил да му ја поткопаат куќата. Затоа и вие, бидете подготвени, зашто Синот Човечки ќе дојде во часот кога не се надевате!“ (Лука 12:33-40). {6С 453.3}

ИЗДАВАЧКАТА КУЌА ВО НОРВЕШКА

{Следниот повик, пишуван на 20. ноември 1900. година, се однесува на финансиските тешкотии на нашето издавачко дело во Кристијанија, во Норвешка. Одборот за странски мисии ја прими во 1899. година веста дека издавачката куќа во Норвешка западнала во долг и дека не е во состојба да одговори на своите обврски, така што ѝ се заканува опасност да падне во рацете на своите заемодавци. За да се отстранат овие тешкотии, беше потребна помош од 50.000 долари. Одборот не можеше да ја стави на располагање оваа сума; и иако нашите браќа во Норвешка уште една година по ова ја држеа во свои раце издавач ката куќа, малку беше направено за да ѝ се помогне. Изгледаше дека зградата на крајот ќе мора да се предаде на заемодавците или да се продаде за на тој начин со добиените пари да ги подмири долговите. И така една установа градена со години напорна работа и жртви би била изгубена за Господовото дело. За да се отстрани оваа голема несреќа, Господ проговорил преку Својата слугинка со сериозни зборови на повик, поука и охрабрување}.{6С 454.1}

Нашата издавачка куќа во Норвешка е во опасност и јас во Господово име го повикувам нашиот народ да ѝ помогне. Ги повикувам сите на чии срца им е драго делото на сегашната вистина да помогнат во оваа криза. {6С 454.2}

Оние кои го љубат Бога и Му служат треба да покажуваат најдлабок интерес за сè што е поврзано со славата на Неговото име. Кој може да гледа една установа во која е величана Неговата вистина, во која Господ толку често го откривал Своето присуство, каде Божјите гласници примале поуки, од каде е ширена вистината преку публикациите кои направиле многу добра кој може мирно да гледа таква установа да премине во рацете на световните луѓе кои ќе ја искористат за световни и земни цели? Несомнено е дека Бог би бил обесчестен ако би се дозволило Неговата установа да пропадне поради недостаток на средства кои Тој им ги доверил на Своите повереници. Ако тоа би се случило, луѓето би рекле дека до тоа дошло затоа што Бог не е во состојба тоа да го спречи. {6C 454.3}

Сето ова значи многу за нашите браќа и сестри во Скандинавија. Тие ќе бидат болно испитани, ако им се одземе оваа установа. Да вложиме напори за да ги поштедиме од потиштеност и малодушност. Да преземеме посветени сложни напори за да ја подигнеме издавачка куќа од потешкотиите во кои западнала. {6C 455.1}

Можеби оние кои имаат малку вера ќе се обидат да обесхрабрат други и да ги одвратат од учество во ова добро дело. Доволен е само еден обесхрабрувачки збор за да се пробуди и зацврсти себичноста во душата. Не ги слушајте оние кои ве доведуваат во искушение. Одбивајте прашања за тоа како можело да дојде до оваа тешкотија. Таа можеби во голем дел настанала поради направените грешки; но да не го трошиме сега времето на критикување и негодување. Критиките, негодувањата и укорите нема да донесат никакво олеснување на нашите браќа во нивната збунетост и незгода. {6C 455.2}

Бог ги повикал човечките орудија да соработуваат заедно со Него на делото на спасување на души. Тој употребува луѓе подложни на слабости и грешки. Затоа да не ги осудуваме оние кои биле толку несреќни и кои згрешиле. Подобро да копнееме за преку Божјата благодат да се преобразиме, така што ќе станеме почувствителни и трогнати од човечките страдања. Ова ќе предизвика радост на небото; бидејќи љубејќи ги своите браќа кои направиле грешка како што нè љубат Бог и Христос, сведочиме дека имаме дел од Христовите особини. {6C 455.3}

Сега не е време за критикување. Сега е потребно вистинско сочувство и одлучна помош. Секој од нас поединечно треба да ја разгледа тешката положба на нашите браќа. Секој збор кој ќе се изговори во врска со ова прашање треба да биде збор на охрабрување. Секоја способност треба да биде посветена на постапки за воздигнување. {6C 455.4}

Меѓу должностите на небесните ангели се наоѓа и должноста да доаѓаат на нашиот свет и да вршат надзор над работата на Божјите повереници во Неговото дело. Тие во секоја неволја им помагаат на оние кои како Божји соработници се трудат да го унапредат Неговото дело на Земјата. Овие небесни суштества, кои се прикажани како посакуваат да вникнат во планот на откупување, се радуваат кога гледаат дека напредува било која гранка на Божјото дело. {6C 456.1}

Ангелите се грижат за духовно добро на сите оние кои се трудат да го обноват моралниот Божји лик во човекот. Земното семејство треба да се здружи со небесното во превивање и ублажување на раните и повредите кои ги предизвикал гревот. Иако невидливи, ангелските суштества соработуваат со луѓето и образуваат со нив заедница за помош. Токму оние ангели кои се бореле на Божјата страна кога сатаната сакал да стекне превласт во небесните дворови и кои победиле на Божјата страна, оние ангели кои воскликнувале од радост кога е создаден нашиот свет и неговите безгрешни жители, ангели

кои биле сведоци на човековиот пад и неговото прогонување од Еден тие исти не бесни гласници се најмногу заинтересирани да работат во заедница со паднатата и откупена раса за спасението на човечките суштества кои пропаѓаат во своите гревови. {6C 456.2}

Човечките орудија претставуваат раце на небесните орудија, бидејќи небесните ангели се служат со човечките раце во своето дело на помош. Како помошна рака, човечките орудија треба да ги остварат во пракса знаењето и ресурсите на небесните суштества. Соединувајќи се со силите кои се семоќни, ние го користиме нивното високо образование и искуство. Така како што стануваме соучесници во божествената природа и ја одвојуваме себичноста од својот живот, ќе ни се по дарат посебни способности да си помагаме еден на друг. Така небото ја спроведува спасоносната сила. {6C 456.3}

Зар во оваа мисла дека луѓето се видливо орудие кое го пренесува благословот на ангелските сили нема ништо што поттикнува и подига? На тој начин ние сме Божји соработници и делото носи божествен печат. Знаењето и дејноста на небесните работници, соединето со знаењето и силата кои се подарени на човечкото орудие, донесува утеха и олеснување на угнетуваните и на оние во неволја. Преку својата не себична помош ние учествуваме во успехот кој ќе произлезе од пружената помош. {6C 457.1}

Со каква радост небото гледа на таа заедничка дејност! Цело небо ги набљудува човечките орудија кои како раце ги остваруваат Божјите намери на земјата, со што се врши и Божјата волја на небото. Со таква соработка се врши дело кое донесува чест, слава и величество на Бога. О, кога сите би љубеле онака како што љубел Христос, за сите луѓе да се спасат од пропаст, колку нашиот свет би се изменил! {6C 457.2}

„Но ќе оставам среде тебе народ скромен и понизен и тие ќе бараат закрила во името Господово... Тогаш ќе пасат и ќе лежат и никој нема да ги вознемирува. Радувај се ќерко Сионова, ликувај Израеле, весели се и радувај се од сè срце, ќерко ерусалимска; Господ ја одмени пресудата над тебе, го изгони непријателот твој. Господ, царот Израелев е среде тебе; нема повеќе да се плашиш од зло. Во оној ден ќе му речат на Ерусалим: ‘Не бој се’ и на Сион: ‘Да не заслабнат рацете твои’. Господ, твојот Бог е среде тебе. Тој е силен и ќе те спаси; Тој ќе се развесели за тебе со радост; Тој ќе почива во љубовта Своја; Тој ќе се радува за тебе со песни“ (Софонија 3:12-17). Каков е ова приказ! Можеме ли да го сфатиме неговото значење? {6C 457.3}

„Ќе ја отстранам неволјата од тебе, за да не го носиш повеќе срамот. Ете, Јас ќе ги притеснам сите твои мачители во она време, ќе го спасам она што е куцо, ќе ги соберам расеаните и ќе им дадам чест и слава по целата земја, каде што беа под срам. Во она време ќе ве доведам, во она време ќе ве соберам вас. Зашто ќе ве направам прочуени и почитувани меѓу сите народи на земјата, кога ќе ја изменам вашата судбина пред очите ваши, вели Господ“ (Стихови 18-20). Прочитај го исто така и првото поглавје од книгата на пророкот Агеј. {6C 458.1}

Ако човечките орудија, како Божји повереници, здружени одвојат од Божјите пари кои им се доверени и ги користат за да се отстрани бре мето кое ги притиска Неговите установи, Господ ќе соработува со нив. {6C 458.2}

„И се врати оној ангел, кој зборуваше со мене и ме разбуди, како што се разбудува човек од сон. Па ми рече: ‘Што гледаш?’ Одговорив: ‘Еве, гледам свеќник цел од злато и чашка за масло врз него, а и седум кандилца на него и по седум цевчиња за кандилцата, при врвот. И две маслинови дрвја на него едно десно од чашката, а друго лево од неа.’ Му

се обратив и му реков на ангелот, кој говореше со мене: ‘Што претставува ова господине?’ И ангелот, што зборуваше со мене, одговори и ми рече: ‘Тоа е словото Господово кон Зоровавел, што кажува не со сила не со снага, а со Мојот Дух, вели Господ Саваот. Која си ти планино голема, пред Зоровавел: пред него си рамнина и тој ќе го изнесе каменот темелник со восклик: благодат, благодат врз него!’ И дојде словото Господово до мене: ‘Рацете на Зоровавел ги поставија основите на овој дом: неговите раце и ќе го завршат и ти тогаш ќе разбереш дека Господ Саваот ме прати кај вас. Зашто, кој го презира денот на скромните почетоци? Ќе се израдуваат кога ќе ја видат Сидар ската висулка во рацете на Зоровавел. Оние седум се очите на Господ, што со поглед ја опфаќаат целата земја!’ Потоа одговорив и му реков: ‘Што значат оние две маслинови дрвја од десната и од левата страна на свеќникот?’ И пак почнав да му зборувам и му реков: ‘Што треба да означуваат оние две маслинови гранчиња што се наоѓаат меѓу двете златни цевчиња, кои долеваат масло?’ А тој ми рече: ‘Зар не ти е познато што е тоа?’ Му одговорив: Не знам, господине мој.’ Тогаш тој ми рече: ‘Па тоа се двајцата помазаници кои стојат пред Господарот над целата земја“ (Захарија 4:1-14). {6C 458.3}

Цело небо се грижи не само за земјите кои се близу и на кои им е потребна нашата помош, туку и за далечните земји. Небесните суштества набљудуваат и очекуваат луѓето да бидат длабоко трогнати од потребите на своите соработници (колеги) кои се во неволја, потешкотија, грижа и тага. {6C 459.1}

Ако една Господова установа западне во тешкотии, установите кои материјално стојат подобро треба да ѝ помогнат со сите свои сили, за да не се нанесува срам на Божјото име. Секогаш кога управителите на Божјите установи ги затвораат своите срца пред потребите на братските установи, кога не ги вложуваат сите можни напори за да им помогнат, зборувајќи себично: „Нека страдаат“, Бог ја бележи нивната свирепост и ќе дојде време кога и тие ќе мораат да поминат низ слично искуство на понижување. Но браќа мои, јас знам дека тоа не го правите намерно. Знам дека тоа не е така. {6C 459.2}

Потребно е да ги искористиме сите можности (институции, згради, опрема) кои постојат во Европа за да напредува Божјата работа. Секоја установа треба да биде во здрава, напреднувачка состојба пред овој безбожен свет. Не дозволувајте Божјите ангели кои им помагаат на оние кои носат одговорности да ги видат малодушни Божјите работници. Нашето одолговлекување веќе ги зголеми тешкотиите, така што ќе бидат потребни големи напори и издатоци за да се обнови делото. Во Господово име ги повикуваме сите оние кои располагаат со средства да се покажат како верни повереници. Поправете го механизмот кој е од толку битно значење за напредување на Божјото дело за да не дојде до малодушност во Неговиот народ и до застој во Неговото дело. {6C 459.3}

„И дојде слово Господово до Захарија: ‘Вака зборуваше Господ Саваот: извршувајте праведен суд и имајте милост и сочувство еден кон друг; вдовици и сираци, придојден и сиромав не притеснувајте и не мислете зло во срцата ваши еден против друг“ (Захарија 7:810). Овие Господови зборови ни се упатени и нам. {6C 460.1}

Не можам да замислам завршниот дел од ова поглавје да биде ваше искуство: „Но тие не сакаа да слушаат и тврдоглаво Ми свртеа грб и ушите ги затнаа да не слушаат. И срцата си ги стврднаа како кремен, за да не го слушаат законот и зборовите што ги испраќаше Господ Саваот преку Својот Дух до поранешните пророци; па затоа и ги постигна големиот гнев на Господ Саваот. Па ги распрснав по сите народи, кои тие не ги познаваа и оваа земја

запусте по нив, така што ни кој не поминуваше ниту се враќаше во неа. Така, избраната земја тие ја претворија во пустина“ (Стихови 11-14). {6C 460.2}

Браќа, во своето постапување со Господовото семејство, „да се стремиме кон она што придонесува за мир и за заемна надградба“ (Римјаните 14:19). Не изговарајте зборови на осуда. Не критикувајте поедини луѓе. Денес е потребна помош која сите треба да ја пружат. Потрудете се да ја залекувате стекнатата повреда. Направете го тоа со задоволство и великодушно. Побрзајте Му на Господа на помош, на помош на Господа против силните. Помогнете ѝ веднаш на установата која е во толку голема опасност. {6C 460.3}

Сите кои ја сфаќаат близината на Господовото доаѓање треба да постапуваат во склад со таа вера. Кога гледаме дека едно од Божјите орудија почнува да малаксува, сите кои се со душа и срце во делото треба да ја покажат својата ревност. {6C 461.1}

Луѓето на одговорни положби треба да пружат правилен пример на другите. Секое благородно христијанско чувство треба да ги поттикнува да работат со многу поголема сесрдност за олеснување на состојбата на Господовата установа отколку кога би работеле на запазување на својот личен имот. Сите нека настојуваат да направат нешто. Земете ја во предвид својата финансиска состојба и видете што можете да на правите за да соработувате со Бога во оваа задача. {6C 461.2}

Бидејќи помеѓу небото и земјата постои силна врска на љубов и бидејќи Бог испраќа ангели кои им помагаат на сите на кои им е потребна помош, знаеме дека, ако го завршиме својот дел, тие небесни претставници на семоќната сила ќе ни помогнат во времето кога ни е потребна помош. Ако со душа и срце се соединиме со тие небесни сили, тие ќе работат преку нас. Луѓето на кои Бог им доверил таланти, способности и богатства ќе примат под Негово дејство бреме на одговорност и ќе им помогнат на нашите браќа во Скандинавија. {6C 461.3}

Божјото дело во Европа не треба да стане камен за сопнување или карпа на соблазнување за неверните. Тамошните наши установи не смеат да се затворат, ниту да се предадат во рацете на световни луѓе. Господовите слуги во Европа нека преземат сè што можат за да го повратат она што е изгубено и Господ ќе работи со нив. А нашиот народ во Америка го повикувам да соработува со своите браќа во Европа. Ако сите го извршат својот дел во големиот Божји план, Неговата волја ќе се оствари. Тешкотиите наскоро ќе му припаѓаат на минатото и веќе нема да го вознемируваат Божјото дело. {6C 461.4}

Ниту една рака не смее да биде неподвижна и бавна. Вие имате гаранција дека ви помагаат ангелите чиј дом е во дворецот на Вечниот и кои ја гледаат Божјата слава. Ќе сакате ли да соработувате со нив во засилување на сите установи кои Му служат на Господа под врвен надзор на ангелите? {6C 462.1}

Кој е во состојба да ја сфати вредноста на душите поради чие спасение нивниот кнез, Цар и Син на бесконечниот го предал Својот без грешен живот на срамна смрт? Како би се одвивало делото, кога сите би го сфатиле ова како што треба да го сфатат! Со помош на Светиот Дух, тие со своето влијание, своите зборови и своите средства би им помогнале на многу души да ги избегнат синџирите на темнината и пеколните сатански завери и да се измијат од своите гревови во крвта на Јагнето. О, нека работата продира сè подлабоко и подлабоко! Небесните ангели се радуваат кога гледаат дека грешниците се каат и се враќаат кон живиот Бог. {6C 462.2}

Нашиот поглед ќе биде појасен ако се трудиме да го скротуваме изразувањето на неверство и ако со зборови полни со надеж и со рев носни дела ја крепиме својата вера и верата на другите. Нашите души ќе ги опкружува чиста небесна атмосфера. {6C 462.3}

Бидете силни и зборувајте надежни зборови. Притискајте го својот пат низ препреките. Вие сте во духовен поглед венчани со Исуса Христа. Неговата Реч е ваша гаранција. Пријдете Му на својот Спасител со полна доверба и со жива вера, спојте ги своите раце со Неговите и одете таму каде што ве води Тој. Извршете сè што Тој ќе ви каже. Тој ќе ве по учи со задоволство исто така како што ги поучува другите. {6C 462.4}

НАШИОТ САНАТОРИУМ ВО ДАНСКА

Нашите браќа во Данска основаа еден санаториум во Скодсбург, едно предградие во Копенхаген. Тие се нафатиле на овој потфат полни со надеж, убедени дека го работат она што Бог Му го наложил на Својот народ. Но, општо земено, нашите браќа не искажале онолкав интерес за подигање на санаториуми во европските земји колку што требало. Нашите драги браќа, имајќи го во свои раце санаториумот во Скодсбург, оделе побргу отколку што им дозволувале нивните средства и сега се наоѓаат во тешкотии и неволја. {6C 463.1}

Тешкотиите и опасностите кои се заканувааат на нашите установи во Скандинавија ми причинуваат голема загриженост. Се чувствувам поттикната да го повикам нашиот народ да помогне не само на нашата из давачка куќа во Кристијанија, туку и на санаториумот во Данска. При кажано ми е дека непријателот едвај чекал погодна прилика да ги уништи овие установи, кои се Божји орудија користени за откупување на човештвото. Треба ли да се оствари оваа сатанска желба? Треба ли да се дозволи овие установи да ни се одземат од нашите раце и да ја стопираат својата благотворна работа? Треба ли да ги пуштиме своите браќа сами да ги сносат последиците на своите погрешни пресметки само затоа што погрешиле? Дали Христос така постапувал со нас? {6C 463.2}

Кога оној кој е притиснат со тежок товар стои во подножјето на ридот на тешкотиите, опкружен со обесхрабреност и во потреба од силни, бодри помошници, многу време се троши во критикување, укорување и вознемирување. Но со тоа не се подига бремето. Оние кои тешкото бреме нај тешко ги притиска, не заслужуваат осудување. Тоа можеби повеќе го за служуваат оние кои веќе порано морале да примат на себе еден дел од товарот. Но дури и во овој случај осудувањето не би било на свое место, и секако не би било од никаква корист. Наша прва мисла треба да биде: како ќе им помогнеме да се подигне бремето? Времето е драгоцено. Премногу е важно ова прашање за да смее да се одложува. {6C 463.3}

Би било неправедно да им се префрла на управниците на санаториумот во Скодсбург дека се полни со славољубие и желба да се прослават. Тие копнееле да ја прошират работата на Божја слава и направиле многу добра. Но погрешиле што граделе повеќе од што им дозволувале средствата и што на тој начин се врзале со долг. Со тоа, тие ја довеле во опасност иднината на оваа установа и честа на делото. Меѓутоа, треба ли сега храбро да се посветиме на отстранување на овие тешкотии, наместо тешкотијата на ситуацијата да ја направиме уште поголема? {6C 464.1}

Јас сум поттикната од Божјиот Дух да предупредам на опасност. Ка ков призор би бил за ангелите кога би ја виделе оваа установа, која е заснована поради ширење и прикажување на начелата на реформа и христијански живот, како од рацете на оние кои ја користат за Божјото дело преминува во рацете на овој свет? Браќа, време е да подарите внимание на овие установи во Европа на кои денес им е потребна помош. Како што Христос постапува со нас, така и ние мораме да постапуваме со своите браќа во неволја. {6C 464.2}

Нам ни стои на располагање сите Господови ризници, која ни се доверени токму за вакви кризи. Нашиот народ кој го љуби Бога и Неговото дело треба да им помогнат на оние установи кои се наоѓаат во опасност. Нашите американски браќа треба заеднички да пристапат во помош. Нашите скандинавски браќа во Америка треба посебно да преземат одлучна акција. И нашите браќа во Данска, Норвешка и Шведска треба да сфатат дека ова е момент кога треба да пристапат во помош на Господа. Сите оние кои се потпираат на Господа и кои веруваат во неговата Реч треба сесрдно да се трудат за да ги сфатат своите привилегии, своите одговорности и своите должности во врска со тоа прашање. Ако сега не ја извршиме својата должност и ако, како Божја рака помошничка, не пружиме помош на скандинавското издавачко претпријатие и санаториум, ќе изгубиме голем благослов. {6C 464.3}

Кој сега ќе премине на Господова страна? Кој ќе биде Негова по мошна рака и сесрдно ќе подига товари? Кој ќе ги охрабри скршените да се потпрат на Бога? Кој ќе покаже вера која нема да се колеба и да попушти, туку храбро ќе напредува до победа? Кој сега ќе се заложи за подигање на она што сатаната настојува да го сруши дело кое треба силно да напредува? Кој сега ќе го направи за своите браќа во Европа она што би сакал другите да го направат за него кога би се нашол во слични околности? Кој ќе соработува со ангелите служители? {6C 465.1}

Господ го повикува Својот народ да принесува дарови на самооткажување. Треба да се откажеме од она што инаку би го потрошиле на лична удобност или задоволство. Да ги поучуваме своите деца да се откажат од себе и да станат помошна Господова рака во ширење на Неговите благослови. {6C 465.2}

Ги преколнувам своите скандинавски браќа да направат сè што можат. Ние ќе ги соединиме своите напори со вашето дело на љубов и помагање на другите. Во рацете на Господовите повереници има доволно средства за вршење на тоа дело, ако тие се обединат во нежна љубов поради обновување, исцелување и просперитет на Божјите установи. {6C 465.3}

Сумите кои ги давате можеби ќе бидат мали во споредба со потребите на делото, но не губете храброст. Имајте вера во Бога. Држете се цврсто за раката на Бескрајната Моќ и поинаку ќе изгледа она што на прв поглед изгледа безнадежно. Начинот на кој биле нахранети пет илјади луѓе треба да ни послужи како очевидна поука. Оној кој со пет леба и две риби нахранил пет илјади мажи, освен жени и деца, може и денес да направи големи работи за Својот народ. {6C 465.4}

Прочитајте како пророкот Елисеј нахранил сто луѓе: „Дојде еден човек од Ваал-Шалиша и му донесе на Божјиот човек леб од првите плодови дваесет јачмени лепчиња и млади зрна во класови. И рече Ели сеј: ‘Дај им на луѓето да јадат.’ И рече слугата негов: ‘Како да го поста вам тоа пред сто луѓе?’ А тој рече: ‘Дај им на луѓето, нека јадат, зашто така вели

Господ: ќе се наситат и ќе остане.’ Тој им даде и тие се наситија и остана уште, според словото Господово’“ (2. Царевите 4:42-44). {6C 466.1}

Какво само снижување до нашето ниво беше тоа кога Христос кога го извршил тоа чудо за да ги задоволи потребите на гладните! Тој нахранил стотина пророчки синови и оттогаш многу пати, иако не секогаш на таков видлив и упадлив начин, ги задоволувал човечките потреби. Кога би поседувале појасно духовно распознавање, сфаќајќи како Бог милостиво и сочувствително постапува кон Својот народ, ние би стекнале богато искуство. Мораме многу повеќе да ги проучуваме чудесните Божји дела. Тој ги поттикнал луѓето кои не се со нас обединети во признавањето на вистината, да му помогнат на Неговиот народ. Господ има Свои луѓе на прилики, како што бил човекот кој им донел храна на пророчките синови. {6C 466.2}

Кога Господ ќе ни довери да извршиме некоја должност, не смееме да застанеме за да размислуваме за разумноста на заповедите или за можните последици на нашите напори. Може да ни се чини дека она со што располагаме ниту од далеку да не одговара на нашите потреби; меѓутоа, во Господовите раце тоа ќе биде повеќе од доволно. Слугата „им принесе, па јадеа и остана уште, според Божјото слово“ (2. Царевите 4:44). {6C 466.3}

Потребна ни е поголема вера. Треба да бидеме свесни за сродството кое постои помеѓу Бога и оние кои ги купил со крвта на Својот Единороден Син. Затоа треба да негуваме вера и постојано да го унапредуваме Божјото дело. {6C 466.4}

Не треба да губиме време лелекајќи поради оскудноста на нашите видливи ресурси, туку треба најдобро да го искористиме она со што располагаме. Иако работите однадвор можеби не ветуваат многу, енергијата и довербата во Бога ќе обезбедат ресурси. Да ги упатуваме своите дарови со благодарност и молитва, за Господ да ги благослови даровите и да ги умножи како што го направил тоа со храната со која нахранил пет илјади луѓе. Ако на најдобар начин ги искористиме можностите што ни се пружаат, Божјата сила ќе нè оспособи да допреме до многумина кои се гладни и кои копнеат за лебот на животот. {6C 467.1}

Во делото на помагање на своите браќа во Данска и Норвешка мораме ревносно и благородно да се залагаме, препуштајќи ги резултатите на Бога. Да веруваме дека Бог ќе ги зголеми нашите да рови, така што ќе има доволно да ги постави Неговите установи во поволна состојба. {6C 467.2}

Верата е духовна рака која достига до бесконечноста. {6C 467.3}

Едноставните молитви водени од Светиот Дух ќе се издигнат и ќе преминат низ малку подотворените порти, низ отворената врата за која Христос рекол: Јас ја отворив и никој не може да ја затвори. Тие молитви, помешани со темјанот на Христовото совршенство, ќе се издигнуваат пред Таткото како мил мирис и ќе бидат услишени. {6C 467.4}

Христовите работници не смеат никогаш ниту да помислат, а уште помалку да зборуваат за неуспехот на својата работа. Господ Исус е наша делотворност во сите работи; Неговиот Дух треба да биде наша инспирација. И кога ќе се довериме на Неговите раце, за да бидеме канали на светлината, никогаш нема да се исцрпат нашите средства за да правиме добри дела. Ние ќе црпиме од Неговото изобилство и ќе ја примаме онаа благодат која е безгранична. {6C 467.5}

ПОМОШ НА НАШИТЕ УЧИЛИШТА

Пример за дарежливост

Повикот кој Господ им го упатил на Израелците за време на патувањето низ пустината да соберат прилог за изградба на скинијата за состанок наишол на срдечен одѕив. Народот „доаѓал, сите кои срцето ги влечеше и душата ги поттикнуваше; доаѓаа, носејќи принос на Господ приноси на скинијата, за сите нејзини потреби и за светите облеки; доаѓаа мажи и жени; сите што срцето ги влечеше". Луѓето доаѓале со подароци во злато и сребро, прекрасни ткаенини и скапоцени дрва. Поглаварите донесувале скапоцени камења, скапоцени мириси и масло за осветление. „И тие ги зедоа од Мојсеј сите дарови што ги беа принеле синовите израелски за потребите на светилиштето за да се работи. А тие ги примаа уште и принесуваните дарови од оние што носеа секое утро". „Народот принесуваше повеќе отколку што е потребно за да се направи она што заповеда Господ" (Излез 35:21-25; 36:3,5). Таа благо родна, доброволна служба Му била угодна на Бога. И кога скинијата била готова, Бог го ставил печатот на Своето одобрување на нивните дарови и пожртвуваност. „Тогаш облак ја покри скинијата на собранието и се исполни скинијата со слава Господова" (Излез 40:34). {6C 468.1}

Слично на тој пример на доброволна служба било и делото извршено во корист на нашите училишта со објавување и продажба на книгата „Христовите параболи". Ние се радуваме што толку голем број на наши браќа учествуваа во таа работа и што нивните напори се крунисани со успех. Ние се радуваме што службениците на нашата Унија и нашето здружението за трактати ги вложиле својот углед и труд во овој голем потфат и што проповедниците, библиските работници, колпортерите и членовите на црквите со задоволство учествувале во овој труд со цел што побргу да им се помогне на нашите училишта. На Господа Му е многу угоден великодушниот и сесрден начин на кој нашите издавачки претпријатија и нашите браќа и сестри воглавном учествуваа во овој потфат. Тоа е во склад со Неговиот план. {6C 468.2}

Господов план

Во божественото провидение има посебни периоди кога мораме да одговориме на Божјиот повик и да ги употребиме своите средства, време, ум, целото свое битие тело, душа и дух за да ги исполниме Неговите барања. Сегашниот период е токму таков. Во прашање се интересите на Божјото дело. Господовите установи се наоѓаат во опасност. Делото се попречува на сите страни поради страотниот товар на долгови кои ги притискаат нашите училишта. Во нашата тешка положба Бог го пробил патот низ тешкотиите и нè повикал заедно со Него да соработуваме во остварување на Неговата цел. Негов план е книгата „Христовите параболи" да биде употребена во корист на нашите училишта и Тој го повикува Својот народ да даде свој придонес во пласирање на оваа книга пред светот. На тој начин, Тој го испитува Својот народ и Своите установи, за да види дали се подготвени да соработуваат и да бидат еднодушни и едномислени во самооткажувањето и самопожртвувањето. {6C 469.1}

Сите треба да соработуваат

Продавањето на книгата „Христовите параболи“ имаше добар почеток. Сега се потребни сесрдни и единствени напори за да се заврши така добро започнатото дело. Во Светото Писмо читаме: „Не бидете мрзливи во работата; бидете огнени во духот, служете Му на Господа“ (Римјаните 12:11). Секоја гранка на Божјото дело е достојна за внимателно залагање, но во ова време ништо не заслужува поголема внимателност и залагање отколку овој потфат. Треба одлучно да се работи за да се оствари Божјата намера. Во продажбата на „Христовите параболи“ секој ваш напор треба да биде посветен на Учителот. Сите кои можат, треба да им се придружат на работниците. {6C 469.2}

Врз основа на успехот кој сме го постигнале, можеме да заклучиме дека е подобро денес да одговориме на Божјото барање, отколку да чекаме некое попогодно време. Мораме да станеме мажи и жени на Божјите прилики, зашто се големи одговорностите и можностите кои се на дофат на сите кои доброволно се јавуваат за служба под Христовото знаме. {6C 470.1}

Бог нѐ повикува на акција, за да можеме да ги ослободиме од долг нашите образовни установи. Остварувајте го Божјиот план според Неговата заповед. {6C 470.2}

Денес ни се пружаат прилики кои не можеме да си дозволиме да ги пропуштиме. Го повикуваме сиот наш народ да помогне токму сега со сите свои сили, а со купување на книгата да направи едно дело кое ќе Му биде угодно на Бога. Ние бараме сите расположливи средства да се употребат за помагање на нејзината циркулација. Ги повикуваме претседателите на нашите Унии да разгледаат на кој начин ќе можат да го помогнат овој потфат. Ги повикуваме нашите проповедници при посетувањето на црквите да ги поттикнуваат мажите и жените да се посветат на колпортажа и да направат одлучен чекор на патот на самооткажување со тоа што ќе дадат еден дел од својата заработувачка за да им се помогне на нашите училишта. {6C 470.3}

Потребно е општо придвижување, а тоа може да започне со лично задвижување. Секоја црква, секое семејство и секој поединец треба да направат одлучни напори на самооткажување за да го помогнат напредокот на делото. И децата треба да дадат свој придонес; сите треба да соработуваат. Да направиме сè што можеме за да Му ги принесеме на Бога нашите дарови, за да ја извршиме Неговата јасно изразена волја и со тоа да му пружиме прилика на овој свет кој се наоѓа во духовна темнина да стекне сведоштво за Него и за Неговата вистина. Светилката е во нашите раце. Нека нејзината светлина јасно свети. {6C 470.4}

Млади луѓе, вие кои имате намера да му се посветите на проповедничкиот повик, фатете се за работа. Работата со книгите кои Господ ви ги ставил во раце треба да биде ваш едукатор. Користејќи ја оваа прилика на најдобар начин, вие сигурно ќе напредувате во познавањето на Бога и во најдобрите методи за допирање до народот. {6C 471.1}

Господ ги повикува младите мажи и жени да се посветат на Него вата служба. Младината е приемчива, свежа, ревносна, полна со надеж. Кога еднаш ќе ги искуси благословите на самопожртвувањето, нема да биде задоволна додека не ѝ се пружи прилика постојано да учи од Големиот Учител. Господ ќе ги отвори патиштата пред оние кои ќе се одзвијат на Неговиот повик. {6C 471.2}

Внесете во работата сесрдна желба да научите како да сносите одговорности. Со силни раце и храбри срца појдете во борба во која сите мораат да влезат, борба која ќе станува сè пожешка и пожешка колку што повеќе се приближуваме кон конечниот судир. {6C 471.3}

Подготовка за работа

Оние кои се посветуваат на оваа работа претходно треба целосно да Му се предадат на Бога. Тие треба да се постават себеси таму каде ќе можат да учат од Христа и да го следат Неговиот пример. Тој ги повикува: „Дојдете кај Мене сите изморени и обременети и Јас ќе ве од морам. Земете го Мојот јарем на себе, и научете се од Мене; бидејќи сум кроток и понизен во срцето и ќе најдете спокојство за душите ваши. Зашто јаремот Мој е благ и бремето Мое е лесно“ (Матеј 11:28-30). На ангелите им е наредено да ги придружуваат оние кои ќе се нафатат на ова дело со вистинска понизност. {6C 471.4}

Треба да се молиме без прекин и ние треба да ги живееме своите молитви. Верата многу ќе се зголеми ако се применува на дело. Оние кои ја продаваат книгата „Христовите параболи“ нека ги научат поуките кои таа книга ги содржи. Учете се од Христа. Имајте вера во Неговата сила која може да ви помогне и да ве спаси. Верата е самата крв на душата. Таа ѝ дава топлина, здравје, цврстина и здраво расудување. Нејзината виталност и енергија вршат силно влијание, иако човекот не е ниту свесен за тоа. Христовиот живот во душата е како извор на вода која тече во вечен живот. Тој наведува на постојано негување на не бесни доблести и љубезно потчинување на Господа во сè. {6C 471.5}

Им се обраќам на работниците, младите и старите, кои работат со нашите книги, а особено на оние кои ја продаваат книгата „Христови пара боли“, која сега ја носи веста на милоста: Остварете ги во животот поуките кои ги дал Христос во Својата Беседа на гората. Тоа ќе има подлабок впечаток и потрајно ќе влијае на умот на слушателите, отколку проповедите од проповедалната. Можеби нема да бидете во состојба да им зборувате речито на оние на кои сакате да им помогнете; но ако зборувате понизно, сокривајќи се себеси во Христа, Светиот Дух ќе ги инспирира вашите зборови и Христос, со кој соработувате, ќе делува на срцето. {6C 472.1}

Практикувајте ја таа вера која работи преку љубов и ја посветува душата. Никој денес нека не нанесува срам на Господа со своето неверство. Со мрзливост и малодушност не се постигнува ништо. Бог по некогаш дозволува да западнеме во заплеткување во земните работи, со цел да ги поттикне нашите заспани способности на посесрдна акција за да може да ја награди верата со излевање на обилни благослови. Тоа е едно од средствата за унапредување на Неговото дело. Гледајќи кон Исуса, Кој не само што е наш Пример, туку и Зачетник и Завршител на нашата вера, да појдеме напред, надевајќи се дека Тој ќе ни подари сила да ја извршиме секоја должност. {6C 472.2}

Оние кои се задолжени за оваа задача ќе мораат да преземат многу трудољубиви напори; зашто на работниците треба да им се даваат правилни поуки за да можат постојано пред своите очи да имаат свест за значењето на делото и за да можат сите да ги негуваат духот на самооткажување и жртва кои биле прикажани со пример во животот на нашиот Спасител. Христос поднесувал жртви на секој чекор, жртви кои никогаш не може да ги поднесе ниту еден од Неговите следбеници. Во секое самооткажување кое ќе се бара од

нас во оваа работа, покрај сите непријатности на кои можеме да бидеме изложени, мораме секогаш да имаме на ум дека го носиме Христовиот јарем заедно со Него, учествувајќи во Неговиот дух на благост, трпение и самоодрекување. Тој дух ќе отвори пат пред нас и ќе ни подари успех, затоа што Христос е наша препорака на народот. {6C 472.3}

Работа во сите земји

Работата на помагање на нашите училишта треба да ја преземе нашиот народ во сите земји. Со таква работа треба да започнат и нашите цркви во Австралија. На нашето тамошно училиште му е потребна помош и ако нашиот народ сложно се нафати за работа, ќе може во голема мерка да го олесни товарот на долгот. Со тоа можат да се охрабрат срцата на оние кои се трудат да го изградат ова Господово орудие и да помогнат неговото благотворно влијание да се рашири до далечните незнабожечки земји и оддалечените морски острови. {6C 473.1}

Се надеваме дека нашата издавачка куќа во Австралија ќе ја печати книгата „Христовите параболи“ под поволни услови. Господ многу ја благословил таа установа и таа треба да Му принесе жртва на благодарност, не правејќи скржава донација за отстранување на долгот во кој западнало училиштето. Сигурни сме дека таа ќе ја прифати рабтата и благородно ќе го заврши својот дел од работата. Таа соработка со Бога ќе се покаже за издавачката куќа во Австралија исто толку благотворна како што се покажала и за нашите установи во Америка. {6C 473.2}

Прифатете ја оваа задача, браќа мои во Австралија. „Верата е подлога за увереноста во она на кое се надеваме убеденост во она што не се гледа“ (Евреите 11:1). Не го искусивме ли тоа во минатото? Кога започнавме, надевајќи се на Божјото ветување, она што не можеше да се види освен со очите на верата, стана видливо. И додека одевме и работевме со вера, Господ го исполни за нас секој збор кој го изговорил. Доказот кој го имаме за вистинитоста на Неговите ветувања треба да ја отсече секоја помисла за неверство. Грев е да се сомнева, и ние не веруваме дека нашите браќа во Австралија ќе бидат виновни за овој грев. {6C 473.3}

Господ направил многу за вас насекаде во вашите граници. По дигнете ги очите и погледнете ги полињата како се веќе зрели за жетва. Славете го Бога што Неговата Реч се исполнила над сите наши очекувања. {6C 474.1}

Го повикувам нашиот народ сесрдно и несебично да се посвети на делото на ослободување на нашите училишта од долгови. Издавачките куќи треба да дадат свој придонес во печатењето на книгата „Христови параболи“, а целиот наш народ во Австралија треба да се посвети на растурање на истата и Бог ќе ги благослови во нивната работа. {6C 474.2}

Работниците во Англија треба со сите свои сили да учествуваат во продажба на оваа книга, за да можат да отворат едно училиште во таа земја. Започнете со работа, браќа мои во Англија, Германија и другите европски земји во кои засветлила светлината на вистината. Преведете ја оваа книга на разни јазици и продавајте ја по разни европски земји. Поттикнете ги нашите колпортери во сите краеви на Европа да помогнат во продавање на оваа книга. Со продажба на оваа книга нема само да им се помогне на нашите установи да

се ослободат од долг, туку ќе се постигне многу повеќе од тоа. Со неа ќе се отвори пат за продавање на поголеми книги. Така вистината ќе допре до многумина, кои на поинаков начин не би ја примиле. {6C 474.3}

Упатувам посебен апел на нашите браќа во Скандинавија. Ќе са кате ли да го прифатите ова дело кое Бог ви го доверил. Ќе сакате ли да работите со сите свои сили за да им помогнете на тешко засрамените установи во вашите полиња? Не зборувајте во очај „ние не можеме ништо да направиме". Престанете да зборувате зборови кои обесхрабруваат. Фатете се за раката на Бесконечната Сила. Имајте на ум дека вашите браќа во други земји се обединуваат за да ви пружат помош. Не заслабувајте ниту бидете малодушни. Господ ќе ги поддржи Своите работници во Скандинавија, ако ја извршат својата должност со вера, молитва и надеж, правејќи сè што е во нивна моќ за да го унапредат Неговото дело и да го забрзаат Неговото доаѓање. {6C 474.4}

Нашиот народ во Англија треба да вложи најсердни напори за да ја оживее верата и да ги охрабри нашите браќа во Скандинавија. Браќа, ние мораме да пристапиме во помош на Господа, во помош на Господа против силните. {6C 475.1}

Имајте на ум дека мораме сè посердно и поцврсто да работиме како што се приближуваме кон денот на Христовото доаѓање, зашто против вас се бори сета сатанска синагога. Не е потребно да паѓаме во некоја грозничава возбуда, туку ни е потребна надеж која се раѓа од вистинската вера. {6C 475.2}

Резултати од работата

Со работата на помагање на нашите училишта ќе се постигне четворен благослов: благослов за училиштата, за светот, за црквата и за работниците. {6C 475.3}

Собирајќи пари за помош на училиштата, на многумина им се дава во раце една од најдобрите книги; зашто без овој напор, тие никогаш не би ја виделе книгата „Христовите параболи". Има души во зафрлени краеви до кои ќе се допре токму на овој начин. Поуките извлечени од параболите на нашиот Спасител ќе бидат за многумина како листови од дрвото на животот. {6C 475.4}

Господов план е „Христовите параболи" да ги соедини верниците со своите драгоцени совети. Самопожртвуваните напори на членовите на нашите цркви ќе се покажат како средство за нивно обединување, за тие да бидат посветени во телото, душата и духот, како садови за чест, подготвени за примање на Светиот Дух. Оние кои се трудат да ја вршат Божјата волја, вложувајќи го секој талант на таков начин за да донесат најголема добивка, ќе станат мудри во таа работа за Неговото царство. Ќе примат поуки од најголема вредност и ќе чувствуваат нај возвишено задоволство на еден развиен ум. Ќе им бидат дадени мир, благодат и интелектуална сила. {6C 475.5}

Донесувајќи ја оваа книга на оние на кои им се потребни поуките кои таа ги содржи, тие ќе стекнат едно драгоцено искуство. Оваа ра бота е едно од образовните средства. Оние кои со сите сили ќе се посветат на продавање на „Христовите параболи", ќе стекнат искуство кое ќе ги оспособи да бидат успешни работници за Бога. Со вештината стекната во оваа работа, многумина ќе се оспособат за колпортажа со нашите поголеми книги кои му се толку потребни на народот. {6C 476.1}

Сите кои правилно ќе се посветат на оваа работа, кои ќе бидат расположени и полни со надеж, ќе најдат во неа голем благослов. Господ не принудува никого да Му се посвети на Неговото дело, но на оние кои одлучно ќе застанат на Негова страна, Тој ќе им даде волен ум. Ќе ги благослови сите кои работат во духот во кој работел и Тој. Тој ќе им ја подари на таквите работници Својата благо наклоност и успех. Влегувајќи од едно поле во друго, тие ќе пронајдат во новите прилики нови начини и нови методи за работа. Со новите работници кои ќе ѝ пристапат на работата, тие ќе добијат нови идеи. Ако бараат помош од Господа, Тој ќе општи со нив. Тие ќе примаат планови кои сам Господ ги изработил. Душите ќе се обраќаат, а пари ќе пристигнуваат. Работниците ќе пронајдат необработени места во Господовото лозје покрај самите полиња во кои веќе е работено. Секое поле има нови места кои треба да се при добијат. Сè што ќе се направи само изнесува на виделина колку уште останува да се направи. {6C 476.2}

Работејќи заедно со Големиот Учител, ние ги развиваме своите умни способности. Совеста е под божествено раководство. Христос го става целокупното наше битие под Своја контрола. {6C 476.3}

Никој не може да биде вистински соединет со Христа, да живее според Неговите поуки, да го прима на себе Неговиот јарем на ограничување, а притоа да не почувствува нешто што никако не може да се изрази со зборови. Во него се будат нови, богати мисли. Тој добива просветлување на умот, одлучност на волјата, чувствителност на совеста и чистота на фантазијата. Срцето станува понежно, мислите подуховни, животот посличен на Христа. Во животот се забележува она што не може да се изрази со зборови вистинска, верна, полна со љубов посветеност на срцето, умот, душата и сите способности во работата за Учителот. {6C 476.4}

Откако преку посветена енергија и молитви, ќе направиме сè што е во наша моќ во работата за нашите училишта, ќе ја видиме Божјата слава. Откако целосно ќе се обидеме да го направиме тоа, ќе се видат благословените резултати. {6C 477.1}

Ако доброволно ѝ се посветиме на оваа работа, Бог ќе Му подари успех на нашето движење за помагање на училиштата. Тој ќе ни овозможи да ги отстраниме укорот кој надојде над нашите просветни уста нови. Ако сите во дух на самопожртвување се нафатите на оваа работа за Христа и за вистината, во нашите граници наскоро ќе се слушне триумфална песна на ослободување. {6C 477.2 }

Не бидете уморни во чинење на добро

Се радувам што се покажа таква еднодушност во нашите напори да ги оствариме Божјите цели и најдобро да го искористиме Неговото провидение. Овој напор на продавање на „Христовите параболи“ покажува што можеме да направиме на полето на колпортажа. Би сакала да им кажам на сите проповедници, студенти, татковци, мајки, и млади мажи и жени кои се нафатиле на оваа работа: Нека вашиот интерес не слабее; нека ова добро дело напредува без запирање, истрајно и триумфално, сè додека и последниот долг не биде симнат од нашите училишта и сè додека не се создадат фондови за подигање на училишта во важни полиња на работа, во кои постои голема потреба за просветна работа. {6C 477.3}

Кога проповедниците и библиските работници се повикани на нови задачи, членовите на црквата треба да им кажат: „Одете таму каде што ве повикува должноста, а ние ќе ја продолжиме работата на продавање на 'Христовите параболи' и ослободување на нашите училишта од долгови". Никој нека не мисли дека оваа работа треба да остане само на она што се постигнало со посебните напори во 1900 и 1901 година. Ова поле никогаш не може да се исцрпи и оваа книга треба и во иднина да се продава за со тоа да им се помогне на нашите училишта. {6C 477.4}

Да имаме вера во Бога. Во Негово име, да работиме без отстапување на унапредување на Неговото дело. Работата која не повикал да ја работиме Тој ќе направи да биде на благослов за нас. И кога ќе се оствари Неговиот план на помагање на нашите училишта, кога во потполност ќе се изврши задачата што ни ја доверил, Тој ќе ни покаже што треба понатаму да работиме. {6C 478.1}

Сè додека на светот мора да му се дава веста на милост, ќе биде потребно да им се помага и на другите установи на сличен начин како и на нашите училишта. Додека трае времето на милост (проба) ќе се пружаат и прилики за колпортерска работа. Кога разните вероисповеди ќе се соединат со папството поради прогонство на Божјиот народ, евангелската колпортажа ќе отвори места во кои ќе постои верска слобода. Ако во некое место прогонствата станат толку жестоки, работниците треба да постапат според Христовото упатство: „Ако ве бркаат од еден град, бегајте во друг" (Матеј 10:23). Ако и тука ве прогонуваат, одете на трето место. Бог ќе го води Својот народ и ќе направи Тој да биде на благослов за многу места. Ако нема прогонства, тие не би биле толку широко распространети да ја објавуваат вистината. А Христос вели: „Нема да ги поминете Израелевите градови додека не дојде Синот Човечки". Сè додека на небото не бидат изговорени зборовите: „Се сврши", секогаш ќе има места за работа и срца за примање на веста. {6C 478.2}

Затоа „да не бидеме уморни кога правиме добро, зашто во право време ќе пожнееме, ако не се измориме" (Галатјаните 6:9). {6C 478.3}

ПОЛАГАЊЕ НА ПРАВО ЗАРАДИ ДЕЛОТО НА ОТКУПУВАЊЕТО

Десетоците и приносите на Бога претставуваат признавање на Неговото полагање на право кое Тој го има кон нас според создавањето, а исто така и според откупувањето. Бидејќи сета наша сила потекнува од Христа, ние треба постојано да Му ги принесуваме тие дарови на Бога. Тоа секогаш треба да нè потсетува на полагањето на правото на делото на откупувањето, најголемото од сите барања, кое во себе ги опфаќа сите други. Сфаќањето на жртвата која е поднесена поради нас треба секогаш да биде свежа во нашите умови, и таа мора секогаш да има влијание на нашите мисли и на нашите планови. {6C 479.1}

„Зар не знаете дека не сте свои? Зашто скапо сте купени" (1. Коринтјаните 6:19,20). Колкава цена е платена за нас! Погледнете на крстот и на Жртвата издигната на Него. Погледнете ги тие раце прободени со клинови. Погледнете ги Неговите нозе, приковани на дрво. Христос ги носел нашите гревови на Своето сопствено тело. Неговите страдања и агонија ја претставуваат цената за нашето откупување. Дадена е заповед: „Из бави ги да не се симнат во вечна пропаст, бидејќи најдов откуп". {6C 479.2}

Зар не знаете дека Тој нè љубел и дека се предал Себеси за нас, и дека за возврат ние треба да Му се предадеме Нему? Зошто сите кои го примиле Христа не би ја изразиле со вера својата љубов кон Него, како што Тој ја изразил Својата љубов кон нас за кои умрел? {6C 479.3}

Христос ни е прикажан како Оној Кој трага и ја бара изгубената овца. Неговата љубов нè опкружува и нè води назад во стадото. Неговата љубов ни дава привилегија да седиме со Него на небесните места. Кога благословената светлина на Сонцето на Праведноста ги осветлува нашите срца и кога во мир и радост почиваме во Господа, тогаш да го фалиме Господа; да го фалиме Оној Кој е здравје на нашето лице и наш Бог. Да го славиме, и тоа не само со зборови, туку посветувајќи Му го она што сме и она што го имаме. {6C 479.4}

„Колку Му должиш на мојот Господар?“ Тоа вие не можете да го пресметате. Негово е сè што имате и зар ќе Му го ускратите она на кое Тој полага право? Зар себично ќе го задржите како свое, она што Тој го бара? Ќе сакате ли тоа да го задржите и да го искористите на нешто друго, а не за спасување на душите? На тој начин се изгубени илјадници души. Како подобро ќе можеме да покажеме колку ја цениме Божјата жртва, Неговиот голем подарок на нашиот свет, отколку преку праќање на да рови и прилози, со пофалба и благодарност од нашите усни, заради големата љубов со која Тој нè љубел и нè привлекол кон Себе? {6C 480.1}

Гледајќи кон небото со просба, понудете Му се на Бога самите се беси како Негови слуги, и сè што имате како Негови, велејќи: „Господи, од Твоето ние ти даваме слободно”. Стоејќи во поглед на крстот на Голгота и Синот на бесконечниот Бог кој е распнат за тебе, сфаќајќи ја таа неспоредлива љубов, тој прекрасен приказ на благодатта, нека твоето срдечно прашање биде: „Господи, што сакаш да направам?“ Тој веќе рекол: „Одете по сиот свет и проповедајте го евангелието на секое создание“ (Марко 16:15). {6C 480.2}

Кога во Божјото царство ќе ги видите душите кои се спасени со ваша служба и со вашите дарови, зар нема да се радувате што сте имале предност тоа да го направите? {6C 480.3}

За Христовите апостоли е запишано: „Тие пак, отидоа и проповедаа насекаде; и Господ им помагаше и им го поткрепуваше словото нивно со чуда, што се јавуваа“ (Марко 16:20). Небесната вселена сè уште чека на каналите преку кои плимата на милост треба да се из лива на светот. Таа иста сила која ја имале апостолите, денес е наменета на оние кои сакаат да ја вршат Божјата служба. {6C 480.4}

Непријателот ќе настојува со сите средства кои му стојат на располагање да го спречи продирањето на светлината во нови места, бидејќи Тој не сака вистината да светли како светилка која постојано гори. Зар нашите браќа ќе дозволат тој да успее во своите намери да го поп речи делото? {6C 481.1}

Времето бргу преминува во вечност. Ќе го задржува ли некој денес од Бога она што исклучиво Му припаѓа Нему? Зар некој ќе одбие да Му го врати на Господа она што не може да се ускрати, дури и да биде дадено без добивање на заслуга, не може да биде одречено без да се претрпи штета? Господ секому Му дал своја задача и светите ангели очекуваат од нас тоа да го извршиме. Тие се подготвени да соработуваат со вас ако стражарите, се молите и работите. Ако Светиот Дух дејствува на нашиот разум, тогаш сите чувства ќе бидат во склад со божествената волја. Тогаш луѓето ќе Му го дадат на Бога она што е Негово, зборувајќи: „Зашто сè е од тебе, и примајќи од Твоите раце, ние Ти дадовме”. Бог нека Му прости на Својот народ што не постапил така. {6C 481.2}

Браќа и сестри, се обидов да ви ги изложам работите такви какви што се, но обидот не е ниту блиску до стварноста. Зар ќе ја одбиете мојата молба? На тоа не ве повикувам јас, туку Господ Исус, Кој го дал Својот живот за светот. Јас само се покорив на Божјата волја и на Неговото барање. Зар не сакате да ја искористите приликата, укажувајќи чест на Божјото дело и почит на Неговите слуги кои Тој ги пратил да ја вршат Неговата волја, водејќи ги душите кон небото? {6C 481.3}

„Ова, пак ви го велам: кој така скржаво сее, така скржаво ќе жнее, а кој богато сее, богато и ќе жнее. Секој да дава како што одлучил во срцето, а не со жал или принуда; зашто Бог го љуби оној што од срце дава. А Бог може изобилно да ве дарува со секаков дар, секогаш да имате доволно за сè, да бидете од сè срце дарежливи во секое добро дело. Како што е напишано: ‘Раздаде, им даде на сиромашните; правдата Негова останува вечна.’ А Оној Кој Му дава на сејачот семе и леб за храна, Тој ќе го умножи и семето ваше и ќе ви даде да изобилуваат плодовите на вашата правда, па во сè да се збогатите за секаква дарежливост, која преку нас предизвикува благодарност кон Бога. Бидејќи извршувањето на таа служба не само што ги надополнува потребите на светите, туку и во мнозина предизвикува обилна благодарност кон Бога; и тие, користејќи ги плодовите од таа служба, го прославуваат Бога за вашето покорно исповедање на Христовото евангелие и за штедроста на заедницата со нив и со сите други. А тие со молитви за вас копнеат по вас поради преизобилната Божја благодат во вас. Да Му благодариме на Бога за Неговиот неискажлив дар!“ (2. Коринтјаните 9:6-15). {6C 481.4}